УНИВЕРЗИТЕТ "КИРИЛ И МЕТОДИЈ"

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ

М-р ПЕТРЕ Т. ГЕОРГИЕВСКИ

# СОЦИЈАЛНАТА СТРУКТУРА НА СТУДЕНТИТЕ ВО СР МАКЕДОНИЈА И НЕЈЗИНОТО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ИЗБОРОТ НА ФАКУЛТЕТОТ (ВИСОКАТА И ВИШАТА ШКОЛА), ДРУГАРУВАЊЕТО МЕЃУ СТУДЕНТИТЕ И УСПЕХОТ ВО СТУДИРАЊЕТО

-Докторска дисертација-

Скопје, април 1981 година

# С О Д Р Ж И Н А

Страница

У В О Д ---------------------------------------- 1

I

ТРУДОТ И НЕГОВАТА ПОДЕЛБА - СОЦИЈАЛНАТА СТРУКТУРА И ОБРАЗОВАНИЕТО ---------------------------------------- 12

У в о д ---------------------------------------- 12

а) Марксовото сфаќање на трудот и поделбата на трудот ---------------------------------------- 17

б) Поим на трудот и неговата поделба -------- 23

в) "Научно-техничката револуција" замена за социјалната револуција ------------------ 61

II

1. ТЕОРИСКО-МЕТОДОЛОШКИ МОДЕЛ НА СОЦИЈАЛНА СТРУКТУРА И ОБРАЗОВАНИЕ ВРЗ КАПИТАЛИСТИЧКИОТ НАЧИН НА ПРОИЗВОДСТВО ---------------------------------------- 95

2. СОЦИЈАЛИЗМОТ - СОЦИЈАЛНАТА СТРУКТУРА И ОБРАЗОВАНИЕТО ---------------------------------------- 144

а) Маркс, Енгелс и Ленин за општествената улога и значење на образованието во изградбата на социјализмот --------------- 144

б) Теориско-методолошки модел на социјална структура и образование во услови на социјалистичко-етатистички начин на производство ---------------------------------------- 162

в) Теориско-методолошки модел на социјалистичкото самоуправување - социјалната структура и образованието -------------- 198

III

1. ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ОСНОВНИТЕ ПОИМИ И ПРЕТПОСТАВКИТЕ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ---------------------------------------- 243

Конкретна формулација на хипотезите -------- 296

2. МЕТОДОТ И ПОСТАПКИТЕ ПРИМЕНЕТИ ВО ИСТРАЖУВАЊЕТО-- 301

а) Приод кон проблемот на истражувањето ----- 301

б) Примерок ---------------------------------- 306

в) Извори на податоци ----------------------- 317

г) Постапки применети при анализата на податоците ------------------------------ 326

IV

1. СОЦИЈАЛНАТА СТРУКТУРА НА СР МАКЕДОНИЈА, НЕЈЗИНИТЕ ПРОМЕНИ И ОСОБЕНОСТИ ----------------------------- 331

а) Економскиот развој на СРМ во последните триесет години по ослободувањето --------- 331

б) Социјалната структура на СРМ и начинот на социјалното диференцирање според некои карактеристики од економските услови и начин на живеење ------------------- 344

в) Социјалната структура и општествената моќ ---------------------------------------- 369

г) Материјалните услови и можности на одделните класи и слоеви за задоволување на културните потреби ------------------- 382

2. РАЗВОЈОТ НА ВИШОТО И ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО СР МАКЕДОНИЈА ----------------------------------- 392

V

1. ВЛИЈАНИЕТО НА СОЦИЈАЛНАТА СТРУКТУРА НА СТУДЕНТИТЕ ВРЗ ИЗБОРОТ НА ВИДОТ НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ ----- 427

У в о д ------------------------------------ 427

а) Социјалното потекло на студентите во историска и компаративна димензија ------- 429

б) Влијанието на социјалната структура врз изборот на видот на високото и вишото образование ---------------------- 450

в) Влијанието на други чинители врз изборот на видот на високото образование --- 481

г) Влијанието на социјалната структура врз првото размислување на студентот и донесување на конечната одлука за избор на соодветниот факултет ------------------- 491

З а к л у ч о к ---------------------------- 499

2. ВЛИЈАНИЕТО НА СОЦИЈАЛНАТА СТРУКТУРА НА СТУДЕНТИТЕ ВРЗ НИВНОТО ДРУГАРУВАЊЕ -------------------- 504

У в о д ------------------------------------ 504

а) Влијанието на социјалната структура на студентите врз изборот на нивните најдобри другари -------------------------- 507

б) Ставовите на студентите за значењето на социјалното потекло на студентите и нивните меѓусебни однесувања ---------- 527

З а к л у ч о к ---------------------------- 530

3. ВЛИЈАНИЕТО НА СОЦИЈАЛНАТА СТРУКТУРА ВРЗ УСПЕХОТ НА СТУДЕНТИТЕ ----------------------------------- 533

У в о д ------------------------------------ 533

а) Влијанието на социјалната структура врз успехот на студентите во текот на студиите ---------------------------- 535

б) Влијанието на другите чинители врз успехот на студентите во студиите -------- 559

в) Социјалната структура на дипломираните студенти и времетраењето на нивните студии ------------------------ 571

г) Кус осврт врз студентското стипендирање и кредитирање -------------------- 587

З а к л у ч о к ---------------------------- 600

VI

З А К Л У Ч О Ц И --------------------------- 605

VII

1. П Р И Л О З И ------------------------------ 623

2. КОНСУЛТИРАНА ЛИТЕРАТУРА ------------------------- 675

# У В О Д

Во југословенската социологија влијанието на социјалната структура врз вишото и високото образование не е целосно и на систематски начин проучено. Определени студии или прилози кои се однесуваат на оваа проблематика неа само парцијално ја зафаќаат било да се однесуваат само на теоретскиот аспект или само на социо-професионалната структура на студентите претежно добиена врз основа на статистичката евиденција. Иако теориската разработка на социолошкиот аспект на образованието и посебно на високото не треба да се одвојува од неговото емпириско истражување, сепак ни едниот ни другиот не се доволно разработени во југословенската социологија на образованието, а уште помалку нивната взаемна поврзаност и комплементарност.

Оттука потребата за покомплексни комплементарни социолошки теориско-емпириски истражувања на образовниот систем во услови на развојот на социјалистичкото самоуправување. Затоа и целите на образованието, посебно на високото произлегуваат од природата (карактерот) на општеството и неговата структура како конкретно-историска целина.

Во таа смисла, во изградбата на социјалистички самоуправни односи значајно место му припаѓа на образовниот систем и посебно на високото образование.

Во рамките на својата општествена улога средното и високото образование имаат два меѓусебно поврзани аспекти: индивидуален и општествен. Индивидуалниот се однесува на местото и улогата што ги имаат во процесот на социјализацијата на индивидуата (развојот на личноста) како нејзино оспособување за сите општествени функции и за што попотполно, поцелосно и посестрано развивање на сите нејзини наклонетости со цел за нејзино активно вклучување и за создавање на похумани општествени односи и повисок степен на културно живеење. Во однос на значењето на различните степени на образование за подвижноста на поединецот во социјалната скала не било исто во различните периоди од општествениот развиток. Имено, до неодамна пред триесетина години не само кај нас туку и во поразвиените земји свидителството од завршено основно (осумгодишно) образование даваше право на добивање службеничко занимање. Со општествено-економскиот и образовниот развиток рапидно растеше бројот на учениците во основните и средните училишта, така што на оние што го завршуваат основното образование повеќе не можеше и не може да му обезбеди работно место во средината на хиерархиската општествена скала на занимањата (освен неквалификувани занимања кои бараат претежно употреба на физички труд). Високоразвиените земји пред дваесетина години се наоѓаа во истата положба, но не во поглед на основното туку во поглед на средното образование, а денес се наоѓаат во состојба во која не само завршениот средношколец туку и оној со вишо и високо образование сѐ потешко може да најде некакво подобро економски рангирано работно место, а особено не од оние привилигираните. Масовното школување изразено преку таканаречената "училишна експанзија" *(l'explosion scolaire, boom of school)* сѐ повеќе ја менува улогата и

значењето на сите степени на образование на тој начин не само што основното стана општо (општествено обврзно, бидејќи речиси ги опфаќа сите деца од својата возраст - 95-99%) туку и средното образование во најразвиените земји фактички стана општо (со опфат околу 80% од генерацијата) додека високото го има она место во тој поглед што го имаше средното пред 10-15 години со тенденција неговата елитна улога да се поместува кон постдипломските и докторските студии и титули.

Така од општествен аспект образованието може да се проучува како и "производство" на лица со одредени знаења и умеења за задоволување на различните општествени потреби, создавање на стручњаци неопходни за нормално одвивање на производствениот процес и општествената организација. Меѓутоа, во социјализмот, особено во оној кој се засновува врз самоуправувањето, образованието и особено високото има уште посуштествена општествена функција отколку "давањето" стручни знаења, а која се состои во тоа што тоа (високото образование) дејствува и воспитно - т.е. изградување на целосна социјалистичка личност која не ќе се однесува технократски и која својот труд ќе го здружува со другите работници преку што е можно "економско ослободување на трудот".

Општественото и посебно политичкото значење на универзитетот особено порасна и дојде до израз по револуционерната студентска 1968 година во Европа. Воодушевувањето од тие настани беше толкаво што и определен број марксистички ориентирани мислители историски социјален и револуционерен субјект не гледаа повеќе во пролетаријатот, туку во студентската младина или пошироко во интелигенцијата (Х. Маркузе), додека пак идеолозите на "научно-тех-

ничката револуција" (подеднакво како во западните капиталистички и источните социјалистички земји) сметаат дека универзитетот (високото образование) во новата фаза на развојот на современите општества ќе биде централна установа и ќе одигра слична улога како фабриката во првата и втората индустриска револуција. Од тој период образованието и посебно универзитетот и на Запад и на Исток го зафатија разни "реформи" било со намера тој да се искористи како средство на општествена "стабилизација" или како оружје на побрзи општествени промени што произлегува од карактерот и типот на општествениот систем.

Овој "реформизам", како што е познато го зафати и образовниот систем во Југославија, особено средното и високото образование иако целта беше во втората назначена насока - негово ставање во функција на здружениот труд како значаен фактор за побрзи општествени промени кои водат кон одумирање на класниот карактер на трудот и кон остварување на слободата на поединецот. Затоа сосема исправно "реформата" на образованието во партиските документи од X и XI конгрес на СКЈ и на републичките конгреси на Сојузот на комунистите од 1974 година па до денес беше заменета со терминот "социјалистичка самоуправна преобразба на образованието" што повеќе ја изразува суштинската разлика помеѓу марксистичката и социјалдемократската реформистичка насоченост и акција.

Во рамките на мошне широката и сложена проблематика на високото образование за докторска теза се определив за следниот проблем, како што се гледа и од самиот нејзин наслов: Социјалнат структура на студентите во СР Македонија и нејзиното влијание вр

изборот на факултетот (високата и вишата школа), другарувањето меѓу студентите и успехот во студирањето.

Во изборот на овој проблем за докторска теза раководечки беа следните три моменти: научно-сознаен, практичен и личен

1. Во марксистичката социологија еден од стожерните проблеми е испитувањето на социјалната (класно-слојната) структура на општеството. Таквото значење испитувањето на социјалната структура во марксистичката социологија добива од фактот што таа (социјалната структура) мошне силно влијае врз различните многубројни општествени појави така што слободно може да се рече дека нема општествена појава која не е на определен начин поврзана со соодветната социјална структура во конкретно-историски услови на општествениот развиток. Ако е тоа општо познато во марксистичката социологија, сепак не е познато на кој начин (како), во колкава мерка и со каков интензитет таа влијае врз различните општествени појави меѓу кои е и високото образование во определени фази од неговиот развој. Тоа влијание е различно и по обем и по насока во различните фази и степени на развитокот на општеството и на општествената појава што е предмет на истражувањето. Оттука и произлегува научниот сознаен интерес со истражувањето на назначениот проблем да се види како и колку влијаела социјалната структура на населението во Македонија врз вишото и високото образование; т.е. врз распоредот на студентите по видови на вишо и високо образование; според режимот и успехот на студии во периодот од триесетите години по ослободувањето. Треба да

се проучи дали и колку високото образование во СР Македонија претставува класно средство за менување (или репродукување) на постојната социјална структура; дали и колку станало оружје во рацете на работничката класа и фактот на здружување на трудот во процесот на социјалистичкото самоуправување?

2. Токму тука се надоврзуваат практичните моменти за изборот на назначениот проблем за докторска дисертација. Истражувањето (и неговите резултати) не само што ќе укаже на противречностите во социјалната структура на студентите и нејзиното влијание врз изборот на видот на високото образование, меѓусебното другарување и успехот во студирањето туку и на насоките за нивното премавнување. Општествената акција ќе мора по пат на социјална коректура (стипендии, студентски кредити и домови и сл.) да го направи сѐ подостапно високото образование на широките работни слоеви од работничката класа и селанството доколку се сака тоа да ја извршува својата социјална функција на општествен канал на позначајни промени во социјалната структура на вкупното население, функција која произлегува од социјалистичкиот самоуправен карактер на нашето општество. Тоа произлегува и од самиот факт што дарбите или талентите на поединците не се распоредени и резервирани само за определени "високи" општествени класи или слоеви врз чија "карта" играат сите конзервативни теории и сфаќања за тнр. социјална елита и социјална селекција. Колку едно општество или општествена заедница реално го приближи образованието и посебно високото на широките народни слоеви дотолку по веќе се остварува и практичниот принцип: определените работни мес

и општествените позиции во општествената поделба на трудот и социјалната структура да ги заземат оние личности што ги имаат потребните способности и знаења и кои ги вложуваат потребните напори за нивното успешно вршење.

3. Покрај ова, врз изборот на проблемот за докторска дисертација влијаеше и личното искуство што го стекнав во претходното повеќегодишно истражување на овие и слични прашања кај учениците од средното образование. Имено, уште во 1965 година спроведов едно анкетно испитување за проблемите на учениците за квалификувани работници. Во тој контекст од проблемите особено индикативно беше социјалното потекло на учениците во училиштата за стопанство кое претежно беше работничко и земјоделско. Ова, пак ме наведе на помислата да преземам поцелосно социолошко истражување за општествената положба на учениците во училиштата за квалификувани работници во Скопје, се разбира споредувајќи ја со истата кај учениците во средностручните училишта и гимназиите што беше реализирано во учебната 1969/70 година. На тој начин настана и магистерскиот труд "Социјалното потекло на учениците во средните училишта и неговото влијание врз нивната животна ориентација" што го одбранив во Институтот за социолошки и правно-политички истражувања во Скопје во јуни 1971 година.

Ако средното образование е мошне значајно за првото професионално определување, високото образование игра уште позначајна улога како во социјалното напредување или тнр. социјална "промоција" така и во социјалната репродукција. Но и во тој поглед не значи дека овие два степени на образование меѓусебно

се независни туку напротив тесно меѓусебно поврзани и комплементарни што на определен начин ќе го покажат резултатите на овој труд.

Како што се гледа, истражувањето на назначената тема за докторска дисертација за социјалната структура на студентите во СР Македонија што го спроведов во учебната 1974/75 година се надоврзува на претходните мои истражувања во средното образование но истовремено со мошне поширока теориска и емпириска елаборација како и со значајно збогатување на примарното истражувачко искуство.

Истражувањето на приведениот проблем за докторска теза ги има следниве цели:

1) тргнувајќи од трудот и неговата поделба како фундаментална марксистичка категорија да ги утврди основните теориско-методолошки модели на социјалната структура и образование (со посебно нагласување на високото образование) на современите облици на општествени системи и нивните карактеристики;

2) да го покаже карактерот на социјалната структура во СР Македонија, и како таа влијае врз можностите за образование на високошколските установи и посебно врз изборот на видот на вишото и високото образование;

3) дали социјалната структура и на кој начин влијае врз другарувањето на студентите, во подготвувањето на испитите и во нивното слободно време;

4) на кој начин и во колкава мера социјалната структура на студентите влијае врз нивниот успех во студиите и

5) колку таа влијае врз ефикасноста, времетраењето на студиите.

Појдовна теориско-методолошка точка во разработката на овие цели на истражувањето, што ќе следи подоцна, е класичната Марксова теза: начинот на производство на материјалниот живот на луѓето го условува социјалниот, политичкиот и духовниот живот воопшто.

Преведена со други зборови врз нашиот проблем, значи дека врз начинот на производство и условите во кои се врши производствениот труд и неговата поделба на трудот израснува соодветна социјална (класно-слојна) структура и соодветен систем на образование. Всушност, трудот и неговата поделба - социјалната структура и образованието - го сочинуваат првиот дел од докторската теза каде се прави обид да се следи и разјасни низ историска димензија поврзаноста на основните категории.

Од ова општо теориско и историско разгледување на основниот приод во истражувањето, произлегуваат три теориско-методолошки модели што го сочинуваат вториот дел на студијата: 1) теориско-методолошки модел за начинот на производство - социјалната структура и образованието во услови на капиталистичката општествено-економска формација - со посебен осврт врз различните основни теориски сфаќања на овој проблем; 2) теориско-методолошки модел за социјалната структура и образованието во услови на социјалистичко-етатистички начин на производство и 3) теориско-методолошки модел на социјална структура и нејзиното влијание врз образованието во услови на социјалистичко самоуправен начин на производство.

Во третиот дел се изнесуваат основните поими и претпоставки на истражувањето што содржи нивна теориска и операционална обработка како и методот и постапката на истражувањето.

Впрочем секое истражување е неопходно да содржи посебен дел или поглавје за методот преку што не само компактните лица, туку и пошироко јавноста да се информира за начинот и постапките применети врз добиените резултати од истражувањето со цел пообјективно да се оцени релевантноста на добиените резултати како и научната (не) оправданост на применетиот метод. Сметам дека ова уште повеќе треба да се однесува за магистерските и докторските тези.

Токму, тргнувајќи од материјалистичкиот дијалектички метод, во четвртиот дел се изнесуваат две поглавја: а) социјалната структура на СР Македонија, промените во неа и нејзините основни карактеристики, со цел појасно да се сфати нејзиното влијание врз изборот на видот на високото образование, меѓусебното другарување на студентите, успехот во студирањето и неговата ефикасност (времетраење на студиите). Тоа е можно доколку научно се согледа каква е и какви се промените на социјалната структура на вкупното население во СР Македонија; какви се општествено-економските услови - начинот на живеење на одделните општествени класи и слоеви во нашето општество како и видот на обемот на промените во социјалната структура во периодот по ослободувањето. Второто поглавје на овој четврти дел е осврт врз развојот на вишото и високото образование во СР Македонија по ослободувањето. Сметам дека промените во социјалната структура на студентите во СР Македонија не може до крај целосно да се разберат доколку во посебно поглавје не се изнесат барем основните податоци за развојот на високото и вишото образование во СР Македонија што фак-

тички започнува неколку години по ослободувањето и социјалистичката револуција и тоа преку: движењето на бројот на студентите според определени белези; понатаму, според бројот и видот и време на отворање на виши, високи школи и факултети според движењето на бројот на наставниците и соработниците и сл.

Резултатите на истражувањето според определени белези се изнесени во петтиот дел што опфаќа три поглавја: а) во првото се врши анализа за влијанието на социјалната структура врз изборот на факултетот, високата и вишата школа, како и влијанието на други чинители врз изборот на видот на високото образование; б) анализа за влијанието на социјалната структура на студентите врз другарувањето меѓу студентите; нејзиното влијание врз подготвувањето на испитите и врз слободното време на студентите и в) третото поглавје се испитува начинот и обемот на влијание на социјалната структура на студентите врз успехот и ефикасноста во нивното студирање.

На крајот, во шестиот дел се изнесуваат општите заклучоци од истражувањето.

По овие заклучоци поместени се прилозите и ползуваната литература за оваа студија.

# I

# ТРУДОТ И НЕГОВАТА ПОДЕЛБА - СОЦИЈАЛНАТА СТРУКТУРА И ОБРАЗОВАНИЕТО

"Начинот на производство на материјалниот живот го условува социјалниот, политичкиот и духовниот живот воопшто"

(К. Маркс)

## У в о д

Индивидуите за да егзистираат мораат да произведуваат материјални средства за живот. Произведувајќи ги материјалните средства за живот тие стапуваат во "определени нужни од нивната волја независни односи", односи на производство и тоа секогаш во определен општествено-историски облик во чии рамки ги задоволуваат своите разновидни потреби. Секое производство се остварува преку процесот на човековиот труд и единствено преку него човекот влегува во активен однос спрема надворешната природа и преку тој ја "менува својата внатрешна природа" (К. Маркс). Оттука, во човековиот труд може да се гледа "модел на секоја општествена практика, на секоја активност на општественото поведение..."[1/] Производствениот труд го создаде човекот како општествено битие, бидејќи тој е *sui generis*, генеричка суштина, генерички живот на човекот. Класиците на марксизмот јасно покажаа дека човековата

1/ Lukač Dj., Rad kao model društvene prakse, "Savremenost" (Novi Sad), 1, 1977, s. 181.

историја се одвои од онаа на животните токму преку процесот на трудот кога човекот почнал да произведува материјални средства за живот: "Можете луѓето од животните да ги разликувате според свеста, религијата, или инаку со било што се сака. Самите тие од животните почнуваат да се разликуваат кога почнуваат да ги произведуваат своите животни средства, чекор што е обусловен со нивната телесна организација. Произведувајќи ги своите животни средства луѓето посредно го произведуваат самиот свој материјален живот."[2/] Преку процесот на производствениот труд човекот не ја менува само надворешната природа туку у својата внатрешна. На тој начин човекот ја хуманизира природата и се изградува самиот себеси како природно, но и како општествено битие. Во таа смисла К. Маркс во Економско-филозофските ракописи од 1844 пишува: "Практичното создавање на предметен свет, преработката на неорганската природа е само потврдување на човекот како свесно генеричко суштество, т.е. такво суштество што се однесува спрема родот како спрема своја сопствена сушност, или спрема самото себеси како спрема генеричко суштество".[3/]

Значењето на трудот во марксистичката концепција на општеството има три димензии: 1) во процесот на производствениот труд и производствените односи наоѓа примарна детерминанта на општествените појави во нивниот историски процес; 2) категоријата

---

2/ K. Marks - F. Engels, Nemačka ideologija, I knjiga, "Kultura", Beograd, 1964, str. 16.

3/ К. Маркс - Ф. Енгелс, Од раните трудови, "Култура", Скопје, 1961, стр. 272.
Маркс мошне високо го оценува Хегеловото сфаќање на трудот како процес на самосоздавање на човекот што тој го изнесува во "Феноменологија на духот". (Вид. Исто, с. 360). Овде не е цел пошироко да се задржиме на значењето на процесот на трудот за генеричката суштина на човекот, туку пред сè да укажеме и на тој аспект на марксистичката антропологија без што не можат да се разберат и другите, особено оние за кои понатаму ќе зборуваме.

"труд" (вклучувајќи ја тука и поделбата на трудот) како апстракција станува појдовна точка во марксистичкото проучување на врските и односите меѓу социјалната структура и образованието и 3) светот на трудот е излезна точка на сложените противречности меѓу социјалната структура и образованието на даден историски степен на развиток на општеството.

Трудот може да биде појдовна точка во марксистичкото проучување на социјалната структура и образованието само доколку претпоставува мошне развиен (или подобро речено најразвиен) тоталитет на стварни видови на труд на соодветна општествена (историска) практика која исто има атрибути на најразвиена општествена стварност. Маркс тоа го покажува во *Grundisse...* токму во контекстот кога зборува за трудот: "Најопштите апстракции воопшто и настануваат само при најбогат конкретен развиток, во кој едното се појавува како заедничко на многуте, како на сите општо. Тогаш престанува можноста тоа да се замислува единствено во посебен облик".4/

Во таа смисла "светот на трудот, што го заменува, надоместува и надополнува оностраниот метафизички свет и овостраната проста секидневница со воведувањето на трансцеденталното во иманентно, е претходна, предусловна тема на револуционерното, животно мислење. За да навлеземе во суштината на трудот, ни треба сосем внимателно т.е. соодветно, погодно и подобно да се промислува проучувањето на оној учител кој ослободувањето на трудот, далеку од простата економска, социјално-политичка димензија, ја направи темата - ствар на своето мислење. Не низ филозофијата на трудот, каква е Хегеловата, туку низ технологијата на трудот, ка-

---

4/ Marx K., Temelji slobode (osnovi kritike političke ekonomije - Grundrisse), "Naprijed", Zagreb, 1977, s. 30.

ква е Марксовата мисла, води патот до нам определеното исконско настанување".[5/]

Токму преку технологијата на трудот може да се открие активниот однос на човекот спрема природата, или со други зборови, непосредниот процес на производство на неговиот живот, а заедно со тоа и општествените услови на животот и духовните претстави што произлегуваат од нив. К. Маркс јасно го истакнува својот материјалистички метод кога тргнува од ова и кога истакнува дека "дури и секоја историја на религијата е некритичка ако не ја зема предвид оваа база. Навистина е многу полесно да се изнајдат со анализа на земната јатка темните религиозни претстави, отколку обратно, од дадените односи на реалниот живот да се изведат нивните врски и идеализирани форми. Според Маркс, последниот е единствениот материјалистички, а оттука и научен метод".[6]

Во анализата на општествените појави (во конкретниот случај на односите и врските меѓу социјалната структура и образованието) не е доволно да се тргнува од определена економска структура, ако при тоа отпадне "појдовната точка" - трудот.[7/]

5/ Sutlić Vanja, Praksa rada kao znanstvena povijest, Ogledi uz filozofijsko ustrojstvo Marxove misli, "Kulturni radnik", Zagreb, 1974, str. 5, 6.

6/ Карл Маркс, Капиталот, том први, "Мисла", Скопје, 1975, стр. 330 - фуснота 89.

7/ За ова е сосем свесен и Ѓерѓ Лукач кога во Предговорот од 19[illegible] година на својот труд "Историјата и класната свест" самокритички се осврнува на анализата во овој негов труд и кога истакнува дека "Историјата и класната свест" во својата анализа на економските феномени не ја бара својата појдовна точка во трудот туку само во сложените структури на развиеното стоковно стопанство. Со тоа од почетокот се прави безизгледно филозофското продирање до решавачките прашања, како што се односот меѓу теоријата и практиката, субјектот и објектот. (стр. 20). Понатаму, Ѓ. Лукач уште поостро го истакнува своето "оддалечување од марксизмот" кога вели: "Во мојата книга ("Историјата и класната свест" - П.Г.) тоа оддалечување, внесувајќи решавачк

Таквата ориентација низа детерминистички врски и односи неминовно ги покажува искривено било во правец на вулгарниот материјализам (или економизам) или во полидејствениот факторизам па и во своевиден идеализам. Затоа и класната структура на општеството и целиот општествен живот поделен на "сектори" меѓу кои образованието (основното, средното и високото), науката, културата, уметноста, филозофијата и сл. не можат на марксистички начин теориски да се промислат, ниту практично-револуционерно да се преобразат и надминат од себе самите, вон процесот на трудот, се разбира, сфатен во Марксовата смисла на зборот во кој - човекот и "рацете, нозете и главата" едновремено ги раздвижува (т.е. надминување на поделбата на физички и умствен труд).

Но секако дека надминувањето на одвоеноста на образованието и воспитувањето од процесот и "светот" на трудот не е превасходно теориско прашање туку практично. Само на определен висок степен од развитокот на општествената практика може повторно овие два "света", два "сектори" да се обединат и тоа во конкретно историски општествени услови во кои и трудот и образованието ќе го изгубат својот класен карактер.

---

збрки, веднаш се одразува врз сфаќањето на самата економија, која овде природно, методолошки би морала да го сочинува средиштето. Иако се обидува сите идеолошки феномени да се разберат од нивната економска основа, сепак економијата се стеснува, бидејќи од неа испаѓа нејзината марксистичка фундаментална категорија: трудот како посредник на размената на нештата меѓу општеството и природата... Тоа има за последица исчезнување на најважните реални потпори на марксистичката слика на светот, а обидот со крајна радикалност да се повлечат последните револуционерни консеквенции на марксизмот мора да остане без право економско темелење." (Lukács G., Povijest i klasna svijest, "Naprijed", Zagreb, 1970, str. 20; 17).

Трудот како апстракција, но "разумна апстракција" и како појдовна точка во анализата на односите и врските меѓу социјалната структура и образованието неопходно бара попрецизно определување, т.е. раставување уште на поедноставни, поелементарни категории и нивното поврзување со слични со кои се наоѓа во непосредна поврзаност без што не може оваа појдовна "апстракција" да се сфати како "богатство на многу определби". Ќе се обидеме накусо тоа да го покажеме преку Марксовото сфаќање на трудот и неговата поделба.

## а) Марксовото сфаќање на трудот и поделбата на трудот

Постојат различни сфаќања на категоријата труд. Така кај класичните англиски економисти (В. Пети, А. Смит и Д. Рикардо) кои први укажаа дека човековиот труд, без разлика каде е реализиран, т.е. во било која гранка на производството, е извор на народното богатство и вредност на стоките. На тој начин беше надминат партикуларитетот на меркантилистите (кои во размената го гледаа таквиот извор) и на физиократите (кои сметале дека земјоделието е извор на народното богатство) итн. Создавањето на трудовата теорија на вредноста од страна на класичните политекономисти, иако еднострана, одигра мошне значајна улога во создавањето на Марксовата теорија на вишокот на вредноста. Основниот недостаток, покрај другите, на сфаќањето на трудот на класичните англиски политекономисти се состои во несфаќањето на двојниот карактер на трудот, т.е. трудот како создавач на употребни вредно-

сти го разгледуваат како труд "воопшто", т.е. како апстракција, но не во Марксовото сфаќање на апстрактниот труд т.е. труд кој се сфаќа како заедничко нешто на сите конкретни видови на труд, т.е. како трошење на енергија:физичка, умствена, психичка на работникот, труд кој ја создава разменската вредност (или вредност) на стоката.

Едностраноста на сфаќањето на трудот на класичните политекономисти не се состои во гледиштата на трудот како проста апстракција во неговата конкретна манифесност туку и во тоа што некои од нив (А. Смит) кај трудот ја гледаат само негативната страна. Во таа смисла К. Маркс пишува: "...И така А. Смит го зема трудот како проклетство 'нетрудот' се појавува како адекватна состојба, како идентично со 'слободата' и 'среќата'. Дека индивидуумот 'во нормална состојба на своето здравје, сила, дејност, умешност, спретност' има потреба за нормален оброк на труд и престанување на нетрудот се чини дека на А. Смит не му било ни на крај памет. Секако, мерата на самиот труд се јавува како надворешно дадена, со целта која треба да се постигне и препреките кои поради постигнувањето на таа цел треба со трудот да се совладаат. Но А. Смит исто така ниту наслутува дека совладувањето на препреките само по себе е дејствено потврдување на слободата и дека, понатаму, надворешните цели се ослободиле од привидот на простата надворешна природна нужност и дека се поставуваат како цели кои ги поставува дури самиот индивидуум - значи како самоостварување, опредметување на субјектот, значи реална слобода чие дејствување всушност е трудот."[8/]

---

8/ Marx K., Temelji slobode... (Grundrisse). op. cit. str. 265, 266.

Од горниов цитат јасно се гледа дека К. Маркс не само што го критикува едностраното сфаќање на А. Смит туку е мошне позначајно што индивидуумот преку трудот може да се самопотврди и самопотврдува, да се опредмети и опредметува како субјект што претставува и реална слобода. На тој начин во процесот на трудот индивидуумот се остварува и потврдува како единка на човековиот род, а со самото тоа се остварува и потврдува и човековиот род.

Класичните англиски економисти (пред сè А. Смит и Д. Рикардо), иако го употребуваат методот на апстракција, но не доволно и доследно (за што зборува и К. Маркс), сепак не успеале да изведат теориска синтеза поради тоа нивната анализа не била конкретна, одвоена и независна од конкретните облици на општествено историската практика. Оттука, класичната политичка економија не можела да го сфати обликот на вредноста поради тоа што "никаде директно и со јасна свест не го разликува трудот, како што тој се претставува во вредноста, од трудот како се претставува тој во употребната вредност на неговиот производ. Таа, се разбира, фактички ја прави разликата, бидејќи трудот еднаш го разгледува квантитативно, а другпат квалитативно. Но нејзе ни на ум не ѝ иде дека простата квантитативна разлика на видовите на трудот го има за претпоставка нивното квалитативно единство или еднаквоста, т.е. нивното сведување на апстрактен човечки труд".[9/] Затоа, кога нејзините претставници зборуваат за трудот секогаш пред себе ги имаат конкретните видови труд на создавање на употребни вредности како труд воопшто, а не и неговите конкретни општествено-истори-

---

9/ Карл Маркс, "Капиталот", том први, оп. цит., стр. 81, фусно-та 31.

ски облици низ кои поминува процесот на трудот во рамките на соодветните начини на производство, што од своја страна, претставува основна причина што не можеле да го откријат двојниот карактер на стоката како употребна и разменска вредност и како што не можеле да ја разрешат енигмата што ја создава вредноста на стоката, категоријата вишок на вредност, профитот, каматата и сл. Токму во таа смисла може да се сфати и Марксовата забелешка што им ја упатува на А. Смит и Д. Рикардо во *Grundrisse*...: "да се премине од трудот директно на капиталот исто толку не е можно колку не е можно од разликите меѓу човековите раси да се премине директно на банкарот или од природата на парната машина".

Познато е дека и класичната германска филозофија и посебно Хегеловата го употребуваат и развиваат методот на апстракција што К. Маркс го означува како идеалистичко-спекулативен метод. К. Маркс го критикува овој метод на спекулативна апстракција, пред сѐ, поради тоа што во него поимите, мисловните категории стануваат цел сама за себе - одвоено, независно од соодветната конкретна општествено-историска практика. Во таа смисла тој истакнува дека "кој во логичките категории наоѓа супстанција на сите нешта, тој вообразува дека во логичката формула на движењето го нашол апсолутниот метод, кој не само што ги објаснува сите нешта, туку го опфаќа и движењето на нештата". За Хегеловата идеалистичка спекулација "процесот на мислењето" кој тој, како истакнува К. Маркс, "под името на идеја го претвора дури во еден самостоен субјект, е демиург на дејствителноста (стварноста) која е само негова надворешна појава".[10/] Тоа е и основната причи-

10/ Карл Маркс, Предговор кон второто издание на првиот том на "Капиталот", оп. цит., стр. 24.

на што оваа идеалистичка спекулација го довела Хегела до илузија реалното, конкретното треба да се сфати како резултат на процесот на мислењето што "во себе се соединува, во себе вдлабочува и од самиот од себе се движи". Тоа Маркс јасно го покажува врз Хегеловото сфаќање на едноставните категории како што се "трудот" и неговото "отуѓување". Иако Хегел во својата феноменологија на духот "стои на стојалиштето" на класичната политичка економија поради тоа што го сфатил значењето на човековиот труд, бидејќи тој го "сфаќа трудот како суштина ...на човекот кој се потврдува", сепак "тој ја гледа само позитивната страна на трудот, а не и неговата негативна. Трудот е настојување на човекот за себе во рамките на самоотуѓувањето или самоотуѓен човек".[11/] Но, Хегел, истакнува Маркс, единствено познава и признава само еден вид тру имено "апстрактно-духовниот труд". Поради тоа, кај него, опредметувањето на човекот низ трудот е исто што и негово отуѓување, т.е. отуѓување на човекот како самосвест, бидејќи во неговиот спекулативен филозофски систем човекот се јавува само како еден степен во движењето на апсолутната идеа, како самосвест (идентификација на поимот "човек" со поимот "самосвест"). На тој начин и отуѓувањето како апстракција, кај Хегел се јавува независно од конкретната општествено-историска стварност, бидејќи за неговиот спекулативен метод ова прашање е израз на процесот на мислењето.

Спротивно на ова идеалистичко-спекулативно сфаќање, К. Маркс не ги идентификува поимите опредметување и отуѓување на човекот во процесот на трудот како што и суштината на човековото

11/ Карл Маркс - Фридрих Енгелс, Од раните трудови, Култура, Скопје, 1961, стр. 361.

отуѓување тој ја согледува конкретно во вистинското, човеково отуѓување во определени општествено-историски услови. Апстракциите (апстрактните поими) земени сами за себе, нагласува К. Маркс, отцепени од стварната историја, немаат апсолутно никаква вредност.

Марксовиот дијалектички метод на преоѓање од апстрактното кон конкретното му овозможи, појдувајќи од одредени категории кои на почетокот биле "празни" "хаотични" апстракции, движејќи се кон сѐ поедноставни кои се во врска со определени конкретно-историски услови и односи на даден (капиталистички) начин на производство, пронаоѓајќи ја така најосновната "ќелија" (стоката) и качувајќи се повторно назад кон појдовните категории, но сега не повеќе како "празни апстракции", туку како конкретности и "богатство на многу определби", да создаде таков кохерентен систем на овие категории без што не може да се сфати одреден конкретно-историски тоталитет и пошироко "движењето на соодветната општествено-економска формација како природно историски процес". Така во дијалектичкиот метод на преоѓање од апстрактното кон конкретното не само што конкретното се сфаќа како единство на спротивното, различното кое е стварно, на реално постоечката целина од взаемно поврзани појави и нивните взаемни дејствувања како и дејствувања со целината, туку и апстрактното мора да се поимува како реално постоечко, т.е. предметно, а не само мисловно-логичка категорија.12/ Дури и самиот поим "апстрактен труд" што го изгради

12/ Ова кусо излагање за Марксовите теориски апстракции добиени со неговиот метод на преоѓање од апстрактно кон конкретно е дадено не само поради тоа што граѓанските мислители не разликувајќи го Марксовиот дијалектички метод на преоѓање од апстрактното кон конкретното од Хегеловиот идеалистичко-спекулативен метод истакнуваат дека божем кај Марксовиот метод

К. Маркс и што му овозможи да го открие двојниот карактер на сто-ката, особено нејзината разменска вредност или само вредност ко-ја е исто така апстрактен поим, всушност не претставуваат само мисловно-логичка категорија туку стварна појава која му удира пе-чат на еден конкретно-историски начин на производство. На тој на-чин се покажува дека во Марксовиот дијалектички метод конкретна-та општествено-историска практика е единствениот темел врз што с засновува методот на преоѓање од апстрактното кон конкретното. Овој метод на научникот му овозможува да го реши проблемот на преработка на конкретните перцепции и претстави во теориски по-ими (категории).

### б) Поимот на трудот и неговата поделба

Поимот "труд воопшто" како апстракција што го изгради класичната англиска политичка економија е погрешно да се иденти-фикува со Марксовиот поим "апстрактен труд". Всушност, поимот "труд воопшто" на определен начин се поклопува со поимот "кон-кретен труд", бидејќи претставниците на класичната политичка еко-номија "трудот воопшто", обично го сфаќале трудот во неговата "конкретна" форма, т.е. како труд кој произведува определени упо-требни вредности. Ваквото сфаќање на поимот "труд воопшто" во см

---

се "наоѓа противречност и недоследност" бидејќи "младиот" Ма[illegible] ги критикува Хегеловите апстракции, додека "стариот" Маркс "т[illegible] му нив ги прифаќа", туку и поради тоа што кај определен број марксистички ориентирани мислители апстрактните категории се сфаќаат само како "производ" на мисловно-логичкиот процес, а не и како реално, стварно постоечки (М.Доб. П. Свизи и др.) што е карактеристика и за добар дел на југословенски мислите-ли. Исто така тоа овозможува подобро да се сфати поврзаноста и на другите теориски поими што ќе следат во излагањето.

сла на производство на употребни вредности тие го апстрахирале независно од конкретната општествено-историска форма на појавување на човековиот труд, т.е. независно од конкретниот начин на производство што најдобро го покажува, покрај другото и фактот што тие и на производството засновано врз капиталистичкиот начин на производство претежно гледале како производство на употребни вредности, а не во основа како производство и на разменски вредности, производство на вишок на вредност, чија основна цел која произлегува од таквиот капиталистички начин на производство - е оплодување на капиталот. А токму таа разменска вредност на стоката ја создава "апстрактниот труд". Затоа овој поим ("апстрактен труд" е клучен и специфичен за оној начин на производство кој се карактеризира како производство на стоки, т.е. капиталистичкиот начин на производство. Во овој начин на производство, како што истакнува К. Маркс, "еднаквоста на различните трудови *toto coelo* (во секој поглед) може да се состои само во едно апстрахирање од нивните вистински нееднаквости, во сведување врз заеднички карактер што го имаат како трошење на човечката работна сила, како апстрактен човечки труд".[13/] На тој начин "апстрактниот труд" се појавува како супстанција на разменската вредност на стоката, бидејќи тие (стоките) можат да се разменуваат врз основа на она што им е заедничко, а тоа заедничко им е "општественото потребно работно време" за нивното производство, трошење на работната сила (мускулите и мозокот) во текот на тоа работно време.[14/] Основата и суштината на производствениот труд во услови на капиталистичкиот начин на производство е "апстрактниот труд", за што подоцна ќе стане збор.

13/ К. Маркс, Капиталот, том први, Мисла, Скопје, 1975, стр.
14) Ibid. s. 46, 47.

Но, прво да видиме како К. Маркс го дефинира трудот ка ко производител на конкретни употребни вредности за задоволувањ на соодветните негови потреби, трудот како генеричка суштина на човекот и оттука како вечен и нужен услов на неговата егзистенција. Таа определба К. Маркс ја изнесува во првата книга на Капиталот: "Пред сé, трудот е процес меѓу човекот и природата, про цес во кој човекот со својата сопствена дејност ја условува, регулира и контролира измената на материјата меѓу себеси и природата. Спроти природната материја тој сам истапува како природна сила. За да ја присвои природната материја во форма погодна за неговиот сопствен живот, тој ги става во движење, природните сили на неговото тело, рацете и нозете, главата и дланките (курзив от - П.Г.). Бидејќи со ова движење тој дејствува на природата надвор од себеси и ја изменува, едновремено со тоа тој ја изменува и својата сопствена природа. Тој ги развива задреманите во неа потенции и играта на нејзините сили ја потчинува на својата сопствена власт... Ние претпоставуваме труд во таква форма, што му е исклучиво својствена на човекот. Пајакот врши операции што личат на тие од ткајачот, а пчелите со градењето на восочните ќ лии засрамуваат некои луѓе - архитекти. Но и она што најлошиот архитект однапред го разликува од најдобрата пчела е тоа што тој ќелијата ја има изградено во својата глава, пред да ја изработи во восокот. На крајот на процесот на трудот излегува резултат, што во почетокот на процесот веќе суштествуваше во претставата на работникот, значи идеално. Она што го постигнува тој не е само измена на формите на природните предмети; тој едновремено ја реализира во природните предмети својата цел, што ја знае, која

како закон го определува видот и начинот на неговото дејство и на која тој мора да ѝ ја потчини својата волја. А ова потчинување не е никаков осамен акт. Покрај напрегнатоста на органите што работат се бара, за сето време на работата, и целесообразна волја, која се пројавува како внимание, и тоа толку повеќе, што помалку го интересира работникот содржината на самиот труд и видот и начинот на неговото изведување, значи што тој помалку се наследува во трудот како во игра на своите телесни и духовни. (курзивот - П.Г.).

Простите моменти на процесот на трудот се целесообразната дејност или самиот труд, предметот на трудот и средствата на трудот."[15/]

Од горната Марксова определба на трудот јасно произлегуваат следните карактеристики:

1. Процесот на трудот е целесообразна човекова дејност за создавање на употребни вредности со цел за задоволување на човековите потреби, процес на труд во кој на дијалектички начин интегрално се поврзани физичката и умствена, телеолошката страна на трудот.

2. Процесот на трудот е "општ услов" за размена на материјата меѓу човекот и природата, "вечен природен услов за живот" на луѓето и со тоа не само што е независен од која било форма на тој живот, но уште повеќе, тој е општ на сите негови општествени форми.[16/]

3. Како целесообразна човекова производствена дејност трудот на човекот е *sui generis* (генеричка суштина) преку која

15/ Карл Маркс, Капиталот, том први, оп. цит. 163, 164.
16/ Ibid. s. 169.

тој се опредметува и потврдува како конкретно историско постоеч ко битие.

Всушнсот, само по себе се разбира дека трудот во него вото единство на физичката и духовната компонента, т.е. како ко кретен процес на создавање на употребни вредности за задоволува ње на конкретно-историските потреби на човекот е вршење на сами от труд како работен процес и истовремено потврдување, отелотво рување на човековата сушност. Како што се гледа ваквата определ ба на трудот на човекот ја апстрахира општествената поделба на трудот и сите познати историски форми на неговото манифестирање

Со оглед на фактот што човекот не произведува индивид ално, независно од другите луѓе, трудот на човекот е општествен како и човекот кој ги произведува своите материјални добра е оп штествено битие. Оваа општественост на процесот на човековиот труд било да се реализира непосредно (како што било случај во р довската заедница или ќе биде реализирана во "асоцијацијата на посредните производители" во комунистичката општествено-економс формација) или посредно, преку стоковната размена - производот трудот мора секогаш да подмири некоја општествена потреба и да отелотворува општественото потребно работно време за неговото п изведување.[17/] За било која дејност да станува збор не може таа да се разгледува без производствената човекова дејност зашто та е основа на секој вид труд. Особено тоа е неизбежно ако се плед ра на социолошкото поимање на човековиот труд. Во оваа смисла, ко што истакнува А. Хелер, трудот (*work*) е непосредната родна о јективација, чиј фундамент е производствениот процес, размена н материите меѓу природата и општеството и чиј резултат е матери

---

17/ Heler, A., Svakodnevni život, Nolit, Beograd, 1978, s. 119.

ната и тотална репродукција на општеството. Производите на трудот секогаш носат печат на општост по себе и речиси ништо не зборуваат за творечкиот поединец.[18/]

Основата на човековото потврдување како тотално и сестрано битие лежи во процесот на трудот како целесообразна (телесна и духовна) човекова производствена дејност во определени општествено-историски услови исто како што во други спротивни конкретни општествено-историски услови се порекнува, место да се потврдува, се партикуларизира, се подвојува, наместо да се тотализира, да ги изразува сестрано своите неограничени можности и сл.

Со процесот на трудот се поврзани речиси сите други активности и дејности на поединецот и општествените групи. Така за селскиот младинец и девојка да се порасни значи, пред сѐ, да се порасни за работа; мнозинството обичаи стојат во врска со вршењето на трудот, голем број на меѓучовечки односи се остваруваат во текот на трудот, поради работа се склопувани бракови, децата се воспитувани и образувани за работа, значаен број морални поими е сконцентриран врз трудот, дури и мнозинството на празници подсетува, на овој или оној начин, на трудот итн.[19/]

Процесот на трудот е единствениот пат што води кон сестран развој на човековата личност, свесно владеење со себе и со процесите во општествената заедница во која живее, реален пат кон остварување на вистинската човекова слобода. Во таа смисла со право истакнува Ѓерѓ Лукач, кога тврди дека не може да постои "права слобода ако човекот, преку трудот себе си не се формира во опште-

---

18/ Ibid. s. 121.

19/ Ibid. s. 122.

ствено битие, ако слободата не е плод на неговата сопствена активност и победа над неговата чиста органска природа. Слободата извојувана во првобитниот труд била примитивна, ограничена, но тоа ништо не менува на фактот дека и најдуховната слобода од нај висок ред треба да се извојува со исти методи како и во случај н најпримитивниот труд, а резултатот во крајна инстанца е ист без оглед на какво рамниште на свест тоа се случува, власта на родо ната единка над својот сопствен прост природен сингуларитет. Во оваа смисла веруваме дека трудот навистина може да биде сфатен како модел на човековата слобода од било кој вид."[20]

Меѓутоа, за време на процесот на трудот, "трудот посто јано се преобразува од формата на движење во формата на битие, од формата на дејност во формата на предметност"[21] и тоа во зависност од определен начин на производство.[22]

20/ Lukač Djerdj, Odnosi subjekta i objekta u radu i posledice tih odnosa, "Savremenost" (N.S.), 3, 1977, str. 238.

21/ Карл Маркс, Капиталот, том први, оп. цит. стр. 173.

22/ Поимот "начин на производство" што го изградил К. Маркс има мошне големо значење за сфаќањето не само за формите на развојот на трудот, туку и за класната структура на соодветнио образовен систем. Иако под овој поим често пати разните мар систички ориентирани мислители подразбираат различни нешта, сепак тргнувајќи од текстот и контекстот на "Прилогот кон критиката на политичката" каде Маркс го изградува овој поим под него треба да се разбираат степенот на развиток на производните сили и типот на продукционите односи, т.е. во смисла на поимот економска структура на општеството." Во тој к текст Маркс и зборува за општиот закон на општествениот развиток, т.е. дека "начинот на производство на материјалниот ж вот на луѓето го условува нивниот социјален, политички и ду вен живот воопшто".

Според Е. Балибар категоријата "начин на производство" содр суштински моменти на општествениот процес на трудот со што торииските поимни определувања на специфичните форми на прои водство, присвојување, сопственост итн. на начин типичен за анализа на капиталот преоѓаат во формулирање на целото општ ство (Вид. пошироко кај C. Lengewie, Azijski način proizvod nje i nerazvijenost, Marksizam u svetu, br. 4, 1976, s. 28)

Маркс и под самиот поим производство обично подразбира определен процес на труд и поделба на трудот. Трудот сфатен во смисла на целесообразна производствена дејност на човекот како генерична сушност на човекот и како "вечен услов" на неговата егзистенција, не треба да се сфати врз основа на формално-логичкиот процес на мислење како "метафизичко", "инструментално и технологицирано дејание" како што го сфаќа Ј. Хабермас.[23/] Несфаќањето на двојниот карактер на трудот - т.е. трудот како производствен процес на употребни вредности за задоволување определени човекови потреби и"апстрактниот труд" како процес на производство на разменски вредности, стоки чија цел не е непосредно задоволување на човековите потреби туку изнесување на пазар и нејзино разменување што е израз на развитокот на општествената поделба на трудот, го доведоа Ј. Хабермас и сличните Марксови "интерпретатори", до погрешно интерпретирање и критика на Марксовото сфаќање на трудот. И токму во услови на развој на општествената поделба на трудот, конкретно во услови на капиталистичкиот начин на производство каде целта е не само производство на разменски вредности, туку и создавање на што поголем вишок на вредност, трудот на работникот вистински (а не во нечие сфаќање добива "инструмен-

---

Но, Е. Балибар, се чини, поимот "начин на производство"го сфаќа потесно, земајќи ги предвид само производствените односи, што се гледа од следното: "Основната карактеристика на секој начин на производство ја сочинува природата на односите на производство што тој начин ги претпоставува и репродукува, помеѓу непосредните производители (производствените работници), непроизводителите и материјалните средства на производството." (E. Balibar, Višak vrednosti i društvene klase, Marksizam u svetu, 1, 1978, s. 14). Со поимот "начин на производство" тесно е поврзан и Марксовиот поим "општествено-економска формација" за што подоцна ќе напоменам.

23/ Вид. Habermas J., Saznanje i interes, Nolit, Beograd, 1975, str. 52-74.

тално" својство, станува средство за одржување на животот. Но ту ка трудот не се јавува како генеричка суштина на човекот, туку отуѓениот труд во кој човекот се порекнува, наместо да се потвр- дува како човек, услови во кои работната сила на самиот труд ста- нува стока. Маркс тоа убаво го изнесува во Наемниот труд и капи- талот.[24/]

Но, трудот не бил секогаш наемен труд. Така робот не му ја продава на својот господар својата работна сила, исто ка- ко што ни волот не му ја продава на селанецот својата работа... Самиот тој е стока, но работната сила не е негова сила. Кметот (крепосниот) продава само дел од својата работна сила. Тој не д- бива награда од сопственикот на земјата: сопственикот на земјат- добива од него извесен данок... Слободниот работник, меѓутоа, с- продава себе си, и тоа на делови.[25/]

Поделбата на трудот започнува уште пред класните општ- ствено-економски формации и тоа како природна поделба на трудот т.е. како поделба според полот и возраста и која со развојот на производните сили и односи сé повеќе се претвора во општествена поделба на трудот. Токму оваа општествена поделба која се израз- ва, прво, во одвојувањето на земјоделието и сточарството, потоа во нивните рамки одвојувањето на занаетчиството и подоцна тргов- јата е основата за појавувањето на вишокот на производи како и

24/ "Но дејствувањето на работната сила - трудот (во текстот по грешно е преведен со работа - П.Г.) - тоа е животната дејно на работникот, пројавување на неговиот живот. И оваа животн дејност работникот му ја продава на друг за да си прибави п требни животни средства. Според тоа, неговата животна дејно за него е само средство за одржување на животот. Тој работи за да живее. Тој и не го смета трудот во својот живот, нешт повеќе - трудот е жртвување на неговиот живот. Тој, трудот стока што работникот му ја продал на друг. Производот на не говата дејност не е, според тоа, цел на неговата дејност." (К. Маркс, Наемен труд и капитал - надница, цена, профит, "Култура", Скопје, 1975, стр. 25).

25/ Ibid., s. 26.

вишокот на вредност што почнал да се присвојува од страна на непроизводителите. Тој е почеток на процесот на одвојување на производителите (создавачите на производите и вишокот на вредност) од средствата за производство, создавање на приватната сопственост, одвојување на физичкиот од уметствениот труд; тоа се такви процеси што ја означуваат материјалната основа на класната општествена структура.

К. Маркс мошне пластично ја опишува поврзаноста на природната и општествената поделба на трудот, особено процесот на настанување на втората од првата. Во таа смисла тој пишува дека различни заедници најдуваат во нивната природна околина различни средства за производство и различни средства за живот. Затоа се разликуваат по начинот на производство, по начинот на живеење и по производите. Ете, оваа природно изникната различност, истакнува Маркс, е тоа што при допирот меѓу заедниците предизвикува размена на производите, а со тоа и постепено претворање на овие производи во стоки. Размената не создава различност меѓу сферите на производство, туку овие различни сфери ги доведува во однос и така ги претвора во помалку или повеќе една од друга зависни гранки на едно целокупно општествено производство. Овде изникнува општествената поделба на трудот преку размената на првобитно различни но една од друга независни сфери на производство. Таму, каде што излезната точка е физиолошката поделба на трудот, посебните органи на едно непосредно сврзано цело се раставуваат еден од друг, се разлагаат, - при кое главниот поттик за овој процес на разложување го дава размената на стоките со туѓите заедници - и овие органи се осамостојуваат до таа точка, до каде што се запазува врс-

ката меѓу различните трудови преку размената на производите како стоки.[26/] На тој начин и поделбата на трудот добива свои најразвиени облици во услови на оној начин на производство за кој е карактеристично производството на стоки за пазар со цел за оплодување на капиталот. Во развиениот систем на размена, чиј израз е паричниот однос всушност се разбиени, искинати прангите на личната зависност, разликите во крвта, разликите во образованието итн. (личните пранги барем изгледаат сите како лични односи) и се чини дека индивидуите независно (таа независност воопшто е само илузија и поточно би требало да се вика рамнодушност - во смисла на индиферентност), слободно се судруваат и во таа слобода се разменуваат; но така тоа му се чини само на оној кој апстрахира од условите, од условите на егзистенција (а овие пак се независни од индивидуите и се јавуваат иако ги раѓа општеството, така да се каже како природни услови, т.е. како услови кои индивидуите не можат да ги контролираат, под кои тие индивидуи доаѓаат во допир.[27/] Оттука и производството на стоки и вишок на вредност како цел сама за себе наспроти живата работна сила, нивното постоење како капитал означува објективна воздржана рамнодушност туѓост на објективните услови на трудот спрема живата работна сила, кои одат така далеку што тие услови истапуваат спрема личноста на работникот во личноста на капиталистот (како персонификација со сопствена волја и интерес), тоа апсолутно раставување, одвојување на сопственоста, т.е. вистинските услови на трудот о

26/ К. Маркс, Капиталот, том први, ... оп. цит., стр. 313.

27/ K. Marx, Temelji slobode, osnovi kritike političke ekonomij (Grundrisse), op. cit., str. 61.

живата работна сила - тоа што тие услови истапуваат спрема живата работна сила како туѓа сопственост, како реалност на друга правна личност, апсолутно подрачје на нејзината волја... така апсолутно раздвојување на сопственоста и трудот, на живата работна сила и условите на нејзиното реализирање, на опредметениот и живиот труд, на вредноста и дејноста што ја создава... тоа раставување сега се појавува исто така како производ на самиот труд, како опредметување, објективирање на неговите сопствени моменти."[28/]

На тој начин се покажува неразделното единство на поделбата на трудот и сопственоста на средствата за производство. Многу често во современата марксистичка литература може да се сретне одвоено и независно разгледување (и сфаќање) на категориите поделба на труд и сопственост. Причините на овој факт се различни меѓу кои можеби основната лежи во самото поимање на поделбата на трудот и сопственоста, особено кога оваа втората се сфати само како однос меѓу луѓето и предметите (производите), а не и суштински како определен конкретно-историски општествен однос, како и кога таа се разгледува само како дадена состојба, а не и како определен процес. Ваквите сфаќања дотаму поизненадувачки дејствуваат доколку се има предвид и фактот што Маркс и Енгелс експлицитно изнесуваат за неразделното единство на поделбата на трудот и приватната сопственост, дури и повеќе како два "истоветни изрази - во првиот во врска со дејноста се искажува исто што во другиот се искажува во однос на производот на дејноста."[29/] Во оваа смисла тие истакнуваат дека "разните степени на развиток на поделбата на трудот се исто толку и разни облици на сопственост, т.е. секој степен на поделба на трудот исто така ги опре-

---

28/ Ibid., s. 160.

29/ K. Marks - F. Engels, Nemačka ideologija, I knjiga, op. cit. s. 3.

делува и меѓусебните односи на индивидуите во врска со материја лот, орудието и производот на трудот."[30/] Поделбата на трудот и сопственоста во различните историски епохи се развивала различно во зависност од различните системи на општествени односи. От тука и "стремежот да се одреди сопственоста како независен однос, како посебна категорија, како апстрактна и вечна идеја, не претставува ништо друго освен една метафизичка или правна илузија".[31/] Развиените облици низ кои поминува поделбата на трудот врз основа на капиталистичкиот начин на производство се: коопер цијата, мануфактурата, машинизацијата и автоматизацијата. Всушност, и капиталистичкото производство "почнува вистински дури т му, каде што еден ист индивидуален капитал зема на работа поголем број работници, значи каде што процесот на трудот го проширува својот обем и дава производ во поголем квантитативен разме Дејствувањето на поголем број работници во едно исто време, на исто место (или ако се сака, на исто поле на трудот) за произво ство на една иста сорта стока под команда на еден ист капиталис историски и поимно ја прави излезната точка на капиталистичкото производство".[32/] Ова е мошне значајно за понатамошниот развој на поделбата на трудот, бидејќи едновремената употреба на поголем број работници "предизвикува револуција во материјалните ус лови на процесот на трудот." Одредени форми на кооперација се с тнуваат во робовладетелството и во феудализмот. Но, тие се спор дични форми кои се засновуваат врз односите на непосредното вла деење и потчинетост. Напротив, истакнува Маркс, капиталистичкат форма на кооперација уште однапред има за претпоставка слободен

30/ Ibid. s. 17

31/ К. Маркс, Беда на филозофијата, Култура, Мисла, Скопје, 197 стр. 144.

32/ К. Маркс, Капиталот, том први, оп. цит., с. 288.

наемен работник што му ја продава својата работна сила на капиталот. Историски таа сепак се развива во спротивност спроти селското стопанство и спроти независниот занаетчиски труд, било тој да има еснафска форма или не. Меѓутоа, спроти нив капиталистичката кооперација не се јавува како некоја посебна форма на кооперацијата, туку самата кооперација се јавува како една историска форма што му е својствена на капиталистичкиот начин на производство и него го прави специфично различен.[33/] Нејзината претпоставка, едновремено да работи еден поголем број наемни работници во еден ист процес на трудот, ја прави излезната точка на капиталистичкото производство. А ова се совпаѓа со самиот облик на капиталот.[34/] Во таа смисла Маркс и ја дефинира кооперацијата како "форма на трудот во која планомерно еден крај друг и еден со друг работат мнозина во еден ист процес на производство или во различни, но меѓу себе сврзани процеси на производството, се вика кооперација."[35/]

Самата кооперација во развојот на капиталистичкиот начин на производство предизвика значајни промени: 1) нагло ја зголеми производноста на трудот, ја поевтини вредноста на стоките и воопшто ја зголеми економијата во употребувањето на средствата за производство, со што се поопштествуваат условите на трудот за разлика од распрснатите и релативно скапите средства за производство на изолираните, одделните самостојни работници или мали мајстори, дури и тогаш ако мнозината работат заедно во едни простории, а не едни со други; 2) со кооперацијата не се зголемува само индивидуалната работна сила туку се создава масовна производ-

33/ Ibid., s. 299.

34/ Ibid.

35/ Ibid., s. 291.

на сила без што фактички нема ни капиталистички начин на производство; 3) целината на занаетот за изработка на еден вид стока што ја извршувал индивидуалниот работник или мајстор се раставува во одделни производни операции кои во формата на капиталистичката кооперација ги извршуваат одделни наемни работници откако ја продале својата работна сила на капиталистот, со што се скусува и работното време за нејзиното производство; 4) капиталистичката кооперација е основната форма и услов што го овозможи и започна процесот на концентрација на работната наемна сила и процесот на централизација на средствата за производство што подоцна во полн израз ќе дојдат во фабричкиот систем на производство; но од друга страна, пак, самата концентрација на поголеми маси средства за производство во рацете на одделни капиталисти претставува материјален услов за кооперацијата на наемните работници; 5) со самата концентрација на средствата за производство во рацете на капиталистите, од една страна и со кооперацијата на множина наемни работници се развива и "командата на капиталот во нужност за изведување на самиот процес на трудот, во вистински услов на производството; командата на капиталистот на производното поле сега станува исто така неопходна како командата на генералот на бојното поле";[36/] 6) сето ова има за цел максимално можно зголемување на вишокот на вредноста, максимално можно самооплодување на капиталот, максимална можна експлоатација на производниот наемен работник, што се покажува дека кооперацијата, како и мануфактурата, машинеријата и автоматизацијата, за што подолу ќе стане збор, не се само облици на техничката поделба на трудот

---

36/ Ibid. s. 295.

туку и посебни развојни степени на општествената поделба на трудот; 7) со кооперацијата започнува процесот на деквалификација и парцијализација на занимањата (занаетите) во процесот на обучување и школување. Ако во претходната фаза работникот го "изучуваше" целиот процес (сите операции) за производство на одреден вид стока, во капиталистичката форма на кооперација започнува процесот на обучување само за еден вид операции, а подоцна само за една. На тој начин работникот почнува да се претвора во проста, монотона продуктивна сила од која не се бара посебна умешност ниту пак, особени телесни ни духовни напори, бидејќи неговата работа може да ја врши секој.[37/] Со тоа се потврдува во практиката, на дело, дејствувањето на општиот закон кој се изразува во тоа што колку расте поделбата на трудот, толку трудот станува попрост. Овој закон, што го откри К. Маркс, уште повеќе доаѓа до израз во мануфактурната и машинската фаза на развој на капиталистичкиот начин на производство.

Имено, процесот на настанувањето на мануфактурата е двоен; од една страна таа произлегува од комбинацијата на разнородни, самостојни занаети, што ја губат својата самостојност и стануваат до таква мера еднострани, што во процесот на производството на една иста стока тие прават уште само делски операции што се дополнуваат една со друга; и од друга страна, тоа произлегува од кооперацијата на еднородни занаетчии што го раставуваат истиот индивидуален занает на неговите различни посебни операции и ги изолираат и осамостојуваат до таков степен, што секоја од нив станува исклучива функција на еден посебен работник.

37/ К. Маркс, Наемен труд и капитал, оп. цит., с. 49.

Во таа смисла каква и да е нејзината посебна излезна точка во овој или оној случај, нејзиниот завршен лик останува ист - еден производен механизам чии органи се луѓето.[38/] Во мануфактурниот начин на производство уште посилно се развива и зацврстува раставувањето на занаетчиската дејност на нејзините различни делски операции, на сé поедноставни и попрости дејствија што треба да ги извршуваат одделните работници кои се оспособени само за вршење на една од тие операции. Во таквите услови на мануфактурното производство кога одделниот работник низ целиот работен ве извршува само една иста проста операција макар колку да е тоа и вршување виртуозно, сепак целиот негов организам го претвора во нејзин "автоматски едностран орган и следствено нему му треба п малку време отколку на занаетчијата, што изведува една подруга цела редица операции; но комбинираниот вкупен работник, што го образува живиот организам на мануфактурата се состои исклучиво само од такви еднострани делски работници."[39/]

Улогата и општествените последици од мануфактурната п делба на трудот се мошне значајни и двојни: од една страна, таа уште повеќе ја зголеми продуктивноста на трудот, го скрати потр бното работно време на сметка на зголемување на вишокот на труд особено зголемување на релативниот вишок на вредност, што го за брза и процесот на самооплодување на капиталот; таа ги упростув ги подобрува и ги умножува видовите на орудија на трудот усогла суваjќи ги со посебните функции и способноста на делските работ ници; а од друга страна, таа услови изолирање на различните фаз

38/ К. Маркс, Капиталот, ...оп. цит., с. 301, 302.
39/ Ibid.

на производството, што "стануваат самостојни една спроти друга исто така како многу занаетчиски делски работи"; трудот уште повеќе се разграничува на физичко извршување од страна на делските работници и на деспотско управување од капиталистите и нивните "офицери" и "подофицери" со што се забрзува и зголемува создавањето на релативен вишок на вредност, а со тоа и зголемување на експлоатацијата и отуѓеноста на наемната производна сила.

Со оглед на фактот дека различните функции на целокупниот работник се попрости или посложени и неговите органи, индивидуалните работни сили бараат различни степени на образованост и според тоа имаат мошне различна вредност. Оттука, мануфактурната поделба на трудот создава и развива една хиерархија од работни сили на која одговара една скала од работнички наемнини со што, од една страна се обезвреднува, деквалификува наемниот работник, а од друга страна ги зголемува противречностите во рамките на работничката класа, а со тоа и отапување на нејзиниот револуционерен отпор. Тоа што го губат наемните производни работници во процесот на мануфактурниот начин на производство, се концентрира во капиталот како нивна спротивност. Мануфактурната поделба на трудот доведува до тоа, "да им противстојат на работниците духовните потенции на материјалниот процес на производството како туѓа сопственост и како сила која господари над нив; овој процес на раздвојување почнува во простата кооперација, каде што капиталистот спроти одделните работници ги претставува единството и волјата на општественото работно тело; а потаму, тој се развива во мануфактурата, го осакатува работникот во делски работник"[40/] и го "претвора во кретен".[41/] Според К. Маркс, овој процес на раз-

40/ Ibid., s. 321.

41/ Ibid., s. 320.

двојување на духовните потенции од делските работници завршува во крупната индустрија, која ја одделува науката од трудот како самостојна потенција на производството и ја натерува во служба на капиталот.[42/]

Оттука, овој втор аспект на капиталистичката мануфакту рна поделба на трудот која се изразува не само во поделбата, раз двојувањето, расцепкувањето на производствената дејност на труде туку и поради тоа што со својата "сопствена поделба ја напаѓа ин дивидуата во нејзиниот животен корен" таа прва "дава материјал и поттик на индустриската патологија".[43/]

Меѓутоа, капиталистичкиот начин на производство како производство не само на стоки, туку и на вишок (релативен) на вр дност станува карактеристичен и доминантен со развојот на крупна та индустрија која е заснована врз таков облик на поделба на тру дот кој се карактеризира со производство на машини. Тука веќе из лезната точка на овој капиталистички начин на производство не се наоѓа во работната сила како во фазата на мануфактурната поделба на трудот, туку во средствата на трудот чие оличение се самите машини. Машината, во овие услови, го заменува работникот, однос но машината која сама се движи (т.е. има сопствена погонска сила ги извршува "со своите алати истите операции што работникот ги извршуваше порано со слични алати". На тој начин таквата машина ја направи не само реално можна туку и "нужна" индустриската ре волуција. Машината, како што истакнува К. Маркс "од која произле гува индустриската револуција, го заменува работникот што ракув

42/ Ibid., s. 321.
43/ Ibid., s. 323.

само со еден алат, со еден механизам што одеднаш оперира со маса еднакви или еднородни алати, а го движи една единствена движечка сила"[44/] макар каква и да е нејзината форма. За разлика од мануфактурната поделба на трудот каде, како што видовме, процесот на трудот е разделен на определени операции кои може работникот (или работниците) да ги извршува одделно и независно, во машинската (фабричката) поделба на трудот владее не само определена поврзаност, туку и континуитет меѓу извршувањето на одделните операции и процеси на трудот. Развојот на машините сé повеќе ја прави излишна употребата на силата на мускулите на работникот иако во капиталистичките услови не доведува и до соодветен духовен развој на работникот, односно до смалување на поделбата на умствен и физички труд. Напротив, поделбата на трудот во машинеријата уште повеќе ја зацврстува таа одвоеност меѓу умствениот и физичкиот труд отколку што тоа било во простата кооперација и мануфактурната поделба на трудот. Но пред да се разгледаат општествените последици од поделбата на трудот во машинеријата треба да се истакне двојниот карактер на машинеријата во капиталистичкиот начин на производство. Имено, од една страна, капиталистичката примена на машинеријата го револуционизира самиот начин на трудот како и карактерот на општественото работно тело, на таков начин, што крши секаков отпор против оваа тенденција; од друга страна, таа произведува едно прекумерно работничко население - кое мора да се препушти на законите што ги диктира капиталот,[45/] работничко население од кое сé повеќе се исцедува енергија за создавање на вишок на вредност и сé повеќе се отуѓува како родно, генеричко, човечко

44/ Ibid., s. 333.

45/ Ibid., s. 360.

население. Тој двоен карактер на машината во услови на капиталистичката поделба на трудот произлегува од карактерот на капиталистичкиот начин на производство, поточно речено од двојниот карактер на стоката како производ со своја употребна и разменска вредност. Машината, не само апстрактно, во мислата, туку и во стварноста, е единство на целесообразно употребно средство за производство на употребни вредности (добра) и константен (постојан) капитал за примена и употреба на работната сила со цел за скратување на потребното работно време и продолжување на вишокот на работно време што има за последица поефикасно оплодување на капиталот. Во машината без превез доаѓа до видело отелотворувањето на апстрактниот труд. Во таа смисла, машината како средство на трудот, т.е. како составна компонента на производните сили, во капиталистичката поделба на трудот се јавува како "средство за производство на вишок на вредност" иако како што е познато и што докажа К. Маркс, самата машина како отелотворен минат труд на работникот не создава нова вредност, туку само пренесува дел на новата вредност што единствено ја создаваат производните наемни работници. Оттука, основната суштина на употребата на машината во капитализмот не е создавање (произведување) на употребни вредности, туку тоа е средство и цел за создавање (произведување) на релативен вишок на вредност што е условено од класниот интерес на владеачката буржоазија, бидејќи во однос на работникот е "само апстрактна основа за разликување на туѓите цели за да се одржи сопствената егзистенција".[46/] Оттука, машинеријата нема само двоен карактер на природен и општествен облик, туку и нејзиниот оп

46/ H.D. Bahr, Klasna struktura mašinerije, napomene uz oblik vrednosti, Marksizam u svetu, 10, 1974, s. 91.

штествен облик, од своја страна, е двоен; тоа е она што овде се подразбира под "класна структура". Од една страна, таа како општествен облик има за цел присвојување на неплатениот труд на производно наемен работник; од друга страна, таа има апстрактен вид на целесообразен услов за создавање на употребни вредности било кога да бара општествената потреба - вид што стекнува важење само индиректно, со пресвртување на односот средство - цел. Тоа што овие два општествени облици на машинеријата не се израз на некое остроумно диференцирање само го "докажува" секоја криза на хиперпроизводство во кое овие два облици вистински присилно дејствуваат еден против другиот.[47/] Ова е мошне значајно да се истакне, бидејќи постојат сфаќања, кои често се повикуваат и на К. Маркс, за тнр. "неутралност" на машинеријата и технологијата што е идејна основа на конзервативната теорија за таканаречената "научно-техничка револуција", а за што подоцна ќе стане повеќе збор.

Од изложеното јасно произлегува поврзаноста меѓу општествената и техничката поделба на трудот. К. Маркс расправајќи уште во делот за мануфактурната поделба на трудот во првиот том од "Капиталот", разликува два вида на поделби: поделба на трудот во рамките на мануфактурата (работилницата, подоцна во фабриката) и поделба на трудот во општеството. Од Марксовата анализа, а и вообичаено во марксистичката литература е, под техничка поделба на трудот да се подразбира поделбата на трудот во рамките на фабриката, претпријатието, а поделбата на професии, слоеви и класи во општеството како општествена поделба на трудот. Овие два вида на

---

47/ Ibid.

поделба на трудот меѓусебно се дијалектички поврзани и взаемно условуваат. Во таа смисла К. Маркс пишува дека "мануфактурната делба на трудот сака поделбата на трудот во рамките на општеств то веќе да е развиена до извесна степен на зрелост; и обратно, нуфактурната поделба на трудот, од своја страна, со реакција ја развива и помножува оваа општествена поделба на трудот".[48/] Всу ност, хиерархиската класна поделба во општеството се изразува в хиерархиската поделба на трудот во фабриката, претпријатието и обратно, како што двете се изразуваат во образовната хиерархија во училиштето.

Ова е потребно да се нагласи затоа што сé уште постој сфаќања што техничката поделба на трудот да ја разгледуваат нез висно од општествената поделба на трудот,[49/] или пак сфаќања кс било да не прават разлика меѓу овие два вида поделба на трудот едната ја идентификуваат со другата.[50/]

Од посебно значење е исто така разликувањето на подел бата на трудот на производен и непроизводен труд што Маркс експлицитно го разјаснува, бидејќи ова разликување го воведува А. Смит, но тоа е во согласност со неговата буржоаска ограниченост на сфаќањето на поделбата на трудот. Основата во разграничување то меѓу производниот и непроизводниот труд лежи во двојниот карактер на трудот што произведува стоки, односно во поделбата на конкретен и апстрактен труд. Токму врз капиталистичкиот начин н производство може да се направи разлика меѓу производен и непрс изводен труд независно од самата содржина на работата. При опре

---

48/ К. Маркс, Капиталот, том први, ...оп.цит., с. 314.

49/ Вид., V. Tjagunenko, Podjela rada kao osnovni oblik razvoja društvene proizvodnje, Marksizam u svetu, 2-3, 1976.

50/ Вид., Marc Rakowski, Savez kapitala i nauke, Marksizam u sv tu, 1, 1978.

делбата на поимот производен труд К. Маркс тргнува од суштината и целта на капиталистичкото производство[51/] која се состои во производство на вишок на вредност, но за тоа повеќе подоцна.

Разликување на овие облици на производен и непроизводен труд е мошне значајно за поимањето на работничката класа во капитализмот што е едно од клучните прашања во сфаќањето на класно-социјалната структура на капитализмот, за што ќе стане подоцна збор, а во врска со што има недоразбирања и во современата марксистичка литература, а особено кај застапниците на теоријата на "научно-технолошката револуција".

Меѓутоа, да се вратиме на поделбата на трудот во машинскиот капиталистички начин на производство. Основното начело и во машинското производство се состои во "разложување на процесот на производството на неговите составни фази. Затоа машинеријата навлегува во мануфактурата де во овој де во оној одделен процес. Со тоа се распаднува нивниот цврсто искристализиран строј што произлегува од старата поделба на трудот и им отстапува место на непрекинатите измени."[52/] Оттука машинската поделба на трудот го револуционизира процесот на производство, нагло и до неслутени граници ја зголемува продуктивноста на трудот, го направи неодрживо продолжувањето на работниот ден во смисла на апсолутниот вишок на вредност, иако фактички го зголеми вишокот на работното време во смисла на производство на релативен вишок на вредност.[53/]

Со оглед на фактот што во машинскиот начин на производство до крајна граница се одвојува духовната компонента на трудот

51/ Marks K., Rezultati neposrednog procesa proizvodnje, Rukopis neobjavljene šeste glave Kapitala (I), IC "Komunist", Beograd, 1977, s. 64.

52/ К. Маркс, Капиталот, том први, оп. цит. с. 405.

53/ Ibid.

од производниот работник, до крај му е одземена можноста да планира во процесот на трудот, работникот извршува само определена парцијална, елементарна операција во целокупниот циклус на производство, операција која работникот го приврзува за машината ка ко мајчината папочна врвца што го приврзува сопственото дете. Та ка во оваа фаза на развој на капиталистичкиот начин на производство се довршува пресвртот во процесот на производството каде ор дието од помошно средство на производителот во занаетчискиот, па донекаде во мануфактурниот начин на производство се претвора во владеачки фактор над човекот, т.е. работникот му служи на орудието (т.е. машината) на производство.

Сведувањето на процесот на трудот врз извршување на ед ноставна проста операција во модерната капиталистичка примена на машинеријата овозможи работникот да може да се вклучи во различни фази и области на производството. Со тоа работникот лесно мо же да се префрлува од една гранка на производство во друга; од е но претпријатие во друго. Во таа смисла сликовно истакнува Ѓ. Ла Граса кога вели дека добар чевлар би можел да стане исто така до бар дрводелец дури после долго обучување (во услови на занаетчиско производство). Но работникот на голема фабрика за чевли може да работи и во голема фабрика на намештај што се изградува во се рии исто онака како што работи и во фабриката за чевли. Освен то секој работник може да се замени со секој друг работник. Физички труд овде е одвоен од интелектуалниот труд, од "духовните потенции на процесот на производство" кои му се подредуваат на капиталот, кои капиталот ги "апсорбира", кои стануваат функција на капиталот.[54/] Тоа е во духот на она што К. Маркс го нагласува во

54/ G. La Grassa, "Apstraktni" rad i "stvarna" eksproprijacija proizvodjača, Marksizam u svetu, 2-3, 1976, s. 340.

Наемниот труд и капиталот дека во услови на капиталистичкото машинско производство "работникот се претвора во проста, монотона производна сила од која не се бараат особени ниту телесни ниту духовни напори; сега неговата работа може да ја работи секој."

Машинеријата предизвикува големи последици во големи размери: секаде каде се воведе таа предизвика заменување на изучените (квалификуваните) работници со неизучени (неквалификувани), мажите со жените, возрасните со децата така што како истакнува К. Маркс "присилниот труд за капиталистот не го узурпирал само времето на детските игри туку и слободниот труд што се вршел за нуждите на самата фамилија во домашниот круг, во рамките на моралните граници."[55/] При тоа, машинеријата ги фрла на пазарот на трудот сите членови на работничката фамилија така што вредноста на работната сила од мажот ја поделува на целата негова фамилија со што се обезвреднува и неговата работна сила, а и ја зголемува конкуренцијата меѓу самите работници. Оттука на пазарот на трудот се појавува тенденцијата на опаѓање на вредноста на работната сила, односно на наемнината. Машината, како што истакнува К. Маркс, се злоупотребува, за да се претвори самиот работник уште од дете во дел на некоја делска машина. Во мануфактурата и занаетот работникот се служи со алатот, во фабриката тој ѝ служи на машината. Во мануфактурата работниците се членови на еден жив механизам додека во фабриката суштествува еден мртов механизам, независен од нив, а тие се присоединети кон него како жив придаток. Додека машинскиот труд до крај-

55/ К. Маркс, Капиталот, том први, оп. цит. с. 349.

ност го изморува нервниот систем, дотогаш тој ја потиснува многустраната игра на мускулите и ги плени сите слободни телесни и духовни дејности. Зголемената и неиздржлива интензивност на трудот проследена со "касарнската дисциплина" што ја одржуваат разните фабрички "офицери" и "подофицери" трудот на работникот го прави средство за мачење, целосно отуѓување на неговата генеричка сушност, зашто "машината не го ослободува работникот од трудот, туку неговиот труд од содржината". Така машината кога е под владеењето на капиталот станува средство на најсурова експлоатација на производниот наемен работник. Машинскиот фабрички начин на производство го "концентрира капиталот и уште повеќе го раздроби човекот".[56/] Таквиот карактер на трудот и убиствената експлоатација не само на возрасните мажи туку и на жените и децата силно се одразува и врз нивната здравствена состојба која се влошувала сѐ повеќе и често завршувала со прерана смрт (што К. Маркс и со податоци го поткрепува). Исцрпувачката работа на родителите, а и на оние кои постојано на пазарот на трудот ја изложуваат својата работна сила силно влијае врз воспитната и образовна запуштеност на децата од кои подоцна, како и од оние кои се регрутирани во "резервната армија" на трудот, се "произведуваат" разните претставници на социјалната патологија - од алкохоличари и питачи до криминалци што го зафаќа целиот капиталистички систем. К. Маркс брилјантно го опишува овој феномен кој што е карактеристичен за сите општества (и современите) кои се засновуваат врз стоковно-парично производство, покажувајќи го пластично процесот што доведува до специјалности, а со тоа заедно и "професионалниот идиотизам".

56/ К. Маркс, Беда на филозофијата, "Култура-Мисла", Скопје, 1974, с. 132.

Маркс пишува: "филозофот произведува идеи, поетот стихови... професорот прирачници итн. Криминалецот произведува злочини."

"Ако се посматра поблиску односот кој постои помеѓу оваа гранка на производство и општествената заедница, повторно ќе се вратиме на предрасуди. Криминалецот не произведува само злочини, туку уште и кривично право, професорот кој подготвува часови од кривично право и се доаѓа до неизбежните учебници во кои тој (професорот) го кондензира своето проучување во поглед на вистината. Значи, има наголемување на националното богатство, без да се смета задоволството на авторот. Криминалецот ја произведува, освен тоа, организацијата на милицијата и на криминалистичката правда, агентите, судиите, џелатите, поротниците, различните професии кои ги конституираат истите тие категории на општествената поделба на трудот, развивајќи ги особините на духот, создавајќи нови навики (потреби) за нивното задоволување... Криминалецот произведува дејство, било да е морално или трагично, тој исто чини услуга во движењето на моралните и естетските чувства на луѓето. Освен прирачниците на кривично право, кривичните законодаватали и законодавство, тој произведува уметност, литература, романи, гледање на трагедии (театарски - П.Г.). Криминалецот внесува промена во монотонијата на буржоаскиот живот, тој заштитува од малаксалост и ја создава оваа вознемирена напнатост, оваа подвижност на духот, без што поттикот на конкуренција и самиот себе би се отапил. Криминалот им дава, значи, еден нов импулс на производните сили..."[57/]

57/ Цитирано според Henri Lefebre, Sociologie de Marx, Presses Universitaires de France, Paris, 1966, p. 92-94.

А. Лефевр, кој го наведува овој Марксов текст, истак нува дека лесно е да се покаже во овој необичен фрагмент "марк систичкиот" коментар на Балзаковото дело и на негативната личност *par exellence:* Вотрен. Овој фрагмент е доволен да покаже со каква широчина Маркс ја видел анализата на буржоаското општ ство, производните сили и класните односи; посебно поделбата н трудот во нејзиниот тоталитет што треба да се наблудува и анал зира, без да се заплете во разврстување на сектори, функции, р мништа, засновани врз статички начин (недијалектички).[58/]

Со развојот на индустријата и монополскиот капитализам уште повеќе се развива поделбата на трудот особено во рамк те на фабриката, претпријатието. Тој процес беше силно забрзан со ткн. "научна организација на трудот", чиј автор е Ф. Тејлор и "масовното производство" на Х. Форд, во почетокот на овој век

Идејната суштина на Тејлоровата "научна организација на трудот е чисто апологетска, буржоаска и има за цел да го ис цеди и последниот атом на енергија од работникот за зголемуван на вишокот на вредност, иако таа настапува со превезот божем има за цел "постигнување на најголема благосостојба" на работодавателите и на секој вработен. Тејлор секоја задача, работа на работникот ја разделил на ситни составни операции и мерејќи го времето (со штоперица) потребно за нивното извршување од страна на најспособните и посебно мотивирани работници, создал мерни временски стандарди за извршување на секоја операција посебно. Изведувајќи го своето "проучување" во една спе цифична работничка дејност - товарење на железо успеал работ-

58/ Ibid.

никот што го зел за пример (Холанѓанецот Шмит) така да го "дресира" во вршењето на ситните операции така што тој од $12\frac{1}{2}$ тони железо почнал да товари речиси четири пати повеќе - $47\frac{1}{2}$ тони за еден работен ден кој траел од "утро до мрак", како што истакнува самиот Ф. Тејлор, а при тоа истиот работник за тоа добил покачување на дневната наемнина од 1,15 долари на 1,85 долари.[59/] И Тејлор тоа иронично го нарекува вистинско остварување на еднаквата цел на управата на претпријатието и на работниците, т.е. на "подеднаква благосостојба за сите". "Научната организација на трудот" толку го раздроби, раситни човековиот труд така што во него секој ситен дел бил точно измерен и стандардизиран: тежината на материјалот кој треба да се пренесува со лопата, големина и зафат на лопатата, оддалеченоста која треба да се премине за најкусо време, начинот на држење и лакот на зафрлувањето на лопатата, кога и колку треба да се одмара работникот итн. Таквиот дресирачки начин на извршување на ситните расцепкани и одвоени операции било можно да се извршува од работниците само под строга, железна надгледувачка контрола што сето тоа доведува до такво отуѓување на работникот кое како битие е сведено на своите животински функции.

Ова фактичко отуѓување на работникот на своевиден циничен начин се одразува и во свеста на овој синкофски буржоаски инжинер кога пишува дека "човекот за да биде употреблив за утоварување на железо како свое редовно занимање... еден од најглавните услови треба да биде така глуп и флегматичен што по-

---

59/ Види пошироко во книгата на F. Taylor, The Principles of Scientific Management, Harper, Brofhers, New York, 1911.

веќе ќе личи на вол отколку на некој друг вид". Во оваа смисла не е многу подалеку и сфаќањето на творецот на тнр. "масовно производство" Х. Форд кога истакнал дека своите напори ги концентрирал за да го натера "работникот помалку да мисли, а движењето да му биде сведено на минимум".

Се разбира дека сите овие "теории", - Тејлоровата "н учна организација на трудот", Фордовата за "масовното производ ство", Гилбричевата "економија на движењето", Ч. Бедовата "еде Б" која се обидува да ги спои Тејлоровата и Гилбричевата, за суштинска цел имаат да го претворат работникот - во слепо, дре сирано и послушно битие кое има да извршува ситни операции за кои не треба да размислува, бидејќи за нив "има кој да мисли", да ги сведат на еднолични битија, на живи предмети без свои ба рања и класни интереси, битија кои целата своја енергија ќе ја опредметат во создавањето на сѐ поголем релативен вишок на вре дност и оплодување на капиталот. Во ваквите услови на општествена поделба на трудот знаењето, размислувањето се појавува како нешто туѓо, вон работникот, дури одвоено од процесот на трудот во посебен сектор, а живиот труд, од една страна се појавува како потчинетост на "самостојно дејствувачкиот опредметен (мртов) труд", а од друга страна како потчинетост и целосн одвоеност од умствениот труд, концентриран во посебна општеств на група на надгледувачи, планери, бироа и сл. Така капиталот на одреден начин ја потчинува и самата наука и ја става во фун ција на оплодување на капиталот.

Оваа тенденција во поделбата на трудот особено се из разува и забрзува со поделбата на трудот врз тнр. верижна лента и автоматизација. Верижната или монтажната лента на произ-

водство го довршува процесот на поделба на трудот во која човекот - работник не само што е прилагоден туку и потчинет на машината, на временскиот ритам на процесот на производство што е определуван не од самиот работник, туку од посебна "стручна" група во соработка со управата на претпријатието, попрецизно речено со сопствениците на средствата за производство. И монтажната лента имаше за последица големо зголемување на производноста на трудот, иако тоа зголемување оди до определена граница од која повторно се покажува нејзино смалување, особено поради негативните последици што ги предизвикува наметнатиот (присилен) ритам на производство на производните работници.

Ако монтажната лента се наблудува од аспект на техничката поделба на трудот, тогаш неа ја карактеризираат: механички ритам на процесот на трудот; парцијализација на човековиот труд на извршување само на една или неколку ситни операции и само на еден дел од производот; сукцесивна повторливост на истата (остите) операција за целиот работен ден; оттука, произлегува и рутинското извршување на еднострананата операција од што следува и потреба од работник со минимална стручна квалификација, бидејќи едноставната операција се научува за неколку денови; доведува до монотонија на процесот на трудот итн.

Од аспект на општествената поделба на трудот која, како што истакнавме порано, е тесно и дијалектички поврзана со техничката поделба на трудот, монтажната лента предизвикува мошне значајни социјални последици: довршување на процесот на отуѓување на работникот - негово целосно подвргнување на ритамот на верижната лента во што тој нема никаков удел, целосно одво-

јување на ритамот на верижната лента во што тој нема никаков удел, целосно одвојување на интелектуалната компонента на трудот од работникот и нејзино пренесување на посебна "група" наемници на капиталот кои нему му служат, а кои се антагонистички спротивставени на производните наемни работници.

Во ваквите услови натпреварот на производните работници во претходните фази на поделба на трудот што се состоеше во разликата на количеството на производи или во брзината на извршување на одделните задачи или операции меѓу самите работници се заменува со натпревар меѓу физичко-физиолошката издржливост на работникот и брзината на монтажната лента, која често пати работи автоматски и непроменливо. Самата грамзливост на капиталистот за жнеење на што поголем профит него го присилува (заедно со своите "офицери" и "подофицери") да го зголемува ритамот на верижната лента што често пати се граничи со психофизичката издржливост на производниот работник. Оттука, не само поради монотонијата на репетитивното и просто извршување на операцијата туку и поради несоодветната брзина во ритамот на монтажната лента како и поради неможноста за вршење на други задачи и комуникација со другите работници, за време на процесот на трудот, работникот често пати добива нервен слом и завршува во некоја болница или пак за да не го доживее тоа тој ја напушта (или бидува отпуштен) фабриката во која процесот на производство се одвивал врз монтажната лента.[60/] Монотонијата и

60/ Некои од овие последици се многу проучувани. За нив податоци може да се најдат во преведените книги на Ж. Фридман: "Куда иде људски рад", "Размрвљени рад", "Проблеми човјека у индустријском машинизму" ("Веселин Маслеша", Сарајево, 1964, с. 138-145).

заморот што го предизвикува извршувањето на едноставни операции на монтажната лента кај работникот силно негативно се одразува и во семејниот живот и во поширокaта околина, т.е. тоа влијае и врз отуѓувањето на работникот во сите облици на општествениот живот.

Работникот не само што е отуѓен од сопственикот на средствата за производство, од капиталистот, туку и од сите други непроизводни работници меѓу кои посебно од групата инжинери, планери, надгледувачи, контролори кои и самите се наоѓаат во функција на оплодувањето на капиталот и во производните работници гледаат само дел на машината или монтажната лента; за нив работниците се број исто како и произведените стоки, безлични живи суштества кои треба само да се прилагодат на машината, на верижната лента, на нејзиниот ритам на движење што тие го утврдија врз основа на начелата на "науката". Затоа и тие се најзаслужни за зголемената производност на производство. Во оваа фаза на поделба на трудот заснована врз капиталистичкиот начин на производство, како што се гледа, добива јасна физиономија технократското однесување на групата инжинери, планери, менаџери, контролори, итн., што започнува уште во машинската фаза на поделбата на трудот, а која така пластично ја опиша К. Маркс.

Монтажната лента на производство е основа и предуслов на појавата на автоматизацијата. Во современото високоразвиено фабричко производство верижната лента и автоматизираните машини се меѓусебно поврзани и претставуваат единствен процес на производство. Сепак, поделбата на трудот врз основа на автоматизацијата се јавува по појавата и заврстувањето на монтажната лента и предизвика значајни психосоцијални последици.

Самата автоматизација на производството е еден процес кој се одвива од полуавтоматски машини па се до целосен систем на автоматизирани машини во кој и одделните ситни и одвоени операции што ги вршеше работникот се пренесени на извршување на автоматската машина.

Во таа смисла, со право истакнува Ж. Фридман дека потполниот автоматизам започнува во моментот кога последните производни движења на работникот се пренесени на запчаникот, на запчалките, на металните осовини... Автоматизмот се појавува и се созрева во еден период неизмерно побогат по разновидни техники, во периодот на втората индустриска револуција, која се ползува со нови облици на енергија и со најделикатни уреди за да ги замени човековите движења и чула (електрични контакти, фотоелектрични ќелии итн.).[61/] Автоматските машини можат речиси да го елиминираат работникот - извршител на една едноставна, проста физичка операција, а силно ги зголемува непроизводните задачи: надгледувањето, контролата и особено регулирањето. "Работникот отсега може да управува со повеќе машини. Една екипа на ткаачи надгледува, во некои работилници, повеќе стотини автоматски ткаачки разбои. Модерната хемиска индустрија дава многубројни примери на работи, понекогаш деликатни, кои се состојат пред сé во надгледување на апаратите за мерење (притисок, температура, густина итн.): тука мускулатурниот труд е незнатен или никаков".[62/] Но затоа вниманието на работникот во контролирањето на автоматските машини станува уште

61/ Fridman Ž., Problemi čovjeka u industrijskom mašinizmu, "Veselin Masleša", Sarajevo, 1964, s. 146, 147.

62/ Ibid., s. 149.

понапнато и позаморно.[63/] Во таа смисла, доколку повеќе се приближува кон автоматизам - а, сепак целосно не го достигнува, дотолку делот на трудот што е оставен на човекот изгледа сам по себе дека е ослободен од секоја интелектуална или техничка занимливост: постојат само неколку повторувани, мошне едноставни работи кои веќе ги поставуваат машините што порано или подоцна ќе ги замени. Се чини дека машината кон себе го привлече работникот за да би ги исполнила своите празнини: тогаш таа со него потполно заповедува и му ги наметнува своите потреби.[64/]

На тој начин и автоматизацијата која се развива врз капиталистичкиот начин на производство има двоен противречен карактер: Од една страна уште повеќе ја зголемува производноста на трудот, го зголемува релативниот вишок на вредност и оплодувањето на капиталот; уште повеќе од машинската и верижната поделба на трудот го намалува физичкиот (мускуларниот) напор на работникот; а од друга страна, уште повеќе го деквалификува трудот на работникот одземајќи му ја целосно размислувачката (интелектуалната) компонента; понатаму, зголемувајќи ја монотонијата и отуѓеноста на производниот работник, претворувајќи го него во додатен и составен дел на автоматизираниот процес на производство; во "автоматски" дел кој мошне брзо реагира на звучните, светлосните и други сигнали на автоматизираната машина, зголемувајќи ја притоа нервната напнатост до крајната граница на психички слом. Особено тоа е изразено во оние гранки на современата индустрија во кои темпото на автоматизираниот монтажен процес на производство е мошне брзо и несоодве-

63/ Ibid., s. 150.

64/ Ibid.

тно на човековиот процес на трудот, што на прв поглед иако се покажува дека работниковиот труд е ослободен од интензивната мускулатурна енергија, сепак тој вистински е мошне напорен.[65/]

Неможејќи да го следат таквиот брз ритам на автомати зираното производство работниците или ја напуштаат фабриката, доколку имаат можност да најдат поповолна работа во некоја дру га фабрика или, пак, патот ги води во болница, особено кога е голема и остра конкуренцијата на резервната индустрија армија (а една од последиците на нејзиното зголемување е и автоматизацијата на трудот) на пазарот на работната сила и немаат перспектива да најдат поповолно работно место.

Современите футуристи предвидуваат дека сегашниот бр развој на роботите и кибернетиката уште повеќе ќе го овозможи процесот на целосна автоматизација во високоразвиените индус-

---

65/ Во оваа смисла примерот со автоматизираниот монтажен процес на производство на автомобили "вега" во Лордстаун (Lor staun) во САД што го изнесува Ема Ротчилд (E. Rothschild) мошне илустративен. Имено, овде основниот принцип на техно логија е забрзување на ритамот на процесот на трудот што г применил уште Х. Форд. Во Лордстаун за еден саат на автома тизираната монтажна лента можат да поминат 100 возила, додека вообичаениот ритам е 60 возила. Работниците за секои 36 секунди се сретнуваат со едно ново возило "вега"; што значи дека една екипа во текот на осум саати присуствува на дефиле од 800 "веги". Неможејќи да го издржат ваквиот брз ритам на трудот, работниците во почетокот на 1972 година гласале за штрајк (97%) со што јасно го изразиле својот класен интерес, бидејќи и самата оваа фабрика била изградена со цел да се зголеми релативниот вишок на вредност преку зголемената интензификација на процесот на трудот, а со тоа и зголемената експлоатација на производните работни ци во автомобилската индустрија во САД. Токму оваа фабрика во Лордстаун според нејзините капиталистички сопственици и конструктори, требало да го покаже лицето на иднината на ав томобилската индустрија во САД, Како што истакнува Е. Ротчилд, таа кога била изградена претставувала "гордост" на уп равата на General Motoros (Вид., E. Rothschild, Automatizacija i polukvalifikovani radnici u General Motorsu, "Marksizam u svetu", 5-6, 1974).

триски земји, што силно би се одразило врз смалувањето на работната сила. Се предвидува дека до крајот на овој век роботите би можеле да заменат 50 до 75 одсто од производните фабрички работници во САД. Дури повеќе од тоа, ќе ги преземаат и административните работи што исто така ќе доведе до смалувањето на "подофицерите и офицерите" на индустрискиот производен процес. Меѓутоа, и многу слични футуристички предвидувања од 50-те и 60-те години дека овие процеси и посебно автоматизацијата ќе преовладаат во 80-те години во високоиндустријализираните земји не се оствари. Постојат аргументирани анализи,[66/] а тоа и стварноста го покажува дека автоматизацијата сè уште релативно малку го зафати индустриското производство, а особено во некои гранки на производство речиси воопшто ниту се обидело да се примени.

Оттука, нереални се и оние сфаќања кои во автоматизацијата на процесот на трудот гледаат како на суштински чинител не само во надминувањето на поделбата на физички и умствен труд,[67/] туку и како основен чинител на револуционерни општес-

66/ Дури и предвидувањето дека автоматизацијата на процесот на трудот во некои индустриски гранки нагло ќе доведе до смалување на неквалификуваните и приучените работници на сметка на мошне значајно зголемување на техничарите и инжинерите не се оствари целосно. Така Нико Пуланцас повикувајќи се на една анкета на SNPS истакнува дека "автоматизацијата предизвикала зголемување бројот на техничарите и инжинерите само во 36% од претпријатијата". Понатаму повикувајќи се на П. Навил тој подвлекува дека, меѓу особјето кое работи на автоматизираните уреди има приближно околу 80% неквалификувани работници. Кај Renault, на пример, помеѓу 1965 и 1969 година процентот на техничарите се зголемил за околу 60%, но исто така е зголемен и процентот на приучените (полуквалификувани - П.Г.) работници за 60%, и тоа воглавно за сметка на бројот на квалификуваните работници (Pulancas, N., Klase u savremenom kapitalizmu, "Nolit", Beograd, 1978, s.272).

67/ Кај нас, кон средината на шеесеттите години, едно такво сфаќање изнесе д-р Руди Супек, истакнувајќи притоа, дека "...автоматизацијата со оглед на положбата на човекот во занимањето е укинувањето на онаа традиционална поделба на телесен и умствен труд" така што таа ги "укинува антагонизмите меѓу мануелното и административно особје..."(R.Supek, Sociologija i socijalizam, "Znanje", Zagreb, 1966, s. 199, 200).

твени промени. Ова последното особено доаѓа до израз во тнр. "теорија" на "научно-техничката револуција".

### в) "Научно-техничката револуција" замена за социјалната револуција

Самиот термин "научно-техничка револуција" сé почесто започнува да се употребува од почетокот на 60-те години, иако прв пат е употребен со обид на негово дефинирање кон крајот на триесеттите години од англискиот мислител со марксистичка ориентација - Ј.Д. Бернал во својот труд "Социјалната функција на науката",[68/] а повторно реафирмиран во 1954 година во неговиот труд "Науката во историјата".[69/] На реафирмацијата на овој термин, подобро речено идеологија во шеесеттите години и подоцна му претходи терминот "индустриска" или "научно-техничка цивилизација" што настана во определена класна и идеолошка клима во Германија по поразот во втората светска војна, всушност идеологија настаната во рамките на општествените науки која одговарала на интересите на буржоаската класа која настојувала да се прилагоди на новонастанатите услови ставајќи, при тоа тежиште на техничките иновации и научниот прогрес како најсуштинско во понатамошниот општествен развој со цел да го отклони вниманието од класните конфликти, класната борба која води до револуционерни општествени промени. Материјалната почва и "доказна" основа на оваа идеологија беа резултатите на природните науки а посебно резултатите од употребата на атомската

---

68/ The Social Function of Science, London, 1939.

69/ Science in History, London, 1954.

енергија, кибернетиката и автоматизацијата. Речиси и идеологијата на "научно-техничката револуција" ја има истата материјална основа и идејна суштина, така што тие често пати се употребуваат како синоними, особено од некои главни застапници на идеологијата на "научно-техничката револуција".

На прв поглед може да изгледа вчудовидувачки кога ставовите и "аргументите" на застапниците на оваа идеологија се исти или слични и на Запад и на Исток, - т.е. во индустриски високо развиените капиталистички општества и во етатистичките социјалистички општества како и тоа дека и во едните и во другите таа претендира на владеачка идеологија. Но, привидот брзо исчезнува ако се сфати нејзината суштина - да се замагли суштината на општествените конкретни класни конфликти и владеачките односи без разлика дали тоа се односите капитал-наемен труд или односите кои произлегуваат од државната сопственост во социјализмот врз неа настанатиот антагонистички однос бирократија - наемни работници. Тоа, всушност е заедничкиот именител и на капиталистичката и на "социјалистичката" апологетска идеологија на "научно-техничката револуција", што ќе се види од текстот што следува.

Буржоазијата тежи да го одржи својот економски политички и духовен монопол и класен владеачки интерес во *status quo* и да ја стави во прв план техничката и научната новост. Во таа смисла буржоазијата развива два вида идеологии во зависност од нејзината положба во основниот структурален судир. Така, според А. Лефевр, "малтузијанизмот станува нејзина идеологија во периодот на слабеењето, т.е. кога таа се

наоѓа во одбрана. Снобизмот кон техниката станува нејзина идеологија во периодот на експанзија, воодушевување, просперитет. Во двете ситуации, таа е на рамниште на производните сили од каде потекнуваат идеологиите."70/

Иако во определени ставови претставниците на идеологијата за "научно-техничката цивилизација", односно "научно-техничка револуција" се разликуваат, сепак во основните прашања заземаат ист или сличен став. Така, според д-р В. Милиќ за прифатливоста на идеологијата за "научно-техничката цивилизација" во широките слоеви барем во две нешта постои основна согласност на сите три главни претставници (Х. Фрајер, А. Гелен и Х. Шелски) на овој правец: "(1) во оваа цивилизација суштински се смалуваат општествените разлики и (2) политиката престанува да биде господарење над луѓето и се претвора во подреден помагач на техниката што ги извршува нејзините императиви. На ова му се придружува укажувањето на меѓународниот карактер на оваа цивилизација во која националните особености стануваат сè поспоредни."71/

Иако овие автори се сложуваат во овие основни карактеристики на "научно-техничката цивилизација", тие, сепак различно ги оценуваат. Така, Х. Шелски има изразито позитивен ста Од описот на промените во повоените децении на Сојузна Германија изведува заклучок дека, во споредба со другите развиени

70/ Lefebure H., Sociologie de Marx, op. cit., p. 88.

71/ Milić, Vojin, Buržoaski konzervatizam u savremenoj sociološkoj teoriji (I), Filozofija, 2-3, 1970, s. 36. Понатамошното излагање за идеологијата на "научно-техничката цивилизација" се засновува врз неговата анализа.

капиталистички земји нејзината општествена структура најповеќе е изменета. Врз таа појава влијаеле повеќе чинители: засилена нагорна подвижност на работниците, на техничките и на управните службеници, со истовремено релативно паѓање на сопственичките и образовните слоеви на буржоазијата, исчезнување на сиромаштвото, социјалната и пореската политика кон дејствување во правец на нивелирање на доходот, изедначување на нормите на општественото и културното однесување и стремеж кон преовладување на малограѓанскослојните особини, врз што влијае масовното производство на потрошени добра и масовниот печат.[72/] На тој начин, вели Х. Шелски, целото општество почнува да се нивелира во единствен средно-сталешко-граѓански слој. Но, потоа следи апологијата на Шелски кога нагласува дека класните напнатости и судири не се повеќе главна движечка сила, тие им отстапуваат место на напнатостите и спротивностите меѓу "интимните примарни групи, од една, и апстрактните бирократски големи организации, од друга страна. Врз ова, а не врз класната основа се развиваат организации што треба да ги бранат разните посебни интереси, во прв ред стремежот на одделни групи за подобра положба во распределбата на благосостојбата. Поради одредени постојани општествени напнатости и противречности, кои заостанатата свест ги преувеличува и засилува, Х. Шелски смета дека функционалистичките теории за хармоничната "стратификација" на општеството се еднострани и дури штетни. Меѓутоа, описот што го дава Х. Шелски во ништо суштински не се разликува

72/ Ibid., s. 36.

од Парсонсовата слика на стратификацискиот еквилибриум на општеството на Соединетите американски држави. Оттука, со право истакнува д-р Војин Милиќ дека "идеологијата на "научно-техничката цивилизација" во толкувањето на општествената структура на современото капиталистичко општество без поголеми тешкотии може да ја замени идеологијата на моралната интеграција (т.е. функционалистичката - П.Г.). И во методски поглед вчудовидува сличноста на овој опис со Парсонсовиот".[73/] Шелски, Фрајер и Гелен не се трудат ни најмалку систематски и искуствено (емпириски) да ги аргументираат своите изведени претпоставки и воопштувања.

Меѓутоа, оваа апологетска идеологија за "научно-техничката цивилизација", односно за "научно-техничката револуција" не е карактеристична само за идејната клима на Сојузна Германија во педесеттите години па и подоцна, туку таа ги опфаќа и другите високоразвиени капиталистички земји а од шеесеттите години и етатистичко-социјалистичките, и тоа оние сили кои се технократски насочени. Така, на пример, во англосаксонските земји, за некои мислители брзиот техничко-технолошки развиток капиталистичкиот систем го води во таканаречената "држава на благосостојба" (W. Robson, C. Grosland и др.), за други кон "општество на изобилство" (D. Bell). За повеќето од нив настанувањето на "постиндустриското" општество е претскажано уште со она емпириско тврдење дека "новата интелектуална технологија" (т.е. теоријата на системите, кибернетиката, електронските пресметувачи, работите и др.) суштински ја преобра-

---

73/ Ibid., s. 37.

зува и дека ќе ја преобразува структурата на општествата во втората половина на XX век. Во таа смисла, истакнува Д. Бел дека оваа "интелектуална технологија" продолжува на едно повисоко рамниште на рационализација да ја игра истата онаа револуционерна улога што ја имала машинската технологија во минатиот век.[74/]

За разлика од оваа струја на идеологијата на "научно-техничката револуција" според која, како што видовме, техничко-технолошкиот развиток доведува до тоа капиталистичкото општество да се трансформира во "општество на изобилство"; или во "држава на благосостојба", во "научна цивилизација" и сл., постојат и други од кои две се покарактеристични: "збогатување на трудот и исчезнување на отуѓеноста на трудот" (R. Blauner, F. Fürstenberg, а во поблага форма G. Friedman и A. Tauraine) и создавање на "нова работничка класа" (S. Mallet).

Р. Блаунер тргнува од поставката дека техничкиот прогрес и посебно автоматизацијата на процесот на трудот во индустријата доведува до задоволство на работникот од трудот затоа што тој повторно доаѓа до целината на производот и до надгледување на целиот процес на трудот. Со тоа во почетокот од овој автоматизиран индустриски процес значајно се намалува, а подоцна и целосно исчезнува отуѓувањето на трудот, односно на работникот. Во овие услови работниците го "доживуваат трудот како лично самопотврдување."[75/]

---

74/ Bell. D., The Coming of Post - Industrial Society: A Venture in Social Forecasting; Basic Books:, New York, 1973.

75/ Blauner R., Alienation and Freedom, University Press of Chicago, Chicago, 1964, p. 15.

Според познатиот француски социолог А. Турен, кој прв ја создаде познатата трофазна шема на развој на индустријата и поделбата на трудот (фаза А - мануфактура:, Б - машинско производство и фаза Ц - автоматизација), токму суштински преминот е од машинско на автоматизирано производство каде квалитативно се менува и свеста на работникот, која преминува од "слобода од трудот" во "слобода во трудот". Токму во оваа фаза "слобода во трудот" која настанува поради автоматизацијата и техничкиот прогрес работникот повторно добива одговорност и самоиницијативност во самиот процес на контрола на производниот труд. Тоа е социјалната страна на автоматизацијата која на крај на краиштата доведува до спојување на работниците со другите општествени класи и слоеви.[76/]

Тука, всушност и се надоврзуваат сфаќањата на онаа струја на идеологијата за "научно-техничката револуција", особено на марксистички ориентираниот негов земјак - Серж Мале кој ја прифаќа Туреновата шема на "три фази" во развојот на техниката и индустријата и врз неа ја гради својата концепција за "новата работничка класа"[77/] слично на Гародиовиот "нов историски блок". Имено, според С. Мале, во текот на автоматизацијата под непосредно влијание на суштински променетите работни услови во високоиндустријализираните капиталистички земји, се формира "нова работничка класа" која спрема "старата работничка класа", т.е. онаа која работи во услови на техничко-технолошки развој во "фазата Б" (односно во механизираното

76/ Вид., Tauraine A., L'Evolution du travail aux Usines Renault, C.N.R.S., Paris, 1955, како и неговиот труд La Conciance ouvriére, seuil, Paris, 1966.

77/ Mallet, S., Nova radnička klasa, "Komunist", Beograd, 1970

производство) се наоѓа во спротивност, а што е, според него од фундаментално значење за социјалистичкото работничко движење. Според него, само под притисок на новите работни услови кои се детерминирани од автоматизацијата, работниците се наоѓаат во состојба да ги развиваат оние врз "самоуправувањето" насочени синдикално-политички барања и акциони форми што тој ги смета како соодветни да станат насочувачка определеност кон такви реформи кои го надминуваат капиталистичкиот систем. Според С. Мале, автоматизацијата го истиснува неквалификуваниот и приучениот работник, а потребата од средностручни и високостручни (со високо образование) стануваат пресудни. И токму овие средно и високоспецијализирани работници го сочинуваат поимот "нова работничка класа" и која, според него, ја презема улогата на "авангарда на социјалистичкото работничко движење".

Ваквото Малеово сфаќање, на работничката класа, се разбира, е мошне тесно, па и погрешно, бидејќи и самите појдовни поставки во основата се погрешни. Имено, и колку да се изменети или се изменуваат работните услови на работниците во автоматизацијата, во позитивната смисла на зборот, сепак тие не се суштински и решавачки за создавање на "нова" работничка класа во рамките на постојниот капиталистички општествен систем. Тие се, напротив, сосем споредни. Дури и да е брз и сѐ поопфатен процесот автоматизација (а голем број студии го покажуваат спротивното)[78/] во капиталистичките индустриски земји,

78/ Покрај спомнатите податоци за паралелното зголемување на бројот на техничарите, инжинерите и неквалификуваните работници што ги изнесува Н. Пуланцас, овде ќе ги споменеме уште анализите на Болзани "Radnička kritika organizacije rada", Marksizam u svetu, 11, 1975, и за флуктуацијата на работната сила Giovanini Berlinguer, Alberto Minucci: "Nauka i organizacija rada", Marksizam u svetu, 4, 1975.

сепак тоа е само квантитативно, а не и квалитативно зголемување на производните сили и не го надраснува типот (карактерот) на општествениот систем, односно капиталистичкиот начин на производство и со него соодветните производствени односи. Не може да издржи сериозна марксистичка критика ниту самото основно негово поимање на "новата работничка класа" под што тој ги вбројува намештениците, техничарите, лаборантите, инжинерите, научниците и високоспецијализираните лица, т.е. сите оние што К. Маркс ги означува како управувачи, т.е. "офицери" и "подофицери" во фабричкиот систем на производство и кои се наоѓаат во функција на капиталот и неговото оплодување и кои со своите привилегии што ги имаат токму поради таквата улога во однос на капиталот антагонистички се спротивставени на производните наемни работници, како што ќе видиме малку подоцна.

Според идеолозите на "научно-техничката револуција" за "збогатувањето на трудот" и создавањето на "новата работничка класа" значајна улога има и образовниот систем во современите капиталистички земји; кој доживеа значајни промени како резултат токму на брзиот развој на техниката и науката, односно "научно-техничката револуција". Во таа смисла "научно-техничката револуција" проблемите на знаењето и оспособувањето ги става во сосема ново светло, давајќи му на човекот сосема нови можности на мислење и акција; и по прв пат, таа навистина е универзална".[79/] Оттука, "универзалноста" на "научно-тех-

79/ Faure E., i dr., učiti za život, "Stručna štampa", Beograd, 1975, s. 22.

ничката револуција" е следната значајна карактеристика, а не класната борба, што, според нејзините идеолози, без разлика дали тоа го изразуваат експлицитно или имплицитно, таа за нив претставува замена за социјалната револуција.

Во однос на прашањето за образованието во фазата на преминот од механизирано на автоматизирано производство во "најпропулзивните гранки на капиталистичкото производство се заострува и прашањето на квалификациите. Тејлоризмот, верижната лента донесоа 'деквалификација' на големото мнозинство работници. Сега искрснуваат потреби за нови квалификации. Од технолошкиот напредок и примената на науката најповеќе зависи оплодувањето на капиталот. Тоа води кон автоматизација, а таа на прв поглед бара 'збогатување на трудот'. Меѓутоа, помошните и непосредно производните работници чувствуваат притисок на 'играта со квалификациите' и со скалите на наемнината. Тие негодуваат: бараат 'поедноставување' на квалификационата хиерархија и се залагаат за урамниловка. Тоа е нивниот одговор на предизвикот на автоматизацијата која им ја зголемува несигурноста и тешкотиите како припадници на 'резервната индустриска армија'."80/

Всушност и во фазата на капиталистичката автоматизација образованието и воспитувањето не го губат класниот карактер, бидејќи и тоа како и науката е само средство за создавање на релативен вишок на вредност и оплодување на капиталот. Служејќи на интересите на капиталот, образованието има двоен,

---

80/ Šuvar S., Škola i tvornica, Školska knjiga, Zagreb, 1977, s. 54.

дуалистички карактер: целосен пристап и можност за успех во сите видови и степени на образование за припадниците на владеачката буржоаска класа и тоа особено оние монополизирани средни и високи училишта кои и духовно, а не само материјално врз основа на сопственоста, ѝ ја осигуруваат владеачката положба и оние училишта кои се наменети за "стекнување на квалификации", т.е. за работничката класа и другите "ниски" општествени класи и слоеви. Образовниот систем не само што ја потенцира туку е ставен во функција и да ја репродукува општествената хиерархија и посебно онаа во фабриката. Одвоено од производствениот фабрички труд образовниот систем "произведува" таква работна сила која често е и неупотреблива и која без разлика на "хиерархијата на квалификации" постојано се регрутира како "резервна индустриска армија". Тоа е и основната противречност на образовниот систем и во ерата на капиталистичкиот процес на автоматизација. Од идеолозите на "научно-техничката револуција" често се истакнува дека токму таа ("научно-техничката револуција") создаде "револуција", *"explosion"*, *"Boom"*, во образованието кое стана општо (особено средното) и достапно на сите класи и слоеви во современите високоразвиени капиталистички општества, создавајќи притоа еден мит за "успон" и "успех" во општествената хиерархија за сите и тоа единствено преку образованието. Со тоа апологетите на "научно-техничката револуција" дадоа "образложение" за неуспехот на работниците, на нивните синови и ќерки во процесот на образованието да се "осудат" самите себе како неспособни и дека тој неуспех божем зависи само од нив, а не и од карак-

терот на општествените односи и услови во кои тие го доживуваат образованието, а со тоа и социјалниот неуспех.

Има автори кои образованието го сметаат како составен елемент на поимот "научно-техничка револуција". Така според советскиот мислител Н.В. Турченко "структурата на научно-техничката револуција... е составена од три основни елементи: производство - образование - наука. Под елементот 'производство' во тој случај ќе се подразбира сферата во која непосредно се произведува определен производ - материјални блага. Во него во очевидна форма се вклучува и елементот 'техника'. 'Образованието' ќе настапува како сфера која произведува работна сила подготвувана по одреден пат... 'науката' се разгледува како сфера која произведува ново знаење."[81/]

Со ова веќе започнавме барем накусо да ја изнесуваме и идеологијата на "научно-техничката револуција" во етатистичките социјалистички општества, која речиси нема суштински разлики од онаа во капиталистичките индустриски високоразвиени општества со единствената разлика на нејзината примена на соодветниот општествен систем.

Така источно-германскиот мислител Гинтер Кребер (Günter Kröber) настојува да направи разлика меѓу индустриската револуција кон крајот на XVIII век и современата "научно-техничка револуција." Според него, првата настанала со користење на веќе акумулираното знаење и таа била "револуција со помош на науката, а не револуција во науката. Напротив, денешната научно-техничка револуција е процес во кој револуционерните

---

81/ Турченко В.Н., Научно-техническая револьюция и револиция в образований, "Политиздат", Москва, 1973, с. 12.

промени во науката, техниката и производството течат паралелно, дејствувајќи истовремено и наизменично една врз друга. Таа е револуција во науката, техничка револуција со помош на науката и во социјалистичките земји прераснува во револуција на производните процеси."[82/]

Меѓутоа, уште поексплицитно универзалниот, "светско-историскиот" карактер на "научно-техничката револуција", т.е. нејзината замена за марксистичката фундумантелна категорија "социјална револуција" уште поексплицитно доаѓа до израз кај Чехословакот Радован Рихта и неговите соработници од ЧАН. Според него, иако "научно-техничката револуција во своите почетоци дејствува само во најразвиените индустриски земји, таа станува со својата суштина, во врска со нивото на производните сили (светскиот карактер на науката), веднаш со своите први чекори неизбежно е светски процес и може на крајот да се реализира единствено во светски опсег."[83/] Оттука, според него; научно-техничката револуција претставува цивилизациски процес кој не само што овозможува, туку директно бара непрекинато и општо развивање на способностите и силите на секој човек, - значи одговара на барањата на комунистичкиот живот.[84/] "Научно-техничката револуција ослободена од сите временски општествени сопирачки, во своите вкупни перспективи јасно се стреми кон реализација на нова бескласна, во сѐ подвижна социјална структура, чија суштина е взаемно развивање на човекот од

82/ Kröber G., Nauka, društvo i naučno-tehnička revolucija, Marksizam u svetu, 10, 1975, s. 42.

83/ Rihta R. i saradnici, Civilizacija na raskršću, "Komunist", Beograd, 1972, s. 59, 60.

84/ Ibid., s. 46.

страна на човекот".[85/] Овие промени во социјалната структура предизвикани од "научно-техничката револуција", според авторите на "Цивилизацијата на распаќе", се "суштински дел на комунистичките промени." Тие во својата апологија на "научно-техничката револуција" одат толку далеку што пророчки претскажуваат дека таа ќе доведе до "надминување на трудот во традиционалната смисла на зборот" и до укинување на класната структура. За поткрепа на своите ставови Р. Рихте и неговите соработници истргнато од контекстот ги земаат некои Марксови текстови кои се однесуваат на поимот "производни сили" и "колективен" или "вкупен работник", интерпретирајќи ги, притоа, погрешно врз основа на нивниот техничко-технолошки детерминизам, за што нешто повеќе збор ќе стане подоцна, со оглед на тоа што е таа карактеристика речиси за сите претставници на идеологијата на "научно-техничката револуција".

Ова сфаќање кое се појави кон средината на шеесетите години беше прифатено и развивано од идеолозите во другите социјалистички земји кои се развиваат врз државната сопственост, особено во Советскиот сојуз. Кај некои автори (Л.Г. Земцов) автоматизацијата и комплексната механизација во ерата на "научно-техничката револуција" го изменија и "самиот поим на квалификувано рамниште на работникот". Имено, "во квалификацијата на работникот сè повеќе влегува не само примањето на практични вештини и навики, туку и стекнувањето на општи и технички знаења, способноста за теоретско осмислување на механизмот на трудот, благодарејќи на образованието и движењето на производните процеси. Се наголемува степенот на интелектуализација на работникот, неговото производно мислење постепено станува

---

85/ Ibid., s. 47, 48.

повеќе апстрактно, се менува соодносот меѓу потрошениот физички и умствен труд во полза на последниот. Денес некои работници од умствениот труд опфаќаат до 95% од работното време".[86/] (Под. - П.Г.). Значи, според Л.Г. Замцов, автоматизацијата ја укинува поделбата на умствен и физички труд и во блиска перспектива скоро сите работници ќе извршуваат претежно умствен труд.

Според, други, пак, мислители (Ленинградските социолози, В.И. Ширинскиј, С. Уткин, В. Чуланов) комплетната автоматизација и општообразовната подготовка на трудбениците ќе доведат до "вистинско решение" на проблемот на привлекување на младите кон "слабо привлечните професии", а со тоа и кон "израмнувањето на содржините на трудот".[87/] Уште повеќе од тоа, и во социјализмот Х.Н. Волков подвлекува дека "научно-техничката револуција" има таква моќ што ги "брише суштинските разлики помеѓу жителите на градот и на селото, меѓу работниците и колхозниците во материјалните примања, во нивото на образовноста, квалификациите, во начинот на живот и на културата. Тоа значи дека советското општество се движи кон сѐ поголема социјална еднородност, кон конечно отклонување на класните граници и прегради, кон создавање и јакнење на социјално еднакви услови на живот и на духовен развиток за си-

---

86/ Земцов Г.Л., Некоторые социальные аспекты всеобщего среднего образования - во книгата Социологические проблемы образования и воспитания (под редакцией Р.Г. Гуровой, ИОПВАПН СССР, Издательство "Педагогика", Москва, 1973, с. 8, 9.

87/ Ширинскии И.В., О готовности выпускников школы к труду в сфере промышьленого производства, во книгата Социологические проблемы образования и воспитания, оп.цит., с. 129, 130.
Истото може да се види и кај С. Уткин, В.А. Чуланов, Место внутри класовыя различий в социальной структуре социалистического общества в свете решений XXIV СЪЕЗДА. КПСС, во книгата, Проблемы измения социальной структуры Советского общества, Издательство Ростовского университета, 1972, с. 10.

те членови на општеството, било во која сфера од производството тие да работат."[88/] Како што се гледа, она што се сретнува кај конзервативниот социолог Х. Шелски - т.е. "научно-техничката цивилизација" се карактеризира со "нивелирањето" на целото општество во единствен општествен слој, се разбира, во рамките на капиталистичкиот општествен систем, кај Х.Н. Волков на вчудовидувачки сличен начин "научно-техничката револуција". во рамките на етатистичкото социјалистичко општество доведува до "сѐ поголема социјална еднородност" на целото општество, односно до "конечно отклонување на класните граници и прегради", до создавање и јакнење на социјално еднакви услови на живот и на духовен развиток на сите членови на општеството." Така, во целина земено изгледа дека и "капиталистичката" и "социјалистичката"[89/] апологија на "научно-техничката цивилизација", односно на "научно-техничката револуција" едната со другата "нивелираат", да го употребиме оми-

88/ Volkov N.H., Radnička klasa razvijenog socijalističkog društva i naučno-tehnička revolucija, "Socijalizam u svetu" (Cavtat 1977), br. 3, IC "Komunist", Beograd, 1977, s. 112.

89/ Идеологијата на "научно-техничката револуција" се одрази и во југословенската теориска мисла. Без да се направи посериозна анализа за што треба повеќе простор а не произлегува од целите на овој труд ќе наведеме само три примери: Душан М. Савиќевиќ тврди дека "научно-технолошката револуција се јавува како светско-историски процес и врши влијание врз сите земји на светот (капиталистички, социјалистички и земјите во развој), поттикнувајќи ги промените од социјален, економски и политички карактер" (Savićević M.D., Povratno obrazovanje, BIGZ, Beograd, 1975, s. 75). Понатаму, М. Печујлиќ ја прифаќа тезата според која, претварањето на науката во непосредна производна сила и автоматизацијата, значат напад на традиционалната поделба меѓу умствениот и физичкиот, управувачкиот и извршувачкиот труд. Тие водат кон формирање на она што Маркс го нарекол 'вкупен, комбиниран, работник', водат кон формирање на 'колективен работник', т.е. целина на мануелниот и интелектуалниот елемент на производните сили." (Pečujlić M., Budućnost koja je počela, IPS FPN, Beograd, 1969, s. 13). Уште пред тоа, кон средината на шеесеттите

лениот израз на Х. Шелски, зашто и на "едната" и на "другата" ѝ се придаваат прерогативите, основните белези што всушност ги има класната борба, социјалната револуција, односно уште попрецизно речено со Марксовата терминологија - пролетерската револуција.

Впрочем, не навлегувајќи во подлабока критичка анализа, може да се каже дека за претставниците во целина и за нијансираните струи на апологетската конзервативна идеологија на "научно-техничката цивилизација", односно на "научно-техничката револуција" се карактеристични следните заеднички погрешни експлицитни или имплицитни поставки: 1) нивната појдовна основа е класно-неопределениот поим "индустриско", односно "постиндустриско општество", што фактички значи, исто така експлицитно или имплицитно отфрлање (неприфаќање) на марксистичката фундаментална категорија "општествено-економска формација"; 2) од класната "неутралност" на техниката, технологијата и науката и 3) од техничко-технолошкиот детерминизам, запоставувајќи ги, при тоа, речиси целосно типот на односите на производство, односно типот на општествените односи. Сите овие основни постапки на идеолозите на "научно-техничката револуција" се тесно меѓусебно поврзани и речиси неразделни. Но поради анализата тие овде се раздвојуваат и накусо ќе се образложат.

---

години Р. Супек го застапува ова сфаќање (Вид. Socijalizam i sociologija,"znanje", Zagreb, 1966). Слично е и сфаќањето на Д. Безданов во неговиот труд "Tehnički progres i obrazovanje u Jugoslaviji", "Stručna štampa", Beograd, 1975, каде под терминот "научно-техничка револуција" се подразбираат такви "преобразби на производните сили и производните односи како составен дел на борбата за ослободување на трудот и човекот, за промена на општествената позиција на трудот, па според тоа како социјална револуција на современата доба" (стр. 15). Слично се сретнува и во книгата на D-r M.Aleksić, Obrazovanje radničke klase, tehnički progres i socijalizam, IPN, Beograd, 1974.

Тезата за "индустриското" и "постиндустриското" општество и неприфаќањето на Марксовата категорија на општествено-економска формација има подлабоки последици кои се огледаат и во непризнавањето на законитоста во развојот на општеството, веројатно со единствена цел современиот капитализам да се сфати како општество кое најдобро одговара на потребите на човекот, кој и понатаму ќе се развива но не во некој суштински друг тип на општество во кое не ќе владее буржоазијата, туку пролетаријатот кој исто така ќе одумри како класа. Дури и за оние претставници на теоријата на "индустриското општество", а слично и на "научно-техничката револуција" кои сметаат дека современиот капитализам коренито е изменет и се менува во однос на капитализмот во претходните векови и тоа благодарејќи на брзиот развој на техниката и науката, сепак не сметаат дека тоа е некој суштински нов и спротивен тип на општество на капитализмот, туку исто така капитализам кој се засновува на висок степен на развиток на производните сили. Исто така, значајно не ја менува оваа теза ни сфаќањето на оние застапници на оваа "теорија" во современото општество повеќе не се врши од страна на владеачката буржоазија, туку од новонастанатата "класа" или "слој" што обично ја нарекуваат "техно структура" (I. Galbraith и др.) .Тоа уште повеќе одговара на интересите на вистински владеачката буржоазија, бидејќи на определен начин таа дејствува како нејзина камуфлажа.

Меѓутоа, како што е познато, К. Маркс почнувајќи со својот труд "Прилог кон критиката на политичката економија" (1859 г.) прв го вовел поимот "општествено-економска фор-

мација", општествено-економски формации кои одговараат на конкретно-историското преобразување на определени начини на производство, односно попрецизно речено К. Маркс, азискиот, античкиот, феудалниот и капиталистичкиот начин на производство ги означува како "прогресивни епохи на општествено-економската формација", додека, како што видовме, во предговорот на првото издание на првата книга на "Капиталот" својот предмет на истражување го нарекува како анализа на "природниот процес на преобразба на целината на општествените односи што ги подразбира капиталистичкиот начин на производство". Проучувајќи ја целосно и продлабочено токму капиталистичката општествено-економска формација;[90/] притоа, откривајќи ги нејзините противречности што ги раѓа капиталистичкиот начин на производство, К. Маркс прв пат научно докажа дека таа се развива спрема одредени општествени закони чиј основен белег им дава класната борба помеѓу пролетаријатот и буржоазијата која заостурувајќи

90/ На значењето на Марксовиот поим "општествено-економска формација" за социологијата укажува В.И. Ленин, уште во еден од своите први трудови "Што се пријателите на народот...". Покрај другото В.И. Ленин нагласува дека со воведувањето на овој Марксов поим "општествено-економска формација", К. Маркс социологијата ја подигна на степен на наука. Ленин понатаму продолжува дека откако излезе "Капиталот", материјалистичкото сфаќање на историјата не е веќе хипотеза, туку научно докажана теза. "И додека не ќе имаме друг обид на научно објаснување на функционирањето и развитокот на некоја општествена формација - токму на општествена формација, а не на животот и обичаите на некоја земја или народ, или дури класа итн., друг обид кој би внесол ред во "соодветните факти" онака како што тоа го направи материјализмот кој би дал жива слика на извесна формација, објаснувајќи ја строго научно - сè дотогаш материјалистичкото сфаќање на историјата ќе биде синоним на науката за општество" (В.И. Ленин, Што се пријателите на народот...", одбрани дела, том 1, Култура, Скопје, 1967, стр. 38.

се доведува до разрешување преку социјална пролетерска револуција која добива облик на "диктатура на пролетаријатот", а единствено таа, пак води кон нов тип на општество, нов начин на производство, до одумирање на класите и класната експлоатација. А тоа всушност е новата комунистичка општествено-економска формација преку што е изразен општиот закон на сменување на една општествена формација со друга преку социјална револуција.

Оттука, сфаќајќи го и поимот "социјална револуција" и конкретно "пролетерска" или "социјалистичка" како конкретно-историски типови, во Марксовата смисла на зборот како тотални општествени феномени кои се карактеризираат со коренити, суштински и брзи промени, пред сé, во начинот на производство; понатаму, во класно-социјалната структура; политичкиот и духовниот живот воопшто, не може да стане збор за никаква замена на социјалната револуција со "научно-техничката" која е само една страна на првата, како што прават идеолозите на оваа втората.

Во таа смисла има право Јорге Семпрун кога вели дека самиот збор "револуција" во изразот "научно-техничка револуција" означува бројни белези, но мошне збркани во сите сфери на теоријата, на политиката, дури и на сетилното забележување (на сензибилитетот). Ј. Семпрун истакнува дека К. Маркс често го употребувал изразот "револуција". (*Revolution der Produktivkräfte*, *Revolution der Arbetsmittels*, итн., итн.)... во контекстот на анализата на производните сили, нивните специфичности, нивната сопствена динамика во функција на барање

на релативен вишок на вредност. Меѓутоа, тој термин *"Revolution"* секогаш се јавува како синоним на терминот *Umwälzung* (преврат, револуционирање) и доволно е само малку да се познава "Капиталот" за да се сетиме дека во исто поглавје, некогаш во иста реченица, Маркс индиферентно и алтернативно ги употребува едниот и другиот термин. Кај Маркс не ќе се најде ни еден ред со кој би се засновало било какво изедначување на превратот или на непрекинатото револуционирање *(Umwälzung)* на производните сили под капитализмот и политичката, а уште помалку социјалната револуција. Нешто што е сосема нормално, бидејќи се работи за две практично различни подрачја - на рамниште на теоријата и на рамниште на практиката.[91/]

Така "никаква еволуција или револуција *(Umwälzung)* на капиталистичките производни сили - макар каков да е квалитативниот развиток што најнаучната и најфантастичната перспектива може да го предвиди - не може да направи ништо друго освен понатамошно развивање на материјалните предуслови за социјализам, односно, никогаш не ќе ги надмине самите граници на капиталистичкиот начин на производство. Со еден збор: 'научната и технолошката револуција' не е револуција".[92/]

И во поглед на тезата за "неутралноста" на техниката, технологијата и науката на застапниците на "научно-техничката револуција" работите стојат исто, односно таа теза е чисто идеолошка, а не научна. Нејзините претставници "неутралноста" ја гледаат од "одвоеноста" и "независноста" на науката

91/ Semprun J., Naučno-tehnička revolucija, "Marksizam u svetu", 10, 1974, s. 143, 144.

92/ Ibid.

и техниката од класната структура, класните интереси; понатаму, од политичките односи и идеологијата. Овој мит за "неутралноста", пред сé, на техниката и науката е заснован само врз техничката поделба на трудот исто како што е и техничко-технолошкиот детерминизам. Тоа е така, затоа што од основата на оваа идеологија се избришани класните антагонистички судири, пред сé меѓу проелтаријатот и буржоазијата и е најповолен став за обмана на пролетаријатот и нему блиските општествени класи и слоеви по општествената положба и начин на живот кој се состои во тоа дека божем развојот на техниката и науката ("научно-техничката револуција") подеднакво им ја "подобрува" општествената положба и "стилот на живот" на сите општествени групи и слоеви во современото "постиндустриско" општество. Според идеолозите на "научно-техничката револуција" таа продира во секое домаќинство, а не само во процесот на трудот, со што целокупната општествено-економска и семејна стварност се приближува кон една состојба на рамнотежа на *Feed back*, прескокнувајќи ги општествените антагонистички противречности и судири. На тој начин, и во овој поглед фрапантна е сличноста и со функционалистичката теорија (пример на онаа на Талиот Парсонс) која е исто така апологетска во однос на одржувањето, закостенувањето на капиталистичките експлоататорски односи, а со тоа и таа ни најмалку не е "неутрална", туку суштински буржоаско класно детерминирана.

К. Маркс јасно го покажа класниот карактер на техниката и науката. Овде само да потсетиме на неколку негови ставови. Претходно видовме дека кога Маркс зборува за мануфак-

турата и машинеријата тој постојано го нагласува двојниот противречен карактер на средствата за производство, конкретно на машинеријата. Имено, машината може да се употреби за производство на употребни вредности за задоволување на определени човекови потреби, но таа произведена во определени конкретно-историски услови чија суштина е производство на стоки кои покрај употребна имаат и разменска вредност, таа (машината) станува средство за производство на вишок на вредност кој се претвора во капитал и оттука машината е средство за експлоатација на работникот. Во оваа смисла К. Маркс јасно пишува: "Црнецот е црнец. Дури во определени односи тој станува роб. Машината за предење на памук е машина за предење памук. Дури во определени односи (Подвлекол - П.Г.) таа станува капитал.[93/] Добро е познато и она место во "Капиталот" (I) кога Маркс покажува дека машината сама по себе може да претставува средство за ослободување на трудот, се разбира во определени општествени односи (социјалистички), но таа исто така во други општествени односи (капиталистички) е средство на поробување, потчинување и отуѓување на работникот.

Така "капиталистот кој употребува некоја машина не треба во неа да се разбира... но во машината дејствува реализираното знаење спрема работникот како капитал. И, всушност, сѐ ова врз општествениот труд заснована примена на науката, природната сила, и производите на трудот, се покажуваат во голема мера, и дури исклучително како средства на експлоатација на трудот, како средство да се присвои вишокот на труд, па оттука како сили кои му припаѓаат на капиталот и стојат наспроти трудот."[94/]

93/ Маркс К., Наемен труд и капитал... оп. цит., с. 33.

94/ Marks K., Rezultati neposrednog procesa proizvodnje, op. cit., s. 79.

На тој начин, врз капиталистичкиот начин на производство орудијата на трудот и самата наука и образование се составни компоненти на посредување меѓу луѓето, меѓу една класа и друга и како такви тие се во функција на создавањето на вишокот на вредност и оплодување на капиталот што тој ги потчинува и контролира исто така како што го потчинува и контролира живиот труд.

Оттука, техниката, технологијата и науката не се "неутрални" независни од божемните "објективни" потреби на сите членови на општеството. Напротив во капиталистичките сопственички односи тие силно ја зголемуваат моќта на капиталистите над работничката класа и нејзината експлоатација.

Во оваа смисла исто е и со науката и образованието. Маркс исто така во "Капиталот" јасно го истакна класниот карактер на науката и образованието во капиталистичката општествено-економска формација. И науката и образованието исто како техниката и технологијата сами по себе можат да значат мошне значајни чинители на економско-ослободување на трудот, а со тоа на човекот; можат мошне силно да придонесат за сестраниот развој на личноста, но во одредени конкретно-историски услови на капитал-наемен труд тие се подведуваат под власта на капиталот и се наоѓаат во функција на неговото оплодување. На тој начин и науката и образованието стануваат средство за потчинување, за сè поголемо "исцедување" на енергија и напори од работниците со цел за зголемување на релативниот вишок на вредност, а со тоа на сè"подеспотска дисциплина" и контрола на процесот на трудот, односно на сè пого-

лема експлоатација на работничката класа. Затоа К. Маркс можел во *Grundrisse*... да каже дека "Науката, која мртвите крајници на машинеријата ги присилува со својата конструкција да дејствуваат целесообразно како автомат, не егзистира во свеста на работникот, туку дејствува врз него преку системот како туѓа моќ, како моќ на самиот систем... Знаењето во машинеријата се појавува како нешто туѓо, вон работникот, а живиот труд како потчинет на самостојно-дејствувачкиот опредметен труд... Акумулацијата на знаењето и на способностите (вештините), на општите производни сили, на општествената интелигенција на тој начин е спротивставена на трудот и апсорбирана во капиталот и се јавува, значи, како својство на капиталот."[95/] Впрочем, и самата наука ја развивала буржоазијата со цел за да ја зацврсти својата владеачка моќ и монопол на ситесфери во општествениот живот. Најдобар показател на таквиот стремеж на буржоаската класа кон науката и образованието која ги става во функција на остварувањето на своите класни интереси покажува потеклото на научниците и истражувачите, а и на сите оние "офицери" и "подофицери" кои го контролираат фабричкиот индустриски процес и ја спроведуваат во практиката интензификацијата на производниот труд и деспотската дисциплина над работниците. Нивното потекло по правило е буржоаско.

Иако, овие "офицери" и "подофицери" кои во фабричката поделба на трудот и во општествената хиерархија имаат посебна улога сепак претставуваат дел на "вкупниот, комбинираниот работник", но тоа не ја менува нивната буржоаска по-

95/ Marx, K., Temelji slobode - osnove kritike političke ekonomije (Grundrisse...), ... op. cit., 283-286.

ложба, без разлика колку да се повикуваат идеолозите на "научно-техничката револуција" на овој Марксов поим (Р. Рихта, Х.Н. Волков, Турченко, М. Печујлиќ и др.) кои еднострано го толкуваат истргнато од целината на неговиот контекст. Имено, К. Маркс вака го определува поимот "вкупен, комбиниран работник": "Додека е процесот на трудот чисто индивидуален, во истиот работник се соединети сите функции, што подоцна се раздвојуваат. Тој сам себеси се контролира во индивидуалното присвојување природни предмети за негови животни цели. Подоцна него го контролираат. Одделниот човек не може да дејствува врз природата без да ги стави во движење своите сопствени мускули под контрола на својот мозок. Како што во природниот систем главата и раката одат заедно една со друга, така и процесот на трудот го соединува уметствениот и рачниот труд. Подоцна тие се раставуваат до непријателски спротивности. Производот општо се претвора од непосреден производ на индивидуалниот производител во општествен, во заеднички производ на вкупниот работник, т.е. на еден комбиниран работен персонал, чии што членови стојат подалеку или поблиску од ракувањето со предметот на трудот. Затоа со самиот кооперативен карактер на процесот на трудот нужно се проширува поимот за производниот труд и неговиот носител - производниот работник. За да се работи производно, сега веќе не е нужно рацете да се ставаат врз предметот на трудот; достатно е да се биде орган на целокупниот работник, да исполнува која било од неговите подфункции."[96/] (Подвлекол - П.Г.).

96/ Маркс К., Капиталот, том први, ... оп. цит., с. 443, 444.

Несфаќањето на целината на овој и другите Марксови текстови доведе идеолозите на "научно-техничката револуција" и на "новата работничка класа" управувачите, стручњаците, инжинерите, техничарите итн., да ги сврстат во поимот работничка класа "колективен работник". Неводењето сметка за фактичкото место и улога на управувањето во капиталистичкиот процес на производство, како и неправењето разлика помеѓу поимите наемен работник и производствен работник претставниците на овие "теории" ги доведоа до нивните погрешни поставки и тези.

Во претходно изнесениот Марксов текст јасно произлегува дека во природниот процес, т.е. оној процес во кој не дејствува законот на капиталистичката поделба (и пошироко класната) на трудот, функцијата на раководење, управување и извршување, односно функциите на "главата и раката" се споени во дијалектичко единство во ист субјект, додека во услови на капиталистичкиот начин на производство тие се одвојуваат, "раставуваат до "непријателски", антагонистички, "спротивности". Неколку страници понапред, К. Маркс во "Капиталот" (I) јасно покажува дека оваа одвоена, раставена функција на "управување, надгледување станува функција на капиталот штом трудот што му е потчинет ќе стане кооперативен;" и "како специфична функција на капиталот, функцијата управување добива специфични карактерни белези."[97]

Со развитокот на кооперацијата и поделбата на трудот капиталистот отпрво се ослободи од рачниот труд "штом ја достигна неговиот капитал онаа минимална големина, со која

97/ Ibid., s. 295.

дури и почнува вистинското капиталистичко производство", исто така "функцијата за непосреден и постојан надзор над одделните работници и работни групи самиот тој пак им ја отстапува на еден вид наемни работници. Како што на една армија и требаат виши офицери и подофицери, така исто и на масата работници што работи заеднички под командата на еден ист капиталист ѝ требаат индустриски виши офицери (управници, *managers*) и подофицери (надгледници, *foremen, overlookers, contremaitres*) кои за време на процесот на трудот командуваат од името на капиталот. Трудот, што се состои во врховно надгледување се утврдува како нивна исклучива функција. Политичкиот економист кога го споредува начинот на производството на независните селани или на самостојните занаетчии со робовското плантажно стопанство, ја смета оваа надзорничка работа како *faux frais de production*. При разгледувањето на капиталистичкиот начин на производство тој, напротив, функцијата на управувањето, до колку таа произлегува од природата на заедничкиот процес на трудот, ја идентифицира со истата таа функција, што е условена од капиталистичкиот и затоа од антагонистичкиот карактер на овој процес."[98] (Курзив - П.Г.)

Од тоа јасно произлегува дека во такви услови управувачката функција во производството е атрибут на капиталот, служејќи му на неговото оплодување и сѐ поголема експлоатација на наемните производствени работници. Затоа, овие управувачи, надгледувачи на производствениот труд, а со тоа и на производствените работници не спаѓаат во работничка класа, бидејќи и нивните интереси се антагонистички спротивставени.

---

98/ Marks K., Rezultati neposrednog procesa proizvodnje... op.cit., 296, 197.

Тоа нè доведува и до прашањето за јасното разграничување на поимите "наемен производствен работник" и поширокиот поим "наемна работна сила" што произлегуваат од специфичностите на капиталистичкиот начин на производство, а за што не водат сметка претставниците на "научно-техничката револуција" и на "новата работничка класа". Разрешување на ова прашање наоѓаме во Марксовиот "Капитал" (I) и во неговиот пред неколку години пронајден ракопис од необјавената шеста глава од првиот том на "Капиталот". Бидејќи поопширно и поконцизно ова прашање К. Маркс го разработува во овој необјавен ракопис, овде накусо ќе се изнесе неговата анализа од него.

К. Маркс анализата ја започнува со разграничувањето на поимите "производствен" и "непроизводствен труд". Од едноставното становиште на процесот на трудот воопшто ни изгледа производствен оној труд кој се реализира во некој производ, поточно, во некоја стока. Од становиштето на капиталистичкиот процес на производство мора на тоа да му се додаде поблиско одредување; дека производствен е оној труд кој непосредно го оплодува капиталот или произведува вишок на вредност."[99] Значи, во капиталистичките услови на производство, без разлика на "содржината на трудот" производствен е оној труд кој создава вишок на вредност, трудот ја создава вредноста на стоката и го оплодува капиталот, додека непроизводствен труд е оној кој (може да биде и материјален а не само интелектуален како што често погрешно се мисли) кој со-

99/ Ibid., s. 65.

здава само употребни вредности; тој труд кој не создава вишок на вредност и не го оплодува капиталот не е производен.

Сообразно на ваквото определување на поимите производствен труд и непроизводствен, К. Маркс ги изведува и поимите производствен и непроизводствен работник. Според К. Маркс, производствен е оној работник кој врши производствен труд, односно кој непосредно создава вишок на вредност, т.е. го оплодува капиталот,[100/] како и дека непроизводствен работник е оној кој врши непроизводствен труд, создава употребни вредности или услуги кои не создаваат вредност и вишок на вредност, односно не врши оплодување на капиталот.

Според тоа, работникот може да биде наемен работник, надничар, но не мора да биде и производствен работник. Затоа "секој производствен работник е наемен работник, но не е затоа секој наемен работник производствен работник. Секогаш кога трудот се купува за да биде потрошен како употребна вредност, како услуга *(Dienst)*, а не за тоа како жив фактор да ја замени вредноста на променливиот капитал и да биде отелотворен во капиталистичкиот процес на производство, трудот не е производствен труд, ниту наемниот работник е производствен работник. Неговиот труд тогаш се поставува поради неговата употребна вредност, а не како разменска вредност, тој се троши непроизводно, а не производно. Капиталистот, значи, му стои наспроти како капиталист, како репрезент на капиталот. Тој ги разменува своите пари за неговиот труд како *revenu* (добит), а не како капитал. Неговата потрошувачка не конституира П-С-П', туку С-П-С (последното труд или само услуга.[101/]

---

100/ Ibid., s. 65.
101/ Ibid., s. 66.

Оттука, без разлика на содржината на трудот "кројач, учител, пеачка итн.) оној труд кој создава употребни вредности, услуги и се плаќа како *revenu* може да биде наемен труд но не и производствен. Затоа и сите оние платени лица од капиталот како наемни работници, сите оние кои вршат функција на надгледување, управување над живиот труд или со еден збор како што Маркс ги нарекува "функционери" можат со тоа да станат наемни работници; но тие со тоа не стануваат производствени работници".[102/] Но како ова неразликување создава збрка и неразбирање кај апологетите на буржуаскиот систем, како и кај апологетите на "научно-техничката револуција", К. Маркс пред повеќе од 100 години јасно го забележува кај првите и истовремено го разјаснува на следниот начин:

"Во капиталистичкото производство, значи, стануваат апсолутни, од една страна, производството на производите како стоки, а од друга страна, обликот на трудот како наемен труд. Мноштвото функции и дејности, кои имале ореол на светост, важеле како самоцел, кои биле извршувани *gratis* /бесплатно/ или биле плаќани по заобиколни патишта (како сите *professionals* /претставници на слободните професии/, лекарите, *barristers* /адвокатите/ итн. во Англија, каде *barristeri* и *physician* /лекарите) не можеле или не можат да поднесуваат тужби за наплата), се претвараат од една страна директно во наемни работници, макар колку била различна содржината на нивниот труд и нивното плаќање. Од друга страна, тие потпаѓаат - оцената на нивната вредност, цената на тие различни дејности од блудницата до кралот - под законите кои ја утврдуваат цената на наемниот труд... Таа појава, пак, со развојот на капиталистич-

---

102/ Ibid., s. 68.

кото производство сите услуги *(Dienste)* да се претвараат во наемен труд а сите нивни извршители во наемни работници, значи наемните работници да ги поврзува со производствените ист карактер, дава дотолку повеќе повод за бркање едните со другите што е појава што го карактеризира капиталистичкото производство и која што тоа производство само ја создаде. Од друга страна, таа на апологетите им дава повод производствениот работник, затоа што е тој наемен работник, да го претворат во работник кој за пари ги разменува само своите услуги (т.е. својот труд како употребна вредност). Со тоа срећно се превидува *differentia specifica* (специфичната разлика) на тој 'производствен работник' и на капиталистичкото производство - како процес на самооплодување на капиталот, чие просто самоотелотворено средство *(agency)* е живиот труд. Војникот е наемен работник, наемник, но тој поради тоа не е производствен работник".[103/]

Оваа неидентичност и разликување на поимите наемен производствен работник и наемен работник го согледуваат и некои современи марксисти на Запад, како што се на пример Н. Пуланцас[104/] и А. Горц. И двајцата се надоврзуваат на излагањето на К. Маркс особено од "Капиталот". Така, А. Горц истакнува дека "фактот што овие - офицери и подофицери на производството - исто така претставуваат дел на 'колективниот работник' (*Gesamtarbeiter* кај Маркс), не ја менува нивната класна положба: тие се платени да ја вршат функцијата на капиталистот тогаш кога таа функција повеќе не може да ја врши

---

103/ Ibid., s. 67.

104/ Pulancas N., op. cit., s. 257, 258.

само еден работодавател или сопственик и кога таа, со оглед на својот обем и својата сложеност, бара да биде парцијализирана, поделена на мноштво должности, кои ќе им бидат поверени на мноштво 'работоводни функционери'. Тоа што тие се платени, ништо не менува на суштината на нештата: работниците всушност ги чувствуваат како специјалисти за угнетување и за експлоатација... Вие, очигледно, можите да приговорите дека техничкото особје во фабриките и самото е угнетено и дека исто така е жртва, а не само инструмент на поделбата на трудот. Тоа е точно. Но - и тоа треба особено да се нагласи - фактот дека ако си сам потлачен не може да биде извинување за твоето потлачување на другите; еден угнетувач кој и самиот е угнетен не е поради тоа и помалку угнетувач. Освен тоа, ако надгледувачкото особје и особјето на техничкото управување е угнетено, не го угнетуваат работниците со кои тоа владее"[105/] и кое заедно со капиталистите тоа нив ги угнетува.

Од сето ова досега речено, јасно се открива идеолошкиот и апологетскиот вел на претставниците на "научно-техничката револуција", на "новата работничка класа" и на сите оние кои поимот работничка класа било да го прошируваат со привилегираниот наемен општествен слој на управувачи, надгледувачи, стручњаци, интелигенција итн., во услови кога нив капиталот ги потчинува и ги става во функција на експлоатација на живиот односно производствениот труд, односно на работничката класа. Се додека постојат услови и општествени односи кои *de facto* овозможуваат експлоатација, потчинување на

105/ Gorz A., Klasni karakter nauke i naučnih radnika, Marksizam u svetu, 10, 1974, s. 129.

живиот труд на мртвиот, без разлика дали овој мртов труд (изразен пред сѐ преку средствата за производство и создаденото национално богатство) е концентрирано во рацете на капиталот, т.е. неговиот социјален носител буржоазијата или во рацете на државата, т.е. неговиот социјален носител бирократијата, се дотогаш управувачите, надгледувачите, стручњаците, функционерите ќе бидат непријателски, антагонистички спротивставени на работничката класа, на производствените работници и не се нејзин составен дел иако и самите можат и обично се наемници, но сепак привилегирани.

# II

## 1. ТЕОРИСКО-МЕТОДОЛОШКИ МОДЕЛ НА СОЦИЈАЛНА СТРУКТУРА И ОБРАЗОВАНИЕ ВРЗ КАПИТАЛИСТИЧКИОТ НАЧИН НА ПРОИЗВОДСТВО

"Тие ќе работат, а ние ќе уживаме" (Гирмо Морандие)

Капиталистичкиот начин на стоковно производство се карактеризира пред сѐ со производство на вишок на вредност, а што е резултат на неплатениот вишок на труд на непосредните производители и кој се претвора во капитал, а го присвојува нејзиниот непроизводител, сопственикот на средствата за производство - буржоазијата. Капиталистичкиот начин на производство се засновува врз релативно развиен степен на производните сили и врз сѐ поголемата техничка и општествена поделба на трудот во која сѐ повеќе се зацврстува процесот на владеење на мртвиот над живиот труд.

Капиталистичкиот начин на производство и врз него заснованата поделба на трудот доведува до целосна "експропријација", одвластување на непосредните производители, т.е. работничката класа од средствата на својот труд и сместувајќи го во рацете на нејзе антагонистички спротивставената класа, т.е. буржоазијата. Тој процес на експропријација на непосредните производители од средствата на трудот доведува до последица работникот да не поседува ништо друго освен својата гола работна сила, самиот сведувајќи се на проста физич-

ка, извршувачка сила. Така опредметениот труд на работникот се осамостојува од него и се претвора во капитал, т.е. како истакнува К. Маркс "средствата за производство се претвораат во средство на команда над живиот труд и во средство на неговата експлоатација..."[1/] На тој начин трудот посматран од стојалиштето на создавање на разменската вредност кој и самиот се претвора во стока доведува до спротивност меѓу неговите субјективни и објективни услови. Со тоа настапува генерализација на стоковната форма на производство: трудот на производителот (неговата психофизичка, умствена енергија) станува "апстрактен" и се претвора во стока исто како и другите стоки кои имаат цел да се изнесат на пазар и да се подвргнат целосно на законитостите на пазарното стоковно производство. Затоа и се случува, како од стојалиштето на капиталот така и од стојалиштето на работникот, "средството за производство како постоење на капиталот, како *eminenly capital*, да се спротивставува на трудот, значи на вториот елемент, во кој се претвора предујмлениот капитал, така што, оттука, се појавува и вон процесот на производство... како специфичен начин на егзистенција на капиталот."[2/] Тоа, понатаму, се развива... со дел од општата природа на капиталистичкиот процес на оплодување на вредноста (улогата што во тоа ја играат средствата за производство како усисивачи на живиот труд), со дел од развојот на специфично капиталистичкиот начин на производство (во кој машинеријата станува вистински господар над живиот труд).[3/]

---

1/ Marks. K., Rezultati neposrednog procesa proizvodnje, op. cit., s. 17.

2/ Ibid., s. 12.

3/ Ibid.

Во таа смисла, Маркс истакнува, дека власта на капиталистот над работниците се покажува според својата суштина како владеење на осамостоените наспроти работникот услови на трудот под што тој ги смета покрај објективните услови на процесот - средствата за производство, - и објективните услови за одржување и дејствување на работната сила, значи, средствата за живот, над самиот работник, иако тој однос се остварува дури во стварниот процес на производство, кој е како што видовме, во својата суштина процес на производство на вишок на вредност што вклучува одржување на старата вредност, т.е. процесот на самооплодување на вредноста на предујмлениот капитал. Оттука власта на капиталистот над работникот е владеење на стварите над човекот, на мртвиот труд над живиот, на производот над производителот, со оглед на тоа што стоките кои станале средство на владеење (но само како средство на владеење на самиот капитал) над работниците, на простиот резултат на процесот на производство, на производите на тој процес. Тој однос, според Маркс, е сосем ист во материјалното производство и во стварниот општествен процес на животот - бидејќи тој процес е процес на производство кој во идеолошката област се покажува во религијата, извртување на субјектот во објект и обратно. Низ тој противречен облик мора да се помине така како што човекот мора своите духовни сили најпрвин религиозно да ги обликува како на себе спротивни и независни моќи. Тоа е процесот на отуѓување на неговиот сопствен труд,[4/] процес во кој настапува тотално отуѓување на човекот производител (производите од неговата дејност, самата производна

4/ Ibid., s. 18.

дејност, неговото генеричка суштина и на човекот од човек), но и на капиталистот, сопственикот на средствата за производство, без разлика што овој во него доживува задоволство, а работникот е "негова жртва". Всушност капиталот е "производствен, општествен однос" (К. Маркс) и токму во односите капитал - наемен труд е содржана дијалектиката на овој процес на отуѓување на луѓето и фетишизирање на стоките кој произлегува од самата суштина и противречност на капиталистичкиот начин на производство.

Матрицата на противречностите на капиталистичкиот начин на производство е сé поголемото поопштествување на трудот, а приватно присвојување на производите од непроизводителите што непосредно се изразува во антагонистичката противречност и неизбежен конфликт меѓу пролетаријатот и буржуазијата. Двојниот карактер на процесот на трудот во капитализмот што се изразува преку постојаното наголемување на производните сили, особено брзиот техничко-технолошки и научен развој кои што капиталот ги става во своја служба; окрупнување и интеграција на процесот на производство оличен преку монополизацијата, квартализацијата на капиталот, а всушност суштински непроменети односи на производство, со задржување на хиерархиската поделба во фабриката, концернот, и сл., е проследена со политичка и образовна хијерархија. Впрочем, самиот процес на концентрација и централизација на средствата за производство е соодветно следен со процесот на политичката и духовна (идеолошка) централизација во рацете на капиталистичката владеачка класа. Самиот капиталистички начин на производство што се развиваше со проширување на пазарот и во

други земји кои станувaa колонии и подоцна и покрај нивното ослободување останаа економски зависни што повеќе се свртува кон интензивната експлоатација на трудот (нови технички постапки и пронајдоци, исцедување максимум енергија од работникот со помош на растечката раситнета поделба на трудот и зголемувањето на неприродното темпо на полу или целосно автоматизираната монтажна лента на производство) со единствена цел да се осуети, и по можност да се спречи тенденциското опаѓање на профитната стапка, што од друга страна, води кон "максимилизација" на експлоатацијата на работничката класа и добивање екстра-профит за буржоазијата. Така, на дело, и во современиот степен на развиток на капитализмот се потврдува Марксовиот став изразен во закон (општествен) "колку работникот повеќе произведува тој толку повеќе се осиромашува", односно повеќе се отуѓува, макар колку тој бил ниско или високо платен.

На тој начин развојот на производните сили пред сѐ, преку интензификацијата на трудот и интернационализацијата на капиталот[5/] во современото капиталистичко општество ја зголемува противречноста и нееднаквоста во неговата социјална структура, чии антиподи се пролетаријатот и буржоазијата; а меѓу нив низа преодни класи и општествени слоеви кои се разликуваат од земја до земја, се разбира во зависност од степенот на развиток на одреден конкретно-историски облик на капиталистичко општество. Затоа оваа кратка теориска расправа и основ-

5/ Според Н. Пуланцас треба да се биде мошне опрезен поради разните идеологии кои се поврзани со толкувањата на мултинационалните фирми. Кои посебни белези ги има таа интернационализација во сегашната фаза...? а) Развиток на базата на експлоатација на посебниот капитал или стојат на повеќе капитали во повеќе нации, т.е. проширување на теренот на кој капиталот се конституира како општествен однос; б) израснува тенденција кон спојување на капиталите кои потекнуваат од повеќе разни земји под видот на единствена економска сопственост (Pulancas N., Klase u savremenom kapitalizmu,... op.cit., s. 65).

ниот приод кон социјалната структура што настанува врз соодветниот капиталистички начин на производство се движи во рамките на рамништето на општествено-економска формација и со самото тоа се апстрахираат нејзините конкретни историски облици. Особено во услови кога класните антагонистички противречности и конфликти добиваат мошне заострен облик и класно-социјалната поларизација околу оската пролетаријат-буржоазија и доаѓа до најопиплив вид, односно добива биполарен облик. Но е најочигледно, преструктуирањето околу оваа основна класна оска на капиталистичкото општество, фактички се изразува преку социјалната пролетерска револуција која доколку е успешна коренито почнува да ја менува постојната класно-слојна структура и нејзината внатрешна хиерархија. Од овој аспект К. Маркс ја разгледува постојната визија на класно-социјалната структура на капитализмот и визијата на класната структура на социјализмот што особено доаѓа до израз во "Манифестот на комунистичката партија" и во одделни поглавја на "Капиталот". Така на пример, незавршената 52 глава од третиот том на "Капиталот" што носи наслов "Класи", К. Маркс го започнува со изложување на класната структура на капиталистичката општествено-економска формација во која разликува три основни класи според материјалните извори на нивната егзистенција: "Сопствениците само на работната сила, сопствениците на капитал и сопствениците на земја, чии соодветни извори на доход се наемнината, профитот и земјишната рента, значи наемниот работник, капиталистот и сопственикот на земја ги сочину-

ваат сите големи класи на модерното општество кое почива врз капиталистичкиот начин на производство".[6/] Во некои други свои трудови, како на пример во "Основи на критиката на политичката економија" *(Grundrisse)* тој класната структура на капитализмот ја сфаќа исто така од три класи како што се пролетаријатот, буржоазијата и средната класа наместо "сопствениците на земја". Под овој поим "средна класа" Маркс обично ги подразбирал ситната буржоазија и многубројните немануелни и преодни општествени слоеви "подофицерите" и "офицерите", нагледувачите, контролорите на работниковиот производствен труд. Подоцна, од современите социолози кои се марксистички ориентирани ова шаренило на средните општествени слоеви различно се означува почнувајќи од терминот "средна класа" *(middle class)*, па "службеници", "интелигенција", "немануелни работници" *(nonmanuel wrkers)*; "бели јакни" *(white collars, W. Mils)*; "техноструктура" (И. Галбрајт); "буржоаски талог" (С. Келер, Р. Варенкамп) итн.

Меѓутоа, иако самото поимање на средната класа или средните општествени слоеви на дел современи мислители во извесна смисла се разликува од она на класиците на марксизмот, сепак тоа не е најсуштественото, најкарактеристичното за нив. Она што нив суштински ги разликува од класиците на марксизмот е поместувањето на значењето на револуционерниот класен субјект во капитализмот - од пролетаријатот на средната класа (Николо - Nikolaus, Мод - Moude, Луис - Lewis) или на инте-

6/ Маркс, К., Капиталот, том 3, Мисла, Скопје, 1976, с. 803.

лигенцијата (Б. Верхаген, Х. Маркузе, пред крајот на својот живот феминистичкото движење) или "техноструктурата" (И. Галбрајт).

Маркс, Енгелс и Ленин значајно внимание им посветија на хиерархиските односи во рамките на социјалната структура на капиталистичкото општество. Основните поими кои при тоа ги употребуваат се: "горни", "средни", "долни" што се однесува пред сé на колективната општествена позиција на соодветната класа или слој во рамките на хиерархиската социјална структура. Врз основа на карактерот на капиталистичкиот основен продукционен однос и општествено-политичкиот систем "најдолното" место во таквата хиерархиска структура било резервирано за пролетаријатот а "горното" за буржоазијата.[7/] Се разбира таквата хиерархија во социјалната структура во капитализмот е резултат и произлегува од хиерархијата на процесот на трудот што започнува, како што видовме, со мануфактурата и се зацврстува во машинеријата и автоматизацијата.

Меѓутоа, општествената поделба на трудот која израснува врз капиталистичкиот начин на производство не создава само хиерархиска поделба во рамките на социјалната структура меѓу одделните општествени класи туку и во рамките на самите класи. Во таа смисла, уште за време на мануфактурната поделба на трудот К. Маркс пишува дека таа "не го подредува само по-

---

7/ Слично вид. Semenov S.V. Srednji slojevi i socijalna struktura kapitalističkog društva, Marksizam u svetu, 3, 1975. Тој истакнува дека"Маркс и Енгелс укажувале на тоа дека во секое експлоататорско општество постои 'повеќедимензионално степенување на општествените позиции' и утврдиле дека во капитализмот буржоазијата го твори врвот на ова степенување, додека пролетаријатот стои на најдолниот степен (во средниот век степенувањето било на феудални господари вазали, цеховски организираните занаетчии, калфите, кметовите)", стр. 73.

рано самостојниот работник на команда и дисциплина на капиталот, туку освен тоа создава и хиерархиска поделба меѓу работниците". А таквата хиерархија меѓу работниците се обезбедува со различните висини на наемнината како и по пат на различните квалификации што ги обезбедува капиталистичкиот а исто така и преку хиерархизираниот образовен систем. Врз тој критериум лежи и поделбата на работниците на: квалификувани, приучени (полуквалификувани) и неквалификувани.

Ако се земат предвид социоекономските критериуми во целина, работничката класа во современото капиталистичко општество се дели на следните слоеви: 1) "работничка аристократија" како што често К. Маркс и Ленин го нарекувале највисокиот слој кој се состои од побуржоазени или побирократизирани работнички елементи, кој често пати врши "предавство", на интересите на пролетаријатот и им служи често на владеачките буржоаски интереси; 2) високо-квалификувани и квалификувани работници со стручно средно или со неполно средно,тнр. "работничко", "индустриско" училиште; 3) приучени или полуквалификувани работници; 4) неквалификувани - физички или општи работници; 5) странски работници (гастарбајтери) и 6) невработени, резервна работничка армија.

Овде е потребна една напомена во однос на издвојувањето на странските работници како посебен работнички слој: Имено, некои испитувања во ЕЕЗ покажаа дека конгломератот на странските работници обично ги зазема најнепривлечните работни места, помала им е наемнината и воопшто се наоѓаат на нај-

ниската општествена позиција во рамките на работничката хиерархија, всушност тие се и најексплоатираниот работнички слој. Проблемите со јазикот, адаптацијата, особено на децата кои се школуваат во определен "хомо дуплекс" уште повеќе ја зацврстува најнеповолната негова положба во однос на работниците од матичната земја.

Инаку, во сфаќањето на поимот "работници" во Марксовата смисла на зборот треба да се тргне од поделбата на производен и непроизводен труд: непосредни работници и наемни работници. Производни работници, како што видовме, се оние кои произведуваат вишок на вредност и кои го оплодуваат капиталот, без разлика на содржината на трудот и кои се всушност наемни работници. Но сите наемни работници не се производни, т.е. не спаѓаат во поимот работничка класа без разлика што нив капиталот ги става во наемна положба, но тие непосредно не создаваат вишок на вредност и всушност само придонесуваат производниот работник што поинтензивно да се експлоатира и всушност тие им се "непријателски спротивставени на работниците" (К. Маркс) што очигледно произлегува од суштината на општествената (класната) поделба на физички и умствен труд. Во тие рамки тие вршат само умствен труд. Овој слој на наемници е привилегиран во однос на производните наемни работници и дотолку повеќе ја зацврстува неговата позиција доколку е во функција да ѝ служи на интересите на буржоазијата. "Буржоазијата го симна светиот ореол од сите видови дејност, кои дотогаш се сметаа почесни и на кои се гледаше со стравопочитувачки трепет.

Лекарот, правникот, свештеникот, поетот, човекот на науката - таа ги претвори во свои платени наемни работници."[8/] Сите овие интелектуални "наемни работници" кои ја имаат функцијата на "офицери" и "подофицери" на процесот на производството, иако се дел на "колективниот работник" како што со право истакнува А. Горз "тоа што тие се платени ништо не менува на суштината на нештата: работниците ги чувствуваат како специјалисти за угнетување и за експлоатација".[9/]

Оттука, овој општествен слој спаѓа во средните слоеви или средната класа на социјалната структура на капитализмот. Овој општествен слој стои меѓу пролетаријатот и буржоазијата. Таквата негова положба ја одредува К. Маркс кога зборува за зголемувањето на оние лица во капитализмот кои вршат непроизводен труд и живеат од плата. "Што тој (се мисли на Д. Рикардо - П.Г.) заборава да истакне е постојното множење на средната класа, која стои во средината меѓу работниците, од една страна и капиталистите и земјопоседниците, од друга страна, а која во својот сé поголем обем се издржува во поголемиот дел непосредно од доходот и како терет ја притиснува работничката подлога и ја зголемува социјалната безбедност и моќ на горните десет илјади."[10/]

Друг дел, или општествен слој на средната класа или на средните слоеви претставуваат тнр., "класични" средни слоеви: ситните индустријалци, занаетчиите и селаните, всушност

8/ К. Маркс - Ф. Енгелс, Манифест на комунистичката партија, НИО "Студентски збор", Скопје, 1973, стр. 12.

9/ Gorz A., Klasni karakter nauke i naučnih radnika, op.cit.s.129.

10/Marks K., Teorije o višku vrednosti, II (Dela, tom 25, "Prosveta" - IRP, Beograd, 1972, s. 458.

претставниците на ситното стоково производство. Ситната приватна сопственост "е онаа најопшта спона која со силата на папочната врвца ги врзува за поседничката класа, крупната буржоазија, и за капиталистичкиот систем на продукциони односи". ФАктот, пак, дека нивниот најзначаен дел истовремено се доближува до положбата на непосредните производители претставува допирна точка со другата основна класа - пролетаријатот.[11/]

Со промените во социјалната структура на капитализмот доаѓа и до значајно зголемување[12/] на средниот слој кој во поделбата на трудот е познат како слој на слободните професии кој исто така има привилегирана општествена позиција. Покрај "класичните" занимања кои спаѓаат во "слободни професии" како што се лекарските, адвокатските и уметничките овде треба да се придадат и новинарите на високо-тиражниот печат, радиото и телевизијата и другите стручњаци на средствата за масовно комуницирање, производителите и изводителите на стерео-типизираната "масовна култура".[13/]

Посебен слој во рамките на средната класа е администрацијата или чиновништвото кое и самото е раслоено од рутинското па се до најниската хиерархија на професионалните поли-

---

11/ Pečujlić dr. Miroslav, Klase i savremeno društvo, Savremena administracija, Beograd, 1967, s. 48.

12/ Во Англија, на пример од 1851 до 1951 година, значи за 100 години, нивниот број се зголемил од 150.000 на преку 1.000.000 (а некои занимања пораснале и за 600%), додека населението се удвостручило; во САД за 60 години е забележан пораст од 414.000 на 2.074.000, а во Франција за околу 60% за четириесет години. (Pečujlić M., O srednjim slojevima, Marksizam u svetu, 3, 1975, str. 19).

13/ Вид. слично, Milić Vojin, Buržoaski konzervativizam u savremenoj sociologiji (I)... op. cit., s. 17.

тичари и идеолози, бидејќи средните и врвните се регрутираат од владеачката крупна буржоазија и кој во одредени услови добива белези на бирократија, со што фактички се доближува до владеачката положба на крупната буржоазија.

Самата буржоаска класа класиците на марксизмот ја делеле на: крупна, средна и ситна, а кога ја разгледувале буржоазијата на конкретно-историски облици на капиталистички општества тие разликувале повеќе "фракции" или слоеви: индустриска, финансиска, олигархиска, трговачка итн. Може слободно да се каже дека крупната (па и средната) буржоазија за нашите цели - во однос на образованието не е интересна, зашто "повеќедимензионалната моќ на нејзината позиција ѝ пружа ретко 'дофатлива' стабилност: идеолошки, нејзината егзистенција за мал број на привилегирани има само ограничено значење. Успонот во крупна буржоазија дејствува иреално",[14/] без разлика на нејзината пропагандна идеологија на нејзините "отворени врати". Оваа идеологија тврди дека "привилегираните позиции во капиталистичкото општество на секој му се достапни. Мал почетен капитал и смисла за работа, се услови за успех на ситниот буржуј. Успешно апсолвирање на виша школа и на универзитетот или на некоја друга образовна институција, овозможува успех во талогот на буржоазијата. За аутсајдерот е мошне тешко, како што се мисли, да ги освои овие позиции - бидејќи еднаш запоседнати тие се монополизираат внатре на семејните сојузи (морате само да се ожените)."[15/] Образовниот систем во

14/ Keller S., Vahrenkamp K., Iluzije kasnog kapitalizma, Marksizam u svetu, 1, 1975, s. 23.

15/ Ibid., s. 24.

капитализмот всушност ја врши својата класна функција која во суштина се состои во стремежот за самообновување на постојната социјална структура.

Меѓутоа, буржоазијата, поточно нејзините апологетски теоретичари и идеолози преку разни "теории" за "еднаквоста на шансите" за сите во образованието, настојува да ја камуфлира класната буржоаска функција на образовниот систем во капитализмот. Всушност оваа идеологија за "еднакви шанси во образованието" е пренесување на истата таа идеологија на "еднакви шанси на сите за станување буржуи" што се протегнува уште од либералистичката фаза на развиток на капитализмот.[16/]

Има повеќе буржоаски теоретичари кои се занимавале со прашањето на "еднакви шанси" во образовниот систем на капитализмот. Овде во кратки црти ќе се изнесат неколку сфаќања со обид на нивна критика. Така Л. Сасман (L. Sussman) истакнува дека поимот "еднаквост на шансите во образованието" има три димензии: 1) еднаквост во приодот кон незадолжителното образование за цела една генерација младина која поседува еднакви квантитативно измерени способности, без оглед на основните белези како што се полот, расата, местото на домување и општествената класа; 2) еднаквост во стапките на застапеност во незадолжителното образование за припадниците на сите класи и 3) еднаквост на шансите на младината на сите класи во по-

---

16/ Во Франција во 1964 година почетокот на училишната реформа започна со барањето или подобро речено паролата: "сите еднакви на училишниот старт; нека победат најдобрите и нека одат најдалеку". (Вид., Zakić D.M., Obrazovanje u SAD, SSSR i Zapadnoj Evropi, "Grafos", Beograd, 1970, s. 39).

глед на стекнување на способности кои ги пружаат училиштата.[17/] Според Торстен Исен (Torsten Husén) под поимот еднаквост се подразбира можноста сите индивидуи да ја отпочнат нивната училишна кариера односно нивото на школување, без никаква дискриминација. Иако од генетска гледна точка тоа не е многу очигледно, сепак може да се сфати теоретски суштината на работата каде сите деца од нивното раѓање ќе користат исти услови на живот. Во овој поглед постојат две тешкотии: 1) децата произлегуваат од мошне различни родители (од генетска гледна точка) и 2) од почетокот се подвргнати на различни третмани.[18/] Џ. Колман (J. Coleman) поимот "еднакви шанси" го определува како еднаквост на резултатите во ситуации кога поединците внесуваат во образованието различни инпути, кои треба да бидат еднакви за сите позначајни општествени групи. Во таа смисла треба да се настојува, според него, да се: 1) обезбеди целосна можност за образование до такво рамниште кое ќе претставува влезна врата во процесот на трудот и 2) еднаков тип на училишта и заеднички наставен план за сите деца.[19/] Според Џ. Колман, европските либерали и социјалисти ја идентификувале еднаквоста на шансите со еднаквоста да се изложи дадена програма. На детето и на неговото семејство останувало да ја искористат понудената шанса (прилика). Ако не успеало можеше да се лути само на себе. Значи, беше важно да се

17/ Вид., во книгата "Study Group in the Economics of Education: The Residual factor in Economic Groceth, Paris (OECD), 1964, p. 15.

18/ Husén T., Origine social et Ecucation, Centre pour la Recherche et l'inovation dans l'enseignement, Paris, 1972, p. 30.

19/ Coleman J., The Concept of Equal Educational Opportunity, Harvard Educational Rewiew, 1968 (38), p. 11.

изгради таков систем во кој еднакви шанси ќе бидат дадени на сите деца, без оглед на нивното социјално потекло. Со тоа беше удрена основата на либералистичката теорија за "еднаквоста на шансите во образованието".

Од неа тргнува во својата класификација на разните концепти за "еднаквоста на шансите во образованието" веќе спомнатиот француски мислител Т. Исен. Според него, во еволуцијата на концептот за еднаквоста во образованието постојат три главни фази, од кои секоја одговара на една повеќе или помалку различна општествена филозофија, и тоа: а) конзервативна фаза, б) либерална и в) онаа што би можело да се нарече "нова" концепција на еднаквост пред образованието.[20/] Конзервативната фаза или концепција се состои во строгиот дуализам на образованието во што се поддржува гимназијата да им одговара на оние кои се стремат за позиции на кои главно се наоѓаат припадниците на повисоките општествени класи и преку која единствено води патот кон универзитетот, додека основното училиште треба да ги прими оние кои им припаѓаат на мануелните работници од градовите и селата. Еден далечен одзив на конзервативната концепција се забележува во Извештајот од 1953 година на германската комисија за образование *(Deutscher Ausschuss für das Bildungsund Erzichungsweser)*.[21/] Т. Исен класи-

20/ Husén T., Origine sociale et Education, ... op. cit.,p.31.

21/ Оваа комисија "била задолжена за периодот 1950-1960 година од постојаната Конференција на министрите на Германија за образование да ги разработи директивите за развој на образованието во Сојузна Република Германија, но таа немаше мандат од сојузната влада... Во тој извештај Комисијата ги истакнува заедничките структурални рамки. Во извесна мерка *Volksschule*, *Mittelschule* и *Höhere Schule* се наменети да одговараат на потребите на три различни општествени класи. Овој и шведскиот систем се применуваат во сите високо-индустријализирани земји во Западна Европа" (Husén T., Ibid, p. 32, 33).

чната либерална концепција ја резимира вака: поединецот со своето раѓање има извесни интелектуални дарби или извесни релативно постојани способности. Образовниот систем треба да биде таков кој ќе ги отстранува надворешните пречки, било тие да се економски или географски кои им пречат на талентираните од скромна средина за да ја искористат својата вродена интелигенција и да постигнат општествен напредок на што таа (интелигенцијата) им дава право. Оттука, образованието треба да му овозможи на секого, без разлика на припадноста на општествената класа, да дојде на оној општествен ранг што му припаѓа врз основа на неговите вродени способности. Затоа, според оваа концепција општествено-економските фактори немаат повеќе важност кога се ползуваат критериумите за академски успех (високо образование). Токму тој (не)успех во образованието според оваа либералистичка концепција целосно зависи од поединецот, од неговите индивидуални способности. Третата концепција за еднаквоста на шансите во образованието што Т. Исéн ја нарекува "ново", "радикално учење" за "еднаквоста на шансите" се состои: прво, во проширување на "еднаквоста на шансите" не само во образованието туку и во предучилишното воспитување со што прашањето се опфаќа во својот тоталитет и второ, не се работи само за отстранување на надворешните пречки за создавање на еднаквост на шансите и со тоа (не)успехот во образованието да зависи само од поединецот, како што тврди либералната филозофија, туку, пред сé според "новата" концепција, успехот на ученикот исто како и неговиот неуспех треба да се припишат исклучиво на училиштето и особено на организацијата на образова-

нието. Се работи, значи, да се знае, пред сé, во колкава мера училиштето можело да им создаде на учениците услови кои овозможуваат хармонично да се развиваат.[22/]

Се разбира дека и оваа "нова", "радикална" концепција за "еднаквоста на шансите" во образованието суштински не се разликува од претходната либералистичка која *de facto* е пренесувана на образованието на претприемачката либерална идеологија која фразира дека влегувањето и качувањето во хиерархијата на средната и крупната буржоазија единствено или претежно зависи од поединецот, од неговите способности на претприемач и иницијатор. Оваа "радикална" концепција за која се залага Т. Исéн е само терминолошки таква, бидејќи образованието во капитализмот особено неговата организација на што инсистира оваа концепција не може да создаде "еднакви услови и шанси" за "хармонично развивање" на учениците од простата причина што е тоа класно и хиерархиски засновано и,пред сé, служи како средство на зачувување, обновување и зацврстување на класната поделеност во капитализмот како и на обновување и "оправдување" на хиерархиската поделеност во фабриката. Образованието одвоено од процесот на трудот и самото хиерархиски организирано само помогнува и е во функција на репродукција на поделбата на умствен и физички труд, оттука тоа е повеќе во функција на потчинувањето и експлоатирањето на работничката класа, отколку што е чинител за "создавање на еднакви услови" за сите ученици без разлика на нивното социјално потекло.

---

22/ Ibid., p. 42, 43.

Самата идеологија на "еднакви шанси во образованието" е слична на опуртунистичката апсурдност од жанрот "народното образование е еднакво за сите" што го проповедале Ласаловците а како што е познато го разобличи К. Маркс. По појавата на класите сите експлоататорски класи на власт го монополизираа знаењето во своја полза лишувајќи ги експлоатираните класи од нивното право на образование. Таа беше и законски санкционирана.[23/] Во 19 век настанува "социјал-дарвинизмот кој ја редуцира паролата за еднаквите шанси врз животинската борба за да се преживее, т.е. врз квази биолошки основи што наоѓа свој израз и подоцна во 20 век применета и врз идеологијата за "еднакви шанси во образованието" (Ешби - Ashby; Г. Џоблинг - Jobling; Херрнстен - Hernstein и др.).

Современата идеологија и мит за "еднаквоста на шансите" се поврзува со таканаречениот *boom (explosion)* на образованието за подобрување на општествените позиции низ процесот на образование. Како што истакнуваат С. Келер и Р. Варенкамп таа е "рафинирано и при тоа цинично средство за идеолошки да се осигураат и заострат хиерархиските односи меѓу оние кои работат за надница. Таа им кажува на оние кои стојат 'долу' дека имаат шанса да дојдат 'горе' само треба уредно да се школуваат. Така на одвишните ситуацијата би можела да се претстави како последица на нивната глупост или мрзливост, значи само како резултат на нивното сопствено, лич-

23/ Така во стара Индија "законите предвидуваа смртна казна за секој оној што ќе ѝ дозволеше на презрената класа на Судрите да дојде до образование. Во стара Кина Конфучио, претставник на декадентската аристократија која била сопственичка на робови, препорачувал народот да се држи во незнаење. Тој велел:'Може да му се дозволи на народот да дејствува, но да не му се дозволи да разбира'. (Groupe redacfionnel de critique revolutionnaire de Chang-hai: Qui rééduque qui? A propos du traité de N.A. Kairov: Pedagogie, во книгата на A.Gras "Sociologie de l'education, Librairie Larousse, Paris, 1974, p. 118).

но однесување, а не на општествената логика."[24/] Затоа, самата теза и тврдење за постоењето на еднакви шанси во образовниот систем е соодветно оправдување на големите бирократско-технократски системи на монополско-државниот капитализам и само ја оживува важечката претстава дека секој може да стане капиталист, само ако е вреден и божем дека "судбината на човекот, индивидуалата, повеќе не зависи од постојното општествено уредување, туку од неговите индивидуални способности". Оттука, поврзаноста на искачувањето во хиерархиската општествена скала преку училиштето (дипломата) силно го заострува идеолошкиот притисок врз работничката класа, посебно врз безнадежната положба на нејзините ниски (неквалификувани и полуквалификувани) слоеви. Преку ваквата идеологија овие општествени слоеви се убедуваат или се обидува да се убедат дека нивниот (пред сè на нивните млади припадници) образовен неуспех не е неуспех на институцијата училиште (образовен систем) туку последица на нивната помала "вредност", односно општествена инфериорност, т.е. дека тие не се по "природа" за учење; за интелектуален труд, туку само за мануелен. Наспроти тоа преку системот на техничките училишта и техничките факултети стручњаците се настојува да се убедат дека тие се нешто друго од работниците и затоа спрема нив треба да се однесуваат самовласно, заповеднички, бидејќи наводно самите нивни способности и знаења тоа го бараат и овозможуваат, додека кон сопствениците на средствата за производство им се утувува во главата дека треба да се однесуваат со по-

---

24/ Keller, S., Vahrenkamp R., Iluzije kasnog kapitalizma..., op. cit., s. 43.

читување и потчинување. На тој начин, и фактички и во свеста овој општествен слој кој е одвоен од работничката класа (слојот на стручњаците) има повеќе заеднички интереси и слична општествена положба со средните општествени слоеви и буржоазијата, отколку со работничката класа.

Така вододелницата за "шансите" на успех во воспитно-образовниот систем лежи меѓу децата и младината чии родители припаѓаат на умствениот или физичкиот труд, односно во самата општествена поделба на мануелен и интелектуален труд. Оваа поделба на трудот не влијае само врз класната детерминираност на воспитно-образовниот капиталистички систем туку и во целокупната општествена положба и начин на живот на децата и младината од различните општествени класи.25/

25/ Така ако се земе здравствената состојба на децата од аспект на класната структура, податоците на истражувањата покажуваат дека децата на општествените класи и слоеви кои претежно се занимаваат со умствен труд "имаат релативно помалку заразни болести; тие уживаат одлични стандарди на домашна грижа и нивните мајки редовно ги носат во центрите на благосостојба и воопшто ги ползуваат расположливите медицински служби. Со други зборови, тие го имаат она на што може да се гледа на образовните карактеристики на средната класа. Наспроти тоа, децата од работничката класа почесто се болни особено од инфекции на дишните органи и здравствените работници сметаат дека нивните мајки даваат слаба грижа за нивните деца и нивните домаќинства и затоа што релативно малку ги ползуваат центрите на благосостојбата, често децата не ги вакцинираат против дифтерија. Семејствата кои се движат нагоре или надолу на општествената скала ги имаат карактеристиките и аспирациите на групата на која ѝ припаѓаат повеќе одошто на онаа која ја напуштаат; ова исто така важи и за способноста на нивните деца измерена преку нашите тестови и резултатите од испитите 11+" (Waizey John, Education in the Modern World, Weideenfeld and Nicolson, London, 1975, p. 121).

Маласи, пак, истакнува дека "одделувањето особено на општото и техничкото образование и на физичкиот од умствениот труд го одржува презирот и кон селанецот, дотолку повеќе што не дава усет за земјоделска работа и не ја осознава потребата за зголемување продуктивноста на овој труд како основа на процесот на развој на целото општество"(Malassis, L., Ruralité, Education; Developement, Les presses de L'UNESCO, Paris, 1975, p. 9).

Во услови на капиталистичкиот начин на производство и класниот карактер на воспитно-образовниот систем овозможениот селективен прилив на сосема ограничен број на деца од работничката класа и од другите сиромашни општествени класи и слоеви исполнува мошне значајна идеолошка функција: проширување и зацврстување на митот за еднаквите шанси и "протек на нова крв во владеачките класи, потполно лишувајќи ги ниските класи на потенцијални управувачи."[26/] Така и високото школство и во најразвиените капиталистички земји е ставено во служба на: 1) самообновувањето на класната структура и 2) оправдувањето на постојната класна хиерархиска структура. Во таа смисла, самиот факт што нееднаквоста на рамништата во наставата се додава на класните нееднаквости, истакнува С.Боулс, придонесе да се маскира важноста на самите класи, класните разлики и класните судири. "Бидејќи високото школство јавно е отворено за сите и бидејќи на сите им се причинува дека промоцијата во него зависи единствено од работните способности на секого, се создава впечаток дека тие кои успеваат за својот успех си должат само себе си. Поради тоа, често поединецот кој не е задоволен со својата работа, доход и социјален статус настојува да се окриви самиот себе отколку општествениот систем или оние - се знае, предодредените - чиј "успех" самиот тој систем го олеснува."[27/]

Интересно е да се истакне дека во рамките на граѓанската теорија и тоа од нејзината организистичка варијанта се наоѓа критика на теоријата на "еднаквите шанси во об-

26/ Bowels, S. Protivrečnosti u visokom školstvu, Marksizam u svetu, 1, 1975, s. 61.

27/ Ibid.

разованието". Така Х. Ајсенк на теоријата на еднакви шанси ја спротивставува својата теорија на талентите истакнувајќи, притоа, дека еднаквоста на шансите во образовниот систем "политички е неможна, философски бесмислена и биолошки апсурдна".[28/] Тргнувајќи од сфаќањето дека кај децата постојат вродени способности, тој нив ги дели на глупи и паметни (талентирани), истакнувајќи притоа дека доколку во стварноста се примени теоријата за еднаквоста на шансите во образованието и посебно во високото, тогаш на универзитетот ќе постојат ментално заостанати студенти. Од тоа, тој извлекува заклучок дека *de facto* примената на теоријата на еднаквите шанси нема да доведе до намалување на нееднаквоста во образовниот систем, зашто поталентираните него (образованието) ќе го ползуваат многу, а глупите само малку.[29/]

Се разбира дека само по себе толку не изненадува фактот што претставниците на оваа органицистички теорија на образованието кога е воопштена во однос на поделбата на сите деца, без разлика на нивното класно-социјално потекло, на глупи и паметни, на неталентирани и талентирани, но кога таа конкретно се применува врз постојните класи, и тоа првите белези давајќи им ги на ниските класи, а вторите на високите, тогаш на виделина излегува не само нејзиниот класен карактер туку и нејзината крајна конзервативно-реакционерна улога. Така К. Барт (C. Burt) нагласува дека децата на ра-

28/ Eysenck J. H., Egulity and Education: Fact and Fiction, "Oxford Review on Education", № 1, 1975, p. 51.

29/ Ibid., p. 58.

ботничката класа покажуваат послаб успех на испитите и помал број се запишуваат на универзитет во однос на децата од буржоазијата затоа што е тоа условено од две причини: 1) децата од работничката класа по природа се помалку интелигентни и 2) работничките семејства создаваат понеповолна средина за училишен успех.[30/] Ваквите сфаќања иако неодрживи сепак претставуваат израз, а и зацврстување на класниот дуализам на средното образование: училишта наменети за оквалификување на работничкиот подмладок за кои се затворени вратите на високото образование и училишта од општообразователен карактер (гимназиите) кои оспособуваат за продолжено учење, студирање на универзитетот; класен дуализам кој се́ уште не е надминат,[31/] ниту може да се надмине во услови на капиталистички-

---

30/ Вид. во книгата на Torsten H., Strategies for Educational Eguality, OECD, Paris, 1974, p. 12. Определени варијанти на органицистичката теорија за образованието и посебно за високото се сретнуваат и кај други автори. Во таа смисла петипични примери се следните автори: Ashby E. and Parsons T., The Future of the Nineteen the Century Idea of a University, Minerva, № 6, 1967 и Jobling General Sociology and Cultural Change, ed. R. Brown, (Tavistock) London, 1973.

31/ Современото капиталистичко училиште не е секогаш онаа средина, односно не е "основен критериум за идентификација", откривање и развој на "паметните", односно талентираните деца, бидејќи тоа го потврдува фактот што мошне висок процент на луѓе кои во животот се потврдиле како талентирани и способни не постигнале особен успех. (David C. McClelland, Issues in the Identification of Talent во книгата Talent and Society, D. Van Nostrand Company, INC, Princetion, New Jersey, 1968, p. 6).

Б. Џексон и Д. Марсден на примерот на В. Британија покажуваат дека владеачката класа во В. Британија се́ уште го потценува колосалното растурање на таленти кај децата од работничката класа. Се́ уште слушаме многу гласни аргументи дека постои мал број деца што се способни за средношколско образование или за прием на универзитет... Фактите непоколебливо укажуваат дека кога би го направиле образованието исто толку пристапно за децата од работничката класа, како што е тоа за децата од средната класа, ние би го удвоиле и повеќе отколку удвоиле бројот на високоталентираните и високообразованите групи." (B.Jackson and D. Marsden, Education and the Warking Class, Penguin Books, Middlesex, 1966, p. 16).

от начин на производство и со него обусловената општествена поделба на трудот.

Во таквите услови на општествена поделба на трудот, образованието и посебно високото е во функција на репродукција на постојната класна структура и на постојните хиерархиски општествени односи. Во таа смисла, како што истакнува францускиот социолог Ж. Морсо, за поголемиот број луѓе и образовниот систем, според својата сопствена логика, блиску поврзана со природата на класниот систем, "остро го ограничува стекнувањето на најважните квалификации за нагорна социјална подвижност кај помалку привилигираните додека во исто време привилигираните тој ги заштитува од надолна социјална подвижност."[32/]

Оттука и акцијата против самообновувањето на класните елементи и односи што го врши образованието (особено високото) не може да се ограничи само врз радикални промени на средното и високото образование, ако не ги опфати продукционите хиерархиски односи во фабриката, а со самото тоа и во

---

Повикувајќи се на Кроутер извештајот од 1959 година донесен од Централниот надзорен Совет за средните училишта Б. Џексон и Д. Марсден покажуваат дека "во примерокот на испитувањето (луѓето што стапиле во отслужување на воениот рок) оние млади луѓе со највисоки способности - оние од кои можеше да се очекува да го сочинуваат нашето универзитетско особје; потоа, повисоките рангови на менаџментот, администрацијата итн., - од тие млади луѓе 42% го напуштиле училиштето на возраст од 16 години. А оние во вториот највисок степен на способност (што е прилично над просекот) не помалку од 87% го напуштиле училиштето на возраст до 16 години. Кои и да се тие што ќе ги завршат сите шест класа, тоа секако не се нашите најспособни деца. Навистина, Кроутер комитетот покажува со обедливи статистички податоци дека тоа значи растурање на способности од класен карактер. Огромен број на деца од работничката класа или воопшто не одат во средно училиште или го напуштаат без да ги завршат сите одделенија."(Ibid.,p. 26).

32/ Marceau J., Education and social Mobility in France во книгата The Social Analysis, of Class Structure, Ed. by Frank Parkin, Tavistock Publication Limited, London,1974, p. 205.

целото општество "во чии очи кризата на високото образование сè повеќе ќе го открива паѓањето на митот за еднаквоста на шансите и индивидуалното унапредување, како и зјапечката недоволност на општествените институции што ги потхрануваат".[33/]

Меѓутоа, во рамките на граѓанската социологија на образованието покрај овие теориски сфаќања за еднаквоста на шансите во образованието и органицистичката теорија за "природните",. "наследните" нееднаквости меѓу децата од различните класи во образовниот систем, постојат и други теории меѓу кои повлијателна е функционалистичката. Се разбира дека оваа теорија е класно-буржоаски определена и затоа не става акцент на класниот карактер, на класната репродукција што ја врши образовниот систем во капитализмот, ниту гледа на образованието како поле на класните противречности и конфликти, туку таа ја потенцира улогата или подобро речено улогата на образованието како што се: интегративната, адаптирачката и еквилибристичката. Различните автори на оваа теорија и различно значење им придаваат на овие функции на образованието. Не навлегувајќи во подетално прикажување на оваа тероија, овде ќе се изнесат само сфаќањата на неколку нејзини претставници. Така Т. Парсонс смета дека училиштето врши два вида функции: прво, интернализација на вредностите и способностите за вршење на идните улоги на возрасните и второ, алокација на тие човекови ресурси во структурата на улогите на општеството на возрасните.[34/] Всушност, Т. Парсонс местото и улогата на учи-

33/ Bowels, S. Protivrečnosti u visokom školstvu, op. cit., s. 87.

34/ Parsons T., The School Class as a Social System, во книгата Education Economy and Society, eds. A.H. Halsay et al., Glencoe, Free Press, 1961, p. 434.

лиштето го определува и го изведува од неговата функционалистичка теорија на општеството и непосредно од поимот "социјализација". Слично како идеалистичките концепции на М. Вебер и Е. Диркем, Т. Парсонс смета дека за општествениот систем е најзначаен единствен систем на институционализирани вредности и заедничка култура. Општите вредности на општествениот систем тој ги конкретизира во системот на норми, во кој најважна улога играат правните норми. Општите вредности и заедничката култура имаат решавачка улога во глобалното општество, бидејќи нив ги создава и одржува општеството како морална заедница. Самото глобално општество како општествен систем, а според него "емпириски општествените системи се замислени како отворени системи, ангажирани во сложените процеси на размена со опкружувачките системи",[35/] е составено од потсистеми, а за такви функционални подсистеми внатре во општеството тој ги зема стопанството и заедницата, додека во опкружувачките системи на општествениот систем спаѓаат културниот систем и системот на личноста, како и подсистемите на поведението и другите подсистеми на организмот и, преку организмот, физичката средина. Притоа, "примарниот интерес на социологијата не е насочен кон функционирањето на овие подсистеми (стопанството и заедницата - П.Г.) туку кон другите два примарни функционални потсистеми: кон

---

35/ Parsons, T., Pregled društvenog sistema, во книгата Teorije o društvu, prva knjiga "Vuk Karadžić", Beograd, 1969, str. 39.

оние кои се занимаваат со функциите на интеграција и 'одржување на системот'".[36/] За исполнување на овие функции на општите вредности и нормите (кои се јадро на општеството) неопходна им е легитимација преку културата, а нејзината основна задача се состои во одржување на рамнотежата на општествениот систем.

Оправдувањето на вредностите и нормите во општеството се врши преку религијата, додека пак вградувањето, учењето и втиснувањето во свеста на луѓето на овие заеднички вредности и норми се врши по пат на социјализацијата која исто така има функција на одржување на "шемата" и "рамнотежата" на општествениот систем. Но, сепак, тежиштето на социјализацијата Т. Парсонс го става врз системот на личноста.[37/]

Најважни колективни носители на социјализацијата се црквата и семејството, посебно ова второто во раната социјализација. Во модерните индустриски општества, нуклеарното семејство, според Т. Парсонс, стана мошне издиференцирано и неговите родбински врски се ослабени, тоа структурално стана "одвоено" и така неговите главни функции се однесуваат на раната, предучилишна социјализација. Сите повеќе издиференцирани општества ги развија неродбинските структури кои се усредсредоточуваат околу функциите на формалното образование во кои обрасците од повисоко рамниште на нормативната култура и системите на објектите се интернализираат во личноста. Во неколку општества конечно настанале институции на високо образование во кои доаѓа до мошне важна фузија за под-

36/ Ibid., s. 38.
37/ Ibid., s. 61.

функциите на одржување на шемата: до комбинирање на највисоките рамништа на обучување, преку научната работа и истражувањата, со функциите на кодификување на важните делови на самата културна традиција. За да ги исполни своите функции на интеграција, рамнотежа и адаптација на постојниот општествен систем, според Т. Парсонс, училишниот систем, како и црквата или било каков владин биро, мора да има институционализирано раководство и обрасци на власт; мора да има пристап на мобилните средства и мора да ги регулира односите на своите услуги спрема своите потрошувачи.[38/] Образовниот систем претежно ја опфаќа тнр. специјална социјализација на индивидуите која се состои во оспособувањето за играње на идните професионални улоги и заземањето на соодветните општествени позиции. На тој начин Т. Парсонс се доближува и до функцијата на училиштето во социјалната стратификација сфатена како квази класна структура, т.е. составена од флуидни општествени слоеви чија основна задача и функција е да се одржи интеграцијата и рамнотежата на системот.

Оттука, толку не изненадува сфаќањето на Т. Парсонс и на некои други функционалисти за функцијата на образованието во општеството, што произлегува, како што се гледа од неговото функционалистичко сфаќање на општеството, туку фактот што училиштето не се согледува од аспект на социјалната структура, што го бара спецификата на социолошкиот приод.[39/] Тоа

38/ Ibid., s. 61, 62.

39/ Некои претставници на функционалистичката социолошка теорија на образованието прават исклучок од ова и се обидуваат образованието да го поврзат со социјалната структура. Така на пример, P.W. Musgrave на следниот начин го прави тоа: "Идните можности во животот или во термините што се употребени овде, можните патишта низ општествената структура што ѝ се отвораат на индивидуата се определени од карактерот на општествените позиции во кои таа (индивидуата)

веројатно произлегува што тој социјалната структура ја сфаќа како состав на издиференцирани општествени слоеви, социјална стратификација од која отпаѓаат основните агенси - класите кои и самите се поделени на општествени слоеви и околу кои (особено околу двете основни антагонистички спротивставени претставувајќи ја оската на класнослојната структура) се врши структурирањето на нови општествени меѓукласи и слоеви, како што од оваа теорија испадна моторот и движечките сили на општествениот развој - класната борба, класниот конфликт, социјалната револуција. Ако општествениот систем се засновува врз општите вредности и заедничките културни и правни норми и доколку во нив училиштето "стана главно средство на културната трансмисија",[40/] и ако е целта интеграција, рамнотежа и

---

е ставена сакала или не. Со други зборови улогите што таа може да ги постигне во многу случаеви се оневозможени од нејзините претходно припишани улоги. Во нашето општество, иако ова можеби не е во согласност со социјалистичките општества, момчињата имаат поголема шанса да станат инженери или возачи на автобуси отколку девојчињата кои наспроти нив најверојатно ќе работат како библиотекари или дактилографки."

"Постои исто така поголема можност децата родени од средната класа да се здобијат со позиции од повисок ранг одошто момчињата и девојчињата од работничката класа. Во основа овие два примери го свртуваат нашето внимание во смисла што општествената структура може да се согледа како да обезбедува врвици низ животот од каде е мошне тешко, иако не невозможно да се скрши". (Musgrave, P. W., The Sociology of Education, Methuen, CO LTD, London, 1975, p. 20).

40/ Shimpan M., The Sociology of the School, Longman Group Limited, London, 1975, p. 7.

одржување на општествениот систем како и "ублажување", отстранување на општествениот конфликт, а тој не се засновува врз радикална промена на постојните општествени односи и самиот општествен систем, тогаш јасно произлегува дека таквата функционалистичка теорија не само што е апологетска туку и длабоко конзервативна.

К. Маркс го отфрлил функционалистичкото сфаќање на општеството и во таа смисла и функционалистичкото сфаќање на општествената функција на образованието. Како што истакнува А. Лефевр, "тој (се мисли на К. Маркс - П.Г.) во него видел само идеологија според која во граѓанското општество различните функции се претпоставуваат реципрочно и ги раствараат спротивните интереси на ова општество".[41/]

К. Маркс и Ф. Енгелс укажуваат дека буржоаските фразирања за семејството и за воспитанието, за нежните односи меѓу родителите и децата дотолку повеќе стануваат одвратни доколку се раскинуваат сите семејни врски во средината на пролетаријатот благодарејќи на развојот на крупната индустрија, а децата се претвораат во обични предмети на трговијата и во работни инструменти.[42/] Во услови на капиталистичкиот начин на производство образованието, според класиците на марксизмот, има изразито класна функција, т.е. репродукција на постојната класна структура и потчинувањето и претворањето на училиштето во средство кое служи на интересите

41/ Lefebvre H., Sociologie de Marx, op. cit., p. 92.

42/ К. Маркс - Ф. Енгелс, Манифест на комунистичката партија, НИО "Студентски збор", Скопје, 1973, с. 39.

на буржоазијата со цел за создавање на поголем вишок на вредност и оплодување на капиталот. Оттука и илузијата на владеачката класа дека како што "укажувањето на класната сопственост претставува укинување на самото производство, така и укинувањето на класното образование за него (за буржујот - П.Г.) е рамносилно на укинување на образованието воопшто".[43/]

Во оваа, пак, смисла, В.И. Ленин пишува дека "доколку буржоаската држава била покултурна дотолку попрефинето лажела, тврдејќи дека училиштето може да стои вон политиката и да му служи на општеството во целина (зборувајќи со современиот буржоаски речник, т.е. за тнр. "неутралност" на образованието - П.Г.). Всушност училиштето било потполно претворено во средство на класното владеење на буржоазијата, тоа било сето прожето со кастински дух, тоа имаше за цел на капиталистите да им даде послушни слуги и разборити работници."[44/]

Во што се состои суштината на класното буржоаско образование? На ова прашање експлицитно одговара В.И. Ленин во полемиката со народникот Јужаков. "Таа суштина... е во тоа што образованието еднакво е организирано и еднакво им е достапно на сите имашни. Само во овој, последниов збор се состои суштината на класното училиште за разлика од сталешкото училиште. Затоа, г. Јужаков рече најголема бесмислица во горенаведенава тирада, имено, - 'дека божем при класните интереси на училиштето не може да станува ни збор за еден општ вид државно средно училиште'. А всушност е обратно: класното учили-

43/ Ibid., s. 37.

44/ Lenjin - Reč na I sveruskom kongresu za prosvetu (28.VIII 1918) во книгата Lenjin o komunističkom vaspitanju i školi, Veselin Masleša, Sarajevo, 1960, str. 230.

ште - ако е тоа доследно спроведено, т.е. ако е ослободено од сите и секакви сталешки остатоци, нужно претпоставува еден заеднички тип училиште. Суштината на класното општество (па, според тоа, и на класното образование) се состои во полна правна еднаквост, во полна рамноправност на сите граѓани, во полна рамноправност и достапност на образованието на богатите. Сталешкото училиште бара од ученикот да му припаѓа на извесен сталеж. Класното училиште не знае за сталеж, тоа знае само за граѓани. Тоа бара од сите ученици само едно, да платат за своето обучување. На класното училиште апсолутно не му се потребни различни програми за богатите и сиромашните, зашто оние што немаат средства да платат школарина, учебници, издржување на учениците во текот на целото школување - класното училиште не ги пушта кон средно образование. Класното училиште воопшто не претпоставува класна затвореност: напротив, спротивно на сталежите, класите оставаат секогаш наполно слободен преод на одделни личности од една класа во друга. Класното училиште не се затвора од никого кој има средства да учи... ние не сметаме дури за излишно да го дадеме за него (за г. Јужаков - П.Г.) и ова објаснување: во современото општество и она средно училиште што не наплатува школарина, воопшто не престанува да биде класно училиште, зашто трошоците за издршка на учениците во текот на 7-8 години се мошне поголеми од школарината, а овие издатоци можат да ги сносат само незначителен број луѓе."[45/]

---

45/ Ленин, И.В., Перлы народнического прожектерства, Полное собрание сочинений, Институт Марксизма - Ленинизма при ЦК КПСС, Издание пятое, том 2, Москва 1967, с. 476 и 477.

Ова последното го забележуваат и истакнуваат современите прогресивни теоретичари и истражувачи на Запад. Така Жак Алак истакнува дека школувањето никогаш не е целосно бесплатно, дури и кога тоа е задолжително. Семејствата финансираат според случајот: еден директен дел од чинењето на образованието, еден дел или целокупност на 'трошоците за издржување' на учениците, како, и целокупноста на нивната 'пропуштена добивка'.[46/] Затоа, само оние социјални групи кои располагаат со повисоки приходи од рамништето на националниот личен доход по жител, можат да им дозволат на своите деца да ги продолжат нивните студии без многу да се почувствуваат последиците од 'пропуштената добивка' врз нивните средства за живот. За поголемиот дел, ситуацијата е сосема различна; добивката од евентуалното плаќање за секое дете може да се смета - и кога училиштето вистински постои бесплатно - чини скапо ако тоа се посетува.[47/] Во тој поглед особено чини скапо посетувањето на високото образование што може да се движи по студент и до годишниот приход на еден индустриски работник.[48/]

Од друга, пак, страна, статистички може да се пресмета дека дипломата за завршено соодветно високо образование на секој апсолвент му ветува повисок доход. Сепак ова важи само дотогаш додека системот на високото образование се проши-

---

46/ Hallak Jaques, A qui profite l'école? Presses Universitaires de France, Paris, 1974, p. 14.

47/ Ibid., p. 21.

48/ "Во Англија годишниот трошок на државата за еден студент е речиси еднаков со годишниот приход на еден индустриски работник" (Tunstall J., The open University open's, Routledge Kegan Paul, London, 1974, p. IX).

рува и може да ги прифати сопствените апсолвенти кои можат да се вработат. Доколку, пак, стагнира системот на ова образование, се регрутираат невработени со дипломи, и повисоките доходи, ветени од страна на високото образование, опаѓаат. Оваа ситуација е присутна во Шведска, Англија, Франција, Италија и САД.[49/] Оттука, времето проведено во образованието треба да се третира и како смалување на резервите на човековата продуктивност. Што е поголемо вкупното време проведено во образованието, толку младината останува подолго вон пазарот на работната сила. Економската логика на временски долго школување, А. Летиери точно ја означува како "време на непродуктивен труд со цел".[50/]

На тој начин покрај основната класна буржуаска суштина и функција, високото образование во капитализмот има и други социјални функции. Така од претходното произлегува дека тоа го апсорбира вишокот на работноспособно население држејќи го на страна од процесот на трудот со што и се создава привид на релативно помал број на *de facto* невработено население.

---

49/ Keller S., Vahrenkamp R., Iluzije kasnog kapitalizma, op. cit., s. 49.

50/ А. Летиери истакнува дека "училиштето стана институција чија функција е да ја апсорбира одвишната работна сила, да ги стерилизира производните енергии кои капиталистичкиот систем не би можел да ги искористи. Комитетот на економските советници на претседателот на САД смета дека младината која се држи вон производството доведува до губиток на доход во износ од триесет милијарди долари годишно. Значи, студирањето претставува неплатен присилен непроизводствен труд. Тоа е истовремено еден од најсуптилните и најотуѓените облици на експлоатација. (Lettieri, A., Fabrika i škola,"Marksizam u svetu", 1, 1975, s. 112).

Б. Верхаген укажува дека универзитетот кој произведува знаења игра улога на една од привилегиите на капиталистичката стратегија. Во првата фаза на развој на високото образование во капитализмот универзитетот е инструмент во рацете на буржоазијата за да ја засили својата доминација над другите класи. Правилата за пренесување на знаењата се сообразуваат со истите детерминанти на класата како наследството на акумулираните капитали или фамилијарното доделување на државните функции во бирократизираните општества. Сега во пазувите на владеачката класа истовремено се пренесуваат капиталите, знаењето и функциите за управуаање. Тоа создава генерации професори, лекари, чиновници како што постојат династии менаџери или како што имало некогаш феудални семејства чие раководење со земјата се пренесувало од колено на колено.[51/]

Други мислители укажуваат на противречната социјална функција на високото образование во условите на капиталистичкиот начин на производство. Имено, напоредно со конзервативната и реакционерна улога, која се состои во зацврстување на постојната експлоатација и угнетување, образованието игра и прогресивна социјална улога. Во прилог на ова второто

51/ Вид. Verhagen. B., L'université socialist, utopie ou loi de l'histore, Les Temps Moderns, № 277-278, 1969, p.196. Меѓутоа во подоцнежната фаза, според Б. Верхаген, еволуцијата на универзитетот ќе создаде нова социјална класа, т.е. "се создава универзитетски пролетаријат со диплома, а без работа, со знаење без моќ, со компентенција, но без престиж. Оваа нова класа го оспорува буржоаското општество... и јас ѝ припишувам (на универзитетската класа -П.Г која е во формирање точно иста револуционерна улога што К. Маркс му ја даде на пролетаријатот" (Ibid. p. 196). Со ова Б. Верхаген паѓа во утопија и во истата грешка исто како и Х. Маркузе (може би и под негово влијание) кога на интелигенцијата ѝ ја препиша мисијата на историски револуционерен субјект. Студентските настани 1968 и 70-те години во светски размери јасно покажаа дека улогата на револуционерен историски субјект што ја има пролетаријатот не можат да ја заменат, односно преземат, особено ако не е дел од пролетерското револуционерно движење.

се истакнува дека "не без разлог прогресивните мислители на сите времиња и народи секаде настапувале за распространување на просветеноста, знаењето, за широко развивање на сите училишни институции за трудбеничките маси".[52/] Така високото образование мора да исполнува две неспоиви функции: пренесување на интелектуалните квалификации, од една страна, и овековечување на општествената митологија како чувар и утувување послушност на работниците од среден ранг, од друга страна.[53/]

Според францускиот познат марксист А. Горц класното високо образование има за цел во "малобројното малцинство да формира чувство дека тоа претставува елита; тоа служи и за тоа да произведе хиерархиска стратификација на работната сила, според барањето на капиталистичката поделба на трудот. Тоа се постигнува со помош на концептуални и апстрактни начини на образование, кои на децата од недоволно образованите родители, силно го отежнуваат стекнувањето на интелектуални квалификации.[54/] Во таа смисла, според познатите француски социолози на образованието П. Бурдие и Ж.К. Пасерон, образовниот систем станува клучно средство на социјалната хиерархија: тој секако ги регистрира разликите во способностите и квалификациите, а всушност сам ги произведува".[55/] Од овој аспект како и од аспект на социјалната структура и двајца други француски мислители - Ф. Бон и М. Бирние ја гледаат двојна-

52/ Турченко Н.В., Научно-техническая революция и революция в образовании... оп. цит., с. 33.

53/ Bowels S., op. cit., s. 67.

54/ Gorz A., Tehnika, tehničari i klasne borbe, op.cit.,s.53.

55/ Bourdien P., et Passeron C.J., La Reproduction, ed. Minuit, Paris, 1970.

та функција на универзитетот: да го одржува и рационално да го припрема управувачкиот слој, да снабдува доволен број кадри и техничари што ги бара економиката - институцијата треба да се подели во две гранки: универзитет на елита за технократи и инжинери на високо рамниште и стандарден универзитет за масата на техничари на средни кадри и на средношколски професори. Првиот би вовел строга селекција од квантитативна и социјална гледна точка и каде би имале пристап единствено децата од управувачките слоеви со кои би се асимилирале неколку стипендисти кои произлегуваат од народот; вториот, наспроти тоа, широко би се отворил за средните класи, односно за работничката класа. Според Ф. Бон и М. Бирние, тоа се основните принципи на технократската политика за универзитетот.[56/]

Се покажува дека високото образование не само што не придонесе да се намалат спротивностите меѓу владеачката класа и потчинетата, туку тоа се стави во служба на овие антагонистички спротивности и уште повеќе тоа нив ги цементира. Така не само високото туку и целото образование во капитализмот е во функција на општествената поделба на трудот. На тој начин дуализмот во системот на образованието се јавува како законитост на поделбата на трудот во производството, пред сé на поделбата на интелектуален и мануелен труд и самото тоа се репродукува како апарат во функција на таа поделба и е "про-

56/ Bon F. et Burnier M., Les nouveaux intelectiels, ed. du Seuil, Paris, 1971, p. 198, 199.

никната со таа поделба во производството, поврзана со одвојувањето и развластувањето на непосредните производители од нивните средства за производство".[57/] Оттука и потребата од постоење на две мрежи на школување затоа што општествената поделба на трудот, која се покажува најчесто и во вид на чисто техничко делење на функциите и способностите, или квалификациите, всушност е директно определена од поделбата на општеството на антагонистички класи, од барањата на експлоатацијата на трудот во производството и надвор од него. Посебно, поделбата на две мрежи на школување (првата е наречена второстепена - високостепена мрежа, а втората основно образование - професионално-стручна мрежа) непосредно е определена од општествената поделба на умствен и физички труд што во целото општество се продлабочува и сочинува еден од главните инструменти за експлоатација на трудот.[58/] Не постојат две мрежи на образование "само затоа што училиштето прибира ученици од две различни средини. Во крајна линија, мрежата основно образование - професионално-стручно може да биде составена особено од деца на буржоазијата, тоа ништо не би променило, бидејќи буржоаската класа има потреба од постоење на спротивна класа со која ќе владее, а оттаму во тоа училиштето ѝ служи".[59/]

Често се укажува од аспект на социјалната подвижност дека општествено подвижни *par excellence* се оние кои по-

---

57/ Pulancas N., Klase u savremenom kapitalizmu, ... op.cit., s. 228.

58/ Вид. Desaunay G., A propos de l'ouvrage de C. Boudelot et R. Establet "L'Ecole capitaliste en France, во книгата Sociologie de l'education, ...op. cit., p. 147.

59/ Ibid.

минуваат преку линијата физички-умствен труд, бидејќи токму тука констелацијата на класните карактеристики е најакутна.[60/] Затоа, образованието не врши само улога во квалификувањето на интелектуалниот труд, улога која според Н. Пуланцас, е "карактеристична и мошне специфична кога е во прашање новата ситна буржоазија", туку и во создавањето на "брана" во менувањето на класно-социјалната положба во рамките на постојната класна структура. Јасно е изразена тенденцијата што мошне голем дел од новата ситна буржоазија не се определува за 'обучување низ трудот' туку за училишно образование.[61/] Тоа се гледа веќе на најниското рамниште на училишниот апарат: околу 40% работници, родени пред и во текот на 1918 година, во 1962 година немале никакво училишно сведителство (дури ниту сведетелство за завршено основно училиште), додека процентот на такви лица во редовите на новата ситна буржоазија изнесувало само 10% (тука не се сметаат средните кадрови, инаку разликата би била уште позначајна).[62/] Станува очигледно дека децата на ситната буржоазија сé помалку се надеваат на наследството и затоа наместо тоа се ориентираат кон таков вид образование кое ќе им донесе општествен престиж и замена за наследството. Образованието, особено високото треба на нив да им ја обезбеди командата над туѓиот труд и со тоа да им ја зачува привилегиранта општествена позиција. Така 'академската титула'стана модерна форма на 'право на управување'.[63/]

60/ Marceau J., Education and Social Mobility in France... op. cit., p. 208.

61/ Pulancas N., op. cit., s. 296.

62/ Ibid.

63/ Kellers., Vahrenkamp R... op. cit., s. 26.

Тоа го навело Р. Дарендорф да заклучи дека индустрискиот развој во капитализмот доведува до масовно образование кое влијае врз социјалната подвижност во општеството, така што заземањето на општествената позиција сѐ помалку зависи од сопственоста, а сѐ повеќе и решавачки од степенот на образованието што некој го поседува[64/] и Х. Шелски кој истакнува дека "мора да се забележи општиот стремеж кон подобро професионално образование, всушност како замена за стремежот на граѓанскиот свет кон имот".[65/]

С. Боулс, С. Келер, Р. Варенкам, Н. Вебер и Н. Пуланцас, се сложуваат кога истакнуваат дека достигнувањето на општествената позиција на крупната буржоазија не само преку образованието туку и преку било кои други општествени канали е неможно и дејствува иреално. Од друга страна, пак, С. Келер и Р. Варенкам додаваат дека една суштинска група никогаш не ќе биде опфатена со образовниот *"boom"*: работниците. Нивните деца уште порано тешко се оштетени за да можат да дојдат до академска диплома. А тоа е уште еден показател на провалија меѓу граѓанскиот и пролетерскиот *"praxis"*.[66/]

---

64/ Dahrendorf R., Class and Class Conflict in Industrial Society, St. un. Press, 1965.

65/ Shelsky H., Die Skeptische Generation, Düseldorf 1957, s. 227 (приведено според S. Keller i R. Vahrencamp., op. cit., s. 26).

66/ Keller S., Vahrencamp R., op. cit., s. 28.

Според Н. Пуланцас, улогата на образовниот апарат е мошне важна за ситната буржоазија, додека за буржоазијата и работничката класа има второстепено значење. Буквално земено училиштето не врши распоред на припадниците на тие две темелни класи (било да се работи за самите припадници, било за нивните деца); тие остануваат таму каде се, па се се одигрува како да се врзани за тие места, а задачата на училиштето е да ја оправда и да ја овековечи таа врзаност. Наспроти тоа, припадниците на новата ситна буржоазија изразуваат мошне упадлива подвижност која е... непосредно поврзана со училишниот апарат (Pulancas N., op.cit.s.299).

Голем број истражувања и студии ги потврдуваат изнесените не само констатации и тенденции туку и законитост на социјалната структура кога таа се разгледува од аспект на образованието и која (законитоста) во услови на капиталистичкиот начин на производство се состои во конзервирањето на општествените позиции на нејзините (социјалната структура) полови, т.е. на врвот владеачката буржоазија, а на дното работничката класа и другите сиромашни слоеви, додека тоа (образованието, особено високото) игра значајна улога за ситната буржоазија и за шарениот конгломерат на средни општествени слоеви, кои се привилегирани и кои ги сочинуваат слоевите на "белите јакни" (Р. Милс) или тнр. "буржоаски талог" (С. Келер и Р. Варенкам). Не навлегувајќи во анализа на податоците од овие истражувања (за што повеќе ќе стане збор во поглавјето "Влијанието на социјалната структура врз изборот на видот на вишото и високото образование), овде ќе се изнесат само неколку илустративни податоци во врска со изнесените констатации.

Н. Вебер од перспектива на Сојузна Република Германија наведува дека под претпоставка социјалната структура на студентите да биде идентична со социјалната структура на вработените лица - што би било случај ако беа еднакви шансите за

---

А. Летиери од аспект на образованието во Италија истакнува дека "фактот што речиси милион работници посетуваат вечерни курсеви е знак на стремежот на масите со свртувањето кон училиштето да се извлечат од условите на работничката егзистенција. Но тој обид речиси секогаш се завршува со неуспех: имено, не постои врска меѓу училиштето и фабриката, меѓу потребата да се променат природата и организацијата на трудот и она на што ги учи училиштето. Анкетата извршена во Торино покажува дека работниците најчесто го сфаќаат училиштето како средство да се извлечат од условите на својата егзистенција да добијат 'повисока' положба, која не е ништо помалку отуѓена" (Lettieri A., op. cit., s. 111).

школување за работништвото - би се добила очекувана вредност од 47,6% за 1967 година. Всушност, таа достигна само 6,7% од работниците кои имаат синови и ќерки кои студираат. Се покажува дека чиновниците имаат повеќе од пет пати од очекуваната вредност и заедно со самостојните професии се привилигирани социјални слоеви, додека работниците се мошне запоставени и имаат нешто помалку студенти од 1/7 од очекуваната вредност според нивниот број на вработени.[67/] Врз основа на тоа, Н. Вебер заклучува дека за образованието на детето и за неговите понатамошни шанси не е сеедено во каков општествен слој тоа е родено. Детето на банкарски директор има шанса да студира на универзитетот и со тоа да си обезбеди определен социјален статус и социјален успон; детето на еден полуквалификуван, неквалификуван работник има шанса да студира на универзитет само во исклучителен случај; за нивните женски деца изгледите се уште поретки. Според тоа, по правило, овие деца остануваат во својот "социјален слој".[68/]

Во истата насока Ален Жирард го утврдува истото правило за Франција. Тој констатира дека уште на прв поглед, неправилноста меѓу двете распределби е фрапантна: работниците приближно би биле пет пати помалку застапени на универзитетот, отколку што се по бројот во вкупното население, додека слободните професии и високите кадри се застапени околу шест пати повеќе. Едно дете од работничко семејство би имало 25

67/ Weber N., Privilegien durch Bilding - Uber die Ungleichheit der Bildungschancen in BR Deutschland, Subrkamp Verlag, Frankfurt, 1973, s. 26, 27.

68/ Ibid., s. 32.

пати помалку шанси да стапи на универзитет отколку некое дете чиј татко се занимава со слободна професија или му припаѓа на високите кадри; но кадрите со средна училишна подготовка и сличните категории би имале близу два пати помалку шанси, занаетчиите и трговците пет до шест пати помалку итн.[69/] Повикувајќи се на една необјавена студија на П. Бурдие, Жан Марсо покажува дека дистрибуцијата според социјалното потекло на студентите од E.N.A е: 3-4% се од работничката класа; 27% од средната класа и близу 70% од високата класа. Ова може да се спореди, продолжува Ж. Марсо, со студијата на Т. Ботомор (Bottomore) за периодот 1945-51 година во која тој открил 65% висока класа, 28% средна класа и речиси 7% работничка класа, вклучувајќи ги тука и фармерите. Споредбата покажува, заклучува Ж. Марсо, речиси потполна имобилност во текот на 20 години наспроти промените во образовниот систем.[70/] Едно друго истражување во Велика Британија покажа дека социјалното потекло силно влијае и врз успехот во образованието. Така 55% од успешните потекнувале од средната класа, а само 12% од семејствата на работничката класа.[71/]

Јасна слика на класна репродукција покажува и високото образование во САД. Податоците што ги изнесува С.Боулс покажуваат дека дури и меѓу оние кои дипломираат на *high school* децата од семејствата чии годишни приходи се помали од 3.000

---

69/ "Population" et l'enseignement (Introduction d'Alain Girard) Institut national d'études demographiques, P.U.F., Paris, 1970, p. 235.

70/ Marsseau J., Education and Social Mobility... op.cit. p. 225/6.

71/ Himmelweit T.H., Social Status and secondary Education since the 1944 Act: Some Data for London, во книгата Social Mobility in Britain... op. cit., p. 145.

долари имале шест пати помалку шанси да одат на универзитет од децата чии семејства заработуваат повеќе од 15.000 долари годишно. Децата од сиромашните семејства исто така имале многу помалку шанси на крајот на студиите на *high schools* да добијат диплома; што се однесува до оние кои отишле во *colleges*-те, тие обично ги бирале помалку сјајните установи, посебно оние чиј циклус на студии трае две наместо четири години.[72/]

Во материјалите на XXXII сесија на Меѓународната конференција за образование, одржана во 1970 година во Женева, се изнесува дека можностите за достапност на средното, а уште повеќе на високото образование се мошне ограничени за определени класи и социјални групи. Децата од имотните и владеачките кругови во капиталистичките земји "имаат 80 пати поголеми можности за да стапат на универзитет отколку синовите на селско-земјоделските работници; понатаму, 40 пати повеќе отколку синовите на работниците, два пати повеќе од синовите на средните слоеви. Нееднаквоста на различните социјални класи на универзитетот не настанува во резултатите на одбирањето спроведувано при стапувањето на универзитет, таа настапува механички од возраст во возраст, на секоја етапа на училишното обучување".[73/]

Образованието, посебно високото во капитализмот, не само што ја репродукува постојната социјална структура, туку тоа неа ја оправдува. Преку *"boom"* на образованието, иако ре-

---

72/ Bowels S., op. cit., s. 60.

73/ Пузырев Ф., На XXXII сесии международной конференций по образованию, "Народное образование", 1971, № 2, с. 98.

чиси на сите негови степени значајно се зголеми бројот на "обучуваните", сепак *de facto* не доведе до значајни поместувања во постојната социјална структура, така што "социјалната подвижност" речиси е иста како пред половина век или дури и пред сто години. Всушност, само се зголеми илузијата кај "ниските" општествени класи и слоеви за "шансите" на успон во средната класа или во привилегираните општествени слоеви преку завршувањето на повисок степен на образование; илузија која е потхранувана од буржоаската идеологија за еднаквост на шансите на сите пред и во образованието. Се разбира дека ваквата идеологија има за цел да го оправда општествениот буржоаски систем како божем "најдемократски" и "неутрален" во поглед на успехот на секоја индивидуа која со малку капитал и иницијатива или со добивање на некоја диплома, квалификација може да се стане буржуј; значи божем дека тој успех не зависи од општествените односи (капитал-наемен труд) во кои живее индивидуата, туку претежно од способностите и залагањето на самата индивидуа и затоа "во случај" на неуспех таа има самата да се окриви.

И преку оваа идеологија, а и преку изнесената илузија што таа ја создава се создава еден фетиш кон квалификациите, фетиш и бркотница околу добивањето на дипломи што на определен начин ја покажува не само отуѓеноста на личноста во современите капиталистички односи туку и целосната отуѓеност на високото образование и науката кои самиот капитал ги потчинува, исто како што ги потчинува и другите дејности, особено производствениот труд како основа, монополизирајќи ги и

претворајќи ги во средства што му служат за создавање на релатижен вишок на вредност, акумулација и оплодување на самиот капитал.

Во таквите општествени односи знаењето, високото образование, науката стануваат привилегија, а и самите создаваат општествено привилегирани личности и општествени слоеви. Поради тоа високото образование, универзитетот не само што е поле на низа општествени противречности и класни судири, туку и самото преку создавањето на општествена елита, привилегирани слоеви кои имаат задача да управуваат и командуваат со производствениот труд на работничката класа, туку тоа самото, во рамките на постојниот општествен систем, создава нови противречности и конфликти кои го разбиваат буржоаскиот мит за "еднаквите шанси" и "неутралноста" на образованието и науката или за псевдотеоријата за тнр. "научно-техничката револуција".

Тоа е така, затоа што образованието (посебно високото, универзитетот) во капитализмот го формира, формулира и развива буржоазијата како владеачка класа, на таков начин што тоа ги остварува нејзините интереси за зацврстување и репродукување на нејзината власт над сите други класи и слоеви, а особено над наемната производствена класа.

Високото образование, универзитетот, може успешно да ја изврши оваа задача само доколку е одвоено од светот на производствениот труд и доколку и самото ја поддржува и обезбедува поделбата на мануелен и интелектуален труд, односно доколку ја изразува и "храни" хиерархиската поделба во фабриката и општеството, хиерархија на потчинети и наредени, на

извршители и управувачи, хиерархија на непривилегирани и привилегирани; хиерархија на контролирани и контролори, хиерархија на експлоатирани и експлоататори. Затоа методите на школување и целиот буржоаски образовен систем така се усогласени за да можат универзитетот да го направат недостапен за синовите и ќерките на работниците и на другите народни општествени слоеви.

Оттука истата класна улога воопшто ја има високото образование како што ја има поделбата на трудот во фабриката. Покажано е дека во капиталистичките фабрики инжинерите кои работат во производството и специјалистите за организација на работата и со нивното управување се директни непријатели на работниците и затоа работниците ги мрзат: тие не само што се привилегирани во поглед на приходите, условите на домување и работа, туку се и непосредни измислители на угнетувачкиот поредок и на хиерархиската поделба на задачите во фабриката.[74/]

Како што мануелниот труд во фабриката се парцијализира и сé повеќе се дели на ситни операции кои одделно ги вршат претходно "обучени", "квалификувани", "дресирани" делумни работници, исто така и во универзитетот интелектуалниот труд се дели на сé потесни научни дисциплини, научни специјалности кои не само што се одвоени од производствениот труд туку од соодветната општа научна теорија; т.е. тие сé повеќе формираат такви стручњаци, специјалисти кои се способни да изнаоѓаат и предлагаат технички "стручни", решенија, запоставу-

74/ Gorz A., Klasni karakter nauke i naučnih radnika, op.cit. s. 128.

вајќи ги решавањето на општествените и човечките проблеми. Така се покажува дека поделбата на трудот која настанува и се развива врз капиталистичкиот начин на производство не создава само осакатени, парцијални, делумни, со еден збор отуѓени работници, туку и самиот образовен систем, одвоен од производствениот труд и во функција на ваквата поделба на трудот формира тесни, делумни и отуѓени специјалисти, стручњаци, "интелектуалци" што претставува привилегиран социјален слој, чија основна функција е командување и контролирање на непосредните производствени работници.

Во сегашните услови на развој на капитализмот, буржоазијата за да ја одржи и продолжи својата владеачка позиција итро но провидно се служи со следните три основни методи: 1) изградување на таков систем на различни по висина наемнини и ревандикации кои вршат раслојување на работничката класа; 2) поделба на работниците на неквалификувани, квалификувани и висококвалификувани и 3) учество, партиципација (соодлучување) на работниците во управувањето со претпријатието (*de facto* само давање предлози или совети на работниците за кои работодавателите не се обврзни да ги прифатат). Со сето ова таа настојува да ја намали револуционерната сила на работниците како основна антагонистичка класа на буржоазијата.

Меѓутоа, револуционерната акција на работничката класа може да биде целосно успешна за менување на постојните капиталистички односи доколку со преземањето на власта од рацете на буржоазијата веднаш или истовремено ја разруши постојната хиерархија во фабриката и нејзината поделба на трудот,

како и доколку образованието го претвори во средство за остварување на диктатурата на пролетаријатот, т.е. надминување на одвоеноста на образованието од производниот труд, како и надминување на класниот карактер на самиот труд.

## 2. СОЦИЈАЛИЗМОТ - СОЦИЈАЛНАТА СТРУКТУРА И ОБРАЗОВАНИЕТО

> "Кога трудот еднаш ќе се ослободи, тогаш секој ќе стане работник, а производствениот труд ќе престане да биде класна особина" (К. Маркс)

### а) Маркс, Енгелс и Ленин за општествената улога и значење на образованието во изградбата на социјализмот

Социјализмот, ниската фаза на комунистичката општествено-економска формација, не се изградува "врз својата сопствена основа, туку обратно, онака како тоа вушност произлегув од капиталистичкото општество", иако и тука се работи за "комунистичко општество, кое во секој поглед, во економски, во морален, во духовен, ги носи на себе младежите на старото општество од чија утроба произлегува".[1/] Самиот тој премин од старото капиталистичко општество во новото комунистичко не е само просто наследување на една економска структура од друга, туку пред сé, преод од еден комплексен начин на производство кој е карактеристичен и доминантен за капиталистичката опште-

1/ Marks K., Kritika Gotskog programa, Engels F., Kritika nacrta Erfurtskog programa, Kultura, Beograd, 1959, s. 16.

ствено-економска формација, на друг, нов комплексен начин на производство кој се карактеризира со други и поинакви доминантни особености и покрај тоа што во него егзистираат и некои стари, но не доминантни карактеристики.

Во таа смисла и по успешното изведување на пролетерската револуција, т.е. и во потесната социјална смисла на преодот - со одземањето на власта од рацете на буржоазијата од страна на пролетаријатот и понатаму во изградбата на социјалистичките односи, не пресушуваат изворите на дејствувањето на општествените противречности и законитости: не исчезнува веднаш поделбата на трудот и нејзиниот закон на развиток; не се надминува стоковното производство, пазарот, а со тоа дејствувањето на законот на вредноста; законот на акумулација; како што не исчезнуваат определени класни спротивности и воопшто спротивности во социјалната структура на соодветните конкретни историски облици на социјалистичките општества. Со каква брзина и степен на квалитет ќе се развиваат новите социјалистички производни сили и односи, на таков начин и со таква брзина ќе згаснува дејствувањето на наследените општествени противречности и законитости од капитализмот, сведувајќи го нивното дејство на сè поспореден колосек така што со преминот во втората фаза на комунистичката општествено-економска формација тие сосема ќе исчезнат. Тоа е дијалектичка законитост на процесот на настанување на новото и одумирање на старото, кој не е едноставен туку мошне сложен и комплицуван процес, особено доколку се одвива во понеразвиени економски, социјални, политички и културни услови на изградба

на социјализмот. Ова го потврдуваат определени текстови на К. Маркс и Ф. Енгелс. Така врз основа на предлогот на мерки изнесени во "Манифестот на комунистичката партија" што ја опфаќа и експропријацијата на земјишната сопственост со употребата на земјишната рента на државните издатоци; со силен прогресивен порез, со централизација на кредитот во рацете на пролетерската држава, и сл., кои "економски изгледаат недоволни и неодржливи, но кои во текот на движењето ги преоѓаат своите сопствени рамки и се неопходни како средство за извршување на пресврт на целиот начин на производство", основачите на научниот социјализам претпоставувале дека определено време ќе дејствуваат законитостите на стоковното производство со своите карактеристики и категории. Значи, самиот процес на поопштествување на средствата за производство, што е тесно поврзан со непосредното вршење на власта од страна на работничката класа, како и планскиот карактер на социјалистичкото стопанство не го негираат и дејствувањето на стоковното производство, пазарот и законот на вредноста и другите "остатоци" од капитализмот иако плански и самоуправно се насочува и регулира нивното дејство, а не се остава на нивниот стихиен развиток. Дури во некои правци од својот развиток социјалистичкото општество сè до својата крајна фаза, односно преодната кон втората фаза - комунистичката, тоа (социјалистичкото општество) не може да го надмине "буржуаскиот хоризонт". Така К. Маркс, зборувајќи за распределбата според трудот во "Критиката на Готската програма" нагласува дека "овде очигледно владее ист принцип кој ја регулира размената на

стоките доколку таа размена е - размена на еднакви вредности. ...Што се однесува, пак, до распределбата на средствата на потрошувачка меѓу одделните производители, тука владее ист принцип како при размената на стоковните еквиваленти: еднаква количина на труд во еден облик се разменува за еднаква количина на труд во друг облик. Затоа овде еднаквото право сé уште по принцип е - буржоаско право...",[2/] па сé до тоа дека дури "во високата фаза на комунистичкото општество ...исчезнува угнетувачката потчинетост на индивидуата на поделбата на трудот, а со неа и спротивноста помеѓу интелектуалниот и физичкиот труд."[3/]

Комунистичката револуција претставува процес на "најрешително раскинување со традиционалните односи на сопственоста" и не е за "чудење што во текот на својот развој таа најрешително раскинува со идеите наследени од минатото".[4/] Се разбира дека "прв чекор во работничката револуција е претворањето на пролетаријатот во владеачка класа, во завојување на демократијата."[5/]

Од ова не треба да се изведе погрешен заклучок, како што често се прави, т.е. дека крајната цел на пролетерската револуција е владеење на работничката класа. Доколку и може да се зборува за нејзина крајна цел е ослободување на тру-

2/ Ibid., s. 16

3/ Ibid., s. 17.

4/ Маркс К., - Енгелс Ф., Манифестот на комунистичката партија, оп.цит., с. 43.

5/ Ibid., s. 43, 44.

дот.[6/] А "кога ќе се ослободи трудот еднаш тогаш секој човек ќе стане работник, и производствениот труд ќе престане да биде класна особеност".[7/] Така настанува процесот на поработничување на социјалната структура, процес кој е означен со создавање на такви општествени услови и односи во кои луѓето се здружуваат како производители и каде "слободниот развиток на поединецот е услов за слободниот развиток на сите" (К.Маркс, Ф. Енгелс - Манифестот...); услови и општествени односи во кои здружените производители ќе го организираат материјалното производство и начинот на живот; "својата размена на материјата со природата", рационално, доведувајќи ја "под своја заедничка контрола", господарејќи над нив и вршејќи ја "со најмало трошење на работната сила и под условите кои се најдостојанствени и најсоодветни на нивната човекова природа" (Маркс, Капиталот III).

Во тој процес на ослободување на трудот; во претворувањето на сите во работници, односно во процесот на одумирање на класниот карактер на трудот, и воопшто на класната структура, класиците на марксизмот значајно место и улога му даваат на воспитувањето и образованието. Така во наведеното интервју со Маркс, интервјуистот му го поставил и следното прашање: "Но социјалистите сепак сосема воопштено го сметаат

---

6/ Интересно е да се истакне дека во еден интервју пред крајот на својот живот на поставеното прашање за конечната цел на социјалистичкото движење дека е тоа"владеење на работниците", К. Маркс одговорил: "Тоа е ослободување на трудот!" (Intervju sa osnivačem savremenog socijalizma, Posebni dopis =Trbune=, London 18 decembar 1878, K. Marx - F. Engels, Dela, tom 41, IMRP - Prosveta, Beograd, 1979,s.458

7/ Маркс, К., Граѓанската војна во Франција, Култура, Скопје, 1963, с. 84.

пренесувањето на средствата на трудот во општествена заедничка сопственост како голема цел на движењето?". К. Маркс му одговори: "Сигурно, ние кажуваме дека тоа ќе биде исход на движењето. Но тоа ќе биде прашање на времето, на воспитувањето и на изградбата на повисоки општествени облици".[8/] Исто значење на воспитувањето К. Маркс му дава и на процесот на исчезнувањето на религијата во социјализмот.[9/]

К. Маркс и Ф. Енгелс го истакнуваат отстранувањето на фабричкиот труд на децата уште од најмладата возраст во онаа форма во која постои во капитализмот и тоа како најевтина наемна производствена сила и воедно како најексплоатирана. Децата треба да вршат фабрички труд само во функција и со цел на соединување на воспитанието и образованието со производствениот труд. Во таа смисла К. Маркс јасно истакнува во "Критиката на Готската програма" дека општата забрана на детскиот труд; што ја бараат Ласаловците, е неспоива и со постоењето на крупната индустрија; таа е, според тоа, празна благочестива желба. Нејзиното спроведување - кога би било можно - би било реакционерно, оти при строгото регулирање на работното време според различната возраст, и другите превентивни мерки за заштита на децата, раното поврзување на произ-

8/ Intervju sa osnivačem savremenog socijalizma... op.cit., s. 458.

9/ Прашање: =На Вашите припадници и на Вас господине д-р Маркс, ви пропишуваат секакви запаливи говори против религијата. Вие, секако радо би го виделе целиот систем од основа искоренет?=

К.Маркс: "Ние знаеме дека насилните мерки против религијата се бесмислени. Според нашето сфаќање, религијата ќе исчезне како што социјализмот зајакнува. Општествениот развој ќе му помогне на тоа исчезнување, при што значајна улога му припаѓа на воспитувањето". (Ibid., s. 460).

водствениот труд со наставата е едно од најмоќните средства за преобразба на денешното општество.[10/]

Поврзувањето и соединувањето на воспитанието и образованието со производствениот труд класиците на марксизмот го акцентирале не само како една од суштинските цели во економското ослободување на трудот, туку со самото тоа и на историското ослободување на револуционерниот субјект - работничката класа, бидејќи "иднината на таа класа... потполно зависи од образованието на новата генерација".[11/]

Повторното спојување на производствениот труд со воспитно-образовниот процес на едно повисоко рамниште во општествениот развиток ги проникнува сите рамништа на општествената организација и е заеднички именител не само во преобразбата на општеството во целина, туку и менувањето на неговата класно-социјална структура, надминувањето на општествената поделба на трудот, како и во формирањето, создавањето на сестрано развиена личност. Токму во дијалектичката комплексност и поврзаност меѓу индивидуата (личноста, поединецот) и општеството (општествената заедница) се јавуваат меѓучленови - различните општествени (економски, политички, културни) институции, општествени класи и слоеви и сл., во кои таа (индивидуата) се отуѓува или разотуѓува во зависност од ка-

---

10/ Marx K., Kritika Gotskog programa..., op. cit., s. 28.

11/ Marks K. - Engels F., O omladini, knjiga I, "Mladost", Beograd, 1973, s. 75, 76.

За К. Маркс, како што изнесов претходно во дефиницијата што ја дава за поимот општествена класа во "Осумнаесетиот пример на Луј Бонапарта", образованието, покрај начинот на живеење и интересите е еден од нејзините суштински конститутивни елементи.

рактерот на конкретните историски услови и односи. Во развојот на крупната индустрија и фабричкиот начин на производство истовремено највидливо е дадено отуѓувањето на производителот, работникот како последица на соодветната поделба на трудот, како и никулецот на разотуѓувањето, односно надминувањето на поделбата на трудот, која патем речено, создава еднострани, "еднодимензионални", делумни, "осакатени" индивидуи. Во тој поглед решавачка улога има спојувањето на производствениот труд и наставата. Затоа, К. Маркс можел да го напише следното: "Од фабричкиот систем, како што може во детали да се проследи кај Роберт Овен, се јави никулецот на воспитанието на иднината, што ќе ги сврзува за сите деца над извесна возраст производниот труд со наставата и гимнастиката, не само како метод за зголемување на општественото производство, туку како метод за производство на сестрано развиени луѓе".[12/]

Така се покажува дека социјалистичката револуција, изградбата на квалитетно новите општествени социјалистички односи поуспешно ќе ја надминуваат поделбата на трудот преку спојувањето на производствениот и интелектуалниот труд, при што мошне значајна улога има поврзувањето и спојувањето на фабриката и училиштето како два дотогаш одвоени "света". Ова поврзување и меѓусебно проткајување меѓу производствениот труд и воспитувањето и образованието единствено може на индивидуата да ѝ го поврати тоталитетот и да води на повисоко

12/ Маркс К., Капиталот, том први,... оп. цит., с. 424.

рамниште кон создавање на сестрано развиени личности; единствен процес преку кој "одделната индивидуа, носителот на една општествена одделна функција да се замени со сестрано развиена индивидуа, за која различните општествени функции се начин на дејство што ги исполнува таа наизменично".[13/] А еден од моментите на овој процес на превврати што се развиваат стихијно врз основа на крупната индустрија, К. Маркс ги наведува политехничките и земјоделските училишта, друг момент се *"écoles d'enseignement professionnel"*, во кои децата на работниците добиваат нешто малку настава од технологија и од практично ракување со различни инструменти за производство.[14/]

Ако надминувањето, т.е. исчезнувањето на поделбата на трудот ќе доведе (доведува) до создавање на сестрано развиена личност, исто така општествената поделба на трудот (а со тоа и приватната сопственост) може да исчезне и да се надмине само под "услов на сестран развиток на индивидуите, бидејќи даденото однесување и дадените продуктивни сили се сестрани и можат да бидат усвоени само од индивидуи кои сестрано се развиваат, т.е. кои ги пресвртуваат во слободна дејност на својот живот".[15/] Преку овој дијалектички процес може да се оствари, да се создаде бескласно општество не како "идеал кон што треба стварноста да се сообрази" туку како "вистинско (стварно) движење кое ја укинува и ја надминува сегашната состојба";[16/] општество во кое ако некој има ди-

---

13/ Ibid., s. 427.

14/ Ibid.

15/ Marks K.,-Engels F., Nemačka ideologija, knjiga II, op. cit., s. 171.

16/ Ibid., Knjiga I, op. cit., s. 34.

спозиции, талент на Рафаел да "може непречено да се изгради", да стане Рафаел,[17/] општество во кое ќе биде надмината сегашната состојба која се состои во "исклучителна концентрација на уметничкиот талент во поединци и во врска со тоа неговата пригушеност во широката маса и која е последица на поделбата на трудот".[18/] Всушност тоа општество од класиците на марксизмот е означено како комунистичко во кое ќе биде надмината и професионалната поделба. Во оваа смисла тие пишуваат дека во "комунистичката организација на општеството во секој случај отпаѓа потчинувањето на уметникот на локалната и на националната ограниченост, која во целост потекнува од поделбата на трудот, и отпаѓа подредувањето на индивидуата на определена уметност, така што таа да е исклучиво сликар, вајар итн., а веќе името доволно ја изразува ограниченоста на нејзиниот професионален развиток и нејзината зависност од поделбата на трудот. Во комунистичкото општество нема сликари, туку само луѓе, кои, меѓу другото, и сликаат".[19/] (Подвлекол - П.Г.).

Во истата смисла Ф. Енгелс во "Анти-Диринг", комунистичкото општество го определува како заедница во "која повеќе не ќе има ниту туркач на колички ниту архитекти по професија" туку "човекот кој половина саат давал упатство како архитект извесно време ќе турка колички додека пак не ќе биде потребно да работи како архитект".

Човекот како генеричко и универзално битие кое се потврдува во трудот не како вршител само на еден вид работа,

17/ Ibid., Knjiga II, s. 112.
18/ Ibid., s. 113.
19/ Ibid.

не како стручњак или професионалец како "дресирана производна сила", што го прави таков поделбата на трудот, туку токму во комунистичкото општество станува слободно и творечко битие, ослободено од сите ограничености што му ги поставува "професионалниот идеотизам" на граѓанското општество. Во ова општество тој почнува свесно да ја гради својата историја, односно одтогаш почнува вистинската негова историја. Во "комунистичкото општество, во кое секој не ќе има исклучиво само еден круг дејности туку ќе може да се изградува во било која сака гранка на дејност, општеството управува со општото производство и токму со тоа ми овозможува денес да работам ова, а утре она, наутро да ловам, попладне да рибарам, навечер да сточарам, по вечерата да критикувам, според моето задоволство, а затоа да не станам ловец, рибар, овчар или критичар".[20/]

Често пати во литературата, дури и онаа марксистички ориентирана ваквите ставови на класиците на марксизмот за исчезнувањето на поделбата на трудот и на професионализмот во комунистичкото општество а кој од неа произлегува, се означуваат како нивни "утопистички" сфаќања, без да се навлезе сериозно во нивната суштина. Дури ако се тргне од условите на капиталистичката поделба на трудот може да се покаже дека работникот може да врши најразлични видови занимања и дејности. Повикувајќи се на А. Корбон, К. Маркс тоа вака го покажува во една забелешка во"Капиталот": "Еден француски работник при неговото враќање од Сан Франциско пишува: 'Јас никогаш не би по

20/ Ibid., knjiga I, s. 31.

верувал оти би бил способен да ги работам сите занаети што ги вршев во Калифорнија. Јас бев цврсто убеден оти освен за печатарство за ништо друго не ме бидува... Но еднаш кога се најдов во средината на овој свет на авантуристи, што својот занает полесно го менуваат отколку својата кошула,...! јас работев како и другите. Бидејќи работата во рудниците не се покажа многу доходна, ја напуштив и си отидов в град, каде што по ред бев типограф, покривач на тавани, ливец на олово итн. Овој опит ме увери, оти сум способен за сите работи, и јас помалку се чувствувам како мекотел, а повеќе како човек".[21/]

Современата поделба на трудот и образованието кое е во функција на нејзиното ширење и зацврстување навистина толку не прави еднострани што и најобични, најбанални работи се "плашиме" да ги вршиме, сметајќи дека се тоа мошне "комплицирани" и дека бараат подолготрајно обучување: зашто не се обидуваме ако пеглата откаже да загрева да не ја носиме веднаш на сервис, туку самите да го отклониме дефектот или да видиме зашто не загрева, зашто веднаш самите не видиме што му е на моторот од сопствениот автомобил што не работи добро, се гаси, зошто сами не смениме свеќички, уље итн., туку мораме да одиме кај механичар? И кога некој повеќе се заинтересира да види како го прави тоа електричарот или механичарот, обично одговара: "Па тоа не е никаква филозофија и сам можам тоа да го направам"! Поделбата на трудот и соодветното тесно професионално образование толку не имаат заслепено и осакатено дури да не "знаеме" да си го смениме бушонот, ако тој прегори и немаме светло!

---

21/ Маркс К., Капиталот, том први, оп.цит., с. 427.

Токму против ваквата поделба на трудот и соодветното образование што од неа произлегува се бореле класиците на Марксизмот и првиот чекор на нивното надминување го виделе со настапувањето на пролетерската револуција. Париската комуна им даде можност во овој поглед, особено за улогата на образованието, да го анализираат нејзиното искуство. Комуната иако немаше време да го реорганизира целокупното образование, сепак, таа прво ги "отклони од него верските и клерикалните елементи" со што ги "постави темелите на духовното ослободување на народот"; второ, "таа нареди целиот училишен прибор, како што се книгите, географските карти, хартијата итн., бесплатно да се издава на наставниците, кои од своја страна ќе ги примат од соодветните општини. Ни под каков изговор не му е дозволено ниту на еден наставник да бара од своите ученици да му го платат овој училишен прибор... Бидејќи професорите на Високата медицинска школа побегнаа од Париз, Комуната наименува комисија за основање на слободни универзитети, кои повеќе не се државни паразити; на студентите кои ги положиле испитите им се пружа можност да вршат практика без докторско звање (звањето мора да го даде факултетот)".[22/] Во Комуната "сите воспитни заводи биле отворени за народот бесплатно и во исто време е отстрането секое мешање на државата и црквата во нивната работа. Со тоа не само училишното образование е направено достапно на сите туку и самата наука е ослободена од прангите кои ја стеснуваа клас-

22/ Marks K., Prva skica za "Gradjanski rat u Francuskoj", во книгата K.Marks - F.Engels, Pariska komuna, IMRP, Beograd, 1971, s. 174, 175.

ните предрасуди и државната власт".[23/] (Подвлекол - П.Г.). Всушност, овие мерки што ги презела Комуната претставуваат прв, но револуционерен чекор во надминувањето на класниот буржоаски карактер на воспитанието и образованието и нивното претворање во оружје на работничката класа во изградувањето на новите социјалистички општествени односи.

Во оваа смисла и В.И. Ленин врз основа на учењето на К. Маркс и Ф. Енгелс како и врз анализата на искуството на Октомвриската социјалистичка револуција го согледува значењето на образованието, истакнувајќи дури дека "само преку училиштето победата на Револуцијата ќе биде довршена". Така во "Нацртот на програмата на РКП(б)" В.И. Ленин ги определува место, улогата и карактерот на училиштето во рамките на остварувањето на социјалистичката револуција: "Во областа на народното образование, РКП си поставува задача да го доведе до крај со Октомвриската револуција почнатото дело на претворање на училиштето од оружје на класното владеење на буржоазијата во оружје за рушење на тоа владеење, а исто така и полно уништување на поделбата на општеството на класи. Училиштето мора да стане оружје на диктатурата на пролетаријатот, т.е. да стане не само спроводник на принципите на комунизмот воопшто, туку и спроводник на идејно, организационо, воспитно влијание на пролетаријатот врз полупролетерските и непролетерски слоеви на трудбеничките маси, во интерес на потполно угушување на отпорот на експлоататорите и остварување на комунистички поредок".[24/] На тој пат како најблиски зада-

---

23/ Ibid., s. 94.

24/ Ленин И.В., Пункт програмы в области народного просвещения, Полное собрание сочинений, Институт Марксизма-Ленинизма при ЦК КПСС, Издание Пятое, том 38, Москва, с. 116.

чи во негово време тој ги означува следните (од аспект на улогата на училиштето): "...(3) спроведување на бесплатно и задолжително општо и политехничко (кое запознава теоретски и практично со сите главни гранки на производство) образование за сите деца на двата пола до 16 години; (4) остварување на тесна врска на наставата со детскиот општествено-производствен труд; (5) снабдување на сите ученици со храна, облека и училишен прибор на трошок на државата; (6) привлекување на работното население активно да учествува во народното образование (развивање на совети на народното образование, мобилизирање на писмените итн.)".[25/]

Создавањето на овие неопходни услови за образование на широките народни слоеви единствено можело со успех да ги надмине двете основни наследени образовно-општествени последици - големиот број неписмени и релативно малиот број на луѓе со средно и особено со високо образование. Соочувајќи се со овие два основни проблеми, В.И. Ленин ја насочил револуционерната акција кон искоренување на неписменоста и кон развивање на современото образование, бидејќи секој комунист "мора да сфати дека тоа може да се создаде (да се "научи" младата генерација со знаења и за индустријата, и за земјоделието итн. - П.Г.) само врз основа на современото образование, а ако со тоа образование не би располагал, комунизмот ќе остане само желба".[26/] Конкретната акција се состоела во тоа што Советот на народните комесари му наложил на Комесаријатот за

25/ Ibid., s. 117.

26/ Lenjin, Zadaci omladinskog Saveza, во книгата "Lenjin o komunističkom vaspitanju i školi", "Veselin Masleša", Sarajevo, 1960, s. 304.

просвета веднаш да припреми низа одлуки и мерки, во случај ако бројот на оние кои сакаат да се запишат во виши школи го надминува бројот на слободните места, да се преземат најитни мерки со кои би се обезбедила можност за учење на сите кои сакаат, и да не бидат никакви не само правни туку ниту фактички привилегии за имотните класи. На прво место мораат безусловно да бидат примени лица од редовите на пролетаријатот и сиромашното селанство, на кои во голем број треба да им се дадат стипендии.[27/]

Во социјалистичкото општество сите трудбеници тежнеат за знаење затоа што тоа им "е неопходно за победата". Затоа Ленин сосема конкретно истакнува дека "девет десетини на трудбеничките маси сфатиле дека знаењето е орудие во нивната борба за ослободување, дека нивните неуспеси доаѓаат поради недостатокот на образование и дека сега од нив самите зависи дали просветата )образованието) ќе ја направат вистински достапна на сите. Нашата работа е обезбедена со тоа што самите маси се прифатија на изградба на нова, социјалистичка револуција".[28/] На тој начин и социјалистичката револуција суштински му ја менува социјалната функција на образованието. Воспитувањето и училиштето се претвораат во орудие на работничката класа и на селанството кое им овозможува рушење на позициите на дотогашните богаташки и експлоататорски класи, од една страна, нивното претворање во такво орудие кое овозможува "ослободување на трудбениците и експлоатираните".

---

27/ Lenjin o upisu na više škole RSFSR - Nacrt odluka Savjeta Narodnih komesara (Napisano 2.VIII.1918), во книгата Lenjin o komunističkom vaspitanju i školi., op.cit.,s.228.

28/ Ibid., s. 231.

Навистина образованието (и воспитанието) за да стане такво орудие на ослободување на трудбениците и експлоатираните, според В.И. Ленин неопходно е тоа да се поврзе со производниот труд: "ниту наставата и образованието без производниот труд, ниту производниот труд без паралелна настава и образование не би можеле да бидат поставени на онаа височина што ја бараат современото ниво на техниката и состојбата на научното знаење".[29/]

Ова поврзување на наставата, образованието со производниот труд може поуспешно да се спроведува во живот доколку самата таа настава се засновува врз политехничкото образование.

Со оглед на фактот што во 1920 година во СССР дошло до погрешни сфаќања за производниот труд и посебно за политехничкото образование, Ленин побарал во врска со ова да се одржи посебно советување. Тезите за ова советување ги напишала неговата сопруга Н.К. Крупска. Во тие тези, како што самата истакнува, направила определено отстапување во полза на "професионалистите", т.е. веќе од 11 година да се отпочне со реализација на професионалното наместо со политехничкото образование. Ленин во своите забелешки истакнува дека "не може така да се пишува за политехничкото образование: испаѓа апстрактно, за далечна иднина, не се зема предвид насушната, сегашната жалосна стварност". Затоа тој бара да се додаде "една или две тези за принципиелното значење на политехничкото образование" онака како го сфаќа К. Маркс и

---

29/ Ibid., s. 37.

Програмата на РКП(б). Како безусловна задача да се постави итен преод на политехничко образование или попрецизно речено неодложно остварување на цела низа веќе сега достапни чекори кон политехничко образование. Оттука, според Ленин, да се "избегнува раната специјализација" и во сите "стручно-технички училишта да се прошират предметите на општо образование" кое мора да го добие секој без разлика; понатаму, според Ленин, младината треба своето учење и своето воспитување да го поврзе со трудот на работниците и селаните, тоа да не се затвора во своите училишта и да не се ограничува само на читање на комунистички книги и брошури. Само во работа заедно со работниците и селаните може да се стане прав комунист. И треба сите да видат дека секој член на Сојузот на младината е образован и уедно умее и да работи.[30/]

Од сето ова јасно се гледа колку и какво огромно значење основачите на Марксизмот - К. Маркс и Ф. Енгелс, како и В. И. Ленин, му придавале на спојувањето на производствениот труд со наставата, на фабриката со училиштето, на политехничкото образование, без што не може да се надминува поделбата на трудот, без што не може трудот да ја "изгуби класната особеност" и дека таа е "прогресивна, здрава, законита тенденција" (К. Маркс) и дека "комбинирањето на платениот продуктивен труд, на умственото воспитување, на физичкото воспитување и политехничката настава" е единствен пат што води "работничката класа да се подигне над рамништето на високата и

30/ Lenjin, Zadaci omladinskog Saveza (говор одржан 20 октомври 1920 год.), во книгата "Lenjin o komunističkom vaspitanju i školi", op. cit., s. 310.

средната школа" (К. Маркс), што овозможува работничката класа со револуционерниот чин на преземање на политичката, државната власт (диктатурата на пролетаријатот) мошне побрзо и поуспешно да овладее и економски и духовно (културно).

Но дали оваа"законита тенденција" и фундаментални укажувања на класиците на марксизмот и на Ленин се реализираа во постојните "социјалистички" општества?

### б) Теориско-методолошки модел на социјална структура и образование во услови на социјалистичко-етатистички начин на производство

Историски посматрано социјализмот политички победи во релативно неразвиените капиталистички земји (Русија, подоцна Југославија, Унгарија, Бугарија итн.) или во земјите кои сѐ уште не ги надминале ниту предкапиталистичките фази на развој (Кина), па оттука и големи и остри противречности во нивниот развој. Значи, спротивно на очекувањата на основачите на марксизмот дека пролетерските револуции успешно ќе се јават во најразвиените капиталистички земји, социјализмот отпочна да се развива како реверзибилен процес од оној на капитализмот, односно поопштествувањето на економските процеси, пред сѐ на средствата за производство започна врз институционалните облици на политичкиот (државниот) монопол, државно-партиско и централистичко управување со средствата за производство, што било и е изедначувано со општествената сопственост и воопшто со социјализмот.

И покрај тоа што В.И. Ленин посебно го истакнувал решавачкото значење што го има прашањето на правилен став спрема местото и улогата на државата во борбата за социјалистичка преобразба на општеството и без разлика на тоа што Ленин врз односот спрема проблемот на државата направил мерило за разликување на доследните социјалистички струи во работничкото движење од разните опортунистички и псевдореволуционерни струи и правци, сепак, спротивно на тоа дојде до силно јакнење на државно-партиската власт и нејзиното сѐ поголемо отуѓување од работничката класа и работното селанство и тоа не само во практиката туку и во теоријата. Иако тоа отстапување во практиката настапи уште за време на животот на Ленин но со неговата јасна нагласка дека е тоа привремено, бидејќи во советите сѐ уште преовладувале меншевиците и есерите кои биле клин во тркалото на развојот на социјалистичките односи, сепак од ова привремено, од овој исклучок, со доаѓањето на чело на партијата и на државата на Ј.В. Сталин и со зацврстувањето на неговата врховна власт и неприкосновен авторитет и за теоријата и за практичното раководење со државата, се претвори во правило и начин на однесување.

Тој тоа се обиде и теориски да го образложи. "Уништувањето на класите не се постигнува со згаснување на класната борба, а со нејзиното засилување. Изумирањето на државата нема да дојде преку ослободувањето на државната власт, а преку нејзиното максимално засилување - што е потребно, за да се дотолчат остатоците на класите што умираат и да се организира одбраната против капиталистичката окруженост, која

што уште ни од далеку не е уништена и нема за бргу да биде уништена... Треба да се има пред вид, дека порастот на силата на Советската држава ќе го засилува отпорот на последните остатоци од класите што умираат".[31/] Така овде експлицитно е дадено отстапувањето (ревизионизмот)[32/] од Марксовото и Енгелсовото учење дека со првиот чекор на преземањето

31/ Сталин В.Ј., Прашањата на Ленинизмот, Култура, Скопје, 1949, с. 461.

32/ Основата и корените на Сталиновиот ревизионизам се наоѓаат уште во еден од трудовите на неговиот ран период кога пишува за анархизмот и социјализмот: "Работата е во тоа што Марксизмот и анархизмот потполно се изградени врз различни принципи, без оглед на тоа што на арената на борба истапуваат под социјалистичко знаме. Темелен камен на анархизмот е - личноста, чие ослободување, според неговото мислење, е главен услов за ослободување на масата, колективот. Според мислењето на анархизмот, ослободувањето на масата не е можно, додека не се ослободи личноста, и затоа неговата парола е: 'Сé за личноста'. Темелен пак камен на Марксизмот е масата, чие ослободување, според неговото мислење, е главен услов за ослободување на личноста. Таа е, според мислењето на Марксизмот, ослободувањето на личноста не е можно додека не се ослободи масата, и затоа неговата парола е: 'се за масата'". (J.V. Stalin, Anarhizam ili socijalizam, наведено според Vranicki P., Historija marksizma, druga knjiga, Naprijed, Zagreb, 1975, s. 63.). Како што се гледа, Ј.Сталин на недијалектичкото спротивставување на личноста и масата од страна на анархистите, недијалектички ја спротивставува масата на личноста; тоа негово сфаќање е спротивно на она становиште изнесено во "Манифестот на комунистичката партија" за социјализмот како "здружување во кое слободниот развиток на поединецот е услов за слободниот развиток на сите." Затоа, спротивното поаѓање од масата, општеството, Ј.В. Сталина го довело до тоталитаристичкото сфаќање дека прво треба да се ослободи општеството, а со самото тоа ќе се ослободи поединецот", а да се постигне тоа треба да јакне државата. Оттука во неговиот теориски систем се губи поединецот, се губи антрополошката и хуманистичка проблематика, како што и во практиката (со своите чистки) поединецот ништо не претставувал, бидејќи целта е државата

Меѓутоа, треба да се напомене дека "идејно-филозофските корени на етатизмот и на сталинизмот макар што колку тоа да изгледа парадоксално се наоѓаат во идеологијата на Втората интернационала. Социјалдемократијата на тоа време веќе изградила една државно-политичка програма..."(Вид., Milanović dr. V., Dileme savremene jugoslovenske teorije obrazovanja, Univerzitet danas, 1-2, 1972, s. 43).

на власта од рацете на буржоазијата пролетерската држава веднаш почнува да одумира, т.е. дека капиталистичката држава се уништува, укинува, а социјалистичката одумира. Јакнењето на државната власт во социјализмот имаше крупни последици за карактерот и видот на социјализмот кој се развива врз таква основа: процесот на поопштествување на средствата за производство се запре, односно од капиталистичка приватна сопственост се претворија во државна што е карактеристично и за поопштествувањето на средства за производство во третата фаза на капитализмот (државен капитализам), а со тоа и заменувањето на самоуправувањето )непосредното управување на работниците и селаните преку советите) со државно-партиско управување; со строго централистичко (диригирано) планирање на стопанскиот и општествениот развој и користење на некои стоковно-парични и пазарни облици во својство на додатни, пресметковни и технички елементи,[33/] што сето заедно имаше за последица создавање на еден огромен административно-државен апарат кој сé повеќе се претвораше во управувачки, бирократски општествен слој со определени својства на владеачка класа, оттуѓен и одвоен од општествената положба, начинот на живеење, интересите и образованието (пошироко културата) на ра-

33/ Во текот на речиси шест и пол децении кои не делат од Октомвриската револуција, во економската теорија и стопанската практика на социјалистичките земји може да се забележат различни противречни сфаќања за стоковниот, односно нестоковниот карактер на социјалистичкото стопанство како и еволуција на ставот спрема местото и улогата на стоковните односи во социјализмот. Оваа еволуција се изразува како во поглед на времето на присуство на стоковните односи по социјалистичката револуција така и во поглед на нивната опфатност и општествената природа (пошироко вид., Vacić A., Uzroci robne proizvodnje u socijalizmu, Naučna knjiga, Beograd, 1966, s. 40-75; Pjanić Z., Osnovne karakteristike socijalističke robne proizvodnje, RU "Djuro Salaj", Beograd, 1975).

ботничката класа, управување во нејзино име од страна на овој апарат, а со тоа и изградба на соодветна идеологија која не признава друг пат и друг модел на социјализам освен етатистичкиот. Јасно е дека и теориски и практично таквиот модел е суштинско отстапување од Марксовиот и Енгелсовиот па и Лениновиот[34/] модел на социјализмот кој ги почитува конкретните општествено-историски услови на секоја одделна земја која тргнува кон изградба на социјализам, но социјализам кој се карактеризира со поопштествување (а не подржавување иако тоа може да биде само степен или фаза од претворањето на приватната сопственост во општествена) на средствата за производство, а со тоа и самоуправно одлучување од "долу" до "горе", самоуп-

---

34/ Веќе е спомнато дека уште за време на својот живот Ленин отстапил од развојот на самоуправувањето преку советите и јакнењето на државно-партиската власт поради внатрешните класни судири во младото социјалистичко општество, но со нагласување дека е тоа само привремено. Ленин отстапил и од еден од основните принципи на Париската комуна - највисоката плата во непроизводството не може да биде поголема од онаа во производството, т.е. од платата на висококвалификуван работник и која изнесувала 6.000 франка. Веднаш по победата на Октомвриската револуција била воведена горна граница 6.000 рубли годишно, и целиот платен систем бил усогласен со овој лимит. Меѓутоа, тоа траело само неколку месеци, а потоа за "висококвалификуваните специјалисти на науката и техниката" е дозволено "повисоко плаќање" кое наскоро достигнало до 3.000 рубли месечно. Таков "отстапок на капитализмот" и "отстапување од принципот на Комуната" предизвикале вистинска индигнација и негодување, и од Ленин се барало да го објасни тој "чекор назад".

Ленин тоа го направил на VIII Конгрес на РКП(б) во 1919 година објаснувајќе дека е тоа привремена компромисна мерка која, додуша "влијае деморализаторски врз советската власт... и врз работничката маса но која во дадени околности е неизбежна, бидејќи без буржоаските стручњаци не можат брзо да се развиваат производните сили." Но практиката покажа дека од ова привремено, тоа се претвори во постојана стварност и силно влијание врз хиерархиското устројство на социјалната структура и особено во создавањето на привилегираните бирократско-технократски позиции и занимања.

равно планско насочување на стопанскиот и општествениот развој; распределба според трудот, непосредна власт на работничката класа преку развој на целосен политички систем на социјалистичко самоуправување, социјалистичката демократија и хуманизам.

Етатистичкиот социјализам е исто такво скршнување од автентичното Марксово и Енгелсово сфаќање на социјализмот како и ситнобуржоаскиот социјализам, иако во спротивен правец од него, кој се јавил уште за време на нивниот живот и кој бил подвргнат на критика од самите нив. За таквиот модел на социјализам, како што и самото име покажува, централно место околу кое сѐ се врти и централно значење ѝ се придава на државната сопственост и воопшто на монополот на државната власт. Основно мерило за развој на "социјалистичките" односи претставува ширењето и моќта на државно-партиското управување, што добива фетишки карактер.

Така на денешното рамниште на општественото производство, пишуваат Ј. Красин и Б. Лејбзан - водечки советски теоретичари, на сложени и тесни заемни врски на многубројни карики на народното стопанство, нормалното функционирање и прогресивен развој на социјалистичката економија апсолутно не можат да се замислат без постоење на хармоничен централизиран механизам на планирање и управување на народното стопанство. Таков механизам е способна да обезбеди само социјалистичката држава.[35/] Секаков поинаков приод и сфаќање на мес-

35/ Вид. Ј. Красин, Б. Лейбзон, Революционарная теория и революционарная политика, Политическая лытература, Москва, 1979.

тото и улогата на "социјалистичката држава" за Ј. Красин и Б. Лејбзан, приод и сфаќање кои уставно, законодавно и практично се изградени во Советскиот сојуз, се сосема неприфатливи и скроз на скроз "погрешни". Тие, никулците на "идното комунистичко самоуправување" ги бараат во "пазувите на социјалистичката држава" и тргнувајќи од ова сметаат дека неправилно низ сите претстави за самоуправувањето "проаѓа негативен однос спрема државната социјалистичка сопственост, спрема државното планирање и управување со социјалистичката економија", т.е. спрема системот на таканаречениот "реален социјализам". Кога така се сфати местото и значењето на државата во социјализмот тогаш и лесно се добива привид како божем државната и општествената сопственост се идентични категории. Така пишува Х.Н. Волков, кое не е само негово туку и официелно гледиште: "За социјалистичките земји сите работни луѓе се сопственици на национализираната општествена, општодржавна сопственост. Попатно, не гледам причина овие поими - општонародна и општодржавна сопственост - да се разликуваат. Таму каде државата ги застапува интересите на целиот народ, општодржавната сопственост е, како што ми изгледа, потполно еднаква на општонародната сопственост".[36/]

Се разбира дека ваквите апологетски и догматски сфаќања за државната сопственост и воопшто за државата во социјализмот произлегуваат и се израз на практиката, односно тие се израз на постојните конкретно-историски општествени односи на

36/ Volkov N.H., Radnička klasa razvijenog socijalističkog društva i naučno-tehnička revolucija, "Socijalizam u svetu" (Cavtat 1977), Br. 3, IC Komunist, Beograd, 1977, s. 183.

етатистичките социјалистички земји во кои доминираат државно-сопственичките односи и врз нив создадената хиерархиска социјална структура во која централно место нема работничката класа туку бирократијата која ја "поседува суштината на државата", како "нејзина приватна сопственост".[37/] Во ваквите услови кога средствата за производство не се поопштествени, не се во рацете на работничката класа која не одлучува за вишокот на трудот, туку во "нејзино име" одлучува бирократијата, производниот труд добива особини на експлоатиран наемен труд кој е подреден на монополот на државно-партиската бирократија или технобирократија.

Меѓутоа, во конзервативната и апологетска концепција за социјалната структура на "реалниот социјализам" или на "развиеното социјалистичко општество", а која е статичка, непроменлива уште од времето како ја определи Ј.В. Сталин, таа се состои од три "пријателски" класи и слоеви: работничката класа, селанството и интелигенцијата (во некои написи социјалистичката интелигенција). Така со "ликвидирањето на антагонистичките производствени односи, умствениот труд; прво, служи како средство на духовна и политичка слобода на трудбениците. Нејзините резултати се ставени во служба на класите од кои произлегоа интелектуалците. Социјалистичката интелигенција со работничката класа и селанството ја поврзува истовет-

37/ "Бирократијата ја поседува суштината на државата, спиритуалната суштина на општеството. Ова е нејзината приватна сопственост. Општиот дух на бирократијата е тајната, мистеријата која се одржува во неа самата по пат на хиерархијата, а спрема надвор се одржува како затворена корпорација" (Marks, K.,"Kritika Hegelove filozofije državnog prava").

носта на темелните интереси и идејно-политичкото единство; и второ, во социјализмот умствениот труд престана да се јавува како социјална привилегија, губејќи го белегот на елитност, што се карактеризира со својата целосност како добро на народот".[38/] Според В.А. Алексеева, "единството меѓу работничката класа и селанството се вградува врз општонародната (државната) социјалистичка сопственост" и претставува "длабока економска основа на нивното единство. Општонародната сопственост над средствата за производство означува ликвидација на капиталистичката експлоатација на човек од човек, соработка и пријателство меѓу работниците, селаните и интелигенцијата во социјалистичкото општество. Општонародната и колхозно-кооперативната социјалистичка сопственост настапуваат како одлучувачки вид на економските односи и сојузот меѓу работничката класа, селанството и интелигенцијата".[39/] Во вакивите услови на социјализам, според В.А. Алексеева "не постојат социјални слоеви кои го ползуваат умствениот труд за експлоатација на луѓето од физичкиот труд. Припадниците на умствениот и физичкиот труд се рамноправни во сета дејност на општеството, во управувањето со работите на социјалистичкото општество".[40/]

Во зависност од тоа што подразбираат под определени социјални групи, односно општествени слоеви и во зависност од критериумот на нивното разграничување, кој обично е "карак-

38/ "Структура советской интелигенции", АНЕ ССР - ИФП, Издательство "Наука и техника", Минск, 1970, с. 141.

39/ Алексеева А.В., Понятие социально-классовой структур социјалистического общества, во книгата "Методологические вопросы общественых наук", В пуск 2, издательство Ленинградского универзитета, 1971, с. 52,53.

40/ Ibid.

терот на трудот" или "научно-техничкиот прогрес", различно се приоѓа и кон нивното квантитативно зголемување. За некои автори најголем растеж (квантитативен) бележи работничката класа (Х.Н. Волков и др.), а за други тоа е интелигенцијата (М.Н. Руткевич). Во однос на ова последното, според М.Н. Руткевич, за 33 години вкупниот број на специјалистите, вработени во стопанството на СССР се зголемил од 2,4 милиони луѓе на 19 милиони, т.е. речиси за осум пати, при што брзо се зголемува бројот во гранките на материјалното производство.[41/]

Во однос на критериумот на разликување на социјалните слоеви во социјалистичкото општество, според истиот автор, се одлучувачки карактерот на трудот (умствен или физички) и научно-техничкиот прогрес. Така тој нагласува дека поголемиот број од работниците кои се занимаваат со умствен труд не се разликува од работничката класа според односот кон средствата за производство, затоа што го засновува својот труд врз општонародната сопственост; но оттука не следува дека овие работници со умствен труд веќе станале дел на работничката класа (попатно кај Х.Н. Волков е спротивното, т.е. дека тие се составен дел на работничката класа) и дека суштествените разлики меѓу луѓето со претежно физички и претежно умствен труд во целост не се надминати.[42/] Другата значајна тенденција во развитокот на социјалната структура на социјалистичкото општество е "зближувањето на сите класи, групи и слоеви на трудбениците според карактерот на трудот. Научно-техничкиот прогрес

---

41/ Руткевич Н.М., Социалная структура социалистического общества в СССР и ее развитие к социалной однорёдности, во книгата„Проблемы развития социалнои структуры общества в Советском союзе и Польше... оп. цит., с. 10.

42/ Ibid., s. 11.

ја определува неопходноста на интелектуализацијата на трудот во процесот на производствената сфера".[43/] Токму благодарејќи на научно-техничкиот прогрес, пред сѐ на механизацијата и автоматизацијата на производството во социјалната структура "настануваат квалитетни поместувања; се изменува професионалната поделба на трудот, исчезнуваат низа професии од неквалификуваниот труд, се соединуваат постојните и никнуваат нови професии и струки" така што се "формира тип на работник со висока општо-образовна подготовка, кој, според своето културно-техничко рамниште, се приближува кон инжинерско-техничкиот кадар",[44/] со што во дупликат се повторува конзервативната и апологетска западна и современа псевдотеорија за "научно-техничката револуција" и "збогатувањето на трудот".[45/] Во овој стил пишува и В.Ф. Шчербина: "Можат да се издвојат следните најсуштествени тенденции, кои се случуваат во работничката класа во современата етапа од развојот: а) бришење на границите меѓу работничката класа и инжинерско-техничката интелигенција; б) надминување на социјалните разлики внатре во работничката класа, создавање на нејзината социјална истовид-

43/ Ibid., s. 19.

44/"Структура советской интелигенции... оп. цит., с. 97.

45/ Еве до каде оди во својата апологија чехословакот Р.Рихта: "Да се поставуваат и понатаму научните, техничките и другите вработени работни луѓе, интелигенцијата, како 'меѓукласа' и вон работничката класа, значи да се нема доверба во победата на социјализмот, да се сфати работничката класа не како револуционерна класа која самата се менува и укинува самата себе, туку како состојба на мануелниот труд. Последица од тоа би морала да биде рушењето на Сојузот на работничката класа со светот на науката и подредување на нејзините општи долгорочни историски задачи со краткорочните, со делумните, сегашните интереси" (Rihta R., Civilizacija na raskršću, ...op. cit., s. 243).

ност. Овие тенденции тесно се преплетени, дејствуваат во единство и заемна зависност".[46/]

Еден број советски автори работничката класа ја согледуваат како раслоена (составена од повеќе слоеви) чија основа или критериум претставуваат квалификациите. Според А.В. Кунцин, поделбата на работничките професии на полуквалификуваниот и неквалификуваниот труд нема никаква потреба. Целесообразно е овие групи да се соединат во една. Така тој разликува три квалификациски групи на работници: полуквалификувани (неквалификуваните се незнатно застапени 1,9%), средноквалификувани и висококвалификувани.[47/]

Интересно е да се напомене дека некои автори квалификациите ги земаат како единствен и основен критериум на социјалното структуирање во социјалистичкото општество, што се разбира не е доволно, бидејќи не се поврзува со поделбата на трудот. Такво сфаќање изнесува Ј.М. Лањо. "Во отсуство на една целосна теорија на стратификација, дури не и на социјалната структура во социјалистичката социологија - како основен концепт е 'квалификацијата'. Според неа, брзо се забележува дека само тој (концептот на квалификација) е во состојба да направи синтеза меѓу една посакувана *(voulue)* стратификација и една одбиена *(refusée)* структура. Во социјалистичките режими не само што дипломата вреди како претпоставка *(présomption)*

46/ Щербина, Ф.В., XXIV Сьезд КПСС и преодоление социальных различий в советском рабочем классе, во книгата "Проблемы изменения социальнои структуры советского общества... оп. цит., с. 25.

47/ Кунцын В.А., Раличия внутры советского рабочего класса и некаторые тенденций их изменения, во книгата "Проблемы изменения социальнои структуры советского общества... оп. цит., с. 40.

на способноста, туку таа е и единствено средство за премин од една во друга квалификација, во отсуство на капиталот.[48/] Кај некои унгарски автори се прави обид на поврзување на поделбата на трудот (умствен и физички) со степенот на квалификацијата како критериум на социјалното структуирање во социјалистичките општества.[49/]

---

48/ Lagneau - Markiwicz - Janina, Education, egalité et socialisme: Les pays de l'Est, во книгата Sociologie de l'education... op. cit., p. 94-96.

49/ Врз основа на овој критериум, според Zsuzsa Ferge, социјалните групи се:

I. Немануелни професии

- 1°. Високи и интелектуални кадри
- 1a. Високи административни и економски кадри
- 1b. Високи технички кадри
- 1c. Професори, лекари и др. интелектуалци
- 2°. Други немануелни занимања
- 2a. Средни кадри (кадри со средна училишна подготовка)
- 2b. Канцелариски службеници

II. Мануелни занимања од неземјоделски карактер

- 3°. Квалификувани работници
- 4°. Полуквалификувани работници
- 5°. Неквалификувани (општи) работници
- 6°. Портири, курири и сл.

III. Мануелни занимања од земјоделски карактер

- a) Работници на државните стопанства
- b) Членови на земјоделски задруги
- c) Индивидуални земјоделци
- d) Надничари, сезонски работници.

Тешко е да се карактеризира со точност дисперзијата на сферите на моќ на одлучување, и на влијание. Меѓутоа, неоспорно е дека меѓу групите видови труд прв е трудот на високите кадри од државната администрација и од економијата - која располага со најголема моќ од сферата на најширокото одлучување. Другите две интелектуални групи кои често имаат директно право на одлучување своето влијание го должат пред сé на нивното високо културно рамниште..." (Ferge Zsuzsa, La stratification social en Hogrie , во книгата "Hongrie", Etudes sociologiques, ouvrage colectit publié sous la direction d'Andréas Hegedüs, ed., Anthropes, Paris, 1969, p. 166, 167).

Меѓутоа, еден поинаков и интересен модел на социјална структура на"постојните источни социјалистички општества" дава поранешниот полски социолог од еврејско потекло - Зигмунт Бауман. Но, сепак тој иако го отфрла функционалистичкото сфаќање на социјалната стратификација не успева до крај да не убеди во плодноста на вештачки конструираниот модел (врз Марксовото сфаќање вештачки накалемено Макс-Веберовото) на социјалната структура за постојните социјалистички општества што тој го крсти како "модел на структурата на моќ" *(model of the power structure)*. Имено, тргнувајќи од Веберовото сфаќање на традиционалната власт (управување) која се дели на патримониална и сталешка, З. Бауман го препорачува терминот "партиномијална моќ", бидејќи Веберовата традиционална патриманијална власт не е сосема соодветна и применлива на постојниот тип власт во социјалистичките општества и покрај низа заеднички карактеристики. Според него, во овие општества постојат два основни антагонистички спротивставени типови на структура на моќ: бирократски и класен. Првиот тип на структура на моќ е "создаден на рамниште на авторитетот на општествениот систем и потекнува од партијата (комунистичката и поради тоа "парти" - П.Г.) како главен потпирач врз контролата и продира низ целото општество.[50/] На ист начин како што традиционалниот авторитет е поврзан со традиционалните типови на општествената дејност - харизматскиот со емоционалниот и

---

50/ Bauman Z., Officialdom and Class: Bases of Inequality in socialist society, во книгата The Social Analysis of class Structure, Edited by F. Parkin, Tavistock Publication Limited, London, 1974, p. 140, 141.

законскиот (правниот) со партиномијалниот авторитет како еден идеален тип е интимно придодаден на *wertrationalität* како еден доминантен начин на акција.[51/] Понатаму, З. Бауман ги набројува важните карактеристики на партиномијалното владеење: кога станува збор за практиката на социјалистичката власт нејзиното единство и нужно легитимирање се наоѓа во иднината; владетелите на било која социјалистичка држава ја определуваат својата власт и бараат послушност во името на идеалното општество, кое што тие сакаат да го изградат; идната форма на подобро општество е "дадена" во идеален вид и е избрано да ја игра улогата на единствен и конечен судија без оглед какви решенија би можеле да се донесат во сегашнината. Оваа "футуристичка" природа на нивното легитимирање ги оправдува владетелите од подложување на нивните начела на судот на "масите". Доколку се случи "масите" да не се сложуваат со курсот избран од нивните владетели (управувачи), ова е само доказ на "незрелоста" на самите маси, на нивната неспособност да ја "зграбат" далекусежната мудрост на раководителите. Ова се објаснува со односот на жалосните недостатоци во масовното образование или пропаганда, или е објаснето како жалосно наследство на предсоцијалистичката идеологија. Предностите на идното општество исто така како и патиштата кои водат до него се јасно видливи само во очите на авангардата, партијата која се јавува како засолниште и како заштитник на идеалното општество што ќе дојде. Ако претходно партијата бараше да ја наметне својата контрола над функционалната поделба на опште-

51/ Ibid., p. 136.

ството, денес тоа бара да избира научна, економска, воена, инжинерска, образовна, културна и професионална елита во највисоките рамништа од партиското раководство, и така да"асимилира" она што потенцијалното раководство го акумулира надвор од своите рамки. "Авангардната" слика за партијата сега е запрена на различна практика - но сѐ уште останува непредизвикана иако зголемено се нагласува со меритократски термини. На ист начин на кој одбраната на традицијата ја потпомогна патримонијалниот авторитет, како што е опишано од М. Вебер, обврската за исполнување на идеалното општество од една просветена елита пружа поддршка на партиноминалното владеење. Верноста кон партијата го зазема местото на послушност кон личноста на владетелот и верувањето во пожелност на социјалистичкиот поредок го заменува почитувањето на традицијата. Наспроти рационалната хиерархија на власта во бирократскиот систем, прашањето кој ќе одлучува по определено прашање може да биде предмет на арбитрарна одлука на партијата. Кога интервенира партијата сѐ друго се подвргнува на нејзината волја. Било какви приговори "одоздола" насочени кон ефективно редуцирање на арбитражноста на овие одлуки ќе бидат јасно изоставени како обиди од страна на идеолошка спреченост да оформат императиви на иднината, за кои партијата е единствен интерпретатор. Авангардното легитимирање на партиноминалниот авторитет бара телеолошка, не генетичка, определба на макроопштествените процеси. Планот е најважен инструмент на ваквата телеолошка определба. До остварување на социјалистичкото или комунистичкото општество може да дојде само преку свест

и траен напор во планирањето и спроведувањето на плановите. Но, односот меѓу планот и пазарот е типичен однос љубов-омраза, напади и отстапувања кои се менуваат низ историјата на овој напнат и нелагоден брак, но скоро не постојат изгледи да заврши со развод, бидејќи двата партнери си требаат еден на друг толку силно колку што тие патот од присуството на едниот и другиот. Оттука, сé на сé, припадниците на социјалистичкото општество се изложени, како индивидуи, на типично безлична *zweckrational* ситуација на пазарот и нивното експонирање е подигнато на највиталното поле од нивната животна активност - онаа на продуктивноста и задоволувањето на потребите. Меѓутоа, партиската власт не е збир на влијанието и моќта на индивидуалните членови. Главната институција која ја поддржува моќта на партијата е нејзиниот врховен авторитет врз сите назначувања во многу административни тела вклучени во официелната скица на системот што се карактеризира со монополистичко право на партијата да назначува службеници, да го определува и менува опсегот на нивната овластеност и да ги отпушта од служба за било каков неуспех во исполнувањето на барањата кои се определени или слободно менувани од партијата. Футуристичкото легитимирање на партиномијалното владеење едновремено служи како причина и објаснување за монополот на партијата во избирањето на функциите. Постулатот на врховна контрола на партијата врз дистрибуцијата на моќта во овие околности значи едвај сокриен принцип на мало авангардно малцинство кое ја штити чистотата на можните идеали од разводнување или уште "полошо" од затворање со изла-

гање на опасност од "судот на мнозинството". Оттука едвај променливата хиерархиска природа на бирократијата создадена "одозгора надолу" и постојаната тенденција на централизам да се потврдува против демократијата во контрадиктаторната формула на партиската организација. Моќта што ја конституира структурата на бирократијата е способност да манипулира со дистрибуцијата на ресурсите и условите на пристап кон нив, т.е. да ја манипулира структурата на ситуацијата која ја ограничува слободата на актерот за акција. Бирократијата како социјално тело настојува да го опфати, точно на начин на кој пазарот ја создава класната структура, целото општество и на секоја индивидуа да ѝ ја даде нејзината соодветна официелна категорија. Така двете суштински полиња на нееднаквост, еднолични за социјалистичкото општество - бирократијата и класата - не се поклопуваат и нивната инконгруентност има, ако се дадени фундаменталните структурални принципи на социјалистичкото општество, нужен, односно теоретски изводлив карактер. Со други зборови, недостатокот на подударноста меѓу нееднаквостите произведени од бирократијата и класата исто така како и постојаната тензија меѓу соодветните структури на моќ постојат и се совпаѓаат со типот на социјалистичкото општество кое историски се разви во Источна Европа.[52/]

И покрај интересните забележувања и карактеристики што ги изнесува З. Бауман преку анализата на моделот на структурата на моќта во социјалистичките општества, сепак таквиот модел кој е конструиран врз основа на идеалниот Веберов

52/ Ibid., s. 136-144.

тип на патримониалното владеење, е непотполн и на определени места апстрактен и не води, а ниту може да води, сметка за двете рамништа за социјалната структура кои потекнуваат од К. Маркс за проучување; прво, за рамниште на општествено-економска формација, со оглед на фактот што определена бирократизација и технократизација се врши и во капиталистичките начини на производство, а не само во социјалистичките општества; и второ, проучувањето на одделно социјалистичко општество на конкретно - историско рамниште - со оглед на тоа што разните конкретни социјалистички општества се наоѓаат на различни степени од својот општествено-економски, политички и културен развиток што условува и различни видови, типови на социјална структура. Оттука и изнесените теориски сфаќања за социјалната структура на социјалистичките општества која се состои од три социјални групи - работничката класа, селанството и слојот на интелигенцијата, не води сметка токму за ова второ рамниште на марксистичкото проучување на социјалната структура на соодветен конкретно-историски облик на социјалистичкото општество.

Понатаму, колку да е значајно истакнувањето на З.Бауман на отуѓувањето на авангардата, партијата од класата (работничката) и нејзиното претворање во бирократија, сепак докрај и целосно тој процес не може да се објасни доколку не се поврзи со државната сопственост и поделбата на трудот како негова основа, за што не водат сметка и другите изнесени автори за социјалната структура кои обично државната сопственост погрешно ја идентификуваат со општествената сопственост.

Оттука и бирократијата својата моќ ја засновува врз раздвојувањето на сопственоста на средствата за производство од управувањето, односно врз подржавувањето на овие средства и со тоа врз интервенцијата во сите области од животот на луѓето: економската, социјалната, политичката, образовната и пошироко културната. Тоа е основата на својот (на бирократијата) социјален успон и висок степен на осамостојување, отуѓување од работничката класа во чие име управува и со идеологија на остварување на општите интереси, а во стварноста, спротивно остварување на нејзините посебни интереси. Врз таквиот монопол на државно-партиската бирократија се создава идеолошка слика за постојното социјалистичко општество како безконфликтно, неантагонистичко, хармонично кое се состои од "пријателски" класи и слоеви кои во сегашното "развиено социјалистичко општество" се приближуваат до "еднородност". Спротивно на оваа идеолошка свест, во стварноста врз основа на државната сопственост што условува централизирано планирање и управување со трудот и вишокот на труд од страна на бирократијата, работничката класа *de facto* се наоѓа во наемен однос што репродуцира класни наемни односи било на производствените работници, било на управувачите, работоводителите, инжинерите, стручњаците, научниците итн., кои се ставени во функција на одржување, репродуцирање и оправдување на бирократскиот монопол.

На тој начин бирократијата и технократијата или поточно речено нивната симбиоза, остануваат посредници помеѓу производувачката класа и општествената репродукција.

Во таквите услови и образованието служи за постигнување на бирократско-технократската "кариера", за репродукција на бирократско-технократската хиерархија на управување не само со производствениот труд, односно производствените работници, туку со целото општество и со судбините на луѓето (поединците). Така, според етатистичката педагогија целите на воспитувањето и образованието се состојат во формирањето на таква личност која ќе ѝ служи верно на интересите на социјалистичката држава, за нејзино јакнење и одбрана како и воспитување во духот на "реалниот социјалистички интернационализам". Како главен воспитувач и организатор и управувач на образовниот систем е државата, односно оние институции кои се под контрола на монополот на државно-партиската бирократија. Оттука и барањето, "потребата" за државно воспитување и образование. "Во таквата концепција на воспитување не е можно да се вклучи семејството како значаен воспитен фактор. Оттаму негативниот однос на етатистичката педагогија кон семејното воспитување. Семејното воспитание се оценува како спротивност на државното воспитание и се предлагаат мерки кои ќе ја намалат можноста на влијанието на семејството на воспитувањето на младите луѓе. Државниот апарат прокламира дека идеалот е потполно елиминирање на семејството како воспитен фактор и преземање на целото воспитување од страна на државната бирократија и нејзините контролирани воспитни институции".[53/]

---

53/ Šimleša d-r P., Na putu do reforme škole, RKZ, Zagreb, 1977, s. 89.

Сето тоа е последица на усложнување на производната и сите други сфери од животот, па затоа семејството веќе не може да ги обезбедува во таков степен претходните функции на подготвување на децата за живот. Вовлекувањето на сé поголем дел на жени во општественото производство, зголемувањето на нивната улога во сите сфери од општествениот живот, намалувањето бројот на членовите на семејството, трајниот стремеж за образование на младината од одделни самостојни семејства, сето тоа објективно ја намалува можноста за семејно воспитување. Поради тоа улогата на училиштето како институт на социјализација на младата генерација спрема степенот на индустрискиот развиток, на научно-техничкиот и социјалниот прогрес постојано расте.[54/] Во таквите услови на развиток, улогата на образованието толку се зголемува така што "образованието во извесна смисла во условите на социјализмот се јавува како самоцел".[55/] Оттука, со цел родителите за да се ослободат од грижата за децата и поцелосно да се посветат на "вишите" цели и потреби за производство и зацврстување на државната (бирократската) власт се изнесува "нужноста" од семејството да се извлечат воспитно-образовните функции и да се обликуваат како функции на државата или на нејзините институции, меѓу кои посебно место зазема училиштето. Така настапил процесот на "слабеење на претставата за таткото и мајката што се надоместува, од една страна, со големиот родителско-мајчински авторитет, како што се Нацијата, Државата-родител, Татковината-мајка, како Црквата или Партијата, а од друга страна... со ударите на масовната култура".[56/]

54/ Турченко В.Н., Научнотехническая революция... оп.цит.с.18.
55/ Ibid., s. 35.
56/ Moren E., Duh Vremena, Kultura, Beograd, 1967, s. 169.

Образованието, особено средното и високото се "канали" на социјална "промоција" за слојот на интелигенцијата и чиновничките занимања. На тој начин, младината од различните општествени слоеви "завршувајќи факултет и средно-стручно училиште, се распоредува во согласност со државниот план за работа за што е потребно определен степен на образование".[5

Наемната положба во која се наоѓаат работниците спрема државно-партиската бирократија работниците, нивните синови и ќерки ги ориентираа кон промена на работничките занимања. Оваа ориентација им изгледа остварлива единствено преку завршување на определено средно-стручно училиште или поретко некој факултет со што јасно се покажува дека средното и високото образование се претвораат во полигон на антагонистички класни судири, т.е. на различно спротивставени интереси: како "отскочна штица" во привилигираните општествени слоеви или како општествен канал на сопствената социјална репродукција. Поткрепа на ова е и "тенденцијата за стекнување на повисоко образование, отколку што тоа го бараат конкретните услови на даденото производство",[58/] како и резултатите од социолошките истражувања на оваа проблематика, за што подоцна ќе стане збор.

---

57/ Филипов Р.Ф., Изменения в социалном облике и составе советскои интелигенции, во книгата "Проблемы развития социальнои структуры общества в Советском Союзе и Польше... оп. цит., с. 194.

58/ Кунцын В.А., Различия внутри советского рабочего класса.. оп. цит., с. 41.

В.П. Сидоренко извршил испитување на група работници кои го напуштиле своето учење, изнесувајќи ги овие основни причини: "тешка семејна положба - 41,1%; возраста (староста) - 35,4%; здравствената состојба - 7,4%; неудобност на работата - 6,3%; нема време - 3,4%; нема помош во учењето - 3,4%; нема стимул - 1,2%; неудобност на транспортот и не е близу училишната зграда - 1,8% (Сидоренко П.В. Роль повышения общеобразовательного уровня трудящихся в преодолении различий внутри рабочего класса, во книгата, Проблемы изменения социаальнои структуры советского общества, ...оп.цит., с. 50).

За да се обезбеди поуспешна саморепродукција државниот апарат и воопшто бирократијата и нејзината интелигенција создава силен механизам на образовна селекција, пред сѐ преку конкурсите и приемните испити кои особено својата функција ја извршуваат на преминот од средното кон високото образование. Овие приемни испити кои со извесно "цедење" на младината од работничко и селско потекло, фактички покажувајќи им ја "цената" што треба да ја "платат" за да ја избегнат општествената положба и начин на живот на своите семејства со цел за да им се внесе во главата дека високото образование "не е за секого". Напротив, младината со потекло од бирократскиот и интелектуалниот слој не само што ги има предностите во поглед на далеку подобри материјални услови на школување, културното наследство и еден посебен "етос" и амбиции кон високото образование, туку и предноста што низ државно-образовниот механизам на селекција на нив обично им се гледа "низ прсти".

Кои се тие "сили" што ги сочинуваат селективните механизми за запишување во високошколските институции? Според познатиот полски социолог Ј. Шчепански, сите сили што дејствуваат во постапките на прелеминарната селекција можат да се класифицираат во пет комплекси: (1) Силите што се определени со настојувањето на државата и нејзините институции, со целите и интенциите на политичките партии на власт со стремежите на групите кои ги претставуваат институционализираните интереси на нацијата како целина; со дејноста на институциите и организациите што ги создала Државата со цел да ги планира и да го раководи образованието според својата поста-

вена концепција, која исто така диктира главни директиви за регрутирање (прием). Тука воглавном се имаат предвид активностите на Министерството за народно образование и на неговите оддели задолжени да раководат со високите школи од различни типови, активностите на органите на партијата и на училиштата; (2) Општествените сили создадени од аспирациите, од начинот на живеење, претставите за професионален успех, целите и идеалите што се поставуваат во животот, традициите и вредносните системи на општествените класи и слоеви, како и од професионалните категории (сфатени) не како збир на лица со исто занимање, туку како социјални целини на семејства чии што старешини се занимаваат со исто занимање, кои имаат дефинирани традиции и начин на живеење според дадената професија, професионален понос и, во извесна мера, заеднички животни идеали; (3) силите кои се јавуваат во локалните, селските или градските заедници и кои влијаат врз животните идеали, мислењата и убедувањата, критериумите за вредноста и престижот, концепциите за општественото унапредување и за успехот, моделите на поведение, целокупната месна општествена структура. Во оваа група треба исто така да се вклучат и аспирациите на семејствата кои се, секако под влијанијата на нивната општествена класа и нивната локална заедница, но чии што амбиции се состојат во одбегнувањето на таквите влијанија, во настојувањето да се излезе од својата класа, да се промени професионалната категорија и месната заедница (особено во случајот на селата и малите градови) и на своите деца да им се обезбедат подобри животни услови; (4) влијанијата испиту-

вани во училишните одделенија како и во социјалните групи, во синцирите на другарувањето и пријателствата што се формираат уште во почетокот на училишните одделенија, младинските организации, заедничките соседства итн.; и (5) личните квалитети на ученикот, неговите аспирации и претстави, неговите способности и вкусеви, накратко, сите оние сили кои се манифестираат во личноста на секој поединец и кои влијаат врз сложените општествени ситуации.[59/]

Меѓутоа, покрај "потешкото" проаѓање низ селективните државно-училишни механизми на работничката и селската младина, тие уште од почетокот, пред да влезат во играта на селекцијата, се хендикепирани (посебни оценки на матурата, посебно познавање на странски јазици) во однос на културниот капитал на оние студенти што потекнуваат од семејствата на интелектуалци.[60/]

"Строгите" приемни испити на факултетите во поголемиот број етатистички социјалистички општества претставуваат дури "трет праг на селекција" низ која мораат да поминат мла-

---

59/ Szczepanski J., Problemes sociologiques de l'enseignement supérieur en Pologne, Ed. Anthropos, Paris, 1969, p.29,30.

Во различните механизми на селекција во високото образование J. Шчепански мошне значајно место и улога му припишува на тнр."вештачки фактори" и посебно на "административниот притисок што го вршат училишните комисии и застапникот на државата, кои лесно стануваат 'вештачки' фактор на одлучување за прием на кандидатите во високообразовните институции (Ibid., p. 40).

60/ Вид. исто, Szésztay András, Aprés avoir quitté les bancs de l'université, во книгата HONGRIE... op. cit., p. 229.

"Ефектот на хендикепот на културното наследство од семејството продолжува да се чувствува - иако послабо отколку некогаш - сé до кариерата на дипломираните хемиски инжинери".

дите пред да донесат конечна одлука за видот на студиите. Така во НР Полска, уште по завршувањето на основното училиште една третина не го продолжува образованието, половината одат во училиштата за занимања, а само една петтина во средните, најчесто технички училишта. Најголеми шанси да ги продолжат студиите имаат гимназијалците. Селекцијата што се врши низ механизмот на приемните испити, не без причина, во народниот жаргон и од новинарите, е наречена "кланица на невинчиња".61/ На тој начин ваквата селекција не само што ги спречува хендикепираните млади луѓе од работничката класа и селанството да ги остварат своите амбиции, туку и многу повеќе и од едногодишното чекање за добивање на повторна шанса преку полагањето на приемните испити да се добие статус на студент, а кога и тоа ќе се покаже повторно неостварливо тогаш селекциониот механизам е основната причина на масовно психо-патска напнатост и отуѓеност не само на кандидатите за факултетските дипломи, туку и за нивните семејства.

Трагедијата на оние кои не ги положиле испитните прашања и тестовите на интелигенцијата на приемните селективни испити што ги спроведуваат државно-образовните комисии не е само нивна, туку и трагедија и на оние што ги употребуваат. Ваквите селективни механизми во образовниот систем во етатистичките социјалистички системи мошне се полезни за би-

---

61/ Вид., Маринковиќ И., Тежок е патот до факултетот, "Нова Македонија", 1 септември 1976, с. 5.

Истиот автор (дописник) од Варшава на "Нова Македонија" од 12 август 1978 година, во написот "Ѕидот на плачот", изнесува дека во оваа (1978) година "Полските универзитети ги објавија листите на примените бруцоши", се огласните табли со листите на овие среќници младите Полјаци ги нарекуваат "Ѕид на плачот". Иако од хуманитарни причини не се истакнуваат имињата на одбиените, сепак, пред таблите се ронат солзи: едни плачат од среќа, други од очајување, а другите од недоразбирање (положиле, но не се примени поради недостиг на места)."

рократијата. Илјадници комплексни човечки ситуации на тој начин мошне се упростени: спротивно според официелниот карактер "социјалистички" на општествениот и образовниот систем, таквите ситуации да се третираат како комплексни. Сходно на бирократското однесување спрема луѓето во општествената средина кое е безлично, секоја конкретна човечка индивидуа да се третира на отуѓен начин, т.е. како "странка", исто така испитните централно-државни и училишни комисии преку масовно-произведените тестови и испитни прашања на кандидатите за универзитет не гледаат како на комплексни личности и ситуации, туку обично како на броеви и безлични шифри кои се претвораат во табели, графикони, т.е. материјал за канцелариските чиновници - бирократи. Полусфатени и недоловливи поими и прашања кои ги формулираат истакнати истражувачи, наставници и научници и кои по правило се засновуваат врз нивната претпоставка за "нужното", "потребното" рамниште и квалитет на знаења што средношколците ги учат, а во најголемиот број случаеви таквата претпоставка е привидна и нереална, така што младите средношколци често стануваат и "жртва" на неоправданите и нереални претпоставки за "потребното знаење од средното училиште". Така со селекциониот механизам за прием на универзитетот е пронајдено успешно бирократско средство за создавање на илузија кај средношколците и нивните семејства дека им се пружа можност, "шанса" за да добијат академска диплома и дека само од нив самите зависи дали ќе успеат во тоа. Како што се гледа оваа бирократска идеологија е само "поддржување" на изложената либералистичка граѓанска идеологија за

"еднаквоста на шансите". Со тоа свесно се настојува вниманието на кандидатите и нивните семејства да се сврти не кон крутите бирократско-државни механизми и односи кои владеат во образовниот систем и кои во крајна линија се определувачки на хендикепот и на неуспехот за прием во институциите на високото образование.

Ваквата бирократско-етатистичка идеологија се брани и се потпира врз теоријата за врските што поединецот ги има со општествената класа од која потекнува, па оттука и извесен плус (број) на поени на приемните испити на универзитетот за хендикепираното социјално потекло (работничкото и селското).

Ако "општествено-политичката програма на образованието оди кон тоа да формира една народна интелигенција - дефинирана како категорија која произлегува од работните класи, прифаќајќи ги социополитичките цели на народната власт, идентификувајќи ги своите сопствени цели со целите на социјалистичкиот режим и прифаќајќи ја социјалистичката идеологија како директива за акција и однесување тоа е затоа што оваа програма претпоставува дека синовите на мануелните работници, класа чии што стремежи ги претставува државата, се попредиспонирани од претставниците на другите општествени класи да ги прифатат целите на социјализмот како свои сопствени цели."[62/] Фактички земено овој став "да се води сметка за

---

62/ Szczepanski J., Problemes sociologique de l'enseignement superieur en Pologne..., op. cit., p. 110.

социјалното потекло"[63/] на кандидатите за прием на универзитетот (и добивањето определен број поени по тој основ) суштински не го менува класно-социјалниот распоред на студентите на универзитетот во бирократскиот модел на социјализам, дури самиот механизам на селекција преку приемните испити значајно ја отежнува можноста за успех и ги намалува шансите на младината од работничката класа и селанството.

Оваа состојба и тенденција на социјалната структура на студентите во овие земји ја потврдуваат некои социолошки студии: Така француските социолози на образованието А.Сови и А. Жирард истакнуваат дека во социјалистичките земји "ако во своите намери децата од различните општествени слоеви малку се разликуваат (8-,5% од дипломираните во средното училиште одлучиле да ги продолжат студиите на високото образование), значајни разлики се појавуваат кога ќе се анализира реализацијата на овие намери. Првата и најважна разлика се забележува меѓу младите од градот и од селото. Ако првите се наоѓаат со 69,5% во универзитетските клупи, од вторите само 39,7% се студенти. Ист е феноменот на шансите за продолжување на студиите на високите школи според социјалната припадност: децата од работничко потекло своите намери ги оствари-

63/ Полскиот министер за образование, во својот говор од април 1968 година констатирал: "Најважниот проблем на образованието е социјалниот состав на студентите. Мораме него апсолутно да го подобруваме. Без да можеме да кажеме дека системот на оценување во ништо не е променет, треба да се констатира дека тој многу малку ја променил старата состојба на нештата. Процентот на децата од работниците и селаните се наголемил за 2%". Значи, треба според овој министер, да се изготви систем што ќе дозволи сериозно зголемување на нивното учество. (Sauvy A., Eira d A., Vers l'enseignement pour tous... op.cit., p. 47).

ле со 58,3%, децата од родители калхозници со 41,4% а оние што произлегуваат од интелигенцијата со 75,0%".64/

За да ја"поправат"65/ социјалната слика на студентите во некои земји (Советскиот Сојуз) "властите одговорни за прием на студентите на универзитетот и во другите високошколски институции придаваат големо значење на 'припремните одделенија', кои се основани во 1969 година во разните институции на високото школство, со цел да го подигнат рамништето на знаења на младите работници и земјоделци како и на демобилизираните војници и да им овозможат прием на универ-

---

64/ Sauvy A., Girard A., Vers l'enseignement pour tous... op. cit., p. 40.

65/ Интересно е како бирократскиот образовен систем врши поправање и на просечниот успех на средните училишта бидејќи што подобар просечен успех на соодветното училиште следува и државно признание или награда. Тоа може да се илустрира преку исказите на двајца наставници за средните училишта во СССР.

1. "Јас сум стар наставник и веројатно не ги учам децата лошо. На олимпијадите по физика тие постојано ги освојуваат најдобрите места, стануваат добри студенти... Но радост од работата немаме: ми здодееја систематските гонења за ставање тројки. Во последно време просто станува невозможно да се работи - од нас се бара сите да го завршат класот, сите да ги пуштиме. Меѓутоа, слаби ученици има многу и учителот физички не може да стигне да повторува со секого. Поради тоа пропуштањето на учениците е тотална измама."

2. "Еден наставник по математика од Дегастанската ССР,со 44-годишен стаж, тврди дека неговиот директор толку се 'чакнал' со процентите што нему ништо не му е потребно освен привидниот успех на хартија... Овој директор, ги принудува наставниците да ги преправаат двојките во тројки. Одличните знаат за тоа и не учат како што треба, за слабите и да не зборуваме. Мнозинството наставници покорно ги поправаат слабите оценки, бидејќи се плашат од директорот, непослушните наставници си одат од училиштето.

"Оваа 'болест' (свесно зголемување, 'поправање' на оценките на учениците поради подобар просек на успех на училиштето - П.Г.) министерот за просвета на СССР, М. Прокофјев и неговиот заменик М. Кондаков, пред неколку години ја оценија како антипедагошка дури и антидржавна практика, либерален приод кон оценувањето на знаењето" (Борис Поп Ѓорчев, Фалшиви тројки, "Нова Македонија" од 16 февруари 1977, с. 5).

зитетите. Така во 1972 година околу 43% на новозапишаните студенти доаѓале од работнички семејства, а речиси 12% од земјоделските. Советските високошколски институции продолжуваат со експериментирањето во поглед на поправувањето на социјалната структура на студентската популација за да би ја одразила социјалната структура на целокупното општество".[66/]

Меѓутоа, истражувањата покажуваат[67/] дека и колку да се донесуваат разни мерќи (определен број поени за работничко, односно селско потекло, припремни одделенија стипендии и сл.) за "поправање", корегирање на социјалната структура на студентите, па дури и покрај тоа што таа некогаш и се подобрува, сепак значајно, односно суштински таа не се менува и сѐ уште е далеку таа да соодветствува на социјалната структура на вкупното население.

Според податоците на истражувањето спроведено во 1970 година во Уфе, кои ги изнесува Н.А. Аитов, меѓу децата на интелектуалците - 76,1 отсто станале интелектуалци; 15,9 отсто работници; 8,0 отсто - службеници - нестручњаци.

---

66/ Case study on alternative university structures in the USSR, UNESCO, Paris, 1974, p. 68, 69.

67/ Ф.Р. Филипов за социјалната структура на населението и на студентите од Свердловската област ги изнесува следните податоци за учебната 1969/70 година:

| | Вкупно население % | Студенти % |
|---|---|---|
| - работници | 63 | 34 |
| - службеници | 35 | 44 |
| - колвозници (селани) | 2 | 2 |
| - друго | - | 20 |

(Филипов Р.Ф., изменения в социальном облике и составе Советской интелигенции, во книгата "Проблемы развития социальнои структуры... оп. цит., с. 196).

Меѓу децата, пак, на работниците 34,7 отсто станале интелектуалци; 55,8 отсто работници; 9,5 отсто службеници - нестручњаци. Од бројот на децата службеници - нестручњаци 53,8 отсто станале интелектуалци; 38,6 отсто работници; 7,6 отсто службеници - нестручњаци. Во дадениот случај, нагласува Н.А. Аитов, е анкетиран цел контигент на работници и тука дојде до израз сликата на минатите процеси на поместување во 20-те и 50-те години, во кои учествувале анкетирани работници на возраст од 20-60 години, а кои сега работат во претпријатијата и установите на Уфе.[68/] Испитувајќи ги поместувањата во социјалната структура за периодот од 1950-1970 година во истото истражување Н.А. Аитов доаѓа до заклучок кој ја разбива илузијата и идеологијата за значајните и суштински промени во постојната социјална структура, како и она сфаќање за соодветноста меѓу социјалната структура на студентите. Емпирискиот заклучок гласи: во 1970 година, значи по повеќе од педесет години на "изградба на социјализам" 87,7 отсто работници останале во групата работници; 9,6 отсто преминале во интелектуалци; два отсто во групата службеници - нестручњаци. Можеме да претполагаме, напоменува Н.А. Аитов, дека за време на работната дејност (околу 40 години) речиси 20 отсто работници ја менуваат својата социјална припадност, станувајќи интелектуалци или службеници - нестручњаци. Основната причина за таквите промени е образованието - неговото зголемување или недостаток.[69/]

---

68/ Аитов А.Н., Социольные перемещения в СССР, во книгата Проблемы развития социальной структуры общества в Советской союзе и Польше... оп. цит., с. 309.

69/ Ibid., s. 314.

Полскиот социолог К. Затурскиј констатира дека статистичките податоци покажуваат дека постои силна зависност меѓу степенот на образование на родителите и степенот на образование на децата кои пристапуваат кон професионална работа. Така повеќе од 50 отсто млади работници, чии двајца родители имаат високо образование, во почетокот на својата работна дејност тие имаат такво образование, додека, пак, меѓу младите работници чии родители имаат основно образование, високо образование имаат само пет отсто, т.е. десет пати помалку.[70/] Овде јасно се покажува дека степенот на образование е мошне значаен чинител кој ја определува социјалната положба на личноста, иако овој чинител дејствува како непосреден сепак е израз на еден поширок детерминистички сплет на чинители кои ја определуваат целосно општествената положба на семејствата и нивните членови, а чија основа е поделбата на трудот на умствен и физички.

Поделбата на трудот, а посебно на умствен и физички, што се огледа и во раздвојувањето на средствата за производство (државна сопственост) од управувањето што претставува монопол на технобирократскиот слој, а производствениот труд, претставува фундаментална основа на структуралното социјално групирање и "поместување" како и кристализирана база за "престижот" на одделни занимања и професии.

Од ова и треба да се извлече констатацијата и заклучокот на В. И. Ширинскиј "интересот кон производните про-

---

70/ Затурскии, К., Изменение Социальнои структуры и социалная мобильность в Польше, во книгата "Проблемы развития социальнои структуры общества... оп. цит., с. 286.

фесии кај младите е мошне низок",[71] а не од "недостатоците во пропагандата" на цел ред "професии и сфери на трудот" како што го прави тој. Истиот автор изнесува дека во "анкетата што била спроведена во градот Гродно на матурантите им беше поставено прашањето: 'Кои професии за Вас се најпривлечни?' (укажете на три). Од вкупниот број назначени професии најнепопуларни се покажале работничките професии и професиите во сферата на услугите. Најпопуларни кај матурантите се јавуваат професиите на инжинерите, лекарите, професорите, геолозите, новинарите, на научните и творечки работници. Аналогни резултати беа добиени и во истражувањето на В.Н. Шубкин."[72]

Од сето досега речено јасно произлегува заклучокот дека и покрај значајните резултати постигнати во ширењето на образованието среде широките народни маси во етатистичкиот модел на социјализам, сепак суштината на класно-социјалната функција на образованието, посебно високото, не е изменета, бидејќи како што образовниот систем во капиталистичките системи има основна функција да ја репродукува постојната општествена поделба на трудот и врз неа создадената класна структура, исто така образованието во етатистичките социјалистички земји има карактер на репродукција на бирократските и технократски односи и соодветната социјална структура која израснува врз поделбата на трудот на умствен и физички, врз државната сопственост на средствата за производство

71/ Ширинский И.В., О готовности в пускников школы к труду в сфере промышленного производства, во книгата "Социологические проблемы образования, И ОПВ АПН СССР, Издательство "Педагогика", Москва, 1973, с. 126.

72/ Ibid., s. 127.

и оттука врз конкретниот општествен однос наемен труд - државна сопственост и државно управување со сите дејности и активности во општествената организација на трудот и животот на луѓето.

Образованието се изведува низ државните институции, и тоа има етатистички карактер не само што неговите институции се финансирани на буџетски, државен начин и средства, туку, пред сè, затоа што државата и бирократијата, воспоставува целосна контрола над сите воспитно-образовни установи, вклучувајќи го тука и деталното определување на наставните планови и програми како и врз целокупниот начин на нивното функционирање. На тој начин училиштето, факултетот, се претворени во државни установи, исто како што се претпријатијата, фабриките државни со што и покрај нивниот заеднички именител - социјалистичката држава - тие (училиштето и фабриката) и понатаму остануваат одвоени како две различни "сфери" на општествениот труд, две различни "сфери" кои фактички им служат на интересите на етатистичко-бирократската стуктура на моќ. Затоа и граѓанскиот дуализам на образованието: училишта за "ниско" и "практично" образование за масите, од една страна, и "високо", "општо" и "елитно" образование за малцинството, за "интелигенцијата" не е, а ниту може да биде укинато во услови на раздвоеност на средствата за производство од управувањето, во услови кога се управува во име на работничката класа од страна на отуѓениот бирократско-технократски слој кој придобива силни особености на класно владеење.

Бирократската манипулација со луѓето се покажува најотуѓена во процесот на социјализацијата и оспособувањето на личноста за општествено-политички живот каде е целосно контролирана од државниот апарат, каде важи девизата дека "училиштето не е создадено за децата (учениците) туку обратно, децата се создадени за училиштето". Во етатистичкиот модел на социјализам кој е заснован врз моќта и авторитетот на врвот и послушноста од дното, не може образованието да служи за развој на слободна и творечка личност, а уште помалку да служи за "ослободување на трудот" и сестраниот развиток на поединецот и на сите заедно.

### в) Теориско-методолошки модел на социјалистичкото самоуправување - социјалната структура и образованието

Со социјалистичката револуција настапува процесот на преземање на политичката власт од страна на работничката класа; "експропријација на експропријаторот", а со самото тоа и процесот на поопштествување на средствата за производство. Токму овој процес на поопштествување на средствата за производство "овозможува да се исклучи не само приватниот сопственик, туку во крајна линија, - и државата како посредник помеѓу производителите и средствата за производство. Производителот станува носител на општествената функција на управување со производството и, во исто време, активен учесник во функцијата на распределбата на општествениот продукт".[73/]

73/ Програма на Сојузот на комунистите на Југославија, "Комунист", Скопје, 1975, с. 141.

Оттука, преземањето на власта од буржоазијата во рацете на работничката класа, тој прв чекор на социјалистичката револуција, и поопштествувањето на средствата за производство се неразделно и дијалектички поврзани со процесот на социјалистичкото самоуправување, процес кој се стреми да ги надмине приватносопственичките и групноетатистичките општествени односи.

Социјалистичките самоуправни односи претставуваат нов квалитет на општествени, производствени односи. Затоа социјалистичкото самоуправување не може да се идентификува со различните облици на учество на работниците во управувањето во услови на капиталистичкиот начин на производство, а кои можат да се наредат на еден континуум, - почнувајќи од терминот "партиципација", "соодлучување", "работничка контрола", "работнички комисии", "работнички комитети", "фабрички совети", "индустриска демократија", па се до терминот "самоуправување", како ни со она учество на работниците во етатистичкиот модел на социјализам, каде самоуправувањето или се негира како можност и практика во социјализмот или се обвиткува во државна кошула како "државно самоуправување".

Без разлика за кој облик на управување станува збор и без разлика што на нив често им се дава различно значење или потполно се идентификуваат, во услови на капиталистичкиот начин на производство нивната суштина останува иста: учество или консултација на работниците од страна на работодавателите во донесувањето на определени одлуки на рамништа на

претпријатие или на фабрика и тоа при постоење на нееднаква моќ концентрирана во рацете на сопствениците на средствата за производство. Оттука, сите овие облици на учество на управување (вклучувајќи го тука пред сѐ поимот "партиципација" кој кај извесен број мислители се идентификува со поимот "самоуправување"),[74/] всушност ги камуфлираат постојни-

---

74/ Типичен пример на такво идентификување се прави во книгата "Партиципацијата на работодавателите и работниците во планирањето". Авторите на оваа книга, тргнувајќи од еден своевиден "незамерувачки", апологетски став дека на ниедна земја и на никого не треба да се замерат и да ги критикуваат, тие поимите "партиципација" и "планирање" ги протегнуваат, или попрецизно речено им даваат иста содржина, на општествата од сосем различен тип како што се: САД, СССР и СФРЈ, не правејќи ниту најмал напор да се согледаат суштинските специфичности меѓу нив во целина и посебно суштинските разлики меѓу партиципацијата на работниците во управувањето, со претпријатијата во САД и СССР, иако патем речено и меѓу нив има значајни разлики, и глобалниот систем на социјалистичкото самоуправување во Југославија.

Меѓутоа, овде изненадува фактот што и самиот поим "партиципација" во книгата се сфаќа на еден чуден, би рекол подозрив начин. Имено, партиципацијата на работниците не се сфаќа како еден од начините и можностите на подобрување на условите на работа и воопшто подобрување на положбата на работниците, смалувањето на нивната експлоатација, туку, напротив, партиципацијата се определува во функција на интересите на работодавателите, менаџерите, т.е. во интерес на сопствениците на средства за производство и тоа: да се дадат што повеќе информации на раководителите на претпријатието, да се олесни процесот на примената на иновациите. Така партиципацијата се јавува како средство за поголемо искористување (експлоатирање) на трудот на работничката класа, што го потврдува и фактот што тие учеството на работниците во управувањето го нарекуваат "универзален политички мит" и треба да се постигне барем народот "да поверува дека е тоа"("Employers' and workers' participation in planning", International Labour office, Geneve, 1971).

Друга варијанта на интерпретации на југословенското самоуправување во поглед на неговиот однос со партиципацијата се состои во нивното имплицитно идентификување. Доказна основа за оваа теза, некои странски автори наоѓаат во некои социолошки истражувања на југословенски автори за општествената моќ во работните организации, спроведени во седумдесеттите години. Според податоците на овие истражу-

те хиерархиски односи на општествената моќ, односно на потчинување и надредување, односи на извршување и вистинско управување, односи што ја изразуваат вистинската поделба на умствен и физички труд.

---

вања се изградува став дека работничките совети се целосно под влијание на раководното особје во работната организација (В. Обрадовиќ, Јеровшек) или дека професионализацијата во работничките совети и управните одбори што доведе до сѐ поцврсто поврзување на раководното особје со самоуправните органи и до сѐ почестите штрајкови на работниците (Неца Јованов). Врз основа на ова се изведува заклучок дека во југословенскиот систем и искуство постои "субординација на самоуправните органи на интересите на раководните луѓе и затоа самоуправувањето *de facto* е само своевидна партиципација на работниците". Ова сфаќање донекаде го ублажува Д. Граник кој сепак суштински не го менува кога истакнува дека дури ако менаџерите во работните организации во Југославија често фактички владеат, тие сепак донесуваат такви одлуки за кои можат да очекуваат дека работниците ќе ги одобрат.
Основниот недостаток на оваа варијанта на интерпретација на југословенското самоуправно искуство и неговото сведување на партиципација лежи во парцијалното согледување и истражување на самоуправувањето во Југославија кое претежно се однесува на испитувањето на таканаречената моќ во работните организации, од една страна, и неводењето сметка за определени противречности низ кои поминува процесот на социјалистичкото самоуправување, без што тоа се сфаќа на недијалектички, метафизички начин; како готова, дадена состојба.

Во третата варијанта на интерпретација на односот меѓу партиципацијата и самоуправувањето спаѓаат оние сфаќања кои го негираат постоењето на социјалистичко самоуправување. Така Пјер Жалé, француски теоретичар, тргнувајќи од ставот дека во самоуправувањето мора "арбитер" да остане државата на работниците, тој цинично истакнува дека самиот термин "самоуправување" не му е по волја; прво, затоа што тоа го потсеќа на југословенското искуство ("жалосно упатување" пишува тој, без да се обиде да го аргументира овој свој став); и второ, затоа што зборот "самоуправување ги пренесува слободарските вдехновенија" со што изгледа за него незабележливо си ја открива маската на неговото право, догматско лице, т.е. П. Жалé како противник на вистинските слободарски односи. (Вид. *Pierre Jalèe: Le projet socialist: Approche marxiste, Maspero, Paris, 1976*).

С. Зукин смета дека и покрај воведувањето на делегатскиот систем и принцип на самоуправување во Југославија почнувајќи од ООЗТ, месните заедници и општествено-политичките заедници и покрај тоа што, според неа, навистина е тоа "децентрализација", сепак "тоа значи исто така конфузија, парцелизација, реинтеграција на распарчените интереси..." што всушност ја изразува нејзината конфузна свест за вистинскиот процес на самоуправувањето (Вид. S. Zukin, Ou est l'autogestion Yugoslave, Autogestion, No.1, 1980).

Всушност, и во обидот на изградба на социјалистички односи врз државна сопственост на средствата за производство, облиците на учество на работниците во управувањето не ја преминуваат границата на "партиципацијата" без разлика што на нив понекогаш им се дава и самоуправна содржина.

Познато е искуството на големата Октомвриска револуција од времето на В.И. Ленин каде управувањето на работниците и селаните се вршело преку советите кои до пред две-три години на неговата смет (1924 год.) не биле претворени во државни органи и дека дотогаш В.И.Ленин постојано ја истакнувал паролата за "преминување на сета власт на советите". Општественото управување не било затворено во рамките на претпријатието туку ги опфаќало и другите рамништа на општествено-политичката организација. Со пренесувањето на самоуправните права и ингеренции на државно-партиските органи, чие оличение, во рамките на претпријатието преку принципот "еднoначелие", бил и е директорот, а со зацврстувањето на култот на личноста и бирократскиот систем, советите речиси потполно биле истиснати од ржавно-административните органи на управување. Оттука и современите сфаќања во советската теорија за самоуправувањето го носат белегот на својата практика од која произлегуваат и се движат од оние кои ја негираат можноста за развој на самоуправувањето во социјализмот, зборувајќи за таканаречено "комунистичко самоуправување"што би било карактеристично за втората фаза на комунизмот, па сé до такви сфаќања кои расправаат за тнр. "државно самоуправување" и "социјалистичко општествено са-

моуправување" (А.Белих). Според други советски теоретичари, "комунистичкото самоуправување" поникнува и се развива од условите на социјалистичката државност; и доколку може да се зборува за саоуправувањето во социјализмот, според нив, тогаш тоа носи "политички, државен карактер" (Ј. Степанов). Изнесувајќи ја теоријата дека за советското општество е завршена фазата на диктатура на пролетаријатот и дека тоа сега се наоѓа во фазата на "развиен социјализам" во која државата и понатаму останува и јакне, социјалистичкото самоуправување или се негира или сѐ уште го сметаат за државно, со што нејасно остануваат прашањата: ако не одумира диктатурата на пролетаријатот како држава која останува по диктатурата на пролетаријатот и како таа ќе одумри ако не постои процес на самоуправување? Всушност, како што е изложено за етатистичкиот модел на социјализам во претходното поглавје, државната сопственост е само еден степен на премин од капиталистичка приватна во социјалистичка општествена сопственост, за што во оваа теорија не се води сметка, па оттука и капиталистичкиот монопол на одлучување се заменува со етатистичко-бирократскиот монопол каде наемното битие на работниците суштински не се менува. Затоа практично облиците на учество во управувањето во услови на етатистички начин на производство во социјализмот се сведуваат на еден од облиците на партиципација.

Суштинските разлики меѓу поимите "партиципација" и "самоуправување"[75/] произлегуваат од суштинските карактери-

75/ Покрај тоа што меѓу овие поими постојат суштински разлики, постојат и определени сличности. Некои од нив се:

1) Стремежот и целта на работниците при партиципацијата и при самоуправувањето се состојат во "економското ослободување на трудот", т.е. такво ослободување во кое трудот ќе го изгуби својот класен карактер;

стики на начините на производство со што се означуваат и како различни типови на општествено-економски формации.

Оттука, социјалистичкото самоуправување е карактеристично и непосредно вткаено во самиот социјалистички начин на производство и ги опфаќа сите рамништа почнувајќи од работното место во погонот, претпријатието, фабриката, комуната и општеството како целина, прераснувајќи не само во доминантен општествен однос и процес, туку и во институција и во целосен политички систем на глобалното општество. Затоа, самоуправувањето дури и од поквалитетен карактер кое би се "заробило" на едно или само на пониските рамништа на општествениот организам, неминовно би се свело на еден од облиците на партиципација[76/] на работниците во управувањето.

2) Самоуправувањето и партиципацијата претставуваат такви облици на управување во кои работничката класа се стреми да овладее со условите, средствата на трудот со цел да ги претвори во своја сопственост;

3) Преку самоуправувањето и преку партиципацијата работничката класа настојува и се обидува да овладее со вишокот на трудот и да одлучува за неговата распределба, барем на рамниште на претпријатието;

4) Преку партиципацијата и самоуправувањето работничката класа и работните луѓе настојуваат да ја разурнат постојната хиерархија на општествените односи и општествената моќ концентрирана во рацете на државно-бирократските и техноменаџерските структури барем на пониските рамништа на конкретната општествена организација;

5) Партиципацијата ја ублажува, а социјалистичкото самоуправување го овозможува надминувањето на поделбата на умствен и физички труд итн.

76/ За суштинските разлики помеѓу самоуправувањето и партиципацијата вид. пошироко во мојот прилог "Партиципацијата, самоуправувањето и социјализмот", Зборник на реферати од советувањето што го организира МАНУ, од 24-26 декември 1979, под заедничка тема: "Самоуправувањето како законитост на социјалистичкиот развој на Југославија".

Меѓутоа, ако се истакнуваат суштинските разлики меѓу самоуправувањето и партиципацијата не треба да се извлече заклучок дека партиципацијата е незначајна или е од сосема мало значење. Имено, и самиот процес на самоуправување

Социјалистичкото самоуправување не е еден од облиците на партиципација или еден од патиштата на изградба на социјализам, туку негова суштина, негова *differentia specifica*, негова општествена законитост, единствено преку него може да се изврши процесот на ослободување на трудот, единствено преку него води патот на премин од политичко општество во човечка заедница (асоцијација) на слободно здружени производители. Само социјалистичкото самоуправување може да ја разбие онаа "апсурдна, глупа, гнасна и одвратна предрасуда дека да управуваат со државата, да раководат со организираната изградба на социјалистичкото општество можат само таканаречените виши класи, само богатите, или оние кои поминале низ училиштата на богатите класи." (В.И. Ленин).

Иако социјалистичкото самоуправување е погрешно да се сфати како цел, тоа единствено овозможува надминување на класните противречности. Притоа облиците на социјалистичкото самоуправување можат да бидат различни и обично се различни во зависност од конкретните општествено-историски услови и специфичности во кои настанува и се развива (комуна, совети, фабрички компетати, НОО, работнички совети итн.), но секогаш неговата суштина останува иста: економско ослобо-

---

поминал низ различни облици на партиципација и доколку развојот на самоуправувањето се запре на пониските степени од својот развој дотолку е потешко да се прави појасна разлика меѓу нив. Исто така е отежнато разграничувањето меѓу пониските степени на самоуправување и оние облици на партиципација кои доведуваат до поголемо револуционерно единство на работничката класа, неговата авангарда, со што се поткопува темелот на капиталистичкиот начин на производство и управување; на тој начин се забрзува и неговата трансформација во социјалистичка, а со тоа и претворањето на партиципацијата во самоуправување. Во тоа и можеби лежи континуитетот меѓу разните облици на партиципација и социјалистичкото самоуправување (Ibid.).

дување на трудот; надминување на општествената поделба на трудот и со тоа на класните спротивности и државата и создавање на безкласна човекова заедница.

Самоуправувањето може да ја има таа улога доколку и самото е вткаено во сите основни карактеристики на социјализмот: општествената сопственост, распределбата според трудот, планирањето на стопанскиот и општествениот развој; "поработничувањето" на социјалната структура; децентрализацијата на власта и одумирање на државата и правото, непосредната демократија и социјалистичкиот хуманизам.

1. Ако под општествена сопственост се подразбира определен базичен општествен, односно производствен однос, а не само однос спрема стварите, однос во кој средствата за производство се наоѓаат во располагање на непосредните производители, а под самоуправување исто така производствен, односно општествен однос во кој истите тие производители одлучуваат за основните прашања од нивниот живот како што се условите, средствата, резултатите од својот труд, посебно вишокот на труд, тогаш станува јасно дека меѓу општествената сопственост и самоуправувањето во социјализмот постои заемен дијалектички однос - едната без другата составна компонента на социјализмот не може да егзистира, т.е. не е сама на себе доволна. Како што самоуправувањето како основен доминантен општествен однос и процес не може да се остварува врз неопштествени средства за производство исто така не може да се развива процесот на поопштествување на тие средства без самоуправувањето, зашто ако работниците не управуваат непо-

средно или преку своите избрани делегати, туку во нивно име се управува, тогаш нужно доаѓа до создавање на отуѓени центри на моќ и управување, отуѓени од работничката класа, кои се засновуваат врз државна или капиталистичко-корпоративна сопственост. Затоа, е и илузија дека самоуправувањето може да се остварува врз овие последни облици на сопственост над средствата за производство. Самиот процес на поопштествување на средствата за производство, било преку укинувањето, или подобро речено надминувањето на приватната, било на државната сопственост и со самото тоа на исчезнувањето на поделбата на умствен и физички труд и врз неа егзистенцирачкиот професионален управувачки слој, непосредно раѓа самоуправен производствен однос. Но тука посебно треба да се нагласи дека "претворањето на државно-сопственичкиот монопол во општествен не е во својата суштина правен (нормативен) акт, туку долготраен процес на формирање на нови социјални односи".[77/] Но исто така не може да се тврди дека "суштински се изменија општествено-економските односи меѓу луѓето врз основа на самоуправувањето ако управувањето со општествениот капитал е пренесено од државниот апарат на апаратот на банките, на генералните дирекции на големите претпријатија и на разните други слични чинители на циркулација на општестве-

---

77/ Pečujlić dr. M., Klase i savremeno društvo, Savremena administracija, Beograd, 1967, s. 93.

Во таа смисла Е. Кардељ истакнува: "Општествено-сопственичките односи во самоуправно-здружениот труд не можат да се изразат со класичните сопственички правни формули, туку само суштински со новиот систем на економски и политички односи, то ест правата и меѓусебните обврски и одговорности на работните луѓе во здружениот труд" (Kardelj E., Protivrečnosti društvene svojine u samoupravnoj socijalističkoj praksi, Radnička štampa, Beograd, 1972, s. 46).

ниот капитал. Со тоа во суштина истовремено не се изменил односот меѓу работниците и поопштествениот, но воедно и отуѓен од него вишок на труд. А во такви односи секогаш мораат повторно да се репродукуваат и тенденциите општествениот минат труд кој врши економска функција на општествениот капитал да се централизира како самостојна економска и политичка сила. Таа сила се изразува во облик на технократско-управувачки монопол кој не може да постои самостојно туку само органски поврзан со политичкиот систем и со апаратот на државата или потпрен врз нив, всушност, тој не може да не репродукува државно-сопственички односи".[78/] Меѓутоа, не е само оваа општествена противречност што настанува во процесот на поопштествувањето на средствата за производство и истовремено во развојот на самоуправните продукциони односи, туку и други општествено-економски противречности кои се состојат (ако се земе југословенското искуство) од нецелосното поопштествување на сите средства и услови на труд (ситната приватна сопственост во земјоделието, занаетчиството, угостителството и трговијата) како и определена противречност и определен расчекор меѓу нормативното, институционалното регулирање на сопственоста и економското или стварното поопштествување што е резултат на дејствувањето и на пазарните законитости на стоковното производство во услови на процесот на социјалистичкото самоуправување.

---

78/ Kardelj E., Protivrečnosti društvene svojine., op. cit., s. 36.

"Кога во самоуправното социјалистичко општество - во кое општествената акумулација врз основа на Уставот и Законот е дадена на управување на работниците, па затоа од гледиштето на управувачките права на работниците се децентрализирани - технократскиот монопол успева тој минат труд на работникот да го извлече под нивната контрола и повеќе или помалку да располага со него, тогаш така воспоставените технократско-управувачки центри добиваат дури и поголема сила, отколку што ја имаат во државно-сопственичкиот систем" (Kardelj E., Osnovni uzroci i pravci ustavnih promena, IC "Komunist", Beograd, 1975, s. 17).

Тргнувајќи од познатиот Марксов став дека стоковно производство не постои само во капитализмот туку и во претходните класни општествено-економски формации, како и во социјализмот, што го потврдува и југословенското искуство на изградба на самоуправно социјалистичко општество, Миладин Караќ извлекува заклучок дека може да се зборува за "социјалистички самоуправен начин на производство", кој може емпириски да се утврди (а политичката економија на социјалистичкото самоуправно општество мора и теориски да го верификува) и дека "социјалистичкиот самоуправен начин на производство мора да претставува определен историски систем на стоковно производство",[79/] стоковно производство кое "суштински" се разликува од капиталистичкото стоковно производство. Таа "*differentia specifica* на овој начин на производство" претставуваат "новите самоуправни односи на производство".[80/]

Секако дека во социјалистичкото самоуправно општество постои стоковно производство и дејствува законот на вредноста и тоа речиси тешко некој може да го негира, но дали од тоа може да се конституира нов поим "социјалистички самоуправен начин на производство" кој се карактеризира со историски облик на стоковно производство и самоуправни производствени односи? Мислам дека; прво, ако вака се сфати стоковното производство во социјализмот, како што го прави М.Караќ,

79/ Karać M., Socijalistički samoupravni način proizvodnje, I (Uvod i prvi deo), IC "Komunist", Beograd, 1977, s.23.

80/ Ibid., s. 24.

а уште поекспилицитно неговиот ученик Ж. Папиќ кој тврди дека "фактот што стоковното производство во социјализмот историски е наследено не значи дека и во социјализмот дејствува капиталистичкото стоковно производство...",[81/] тогаш не само што не се сфаќа дека самоуправниот производствен однос е спротивен на стоковниот, туку и *de facto* не може да стане збор за одумирање на стоковното производство и неговите законитости кои исто така репродукуваат групно-сопственички односи. Второ, не е прашањето само "доктринарно", како што смета Ж. Папиќ, ако се конструира "социјалистички самоуправен начин на производство", не значи ли нов тип на општествено-економска формација (помеѓу капитализмот и комунизмот), бидејќи како што е познато од "Прилогот кон критиката на политичката економија" начинот на производство е основниот критериум на Марксовата класификација на општествено-економските формации и трето, со додавањето на префиксот "самоуправен" суштински во практиката не се менува постојниот начин на производство. Патем да речам, тоа потсетува на Сталиновиот догматски метод кога пред поимите "нација" и "држава" го додаде префиксот "социјалистички" како "суштински" нови категории од "капиталистичките" кои во социјализмот не оддумираат, туку напротив се зацврстуваат, јакнат и стануваат "монолитни".

Врз основа на поопштествувањето на средствата за производство и самоуправувањето, стоковно-паричното производство во социјализмот и неговите законитости не дејствуваат стихијно, туку плански и свесно се насочувани со цел за надминување на противречностите што тие ги создаваат.

81/ Papić Ž., O društveno-istorijskom karakteru socijalističke samoupravne robne proizvodnje, "Socijalizam", Br. 11, 1978, s. 21.

Во овие услови, средствата за производство "во општествената сопственост му припаѓаат на секој кој работи како најважен објективен услов на неговиот труд и на неговата слобода како работник и како творец... Како таква, општествената сопственост во исто време е заедничка, класна сопственост на сите работници и облик на индивидуална сопственост на секого кој работи. Затоа општествено-сопственичките односи повеќе не значат однос помеѓу 'сопствениците' и 'несопствениците' што во практиката значи помеѓу купувачот и продавачот на работната сила, или на државата и на работниците - туку однос меѓу самите работници кои заеднички располагаат со средствата за производство, но индивидуално ги присвојуваат плодовите на својот труд. Збор е, значи, за односите меѓу луѓето кои колективно и самоуправно ги ставаат заедничките производни средства во служба на индивидуалните творечки сили и способностите на работниците во здружениот труд заради постигнување што поголем заеднички и индивидуален успех во здружениот труд."[82/]

2. Од вистинскиот развој на поопштествувањето на средствата за производство, односно на самоуправувањето зависи и успешното остварување и изразување и на другите карактеристики на социјализмот, бидејќи тие две и неразделни компоненти на социјализмот претставуваат и нивни заеднички именител.

Оттука, не може успешно и до крај да се реализира во практиката начелото за распределба според трудот и неговите резултати, доколку не постои развиено социјалистичко

---

82/ Kardelj E., Protivrečnosti društvene svojine, op. cit., s. 46, 47.

самоуправување или доколку тоа е сведено само на неговите ниски степени кои се граничат со партиципацијата. Без развиено социјалистичко самоуправување непосредниот производител нема фактичка моќ и можност да одлучува за вишокот на трудот, да одлучува за доходот што тој го создал. Се разбира, дека социјалистичкото самоуправно општество не настанува и не се изградува врз својата "сопствена основа", туку врз остатоците од претходното капиталистичко општество и затоа ги носи тие противречности во себе, така што и принципот распределба според трудот е "буржоаско начело" и не е принцип на еднаквост, туку, напротив, создава нееднаквост, но која е во функција на зголемување на продуктивноста на трудот и националното богатство, а со тоа и на забрзување на социјалистичкиот развој.

Токму и во услови на дејствување на пазарните законитости во изградбата на социјализмот, единствено самоуправувањето овозможува остварување на распределбата на доходот според трудот и неговите резултати. Во југословенското искуство во развојот на социјалистичкото самоуправување се покажува дека доходот е таква категорија која, од една страна, претставува самоуправен производствен однос што се изразува меѓу работниците во здружениот труд, а од друга страна, економски чинител, мотив и поттикнувачка сила за зголемување на продуктивноста на трудот, поуспешно работење и подобар начин на живеење. Доходот во социјалистичкото самоуправно општество, значи, ја игра онаа улога што ја има профитот во капиталистичкиот начин на производство за капиталис-

тите. Таквата улога и значење на категоријата "доход" овозможува поуспешно да се ликвидираат остатоците на наемниот труд, експлоатацијата, со цел трудот да го губи својот класен карактер. Оттука со право истакнува Е. Кардељ, дека суштината и карактерот на здружениот труд првенствено се изразува во односите меѓу луѓето кои стекнуваат еднакви права врз основа правото на работа со општествени средства, а пред сѐ, во неговата меѓусебна доходовна испреплетеност и меѓузависност. Доходовните односи мораат да ја исполнуваат содржината на социјалистичкиот самоуправен здружен труд, во кој доходот на здружените работници претставува единствено категорија со која тие управуваат во основните организации на здружениот труд. Притоа, работниците во секоја основна организација мораат да водат сметка за тоа дека станува збор за доход кој се наоѓа во општествена, а не во некоја групна или некој сличен облик на сопственост.[83/]

Меѓутоа, распределбата на доходот според трудот во услови на југословенското самоуправно искуство која е тесно поврзана со социјалната структура, покажува определени тенденции на поларизирање на оваа социјална структура, бидејќи сѐ уште не е пронајдено решение за вистинска распределба според трудот, која мора за критериум да го има работништвото, т.е. слично како кај Парискатa комуна - "почнувајќи од членовите на Комуната па надолу јавната служба морала да се врши за работничка надница"[84/] - а највисоката не може да биде поголема од 6.000 франци годишно. Без создавање на та-

83/ Kardelj E., Slobodni udruženi rad (Brionske diskusije), Radnička štampa, Beograd, 1978, s. 11.

84/ Маркс К., Грађански рат у Француској, К. Маркс - Ф. Енгелс, Изабрана дела у два тома, том I, Култура, Београд, 1949, с. 496, 497.

ков механизам кој самоуправно ќе ги опфати сите рамништа на општествената организација не може успешно во практиката да се примени начелото "распределба според трудот".

3. И планирањето во социјализмот е тесно и неодвоиво поврзано со самоуправувањето како негова суштина. Искуството од изградбата на социјализмот во Југославија, како и искуството од етатистичкиот модел на социјализам јасно покажува за постоењето на два типа и облици на планирање: државно-централистички и самоуправен. Во првиот тип на планирање процесот се одвива на рамниште на централните административни органи со настојување сè да се планира, додека на организациите кои се наоѓаат на ниските стапала на хиерархизираната општествена структура не им останува друго освен донесените планови да ги извршат, реализираат во практиката. На тој начин планирањето е едносмерен процес "од горе до долу". Во самоуправното планирање процесот е обратен: во планирањето се тргнува од основните клетки (ООЗТ) на општествената организација, вклучувајќи го секој нејзин субјект преку комуната, републиката до федерацијата, притоа не губејќи ја врската во планирањето на повисоките рамништа на планирање, преку овластувањата на неговите делегации и делегати.

Така преку овој вид на самоуправно планирање се настојува да се надмине "централистичкото" и "глобалистичкото", државно-бирократското и технократско планирање, така што планирањето низ процесот на самоуправувањето се поопштествува и го овозможува надминувањето на поделеноста на

субјектите на наредбодаватели и извршители на планот, како и на подвоеноста меѓу плановите во основните организации и глобалниот општествен план. Самоуправното планирање го негира постоењето на план во социјализмот како функција на власта, државата, го негира како средство и цел на етатистичкото одлучување. Самоуправувањето овозможува планот во социјализмот да се сфати како функција и израз на самоуправно-здружениот труд каде се изразуваат и остваруваат интересите на работничката класа и работните луѓе, каде се овозможува процес на договарање и здружување на средствата и трудот преку што и единствено можат да се надминуваат противречностите меѓу личните и заедничките интереси.

4. Без развојот на социјалистичкото самоуправување како доминантен општествен однос и процес не може да настапи процесот на поопштествување на политиката, посебно во таа смисла одумирање на државата и правото. Ако не се сфати тоа тогаш би се нашле во парадоксална ситуација да се тврди, како што беше напред истакнато за советската теорија, дека диктатурата на пролетаријатот е завршена, надмината, а и понатаму останува државата која не одумира. Затоа само самоуправувањето како производствен однос и преку делегатскиот систем и пошироко опфаќајќи го не само политичкиот систем туку и образованието, здравството, културата може да ги разбие централизираните државни и други центри на моќ и одлучување кои се отуѓени од интересите на работничката класа и работните слоеви; само преку самоуправувањето води патот на државата "во музејот на старините" (Ф. Енгелс).

Социјалистичкото самоуправување всушност претставува вистинска, стварна (а не формална) непосредна демократија, со самото тоа што во процесот на одлучувањето се вклучени најшироките работни слоеви и народни маси. Само со развиено социјалистичко самоуправување можат да се надминуваат односите на експлоатација, хиерархиско подредување и надредување. Непосредната социјалистичка демократија за најшироките општествени слоеви постои само во услови кога тие се во можност секојдневно активно или преку избраните делегати да учествуваат во управувањето со производството, како и со државните, политичките и културните дејности, слободно критички и аргументирано, одговорно да ги изнесуваат проблемите и противречностите; слободно да изнесуваат предлози за нивното разрешување, да можат во секое време да ги отповикаат избраните делегати итн. Најголемата "моќ на самоуправувањето е во тоа што ја ослободува творечката иницијатива на најшироките маси и ги отвора патиштата на ослободување на трудот и човековата личност, што го забрзува создавањето на свеста и го подигнува достоинството на работните луѓе како носители на творештвото и напредокот".[85/]

Без самоуправувањето демократијата останува формална и "заробена" во облиците на претставничката буржоаска или претставничко-етатистичката демократија. Но, се разбира дека единствено преку и низ самоуправувањето може да се изврши и процесот на одумирање на демократијата како политичка форма на управување - процес кој сè уште не можат да го сфатат сите современи мислители со кауцкијанска провинцијалност.

---

85/ Тито Б.Ј., Говор во Академијата на науките на Босна и Херцеговина, 30 ноември 1969.

Социјализмот кој се изградува врз развојот на самоуправувањето не е општество во кое прво се ослободува општеството или државата, па потоа поединецот, како што тврдат неговите догматичари и ревизионисти. Тешко може да се објасни какво е тоа "слободно" општество без слободни поединци. Дијалектиката меѓу поединецот и општеството овде е претворена во чиста метафизика. Социјализмот и како утопија и како научен револуционерен поглед на светот настапи во име на човекот, во име на неговото ослободување преку ослободувањето на трудот, чиј социјален носител и историски револуционерен субјект е пролетаријатот. Единствено во конкретно историски услови на развој на социјалистичкото самоуправување води процесот на економско, а со тоа и на политичкото, религиозното и воопшто духовното разотуѓување на човекот, повторно враќање на неговиот изгубен тоталитет, со тоа овозможувајќи го процесот на развој на сите негови потенции и способности како слободно и творечко битие, и тоа не апстрактно, туку стварно како самоуправно, генеричко битие на определен конкретно-историски степен од својот развиток,како активен и неделлив дел на општествената заедница на здружени работници.

5. Развојот на социјалистичкото самоуправување единствено го расчистува патот кон надминување на класниот карактер на социјалната структура со тоа што е самоуправувањето по својата суштина непосредно владеење на работничката класа, а не е само учество во управувањето со претпријатието или фабриката, има суштествено значење во процесот на прет-

ворање на нејзиното наемно во самоуправно битие, процес означен од К. Маркс како "претворање на сите во работници", процес што овозможува надминување на општествената поделба на трудот - тој темел на класното структуирање и на класните противречности и конфликти, процес што претставува одумирање на класите и сите други отуѓени технобирократски слоеви и општествени групи. Југословенското искуство укажува дека во сите оние фази, периоди на застој или потиснување на самоуправните односи и процеси во социјалната структура силно се изразуваа бирократските, технократските и ситнограѓанските групи. Во таквите услови се јавува "нова економска моќ во лицето на технократизмот - управувачки групи во индустриските претпријатија и банки. Тоа е троаголник на моќ. Дезинтеграција на старата бирократска структура под ударите на самоуправувањето е проследена со технократска реорганизација... Се создава 'влада во сенка' која ги манипулизира самоуправните тела и се стреми да се осамостои, да се отргне од контролата, во рацете да го земе монополот на одлучување на целите, да донесува стратешки одлуки: 'таа заткулисна структура на моќ добива многу белези на бирократска организација на трудот, се јавува како неформален антипод на формално-самоуправната организација'. Така во едно тело живеат две души".[86/] Материјалната основа на технобирократскиот монопол и моќ се засновува врз одвојувањето на управувањето, одлучувањето од средствата за производство, особено одлучувањето за вишокот на трудот.

---

86/ Pečujlić M., Aktuelni trenutak radničkog samoupravljanja. Marksističke sveske (Sarajevo) Br. 3, 1972, s. 28, 29.

Така во разните периоди и во различни услови на општествено-економски развој под влијание на (не)самоуправниот процес се раѓа и настанува мошне сложена и променлива социјална структура со еластични премини меѓу одделни социјални слоеви. Нејзиниот релјеф го сочинуваат: 1) работничката класа и посебно индустриските производни работници; 2) најголемиот дел на селанството; 3) разните социјални групи чија егзистенција и општествена моќ ја засновуваат врз ситносопственичките односи (приватните занаетчии, приватниците во угостителството и трговијата; 4) слојот на државната и финансиска администрација; 5) слојот на стручњаци и посебно со високошколска наобразба и 6) слојот на раководители (директори во стопанските организации, функционери и професионални политичари и сл.).

Сликата на социјалната структура во услови на изградување на социјалистички самоуправни односи се менува не само од степенот на развојот на социјалистичкото самоуправување туку и од критериумот што се применува врз соодветната класификација. Во тој поглед постојат различни сфаќања кај југословенските теоретичари и социолози. Не навлегувајќи во подетален приказ и критички осврт овде ќе се изнесат само неколку покарактеристични.

1. Првиот тип сфаќања се оние кои како темел на социјалното структуирање во самоуправното општество ја сметаат сопственоста на средствата за производство, поконкретно степенот на поопштествување на средствата за производство.

Така Е. Кардељ при определувањето на поимот "работник" истакнува: "При тоа напоменувам дека под поимот работник... ги подразбирам сите луѓе - на физичка или на умствена работа, во материјалното производство или во другите општествени дејности, на најквалификувано или на најодговорно место - кои работат со средствата за производство во општествена сопственост".[87/]

М. Печујлиќ во зависност од трите облици на сопственост разликува три основни типови на социјално групирање: 1) класно, 2) бирократско и 3) општествено-професионално. Од тоа колку се развива самоуправувањето во толкава мера во југословенското општество се намалува значењето на класните и бирократски основи на групирање, а се зголемуваат општествено-професионалните основи во зависност од работната положба. Оваа општествена положба, според него, има две димензии: а) дејност, чија содржина вообличува две подфункции - подфункција на умствен и физички труд и б) организациона форма исто така со две подфункции: раководна и извршна. Од тоа произлегува различен степен на образование, функцијата во организацијата на општествената дејност, видот и висината на материјалното надополнување, општественото влијание и углед. Врз основа на тоа тој ја дава следната социјална структура: 1) работничка класа (физичките работници) кои се делат според степенот на квалификации; 2) интелигенција - немануелните работници со мошне хетероген состав со следните потслоеви: рутински службеници, репродукти-

---

87/ Kardelj E., Pravci razvoja političkog sistema socijalističkog samoupravljanja, IC "Komunist", Beograd, 1978, s. 25.

вна и творечка интелигенција и интелигенција во потесната смисла на зборот, односно техничката, хуманистичката интелигенција и раководното особје. Во онаа мера во која се развива самоуправувањето, во таа мера се врши интеграција на слоевите и го проширува поимот на работничка класа на сите творци на материјални и духовни добра.[88/]

Овој тип на сфаќање произлегува од изворното марксистичко сфаќање за темелот на формирањето на определен историски облик на социјална структура и се обидува тоа да го примени врз условите на развој на југословенското општество. Меѓутоа, во ова сфаќање не се јасно, во експлицитна форма вградени два поими без кои тоа останува нецелосно: прво, треба да се прави јасна разлика помеѓу општествената сопственост како вистински, стварен, економско-општествен однос од нејзината нормативно-формална обвитканост и дека тие две страни на општествената сопственост секогаш (обично) не се поклопуваат, дури се наоѓаат во противречност; второ, општествената сопственост мора да се сфати како процес (значи, поопштествување), а не како готова дадена состојба и трето, во самиот критериум на социјалното структуирање мора да се вгради поимот "поделба на трудот" без што не може одвоено да се разгледува сопственоста, бидејќи тие се "два израза" на иста појава ("Германската идеологија").

---

88/ Pečujlić M., Teorijski okvir za proučavanje klasnih promena u socijalizmu, JUS, Beograd, 1966, Klase i savremena društva. op. cit., Horizonti revolucije, IPS, Beograd, 1972, Aktuelni trenutak radničkog samoupravljanja, op. cit., s. 30.

Во овој последен прилог, М. Печујлиќ дава нешто поинаква социјална структура: 1) Работничка класа и посебно индустриските работници; 2) главнината на селанството; 3) главните носители на монополите; 4) конгломерат мошне хетерогени средни слоеви.

Слично на овој вид сфаќања за социјалното структуирање во нашето општество застапува Радомир Лукиќ, кое уедно е и преод кон вториот вид на сфаќање, т.е. на изразито слоевитиот карактер на социјалната структура. Тргнувајќи од тоа дека во социјалистичкото општество нема приватна сопственост, а со тоа и експлоатација, изнесува теза дека нема ни општествени класи во класичната смисла на зборот. Според него основен критериум дали постојат класи или не во социјализмот, односно и во нашето социјалистичко самоуправно општество, е експлоатацијата на туѓиот труд. Доколку постои експлоатација постојат и класи и обратно. Притоа, тој тргнува од Лениновата дефиниција на класите и секој нејзин елемент се обидува да го "тестира" дали создава класни разлики во социјалистичкото самоуправно општество и откако смета дека тие не создаваат се запира на оној став на Ленин според кој "една класа го присвојува (експлоатира) трудот на другата" и го смета за најзначаен, суштински во класното стуктуирање. Според него, групата луѓе кои се нарекува работничка класа не работи врз туѓи средства за производство, неа никој не ја експлоатира и таа не води класна борба ниту против една општествена група. Затоа, во основа сите луѓе кои работат врз општествените средства за производство сочинуваат "работен народ кој се диференцира врз основа на видот на труд на: физички и умствени работници (интелигенција) како два општествени слоја".[89/] Покрај едностраноста на критериумот на сфаќањето за постоењето на класи, што е сведен само врз приватната сопственост која, според Р. Лукиќ, единствено раѓа ек-

89/ Lukić dr. R., Društvena struktura jugoslovenskog društva, "Sociološki pregled", Br. 1/1962 i "Radeničko samoupravljanje i klasni sastav", Marksizam - misao savremene epohe, treći tom, NIU "Službeni list SFRJ, Beograd, 1976, s. 541-557.

сплоатација, запоставувајќи ја и државната сопственост, тука исто така се "заборава" дека поделбата на умствен и физички труд е основа на класната поделба, и според класиците на марксизмот токму таа поделба ја довршува класната поделба на општеството.

2. Втората група на сфаќања се оние кои за социјалната структура во социјалистичкото самоуправно општество применуваат стратификациски критериум: социјалното групирање, структуирање настанува врз основа на различните општествени позиции, општествени улоги и општествена моќ на поединците кои создаваат ист општествен слој доколку имаат иста општествена позиција (место) во материјалното надоместување, иста или слична општествена моќ и иста или слична општествена улога и општествен углед. Врз оваа основа, на пример, М. Поповиќ смета дека во социјализмот повеќе нема класи во потполната и адекватна смисла на зборот, бидејќи нема слоеви кои меѓусебно би се разликувале како сопственици на работната сила. Во социјализмот сите се изедначени во поглед на сопственоста, освен остатоците на приватниот сектор.[90/]

Според М. Поповиќ, во еден понов труд општествената положба на слоевите во социјализмот ја сочинуваат следните компоненти: (а) местото во општествената (професионалната) поделба на трудот, (б) односот (дистанцата) спрема општествено-политичката моќ (власт), вклучувајќи ја и економската моќ, како општествена суштина на сопственоста и (в) местото во распределбата на материјалното богатство, вклучувај-

90/ Popović dr. M., Jedan teorisjko-hipotetički okvir za proučavanje stratifikacione strukture socijalističkog društva, Sociološki pregled, 1, 1965; Problemi društvene strukture, Nolit, Beograd, 1967.

ќи го и односот спрема приватната сопственост во приватниот сектор (таму каде сè уште го има).[91/]

Во ова сфаќање насилно сакаат да се спојат неспоивите спротивни приоди функционалистичкиот кој тргнува од општествената позиција, општествената моќ на општествените слоеви и поединците и марксистичкиот - од поделбата на трудот, односно сопственоста. Понатаму, сфаќањето за непостоењето на класи во социјалистичкото самоуправно општество не само што не води сметка за сфаќањето на класиците на Марксизмот дека е тоа преодно и ги "носи со себе трагите на претходното општество и дека е тоа класно, односно во него настанува процесот на "растварање" на класната структура која не исчезнува преку ноќ, туку процесот на нејзиното одумирање е долготраен и сложен, процес кој пожилаво ќе се одржува и ќе дава "отпор" зошто револуционерниот процес започна во мошне неразвиени и "неизживеани" капиталистички односи.

Во извесен поглед слично сфаќање на социјалната структура, но теориски мошне поразвиено и кое тргнува од поделбата на трудот изнесува Војин Милиќ, кој мошне широко го сфаќа поимот слоевитост, вклучувајќи ги во него и класите. Најелементарната индивидуална единица на општествената поделба на трудот, според Војин Милиќ, е општествената улога (занимањето) и која му донесува најголем дел на доход. Основните улоги ја определуваат општествената позиција на поединецот во социјалната структура. Различниот обем на општествено надополнување за вршење на различните улоги во опште-

91/ Popović M., Teorijske pretpostavke i pojmovni elementi istraživanja, во студијата од повеќе автори "Društveni slojevi i društvena svest, Institut društvenih nauka, Beograd, 1977.

ствената поделба на трудот е темелот на општествената слоевитост.[92/] Оваа широка рамка на социјалната структура, Војин Милиќ ја применува и во објаснувањето на социјалната структура на југословенското современо општество, издвојувајќи ги следните основни критериуми на социјалното структуирање: мануелниот и немануелниот карактер на трудот, функционалната содржина на работата и степенот на образованието на поединецот (односно видот на работа што го бара). Тој ги разликува следните општествени слоеви и групи: (1) службеници и уметници кои се делат на помошни, со ниска, средна, виша и висока училишна подготовка и на технички, управно-правосудки, економски, здравствени, културно-просветни кадрови и уметници; (2) слободни професии кои се делат на лица со средна, виша и висока училишна подготовка и (3) раководни кадрови, и тоа основни и стручно-технички кадрови и на оние во претставничките органи, државната управа и правосудството, стопанството и здравството, културата и просветата[93/] итн.

3. Третиот вид сфаќања за социјалната структура во моделот на социјалистичкото самопуравно општество се оние кои тргнуваат од поделбата на материјален и нематеријален труд, односно дека оние кои вршат материјален труд спаѓаат во работничка класа, а сите оние кои не се занимаваат со материјален труд стојат наспроти работничката класа и сочинуваат "контракласа".

---

92/ Milić Vojin, Jedan pojmovno-hipatetički okvir za ispitivanje društvene strukture, Sociologija, 1, 1962.

93/ Milić Vojin, Problemi klasifikacija zanimanja u ispitivanju društvene strukture, Statistička revija, 1, 1962.

Така според А. Драгичевиќ е "јасно дека нема 'класа без 'контракласа'. Класата ја сочинуваат производните работници (производителите), а контракласата непроизводители работници (непроизводителите). Секоја од нив зазема сосем различно место во организацијата на општествениот труд и има различен начин на набавување на средства за производство и репродукција на својот живот. Првата работи за втората, втората го присвојува трудот на првата".[94/]

Стипе Шувар истакнува дека не постои експлоататорска и експлоатирана класа во југословенското општество, но постои место на секој посебен слој во рамките на општествената поделба на трудот во однос спрема средствата за производство, улогата на стекнување на доходот. Според него работничката класа ја сочинуваат непосредните производители во областа на материјалното производство и услугите, вклучувајќи ја и техничката интелигенција доколку работи во производствените организации, а доходот го стекнува на ист начин како и производителите. Спротивно пак, "контракласата" не е носител на сопствениот производствен однос и на монополот на присвојување, но егзистира врз темелот на општествениот, групносопственичкиот или друг монопол, и живее од вишокот на труд, бидејќи не учествува во материјално производниот труд.[95]

Овој вид на сфаќање не само што не води сметка за неможноста да се примени дихотомен, поларизован приод на со-

---

94/ Dragičević A., Radnička klasa u socijalističkom preobražaju društva, во книгата "Radnička klasa u socijalizmu", Naše teme, Zagreb, 1969, s. 9.

95/ Šuvar S., Jedan pristup socijalnoj strukturi savremenog jugoslovenskog sela, JUS, Beograd, 1966, Sociološki presjek jugoslovenskog društva, Narodne novine, Zagreb, 1970

цијална структура врз определен конкретно-историски облик на општество, бидејќи таа (социјалната структура) е мошне посложена и побогата отколку што може да се поедностави, туку и самото сфаќање на поимите "работничка класа" и "контракласа" е мошне и невообичаено широко, така што во нив се ставаат и сосем спротивни општествени класи и слоеви: на пример во поимот "контракласа" се сврстуваат и ситните земјоделски индивидуални производители, приватните занаетчии и хуманистичката интелигенција, додека, пак, во "работничка класа" покрај производните работници и инжинерите, техничарите (техничката интелигенција) па дури и административниот слој. Таквото сфаќање е всушност шематско применување на Маркс-Енгелсовото во "Манифестот на комунистичката партија" и во други трудови каде тие капиталистичката класна структура ја разгледуваат на рамниште на општествено-економска формација (и затоа добива поларизиран облик на два основни антагонистички, спротивставени класи кои водат постојана и непомирлива борба која се завршува со пролетерска револуција).

Се разбира дека сликата на социјалната структура значајно се менува и е поинаква во зависност од степенот на развиток на конкретното социјалистичко општество. Доколку во него постои развиен, доминантен самоуправен однос и процес што подразбира висок степен на поопштествени средства и отпочнат процес на одумирање на поделбата на трудот, тогаш во постојната социјална структура се вршат суштински промени кои се карактеризираат со процесот на "растварање" на сите социјални слоеви и групи во работници, процес во кој работничката класа се јавува како матица околу која се врши социјално

преструктуирање и групирање. Во такви услови слоевите на администрација, стручњаците и раководителите, својата општествена положба начин на живот и интереси ги доближуваат и со еден дел ги изедначуваат со општествената положба, начинот на живеење и интереси на производните работници. Доколку, пак, не постои самоуправување како развиен и доминантен општествен однос во изградбата на социјалистичките односи тогаш стожер на социјалното структуирање и групирање претставува државно-административниот слој кој брзо прераснува во бирократија, а во определени услови со стручњаците и менаџерите создава "сојуз" на технобирократија. Работничката класа тогаш повторно е ставена во наемна и експлоатирана положба и всушност постојаната социјална структура сé повеќе се кристализира и се самообновува.

Мошне значајно место во процесот на "растворањето" на класно-социјалната структура во услови на развој на социјалистичкото самоуправување, но исто така и во нејзиното кристализирање и самообновување има образованието, особено средното и високото. Доколку самоуправувањето станува сé подоминантен производен, општествен однос, процес и систем дотолку тоа повеќе ги проникнува сите степени на воспитно-образовниот процес. Во таа смисла основните цели на воспитувањето и образованието кои сé повеќе се поопштествуваат суштински се менуваат не само во однос на воспитанието и образованието кое се темели и произлегува од капиталистичкиот начин на производство и неговата соодветна класно-социјална структура, туку суштински и во однос на етатистичко-бирократскиот модел на социјализам. Во таа смисла основната цел на воспитувањето и об-

разованието се состои во нивното поопштествување, т.е. самоуправно конституирање и трансформирање од средство на служење на интересите на владеачката буржоаска класа или од монопол во рацете на државната бирократија во моќно оружје на работничката класа, за нејзино интелектуално издигнување (изградување), во силно средство на исчезнување на општествената поделба на трудот (посебно поделбата на умствен и физички), одумирање на класната структура, а со самото тоа и на работничката класа како класа. Во тој процес значењето на образованието игра мошне значајна улога кое го покажува и самата практика во кое тоа (особено високото) е едно од средишните попришта (полиња) на класната борба во речиси сите типови на современите општествени системи.

Како што е тоа (образованието) моќно средство на репродукција на определена класно-слојна структура и хиерархиска општествена организација во класното буржоаско и бирократското социјалистичко општество, во кои поединецот е отуѓен, постворен и сведен на вршење на една проста функција во крутата поделба на трудот, така во услови на развиени социјалистички самоуправни односи, целта на образовниот процес е создавање на такви услови и можности за брзи и значајни социјално структурални промени и на општествените групи и на поединците; услови на разотуѓување и посестран развој на поединците; "обезбедување на еднакви можности на секој млад човек да се определува во изборот на својот животен позив и според своите способности и интересирање да го продолжи школувањето и да го надополнува своето знаење до највисоки сте-

пени".[96/] Оттука "целокупното социјалистичко самоуправно воспитување и образование на младите и возрасните, кое непрекинато трае, кое мора суштествено да влијае врз формирањето на слободна, сестрано развиена личност, е неопходен фактор за развојот на социјалистичките самоуправни општествени односи и производните сили на општеството".[97/]

На тој начин во документите на X конгрес на Сојузот на комунистите на Југославија (како и во документите на републичките конгреси на СК од 1974 година) силно дојде барањето за ангажирање на сите организирани субјективни сили за социјалистичка преобразба на воспитувањето и образованието особено средното и високото). Оваа социјалистичка преобразба на воспитувањето и образованието повторно го афирмира марксистичкиот концепт за образование во услови на изградба на социјалистички општествени односи, концепт кој се состои во барање за поврзување на образованието со здружениот труд, повторна интеграција на образовно-воспитната дејност со производствениот труд, политехничко образование; целокупноста на воспитно-образовниот процес да се насочи кон образование "за работа" и "преку работа". Таквото насочување на образованието и воспитувањето единствено овозможува побрз развој на самоуправните општествени односи, нивно непосредно поврзување и вткајување во животот на луѓето, како што и самата содржи-

96/ Програма на Сојузот на комунистите на Југославија, оп. цит., с. 233.

"Постепеното намалување на јазот помеѓу умствениот и физичкиот труд, ликвидацијата на моралната и општествената деградација на физичкиот труд, наследен од класното општество претставува еден од основните принципи врз кои се засновува социјалистичкиот систем на воспитување и образование" (Ibid.) е една од основните цели на воспитувањето и образованието кај нас, истакната во Програмата на СКЈ.

97/ Резолуција за задачите на СКЈ во социјалистичката самоуправна преобразба на воспитувањето и образованието, Десетти конгрес на СКЈ, "Комунист", Скопје, 1974,с. 449, 450.

на на воспитно-образовниот процес произлегува од конкретниот *praxis* и живот на конкретните индивидуи како основна карактеристика на социјалистичката самоуправна трансформација на целокупниот процес и систем на воспитување и образование.

Со тоа се надминуваат граничните временски периоди (еден период само образование, друг само работа) туку истовремено целиот живот на поединецот, почнувајќи од повисоките одделенија на основното образование, преку средното и високото до крајот на животниот работен период, е и учење и работа; работа и учење, а никогаш да не се остане само на учење или само на работа.

Класичниот капиталистички начин на образование и државно-бирократскиот монопол на воспитување и образование се засновани врз потребата младата генерација што повеќе да се "држи" вон светот на трудот, што подоцна да се вклучи во него и да се "прикова" за ученичките и студентски клупи за да не претставува фактичка "резервна" невработена "армија" и која може да биде потенцијален сојузник како на "резервната индустриска армија" така и на револуционерното вработено работништво, преку учењето и студирањето со работа и од работа во услови на изградба на социјалистички самоуправни односи се настојува да се надмине оваа општествено-образовна противречност која и под "фасадата" на самоуправувањето "знае" во практиката да се прикрие и *de facto* да егзистира и да биде сериозен извор на општествени конфликти. Затоа е "потребно целата млада генерација што порано да се вклучува во трудот и во општествениот живот и низ работа понатаму да се наобразува, односно пак да се враќа во образованието, за

да може порешително да се надминува разделеноста меѓу образованието и трудот. Работното воспитување во самоуправното социјалистичко општество го вклучува и учењето за современите економски, социјални, политички и етички аспекти на трудот".[98/]

Веројатно поради противречниот развој на воспитувањето и образованието во периодот по Десеттиот конгрес на СКЈ и веројатно поради не сосем задоволувачките резултати од таканаречената "реформа" на воспитувањето и образованието, повторно беше актуелизирано прашањето за нивната социјалистичка самоуправна преобразба и во документите на Единаесеттиот конгрес на Сојузот на комунистите на Југославија (јуни 1978 година). "Сојузот на комунистите на Југославија решително се залага за натамошна социјалистичка преобразба на воспитанието и образованието како значајна компонента на револуционерниот процес на изградбата на социјалистичкото самоуправно општество. Тоа бара доследно да се остварува марксистичкото насочување на воспитанието и образованието; самоуправно организирање на воспитанието и образованието во единствен систем со здружениот труд и нивно вреднување во слободната размена на трудот; непрекинато образование и самообразование на младите и возрасните, насочено кон работа и самоуправување; работно и политехничко воспитување и образование и поврзување на воспитно-образовниот процес со производствената и општествено-корисната работа".[99/]

98/ Ibid., s. 452.

99/ Резолуција на Единаесеттиот конгрес на СКЈ, четврти дел - Задачите на Сојузот на комунистите во самоуправната преобразба на образованието, науката, културата и информирањето, "Комунист", Скопје, 1978, с. 177.

Со проникнувањето на самоуправувањето во сите области од животот на луѓето; со самоуправната преобразба на целиот образовно-воспитен процес (бидејќи и самото социјалистичко самоуправување е и воспитен и истовремено и образовен процес) се надминува не само сфаќањето туку и практиката образованието како посебен, одвоен "сектор"; се надминува подвоеноста на физичкиот и интелектуалниот труд; настапува реверзибилен процес на повторно соединување на "раката и главата"; процес во кој знаењето го забрзува техничко-технолошкиот развој и самото како составна компонента на производните сили нив поколосно ги развива, истовремено зголемувајќи ја продуктивноста на трудот. Во услови на самоуправен општествен развој, особено социјалистичкиот самоуправен универзитет станува средиште не само на збогатување и ширење на знаењето туку и јадро на брз научен развој; масовно ширење на знаењата и истовремено собирање на најталентираните млади луѓе и нивното поттикнување и оспособување за научно-истражувачка работа. Така и високото образование и науката е впрегната во колата не само на побрз развој на производните сили и продуктивноста на трудот, туку и во побрз развој на самоуправните продукциони, социјални и културни услови на животот на луѓето. Без тоа, т.е. без истовремено масовно школување и развој на научните дејности и нивната самоуправна проткаеност, социјалистичкото самоуправно општество неможе да создаде и своја сопствена техничко-технолошка база за побрз општествено-економски развој отколку што го покажуваат високоразвиените капиталистички општества; без што не може да се

покаже предноста, покрај другото, на социјалистичката самоуправна заедница, (доколку од нив се увезува веќе застарена технологија и знаења), предности (вклучувајќи ги тука и целосната вработеност, непосредната вистинска демократија и хуманите општествени односи), без кои социјализмот не само што не станува "магнет" за работничките и широките народни маси на развиениот капитализам, туку се отежнува и забавува неговото ширење како светски процес. Кога се потенцира значењето од создавањето на сопствена техничко-технолошка база за развој на социјалистичкото самоуправно општество и улогата и значењето, што притоа го има високото образование и науката не значи да се застапува техничко-технолошки детерминизам, како што го застапуваат идеолозите на "научно-техничката револуција" - за што веќе порано критички се осврнав, туку се сака да се истакне дека социјалистичката самоуправна заедница мора да го открива и негува творечкиот научен потенцијал, да создава сообразно со карактерот на општествените односи сопствена техника и технологија која е класно определена и која побрзо ќе ги развива не само производствените сили и односи туку и похумани човекови односи и начин на живеење. Во спротивно, доколку сé повеќе се ориентира на увоз на техника, технологија и знаења, не само што ќе биде зависна во многу погледи од земјите од кои нив ги увезува, туку никогаш не ќе може не да ги надмине, веќе да ги достигне во нивниот развој. Се разбира дека создавањето на сопствена техничко-технолошка база, тој темел на целокупниот општествен и културен развиток не може да се одвива автархично, независно од другите земји, но не и претежно препуштање на зависност од нив.

За да може да биде силен и значаен фактор на целокупниот општествен развој - високото образование неопходно е да се засновува и тргнува од интересите на работничката класа и здружениот труд, широко да ги отвори вратите не само за синовите и ќерките на работниците или на интелигенцијата, туку и за самите работници, за сите широки народни општествени слоеви и тоа не со цел да се побегне од "кожата на работниот" или од "идиотскиот селски живот" (К. Маркс) туку самиот работник, самиот селанец интелектуално да се подигне на рамниште на интелигенцијата, на рамниште на "раководителите", на рамниште на бившите "офицери и подофицери" (К. Маркс) на работниковиот труд, ете во тоа се состои не само целта, туку и суштината на класната функција на високото образование (на самоуправниот универзитет) во услови на доминантни социјалистички самоуправни односи. Единствено самоуправниот универзитет може и треба да го оневозможи процесот на репродукција на хиерархиски односи во фабриката, во здружениот труд и воопшто во социјалистичкото општество, само самоуправниот универзитет може да ја избегне онаа замка на државното меценаштво и буџетско однесување со цел и *de facto* да служи на борократската репродукција; само таквиот универзитет може да ја избегне и технократската клопка за создавање и репродукција на техноструктурата и технократијата, таа отуѓена "компетентност" и "стручност" за одлучување и раководење; само тој може да ја разбие онаа либералистичка свест дека "неуспехот" на поединецот е единствено последица на неговите (не)способности; самоуправниот универзитет може да го префрли проблемот за селе-

ктивноста и успешноста во срцето на општеството (во карактерот на социјалната структура). Новиот самоуправен универзитет може да удира по двата основни столба на бирократската и технократската хиерархија (врз отуѓеноста на власта, управувањето од работничката класа и отуѓеноста на знаењето, науката и нивното претворање во моќ и монопол на овие отуѓени социјални слоеви) и може многу да помогне во нивното урнување, но вистинската сила што може нив да ги урне не се наоѓа во универзитетот, туку надвор во процесот на производството - работничката класа. И доколку тој навистина е самоуправен (тука подразбирајќи не само управување од страна на студентите и наставниците, туку и пошироко активно учество на делегати од работничката класа и пошироката општествена заедница) дотолку повеќе ја остварува својата функција на рушење на секое подредување на интересите на работничката класа и здружениот труд; за надминување на постојните односи и изградба на нови поквалитетни и посодржајни; за надминување на тесната и заслепувачка специјализација и поделба на труд, за масовно, но истовремено мошне поефикасно и поквалитетно студирање.

На тој начин социјалистичките самоуправни односи и самоуправниот универзитет ги избегнува методите на строга "државна" контрола во образовниот процес како и селективните испити за влегување на универзитет. Единствени критериуми за "влегување" во универзитетот се успехот во средното образование и резултатите од трудот во рамките на единствениот процес во насоченото средно образование, учење и работа (произ-

водствена) или од резултатите во самиот трудов процес. Ова е можно да се оствари само доколку е вистински, а не само нормативно, надминат дуализмот во средното образование (дуализам кој се огледа во подвоеноста на училиштето: еден вид само за работнички занимања и фактичка неможност кон продолжено школување на повисок степен на образование и друг - гимназите кои единствено образуваат за продолжено високо образование). Социјалистичкиот саоуправен универзитет подразбира сеопфатно (генерациски) масовно средно образование, такво образование кое пред тоа беше основното; односно средно-насочено образование кое околу 90 отсто ја опфаќа генерацијата. Социјалистичкиот универзитет не создава посебен слој интелигенција кој својот доход и егзистенција ги остварува врз основа на поседувањето на знаењето и неговото ширење како отуѓен и привилегиран слој; тој нема функција на социјална промоција во "високите" слоеви, ја губи ролјата на лост за егзодус, бегство од "тегобниот физички труд", од "исцрнетите и тврди раце", туку добива таква нова улога која се состои производствениот труд да го подигне на рамниште на интелектуалниот, потпоно изедначувајќи и интегрирајќи ги во единствена целина. Со тоа и квалитетот на социјалистичкото самоуправно одлучување се подигнува на мошне повисоко рамниште, станувајќи поквалитетно, збогатувајќи го духовно (културно) и животот на луѓето.

Така, од една страна, трудот (пред сѐ производниот, творечки слободниот) како нераскинлива компонента на воспитувањето и образованието, од друга страна пак образованието се јавува како оружје и средство на надминување на општествена-

та поделба на трудот како "карика во синџирот на здружениот труд и израз на самоуправната интеграција на работните луѓе".[100/] Универзитетот како сегмент на општествената заедница, секогаш запаѓа во криза кога запаѓа и општествената заедница, но со реинтеграцијата на образованието и трудот, реинтеграцијата на физичкиот и интелектуалниот труд, тој овозможува да ја премавнува сопствената образовна криза а и силно да влијае за надминување на општествената криза и општествените противречности. Образованието, особено високото нема некои свои иманентни законитости кои се одвоени и различни од општествените законитости на определен конкретно историски облик на општество, вклучувајќи го тука, се разбира, и самоуправното општество.

Не е можно вистински во практиката да се изградуваат и развиваат социјалистички самоуправни односи, а притоа образованието да е одвоено од процесот на трудот; образованието да не се засновува врз политехничката настава и вршењето на производствен труд, бидејќи спротивното би било длабоко "реакционерно" (К. Маркс). Самоуправниот универзитет не служи за создавање на општествена елита која се засновува врз политичката идеологија на меритократијата, туку на масовна репродукција на знаење и работници со високо образование кои истовремено извршуваат и физички и интелектуални работи, а никогаш да не станат само физички или само интелектуални работници. Така интелектуално богати работници ефикасно ги вршат здружувањето и размената на трудот меѓу различните производни и општествени дејности.

---

100/ Kardelj E., Osnovni uzroci i pravci ustavnih promena, op. cit., s. 53.

Образованието во целина и посебно високото кое е поврзано и интегрирано со производниот и воопшто со здружениот труд го отвара процесот на надминување на "професионалниот идеотизам" и создава објективни услови и можности за сестрано развивање на личноста во социјализмот. Во таа смисла, конкретно, на дело, може да отпочне остварувањето на Марксовата теза и претпоставка во која "сестраниот човек внатрешно е богат, човек чии сите потенцијални способности се развиени, човек кој е сестран, а не парцијален и ограничен, творец кој дејствува од внатрешните потреби, а по дејството на принудата".[101/] Се разбира дека во социјалистичкото самоуправно општество станува збор за отпочнување на процесите на "економското ослободување на трудот", на "сестрано развиената личност", а дури во втората фаза на комунизмот, т.е. кога трудот ќе стане "прва животна потреба" и кога целосно ќе бидат задоволени материјалните егзистенцијални потреби, кога ќе исчезнат поделбата на трудот, класите и државата, т.е. сите "сурогати на класното општество" и кога ќе се создаде човековата човечна заедница, дури тогаш може *de facto* да станува збор за целосно изградување и постоење на сестрано развиени личности, во напред изнесената Марксова смисла на зборот.

На тој начин социјалистичкиот универзитет не создава една "нова класа", како што смета Б. Верхаген како што е порано изложено, туку напротив тој ја разора постојната класна структура, разбивајќи ја илузијата дека само определени "виши" класи и слоеви се "предодредени" за високо образование

---

101/ Вид. Milanović dr. Vladimir, Dileme savremene jugoslovenske teorije obrazovanja, op. cit., s. 46.

и фактички го отвора процесот на одумирање, исчезнување на класниот белег на постојната класна структура.

Се разбира дека ова разгледување е на рамниште на теориската разработка и логика кое води сметка за развиени и доминантни социјалистички самоуправни односи. Доколку се има предвид конкретното практично искуство на југословенското социјалистичко самоуправување, за што ќе стане подоцна повеќе збор кога ќе се врши и анализа на емпириските податоци, овде може само да се истакне постоењето на низа противречности во овој поглед што се условени токму од степенот на развој на самоуправувањето и низата ограничувачки чинители (за кои претходно стана збор) кои влијаат врз него. Во тој поглед да истакнам само една, сообразно со концептот за капиталистичкиот и етатистичкиот модел на начин на производство, класна структура и образованието со изнесување на определени податоци кои во другите делови мошне подетално ќе се анализираат, а тоа е: Југославија според бројот на студенти во однос на вкупното население се наоѓа при самиот европски врв, што зборува за значаен степен на достапност на универзитетот на најшироките народни слоеви, но и покрај тоа постои висок степен на неписмени што пак не сврстува при самиот европски врв; само 5,3 отсто од вкупното население имаат високо образование; 32 отсто студенти потекнуваат од раководното особје, а само 23,5 отсто се деца на работници; од училиштата за работнички занимања на универзитетот доаѓаат само 0,7 отсто студенти.[102/]

102/ Вид. Печујлиќ М., Универзитет будућности, НИН, Београд, 1980.

Тука постојат и други противречности чии извори лежат во општествените противречности кои се рефлектираат и врз средното и високото образование, од оние кои се состојат од вистинската владечака положба и интереси на работничката класа и отуѓените од неа општествени слоеви, кои имаат монополска моќ и кои во нејзино име управуваат, расчекор меѓу вистинскиот развој на самоуправувањето и нормативно-формалното, институционално рамниште на кое тоа се наоѓа, па се до расчекорот меѓу општествениот развој и порастот на образованието, бројот на образовните институции и опфатеноста на генерациите, како и степенот на нивната фактичка социјалистичка самоуправна преобразба.

# III

## 1. ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ОСНОВНИТЕ ПОИМИ И ПРЕТПОСТАВКИТЕ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Во досегашното излагање се употребувани поимите социјална структура, класно-социјална структура, класи, слоеви, социјална подвижност, општествена положба, начин на живот, интереси, образование (средно, високо) итн., а притоа тие не беа дефинирани, така што поради тоа што различни автори им придаваат различно значење, од една страна, и поради нивната операционализација за прибирање на соодветни податоци, неопходно е тие попрецизно да се определат.

Самиот поим социјална структура покажува дека еден конкретно-историски облик на општество не е хомоген туку претставува една целина која е диференцирана на своите составни делови или елементи. Поимот структура ги опфаќа елементите од кои се состојат целината и односите меѓу тие елементи меѓусебно и со целината. Оттука и самиот поим структура во себе го опфаќа и динамичкиот аспект - движењето, промената, нивната дијалектичка поврзаност. Така поимот социјална структура за современите општества покажува дека тие се издиференцирани на различни општествени групи, меѓу кои посебно место заземаат општествените класи и слоеви и кои всушност ја определуваат неговата содржина.

Се разбира дека постојат различни сфаќања не само во употребата на различни термини за означување на овој поим (општествена стратификација, општествена структура, класна структура, класно-социјална, класно-слојна, социјална и сл.), туку и во поглед на тоа што се подразбира како нивна содржинска и суштинска определба.

Така поимот "општествена стратификација" ги опфаќа само општествените слоеви, а не и општествените класи, со што самата "општествена стратификација"се сфаќа шематски било да е дихотомна (горни-долни) или да е повеќеслојна што често (обично) се засновува врз субјективната оценка на припадност на некој општествен слој (В. Лојд, Тарнер, Т. Парсонс и др.). Со тоа јасно и свесно се негира постоењето на класите и класната борба во современите капиталистички општества со што исто така јасно се покажува конзервативниот и апологетски карактер на функционалистичката теорија на стратификација (која и кај нас во југословенската теорија е застапена, за што малку подоцна ќе стане збор).

Често пати во социолошката литература место поимот "општествена стратификација"се употребува терминот "општествена структура" под што разни социолози различно го дефинираат. Така некои тој поим го сфаќаат во две значења - пошироко под што се подразбираат речиси сите структури во општеството (економската, демографската, социјалната, националната и сл.) и во потесно, т.е. како социјална со таа разлика што тој термин често се сфаќа како слојна и поретко како класно-слојна структура. Најчесто кај офоцоелната догматска насочена социологи-

ја под поимот "општествена структура" се подразбира шематски и метафизички сфатените Марксови поими "општествена база" и "општествена надградба" со нивните конститутивни елементи. Во овој вид теориска социологија обично се изедначуваат поимите "општествена структура" и "социјална структура". Така според еден од водечките советски теориски социолози, М.Н.Рутковић смета дека социјалната структура буквално ја означува "структурата на општеството" и во поширокaта смисла во себе ги вклучува самите различни структури и секоја од нив претпоставува објективна поделба на општеството во групи и постоењето на меѓусебните врски. Од таа гледна точка националната (етничката), социјално-демографската, професионалната итн., структура треба да се разгледуваат како определени, мошне важни видови на социјалната структура. Во потесната смисла, пак, на зборот, според М.Н. Рутковић, под "социјална структура" се подразбира "социјално-класната структура на современото социјалистичко општество (т.е. неговиот класен и слоевен состав - П.Г.) во СССР, земено во неговиот развиток".[1/] Речиси на ист начин, во потесната смисла поимот "социјална структура" го определуваат и полските социолози В. Веселовски и М. Анаш кога истакнуваат дека таа ги опфаќа општествените класи и слоеви и нивните промени.[2/]

Обид за поимно разграничување на социјалната од другите видови општествена структура, па дури од "класната" прави В.А. Алексеева. Според неа, решавањето на прашањето за спе-

1/ Руткевич, Н.М., Социальная структура социалистического общества в СССР и ее развитие к социальной однородности, во книгата Проблемы развития социальной структуры общества в Советском союзе и Польше, оп. цит., с. 3.

2/ Веселовский В., Анаш М., Изменение структуры общества за период тридцатилетия народнои Польши, во книгата Проблемы развития социальной структуры... оп. цит., с. 40.

цифичноста на социјалната структура во однос на другите општествени структури е поврзано со разјаснување на суштината на социјалните појави, кои се разликуваат од економските, политичките и духовните појави и процеси.[3/] Тргнувајќи од фактот дека во класното општество односите меѓу луѓето се јавуваат како економски, социјални, политички и духовно-идеолошки, таа смета дека "предмет на социјалните односи претставуваат квалитативно различните видови труд." Како основно социјално разделување на трудот претставува умствениот и физичкиот труд. Но постои и професионална поделба по струки: стругар, бравар, инженер, глумец итн. Односите меѓу луѓето како професионалци исто така претставуваат социјални односи. Но нивниот главен вид се односите меѓу луѓето од умствениот и физичкиот труд. Оттука, таа се согласува со авторите кои сметаат, дека, социјалните односи претставуваат односи меѓу социјалните групи како носители на различен вид труд. Затоа, според В.А. Алексеева, "не е основано да се сметаат потполно идентични социјалните односи и класните односи. Класите, класните односи и класната структура на социјалистичкото општество претставуваат единство, севкупност, систем на сите основни општествени односи, економски, социјални, политички и духовни. Социјалните односи се само еден вид класни односи: социјалната структура на општеството - е една од структурите на општествениот живот, една од страните на класната структура (подвлекол - П.Г.) на општеството".[4/]

---

3/ Алексеева А.В., Понятие социально-классовои структуры социалистического общества, во книгата Методологические вопросы общественых наук, выпуск 2, изд. Ленинградского университета, 1971, с. 50.

4/ Ibid.

Меѓутоа, В.А. Алексеева во ова свое сфаќање на поимите "социјална" и "класна" структура, односно сфаќање на социјалната структура како дел на класната, дозволува определена противречност во сфаќањето на самиот поим "општествена класа", бидејќи таа еднаш него го сфаќа мошне широко со своја економска, политичка и духовна (идеолошка) димензија, а друг пак, особено кога тргнува од Лениновата дефиниција на класите, класите ги смета "пред сѐ како економска категорија". Со тоа таа отстапува и од основниот критериум во определувањето на поимот "социјална структура" од кој таа тргнува - "односите меѓу социјалните групи", бидејќи ако се тргне од ова тогаш не може да се тврди дека класите се такви општествени групи кои ги опфаќаат (содржат) и другите социјални групи. Следствено на тоа тогаш би можел да се изведе заклучокот дека "социјалната структура е дел од класната структура". Но, со оглед на фактот што класите не ги опфаќаат сите видови социјални односи, односно групи, тогаш, сметам дека социјалната структура може да се сфати во поширoко значење од класната структура која ги опфаќа, пред сѐ, класите (класните односи) и слоевите на кои тие се диференцираат или се конституираат на граничните линии меѓу соседните класи.

Некогаш самите поими "социјално" и "класно" се мошне блиски и се идентификуваат, како што се повикува и В.А. Алексеева на една Ленинова забелешка која гласи "социјалното, т.е. класното". При тоа е значајно да се нагласи, доколку не се сака да се заплива во водите на функционалистичкото сфаќање на "општествената стратификација", дека поимот "социјална

структура" неминовно како фундамент и примарно го содржи во себе поимот "класна структура", а како секундарно поимот "слојна структура", така што во оваа студија под поимот "социјална структура" се пподразбира "класно-слојната структура" на југословенското(односно македонското) современо општество.

На тој начин овде отпаѓа дилемата кај некои наши социолози, дали овој конкретен и историски облик на општество е класно или само слојно (бескласно) општество, бидејќи се тргнува од претпоставката дека социјалистичкото самоуправно општество е преоден општествен облик од класно во бескласно кое исто така се темели врз одреден степен на развој на општествената поделба на трудот - таа основа на секој вид класно и слоевно структуирање.

Иако на различен начин се интерпретира сфаќањето за постоењето на квази класи во социјализмот или "социјалистички" класи кај д-р Р. Лукиќ и непостоењето на класи, туку само слоеви кај д-р М. Поповиќ нивни заеднички именител е Лениновата дефиниција на класите, т.е. "неможноста" нејзините елементи да се применат врз постојната југословенска социјална структура.

Како што е веќе истакнато д-р Р. Лукиќ проблемот на класната, односно некласната природа на социјалната структура на југословенското социјалистичко општество, пред сѐ, го сведува на тоа дали во него постои експлоатација или не постои. Самиот поим експлоатација тој го дефинира, или подобро речено тој него го определува во духот на Лениновата дефиниција на класите, т.е. како неоправдано присвојување на туѓиот вишок на труд, од што изведува заклучок дека постои

класична експлоатација која е примерена за капиталистичките земји, односно која се засновува врз егзистенцијата на приватната сопственост и "социјалистичка" експлоатација која по правило не создава класи и класна борба (освен во крајно исклучителни ситуации).[5/] Тргнувајќи од ваквото сфаќање на поимот "експлоатација", д-р Р. Лукиќ смета дека структурата на современото југословенско општество ја сочинуваат три различни општествени групи: 1) класите кои егзистираат врз првиот, т.е. класичниот вид на експлоатација на туѓата работна сила (сите приватници кои вработуваат и ги експлоатираат вработените работници); 2) класите или подобро речено квазикласите кои се раѓаат врз основа на вториот вид "социјалистичка" експлоатација (од една страна, неквалификуваните физички работници, невработените лица и сиромашните селани кои се експлоатирани од висококвалификуваните работници, интелектуалците, политичката и стопанската бирократија, од друга страна); и 3) општествените групи кои постојат во нашето општество независно од класите (земјоделците, занаетчиите, трговско-угостителските работници, интелигенцијата и "бирократијата" која ги опфаќа политичките и стопанските раководители.

Според д-р Р. Лукиќ, "нема сомнение дека работничкото сфаќање кај нас предизвикува исчезнување на класните разлики. Нема ниеден белег на општествените класи врз кој работничкото самоуправување не влијае, посредно или непосредно, во тој правец".[6/]

---

5/ Lukić R., Društvene klase i naše savremeno društvo, Sociologija, 1-2, 1966, s. 45-55.

6/ Lukić R., Uticaj radničkog samoupravljanja na klasni sastav jugoslovenskog društva, Sociologija, 1, 1961.

Иако категоријата "експлоатација" е мошне значајна во конституирањето на класите, сепак кога таа се одвои од конкретните производни сили и производни односи е еднострана и недоволно за објаснување на определен тип на социјална структура, особено е вештачка, метафизичка па и догматска самата дефиниција на поимот "експлоатација" како "класична" и "социјалистичка" која (оваа втората) по правило не формира класи. Експлоататорските односи според својата суштина се исти без разлика кој е експлоататорот и експлоатираниот во зависност од типот на начинот на производство, поделбата на трудот и врз неа израснатата соодветна социјална структура (капиталистичка или етатистичко-бирократска и во едниот и во другиот тип работниците се во наемна експлоатирана положба, т.е. им се отуѓуваат производите од нивниот труд, нивната производствена дејност; се отуѓуваат од капиталистите односно бирократите и се отуѓуваат како генерички човечки суштества. Поради тоа, д-р Р. Лукиќ запаѓа во противречност кога тврди дека работниците се експлоатирани, а подоцна дека физичките работници се експлоатирани од висококвалификуваните работници, т.е. самите себе, односно меѓусебно различните работнички слоеви.

Според д-р М. Поповиќ, одговорот на прашањето дали во социјализмот има класи или не битно зависи од тоа што се подразбира под поимот класа. Така ако значењето на поимот "класа" се зема така широко што се изедначува со терминот "слој воопшто", тогаш класа претставува секоја групација која има посебно место во системот на распределбата на општествената моќ, материјалните и други вредности и посебно угледот (значи типично функционалистичко стратификациско сфаќа-

ње - П.Г.). Во таа смисла, според него, посебни класи би сочинувале не само индустриските работници туку и селаните, трговците, занаетчиите, државната бирократија. Доколку пак, се тргне од Лениновата дефиниција на класата чие значење е потесно од определбата на слојот воопшто тогаш ниту работниците, ниту макар која друга групација во социјализмот не би можела да се нарече "класа". Имено, од гледиштето на Лениновата дефиниција на класите, која д-р М. Поповиќ ја смета за појдовна во својата студија, суштински е постоењето на приватна сопственост над средствата за производство, и врз заснованата експлоатација на туѓиот труд. Оттука ако ги нема тие елементи на Лениновата дефиниција на класите, "барем не во траен и доминантен облик нема ни класи како посебни слоеви.[7/]

Претесното сфаќање на поимот "класа" како дел на "слојот воопшто" (иако самиот поим "слој воопшто" е апстракција која е изведена независно од конкретната општествена стварност и како таков не постои, како што не постои ни општество воопшто" туку конкретно-историски облик на општество) како и од економистичката Ленинова дефиниција на поимот "класа", д-р М. Поповиќ го одвеле до сфаќањето за бескласниот, само слојниот карактер на социјалната структура на социјалистичкото општество, т.е. до еден стратификациски модел на неговата структура како што застапуваат и други југословенски социолози (С. Саксида, А. Цасерман, К. Петровиќ[8/] и др.), запоставувајќи го притоа Марксовиот поим на "општествена класа"

---

7/ Popović M., Problemi društvene strukture; Kultura, Beograd, 1967, s. 217, 218.

8/ Вид. S. Saksida, A. Caserman, K. Petrović, Društvena stratifikacija i pokretljivost u jugoslovenskom društvu, во книгата "Klase i slojevi, Biblioteka "Čovjek i sistem", Svezak 5, Zagreb, 1977.

и неговото значење во социолошките проучувања на социјалната структура на современото југословенско општество.

Но пред да се изнесе ова Марксово сфаќање на поимот општествена класа која е мошне поплодна за операционализација во конкретните социолошки истражувања ќе се напомне дека д-р М. Поповиќ во спомнатиот понов напис се обидува да направи определено спојување на марксистичкиот и функционалистичкиот модел на социјална структура, со исто така обид на негова примена врз југословенското социјалистичко општество. Имено, според него, постои определена "не мала" разлика меѓу слојната и класната нееднаквост која произлегува од тоа што односите меѓу слоевите се засновуваат пред сѐ врз нееднаквите општествени улоги (функции) во општествената поделба на трудот, додека односите меѓу класите се засновуваат врз спротивните позиции на сопственоста и несопственоста и со нив поврзаната експлоатација. Слоевите меѓусебно се разликуваат воглавно според тоа кој е повисок а кој понизок во хиерархискиот систем на општествените функции, а класите меѓусебно се спротивставуваат како конфликтни групи на сопственици и несопственици (подвлекол - М.П.).[9/] Овие нееднаквости се концентрирани во општествената положба на слоевите, а таа (општествената положба) е составена од следните компоненти: (а) местото во општествената (професионалната) поделба на трудот; (б) односот (дистанцата) според општествено-политичката моќ (власта), вклучувајќи ја економската моќ, како општествена суштина на сопственоста; (в) местото во распределбата на материјалното

9/ Popović M., Teorijske pretpostavke i pojmovni elementi istraživanja, во студијата, Društveni slojevi i društvena svest, op. cit., s. 36.

богатство, вклучувајќи го и односот спрема приватната сопственост во приватниот сектор (таму каде сѐ уште го има).[10/] Тргнувајќи од ова, тој во југословенското општество ги разликува следните општествени слоеви: (а) слој на политички и стопански раководители кој се дели на: 1) професионални политичари и 2) стопански раководители; (б) средни социјалистички слоеви кои се состојат од следните подслоеви: (1) виши и високи стручњаци - слоеви на "интелигенцијата" во сите области на општествениот труд и (2) административните и слични рутински службеници - со средна и нижа стручна подготовка); (в) слоеви на непосредните производители кои во најголема мера ги задржале белезите на класа (работничка класа); (г) слоевите на приватните сопственици кои се делат на: 1) земјоделци (крупни, средни и ситни), 2) селаните - индустриските работници (тнр. полутани) и 3) занаетчиите (крупните и ситните) и другите приватници.[11/]

Ваквото сфаќање на социјалната структура, односно на слоевитоста во социјалистичкото општество не може докрај да се брани од следните разлози. Прво, тоа се засновува врз недоволно-прецизното, па и погрешното сфаќање на критериумот за разграничување на класите и слоевите, а тој за првите е сопственоста, односно поседувањето (приватна сопственост) на средствата за производство и од неа произлезените класни конфликти, додека слоевите се засновуваат врз нееднаквоста во општествените улоги (функции) во општествената поделба на трудот, со што неправилно сопственоста се разгледува одвое-

10/ Ibid.
11/ Ibid., s. 40, 41.

но и независно од општ-ствената поделба на трудот (што се потврдува и во неговото сфаќање на компонентите на општествената позиција). Веќе како што е порано истакнато, К. Маркс и Ф. Енгелс јасно покажаа дека општествената поделба и сопственоста не можат одвоено да се разгледуваат бидејќи "разните степени на развиток на поделбата на трудот се исто толку и разни облици на сопственост, т.е. секој степен на поделбата на трудот исто така ги определува и меѓусебните односи на индивидуите...", односно дека "впрочем, поделбата на трудот и приватната сопственост се истоветни изрази - во првиот во врска со дејноста се искажува исто што во другиот се искажува во однос на производот на дејноста";[12/] така што во тој поглед често пати класиците на марксизмот истакнуваат дека општествената поделба на трудот (односно сопственоста) е темелот на класната поделеност, а не само на слојната како што смета д-р М. Поповиќ. Второ, самиот поим на класите сѐ уште не е доволно определен само со економските елементи макар колку да се значајни пред сѐ, сопственоста на средствата за производство и начинот и уделот на распределбата на доходот, бидејќи класите се разликуваат и според непомирливо-спротивставените класни интереси; според начинот на живеење, според политичката и образовна моќ како и според својата свест (идеолошка).

Во оваа смисла мошне позначајна е определбата на поимот класа што ја дава К. Маркс во "Осумнаесеттиот Бример на Луј Бонапарта" (отколку Лениновата дефиниција), а која мо-

12/ Marks K., - Engels F., Nemačka ideologija, I knjiga, op. cit., s. 17, 30.

же да се дополни со определени елементи изнесени во "Беда на филозофијата", "Германската идеологија"и "Капиталот". Како што е познато таа Марксова дефиниција гласи: "Доколку милиони семејства живеат под економски животни услови што нивниот начин на живеење, нивните интереси и нивното образование го одвојуваат од начинот на живеење, интересите и образованието на другите класи, непријателски спротивставувајќи им ги, тие образуваат класа".[13/] Понатаму пишувајќи во овој контекст К. Маркс нагласува уште некои карактеристики на класата, особено политичката и свесната (и покрај тоа што таа на определен начин е содржана во "начинот на живеење" и во "интересите") кога пишува дека "доколку меѓу парциелните селани постои само локална врска, а истовидноста на нивните интереси не раѓа заедништво, ни национална поврзаност ниту пак политичка организација, тие не образуваат класа".[14/] "Врз различните форми на сопственост, врз социјалните услови за егзистенција се крева цела една надградба од различни и посебно **вообличени** чувства, илузии, начини на мислења и погледи врз животот. Нив ги создава и вообличува целата класа од своите материјални основи и од соодветните општествени односи. Одделниот индивидуум, што ги прима преку традицијата и воспитувањето, може да си вообразува дека се тие вистинските мотиви и појдовната точка на неговото дејствување".[15/] (подвлекол - П.Г.).

Од горната Марксова дефиниција на поимот "класа" експлицитно се содржани следните шест меѓусебно поврзани ком-

---

13/ Маркс К., Осумнаесеттиот Бример на Луј Бонапарта, Култура, Скопје, 1975, с. 121, 122.

14/ Ibid.

15/ Ibid., s. 43.

поненти (и поими) кои исто така бараат да се објаснат и определат: 1) милиони (групи) семејства сочинуваат класа ако живеат под исти или слични економски животни услови; 2) начинот на живеење; 3) интересите; 4) образованието; 5) нивното непријателско спротивставување; и 6) класната свест.

1. Економските животни услови на семејствата

Економските животни услови на семејствата се примарни и во крајна линија одредувачки во конституирањето на класите. Секако е мошне значајно да се забележи што К. Маркс ги зема семејствата, а не поединците како субјект на дефиницијата на поимот "класа", бидејќи материјалната и поширока општествена положба на семејството ја определува класната и општествената положба на оние членови на семејството кои индивидуално неа ја немаат ниту поради поседувањето на сопственост, ни врз продажбата на пазарот на трудот на својата работна сила (деца, ученици, невработени и сл.) сѐ додека тие не се осамостојат и не се поделат од матичното семејство тие имаат исти економски животни услови како другите членови (односно целината) на семејството.

Поимот "економски животни услови" на семејствата го определуваат следните три основни чинители: 1) (не)сопственоста на средствата за производство, односно степенот на развиток на поделбата на трудот; 2) видот и карактерот на самиот труд кој се врши од членовите (или само главата) на семејството и 3) начинот и големината на материјалните средства што ги добиваа семејствата со распределбата на доходот и вишок на вредност. Речиси сите три чинители експлицитно се

дадени во познатата појдовна определба на класите во капитализмот во недовршената педесет и втора глава од третиот том на "Капиталот", каде пишува: "сопствениците само на работната сила, сопствениците на капитал и сопствениците на земја, чии соодветни извори на доход се наемнина, профит и земјишна рента, значи наемен работник, капиталист и сопственик на земја ги сочинуваат сите големи класи на модерното општество кое почива врз капиталистичкиот начин на производство... Постојната тенденција и законот на развиток на капиталистичкиот начин на производство е средствата за производство сé повеќе и повеќе да ги раздвојува од трудот, а расцепканите средства сé повеќе и повеќе да ги концентрира во големи групи, значи да го претворува трудот во наемен труд, а средствата за производство во капитал".16/ Како што е порано истакнато овде К. Маркс класите ги разгледува на рамниште на определен (капиталистички) начин на производство, односно на рамниште на општествено-економска формација. Од сопственоста, односно поделбата на трудот зависи и видот на трудот (т.е. физички или умствен, извршувачки или управувачки, подредувачки и надредувачки - командувачки). Особено во овој поглед е значајна поделбата на производствен и непроизводствен труд и експлоатацијата на наемниот производствен труд, за што стана порано збор, во смисла на дефинирањето на поимот "работник".

2. Начин на живеење

Начинот на живеење на семејствата и нивните членови суштински се разликува во зависност од класната припадност, односно таа е составна компонента на класното диферен-

---
16/ Маркс К., Капиталот, том трети, оп. цит. с. 803.

цирање и во основа е определен од економските услови на живеење, пред сѐ од општествената поделба на трудот. Од тоа каков труд врши во целина земено семејството или индивидуата, т.е. дали е претежно физички, извршувачки, повторувачки, парцијален, производствен во определен конкретен историски општествен облик удира силен печат на нивниот начин на живеење. Таквиот труд е отуѓен, а со тоа се отуѓуваат не само производите од производителот, ѓуку и неговата производствена дејност, производителот од непроизводителот и генеричката суштност на самиот човек. Во таквите услови човекот - производител, работникот своите "човечки функции ги сведува на животински" (К. Маркс) и неговиот начин на живеење се доближува на животинскиот. Во таквите услови на производство, односно економска егзистенција "сопственичката класа и класата на пролетаријатот претставуваат исто човеково самоотуѓување. Но првата класа во ова самоотуѓување се чувствува добро и поддржана, знае за отуѓувањето како за своја сопствена моќ и во него го поседува привидот на човековата егзистенција; втората се чувствува во отуѓувањето уништена, во него ја гледа својата немоќ и стварност на нечовечката егзистенција..."17/

Тавкиот отуѓен труд е основата и причината за отуѓеноста на човековите потреби што се огледа не само во нивната неразвиеност туку и во неможноста тие да се задоволуваат. А токму во начинот и видот на задоволување на човековите потреби кои се разновидни и практичното однесување на индивидуумот треба да се бара суштината на поимот "начин на живеење"

17/ Маркс К.-Фридрих Е., Света породица, Култура, Београд, 1959, с. 80.

кој често се изедначува и со поимите "стил на живот", "животен стандард", а кои имаат потесно значење.

Поради тоа, во оваа студија под поимот "начин на живеење" на семејствата и индивидуите ќе се подразбира определено општествено однесување како начин и вид на задоволување на човековите потреби што се обусловена од определена општествена поделба на трудот.

Ако се операционализира оваа определба, тогаш видот и начинот на задоволување на човековите потреби може да се подели во три основни групи: 1) материјални потреби кои го опфаќаат видот и начинот на исхраната, облекувањето и домувањето; 2) социјални - видот и начинот на задоволување на потребите за дружење, општествено комуницирање, пријателство; начинот на користење на слободното време и годишниот одмор и 3) видот и начинот на задоволување на потребите за воспитување и образование, начинот и погледот, вредносната ориентација за она што е "вредно" да се постигне во животот и пошироко за начинот на културното живеење.

Начинот на живеење на семејствата и неговите членови е компонента што ги разликува и социјалните слоеви, но како составна компонента на поимот "класа", начинот на живеење суштински и "непријателски" е спротивставен на начинот на живеење на спротивставените класи.

## 3. Класните интереси

Материјална основа на создавањето на класни интереси е општествената поделба на трудот, односно (не)сопственоста на средствата за производство. Имено, според К. Маркс,

"поделбата на трудот... доведува до одвојување на индустрискиот и трговскиот труд од земјоделскиот и со тоа до одвојување на градот и селото (подвлекол - К.М.) и до противстав на нивните интереси".[18/] К. Маркс, понатаму истакнува дека општествената поделба на трудот доведува до "противречност меѓу посебниот и општиот интерес, општиот интерес зема на себе во вид на државата извесен самостоен облик, одвоен од ствар ните поединечни и заеднички интереси" како и тоа дека "по поделбата на трудот во пошироки размери и по другите интереси - и особено... врз основа на поделбата на трудот веќе обусловените класи, кои во секоја таква човечка група се одвојуваат и од кои една господари со сите други".[19/]

Но, и самите општествени класи не се хомогени групи, туку составени од фракции, односно слоеви кои исто така се диференцирани според сопствените интереси. Ова може јасно да се согледа од анализата на класните борби што К. Маркс ја дава за француското општество во 50-те години од минатиот век "Буржоаската класа се распаѓала на две големи фракции кои наизменично држеа монопол на власта - на крупен земјопосед под реставрираната монархија и на финансиска аристократија и индустриска буржоазија под јуслката монархија. Бурбон беше кралско име за претежно влијание на интересите на едната фракција, а Орлеан - кралско име за претежно влијание на интересите на другата фракција. Единствено во безименото царство на републиката можеа обете фракции, рамномерно делејќи ја власта

18/ Marks K. - Engels F., Nemačka ideologija, knjiga I, op. cit., s. 17.

19/ Ibid., s. 31.

да го бранат својот заеднички класен интерес, не напуштајќи го своето соперништво".[20/] Како што се гледа, различните интереси на двете овие буржоаски фракции беа основната причина на поделеноста на буржоазијата. Во што се состоела поделеноста на заедничкиот класен интерес на два посебни интереси? К. Маркс ја наоѓа во различните извори на егзистенција и начин на живеење на овие фракции - земјопоседот и капиталот, означувајќи ги како два големи интереси на кои се расцепува буржоазијата.

Меѓутоа, не постои само диференцираност на интересите во рамките на буржоаската класа, туку определена диференцираност и на интересите на пролетаријатот. Така К. Маркс зборува за тнр. работничка аристократија, која постојано ги предавала интересите на пролетаријатот со што им служела на интересите на владеачката буржоазија. Подоцна и В.И. Ленин исто така остро ќе го истакне ова прашање на изневерувањето на интересите на револуционерниот пролетаријат од страна на работничката аристократија. Доколку класните противречности и класната борба помеѓу двете основни класи се поостри и понетрпеливи дотолку повеќе доаѓаат до израз заедничките интереси на класата, а се смалува спротивноста на интересите меѓу различните слоеви во рамките на класата било да се работи за владеачката било за угнетената класа, и обратно: доколку класната борба не добива изразито заострен облик, дотолку слојните интереси во рамките на класата сѐ повеќе се противставени, но сепак тие не се антагонистички.

20/ Маркс К. Класне борбе у Француској, Изабрана дела, I, Култура, Београд, 1949, с. 168.

Антагонистичката противречност помеѓу интересите на проелтаријатот и буржоазијата се состојат во тоа што буржоазијата врз основа на својот капиталистички начин на производство својата акција ја насочува кон одржување и овековечување на постојниот владеачки капиталистички начин на производство, својата акција ја насочува кон одржување и овековечување на постојните владеачки капиталистички односи, на капиталот, на профитот, на земјишната рента, т.е. во настојувањето да го зачува монополот на своето политичко, а со тоа и економско и духовно владеење, додека интересите на пролетаријатот се спротивни и непомирливо насочени - кон менување на неговата општествено-економска, политичка и културна положба која се огледа во неговото експлоатирано наемно битие и преземање на власта од рацете на буржоазијата во свои раце; укинување на експлоататорските капиталистички односи и со тоа ослободување на трудот и на човекот.

Врз основа на изложеното поимот "интерес" може да се дефинира на следниот начин: интересите претставуваат такви специфични свесно определени цели на поединецот, семејството и општествените групи (вклучувајќи ги тука класите, слоевите итн.), кои се обусловени од општествената поделба на трудот, чија дејност е насочена кон одржување или менување на нивните економски услови на живеење и воопшто начинот на живеење, а кои (интересите) се разликуваат според својата содржина, форма и средства на остварување во определени општествени услови.

Според содржината интересите се делат на: материјални, политички и духовни (образовно-воспитни, културни, вредносни) кои меѓусебно се поврзани, меѓутоа во кои материјалните, егзистенцијалните во крајна линија имаат решавачка улога. Според формата интересите се разликуваат: општи, заеднички; посебни или приватни и поединечни (лични); класни или слојни; според средствата на нивното остварување, интересите мошне се разликуваат во зависност од нивната содржина и форма кои се дијалектно неразделно поврзани, како и од општествените услови во кои тие се остваруваат или не се остваруваат.

4. Образованието

Оваа компонента на Марксовиот поим "класа" предизвикува кај некои мислители најповеќе "чудење" отколку другите компоненти, иако тоа јасно укажува на три нешта: прво, дека класите не се само парцијални општествени групи кои се засновуваат само врз економските чинители, туку мошне сложени и тотални општествени групи чии конститутивни елементи не се само од економска туку и од политичка и духовна природа, второ, образованието и самото е чинител на класно-слојно диференцирање и во определени услови значаен општествен канал на класното самообновување па и пошироко на самообновувањето на соодветната класна структура и трето, тоа е поле, поприште на класната борба што е така видно во речиси сите современи типови на општества, што ќе се покаже во понатамошната анализа на емпириските резултати од истражувањето на овој проблем.

К. Маркс во "Критиката на Готската програма", како што е претходно покажано јасно истакна дека во класните општества воспитанието и образованието не можат да бидат еднакви за сите класи, дури и барањето државата да го оствари "народното еднакво образование", К. Маркс го смета за нереално со оглед на тоа што државата е апарат на владеачката класа која во практиката ги остварува нејзините интереси.

Образованието како класна особина се огледа во тоа што за едни класи тоа е достапно и го поседуваат како што ја поседуваат сопственоста, а за другите, обично трудбеничките тоа е недостапно и не го поседуваат (или во незнатна мерка, најниските негови степени), што се зацврстува особено со општествената поделба на трудот, посебно на физички и умствен. Веќе на претходните страници е покажано дека со сѐ поголемата поделба на трудот, со сѐ поголемата негова распарченост и еднодимензионалност, трудот станува сѐ поедноставен, сѐ попрост оттука и бара сѐ помали знаења од работникот, така што работникот отуѓувајќи се како производствено битие, се отуѓува и како духовно, "раката" е одвоена од "главата" и образовниот институционален систем е во функција на зацврстување на таа одвоеност; во зацврстување и репродукување на постојната хиерархиска поделба во фабриката и во општеството. Спротивноста меѓу наемниот труд на работникот и на трудот на капиталистот, односно "спротивноста меѓу богатството кое не работи и сиромаштвото кое работи за да живее предизвикува исто така и спротивност на знаењата. Знаењето и трудот се раздвојуваат едно од друго".[21/] Оттука духовните (образовните) по-

---

21/ Маркс К., Теорије о вишку вредности, I, Култура, Београд, 1953, с. 83.

треби и потенции се натрупуваат во голема мера на една страна (класа) затоа што на многу други страни (ниските класи) се губат; бидејќи како што К. Маркс забележува во "Капиталот" (том први) поделбата на трудот со тоа вроди духовните потенции на процесот на материјалното производство да се спротивставаат на работниците како туѓа сопственост и како сила која над нив господари.

Тргнувајќи од ова поимот "образование" може да се дефинира како свесно (и институционално) организиран процес со кој претежно децата и младината (но и возрасните) добиваат информации и знаења и вештини развивајќи ги своите разновидни диспозиции во способноста за вршење на определени дејности кои се резултат на поделбата на трудот.

Оттука се гледа и големото значење што му го придавал К. Маркс на образованието дека "иднината на работничката класа зависи од образованието на нејзината млада генерација", дека за "ослободувањето на трудот" мошне значајна улога имаат воспитанието и образованието итн. Особено во услови на изградба на социјалистички самоуправни односи во процесот на превладување на класната структура, во нејзиното "растварање" исто така образованието има мошне значајна функција.

## 5. Класната свест

Класната свест како конститутивна компонента на поимот "класа" која е имплицитно дадена во Марксовата изнесена дефиниција, но во експлицитна форма во истиот труд на претходните страници е изнесено кога тој истакнува дека врз разните форми на сопственост, врз социјалните услови на егзистен-

ција се подигнува цела надградба на различни и особени чувствувања, илузии, начини на мислења и гледања на животот; што ги создава и обликува целата класа од својата материјална подлога и соодветните општествени односи. На тој начин е јасно дека општественото битие на класата ја определува нејзината (класната) свест. Тоа значи дека материјалните (економските) услови на живеење, начинот на живеење, интересите и политичката организираност ја формираат класната свест. Меѓутоа, ако ова општествено битие на класата ја определува, условува нејзината свест не помало значење и улога има класната свест во процесот на осознавањето на својата општествена положба, улога и интереси на членовите на класата поединечно и самата класа во целина; во спротивно таа останува "класа по себе"; класа која не е способна, не е во состојба да води класна борба.

Свеста на владеачката класа станува доминантна, владеачка во општеството. Класната свест овозможува и создавање на определна политичка организација и припадниците на класата, а со самото тоа и можност за создавање услови за практична акција и борба со другата класа. Во процесот на развивањето на политичките форми на организирање, а тоа доаѓа кога големата општествена група станува свесна за својата општествено-економска положба и своите интереси што ги има во дадениот процес на производство, таа оформува и одредена класна (идеолошка) свест која е спротивставена на класата која има спротивни материјални (економски) услови на живеење, спротивен начин на живеење и спротивни, непомирливи интереси; класна свест која до најсилен израз доаѓа во заострените општествени противречности (класа која веќе поминала од "класа по себе" во "класа за себе") меѓу кои посебно место зазема класната борба и социјалната револуција.

6. Класните спротивности

Во изнесената Марксова дефиниција на поимот класа една од суштинските компоненти, би се рекло заеднички именител на другите компоненти - е класната спротивност која се изразува преку непријателското, антагонистичко спротивставување на начинот на живеење, интересот, образованието и свеста на другите класи. Мислам, би можело да се каже дека токму оваа карактеристика на антагонистичките спротивности во поглед на основните составни компоненти на поимот класа е онаа *differentia specifica* меѓу основните социолошки поими "класа" и "слој". Во тој контекст може да се вклопи и мислата на класиците на марксизмот изнесена во "Германската идеологија"(I) дека "одделни индивидуи образуваат само дотолку една класа доколку имаат да водат заедничка борба против една друга класа; во сè друго тие стојат сами една спрема другата пак непријателски во однос на конкуренцијата".[22/]

Веќе порано е истакнато дека идеолозите на "новата работничка класа" и на "научно-техничката револуција" кои манипулираат со Марксовиот поим "колективен", "вкупен" или "комбиниран" работник во кој покрај производните работници ги стаат и инжинерите, менаџерите, стручњаците, научниците, односно "командантите-офицерите и подофицерите" на производниот труд токму ја испуштаат од контекстот токму оваа компонента на нивната "непријателска спротивност" и раздвоеност.[23/]

---

22/ Marks - Engels, Nemačka ideologija (I), op. cit., s. 56.
23/ Маркс К., Капиталот, том први, оп. цит., с. 443.

Оттука, во рамките на една општествена класа можат да се разликуваат според истите први пет компоненти на класите и определени слоеви, т.е. според општествено-економската положба, начинот на живеење, интересите, образованието и слојната свест (култура) но тие не се антагонистички, непријателски спротвставени на општествено-економската положба, начинот на живеење, интересите и образованието и свеста на слоевите од истата класа ниту, пак, на општествено-економските услови на живеење, начинот на живеење, интересите, образованието и свеста на соодветната класа како целина.

Но тука се наметнува прашањето за определување на поимот "општествен слој". Под него ќе се подразбира не аналитички или статистички конструирана категорија туку конкретен општествено-историски облик како група на луѓе и дел на определена класа или како такви (конкретни општествено-историски и реални облици) кои се наоѓаат меѓу класите како средни слоеви на определена социјална структура кои се резултат на определена поделба на трудот, а кои ги сочинуваат индивидуи и семејства со иста или слична општествено-економска положба, општествена моќ и (слојната) свест.

Секако овде треба да се определат трите основни конститутивни елементи на слојот: општествено-економска положба, општествената моќ и слојната свест.

Под поимот општествено-економска положба се подразбира основното занимање (занимање) на индивидуумот што го зазема во определена општествена поделба на трудот и кое му донесува определени материјални средства (доход) за неговата и на семејството животна егзистенција и од што зависи нивниот

начин на живеење; под поимот "општествена моќ" се подразбира можноста и степенот на влијание во процесот на донесување основни одлуки од значење за економскиот, општествениот, политичкиот и духовниот (образовно-културниот) живот на индивидуите кои вршат определено занимање во општествената поделба на трудот, додека, пак, под поимот "слојна свест" се подразбира определен систем на вредности, погледи, начини на чувствување и мислења на припадниците на слојот кои се определени со начинот и видот на вршење на основното занимање како елементарна единица на поделбата на трудот, материјалните услови на живот, начинот на живеење и општествената моќ. Вредностите и начините на погледи и мислења ги опфаќаат, покрај другото и погледите за начинот, видот и степенот на образование што се пренесува преку традицијата; начинот и видот на социјализација, воспитување; начинот и видот на искористување на слободното време и годишниот одмор итн.

Како што се гледа категориите "класа" и "слој" се различни, но имаат определени сличности со оглед на тоа што двете се израз на поделбата на трудот и веќе е истакната нивната *differentia specifica*. Но, како што е погрешно тие да се идентификуваат исто така е погрешно тие да се исклучуваат и стриктно одделно да се разгледуваат, како што прави познатиот западно-германски социолог Р. Дорендорф кога пишува; при тоа, повикувајќи се на К. Маркс: "Класата постојано е категорија за анализа на динамиката на социјалниот конфликт и на нејзините структурни корени, и како таква треба строго (стриктно) да се разликува од поимот слој како категорија на дескрипција на хиерархиската структура, прикажана како статична".[24/]

24/ Dahrendorf R., Soziale Klassen und Klassenkonflikt, op. cit., s. 82.

Веќе е истакнато дека К. Маркс покрај поимот "класа" го употребува и поимот "фракции на класите" во значење на поимот "слој", а во "Германската идеологија" тоа стои и експлицитно. "Со поделбата на трудот во исто време во разните гранки пак се развиваат различни слоеви на индивидуите кои заеднички дејствуваат во извесни определени трудови. Заемната положба на овие одделни слоеви е условена со начинот на вршење на земјоделскиот, индустрискиот и трговскиот труд.."[25/]

Индивидуите вршејќи определени занимања[26/] во рамките на определен конкретен историски облик и степен на поделба на трудот имаат определена општествено-економска положба, ист или сличен начин на живеење, определена општествена моќ и определена свест, односно припаѓаат на определен социјален слој кој обично (но не и задолжително) е дел на определена класа.

Меѓутоа, од тоа не произлегува и волунтаристичко сфаќање кое определувањето на поимот класа го сведува на поимот "класна" или "слојна позиција". Во оваа смисла, како што со право истакнува Н. Пуланцас, општествената класа, дел на класата или слојот на класата можат да имаат класна позиција која не одговара на нивните интереси кои сами се омеѓени со своето класно одредување како хоризонт на својата борба. Типичен

25/ Marks K., - Engels F., Nemačka ideologija (I), op.cit., s. 17.

26/ Дека занимањето на поединецот е основната, елементарна единица во општествената поделба на трудот и врз неа формираната класно-слојна структура може да се види и од Марксовата шема за статистичко прибирање на податоци за работничката класа која почнува со прашањето "занимање" и како "инструкции" од Маркс и прифатени на Конгресот во Женева (1866), како и од прашалникот што го составил К. Маркс за анкетно испитување на работничката класа објавена во списанието "La Revue socialiste" во Париз, кој (прашалникот) исто така почнува со прашањето (1). „Кое е Вашето занимање" (Вид., Radnička anketa. Karla Marksa, "Sociologija", 1, 1974, s. 144).

пример пружа работничката аристократија која во одредени околности всушност зазема позиција на буржоаска класа. Тоа, меѓутоа, не значи дека таа станува дел на буржоазијата: поради своето класно одредување таа останува дел на работничката класа и, според зборовите на Ленин, сочинува "слој" на работничката класа. Со други зборови, нејзиното класно определување не се сведува на нејзината класна позиција. Но може да се земе обратен случај: класите, деловите или слоевите на другите класи - всушност ситната буржоазија - можат во конкретни околности да заземат пролетерски позиции, односно позиции блиски на позициите на работничката класа. Меѓутоа, тоа не значи дека поради тоа тие класи, делови или слоеви на класи стануваат дел на работничката класа. Овде ќе се спомне еден прост пример: погонските техничари понекогаш ги заземаат позициите на пролетерската класа, а понекогаш - за време на штрајковите - се ставаат на страната на работничката класа. Меѓутоа, тоа не значи дека тие поради тоа сочинуваат дел од работничката класа; ова поради тоа што нивното структурално класно одредување не може да се сведе на нивната класна позиција.[27/]

Откако се објаснети основните, клучните поими како што се социјална структура, класа и слој и нивните сè поедноставни составни компоненти на кои тие се разлагаат, повторно се доаѓа до социјалната структура на еден конкретен историски тип на општество - југословенското современо општество, односно македонското; т.е. од кои класи и слоеви тоа е составено. Покрај ова, и тргнувајќи од фактот дека се работи за

27/ Pulancas N., op. cit., s. 14.

социјалистичко самоуправно општество во кое не настанува некој посебен тип на социјална (класно-слојна) структура, туку како преодно општество во него се врши процес на трансформација на постојната класно-слојна структура во бескласна, процес кој единс-вено го овозможува и го забрзува социјалистичкото самоуправување во онаа мера во која тоа станува реален основен производствен, односно општествен однос и процес, како што е изнесено во претходното поглавје "социјалистички самоуправен модел на социјална структура и образование". Во таквата социјална структура која е во постојано менување стожер на групирање претставува (А) работничката класа која ги има следните три основни слоеви: 1) неквалификувани и полуквалификувани работници; 2) квалификуваните работници и 3) висококвалификуваните работници. Понатаму следна класа е онаа која (Б) егзистира врз (ситната) приватната сопственост на средствата за производство и услуги, а која се раслојува на: 1) индивидуалните земјоделски производители и кои обично живеат на село; 2) приватните занаетчии, угостителски и трговски приватни претприемачи; (В) слојот на административните чиновници; (Г) слојот на раководители (шефови, директори во најразличните гранки од општествената организација - политички функционери - овие два (В и Г) слоја во услови на наемно битие на работничката класа, т.е. кога тие одлучуваат, управуваат добиваат карактеристики на бирократија;[28/] (Д) слојот на стручњаци: а) со сре-

28/ Една можно прифатлива дефиниција на поимот "бирократија" дава д-р Н. Пашиќ: "Под бирократија треба да се разбере оној општествен слој што не ја засновува својата егзистенција ни врз непосредно производство на стоки и услуги, ни врз сопственост над средствата за производство, туку врз власта, т.е. врз положбата и функцијата во државниот апарат или во одредени општествени организации хиерархиски устроени и професионализирани. Според тоа, бирократијата е, всушност, оној општествен слој што егзистира врз отуѓеноста на политичката сила и другите форми на општествената организација од самото општество и од непосредната општествена контрола (Пашиќ д-р Н., Современа држава, "Култура", Скопје, 1968, с. 143/45.

дно образование и б) со вишо и високо кои исто така кога сами одлучуваат и управуваат, се отуѓуваат од општествената положба и интереси на работничката класа добиваат карактеристики на технократија[29/] или кога самите не можат да управуваат тогаш тоа го делат со бирократијата и така настанува нивна симбиоза - позната како технобирократија; и (Е) невработените.

Вака сфатената социјална структура ќе се анализира емпириски во СР Македонија според определени карактеристики за општествено-економската положба и начинот на живеење на одделните класи и слоеви, од една страна, и нејзиното влијание врз изборот на видот на вишото и високото образование, врз меѓусебното другарување на студентите и врз нивниот успех во студиите како зависни варијабли во однос на оваа социјална структура, како независна варијабла.

Во однос на изборот на занимањето, односно професијата во процесот на социјализацијата на индивидуата, кога таа се разгледува од аспект на школувањето мошне значајна, решавачка улога имаат два периоди: завршувањето на осумгодишното задолжително образование и определувањето за видот на второстепеното (средното) образование и завршувањето на ова второстепено образование и определувањето дали ќе се студира и ако се ориентира за студирање тогаш кој вид високо или вишо образование да се избере.

---

29/ Под технократија се подразбира оној општествен слој кој во општествената поделба на трудот својата општествена положба и општествена моќ ја заснова врз отуѓеноста на струката, науката, знаењето како "компетентност"- за поседување на управувачката функција (т.е. власта). Тоа е, со други зборови слојот на интелигенцијата кога е на власт, односно кога *de facto* управува со општеството.

Се разбира дека овие две одлуки за избор на професијата и истовремено соодветниот вид на образование се тесно меѓусебно поврзани, но сепак основната е на "прагот" на стапувањето во средното образование. Со стапувањето во ова образование одлуката за професијата може да биде така определена што подоцна (во животниот период на индивидуата) мошне тешко може да се менува (училиштата за занимања, па во извесна мера и сите други средно-стручни училишта) или пак оваа одлука за изборот на професијата да се одложи за подоцна кога ќе се заврши средното училиште (т.е. сите оние кои се определиле за гимназија). Некогаш ова одложување на изборот на професијата по завршувањето на средното образование има само формален карактер, бидејќи под влијание на семејството, другарите - врсници итн., индивудата дури и пред да влезе во средното образование веќе "знае" што "ќе биде", односно за што ќе студира.

Во тој поглед силно влијае социјалната структура, односно припадноста на семејството на ученикот на определена општествена класа или општествен слој на тој начин што учениците од работничките и пошироко мануелните општествени слоеви "сознанието" за тоа дали и што ќе студираат или "што ќе бидат" го добиваат, "поставуваат" многу подоцна отколку учениците со потекло од немануелните општествени слоеви. Во таа смисла учениците со потекло од мануелните општествени слоеви по завршувањето на осумгодишното образование во значајно поголема мера се определуваат за конкретни занимања и професии за кои ги обучуваат, припремаат соодветните видови средни училишта (пред сѐ училиштата за занимања, а во помала мера и сре-

дно-стручните училишта), отколку што се определуваат за продолжено школување (преку изборот на гимназијата), односно за студирање на некој вид вишо или високо образование.

Затоа голем број прашања што се поставуваат при изборот на професијата неможат да се разгледаат без да се познава стварната социјална структура на конкретното социјалистичко општество, ниту без анализа на начинот на кој оваа стварна социјална структура влијае врз свеста на индивидуите и тоа не само врз изборот на професијата, туку и врз другите "страни" од нивниот живот. Всушност, дури и кога таа свест се формира под влијание на конкретната социјална структура, таа се разликува и постојано игра голема улога во еволуцијата на однесувањето и аспирациите на индивидуите. Чинителите кои влијаат врз создавањето на определена социјална структура - поделбата на трудот, односно сопственоста, големината и начинот на добивањето на доходот, начинот на живеење, интересите, општествената моќ и училишната подготовка - главно се појавуваат како вредности во очите на општеството и неговите групи и поединци.[30/]

Но при испитувањето на престижот на определени професии, нивната"коњуктурност"во определени периоди не е секогаш ослободено од двосмисленост: еден инжињер или еден економист може да биде потчинет службеник, чиновник во хиерархиската поделба на трудот, но истиот тој може да биде и потчинувач, директор, раководител, разлика што повлекува сериозни социјални последици. Затоа, кога се врши истражување на

30/ Вид. слично Markus Mária, Quelques problémes sociologique du choix de la profesion et de son prestige, во книгата HONGRIE..., op. cit., p. 185.

престижот на професиите обично мошне широко тие (професиите) се интерпретираат, поредувајќи ги на групи занимања. Оттука при испитувањето на професиите, особено нивниот престиж, е мошне значајно според кои критериуми тие се споредуваат. Така "при споредувањето на групата занимања занаетчиите, приватните трговци доаѓаат дури на четвртиот ранг, додека во скалата на материјалната положба тие го заземаат првото место. Што се однесува до секоја професија одделно, министерот кој доаѓа на прво место на материјалната скала, мора да се задоволи со осмото место според скалата на престижот, додека, пак, еден универзитетски професор е прв на последнава (според престижот) се наоѓа на осмиот ранг на скалата на приходите..."[31/]

Од овие причини треба да се прави разлика помеѓу професионалната и социјалната ориентација и покрај тоа што овие два поими се тесно меѓусебно поврзани. Врз основа на конкретните социолошки истражувања може да се заклучи дека социјалната ориентација, под што се подразбира задржувањето или менување на класно-слојната положба на родителите (семејството) што ја имаат во постојната социјална структура, и претходи на професионалната и претставува нејзина појдовна точка.

Според Ф.Р. Филипов, поимот "социјална ориентација" може да биде разгледуван во различни смисли. Во најшироката смисла на зборот "социјалната ориентација значи осознавање на индивидуата самата себеси, како дел, елемент на социјалната заедничност. Во тесната смисла социјалната ориентација значи осознавање на индивидуата за својата врска со средината на

---

31/ Ibid., s. 188.

своето потекло и нејзините очекувања во однос на идната социјална 'позиција', т.е. местото и улогата во таа социјална група, чиј член таа намерава да стане. Поради тоа најважни моменти на социјалната ориентација претставуваат животните планови".[32/]

Според Ф.Р. Филипов, појдовната основа на социјалната ориентација ја сочинуваат објективните социјални односи, отелотворени во социјалната структура на општеството. Но самата социјална ориентација, според него, е субјективна појава, која се однесува на духовниот свет на човекот и затоа таа (социјалната ориентација) "претставува одраз на севкупноста на објективните околности од животот на индивидуата".

Всушност, Ф.Р. Филипов социјалната ориентација ја сфаќа како субјективен одраз на објективните околности од страна на индивидуата, со што запаѓа во механичко и догматско становиште, бидејќи во случајов индивидуата се јавува како пасивен субјект и бидејќи сé е "одраз на објективните околности" не се гледа перспективата на активниот агенс на менување не

---

32/ Филиппов Р.Ф., Социальная ориентация и социальные перемещения, во книгата "Вопросы психологий личности и труда, СГПИ, Свердловск, 1973, с. 4.

Според Ф.Р. Филипов, на секоја етапа од своето функционирање и развиток, социјалната ориентација вклучува три основни страни:

- ретроспективна (осознавање на индивидуата за својата врска со социјалната средина на потеклото);
- ситуативна (осознавање на индивидуата за реалните околности на својот живот, за својата социјална "позиција" и можноста за нејзино менување);
- перспективна (т.е. осознавање на индивидуата за перспективите на развиток на општеството, на колективот)...

Ф.Р. Филипов во социјалната ориентација разликува две етапи: ориентација за избор на социјалниот слој (класа), е првата и ориентација за избор на работниот колектив или конкретната училишна установа.

само на постојната социјална "позиција" туку менување и на самите "објективни околности".

Исто така социјалната ориентација ако се определи како субјективен одраз на објективните околности, како што го прави Ф.Р. Филипов, тогаш не може да се согледа сложеноста и дијалектичната поврзаност меѓу субјективното и објективното во социјалната ориентација, ниту пак веќе истакнататата поврзаност меѓу социјалната и професионалната ориентација. Ова може јасно да се покаже на односот меѓу социјалното потекло, под што се подразбира припадноста на семејството на индивидуата на определена класа или општествен слој, и високото образование. Кај индивидуите (учениците) кои се од мануелно работничко или земјоделско социјално потекло мошне позначајна улога игра самата можност да се студира и да се промени постојното социјално потекло, отколку што е конкретниот избор на овој или оној факултет (односно професија) и обратно: учениците кои завршиле средно училиште со потекло од "повисоките" немануелни слоеви покрај тоа што се стремат да ја "задржат", обноват социјалната положба на своите родители туку и да ги изберат оние факултети (професии) кои не само што се "коњуктурни" и водат на листата на "престижот" туку се клучни за заземање на "повисоките", раководните "позиции" и "функции" во постојната општествена поделба на трудот. Покрај ова, овде спаѓаат и други чинители кои овозможуваат определени факултети да бидат "елитни

---

И двете етапи се однесуваат на перспективната страна на социјалната ориентација, меѓутоа се потпираат исто така и врз ситуативната ориентација. Што се однесува до ретроспективната ориентација таа овде игра сосема слаба улога. И тука Ф.Р. Филипов се јавува и како чист апологет кога тврди дека "социјалното потекло речиси никогаш не настапува во својство на 'сопирачки', 'задржувачки' фактор на социјалната ориентација во условите на социјализмот"(Ibid s. 5-9).

и тоа: овозможување на побрзо вработување, подобри материјални и просторни услови за студирање, поквалитетна настава, местото (градот) каде е лоцирана соодветната високошколска установа итн.

Во таа смисла покрај овој класно-слоен карактер на високото образование, кој е основен има и поширoко општествено значење за задоволување на човековите потреби. Оттука, високото образование може да се определи (во овој труд ќе се подразбира) како израз на постојната општествена поделба на трудот кое е составено од една низа институции чија активност е насочена кон задоволување на определени потреби на индивидуите, групите (пред сè на семејството, класите, слоевите и сл.) и на општествената заедница.

Во оваа определба покрај веќе објаснетите поими "општествена поделба на трудот", "класите", "слоевите", значаен поим се јавува поимот "потреби" кој бара исто така определено дефинирање. Секако овде станува збор за конкретни потреби: образовни, духовни, културни, потреби за знаења, а попатно речено, познато е кој има "големи знаења" има можност и за "голема моќ". Се разбира дека и овој вид потреби, како и секој друг вид потреби произлегува од општиот поим "потреба". Често пати овој поим се идентификува со поимот "интерес" за што претходно веќе стана збор. Се разбира дека човековите потреби[33/] произлегуваат и зависат од степенот на развиток на про-

33/ Во последно време сè повеќе се свртува внимание и во марксистичката литература на Марксовото сфаќање на потребите. Списанието "Marksizam u svetu" на ова прашање му посвети еден цел број - № 11/1975 "Marksizam i ljudske potrebe".

изводните сили и начинот на живеење на општествените групи и индивидуите и затоа низ текот на историскиот развиток тие се менуваат. Поради тоа самиот поим "потреба" иако на прв поглед изгледа сосема јасен при обидите тој да се дефинира често се запаѓа во едностраност. Така определувањето на овој поим од Џ. Лукач, кое нема формални особини на дефиниција, "звучи" волунтаристички кога него го изведува од желбите на индивидуата.[34/] Една друга определба што ја дава познатиот полски социолог J. Шчепански се чини дека е поприфатлива и покрај тоа што тргнува од негативното определување. Имено, тој истакнува дека поимот "потреба" го сфаќа како "секое органско или општествено барање почувствувано како недостиг на нешто и што принудува на акција со цел да се добијат потребните средства за задоволување на недостигот".[35/]

Потреба за писменост, за знаења има или постои кај секоја индивидуа. Но потребата за различни видови и повисоки степени на образование не е подеднакво развиена кај секоја индивидуа што е последица на општествено-економската положба на нејзиното семејство, начинот на живеење, процесот на социјализација во семејството и надвор од него во поширокатa општествена средина, од поделбата на трудот и воопшто од припадноста на определена општествена класа или општествен слој. За да се задоволи, или да се обиде да ја задоволи потребата за високо образование, индивидуата треба претходно

34/ "...Поставувањето на целите има мошне конкретна општествена генеза и функција. Таа извира од човековите потреби, и тоа не од потребите сфатени воопштено, туку од изразито конкретните желби што стремат кон конкретно задоволување; самото одредување на целта конкретно го детерминираат само овие желби..." (подвлекол - П.Г. - Lukač Dj., Idealni momenat i ideologija, "Savremenost", 4, 1977, s. 199).

35/ Szczepanski J., Problemus sociologique de l'enseignement superieur en Pologne, op. cit., p. 3.

да ја задоволи потребата за средно образование, а за средно треба основно образование, со што јасно се покажува дека задоволувањето на една потреба, раѓа нови и по значење "повисоки" потреби и индивидуата и нејзиното семејство ги ангажира на активност за нивното задоволување. Покрај мошне значајното место што го имаат материјалната положба, начинот на живеење и образованието на родителите, односно нивното социјално потекло, играат значајна улога и други (надворешни) чинители, особено за оние кои потекнуваат од работничките и селските слоеви, а тоа се можноста за добивање на стипендија, ученички и студентски кредити, ученички и студентски дом, училишен бесплатен прибор и сл.

Оттука, во колкава мера социјалните промени (промените - поместувањата - од една класа во друга или од еден општествен слој во друг) ќе се остваруваат со посредство на образовниот систем, особено преку високото, зависи од неговиот однос спрема општата социјална структура, а пред сé, од неговата достапност на младината од различните општествени класи и слоеви. "Општество кое на себе би ги презело сите трошоци за образование на поединците, оставајќи им наполно слободен избор на училиштето за кое ги исполнуваат училишните услови, би се приближило кон исцело отворен училишен систем."[36/]

36/ Milić d-r Vojin, Socijalno poreklo učenika srednjih škola i studenata, Statistička revija, 1-2, 1959, s. 44.

Од овој став на проф. д-р В. Милиќ, Л. Шешерко состем произволно и неосновано заклучува дека "од теоријата за потполно затворени и отворени училишни системи до илузијата за отворен, односно затворен училишен систем нема ни чекор..." (Šešerkov., Socialni izvor inteligence, Center za razvoj univerze, Ljubljana, 1976, s. 27), бидејќи достапноста и отвореноста на училишниот систем во социјализмот не може да се изедначи со илузија. За нив зборува и В. И. Ленин за што стана порано збор.

Доколку е поразвиено социјалистичкото самоуправување, односно доколку е поразвиено поопштествувањето на средствата за производство, дотолку повеќе производствениот труд ја губи својата "класна особина" (К. Маркс), дотолку побрзо се врши процесот на преобразба од класна во бескласна социјална структура, и дотолку е поголема достапноста на младината од сите класи и слоеви не само во средното образование туку и во високото. Во такви општествени услови веќе се надминува прелиминарната селекција во второстепеното образование, бидејќи тоа станува општо и ја опфаќа генерацијата речиси во ист или сличен обем како и осумгодишното основно образование. Тогаш и високото образование сѐ помалку е привилегија и канал на самообновување за младината од немануелните општествени класи и слоеви, туку станува вистинска потреба на секој поединец без разлика на неговото социјално потекло и класно-слојна припадност. На тој начин, во развиени социјалистички самоуправни односи, старата функција на високото образование на класно самообновување и социјална "промоција" се трансформира во функција на преобразба на класната структура не во создавање на "нови" класи и слоеви туку во претворањето на "сите во работници", а со тоа и во функција на процесот на одумирање на работничката класа како класа.

Во вакви услови на развој на социјалистичкото самоуправување и преобразба на постојната социјална структура може да се претпостави дека разликите меѓу мануелните работнички слоеви и немануелните слоеви значајно не се разликуваат како во поглед на општествено-економските услови на живеење, начинот на живеење, општествената моќ, така и во поглед на

бројот на застапеност во различните видови на високо образование; во изборот на видот на вишото и високото образование, во другарувањето меѓу студентите и во нивниот успех во студиите.

Меѓутоа, покрај овој социјален аспект на вишото и високото образование и самиот образовен систем неопходно е да се засновува врз социјалистички самоуправни основи и да бидат задоволени определени барања за да може да ја остварува претходно назначената социјална (класно-слојна) функција. Покрај другото, тие основни барања би се состоеле во следното: еднакво општествено значење на одделните видови училишта од насоченото средно образование и на одделните видови вишо и високо образование; подеднаков распоред на учениците и студентите од различните видови на образование во ученичките и студентските домови; непостоење на привилегирани односи во распоредот на ученичките и студентските стипендии, кредити и учебници; непостоење значајни разлики во училишните згради и нивната опременост со кабинети, училишен инвентар, нагледни средства и сл.; потоа, непостоење значајни разлики во стручната подготовка на наставниците во различните видови средно и високо образование, како и што поголемо изедначување на критериумите за оценување; бришење на хиерархискиот систем на знаења преку усогласување на наставните планови и програми; овозможување на што послободен премин од еден вид училиште во друг во рамките на истиот степен на образование и еднакво третирање на учениците од сите видови училишта од средното образование при уписот на вишото и високото образование итн.

Меѓутоа, социјалистичкото самоуправно општество, како што е веќе порано истакнато, не настанува врз својата сопствена основа, туку како преодно општество, општество во постојано движење и трансформација; движење и промени кои се вршат низ општествени противречности, кои во определени периоди или фази од неговиот развиток можат толку да се заострат така што не само го попречуваат понатамошниот брз развиток туку претставуваат и извор на репродукција на старите односи на отуѓување на луѓето, односи на потчинување и експлоатација.

Се разбира дека овде ќе се анализираат само оние општествени противречности кои произлегуваат од поделбата на трудот и социјалната структура на социјалистичкото самоуправно општество и кои влијаат врз образовните можности на децата и младината со потекло од различните општествени класи и слоеви.

Во таквите услови општествената поделба на трудот, особено поделбата на умствен и физички труд може толку да се зацврсти и во рамките на одредена етапа на социјалистичкиот развиток да претставува силен извор на два вида општествени противречности: 1) противречност меѓу селото и градот и 2) противречност меѓу општествено-економската положба, начинот на живеење и интересите на работничката класа и општествено-економската положба, начинот на живеење и интересите на, од неа, посебно издвоениот управувачки општествен слој - бирократијата или технократијата или, пак, нивната симбиоза - технобирократијата.

Градот со својата мрежа од предучилишни установи (детски јасли, забавишта и детски градинки), систематски и стручно врши одредено воспитно влијание, природно, во самиот детски колектив каков што не е познат на село. Ефектот на ова систематско и стручно воспитно влијание врз децата во градовите мошне значајно го засилува, го надополнува и зголемува организираното семејно воспитување, кое исто така има поголем ефект во однос на селското семејно воспитување. Културно-образовното ниво на родителите од градските семејства далеку е повисоко од соодветното кај селските семејства, кое обично не е повисоко од основното образование.[37/] Воспитното влијание врз децата во градските средини значајно го зголемуваат и средствата за масовна комуникација, печатот и литературата, филмот, а пред сѐ - радиото и телевизијата. Особено телевизијата значајно го проширува фондот поими кај детето со својата аудовизуелна особина. Така, пред да стапат на нов животен пат - основното училиште, децата од село и град, особено оние од повисоките немануелни општествени слоеви, значајно се диференцираат во поглед на нивните можности и успех во учењето. Значи, тие не зависат од самите нив, туку, пред сѐ, од различните воспитни влијанија на средините на кои им

---

37/ Л. Маласи истакнува дека "нивото на образование и степенот на модернизација на земјоделството навистина се поврзани. Во условите на американското земјоделство, голем број земјоделци можат да се здобијат со образование од типот земјоделски факултет или *'business school'*... но во услови на полузастарено или традиционално земјоделство, нема место за учени луѓе. Ниското рамниште на развој на земјоделството ги намалува можностите за прифаќање на образованите лица. Ако модернизацијата на селскиот живот не оди паралелно со развојот на образованието, е неизбежно што тоа го забрзува иселувањето од селото, бидејќи иселувањето на заинтересираниот му изгледа како единствено средство да го валоризира своето знаење, да го подобри својот приход, да го промени својот начин на живеење" (Malassis L., Ruralité, Education, Developement, Les presses de L' UNESCO, Paris, 1975, p. 10).

припаѓаат. Во целост земено, социјализацијата на индивидуата што се врши во градската средина е мошне значајна, како во проширувањето на фондот поими и одредени знаења, така и во будењето и развивањето на нејзините склоности (диспозиции) додека, пак, спротивно социјализацијата на индивидуата од село, влијае сопирачки врз нив.

На тој начин *de facto* прелиминарната селекција не настапува во средното училиште туку уште многу порано, т.е. пред стартот на децата во основното училиште. Овде под поимот "селекција" во пошироко значење се подразбираат сите социјални процеси кои спонтано и свесно организирани дејствуваат врз социјализацијата на децата и младината во рамките на определени општествени класи и слоеви, семејства, образовните институции од сите степени како и во рамките на определени селски и градски населби; - социјални процеси и чинители кои го сопираат или го фаворизираат пристапот на децата и младината кон средното и високото образование.[38/]

Меѓутоа, не е само оваа почетна (стартна) нееднаквост на децата во училиштето. Сега и училиштето настапува како фактор што го продлабочува и проширува јазот меѓу вака, уште на почетокот издиференцираните ученици. Имено, училишната мрежа на основното образование не е подеднакво распространета в град и на село. Секое село нема осумгодишно училиште. Оттука е мошне намалена и достапноста на учениците од најоддалечените села. Овие ученици се принудени повеќето од

---

38/ Нешто слична дефиниција на поимот "селекција" во образованието дава и J. Шчепански, вид., Szczepanski J., Problemes sociologiques de l'enseignement superieur en Pologne, op. cit., p. 26.

своето слободно време да го минуваат во пешачење отколку во учење, или пак уште полошо - да се откажат од школувањето. Селските училишта значително заостануваат зад градските во поглед на својата современа материјална опременост за успешно изведување на наставата. Во добар дел наставата во училиштата на село се изведува нестручно поради несоодветната или недоволна училишна подготовка на наставниците и поради непостоење на современи нагледни средства или нефункционалност на училниците за нивна примена. Учениците од село се поограничени во можноста за посета на фабрики, театри, музеи, ликовни изложби или позначајни музички претстави. Ако кон ова се надоврзе и фактот дека учениците од село обично се во голема мера лишени од родителска контрола и помош во совладувањето на наставниот материјал, тогаш е очигледна предноста на учениците од град во можностите за успех и напредување.

Оттука, со стапувањето на децата од село во повисоките степени на образование - средното и високото, нивните можности за напредување и успех значително се разликуваат од оние на учениците и студентите в град и веројатно причините за социјалниот распоред на учениците и студентите може да се бараат и во изложените разлики и нееднаквости. Всушност, во изборот на видот на средното и високото образование учениците се ограничени исто како што е целокупниот селски живот ограничен, стеснет, живот што се наоѓа на територијата од процесите во конкретното глобално општество. Селанецот, откога ги "стекна првите можности да ги школува децата во училиштето, па макар по животниот пат по кој своевремено тргнал Ивица

Кичмановиќ, имал претстава да го школува синот, а во поново време и ќерката 'за да не се мачи како мене и за да не живее кучешки' или 'за да не работи', за да биде 'свој човек', за да биде 'господин'. Значи, во селанската претстава, луѓето се образуваат за да бидат 'некој и нешто'".[39/] Понатаму, за целокупната скала на занимања и условите под кои тие се стекнуваат и учат нив малку или воопшто не им се познати. Најблиските до земјоделското занимање се мануелните работнички занимања и затоа, во поголем број, младината од село нив ги бира, сметајќи притоа дека со напуштањето на земјоделството - како вид на дејност, и селото - како начин на живеење, социјално се "подвижни нагоре", иако објективно земено, тоа не мора секогаш да значи.

Противречноста меѓу општествено-економската положба, начинот на живеење и интересите на работничката класа и општествената положба, начинот на живеење и интересите на бирократијата и технократијата или технобирократијата чија основа е поделбата на физички и умствен труд, државната сопственост и неразвиеност на социјалистичкото самоуправување и нејзиното влијание врз процесот на социјализација на индивидуата, а особено во тој процес на можностите за образование на децата на овие поларизирани класно-социјални групи, карактеристично е дека монополот на општествената моќ што го има технобирократијата доведува не само до монопол на одлучување и распределба на вишокот на трудот во производствената сфера, туку и до одреден монопол на образование. Особено таа ги запоседнува и монополизира оние видови средно и високо образование кои нај-

39/ Šuvar S., Škola i tvornica, op. cit., s. 93.

успешно водат кон најзначајните (раководни) и привилегирани занимања. На тој начин таа го врши своето самообновување. Ова го остварува со неспоредливо повисоките материјални приходи и повисокото образовно рамниште и поради тоа што своите корени таа ги зацврстува и во различните образовни установи. Потоа, таа врши одредено влијание и врз видот, обемот и содржината на образованието, т.е. врз наставните планови и програми за одделни видови образование (средно и високо). Оттука произлегува дека бирократскиот или технократскиот слој на своите потомци им укажува далеку поповолни можности за образование отколку работничката класа на своите деца.

Во зависност од степенот на заостреност на противречностите во рамките на постојната социјална структура, индивидуата може "полесно" или "потешко" да го менува не само своето основно занимање, туку и општествената положба, начинот на живеење и општествената моќ, т.е. преминување од еден општествен слој во друг или од една општествена класа во друга. Тоа преминување од еден слој во друг или од една класа во друга овде се означува како промена во социјалната структура. Таа може да се посматра во два основни временски распона: меѓугенерациски и во рамките на една генерација. Во овој труд се разгледува еден вид меѓугенерациска социјална промена и тоа менување на онаа општествена положба во социјалната структура до кои може да се дојде или се доаѓа меѓу две непосредни генерации на исти семејства (татковци и синови) преку школување на нивните деца низ вишото и високото образование. Ова поместување во социјалната структура не мора секогаш да значи и менување на општествениот слој или класа, бидејќи, како што

е претходно изложено, и слојот и класата не се хомогени општествени групи. Но во одредени историски општествени услови на развој на социјалистичкото општество не се доаѓа само до значајни индивидуални социјални промени во социјалната структура, туку и до колективна, т.е. до менување на општествената положба на одредени слоеви или класи. Овој вид социјални промени во социјалната структура се мошне значајни и интересни за социолошко истражување.

Како што е претходно изложено, одреден општествен слој сочинуваат лица со иста или слична општествено-економска положба, ист или сличен начин на живеење и иста или слична општествена моќ. Главните елементи според кои се разликуваат општествените слоеви шематски се прикажани на цртежот 1(Шема А) Основата на слојното диференцирање е поделбата на трудот (пример на физички и умствен труд). Овој елемент детерминистички влијае врз општествената моќ и висината на доходот на припадниците кај одреден слој, како и на самиот слој како општествена група. Карактерот на трудот (пример физички или умствен), општествената моќ и висината на доходот на општествениот слој непосредно влијаат врз начинот на живеење, врз интересите како и врз животните можности на неговите припадници. Сите назначени елементи на општествениот слој ја определуваат општествената свест на слојот. Општествената свест на слојот и посебниот начин на живеење ја формулираат слојната "поткултура" Таа ги опфаќа специфичните претстави за начинот на живеење, општествените односи за "добро" и "лошо" поведение, обемот на културните потреби, видот на општествените контакти, начинот на користење на слободното време; потоа, претстави за на-




ШЕМА А    ШЕМА А1    ШЕМА А2

Цртеж 1.

чинот на воспитување и нивото на образование, значењето што им се придава на некои занимања, симболи, јазичните специфичности, религиозните претстави, најосновните морални норми и вредносни ставови. Оваа слојна "поткултура" влијае и го овозможува интензивното одвивање на неформалните односи меѓу припадниците на ист слој како што се, на пример, склопувањето бракови и пријателство, заедничко поминување на слободното време и слично, и таа игра значајна улога и во процесот на "послојување" на индивидуата.

Овој процес на послојување претежно се врши преку семејството. Дури мерките на изедначување на условите на живеење и школување во рамките на целината на социјалистичкото општество не мораат да ги премавнуваат силите кои условуваат поврзаност на интелектуалната способност кај децата и семејните фактори - општествено-економската положба и нивото на образование на родителите. Оттука, од општествено-економската положба на семејството, односно од неговата припадност на одреден општествен слој, зависи постигањето на одреден доход, одредено образовно рамниште и одреден обем и вид на потреби кои заедно влијаат врз сфаќањето за начинот на воспитување на децата. Сите посочени фактори во системот на каузална верига влијаат врз големината и видот на аспирациите на семејството (шема $A_1$). Така елементите на семејната општественоекономска положба, како целина на поврзани чинители, ја одредуваат стартната положба на децата (шема $A_2$). Значи, самата општествено-економска положба на семејството непосредно ја одредува почетната слојна и класна положба на неговите деца, а со самото тоа и нивната појдовна основа во животот.

Во процесот на социјализација на индивидуата, а особено во развивањето на одделните склоности на индивидуата и можностите за образование интегрално решавачки влијаат два семејни фактора: висината на материјалните приходи на семејството и образовното ниво и културните традиции на семејството. Овие фактори непосредно ги одредуваат и аспирациите на семејството. Во тој поглед селските и мануелните работнички семејства значајно се разликуваат од немануелните, особено од оние "повисоките" во социјалната скала.

За семејствата со ниски материјални приходи и во услови кога училиштето е бесплатно, посетувањето на нивните млади членови на средното и особено на високото образование е проследено со многу лишувања од задоволувањето на потребите на семејството. Потребите на децата за школување ги смалуваат и така недоволните материјални приходи, затоа што кога би стапиле на работа младите членови што се школуваат, значително би ги зголемиле материјалните приходи на семејството, а со тоа би се подобрил и нивниот животен стандард. Но, иако се во крајна линија решавачки материјалните можности на семејствата за школување на децата, сепак тие се испреплетуваат со различната спремност на родителите да се "жртвуваат" за школување на своите деца, што е во зависност од видот на нивните аспирации. Типичен пример за ова претставуваат некои интелектуални групи (наставниците) чиишто семејства, според висината на материјалните приходи, се наоѓаат на нивото од некои мануелни работнички семејства, но за разлика од овие - тие покажуваат многу поголема спремност за "жртвување", за школување на своите деца. Тоа е и логично поради повисокото

образовно ниво, културните традиции и аспирации што ги имаат овие интелектуални семејства.

Семејството со своите материјални приходи, образовното ниво и културно-традиционалните вредности, начинот на живеење, потребите и нивото на аспирации влијае и врз диференцирањето на амбициите (желбите) и мотивите на своите млади членови. Овие амбиции и мотиви, како резултат од акумулираното дејство на претходните чинители влијаат како врз подготвувањето, размислувањето така и врз конечната одлука на индивидуата за избор на занимањето, професијата, односно видот на високото образование. Несомнено е дека одлуката за испраќање на своето дете на некој факултет (високо образование) "често се донесува мошне рано, дека таа понекогаш е предориентирана дури и пред детето да е во состојба да се изјасни во врска со тоа".[40/] Ова е покарактеристично кај "повисоките" немануелни слоеви, отколку кај мануелните работнички и земјоделски, особено кај неквалификуваните кои во тој поглед дејствуваат мошне демотивирачки.

Поимот "мотив" може да се определи како осознавање на индивидуата во поглед на задоволување на потребата за образование. Оттука, мотивот секогаш е сврзан со потребите на поединецот, со расчленување и оцена на појавите кои имаат смисла за човекот. А со тоа се определува разликата меѓу мотивот и стимулсот. Стимулсите истапуваат како целокупност на надворешни движечки причини кон дејствие. Во самиот општествен поредок стимулсите се јавуваат како фундаментални социјални фактори. Мотивот може да се јави како резултат на

---

40/ Szczepanski J., op. cit., p. 62.

сложено осмислување на барањата на разни степени на општост: од осознавањето на правата и непосредна полза на даденото дејствие до осмислување на целината на сите фактори кои стојат зад нив. Индивидуата може да учи за тоа за да би се запишале на универзитет и тоа да го сфаќа како самоцел. Но таа може во учењето да види услови без кои не може да се занимава со саканото занимање.[41/] На тој начин се покажува дека мотивите и стимулсите се тесно заемно поврзани во дијалектиката на практичното дејствување. Сепак, иако мотивот е внатрешно осознавање и поттикнување кон активност на индивидуата за остварување на определена цел (пример, да се заврши високо образование), сепак претпоставува и настанува под дејство и во рамките на определен социјален контекст (семејството, слојот, класата итн.).

Успехот во постигнувањето на определена цел обично доведува до поставување на нови цели и мотивираност и акција на постигнувањето на новата цел која може да стои повисоко од претходната, но која е исто така зависна од класно-слојната припадност на поединецот и можноста за нејзино успешно остварување. Меѓутоа, реагирањето не само на успехот туку пред сѐ и на неуспехот во остварувањето на определена цел (пример да се заврши определен вид високо образование), значајно се разликува во зависност од припадноста на определена класа или општествен слој. Така припадноста на немануелните интелектуални слоеви обично доведува до тоа индивидуата која доживеала неуспех во постигнувањето на целта да заврши определен факултет, да биде силно поттикнувана и охрабрувана од амбициите

41/ Вид. Вершловскии Г.С. и Лесохина Л., Методика и организация социологого-педагогического иследования мотивации учения рабочеи молодежи, во книгата "Социлоогические проблемы образования и воспитания", оп. цит., с. 49.

(и слојната поткултура) на нејзиното семејство и пријатели да се обиде уште еднаш да ја постигне поставената цел. Преку јаките врски што ги имаат овие слоеви со високите образовни установи ѝ овозможува повторно да ја постигне својата цел често гледајќи и "низ прсти" или преку можноста за таканаречените "интервенции". На своите припадници ова неможат или во значително помала мера, да им го овозможат мануелните работнички и селски слоеви.

## Конкретна формулација на основните хипотези

Тргнувајќи од разработката на основните поими и претпоставки на истражувањето конкретно се формулира следната општа хипотеза:

Социјалната структура влијае врз можностите за студирање и посебно врз изборот на видот на вишото и високото образование; врз другарувањето меѓу студентите и врз нивниот успех во студиите.

Ова влијание на социјалната структура врз изборот на факултетот, високата и виша школа, врз другарувањето меѓу студентите и врз нивниот успех, операционално, во анализата што следи, ќе се разгледува низ следните чинители како независни варијабли: 1) занимањето на родителите на студентот; 2) просечниот месечен доход по член на семејство на студентот и 3) степенот на образование на родителите на студентот. Овие чинители или независни варијабли од социјалната структура нивното влијание ќе се разгледува поединечно и интегрално со цел да се определи степенот и специфичноста на нивното дејство.

Се разбира дека дејството на овие чинители или во целина на социјалната структура врз можностите за студирање на младината од различните општествени класи и слоеви, особено на оние од мануелните работнички и селски слоеви значително се намалува или ублажува доколку во социјалистичкото самоуправно општество постои развиен систем на социјална "коректура", т.е. планско и систематско доделување на ученички и студентски стипенции и кредити, доволен број ученички и студентски домови, доволно развиени високообразовни (факултетски) библиотеки опремени со потребните учебници и стручна литература; разни дотации за поевтинување на студентскиот стандард и сл.

Од општата хипотеза ќе се извлечат следните посебни хипотези:

1. Социјалната структура влијае врз изборот на видот на високото и вишото образование така што студентите од немануелните слоеви во позначајна мера ги избираат оние видови на високо образование кои се "покоњуктурни" и кои повеќе и побрзо водат кон поклучните општествени позиции.

А. Висината на просечниот месечен доход по член на семејство на студентите влијае врз изборот на видот на високото и вишото образование.

Б. Степенот на образование на родителите на студентите влијае врз изборот на видот на високото и вишото образование.

Во комбинирањето на дејството на овие компоненти на социјалната структура ќе се согледа и степенот на нивното влијание.

2. Врз изборот на видот на високото и вишото образование влијаат и други чинители како што се регионалното потекло на студентите (село - град), видот на завршеното средно училиште, успехот во средното училиште, половата структура на студентите и сл.

Така на пример, противречноста меѓу селото и градот влијае врз образовните можности и изборот на видот на високото и вишото образование: селективните механизми пред основното, пред средното и особено пред високото образование мошне посилно се изразени кај децата и младината од село отколку од градот.

Веќе на определен начин од влијанието на социјалната структура на студентите, особено од застапеноста на земјоделскиот слој во вишото и високото образование може да се согледа влијанието на противречноста меѓу селото и градот и нејзиното влијание врз изборот на видот на вишото и високото образование, но сепак поцелосно согледување дава нивното меѓусебно споредување со оглед на фактот дека во селото населението не е хомогено во поглед на вршењето на земјоделската дејност, т.е. постојат домаќинства кои се од мешан тип и од чисто неземјоделски вид, како што постојат и градски домаќинства кои се занимаваат со земјоделие, без разлика што тоа за него не е карактеристично.

3. Социјалната структура на студентите влијае врз првото размислување за идната професија на детето, односно за изборот на видот на високото образование така што тоа влијание е многу порано кај немануелните слоеви отколку кај мануелните.

4. Социјалната структура влијае врз конечната одлука за студирање и за видот на студии во смисла на тоа што таа одлука порано се донесува (пред или за време на средното училиште) кај студентите од немануелно потекло, отколку кај студентите од мануелно потекло.

Како што се гледа овие хипотези (третата и четвртата) произлегуваат од општата за влијанието на социјалната структура врз социјализацијата на индивидуата и врз можностите за студирање на средношколската младина и врз нејзиниот избор на видот на високото и вишото образование.

5. Социјалната структура влијае и врз другарувањето на студентите така што студентот за најдобар другар значително повеќе го избира и го има оној свој врсник што има исто или многу блиско социјално потекло.

6. Социјалната структура на студентите влијае врз нивното меѓусебно помагање во студирањето, односно подготвувањето на испитите така што во позначајна мера студентите од исто или слично социјално потекло се здружуваат за заедничко подготвување на испитите.

7. Социјалната структура на студентите влијае и врз изборот на девојка или младич така што тој избор претежно се врши во рамките на исто или слично социјално потекло.

Во оваа смисла треба да се очекува дека социјалната структура на студентите влијае и врз изборот на друштво за поминување на слободното време.

Сето ова произлегува од општата социјализација на студентите во која класната и слојната поткултура ги определува рамките и критериумите за другарите, односно друштвото на своите членови за "добар" и "лош" другар и сл. Впрочем тоа претставува своевидно отсликување на социјалното структуирање и групирање во целината на конкретното југословенско, односно македонско општество. Колку тоа е поизразено и поинтензивно толку и социјалното групирање и диференцирање на студентите е поголемо и поинтензивно.

8. Социјалната структура влијае врз успехот на студентите во студиите така што студентите од работничките и земјоделските слоеви покажуваат понезадоволителен (послаб) успех од студентите со потекло од немануелните слоеви.

А. Висината на просечниот месечен доход по член на семејство на студентите влијае врз успехот во студиите.

Б. Степенот на образование на родителите на студентите влијае врз нивниот успех во студиите.

Влијанието на социјалната структура и нејзините компоненти врз успехот на студентите е комулативно, но сепак може да се очекува дека степенот на образование на родителите посилно да влијае отколку висината на просечниот месечен доход по член на семејство.

Врз успехот на студентите за време на нивните студии влијаат и други чинители како што се: регионалното потекл

на студентите (село - град); видот на завршеното средно училиште и успехот во средното училиште како и половата структура на студентите.

9. Социјалната структура на студентите влијае и врз ефикасноста, односно времетраењето на нивните студии.

Покрај ова, врз времетраењето на студиите влијаат и други чинители: регионалното потекло на студентите, односно противречноста меѓу селото и градот; успехот во средното училиште, видот на средното и високото образование, половата структура на студентите и сл.

Врз целокупниот процес на студирање, особено во изборот на видот на високото образование и успехот во студирањето, значајно место има и социјалната помош на студентите, изразена, пред сé, преку доделувањето на студентски стипендии, кредити и студентски домови и ресторани и тоа претежно за оние студенти кои имаат најмногу потреба за нив, а тоа се студентите од работничко и земјоделско потекло.

## 2. МЕТОДОТ И ПОСТАПКИТЕ ПРИМЕНЕТИ ВО ИСТРАЖУВАЊЕТО

а) <u>Приод кон проблемот на истражувањето</u>

Ова истражување се надоврзува на претходното мое истражување за влијанието на социјалното потекло на учениците во средното образование и неговото влијание врз изборот на видот на училиштето, врз нивното групирање во училиштето и надвор од него, врз успехот во учењето и врз аспирациите за продолжување на школувањето во установите на високото

образование. Ова истражување беше реализирано во учебната 1969/70 година во средните училишта во Скопје и всушност ја претставува мојата магистерска теза која е одбранета во јуни 1971 година.[42/]

Се разбира дека социјалната структура влијае не само во средното образование, туку и во вишото и високото, па оттука моето интересирање да се види како и колку таа влијае врз изборот на видот на вишото и високото образование, врз меѓусебното другарување и врз успехот во студиите. Истражувањето на оваа тема го започнав во текот на 1973 година, запознавајќи се прво со нецелосните статистички податоци, со проучувањето на соодветната литература што е истражувано и пишувано во Југославија и во светски рамки, со што и настана проектот на истражување. Самото емпириско прибирање на податоци е извршено во текот на учебната 1974/75 година, при што е собран мошне обемен емпириски материјал, кој бараше подолго време да се среди и обработи со цел да се искористи во анализата и докажувањето на изнесените претпоставки. Со тоа се заокружува сликата за влијанието на социјалната структура во средното и високото, а со тоа и во целокупниот систем на образование.

Но пред да се изнесат начинот, постапките и средствата на прибирање на емпирискиот материјал што, секако, беа обусловени од теориската разработка на истражувачкиот проблем и поимите што се сврзани со него, неопходно е да се укаже на методолошкиот приод.

---

42/ Вид. Георгиевски м-р Петре, Социјалното потекло и животната ориентација на средношколската младина, Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, Скопје, 1972.

Имено, од овој аспект, ова истражување се карактеризира со следното: прво, тоа се обидува и истовремено настојува да ги проучи и согледа причинските врски меѓу социјалната структура на студентите и изборот на видот на високото и вишото образование; социјалната структура и другарувањето и пошироко во меѓусебните однесувања на студентите и меѓу социјалната структура и успехот и ефикасноста (времетраењето) во студирањето; второ, ова истражување има и описен карактер, т.е. утврдување на основните белези на некоја варијабла и трето, тоа има хевристичка улога, т.е. давање на определени насоки за понатамошно систематско испитување на некои појави што се во врска со ова или, пак, произлегуваат од ова истражување.

Се разбира дека во секое научно истражување во општествените науки, овие три основни особини на истражувањето меѓусебно тесно се поврзани и испреплетени. Така на пример, без прецизен и опсежен опис на испитуваната општествена појава тешко може да се откријат причинско-последичните врски меѓу две или повеќе појави, а без сето тоа не може успешно да се укажува и на проблемите и појавите кои се во определена врска со испитуваната појава, а кои бараат посистематско научно посматрање и проучување.

Покрај влијанието на социјалната структура врз изборот на факултетот, меѓусебното другарување и успехот во студиите, влијаат и други фактори или чинители, меѓу кои можат да се спомнат следните: успехот во средното образование, времетраењето на припремањето на испитите и систематичноста во

студирањето воопшто, неформалните пријателски групи, средствата на масовна комуникација (меѓу кои посебно телевизијата, начинот и квалитетот на изведување на наставата и сл. Но кога и се расчленува влијанието на одделни фактори тешко е целосно да се измери во чиста форма и квантитативно да се изрази, пред сé затоа што ова влијание не се остварува автономно и одвоено, туку едновремено и во заемна поврзаност и дејствие со другите чинители. Оттука, тоталниот резултат на влијанието на многубројните чинители може само условно да се разложи на одделни белези. Освен тоа, методолошката постапка на повеќеструка корелација што дава обопштен квантитативен (математички) израз на влијанието на одделните чинители, овде не е применлива, затоа што многу чинители од социјална природа (занимањето на родителите и социјалната припадност на семејството, противречноста меѓу селото и градот, типот на завршеното средно училиште и сл.) не можат квантитативно да се изразат.

Во оваа смисла се јавува и еден друг вид тешкотии што се состои во неможноста целосно да се операционализираат определени поими изнесени во поимно-хипотетичката рамка на истражувањето. Така, на пример, за начинот на живеење на одделни општествени слоеви и на нивните припадници тешко е во потполност да се соберат емпириски податоци, особено за сите страни на процесот на социјализација. Исто е прашањето со културното рамниште и традиционалните вредности кои значајно влијаат врз процесот на воспитување и можностите за образование, односно за погледите, сфаќањата и аспирациите за образование на децата и младината со потекло од различните општествени

слоеви. Како квалитативен и во извесна смисла квантитативен атрибут е земено образованието на родителите, кое во основа го определува културното рамниште, но сепак само во основа и можеби во крајна линија, бидејќи врз него дејствуваат и други чинители.

Во ова истражување се тргнува (основниот методолошки приод) од конкретната социјална структура во СР Македонија и промените кои настанале во неа во последните дваесетина години; од одредени елементи за начинот на живеење на одделните општествени слоеви; за нивната општествена моќ и определено културно рамниште. Согледувајќи ги конкретните противречности во социјалната структура на Македонија во посматраниот период, токму се тргнува од општествената положба, општествената моќ и културното рамниште на работничката класа (и нејзините слоеви) во споредување со општествената положба, општествената моќ и културното рамниште на немануелните (неработничките) општествени слоеви. Ваквиот приод ќе се следи и врз проучувањето на влијанието на социјалната структура во високото образование, пред сè, врз изборот на видот на вишото и високото школство, врз другарувањето меѓу студентите и врз нивниот успех во студиите. Поради тоа, веднаш по овие методолошки напомени и образложенија следи едно поглавје за социјалната структура на СР Македонија, промените во неа и општествено-економската положба, општествената моќ и културното рамниште на одделните општествени слоеви.

Се разбира дека докрај не можат да се разберат влијанието на социјалната структура врз високото и вишото образование доколку не се "фрли" еден поглед и врз развојот на ова образование во нашата Република по ослободувањето и тоа според следните основни белези: развој според отворањето на одделни високошколски установи, движењето на бројот на студентите (на запишаните и дипломираните); движењето на бројот на наставниците и сл.

б) Примерок

Целите на примерокот за ова истражување непосредно произлегоа од целите на истражувањето што се изнесени во уводот. Имено, целта на примерокот се состои во тоа да се овозможи релативно брзо и поевтино да се приберат релевантни податоци со доволна систематичност и прецизност, и на тој начин да се создаде статистичка основа за анализа на социјалната структура и нејзиното влијание врз изборот на видот на вишото и високото образование, врз другарувањето меѓу студентите и врз нивниот успех во студирањето.

Ваквата цел на примерокот напоредно влијаеше врз дефинирањето на основниот збир на единиците на посматрање. Основниот скуп го сочинуваат сите виши и високошколски установи со сите студенти во СР Македонија во почетокот на учебната 1974/75 година. Тогаш постоеја дваесет виши и високи образовни установи со вкупно околу 38.000 редовни и вонредни студенти. Со цел да се определи репрезентативноста на примерокот и да се овозможи случаен избор на секундарните единици на посматрање, направен е речиси целосен попис на сите сту-

денти во наведената учебна година според претходно подготвен образец или пописен лист - "Студентски лист - 1" според следните белези: место (град) на високошколската установа и нејзиното име, насока, група, семестар, презиме и име на студентот, "режим" на студирање (редовно, вонредно), пол на студентот, националност; постојано место на живеење, занимање на таткото; степен на образование на таткото на студентот; успех во средното образование; среден успех на студии; дали прима стипендија или студентски кредит.[43/] Овој пописен "Студентски лист - 1" беше благовремено доставен преку писмо од Ректоратот на Универзитетот "Кирил и Методиј" од Скопје и Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања до сите виши и високообразовни установи во Републикава и беше вклопен со пријавите за запишување на студентите во септември, т.е. во пријавниот рок за запишување во учебната 1974/75 година. На тој начин по завршениот упис во септемврискиот редовен и ноемврискиот дополнителен (за оние студенти кои имаа заостанати испити од претходната учебна година) добиени се и употребливи за обработка 34.414 пописни листови, од кои 26.338 за редовни студенти и 8.076 за вонредни студенти. Треба да се одбележи дека овој вкупен број (34.414) на студенти во учебната 1974/75 година се разликува од статистичките податоци според кои вкупниот број изнесува 37.499 редовни и вонредни студенти, а според Извештајот на Универзитетот "Кирил и Методиј" тој број изнесува 32.389 студенти, не сметајќи ги веројатно вишите школи во Републикава.

---

43/ Вид. Прилог 1.

Така,во однос на вкупниот број на студенти што го дава статистиката, не се пополнети околу три илјади пописни листови од кои еден дел студенти не ги вратиле заедно со пријавите за запишување, а еден дел беа неупотребливи за обработка, бидејќи беа само делумно пополнети. Сепак тоа не ја намалува вкупната релевантност и доверливост на основниот збир на единиците на посматрање од кои, се избраа секундарните единици, односно вкупниот број на студенти во примерокот со цел тие да се анкетираат.

Вака добиените пополнети студентски листови се означија со кумулативни броеви од 0-34414, се исшифрираа и машински се обработија. Меѓутоа, сепак примерокот, т.е. секундарните единици на посматрање не се избраа од вкупниот број студенти (34.414), туку од вкупниот број на редовни студенти (26.338). Така, со оглед на тоа што на пописните листови беше назначено името и презимето на студентите се направија кумулативни списоци спрема видот на високообразовната установа по студиски години така што единиците на посматрање во примерокот се избрани според таблицата на случајните броеви процентуално според вкупниот број на студенти од секоја образовна установа сѐ до крајната граница на големината на примерокот која беше претходно определена. Оттука типот на примерокот е случаен избор на секундарните единици на посматрање.

Во планирањето на големината на примерокот се одлучив проценката на пропорцијата и на другите параметри на основниот збир да бидат на рамниште на 95-постотно доверливост, на која и одговара, според таблицата на нормалната крива, стандардна грешка б = 1,96. Со оглед на тоа што ќе се проценуваат

пропорции на различни нумерички белези, при одредувањето на големината на примерокот беше претпоставена најнеповолна варијанта на основниот збир, т.е. 0,25. Таа ќе биде толкава во случај кога пропорцијата е еднаква $\bar{б}$ = 0,5.

$$P \cdot Q = (0,5)(0,5) = 0,25$$

Во таков случај се определив за толеранција на интервал на грешка d = 0,05.

Големината на примерокот е пресметана според образецот

$$n = \frac{б^{2}(\frac{Q}{P})}{d^{2}}$$

n = големина на примерокот
$\bar{б}$ = стандардна грешка
d = интервал на грешка

Ако овие ознаки се заменат со соодветни вредносни броеви, ќе се добие број на единици што треба да се изберат во примерокот.

$$n = \frac{1,96^{2}(\frac{0,5}{0,5})}{0,05^{2}} = \frac{3,8416}{0,0025} = 1537$$

Со оглед дека основниот збир на редовните студенти во СР Македонија во учебната 1974/75 година изнесува 26.338 студенти, добиената фреквенција на избирање е поголема од 0,05, поради што требаше да се земе предвид факторот на корекција кој е пресметан според образецот:

$$n = \frac{n_1}{1 + \frac{n_1}{N}}$$

каде, $n_1$ = број на единици што треба да се изберат од основниот збир на примарните единици

N = број на единици во основниот збир

Ако овие знаци се заменат со нумеричките вредности, тогаш ќе се добие следната големина на примерокот:

$$n = \frac{1.537}{1+\frac{1.537}{26.338}} = 1.448,91$$

што може да се заокружи на 1.450 секундарни единици, односно што ја претставува големината на примерокот; а тоа изнесува 5,51% од вкупниот број редовни студенти (26.338).

Репрезентативноста на примерокот е тестирана во однос на основниот скуп според следните белези: полот на студентот, занимањето и образованието на таткото на студентот, постојаното место на живеење (Скопје, друг град, село) и успехот во средното училиште. Тоа може да се согледа од табелите што следат:

ТАБЕЛА - А

РЕДОВНИТЕ СТУДЕНТИ СПОРЕД ПОЛОТ И ВИДОТ НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ (ПОПИС - АНКЕТА)

во %

| Вид на високото образование | Пол | | | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Машки | | Женски | | | |
| | Попис (осн.стат.м.) | Анкета (примерок) | Попис | Анкета | Попис | Анкета |
| ПРАВЕН | 8,6 | 9,3 | 7,6 | 6,7 | 16,1 | 16,1 |
| ЕКОНОМСКИ | 8,2 | 9,4 | 6,2 | 5,0 | 14,2 | 14,4 |
| ФИЛОЗОФСКО-ИСТОРИСКИ | 1,9 | 1,8 | 3,3 | 3,4 | 5,2 | 5,2 |
| ФИЛОЛОШКИ | 1,0 | 1,0 | 2,7 | 2,7 | 3,7 | 3,7 |
| ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ | 2,0 | 1,7 | 2,3 | 2,7 | 4,4 | 4,3 |
| МЕДИЦИНСКИ | 3,6 | 3,4 | 3,9 | 4,0 | 7,5 | 7,4 |
| ЗЕМЈОДЕЛСКО-ШУМАРСКИ | 3,9 | 3,7 | 0,6 | 0,8 | 4,6 | 4,6 |
| АРХИТЕКТОНСКО-ГРАДЕЖЕН | 7,2 | 7,8 | 3,5 | 3,0 | 10,8 | 10,7 |
| ЕЛЕКТРО-МАШИНСКИ | 11,7 | 11,8 | 1,1 | 1,0 | 12,8 | 12,8 |
| ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИ | 3,6 | 4,0 | 2,3 | 1,9 | 5,9 | 5,9 |
| ВИСОКИ ШКОЛИ | 2,3 | 2,4 | 2,3 | 2,2 | 4,6 | 4,6 |
| ВИШИ ШКОЛИ | 7,1 | 7,5 | 3,0 | 2,6 | 10,1 | 10,1 |
| СЀ: | 61,1 (16.098) | 63,9 (926) | 38,9 (10.239) | 36,1 (524) | 100,0 (26.337) | 100,0 (1.450) |

$X_1^2 = 15,79 \quad P > 0,01 \; ; \; DF = 33$

$X_2^2 = 0,01 \quad P > 0,01 \; ; \; DF = 11$

$X_3^2 = 4,57 \quad P > 0,01 \; ; \; DF = 3$

$X_1^2$ = хи квадрат во однос на вкупниот број редовни студенти од пописот и анкетата според полот и видот на високото образование

$X_2^2$ = хи квадрат во однос на пописот и анкетата само според видот на факултетот, односно високото образование

$X_3^2$ = хи квадрат во однос на пописот и анкетата само според полот.

ТАБЕЛА – $A_1$

## РЕДОВНИТЕ СТУДЕНТИ СПОРЕД ПОЛОТ И ВИДОТ НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ (ПОПИС – АНКЕТА)

во %

| Вид на високото образование | П о л | | | | В к у п н о | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | М а ш к и | | Ж е н с к и | | | |
| | Попис (осн.стат.м.) | Анкета (примерок) | Попис | Анкета | Попис | Анкета |
| ПРАВЕН | 53,3 | 57,9 | 46,7 | 42,1 | 100,0 (4.233) | 100,0 (233) |
| ЕКОНОМСКИ | 57,1 | 65,1 | 42,9 | 34,9 | 100,0 (3.792) | 100,0 (209) |
| ФИЛОЗОФСКО-ИСТОРИСКИ | 35,9 | 34,2 | 64,1 | 65,8 | 100,0 (1.365 | 100,0 (76) |
| ФИЛОЛОШКИ | 26,2 | 27,8 | 73,8 | 72,2 | 100,0 (980) | 100,0 (54) |
| ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ | 46,6 | 38,1 | 53,4 | 61,9 | 100,0 (1.149) | 100,0 (63) |
| МЕДИЦИНСКИ | 48,3 | 46,3 | 51,7 | 53,7 | 100,0 (1.970) | 100,0 (108) |
| ЗЕМЈОДЕЛСКО-ШУМАРСКИ | 86,1 | 81,8 | 13,9 | 18,2 | 100,0 (1.204) | 100,0 (66) |
| АРХИТЕКТОНСКО-ГРАДЕЖЕН | 67,1 | 72,4 | 32,9 | 27,6 | 100,0 (2.840) | 100,0 (156) |
| ЕЛЕКТРО-МАШИНСКИ | 91,5 | 92,4 | 8,5 | 7,6 | 100,0 (3.361) | 100,0 (185) |
| ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИ | 60,3 | 67,4 | 39,7 | 32,6 | 100,0 (1.566) | 100,0 (86) |
| ВИСОКИ ШКОЛИ | 49,3 | 52,2 | 50,7 | 47,8 | 100,0 (1.218) | 100,0 (67) |
| ВИШИ ШКОЛИ | 70,7 | 74,1 | 29,3 | 25,9 | 100,0 (2.659) | 100,0 (147) |
| СÉ: | 61,1 | 63,9 | 38,9 | 36,1 | 100,0 (26.337) | 100,0 (1.450) |

ТАБЕЛА - Б

## СТУДЕНТИТЕ СПОРЕД ЗАНИМАЊЕТО НА ТАТКОТО И ВИДОТ НА ОБРАЗОВАНИЕТО (ПОПИС - АНКЕТА)

| Вид на високото образование | Занимање на таткото | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | НКВ и ПКВ работник | | КВ работник | | ВКВ работник | | СЕ работници | | Земјоделци | | Приватни занаетчии | | Средно-стручњаци | | Високо-стручњаци | | Раководители | | Пензионери | | Друго | | | |
| | П | А | П | А | П | А | П | А | П | А | П | А | П | А | П | А | П | А | П | А | П | А | П | А |
| ПРАВЕН | 6,2 | 10,3 | 16,1 | 14,2 | 13,3 | 11,2 | 35,6 | 35,6 | 10,6 | 11,6 | 3,5 | 1,7 | 21,5 | 18,5 | 8,6 | 8,6 | 7,2 | 9,0 | 12,2 | 14,6 | 1,2 | - | 100,0 (4.233) | 100,0 (233) |
| ЕКОНОМСКИ | 7,2 | 7,7 | 11,8 | 8,6 | 13,2 | 11,5 | 32,3 | 27,8 | 8,4 | 11,0 | 3,2 | 1,9 | 21,2 | 14,8 | 10,8 | 17,2 | 7,8 | 10,1 | 14,2 | 16,8 | 2,1 | - | 100,0 (3.792) | 100,0 (209) |
| ФИЛОЗОФСКО-ИСТОРИСКИ | 4,8 | 4,0 | 15,8 | 7,9 | 15,7 | 14,5 | 36,3 | 26,3 | 11,4 | 10,5 | 3,1 | 1,3 | 17,2 | 17,1 | 8,6 | 9,2 | 9,2 | 10,5 | 12,3 | 22,4 | 1,8 | - | 100,0 (1.365) | 100,0 (76) |
| ФИЛОЛОШКИ | 3,7 | 5,6 | 12,6 | 13,0 | 13,0 | 9,3 | 29,2 | 27,8 | 10,6 | 5,6 | 2,7 | 1,9 | 19,0 | 35,2 | 11,1 | 13,0 | 7,1 | 7,4 | 18,2 | 9,3 | 2,1 | - | 100,0 (980) | 100,0 (54) |
| ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ | 5,3 | 9,5 | 13,3 | 14,3 | 13,0 | 19,1 | 31,6 | 42,9 | 12,2 | 7,9 | 4,3 | 6,4 | 15,4 | 14,3 | 16,7 | 17,5 | 3,6 | 1,6 | 15,7 | 7,9 | 0,7 | - | 100,0 (1.149) | 100,0 (63) |
| МЕДИЦИНСКИ | 3,7 | 6,5 | 8,8 | 13,9 | 9,9 | 8,3 | 22,4 | 28,7 | 7,0 | 10,2 | 3,1 | 0,9 | 21,1 | 17,6 | 21,9 | 22,2 | 9,6 | 8,3 | 13,3 | 11,1 | 1,6 | - | 100,0 (1.970) | 100,0 (108) |
| ЗЕМЈОДЕЛСКО-ШУМАРСКИ | 9,5 | 10,6 | 18,4 | 16,7 | 9,6 | 6,1 | 37,5 | 33,3 | 24,1 | 24,2 | 2,7 | 9,1 | 10,2 | 13,6 | 4,0 | 4,5 | 3,7 | 4,5 | 17,3 | 10,6 | 0,7 | - | 100,0 (1.204) | 100,0 (66) |
| АРХИТЕКТОНСКО-ГРАДЕЖЕН | 3,3 | 4,5 | 8,5 | 7,1 | 15,0 | 10,9 | 26,8 | 22,4 | 6,4 | 5,8 | 2,9 | 3,8 | 21,7 | 24,4 | 15,1 | 17,3 | 8,5 | 7,7 | 16,8 | 18,0 | 1,9 | - | 100,0 (2.840) | 100,0 (156) |
| ЕЛЕКТРО-МАШИНСКИ | 5,1 | 7,6 | 10,7 | 10,8 | 14,2 | 15,7 | 29,9 | 34,1 | 8,6 | 5,4 | 2,9 | 3,2 | 19,2 | 17,8 | 13,8 | 15,7 | 9,1 | 6,0 | 14,9 | 17,8 | 1,6 | - | 100,0 (3.361) | 100,0 (185) |
| ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИ | 5,8 | 3,5 | 12,8 | 7,0 | 13,9 | 12,8 | 32,4 | 23,3 | 10,4 | 15,1 | 3,5 | 1,2 | 18,1 | 12,8 | 10,3 | 4,7 | 7,1 | 14,0 | 16,9 | 29,1 | 3,1 | - | 100,0 (1.566) | 100,0 (86) |
| ВИСОКИ ШКОЛИ | 7,6 | 17,9 | 23,5 | 17,9 | 13,1 | 9,0 | 44,2 | 44,8 | 16,9 | 14,9 | 7,1 | 7,5 | 14,4 | 14,9 | 4,1 | 3,0 | 3,6 | 3,0 | 8,5 | 11,9 | 1,2 | - | 100,0 (1.218) | 100,0 (67) |
| ВИШИ ШКОЛИ | 11,3 | 21,8 | 20,3 | 17,0 | 12,6 | 11,5 | 44,2 | 50,3 | 19,9 | 16,3 | 2,7 | 0,7 | 13,4 | 12,9 | 2,9 | 2,7 | 2,0 | 1,4 | 11,2 | 15,0 | 3,7 | 0,7 | 100,0 (2.658) | 100,0 (147) |
| СЕ: | 6,2 | 9,2 | 13,8 | 11,9 | 13,2 | 11,8 | 33,2 | 33,0 | 11,2 | 11,0 | 3,3 | 2,8 | 18,7 | 17,5 | 10,9 | 12,0 | 6,9 | 7,3 | 14,0 | 15,9 | 1,8 | - | 100,0 (26.337) | 100,0 (1.450) |

$X_1^2 = 106{,}59$ $P > 0{,}01$ ; DF = 231  $X_1^2$ = Во однос на пописот и анкетата според занимањето на таткото и видот на образованието.

$X_2^2 = 0{,}01$ $P > 0{,}01$ ; DF = 11  $X_2^2$ = Според видот на образованието.

$X_3^2 = 5{,}05$ $P > 0{,}01$ ; DF = 21  $X_3^2$ = Само според занимањето на таткото на студентот

ТАБЕЛА - В

## СТУДЕНТИТЕ СПОРЕД СТЕПЕНОТ НА ОБРАЗОВАНИЕТО НА ТАТКОТО И ВИДОТ НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ (ПОПИС - АНКЕТА)

| Вид на високото образование | Степен на образование на таткото | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Неписмен | | Самоук | | Четири одел. основно | | Осумгодишно | | Училиште за КВ работ. | | Училиште за ВКВ раб | | Средно-стручно | | Гимназија | | Виша школа | | Висока (факултет) | | Без одгов. | | | |
| | П | А | П | А | П | А | П | А | П | А | П | А | П | А | П | А | П | А | П | А | П | А | П | А |
| ПРАВЕН | 1,4 | 0,4 | 2,0 | 4,3 | 16,9 | 19,3 | 19,4 | 15,9 | 7,7 | 7,7 | 9,4 | 9,4 | 14,8 | 13,3 | 5,0 | 4,7 | 9,8 | 12,4 | 9,6 | 11,6 | 4,2 | 0,9 | 100,0 | 100,0 |
| ЕКОНОМСКИ | 0,6 | 1,4 | 2,0 | 3,3 | 13,0 | 12,4 | 15,5 | 21,5 | 5,8 | 3,8 | 10,3 | 12,0 | 14,9 | 15,3 | 4,9 | 4,8 | 12,9 | 7,7 | 16,6 | 17,2 | 3,6 | 0,5 | 100,0 | 100,0 |
| ФИЛОЗОФСКО-ИСТОРИСКИ | 1,8 | 2,6 | 2,7 | 2,6 | 16,1 | 18,4 | 16,7 | 23,8 | 6,5 | 6,6 | 13,0 | 10,5 | 13,0 | 18,4 | 5,2 | 6,6 | 10,8 | 2,6 | 10,5 | 6,6 | 3,7 | 1,3 | 100,0 | 100,0 |
| ФИЛОЛОШКИ | 1,6 | 3,7 | 2,2 | 3,7 | 15,0 | 16,7 | 14,7 | 20,4 | 7,0 | 5,5 | 9,8 | 14,8 | 14,1 | 18,5 | 6,3 | 5,5 | 12,7 | 5,6 | 12,6 | 5,6 | 4,0 | - | 100,0 | 100,0 |
| ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ | 1,8 | 3,2 | 2,2 | 3,2 | 16,6 | 20,6 | 16,0 | 19,1 | 7,2 | 3,2 | 9,2 | 17,5 | 14,4 | 6,3 | 5,5 | 6,3 | 8,0 | 7,9 | 10,5 | 12,7 | 8,5 | - | 100,0 | 100,0 |
| МЕДИЦИНСКИ | 1,2 | - | 0,9 | 8,9 | 7,3 | 8,3 | 9,1 | 13,9 | 3,8 | - | 8,7 | 7,4 | 14,3 | 15,8 | 4,1 | 7,4 | 13,8 | 10,2 | 30,2 | 36,1 | 6,7 | - | 100,0 | 100,0 |
| ЗЕМЈОДЕЛСКО-ШУМАРСКИ | 2,0 | - | 5,0 | 9,1 | 28,8 | 27,3 | 24,8 | 28,8 | 9,1 | 9,1 | 5,3 | 6,1 | 9,5 | 9,1 | 3,5 | 3,0 | 5,7 | 4,5 | 4,7 | 3,0 | 1,7 | - | 100,0 | 100,0 |
| АРХИТЕКТОНСКО-ГРАДЕЖЕН | 0,6 | - | 2,2 | 0,7 | 11,1 | 11,5 | 13,6 | 15,4 | 5,5 | 6,4 | 11,5 | 7,7 | 18,6 | 22,4 | 6,7 | 8,3 | 12,6 | 7,7 | 17,5 | 19,9 | 0,3 | - | 100,0 | 100,0 |
| ЕЛЕКТРО-МАШИНСКИ | 1,4 | 0,5 | 2,1 | 1,6 | 14,9 | 14,6 | 13,9 | 14,1 | 6,5 | 11,9 | 11,3 | 9,2 | 15,6 | 19,4 | 5,4 | 3,8 | 10,2 | 9,2 | 16,8 | 15,7 | 1,9 | - | 100,0 | 100,0 |
| ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИ | 1,7 | 1,2 | 2,3 | 4,7 | 15,6 | 15,1 | 16,8 | 20,9 | 7,9 | 12,8 | 10,7 | 14,0 | 14,8 | 17,4 | 6,3 | - | 9,1 | 4,6 | 12,3 | 9,3 | 2,5 | - | 100,0 | 100,0 |
| ВИСОКИ ШКОЛИ | 1,9 | - | 3,6 | 4,5 | 21,0 | 37,3 | 22,9 | 30,0 | 13,5 | 2,9 | 10,2 | 10,4 | 12,8 | 7,5 | 2,8 | - | 4,5 | 4,5 | 3,8 | 2,9 | 3,0 | - | 100,0 | 100,0 |
| ВИШИ ШКОЛИ | 3,6 | 5,4 | 4,8 | 6,1 | 27,9 | 21,8 | 21,7 | 25,8 | 8,8 | 10,9 | 8,2 | 8,2 | 10,7 | 13,6 | 3,5 | 4,1 | 4,6 | 2,0 | 3,1 | 1,4 | 3,1 | 0,7 | 100,0 | 100,0 |
| СÈ: | 1,5 | 1,4 | 2,5 | 3,4 | 16,4 | 17,2 | 16,8 | 19,5 | 7,1 | 7,1 | 9,1 | 10,1 | 14,4 | 15,5 | 5,0 | 4,8 | 8,4 | 7,4 | 12,0 | 13,3 | 6,1 | 0,3 | 100,0 | 100,0 |

$X_1^2 = 143,09$ $P > 0,01$ $DF = 209$

$X_2^2 = 0,50$ $P > 0,01$ $DF = 11$

$X_3^2 = 21,12$ $P > 0,01$ $DF = 19$

$X_1^2$ = Според степенот на образование на таткото на студентот и видот на високото образование.

$X_2^2$ = Според видот на високото образование.

$X_3^2$ = Според степенот на образование на таткото на студентот.

ТАБЕЛА - Г

## СТУДЕНТИТЕ СПОРЕД ПОСТОЈНОТО МЕСТО НА ЖИВЕЕЊЕ И ВИДОТ НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ (ПОПИС - АНКЕТА)

во %

| Вид на високото образование | Постојано место на живеење | | | | | | | | | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Скопје | | Друг град во СРМ | | Друг град во друга соц.реп. | | Село | | Друго и без одговор | | | |
| | П | А | П | А | П | А | П | А | П | А | П | А |
| ПРАВЕН | 27,8 | 30,9 | 51,3 | 50,2 | 4,5 | 4,7 | 15,0 | 14,2 | 1,5 | - | 100,0 | 100,0 |
| ЕКОНОМСКИ | 45,4 | 49,5 | 40,7 | 41,1 | 1,6 | 0,5 | 12,1 | 13,9 | 0,3 | - | 100,0 | 100,0 |
| ФИЛОЗОФСКО-ИСТОРИСКИ | 44,2 | 48,7 | 35,5 | 22,4 | 5,6 | 7,9 | 12,8 | 21,0 | 2,0 | - | 100,0 | 100,0 |
| ФИЛОЛОШКИ | 43,8 | 44,4 | 34,0 | 29,6 | 6,1 | 7,4 | 14,4 | 16,7 | 1,7 | 1,9 | 100,0 | 100,0 |
| ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ | 42,4 | 47,6 | 31,8 | 23,8 | 8,4 | 15,9 | 15,3 | 11,1 | 2,1 | 1,6 | 100,0 | 100,0 |
| МЕДИЦИНСКИ | 39,8 | 34,3 | 42,6 | 50,0 | 3,9 | 3,7 | 10,1 | 8,3 | 3,6 | 3,7 | 100,0 | 100,0 |
| ЗЕМЈОДЕЛСКО-ШУМАРСКИ | 8,8 | 10,6 | 50,9 | 54,6 | 2,7 | 30,0 | 32,6 | 28,8 | 4,9 | 3,0 | 100,0 | 100,0 |
| АРХИТЕКТОНСКО-ГРАДЕЖЕН | 62,0 | 60,9 | 20,7 | 22,4 | 6,2 | 5,8 | 8,1 | 9,6 | 3,0 | 1,3 | 100,0 | 100,0 |
| ЕЛЕКТРО-МАШИНСКИ | 48,2 | 49,7 | 32,2 | 29,2 | 5,7 | 7,6 | 12,9 | 13,0 | 1,0 | 0,5 | 100,0 | 100,0 |
| ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИ | 34,0 | 34,9 | 42,9 | 53,5 | 5,9 | 2,3 | 13,8 | 9,3 | 3,4 | - | 100,0 | 100,0 |
| ВИСОКИ ШКОЛИ | 8,6 | 11,9 | 73,2 | 77,6 | 3,8 | 4,5 | 10,6 | 4,5 | 3,8 | 1,5 | 100,0 | 100,0 |
| ВИШИ ШКОЛИ | 14,5 | 12,9 | 44,6 | 46,3 | 10,5 | 17,0 | 27,4 | 21,8 | 3,0 | 2,0 | 100,0 | 100,0 |
| СÉ: | 36,9 | 37,5 | 40,9 | 41,1 | 5,2 | 6,3 | 14,9 | 14,1 | 2,1 | 1,0 | 100,0 | 100,0 |

$X_1^2 = 41,73$ P > 0,01 DF = 77 (Без колоната "друго")

$X_2^2 = 0,14$ P > 0,01 DF = 11

$X_3^2 = 3,62$ P > 0,01 DF = 7

$X_1^2$ = според видот на високото образование и постојаното место на живеење

$X_2^2$ = според видот на високото образование

$X_3^2$ = според постојното место на живеење

ТАБЕЛА - Д

## СТУДЕНТИТЕ СПОРЕД УСПЕХОТ ВО СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ И ВИДОТ НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

во %

| Видот на високото образование | Успех во средното образование | | | | | | | | | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Доволен | | Добар | | Многу добар | | Одличен | | Не завршил средно учил. и без одгов. | | | |
| | П | А | П | А | П | А | П | А | П | А | П | А |
| ПРАВЕН | 23,8 | 34,3 | 42,1 | 39,1 | 19,6 | 12,4 | 11,0 | 11,6 | 3,5 | - | 100,0 | 100,0 |
| ЕКОНОМСКИ | 18,1 | 28,2 | 33,2 | 38,3 | 23,8 | 17,7 | 19,4 | 15,8 | 5,5 | - | 100,0 | 100,0 |
| ФИЛОЗОФСКО-ИСТОРИСКИ | 22,1 | 27,6 | 42,1 | 46,1 | 23,5 | 19,7 | 9,5 | 6,6 | 2,8 | - | 100,0 | 100,0 |
| ФИЛОЛОШКИ | 11,7 | 24,1 | 40,8 | 38,9 | 27,4 | 18,5 | 17,1 | 18,5 | 3,0 | - | 100,0 | 100,0 |
| ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ | 11,6 | 17,5 | 35,6 | 36,5 | 27,3 | 30,1 | 22,3 | 15,9 | 3,0 | - | 100,0 | 100,0 |
| МЕДИЦИНСКИ | 1,0 | - | 11,0 | 13,0 | 24,2 | 33,3 | 61,5 | 53,7 | 2,4 | - | 100,0 | 100,0 |
| ЗЕМЈОДЕЛСКО-ШУМАРСКИ | 26,3 | 39,4 | 47,7 | 45,4 | 18,5 | 9,1 | 6,2 | 6,1 | 1,3 | - | 100,0 | 100,0 |
| АРХИТЕКТОНСКО-ГРАДЕЖЕН | 8,5 | 10,3 | 39,2 | 47,4 | 30,6 | 26,9 | 20,2 | 15,4 | 1,4 | - | 100,0 | 100,0 |
| ЕЛЕКТРО-МАШИНСКИ | 9,4 | 14,0 | 32,5 | 38,4 | 29,5 | 29,2 | 27,6 | 18,4 | 1,0 | - | 100,0 | 100,0 |
| ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИ | 10,3 | 19,8 | 34,0 | 38,3 | 27,2 | 22,1 | 27,2 | 19,8 | 1,3 | - | 100,0 | 100,0 |
| ВИСОКИ ШКОЛИ | 30,5 | 37,3 | 36,8 | 34,4 | 16,7 | 11,9 | 5,6 | 10,4 | 10,4 | 6,0 | 100,0 | 100,0 |
| ВИШИ ШКОЛИ | 29,1 | 39,5 | 46,5 | 46,9 | 17,7 | 8,8 | 5,2 | 4,1 | 1,5 | 0,7 | 100,0 | 100,0 |
| СЀ: | 16,9 | 24,3 | 36,6 | 38,9 | 23,9 | 19,8 | 19,6 | 16,2 | 3,0 | 0,8 | 100,0 | 100,0 |

$X_1^2$ = 118,05    $P < 0,5$    DF = 77

$X_2^2$ = 0,01    $P > 0,01$    DF = 11

$X_3^2$ = 79,45    $P < 0,5$    DF = 3

$X_1^2$ = според видот на високото образование и успехот во средното образование

$X_2^2$ = според видот на високото образование

$X_3^2$ = според успехот во средното образование

Со овие табеларни прегледи се изнесени карактеристиките на применетиот примерок во поглед на неговата репрезентивност. Така споредувајќи ги процентите и пресметаните хи-квадрати меѓу одделните белези (полот, занимањето и образованието на таткото на студентот, неговото место на постојано живеење и успехот во средното образование) на основниот збир (пописот) и примерокот (анкетата) може во целина земено да се констатира дека примерокот е репрезентативен. Во поглед на полот, занимањето и степенот на образование на таткото на студентот и неговото постојано место на живеење постои висок степен на согласност (односно репрезентативност) меѓу основниот збир и примерокот, додека во однос на успехот во средното училиште таа согласност е знатно помала, дури врз основа на хи-квадрат разликата на рамниште 0,5 значајност е значајна ($X^2_3$ = 73,45 P 0,5). Таа разлика со еден дел може, на извесен начин да се протолкува со фактот што и при пописната листа - 1 и при пополнувањето на прашалникот во анкетата студентот поради субјективни причини дал и различни одговори, особено оние студенти кои биле на граничните просечни оценки (меѓу доволен и добар, меѓу добар и многу добар, меѓу многу добар и одличен). И покрај тоа, секако репрезентативноста на примерокот и неговата адекватност неможат да се доведат во сомнение токму поради високиот степен на совпаѓање и репрезентативност кај другите белези и особено кај основниот - занимањето на таткото на студентот.

в) Извори на податоците

Веќе самите пополнети пописни листи - "Студентски лист - 1" (34.414) претставуваат еден вид изворен материјал

иако ограничен на неколку белези, сепак мошне значаен токму од аспект на социјалната структура на студентите, нивниот распоред по одделни факултети и виши школи; успехот во средното училиште и во високото образование и сл. Добиените резултати од овие пописни листи ќе се ползуваат во понатамошната анализа.

Сепак целта на пописните листи беше, како што е претходно истакнато да се создаде репрезентативен примерок како основа за изведување на анкетното испитување кое поширокo и подлабоко ќе навлезе во истражуваните проблеми.

Основните цели на анкетата произлегоа од целите на целокупното истражување, а се состојат во тоа преку неа да се добијат релевантни, доволно систематски и доверливи податоци за социјалната структура на студентите и нејзиното влијание врз изборот на факултетот, високата и вишата школа, нивното меѓусебно другарување и успехот во студиите, опфаќајќи ги сите високошколски установи во СР Македонија, во учебната 1974/75 година.

Изработката на прашалникот за ова истражување претставуваше една од сложените задачи, каде што теориската замисла тесно се поврзува со методолошката. Во таа смисла се настојуваше теориските поими и претпоставки што попрецизно и поедноставно да се операционализираат, односно што поконкретно да се формулираат прашањата во прашалникот кои ќе овозможат да се добијат релевантни одговори (податоци) за појавите кои се предмет на истражувањето. Во врска со содржината на прашањата, односно видот на податоците што требаше да се приберат, прашалникот опфати: прашања за личните податоци на

студентот, прашања за објективните белези на испитуваните појави и прашања за мислењата и ставовите на студентите за определени проблеми.

Пред конечната формулација на прашањата во прашалникот, разработените теориски ставови операционално беа изразени преку определени индикатори (показатели) кои најјасно израз добија во конечната формулација на прашањата во прашалникот.. Поради тоа овде нема потреба да се изнесуваат тие (индикаторите) со оглед на тоа што прашалникот целосно е даден во Прилогот - 2.

Во самата формулација на прашањата беше водено сметка за јазикот, односно јазичната форма и структура на самите прашања, што не претставуваше посебна тешкотија, бидејќи сите анкетирани студенти се наоѓаат на ист степен на школување и поради тоа што поголемиот број прашања се однесуваат до објективните белези што можеа да се изразат со поедноставен јазик. Исто така, се настојуваше редоследот на прашањата да биде што поприроден и пологичен, односно да претставува една целина. Во прашалникот беа формулирани 62 прашања од кои еден број од отворен, а друг од затворен тип.

И покрај ова, прашалникот беше тестиран, т.е. проверен на 96 студенти од Филолошкиот и Земјоделскиот факултет во Скопје, т.е. на оние студенти на кои им одржував настава по предметот "Основи на марксизмот" (втора година студии). Таа проверка на прашалникот имаше за цел: 1) да се види дали прашањата и добиените одговори се релевантни за целите на анкетата, а со тоа и на истражувањето во целина; 2) дали прашањата во прашалникот претставуваат јасно операционали-

зирани теориски ставови и дали одговараат на животното искуство на студентите; 3) дали е јасна јазичната формулација на прашањата; и 4) дали временската должина на разговорот влијае врз замореноста и заинтересираноста на студентите. Проверката на прашалникот покажа дека тој е соодветен на животното искуство на студентите и дека не постои проблем во јазичната формулација на прашањата и дека ги мотивира студентите да дадат попотполни одговори на прашањата како и тоа дека тој може да се пополни за еден училишен час.

Анкетирањето се изведуваше во летниот семестар во учебната 1974/75 година, и тоа по студиски години за време на часовите по семинарски вежби кога редовните студенти задолжително се присутни според претходно направените списоци. Пополнувањето на прашалниците се изведуваше групно, т.е. на самиот семинарски час пополнувајќи го индивидуално прашалникот секој студент што беше избран за анкетирање, откако однапред на целата група им беа објаснети целите на анкетата и истражувањето како и начинот на пополнување на прашањата, особено оние што се дадени во вид на табеларен преглед. Во поголемиот дел анкетирањето го изведе авторот на оваа студија, а во друг дел наставниците и соработниците (асистентите) кои одржуваа настава со соодветните студенти.

Содржинската и логичката контрола на пополнетите анкетни прашалници покажа дека прашалниците во целина земено, се совесно пополнети и дека тие се употребливи за понатамошна обработка на податоците што се изведе машински, откако претходно беше направен кодексот за шифрирање и планот на об-

работка (вкрстосување) на прашањата во прашалникот. Овие дејствија беа насочувани од теориско-хипотетичката рамка на истражувањето.

И покрај тоа што и во пописниот лист "Студентски лист - 1" и во анкетниот прашалник се наоѓаа прашања за успехот на студентите во текот на студиите (вкупно просечна оценка и просечна оценка по студиски години) сепак, имајќи предвид дека за овој податок студентите секогаш малку "поуспешно" ќе се прикажуваат отколку што е тоа стварно, настојував да се пронајде пообјективен показател за успехот во текот на студиите поврзан со социјалната структура, од една страна, а од друга да се покаже во зависност пак од социјалната структура колку години просечно трае студирањето. Во студентската документација такви објективни податоци даваат тнр. студентски картони што се водат во три примероци (од кои еден се доставува до Ректоратот) при одделенијата за студентски прашања на секоја високообразовна установа на Универзитетот "Кирил и Методиј" во Скопје. Овие студентски картони се водат за секој запишан студент па сѐ до неговото дипломирање така што може сосема јасно да се види времетраењето на студирањето; движењето на успехот по наставни предмети, години, постојаното место на живеење, занимањето на родителите, видот на завршеното средно училиште и успехот во него, дали има детски додаток или стипендија, дали е вработен и каде, кога апсолвирал и кога дипломирал и сл. (вид. Прилог - 3).

Ваквите податоци од студентските картони за дипломираните студенти на Универзитетот "Кирил и Методиј" од Скопје рачно се обработени за пет дипломирани генерации во учеб-

ните: 1969/70; 1970/71; 1971/72; 1972/73 и 1973/74 година. Податоците во вид на табеларни прегледи се анализираат во поглавјето за влијанието на социјалната структура на студентите врз успехот на нивните студии. Тука исто така не се работи за примерок туку за целосно опфаќање на дипломираните студенти на овој Универзитет во наведените учебни години.

На ова се надоврзува и статистичката документација што ја води секоја високообразовна институција и Ректоратот во целина и кои ги соопштуваат обично во годишните извештаи за нивната работа, така што и тие се ползувани во прибирањето на соодветните податоци.

Пошироко земено статистичката документација како извор на податоци послужи за четвртото поглавје (IV) - Социјалната структура на СР Македонија, нејзините промени и особености и развојот на високото и вишото образование во Македонија по нејзиното ослободување - поглавја кои се наоѓаат во четвртиот дел што следи веднаш по овие методолошки напомени. Тука спаѓаат податоци од статистичките годишници и книгите на пописите на населението во 1953, 1961 и 1971 година за следните основни белези: за општествено-економскиот развој на Македонија (според општествениот производ, развојот на индустријата, инвестиционите вложувања; бројот на вработени - активно население според дејностите, квалификационата и образовна структура на вработеното население)- податоци без кои целосно не можат да се сфатат промените во социјалната структура на вкупното население во Македонија. Овие податоци се споредени со истите за другите социјалистички републики и покраини и СФРЈ како целина.

Меѓутоа, најголемата тешкотија се состои токму во речиси неупотребливоста на податоците за социјалната структура, односно несоодветноста на класификациите на занимања што е карактеристично за сите повоени пописи на населението во Југославија и што е уште понесфатливо различните класификации при машинската обработка на податоците за занимањето на главата на домаќинството и за другите членови, во кои се тргнува од дејноста, а не од занимањето.

И покрај тоа, се обидов најшироките класификации од пописите во 1953 година и 1971 година со определена прегрупација и со одвојување на одделни подгрупи и нивно прекласифицирање да формирам определени групи кои само грубо и апроксимативно и ориентационо изразуваат определени општествени класи и слоеви и кои можат само како такви да послужат во анализата за промените во социјалната структура на Македонија за последните дваесетина години од нејзиниот развој.

Меѓутоа, значењето на барем приближното определување на социјалната структура на вкупното население на СР Македонија според пописот на населението од 1971 година, тргнувајќи од поимно-теориската рамка на истражувањето има мошне големо значење и од еден друг методолошки аспект, а тој се состои во тоа што без оваа социјална структура не можат да се пресметаат индексите и стапките на застапеност на одделните општествени класи и слоеви во високото образование, што претставуваат мошне значајни показатели на степенот на влијание на социјалната структура во високото образование. Како овие показатели ќе се пресметаат ќе стане збор малку подоцна.

Ова беше потребно да се направи и поради тоа што класификациите на занимањата за вкупното население како што се на пример индивидуални земјоделци, индустриски работници, трговско особје; сообраќајно особје (во кое патем речено спаѓа и работникот на одржување на чистотата и генералниот директор на ЖТП!, значи дејноста, а не занимањето), особје на услуги и заштита итн., воопшто не е споредлива со социјалната структура на студентите која обично се дава (во статистичката документација и во извештаите за работа на високошколските установи) како тричлена: работници, службеници, земјоделци. Ваквите статистички класификации на занимањата, односно на општествените слоеви тешко се употребливи за научни социолошки истражувања. Поради тоа бев принуден да прибегнам кон создавање на таква приближна и груба класификација која одговара на минимум теориските барања за социјалната структура што е изнесена во теориско-хипотетичката рамка на истражувањето, а конкретно применета во пописот на студентите во учебната 1974/75 година и во анкетниот прашалник - што ги спроведов во истата учебна година, со цел да се овозможи барем приближно споредување и пресметување на спомнатите показатели.

Што се однесува до податоците за другите особености на социјалната структура како што се големината на доходот, материјалните средства според класнослојната структура, паричните издатоци за исхрана и воопшто начинот на исхрана; снабденоста на домаќинствата со трајни добра; материјалните издатоци за начинот на културното живеење, се добиени по пат на рачна обработка на Анкетата за приходите, расходите и потрошувачката на домаќинствата во 1973 година што ја спроведу-

ваат републичките и покраинските заводи за статистика секоја петта година.[44/] Рачна обработка на вкупно 1.496 пополнети прашалници за СР Македонија што ги добив за користење од документацијата на Заводот за статистика на СР Македонија е направена затоа што статистичката обработка не го опфаќа занимањето на главата на домаќинството, иако тој податок постои во пополнетите прашалници, туку таа обработка се сведува на потрошувачката и снабденоста на домаќинствата со трајни добра речиси единствено според бројот на членови на домаќинството (двочлени, трочлени, четворочлени итн.) што не е многу значаен белег од социолошка гледна точка иако и тој во нив треба да се ползува.

Поради тоа што во анкетниот прашалник стои податокот за конкретното занимање на главата на домаќинството можев мошне полесно да создадам таква класификација на занимањата која соодветствува на теориската определба и претпоставка за социјалната структура на нашето социјалистичко општество која исто така соодветствува на социјалната структура на студентите, добиена од пописниот "Студентски лист - 1", од анкетниот прашалник како и од обработката на студентските картони за петте дипломирани генерации на Универзитетот "Кирил и Методиј" во Скопје.

Со тоа се овозможи поврзување на занимањето, односно социјалната структура на главите на домаќинствата со другите зависни варијабли како што е доходот, материјалните издатоци за исхрана, видот на исхрана итн., и тоа не вкупно за

---

44/ Вид. Прилог - 4.

домаќинството како што ги дава податоците статистиката, туку по член на домаќинство што е мошне порелевантен показател отколку податокот по домаќинство. Сето ова овозможи мошне појасно да се согледа влијанието на социјалната структура врз високото образование во СР Македонија.

Статистички податоци било од Заводот за статистика на СР Македнија, било од статистичките служби на одделни установи се ползувани и за другите белези од социјалната структура и развојот на високото образование, чии извори ќе бидат назначени под секој табеларен преглед.

г) Постапки применети при анализата на податоците

Постапките применети во анализата на податоците првенствено претставуваат постапки на статистичкиот метод. Според целта на ова истражување, применети се два вида постапки.

Првиот вид постапки се однесуваат до различните карактеристики на дистрибуциите на фреквенции. Тука спаѓаат мерките на централна тенденција, мерките на варијација, индексите на асоцијација меѓу социјалната структура и нејзината застапеност во разните видови вишо и високо образование, стапки и индекси на застапеност на општествените слоеви и класи во високото образование.

Индексите на асоцијација претставуваат количник меѓу посматраните (емпириските) и теориските (очекуваните) фреквенции во секое поединечно поле на табелата. Нивното пресметување е извршено според образецот:

$$A = \frac{P}{O}$$

при што А = означува индекс на асоцијација на одредено поле во табелата, Р = неговата посматрана френвенција и О = неговата теориска фреквенција.

Стапките и индексите на застапеност на социјалните класи и слоеви во високото образование се пресметани врз основа на податоците добиени од пописниот "Студентски лист - 1" и рачно обработените податоци од студентските картони за дипломираните студенти, од една страна и преработените статистички податоци за социјалната структура на вкупното население во СР Македонија во 1971 година, од друга страна. Стапките на застапеност на одделните општествени класи и слоеви во високото образование се пресметани според образецот

$$a = \frac{C}{C_1} \cdot 1.000$$

каде што е

a = стапка на застапеност,

C = вкупен број студенти од одреден вид на високо образование со потекло од определен општествен слој или класа,

$C_1$ = вкупен број лица на општествениот слој или класа на кој (а) му припаѓаат студентите

Индексите на застапеност на општествените слоеви во одделни видови високо образование се пресметани според следниот образец

$$I_{(б)} = \frac{P}{P_1} \cdot 100$$

каде што е

$I_{(б)}$ = индекс на застапеност

P = процентуално учество на студентите од определен општествен слој или класа во определен вид високо образование

$P_1$ = процентуално учество на истиот општествен слој или класа во вкупното население.

Овие два коефициенти или показатели на застапеност на општествените слоеви и класи во високото образование меѓусебно се дополнуваат: стапките го покажуваат вистинскиот интензитет на посетување на одреден вид високо образование, додека индексите ја споредуваат вистинската социјална структура на учениците со структурата што би произлегла од наполно рамномерната распределба на студентските места.[45/]

Вториот вид постапки применети во анализата на податоците се однесуваат до поврзаноста меѓу две или три појави, особено меѓу независните и зависните варијабли или утврдување на интензитетот и правецот на нивните заемни односи. Тука спаѓаат тестирањето на хипотезите со помош на $X^2$ (хи-квадрат) и коефициентот на контигенција (C).

Хи-квадратот е пресметуван според следниот образец:

$$X^2 = \sum \frac{(P - O)^2}{O}$$

каде што е

P = посматраната (емпириската) фреквенција, а

C = теориската (очекуваната) фреквенција.

Нивото на значајноста на Хи-квадратот е оценувано според таблицата на граничните вредности на $X^2$, со веројатност (ниво на доверба) од P = 0,01, а во помал број случаи на ниво P = 0,05 (95%).

За пресметување на коефициентот на контигенција е употребен образецот

$$C = \sqrt{\frac{X^2}{N + X^2}}$$

---

45/ Вид. Milić dr. Vojin, Socijalno poreklo učenika srednjih škola i studenata, op. cit., s. 53 i 58.

каде е

C = Коефициент на контигенција,

$X^2$= Хи-квадрат

N = вкупниот број на единици во примерокот.

Со оглед на фактот што при поголемиот број на случаи, како што е истакнато во приодот на овие методолошки постапки, се работи за квалитативни атрибути не можат да се применат успешно другите статистички постапки, пред се́ постапките на корелација и анализа на варијанта. Меѓутоа, сепак ова се ублажува со пресметувањето на Хи-квадратот и посебно на коефициентот на контигенција (C). Кога бројот на категориите е голем, а обично таков е во поголемиот број случаи во ова истражување, познато е од статистичкиот метод дека тогаш C (коефициентот на контигенција) мошне се приближува до Пирсоновиот коефициент на корелација - r во поглед на големината.

Покрај овие статистичко-методолошки постапки кои се користат во анализата, ќе се употреби и компаративниот метод во поглед на застапеноста на одделните општествени класи и слоеви во високото образование (во поглавјето за влијанието на социјалната структура врз изборот на видот на високото образование). Ова споредување ќе се изведе на две рамништа: 1)во рамките на Југославија, односно споредувајќи го социјалното потекло на студентите во определени учебни години за СР Македонија со истото во некои други социјалистички републики и покраини за кои успеав да приберам податоци и 2) на рамниште со одделни земји од етатистичкиот модел на социјализам-и со одреден

број високоразвиени капиталистички земји. Ова споредување овозможува да се види местото и улогата на високото образование во промените на социјалната структура на СР Македонија, од една страна, како и влијанието на социјалната структура во услови на развој на социјалистичките самоуправни односи врз високото образование како две основни карики кои му удираат печат и на карактерот на општествениот систем.

# IV

## 1. СОЦИЈАЛНАТА СТРУКТУРА НА СР МАКЕДОНИЈА, НЕЈЗИНИТЕ ПРОМЕНИ И ОСОБЕНОСТИ

### а) Економскиот развој на СР Македонија во последните триесет години по ослободувањето

Тргнувајќи од целите на истражувањето, овде не се има намера подлабоко да се анализира економскиот развиток и неговите противречности по ослободувањето, туку низ неколку показатели, споредени со другите социјалистички републики и Југославија како целина, да се покаже во главни црти како течел тој развиток, бидејќи условува и определена социјална структура, односно што влијае побрзо или побавно врз нејзините промени. Тие основни показатели на економскиот развој се: општествениот производ по жител и неговото движење и структура во посматраниот период; понатаму, развојот на индустријата (просечната стапка на пораст, стапката на продуктивноста на трудот, учеството на автоматизираните и полуавтоматизирани машини во производството - што на определен начин го покажуваат степенот на развиток на производните сили); движењето на инвестициите, движењето на бројот на вработените лица и бројот на оние кои бараат работа (невработените), квалификационата структура на вработните во општествениот сектор и населението постаро од десет години според училишната подготовка и староста во периодот 1953-1977 година.

Повеќето од овие показатели на економскиот развој на Македонија ќе се споредуваат со истите од другите социјалистички републики и СФРЈ како целина поради тоа што тој развој не може да се проучува и разгледува одвоено од глобалниот општествено-економски и политички систем, ниту од неговите составни и поврзани делови, од една страна, како и поради тоа што Македонија во однос на другите републики пред војната беше економски и социјално најнеразвиена па дотолку уште позначајно стануваат резултатите од економскиот, општествениот и културниот развиток на СР Македонија како слободна и рамноправна република и национална заедница на југословенските републики и национални заедници, што го овозможи и овозможува единствено социјалистичкиот самоуправен развиток.

Општествениот производ по жител (според цените од 1972 година) во Македоија се движел од 2.432 во 1947 година до 9.520 динари во 1976 година, што е речиси за четири пати зголемен, со просечна годишна стапка од 4,8. Сите други републики, со исклучок на покраината Косово, имаа повисок старт во општествениот производ по жител по ослободувањето: Словенија 5.648 динари во 1947 година и 28.182 во 1976 година со просечна годишна стапка на пораст од 5,7 што претставува највисока со оглед и на поголемата акумулативност на нејзиното стопанство; па потоа следат Хрватска со 3.610 динари на 17.359 динари во истиот период, па потесното подрачје на Србија итн. Југославија како целина, во 1947 година стартуваше со 3.460 динари по жител, а во 1976 година достигна 13.970 динари, со просечна годишна стапка на раст од 4,9, што е речиси иста како и за СР Македонија. Во овој посматран период (1947-1976)

од СР Македонија имаа повисока стапка само СР Словенија (5,7), СР Хрватска (5,6) и Војводина (5,5), додека СР Србија има иста стапка (4,8), а под оваа стапка се наоѓаат: Босна и Херцеговина (3,9; Црна Гора (3,9) и Косово (3,4).[1/]

Иста или слична динамика покажува и структурата на општествениот производ. Имено, од вкупниот општествен производ во општествениот сектор на стопанството во Македонија во 1953 година изнесуваше 66,2%, а дваесет години подоцна (т.е. во 1973 година) се покачи на 80,8% што покажува брз раст така што во 1976 година достигнува 82,9%, - ниво над кое се наоѓа само СР Словенија (90,1%) и СР Хрватска (85,6), додека СФРЈ како целина (83,8) и СР Црна Гора (83,9%) незначително се над ова ниво, а другите републики и покраини се под него. Особено брз развој се забележува кај општествениот производ во индустријата, која пред војната речиси како и да не постоеше. Така учеството на индустријата во општествениот производ од 14,8% во 1947 година се зголеми на 36,1% во 1976 година, со што речиси се изедначи со СФРЈ како целина (36,6%), а која имаше повисок старт во 1947 година (18,3%).[2/]

Со оглед на фактот дека развојот на индустријата е мошне релевантен и валиден показател на економскиот и општествениот развој на една земја, чинител кој непосредно влијае и предизвикува промени и поместувања во социјалната структура, овде ќе се изнесат и следните показатели (Табела - 1):

1/ Вид. Прилог - 5.

2/ Прилог - 6.

ТАБЕЛА - 1

РАЗВОЈОТ НА ИНДУСТРИЈАТА ВО СРМ И ДРУГИТЕ СОЦИЈАЛИСТИЧКИ РЕПУБЛИКИ И СФРЈ, ВО ПЕРИОДОТ 1947 - 1977 ГОДИНА

| Социјалистичка република | Коефициент на пораст 1947=1 | Просечна годишна стапка 1948-1977 | Стапка на пораст на продукт. на трудот | Основни средства по работник 1976 во илј.дин. | Сила на погонските машини по работник 1976 во KW | Учество на автомат.и полуавтом машини во сред.за ра 1972,во % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| СФР Југославија | 13,9 | 9,1 | 4,5 | 177 | 4,6 | 66,0 |
| Босна и Херцеговина | 16,3 | 9,7 | 4,2 | 187 | 6,1 | 68,6 |
| Црна Гора | 47,1 | 13,7 | 4,0 | 276 | 6,9 | 63,6 |
| Хрватска | 11,8 | 8,6 | 4,7 | 179 | 4,3 | 62,5 |
| Македонија | 26,6 | 11,6 | 4,6 | 162 | 4,5 | 77,2 |
| Словенија | 11,7 | 8,6 | 4,5 | 181 | 4,5 | 58,3 |
| Србија | 14,7 | 9,4 | 4,8 | 167 | 4,3 | 68,4 |
| - Потесно подрачје | 17,1 | 9,9 | 5,1 | 165 | 3,9 | 66,9 |
| - Косово | 17,1 | 9,9 | 3,4 | 212 | 7,5 | 79,8 |
| - Војводина | 10,3 | 8,1 | 4,7 | 158 | 4,2 | 66,1 |

Извор: Samoupravni i društveno-ekc nomski razvoj Jugoslavije, 1947-1977, SZS, Beograd, 1978.

Според коефициентот на пораст на индустриското производство (1947=1) Македонија се наоѓа на второ место (26,6), веднаш по Црна Гора (47,1); што е за два пати поголемо од југословенскиот просек, а близу два и пол пати повеќе од коефициентот на Хрватска и Словенија. Понатаму, Табелата 1 покажува дека според преосчената годишна стапка на растеж на индустријата во периодот 1948-1977 година, Македонија, исто така го зазема второто место (11,6), пак веднаш по Црна Гора (13,7), а по неа следат Косово (9,9), потесното подрачје

(9,9), Босна и Херцеговина (9,7), Југославија (9,1) итн. Во однос на продуктивноста на трудот Македонија се наоѓа во групата со повисока стапка на продуктивност во периодот 1953-1977 година со 4,6, Србија - 4,8, Хрватска и Војводина со 4,7 и единствено позначајна стапка на продуктивност покажува потесното подрачје на Србија - 5,1.

Според основните средства по работник во 1976 година (во илјада динари) Македонија е на претпоследното место (162) пред Војводина (158) но близу до Србија (167) и потесното подрачје (165). Во однос на силата на погонските машини по работник во 1976 во KW, Македонија се наоѓа на исто рамниште (4,5) како и Словенија (4,5), и пред Хрватска (4,3), Србија (4,3), потесното подрачје (3,9). Интересно е да се истакне дека, во однос на учеството на автоматизираните и полуавтоматизирани машини во средствата за работа (во 1972 година), Македонија е на второ место (77,2) веднаш зад покраината Косово (79,8) што се покажува дека колку била понеразвиена републиката или покраината толку има поголем степен на автоматизирани машини (Словенија има - 58,3) што може да се протолкува со "младоста" на индустријата, односно со набавка на нови машини кои се поусовршени, што со еден дел се покажува и во стапката на продуктивноста на трудот.

Ако се земе како показател движењето на индексите на индустриското производство и ако за базна година се земе 1939 година, тогаш јасно се покажува дека индексот на индустриското производство во 1962 година покажува повеќе од десет пати зголемено производство (индекс=1.021), додека во 1972

година индексот се покачува на 3.690. Ако, пак, за базна година се земе 1962 година тогаш индексите на индустрискиот развиток по години се: 1963=120; 1964=144; 1965=165; 1966=185; 1967=188; 1968=222; 1969=260; 1970=303; 1971=335 и 1972=362.[3/]

Од овие индекси на движењето на индустриското производство може да се заклучи дека индустрискиот развиток во СР Македонија бележи значителен пораст што има силни реперкусии во структуралните промени и посебно во промените во социјалната структура на населението, иако од овие индекси не може да се види каков бил растежот на индустриското производство во периодот од ослободувасето до шеесеттите години, кој потоа речено, особено од почетокот на пеесеттите до почетокот на шеесеттите е најбрз и не само во индустријата, туку и во стопанството во целина и што е карактеристика не само за Македонија туку и за Југославија како целина. Треба да се напомне дека токму тој период коинсцидира со развојот на работничкото самоуправување пред сѐ во индустриските претпријатија.

Ваквиот развој на индустријата е во тесна зависност од инвестиционите вложувања во стопанството и посебно во индустријата. Просечната годишна стапка на инвестиционите вложувања во периодот 1952-1975 година (пресметани според цените од 1972 година) во СР Македонија изенсува 8,0, што се поклопува со онаа на СФРЈ како целина (8,0), а од неа повисока стапка имаат само СР Словенија (8,9) и СР Хрватска (8,6).

---

3/ Републички завод за статистика, Статистички годишник на СР Македонија, 1973, с. 127.

Во вкупните инвестиции на Републикава, инвестициите во индустријата учествуваат со 37,0% што е за четири поени над југословенскиот просек, а вкупните инвестиции во стопанството изнесуваа 67,1%.

Но, сепак, ако се земе како показател учеството на секоја република во инвестициите на Југославија (СФРЈ=100) тогаш ќе се види определено заостанување за речиси два пати помалку во однос на СР Словенија (14,1%) која патем речено има приближно исто учество како и СР Македонија во вкупното население на СФРЈ; двапати помалку од Босна и Херцеговина која е исто така неразвиена република (14,8%), нешто повеќе од три пати помало учество од СР Хрватска (24,3%) и за околу пет пати помалку во однос на СР Србија (36,4%).[4/]

Стопанскиот развој на СР Македонија и посебно индустрискиот и инвестиционите вложувања непосредно влијаат и врз отворањето на нови работни места, односно брз пораст на вработените лица. Овој пораст на вработеноста на одреден начин го апсорбираше природниот прираст на населението и мошне значаен број на лица кои го напуштиле земјоделието како дејност и селото и се вработиле во индустриските центри. Демографскиот пораст на градското население тоа јасно го покажува, од една страна и мошне рапидното смалување на земјоделското население кое од над 70% од вкупното пред НОВ се сведе на околу 38% во 1971 година.

Така на пример бројот на вработените лица во 1952 година во Македонија изнесуваше деведесет илјади, а дваесет и пет години подоцна (1977 година) тој број се зголеми на 370 илјади лица вработени што е за повеќе од четири пати зголему-

4/ Вид. Прилог - 7.

вање. Просечната годишна стапка на пораст на вработеноста во Македонија во овој период изнесува 5,8 што е највисока во однос на другите социјалистички републики и покраини (во Југославија како целина таа стапка изнесува 4,4; во Словенија 4,8 колку и во Србија итн.). Во овој период мошне значајно се зголеми бројот на вработените на илјада жители, т.е. од 70 вработени на 1.000 жители во 1952 година на 203 во 1977 година, а посебно и бројот на вработените жени од 17 вработени жени на 100 вработени во 1952 година, тој број се покачи на 30 вработени жени во 1977 година.[5/]

Ваквиот пораст на вработеноста и воопшто на стопанскиот развиток на Македонија е резултат на зголемената акумулативна способност на самото стопанство што овозможи брз развој на општествените дејности и развојот на работничкото самоуправување исто ја зголеми мотивираноста и заинтересираноста на работниците за поголемо производство, за поголема продуктивност на трудот како и за повисок стандард.

Меѓутоа, овој економски развој не се одвиваше во сите фази само по нагорна линија, туку имаше и побавен развој; економски развој кој се развиваше низ своите внатрешни (економски) и општествени противречности. Иако и нормативно и официјално е напуштена административно-државната фаза на развој до шеесеттите години, сепак етатистичко-бирократските односи и во економската област сѐ уште не се надминати; понатаму, противречноста помеѓу општествениот и индивидуалниот интерес и стандард на живеење условија во средината на

---

5/ Вид. Прилог - 8.

шеесеттите години, со тнр., прво, "стопанска реформа", а потоа и "општествена реформа" латентната невработеност да се претвори во манифестна, со што јасно се пледираше дека Југославија "мора да се вклучи во меѓународната поделба на трудот" и "мора да се зголеми индивидуалниот стандард" како и тоа дека масовната "невработеност е само привремена". Еден дел од вишокот на работна сила (од овие невработени) замина од нашата. Република па и од Југославија и патиштата ги одведоа: еден дел во развиените капиталистички земји на Западна Европа, а другиот преку океанот во далечната Австралија. Нивниот број според социјалната структура во 1971 година изнесува (Табела - 2): во СФРЈ вкупниот број на "привремено" врабо-

ТАБЕЛА - 2

ЛИЦА НА ПРИВРЕМЕНА РАБОТА ВО СТРАНСТВО ВО 1971 ГОДИНА СПОРЕД СОЦИЈАЛНАТА СТРУКТУРА И АКТИВНОСТА ПРЕД ОДЕЊЕТО

| Занимање и активност | СФРЈ | | СРМ | |
|---|---|---|---|---|
| | Број | % | Број | % |
| Работници | 214.288 | 31,8 | 15.822 | 29,1 |
| Земјоделци | 304.131 | 45,3 | 28.854 | 53,0 |
| Администрација | 10.245 | 1,6 | 588 | 1,1 |
| Стручњаци | 20.902 | 3,1 | 1.140 | 2,1 |
| Раководители | 579 | 0,1 | 34 | 0,1 |
| - лица со лични приходи | 2.733 | 0,4 | 117 | 0,2 |
| - издржувани лица | 71.106 | 10,6 | 4.723 | 8,7 |
| - друго и непознато | 47.924 | 7,1 | 3.155 | 5,8 |
| СЀ: | 671.908 | 100,0 | 54.433 | 100,0 |

Извор: Лица на привремена работа во странство,-Статистички билтен бр. 679, 1971 на Сојузниот завод за статистика

тени во странство во 1971 година изнесувал 671.908 лица, а во СР Македонија 54.433 лица. Во однос на социјалната структура, од нив најмногу се земјоделци (селани) и тоа во СРМ повеќе од половината (53,0%), (СФРЈ - 45,3%) и работници (СРМ - 29,1% и СФРЈ - 31,8%) двете овие општествени класи сочинуваат над 80% од вкупниот број на "привремени" работници во странство, а ако на ова се додадат и издржуваните лица кои им припаѓаат тогаш тој процент се зголемува и до 90%, што на определен јасен начин зборува и за нивната општествена положба во социјалната структура на нашето општество.

Општествените последици од "привремените" работници во странство се мошне комплексни, почнувајќи од проблемот на воспитувањето и образованието на нивните деца преку политичките проблеми во дејствувањето на буржоаската идеологија па сé до војно-одбранбените проблеми, во што овде не може да се навлегува поради самите цели на истражувањето.

И бројот на лицата кои што бараат работа (невработените) по шеесеттите години, нагло се зголемуваше, така што сега не изгледа така "привремен" како на почетокот, бидејќи во 1963 година, т.е. непосредно пред стопанската реформа тој број во СРМ изнесуваше 26.210 лица, а кон крајот на 1979 година 110.000 лица. За периодот од десет години невработеноста се покачи од 26.210 лица (1963 година) на околу 60.000 лица во 1972 година, што е за близу два и пол пати зголемување. Иако статистиката не ги прикажува според занимањата невработените, туку според квалификациите и училишната подготовка, сепак и таквите податоци значајно покажуваат кои општествени слоеви најмногу се погодени. Така од вкупниот број

на лицата кои барале работа во 1963 година (26.210) неквалификуваниот и полуквалификуваниот работнички слој учествувал со 84,6%, висококвалификуваниот и квалификуваниот со 12,6%, а оние со висока, виша и средна училишна подготовка само со 2,8%. Во 1972 година, тој однос суштински не се изменил иако првата категорија е во смалување (процентуално), но не апсолутно кое изнесува 43.197 лица невработени, вториот работнички слој учеството го задржува од 1963 година, а се зголемува учеството на третата социјална категорија на 14,4%.[6/] Општествените последици од невработеноста исто така се мошне сложени и речиси доволно несогледливи за што овде не може да се навлегува,[7/] пак поради целите на истражувањето.

Развојот на стопанството и индустријата бараше и повисоки квалификации, поголема училишна подготовка, што секако имаше непосредно влијание врз развојот на целокупниот образовен систем. Овој развој на образованието во СР Македонија силно придонесе во подобрувањето на квалификационата структура на вработената работна сила. Така според податоците СР Македонија во 1976 година од вкупниот број вработени со висока училишна подготовка биле 6,1% што е над југословенскиот просек (5,8%); над СР Словенија (4,3%) и СР Хрватска (5,9), а само под потесното подрачје на Србија (7,1%) и Црна Гора (6,8%). Со вишо образование СР Македонија е со 5,0% колку и СФРЈ како целина (5,0), потоа, со средно стручно образование се наоѓа на четврто место (17,9%), на второ со висококвалификувани работници (7,3%).[8/] Тука како да се изразу-

6/ Вид. Прилог - 9.

7/ Пошироко за овој проблем може да се види во мојот прилог "Društvene posledice nezaposlenosti u SR Makedoniji", Sociologija, 1, 1970.

8/ Вид. Прилог - 10.

ва една противречност која се огледа во тоа што СР Македонија како неразвиена република има пообразувана, поквалификувана работна сила од мошне поразвиената Социјалистичка Република Словенија. Противречноста се состои и во тоа што СР Македонија, ако се изземе покраината Косово, има најголем број неписмени. И покрај тоа што е значајно смален бројот на неписмените во апсолутниот износ од 342.755 неписмени лица во 1953 година, на 232.986 неписмени во 1971 година, сепак тој број претставува "цела една армија" која уште појасно удира печат на противречниот карактер на економскиот и образовниот развој на нашата Република.

Интересно е да се каже дека во некои старосни годишта - 50-64 и 65 и повеќе, и апсолутно и релативно бројот на неписмените од 1953 во 1971 година не само што не се смалува туку се зголемува, што јасно наведува на заклучокот дека постојат неискоренети извори на неписменост и во услови на развој и изградба на социјалистички самоуправни односи, што исто така повторно го покажува противречниот карактер на нашиот економски, општествен и образовен развиток. Податоците покажуваат дека во периодот од 1953-1971 година особено се зголемил бројот на лицата со високо образование, имено, од 2.773 лица на 18.071 лица, како и на лицата со средностручно и средноопшто образование (гимназија).[9/]

Од досега изложеното можат да се извлечат три основни заклучоци во поглед на економскиот развој на СР Македонија:

---

9/ Вид. Прилог - 11. - Население постаро од 10 години според училишната подготовка и староста во СРМ, во периодот 1953-1971.

а) во последните триесеттина години на слободен и социјалистички развиток, СР Македонија бележи мошне брз и значаен индустриски и стопански развиток, трансформирајќи го од едно аграрно неакумулативно стопснство во сѐ поголема мера на индустриско и поакумулативно, што доведе до значајни структурални промени на населението;

б) економскиот развој на СР Македонија не се одвиваше праволиниски во нагорна линија, туку низ определени внатрешни (економски) и пошироко општествени противречности, - економија која се карактеризира со трансформација на етатистичко-централистичка во социјалистичка и самоуправна и која минува низ различни фази на противречен развој кои не се карактеризираат само со брз растеж туку и со забавен развој па и стагнација; тие противречности се изразија и во големиот број на невработеност и "привремена" вработеност во странство што најповеќе се регрутираат од работничката класа и селанството;

в) економскиот развој бараше побрз развој на сите форми и степени на образование што доведе и до знатно подобрување на квалификационата и образовна структура на вработената работна сила во општествениот сектор, но и со длабока противречност помеѓу сѐ уште големиот број на неписмени и сѐ уште неискоренетите негови корени и брзиот развој на бројот вработени со средно и високо образование што исто така силно влијае врз постојното социјално структуирање, диференцирање и поместување во целокупната социјална структура на СР Македонија.

б) Социјалната структура во СРМ и начинот на социјалното диференцирање според некои карактеристики од економските услови и начин на живеење

Во методолошките напомени веќе е истакнато дека не постојат социолошки студии за социјалната структура и нејзините промени во СР Македонија, а статистичките податоци од пописите на населението мошне многу го отежнуваат и нивното проучување и согледување.

И покрај тоа, овде ќе се направи обид на создавање, врз основа на моите пресметнувања и класификувања на групите занимања, на една груба ориентациона слика за социјалната структура и нејзините промени во периодот помеѓу 1953 година и 1971 година, т.е. помеѓу статистичките пописи на населението на Македонија во овие две години.

Така според ваквите дополнително изведени податоци во 1953 година од вкупното 1.304.514 население во Македонија, 268.428 лица или 20,6% биле работници; додека во 1971 година од вкупното 1.547.308 население, 568.966 лица биле работници или 34,5% од вкупното население што покажува зголемување за 300.538 работници што е зголемување за повеќе од два пати. На тој начин се покажува дека работничката класа во брзиот процес на индустријализација и стопански развој не само што се зголемила за својот природен прираст, туку во неа се слиле и припадници од другите општествени класи и слоеви, а пред сѐ од земјоделското, односно селското население. Тоа јасно го покажуваат податоците за смалувањето на земјоделското население. Имено, од вкупното население во 1953 година земјоделци биле 784.862 лица или 60,2%, додека нивниот број во 1971

година е смален на 617.565 лица (односно за 167.297 лица) или процентуалното учество на земјоделското население во 1971 година изнесува 37,5% што е мошне значајно смалување во периодот од 17 години на општествено-економски развој на СР Македонија. Поголемиот дел од одливот на земјоделското население се влел во работничките слоеви, а со еден дел многу помал, во немануелните слоеви (административниот, интелектуалниот и раководниот). И овие слоеви покажуваат значајно зголемување: од 161.666 лица или 12,4% во 1953 година на 259.962 лица или 15,8% во 1971 година.[10/]

Меѓутоа, нешто попрецизна и посоодветна слика на социјалната структура на СРМ во 1971 година дава Табелата - 3, во која се изнесени преработени податоци од пописот на населението во 1971 година според групите на занимања на вкупното и на активното население. Овде треба да се напомене дека според овие податоци се пресметани и индексите на асоцијација и стапките на застапеност на одделните општествени класи и слоеви во високото образование на СРМ, што ќе бидат изнесени во поглавјето за влијанието на социјалната структура врз изборот на видот на високото и вишото образование како и во поглавјето за влијанието на социјалната структура врз успехот во студиите.

Табелата 3 јасно покажува дека и покрај мошне значајното смалување на земјоделците, сепак и во вкупното и во активното население претставуваат најбројна општествена класа (37,5%, односно 41,1% од активното население). Овој број

10/ Вид., Прилог - 12.

ТАБЕЛА - 3

СОЦИЈАЛНАТА СТРУКТУРА НА СР МАКЕДОНИЈА
ВО 1971 ГОДИНА

| Социјална структура | Вкупно население | | Активно население | |
|---|---|---|---|---|
| | Број | % | Број | % |
| Работници | 568.966 | 34,5 | 205.250 | 29,9 |
| Индивидуални земјоделци | 617.565 | 37,5 | 282.036 | 41,1 |
| Приватни занаетчии | 61.670 | 3,7 | 19.325 | 2,8 |
| Администрација | 141.735 | 8,6 | 51.463 | 7,5 |
| Стручњаци и уметници | 96.648 | 5,9 | 48.123 | 7,0 |
| Раководители | 21.579 | 1,3 | 7.217 | 1,1 |
| Пензионери и друго | 139.145 | 8,5 | 72.446 | 10,6 |
| СЀ: | 1.647.308 | 100,0 | 685.860 | 100,0 |

Извор: Сојузен завод за статистика, Попис на населението и становите во 1971, Население, Економски карактеристики, I дел, книга III, Београд, 1974 и Статистички билтен 679.

и учество на земјоделците ќе се смалува и тоа со оној интензитет и во онаа мерка во која побрзо се развива индустријата и воопшто стопанството и општествените дејности. Тука е потребно да се истакне дека обемот на смалување на земјоделското население непосредно го обусловува побрзото зголемување на градското население, од една страна и значајно зголемување на работничката класа во чии редови и најмногу се одлива оваа социјална група. И покрај тоа што во последните години поради економската криза и противречности е забавен процесот на отворање на нови работни места во стопанството и општествените дејности, со што е забавен и процесот на миграциите на зем-

јоделското, односно селското население во урбаните средини и неземјоделските занимања, сепак може да се очекува веќе со пописот на населението во 1981 година, земјоделското население да се смали до околу една третина од вкупното население.

На второ место според бројноста се наоѓа работничката класа со 568.966 лица или 34,5% од вкупното население што претставува над една третина од него и која исто така поради развојот на индустријата и стопанството мошне значајно се зголемуваше. Оттука, развојот на стопанството, а пред сѐ на индустријата дејствува во спротивен правец од оној врз земјоделското население, т.е. врз неговото смалување: развојот на индустријата и стопанството дејствуваат правопропорционално врз развојот (зголемувањето) на работничката класа и обратно пропорционално врз смалувањето на земјоделското население.

Ова значајно зголемување на работничката класа нема само квантитативен карактер, туку и квалитативен со оглед на фактот што таа е мотор и основен социјален субјект на револуционерните промени во општествените односи и во социјалната структура, во развојот на социјалистичкото самоуправување и социјалистичката демократија. Зголемувањето на работничката класа како процес ќе постои и понатаму, така што веќе со пописот од 1981 година може да се очекува нејзиното учество во вкупното население во СР Македонија да изнесува околу 40,0%.

Приватните занаетчии кои не се само класен остаток на ситната буржоазија од буржоаското општество, туку и социјална група која има извори на настанување и во социјалистич-

кото општество како израз на општествените противречности во неговиот развој е застапена со 61.670 лица (3,7%) или со 19.325 (2,8%) во активното население. Во периодот на седумдесеттите години под притисок на големиот број лица што бараат работа, правно-политички се овозможи приватниот "сектор" или тнр., "мало стопанство" што побрзо да се развива и навистина од тој период мошне голем број се отворија приватни занаетчиски работилници угостителски и трговски објекти со јакнење на приватно-сопственичката психологија, но сепак значајно тоа не помогна да се намали масовната невработеност.

Слојот на администрација зазема значајно место според големината, веднаш доаѓа по работничката класа и селанството, т.е. со 141.735 лица (8,6%) во вкупното население се наоѓа на трето место. Овој општествен слој во последните две децении покажува тенденција на постојано зголемување и тоа за својот природен прираст и со дел од приливот од другите општествени класи и слоеви; од работничката класа, селанството и интелигенцијата, веројатно поради општествената положба што ја има во нашето општество. Некои согледувања за флуктуацијата на работната сила; за професионалната и образовна ориентација во средното насочено и високото образование тоа сосема јасно го потврдуваат. Впрочем од овој општествен слој и од раководниот најчесто се регрутира бирократијата и таквата можност за добивање на привилегирана општествена позиција и функција претставува "магнет" и за најкреативните личности како од производството така и од другите подрачја на општествениот труд. Врз основа на досегашната тенденција на развој може да се очекува дека овој општествен слој и понатаму ќе се зголемува.

Слојот на стручњаците и уметниците што некои автори го идентификуваат со слојот на интелигенцијата исто така, во последните две децении покажува брз растеж. Тој во вкупното население во 1971 година учествува со 96.648 лица или со 5,9%, а во активното со 48.123 лица или со 7,0% од вкупното активно население. Со зголемувањето на училишната мрежа во средното образование, со отворањето на нови виши, високи школи и факултети како и со политиката на тнр., "слободен упис" на универзитетот значајно се зголеми бројот на стручни лица и воопшто на слојот на стручњаци кои имаат посебно место во општествената поделба на трудот. Поради тоа може да се очекува и во наредната деценија овој слој брзо да расте особено со отворањето на нови факултети и универзитети во СР Македонија.

Слојот на раководителите во 1971 година броеше 21.579 лица или 1,3% или 7.217 активни лица (1,1%). Овој слој според карактерот на општествено-политичкиот систем би требало да има најпроменлив карактер. Но ако се тргне од стварното, практично досегашно искуство како и од првите почетоци на фактичкото функционирање на тнр. "колективно раководење" може да се назначи тенденцијата на брзо зголемување на овој општествен слој и во наредната деценија.

Начинот на живеење, односно прво начинот на материјалната егзистенција на овие општествени класи и слоеви во вкупната социјална структура на СР Македонија значајно се разликува. Оваа теза ќе се направи обид да се провери низ неколку емпириски показатели.

Ако се земе, прво, показателот на бројот на вработените во општествениот сектор на трудот според социјалната структура, тогаш сликата изгледа вака:

ТАБЕЛА - 4

БРОЈОТ НА ВРАБОТЕНИ ЛИЦА ОД ДОМАЌИНСТВАТА ВО СРМ СПОРЕД СОЦИЈАЛНАТА СТРУКТУРА

| Социјална структура | Број на вработени | | | | В к у п н о | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Е д е н | | Двајца и повеќе | | | |
| | Број | % | Број | % | Број | % |
| Работници | 52 | 50,5 | 51 | 49,5 | 103 | 100,0 |
| Администрација | 6 | 30,0 | 14 | 70,0 | 20 | 100,0 |
| Стручњаци со средно образование | 15 | 28,3 | 38 | 71,7 | 53 | 100,0 |
| Стручњаци со високо образование | 16 | 25,8 | 46 | 74,2 | 62 | 100,0 |
| Раководители | 4 | 14,8 | 23 | 85,2 | 27 | 100,0 |
| СЀ: | 93 | 35,1 | 172 | 64,9 | 265 | 100,0 |

$X^2 = 19,28$ $P < 0,001$ $DF = 4$ $C = 0,264$

ИЗВОР: Рачно преработени прашалници од анкетата за домаќинствата во градските населби во СРМ, 1974. (Образец АПБ - 11/2) што ја води Сојузниот завод за статистика, преку републичките заводи.

Табелата 4 јасно покажува дека постои тесна поврзаност меѓу бројот на вработените и социјалната структура. Половината работнички домаќинства имаат по еден вработен (50,5%) додека слојот на раководители има само 14,8% по еден вработен, а дури 85,2% двајца и повеќе вработени; понатаму, следат: слојот на стручњаци со високо образование со 25,8% по еден вработен, односно 74,2% со двајца и повеќе вработени; слојот на стручњаци со средно образование има 71,7% двајца и повеќе вработени членови од домаќинстовото и слојот на администрација со 70,0% двајца и повеќе вработени; од што се гле-

да дека сите овие слоеви значајно се разликуваат од бројот на вработени членови кај работничката класа.

Поголемиот број на вработени од домаќинствата сека-ко обезбедува и поголеми материјални (парични) средства оттука и повисок стандард на живеење. Меѓутоа, просечниот месечен доход по член на семејство уште попластично зборува за тоа, што може да се види од следните табели 5, 5-а и 5-б.

ТАБЕЛА - 5

ПРОСЕЧНИОТ МЕСЕЧЕН ЛИЧЕН ДОХОД ПО ЧЛЕН НА СЕМЕЈСТВО СПОРЕД СОЦИЈАЛНАТА СТРУКТУРА ВО СР МАКЕДОНИЈА ВО 1973 ГОДИНА

| Социјална структура | Месечен доход по член | | | | | | | | | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | до 500 | | 501-1000 | | 1001-1500 | | 1501-2000 | | 2000 и пов. | | | |
| | Број | % | Број | % | Број | % | Број | % | Број | % | Број | % |
| Работници | 200 | 35,2 | 267 | 47,0 | 77 | 13,6 | 17 | 3,0 | 7 | 1,2 | 568 | 100,0 |
| Земјоделци | 233 | 52,1 | 169 | 37,8 | 31 | 6,9 | 9 | 2,0 | 5 | 1,1 | 447 | 100,0 |
| Приватни занаетчии | 11 | 33,3 | 15 | 45,5 | 6 | 18,2 | - | - | 1 | 3,0 | 33 | 100,0 |
| Администрација | 2 | 3,3 | 25 | 41,0 | 19 | 31,1 | 9 | 14,8 | 6 | 9,8 | 61 | 100,0 |
| Стручњаци со сред.образ. | 4 | 4,6 | 29 | 33,7 | 32 | 37,2 | 9 | 10,5 | 12 | 14,0 | 86 | 100,0 |
| Стручњаци со високо образ. | 1 | 1,8 | 16 | 28,6 | 20 | 35,7 | 5 | 8,9 | 14 | 25,0 | 56 | 100,0 |
| Раководители | 3 | 4,8 | 17 | 27,0 | 21 | 33,3 | 17 | 27,0 | 5 | 7,9 | 63 | 100,0 |
| Пензионери и друго | 42 | 23,1 | 85 | 46,7 | 40 | 22,0 | 11 | 6,0 | 4 | 2,2 | 182 | 100,0 |
| СÉ: | 496 | 33,1 | 623 | 41,6 | 246 | 16,4 | 77 | 5,1 | 54 | 3,6 | 1496 | 100,0 |

ИЗВОР: Податоците се добиени со рачна обработка на анкетните прашалници за приходите, расходите и потрошувачката на домаќинствата во 1973 година што ја води на секои пет години Сојузниот завод за статистика (Образец АПП-1/1973) преку републичките заводи. Табелите што следат во овој дел се добиени со преработка од оваа анкета и под нив не ќе стои извор.

Прво што паѓа вочи кога ќе се погледа горната табела 5 е: постои значајна разлика меѓу различните општествени класи и слоеви според просечниот месечен доход по член на семејство. Имено, во колоната до 500 дин. што претставува најнизок просечен месечен доход по член на семејство се наоѓаат мануелните општествени слоеви, меѓу кои со најнизок се земјоделците (52,1%) и работниците (35,2), а нешто помалку приватните занаетчии (33,3%) што за сите нив е карактеристично што над една третина (кај земјоделците над половината) имаат под 500 дин., просечен месечен доход по член на семејство. Спротивно, пак, на нив сите немануелни слоеви (слојот на администрацијата - 3,3%, на стручњаците - 4,6, односно 1,8%; и раководителите - 4,8) имаат незнатно учество во оваа категорија до 500 дин., по член на семејство.

Во втората колона од 501-1000 дин., што се наоѓа пак во категоријата на ниски лични примања, најзастапени се работниците - 47,0%, што е близу до половината од нивното учество; потоа, приватните занаетчии - 45,5%; додека двата немануелни слоја - високостручниот - 28,6% и раководниот - 27,0% значајно се помалку застапени. Спротивно на оваа состојба покажуваат податоците во последните две колони (од "1501 - 2000 дин." и од "2001 и повеќе"). Имено, во категоријата од 1501-2000 дин., по член на семејство најниско учество имаат земјоделците - 2,0% и работниците - 3,0%; во последната највисока категорија (2001 дин. и повеќе) нивното учество станува симболично (1,1%, односно 1,2%), додека на немануелните општествени слоеви учеството во овие две највисоки категории на просечен месечен доход по член на семејство е знатно пого-

лемо и се движи од 27,0% кај слојот на раководителите во категоријата од 1501-2000 дин., по член на семејство до една четвртина - 25,0% кај слојот на стручњаци со високо образование во последната категорија од 2001 и повеќе дин.

Како што се гледа од табелата 5 овие значајни разлики во просечниот доход по член на семејство меѓу различните општествени класи и слоеви е резултат на противречностите меѓу физичкиот и интелектуалниот труд, противречности кои доведуваат и до различно вреднување на производниот и непроизводниот труд во полза на овој вториот, противречности кои сѐ уште не може да ги надмине сегашниот степен на развој на самоуправувањето. Овие противречности ќе се изразуваат некогаш понагласено, некогаш помалку, но сѐ дотогаш додека тоа (самоуправното) не стане во практиката доминантен и владеачки производствен, односно општествен однос и процес.

Меѓутоа, интересно е да се види дали разликите во просечниот месечен доход по член на семејство се поголеми меѓу работничката класа и немануелните слоеви или внатре меѓу нивните слоеви (Табели 5-а и 5-б).

Според податоците во табелата 5-а и посебно Хи-квадрат тестот ја потврдуваат порано изнесената претпоставка и констатација дека постојат значајни разлики помеѓу работниците, од една страна и немануелните слоеви, од друга, во поглед на просечниот месечен доход по член на семејство. Хи-квадратот ($X^2$ = 372,58) тоа јасно го потврдува, додека, пак, коефициентот на контигенција (C = 0,446) покажува значаен степен на корелација, односно согласност меѓу општествениот слој или класа и просечниот месечен доход по член на семејство. Про-

ТАБЕЛА - 5-а

ПРОСЕЧЕН ДОХОД ПО ЧЛЕН НА ДОМАЌИНСТВО ВО СРМ СПОРЕД СОЦИЈАЛНАТА СТРУКТУРА, 1973

| Просечен месечен доход по член / Социјална структура | До 500 н.д. | 501-1000 | 1001-1501 | 1501 и повеќе | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| Работници | 35,2<br>200 | 47,0<br>267 | 13,6<br>77 | 4,2<br>24 | 100<br>568 |
| Земјоделци | 52,1<br>233 | 37,8<br>169 | 6,9<br>31 | 3,2<br>14 | 100<br>447 |
| Немануелни слоеви | 3,8<br>10 | 32,7<br>87 | 34,6<br>92 | 28,9<br>77 | 100<br>266 |
| Пензионери и друго | 24,7<br>53 | 46,5<br>100 | 21,4<br>46 | 7,4<br>16 | 100<br>215 |
| СЀ: | 33,2<br>496 | 41,6<br>623 | 16,4<br>246 | 8,8<br>232 | 100<br>1.496 |

$X^2 = 372,58$ $P < 0,001$ $DF = 9$ $C = 0,446$

центуалната застапеност на работниците во најниската категорија изнесува над една третина - 35,2%, а во највисоната 1501 и повеќе 4,2%, додека пак кај немануелните слоеви оваа тенденција е обратна: во најниската тие имаат 3,8%, а во највисоката категорија - 28,9%.

Ако се споредат внатрешните разлики меѓу слоевите во рамките на работничката класа и меѓу слоевите во рамките на немануелната група (Табела - 5-б), јасно ќе се види дека тие разлики (внатре во групите се мошне помали во однос меѓу работничката класа и немануелните слоеви). Така иако постојат определени разлики меѓу неквалификуваниот, полуквалификуваниот, квалификуваниот и висококвалификуваниот работнички слој кои се исто така значајни ($X^2$ = 49,69 $P < 0,001$ и C = 0,284), сепак тие не се толку изразени и големи како што се меѓу работничката класа и другите немануелни општествени слоеви. Тука е интересно да се каже што најголем процент на најнизок просечен доход по член на семејство немаат неквалификуваниот и полуквалификуваниот работнички слој (13,7%) како што би се очекувало, туку квалификуваниот слој (47,4%), но затоа тој најмало учество има во втората колона 39,8%.

Исто така е мошне интересно да се одбележи дека хомогеноста на немануелните слоеви (слојот на стручњаците, слојот на администрацијата и слојот на раководителите) е мошне повисока во поглед на просечниот месечен доход по член на семејство, отколку што е хомогеноста на работничките слоеви. Во оваа смисла Хи-квадратот најдобро зборува ($X^2$=3,78 $P > 0,05$) бидејќи ниту на ниво на 0,05 не се значајни разликите меѓу овие општествени слоеви. Кај овие слоеви учеството во првата

колона, т.е. во најниската категорија на доход се движи од 3,3% кај слојот на администрацијата до 4,8% кај слојот на раководителите и во највисоката категорија (последната колона од Табела - 5-б) од 24,6% кај слојот на администрацијата до 34,9% кај слојот на раководителите.

Општо земено, во поглед на просечниот месечен доход по член на семејство може да се заклучи дека постојат значајни разлики кои се мошне поголеми меѓу одделните општествени класи и групите на слоеви, отколку што се разликите во рамките на слоевите на работничката класа, односно кај немануелните слоеви, што само по себе ја рефлектира општествената поделба на трудот, и посебно поделбата на физички и умствен труд и класниот карактер на распределбата на доходот во нашето општество.

Се разбира дека без општественото изедначување на производниот и непроизводниот труд, без надминувањето на поделбата на умствен и физички труд како и без непосредната влас на работничката класа во развиениот систем на самоуправувањето не може да се реализира во стварноста поинаква распределба на доходот која ќе се фундира врз начелото распределба според трудот.

Анализираниот начин на распределба и разликите кои се изнесени меѓу општествените класи и слоеви непосредно влијае и врз начинот и видот на исхраната и воопшто врз животниот стандард на припадниците на овие различни општествени класи и слоеви.

Табелата 6 ја покажува зависноста меѓу различните општествени класи и слоеви и висината на паричните средства по член на семејство што ги издвојуваат за исхрана.

ТАБЕЛА - 5-б

## ПРОСЕЧЕН ДОХОД ПО ЧЛЕН НА ДОМАЌИНСТВО ВО СРМ СПОРЕД РАБОТНИЧКИТЕ И НЕМАНУЕЛНИТЕ СЛОЕВИ, 1973

| Групите на слоеви | Просечен доход / Вид на слој | До 500 н.д. | 501-1000 | 1001-1500 | 1501 и повеќе | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Мануелни работнички | НКВ и ПКВ | 13,7<br>14 | 54,9<br>56 | 24,5<br>25 | 6,9<br>7 | 100,0<br>102 |
| | КВ работ. | 47,4<br>137 | 39,8<br>115 | 9,3<br>27 | 3,5<br>10 | 100,0<br>289 |
| | ВКВ работ. | 27,7<br>49 | 54,2<br>96 | 14,1<br>25 | 4,0<br>7 | 100,0<br>177 |
| | СÉ: | 35,2<br>200 | 47,0<br>267 | 13,6<br>77 | 4,2<br>24 | 100,0<br>568 |
| Немануелни | Слојот на стручњаци интелиг. | 3,5<br>5 | 31,7<br>45 | 36,6<br>52 | 28,2<br>40 | 100,0<br>142 |
| | Слојот на администр. | 3,3<br>2 | 41,0<br>25 | 31,1<br>19 | 24,6<br>15 | 100,0<br>61 |
| | Раководен слој | 4,8<br>3 | 27,0<br>17 | 33,3<br>21 | 34,9<br>22 | 100,0<br>63 |
| | СÉ: | 3,8<br>10 | 32,7<br>87 | 34,6<br>92 | 28,9<br>77 | 100,0<br>266 |

$Ex^2 = 372,58$ $P < 0,001$ DF = 9 C = 0,446

$X_1^2$ мануелни работници = 49,69 $P < 0,01$ DF = 6 C = 0,284

$X_2^2$ немануелни слоеви = 3,78 $P > 0,05$ DF = 6 C = 0,100

Освен во првата кола "нема издатоци" каде земјоделците се застапени со половина (50,1%), а работниците со 31,0%, во другите колони, односно категории на просечни месечни издатоци по член на семејство меѓу работниците и земјоделците нема некои позначајни разлики. За нив е карактеристична (со исклучок кај работниците во категоријата од 251 - 500 дин.) тенденцијата колку расте зголемувањето на просечните месечни издатоци за исхрана по член на семејство во толкава мера се намалува бројот, односно нивното процентуално учество во нив. Така кај работниците тоа учество започнува во категоријата до 250 дин., со 14,4%, а завршува со 3,9% во категоријата 5001 и повеќе; кај земјоделците започнува со 14,5% и завршува со 3,8%. Сепак карактеристични просечни месечни издатоци за исхрана по член на семејство се категориите од 501-1000 и 1001-3000 динари со учество од по 13,7%, додека за земјоделците истите овие категории на учество 7,2%, односно 7,4%.

Немануелните слоеви имаат мошне помало учество во исклучителната категорија "нема издатоци" - 8,6%, како и два пати помалку учество во најниската категорија на материјални издатоци "до 250 дин." - 7,9% во однос на работничката класа и земјоделците. Од оваа категорија, па сé до претпоследната учеството на немануелните слоеви се зголемува и достигнува највисоко учество - 19,6% во категоријата од 2001-3000 дин. во која учеството на работниците е нешто помалку од три пати 7,4%, а на земјоделците за четири пати. Мошне значајните разлики меѓу работниците и земјоделците, од една страна и немануелните слоеви, од друга во поглед на просечните месечни

ТАБЕЛА - 6

ПРОСЕЧНИ ПАРИЧНИ ИЗДАТОЦИ ЗА ИСХРАНА ПО ЧЛЕН НА ДОМАЌИНСТВО ВО ТЕКОТ НА 1973 ГОДИНА ВО СРМ СПОРЕД СОЦИЈАЛНАТА СТРУКТУРА

| Издатоци во нови динари / Класно-социјална структура | Нема издатоци | До 250 н.д. | 251-500 | 501-1000 | 1001-2000 | 2001-3000 | 3001-5000 | 5001 и повеќе | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Работници | 31,0<br>176 | 14,4<br>82 | 9,2<br>52 | 13,7<br>78 | 13,7<br>78 | 7,4<br>42 | 6,7<br>38 | 3,9<br>22 | 100<br>568 |
| Земјоделци | 50,1<br>224 | 14,5<br>65 | 8,5<br>38 | 7,2<br>32 | 7,4<br>33 | 4,7<br>21 | 3,8<br>17 | 3,8<br>17 | 100<br>447 |
| Немануелни слоеви | 8,6<br>23 | 7,9<br>21 | 7,9<br>21 | 11,6<br>31 | 18,8<br>50 | 19,6<br>52 | 14,7<br>39 | 10,9<br>29 | 100<br>266 |
| Пензионери и друго | 38,6<br>83 | 12,1<br>26 | 7,9<br>17 | 8,8<br>19 | 15,3<br>33 | 7,0<br>15 | 4,7<br>10 | 5,6<br>12 | 100<br>215 |
| СЀ: | 33,8<br>506 | 13,0<br>194 | 8,6<br>128 | 10,7<br>160 | 13,0<br>194 | 8,7<br>130 | 6,9<br>104 | 5,3<br>80 | 100<br>1.496 |

$X^2 = 221,87$ $P < 0,001$ $DF = 21$ $C = 0,359$

парични издатоци по член на семејство ги потврдува и пресметаниот Хи-квадрат ($X^2$=221,87 $P < 0,001$), а коефициентот на контигенција покажува нешто повеќе од просечна корелација меѓу социјалната структура и просечните месечни парични издатоци по член на семејство (C = 0,359).

Ако, пак, се споредат разликите помеѓу работничката класа и немануелните слоеви со разликите меѓу слоевите внатре во овие две основни општествени групи тогаш од Прилогот 13 може да се констатира: ако се изземе првата колона "нема издатоци" во која само учеството на висококвалификуваниот работнички слој се приближува на она на слојот на администрацијата - 16,4%, а меѓу другите слоеви мошне е голема разликата, во другите категории на просечни месечни издатоци за исхрана кај работничките слоеви во пониските категории се забележува поголемо учество, а во повисоките помало, додека кај немануелните слоеви е обратно: во првите ниски категории многу е помало тоа (учеството) и во повисоките мошне е повисоко во однос на работничките слоеви. Тоа го потврдуваат и одделно пресметаните Хи-квадрати за работничките ($X^2$мр = 52,40 $P < 0,001$) и немануелните ($X^2$нем. = 27,79 $P > 0,001$; $P < 0,05$) Оттука може да се изведе следниот заклучок: разликите меѓу општествените класи и слоеви во социјалната структура во однос на просечните месечни парични издатоци за исхрана по член на семејство се мошне позначајни и поголеми отколку разликите внатре меѓу слоевите на работничката класа и немануелните слоеви, иако разликите меѓу слоевите на работничката класа (НКВ, ПКВ, КВ и ВКВ работници) се поголеми отколку разликите внатре меѓу немануелните слоеви (слојот на администрацијата, слојот на стручњаците и слојот на раководителите).

За нормалниот физички и интелектуален развиток на децата и младината без разлика на нивното социјално потекло мошне значајна и незаменлива улога игра потрошувачката на месо. Во Табелата 7 се изнесени податоци за просечната годишна потрошувачка на месо (јунешко, говедско, овчо, живинско и сл.).

Во првата колона "воопшто не потрошиле месо", најзастепени се земјоделците со 28,6%; па потоа, работниците со 15,8%, а знатно помалку немануелните слоеви - 5,9%. Понатаму, најголемото учество работничката класа го има во категоријата до 2,5 кгр. годишна потрошувачка на месо - 27,9%, што заедно со учеството во следната категорија од 2,6-5,0 кгр (26,8%) сочинуваат повеќе од половината (54,7%); а најмало е во највисоката категорија - 15,1 и повеќе кгр. месо - 5,4%. Кај земјоделците највисоко учество се сретнува во најниската категорија до 2,5 кгр. - 28,7%, а нјниско во последната, додека, пак, кај немануелните подеднакво највисоко учество се сретнува во категориите од 2,6-50 кгр. месо и од 5,1-10,0 со по 28,2%, но за три пати повисоко е нивното учество во однос на работничката класа во највисоката категорија 15,1 и повеќе - 15,7% (кај работниците тоа учество изнесуваше 5,4%) и речиси приближно за четири пати повеќе од земјоделците. И Хиквадратот и коефициентот на контигенција (С) покажуваат зависност меѓу потрошувачката на месо по член на семејство и класно-слојната структура.

Уште поголеми разлики и уште порелјефна слика за поврзаноста меѓу социјалната структура и потрошувачката на месо покажува Табелата 7-а, каде се изнесува просечната потрошувачка на говедско-јунешко месо по член на семејство спо-

ТАБЕЛА - 7

ПРОСЕЧНАТА ГОДИШНА ПОТРОШУВАЧКА НА МЕСО
ПО ЧЛЕН НА СЕМЕЈСТВО СПОРЕД СОЦИЈАЛНАТА
СТРУКТУРА НА СРМ, 1973

| Потрошувачка во кгр. / Социјална структура | Воопшто не потрошиле месо | До 2,5 кгр. | 2,6-5,0 | 5,1-10,0 | 10,1-15,0 | 15,1 и повеќе | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Работници | 15,8<br>269 | 27,9<br>475 | 26,8<br>457 | 17,8<br>303 | 6,3<br>108 | 5,4<br>92 | 100<br>1.704 |
| Земјоделци | 28,6<br>383 | 28,7<br>385 | 21,2<br>284 | 12,4<br>167 | 4,8<br>64 | 4,3<br>58 | 100<br>1.341 |
| Немануелни слоеви | 5,9<br>47 | 11,5<br>92 | 28,2<br>225 | 28,2<br>225 | 10,5<br>84 | 15,7<br>125 | 100<br>798 |
| Пензионери и друго | 16,3<br>105 | 17,5<br>113 | 24,3<br>157 | 21,1<br>136 | 9,0<br>58 | 11,8<br>76 | 100<br>645 |
| СÉ: | 17,9<br>804 | 23,8<br>1.065 | 25,0<br>1.123 | 18,5<br>831 | 7,0<br>314 | 7,8<br>351 | 100<br>4.488 |

$X^2 = 462,36$ P $<$ 0,001; DF = 15; C = 0,305

- 362 -

ТАБЕЛА - 7-а

## ПРОСЕЧНАТА ГОДИШНА ПОТРОШУВАЧКА НА ГОВЕДСКО-ЈУНЕШКО МЕСО ПО ЧЛЕН НА ДОМАЌИНСТВО ВО СРМ СПОРЕД СОЦИЈАЛНАТА СТРУКТУРА НА РАБОТНИЧКАТА КЛАСА И НЕМАНУЕЛНИТЕ СЛОЕВИ, 1973 ГОДИНА

| Гтупа на слоеви | Потрошувачка во кгр.<br>Социјална структура | Не трошело | До 2,5 кгр. | 2,6-5,0 | 5,1-10,0 | 10,1-15,0 | 15,1-20,0 | 20,1 и повеќе | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Мануелни работнички слоеви | НКВ и ПКВ работници | 24,2<br>70 | 20,8<br>60 | 23,2<br>67 | 26,3<br>47 | 7,3<br>21 | 4,1<br>12 | 4,1<br>12 | 100<br>289 |
| | КВ работници | 11,9<br>21 | 18,1<br>32 | 21,5<br>38 | 24,3<br>43 | 10,7<br>19 | 6,2<br>11 | 7,3<br>13 | 100<br>177 |
| | ВКВ работници | 8,8<br>9 | 8,8<br>9 | 22,6<br>23 | 30,4<br>31 | 15,7<br>16 | 8,8<br>9 | 4,9<br>5 | 100<br>102 |
| | СЀ: | 17,6<br>100 | 17,8<br>101 | 22,5<br>128 | 21,3<br>121 | 9,9<br>56 | 5,6<br>32 | 5,3<br>30 | 100<br>568 |
| Немануелни слоеви | Слој на стручњаци | 6,3<br>9 | -<br>- | 16,2<br>23 | 26,1<br>37 | 16,9<br>24 | 17,6<br>25 | 24 | 100,0<br>142 |
| | Слој на администрација | 3,3<br>2 | 9,8<br>6 | 9,8<br>6 | 31,1<br>19 | 13,1<br>8 | 11,5<br>7 | 21,3<br>13 | 100,0<br>61 |
| | Раководен слој | -<br>- | 3,2<br>2 | 23,8<br>15 | 17,5<br>11 | 19,0<br>12 | 19,0<br>12 | 17,5<br>11 | 100,0<br>63 |
| | СЀ: | 4,1<br>11 | 3,0<br>8 | 16,5<br>44 | 25,2<br>67 | 16,5<br>44 | 16,5<br>44 | 18,1<br>48 | 100,0<br>266 |

$X^2_{мрс} = 40,14$ $P < 0,01$ DF = 12 C = 0,256

$X^2_{нс} = 26,86$ $P < 0,05$ DF = 12 C = 0,300

$Ex^2$ за работници земјоделци немануелни или пензионери и др. = 380,89 $P < 0,001$ DF = 18 C = 0,450

ред работничките и немануелните слоеви. Ако во целина се споредат работничката класа и немануелните слоеви ќе се забележи дека во исклучителната група "не троши месо", работниците учествуваат со 17,6%, а немануелните слоеви помалку од четири пати - 4,1%; во втората колона "до 2,5 кгр." учеството на работниците е речиси исто како во првата колона "не троши", т.е. 17,8%, додека кај немануелните слоеви тоа е уште помалку 3,0%; некаде кон средните категории тие се приближуваат а пак во крајните, највисоките, повторно разликите почнуваат да се зголемат за неколку пати: кај работниците учеството во категориите од 15,1-20,0 кгр. изнесува 4,1% колку и во последната категорија од 20,1 и повеќе, додека кај немануелните тоа учество во претпоследната категорија изнесува 16,5%, а во последната 18,1%. На рамниште на споредување меѓу класите и слоевите и тоа работници, земјоделци, немануелни слоеви, пензионери и др. е пресметан Хи-квадрат ($X^2=380,89$ $P < 0,001$ $DF=18$) што покажува мошне значајни разлики помеѓу одделните општествени класи и слоеви и просечната потрошувачка на јунешко-говедско месо по член на семејство, додека коефициентот на контигенција покажува натпросечна корелациска поврзаност меѓу социјалната структура и потрошувачката на говедско-јунешко месо по член на семејство (C=0,450).

Меѓутоа, од табелата 7-а можат да се видат и оценат разликите меѓу одделните слоеви во работничката класа и внатре во немануелните слоеви. Така во колоната "не троши" процентот се движи од 24,2% кај НКВ и ПКВ работници преку 11,9% кај квалификуваните, па се до 8,8% кај висококвалификуваните, што е близу три пати помало од она на првиот материјално нај-

слаб социјален слој. Кај немануелните тоа се движи од 6,3% кај слојот на стручњаците до нула кај раководниот слој. Понатаму, највисоко учество неквалификуваниот и полуквалификуваниот слој забележуваат во категоријата од 2,6-5,0 кгр. - 23,2% и најниско во последната категорија 20,1 и повеќе - 4,1%, - категорија во која слојот на администрацијата има повеќе од пет пати поголемо учество - 21,3%.

И покрај тоа што определени полиња што ги заземаат двете категории мануелни работнички слоеви и немануелни слоеви се приближуваат, како на пример учеството на висококвалификуваниот работнички слој во категоријата од 5,1-10,0 кгр. - 30,4% со истото учество на слојот на администрацијата - 31,1%, или на слојот на НКВ и ПКВ работници во категоријата од 2,6-5,0 кгр. - 23,2% со учеството на раководниот слој 23,8%, сепак ако се подели табелата 7-а на четири дела, јасно ќе се види групирањето на податоците по дијагоналата која минува низ левиот горен квадрат и десниот долен квадрат, како што може да се заклучува и врз основа на одделно пресметаните Хи-квадрати.

И во овој поглед заклучокот е ист или сличен како претходните: постојат значајни разлики меѓу одделните општествени класи и слоеви во просечната потрошувачка на јунешко-говедско месо по член на семејство, така што разликите се поголеми меѓу нив отколку внатре меѓу слоевите на работничката класа и внатре во немануелните слоеви и покрај тоа што тие разлики се поизразени внатре меѓу слоевите на работничката класа отколку внатре меѓу немануелните слоеви.

Исти или слични разлики постојат и во потрошувачката на другите видови месо (овчото, јагнешкото, пилешкото и другото живинско, потрошувачката на риби) како и на јајца,

масло за јадење, јужно овошје, јаболка и сл., но поради ограниченоста на просторот тоа нема да се анализира со исклучок што ќе се изнесат податоците за потрошувачката на млеко кое е исто така мошне значајно за физичкиот и духовниот развиток на децата и младината.

Во категоријата "не троши млеко" поголемо учество се забележува кај земјоделците (13,2%) и работниците (12,0%), додека сосема незнатно кај немануелните слоеви (1,9%). За земјоделците е карактеристично што просечната годишна потрошувачка на млеко по член на домаќинство највисоко учество достигнува во категоријата од 20,1-40,0 литра - 18,6% и оттаму постојано се намалува 4,9% во категоријата од 120,1-150,0 л., односно на 6,7% во последната категорија. Работниците своето учество го згуснуваат во средните категории кое се движи од 11,1% во категоријата од 10,1-20,0 л., до 16,2% (што е највисоко) во категоријата од 60,1-90,0 л., додека пак кај немануелните слоеви највисокото учество е во категориите од 60,1-90,0 ., - 20,7% и во категоријата од 90,1-120,0 лит. - 19,6% но исто така со мошне поголемо учество (речиси за три пати во однос на работниците во последните две највисоки категории - 13,9%, односно 15,4%. И применетата статистичка мерка на значајност - Хи-квадратот покажува дека меѓу различните општествени класи и слоеви во социјалната структура и просечната годишна потрошувачка на млеко по член на домаќинство постојат значајни ра-лики, односно дека помеѓу социјалната структура и потрошувачката на млеко постои корелациска поврзаност (C=0,330).[11/]

11/ Вид., Прилог - 14.

И во поглед на опременоста на домаќинствата со трајни потрошни добра постојат значајни разлики меѓу општествените класи и слоеви. Во таа смисла податоците го покажуваат следното: електричен шпорет поседуваат најмногу домаќинствата од немануелните слоеви - 86 5%; потоа од работничките - 69,0% и мошне помалку од земјоделците - 19,5%. Нафтена печка пак најповеќе се снабдени домаќинствата од немануелните слоеви - 55,6%; потоа од работничките 45,4% и земјоделските - 7,2%; електрична печка имаат 13,5% домаќинства од немануелните слоеви; три пати помалиу - 4,8% од работничките и сосема незнатно од земјоделските - 1,6%. Меѓутоа, поседувањето на бојлер, ладилник, правосмукалка и машина за перење уште позначајно ги диференцираат општествените слоеви и класи. Така бојлер поседуваат речиси половината од домаќинствата на немануелните слоеви - 48,9%, работничките под една третина - 29,4%, а земјоделските само 2,2%; понатаму, ладилник немануелните домаќинства поседуваат 90,6%, работничките околу дваесет проценти помалку - 69,6% и земјоделците - 12,8% и машина за перење на алишта имаат 68,4% од домаќинствата од немануелните слоеви, од работничките 27,6% и од земјоделските 2,0%. (Вид. Прилог - 15).

Иста тенденција покажуваат и другите видови на трајни потрошни добра како што се: радиото, грамофонот, магнетофонот и телевизорот кои, поточно речено, имаат значајно место и улога во процесот на социјализацијата на индивидуата. Најмногу радио поседуваат домаќинствата од немануелно - 80,8%, работничките домаќинства 75,9% и земјоделските 46,8%; потоа, грамофон - немануелните поседуваат 35,3%, работничките - 17,1% и земјоделските 4,3%; магнетофон немануелните домаќинства имаат 17,7%, работничките 5,6% и земјоделските 2,2% и телевизор -

92,5% од домаќинствата на немануелните слоеви; 62,9% од работничките домаќинства и 11,4% од земјоделските (Прилог - 16).

Постојат определени разлики меѓу овие општествени класи и слоеви во поглед на поседувањето на видот, големината (еднособен, двособен, трособен итн.) на станот, односно неговата површина во полза на немануелните слоеви иако, треба да се истакне дека овие разлики не се толку изразени и големи како според претходните белези и карактеристики.[12/] Но тоа не значи дека прашањето за станот и пред сѐ за добивање на стан не е тесно поврзано со класно-слојната структура на нашето општество, бидејќи податокот кој не се поседува за квалитетот и сопственоста на станот би фрлил поголема светлина на ова прашање.

Од досегашната анализа за материјалната положба, егзистенција и начинот на задоволувањето на материјалните потреби на одделните општествени класи и слоеви би можело да се извлече следниот заклучок:

Материјалната положба и начинот и обемот на задоволување на материјалните потреби мошне значајно се разликува во зависност од припадноста на определена општествена класа и слој така што тие разлики семошне поголеми меѓу работничката класа и земјоделците, од една страна и немануелните слоеви, од друга, отколку што се разликите внатре во работничката класа (меѓу НКВ, ПКВ, КВ и ВКВ работниците) и внатре во немануелните слоеви (слојот на администрација, слојот на стручњаци и слојот на раководители), иако притоа треба и тоа да се напомне дека поголема хомогеност, т.е. помали разлики постојат внатре во немануелните слоеви отколку внатре во работничките слоеви.

12/ Вид. Прилозите 17 и 17-а.

Ваквите разлики се резултат на противречностите во општествената поделба на трудот, пред сѐ на физички и умствен труд и мошне се индикативни во поглед на понатамошниот начин на разрешување на општествените противречности и конфликти во нашето општество. Но тоа, се разбира бара понатамошни посистематски и посеопфатни социолошки истражувања на овие егзестенцијални проблеми од чие решавање мошне многу зависи и надминувањето на другите општествени противречности.

в) Социјалната структура и општествената моќ

Во определувањето на основните поими е изнесено дека под општествена моќ на поединецот или општествената група (класа или слој) во овој труд ќе се подразбира можноста и степенот на влијание во донесувањето на основните одлуки од нивниот живот. Индикатори за утврдување на општествената моќ на одделните општествени класи и слоеви овде претставуваат:

- застапеноста на одделните класи и слоеви во основните самоуправни заедници и во општествено-политичките организации;

- класно-слојната припадност на делегатите во соборите на Собранието на СР Македонија;

- класно-слојната припадност на делегатите на собранијата на општините во Републикава;

- застапеноста на одделните општествени класи и слоеви во советите на вонстопанските установи;

- класно-слојната структура на Сојузот на комунистите на Македонија;

- класно-слојната структура на општинските, градските и републичките органи на синдикатот; и

- класно-слојната структура на Републичката конференција и Претседателството на ССРНМ.

Секако дека самото членство или застапеност на одделни општествени класи и слоеви во политичката структура, иако е нужен услов, сепак секогаш не е доволен, особено ако не се има податоци за активното учество на различните припадници на класите и слоевите во целината на процесот на донесување на основните одлуки од нивната работа и живот. Но за ова се потребни соодветни социолошки студии, со кои овде не се располага.

Ако се погледаат податоците пред конституирањето на делегатскиот систем, односно од изборите за пратеници во соборите на Републичкото собрание, како највисоко претставничко и самоуправно тело, кои беа спроведени во 1967 и 1969 година, веднаш може да се забележи речиси целосна отсутност на претставници од работничката класа и земјоделците. Според изборите од 1967 година, во сите собори на Собранието на СР Македонија имало само двајца земјоделци, и тоа двајцата во Стопанскиот собор, а во 1969 година - само еден, и тоа во Републичкиот собор. Рудари, индустриски и занаетчиски работници, според изборите во 1967 година, имало десет од вкупно 335 пратеници, а во 1969 година од нив имало само двајца. Доминантната улога во донесувањето на најважните одлуки била сконцентрирана во рацете на немануелните слоеви (слојот на раководителите и слојот на стручњаците и уметниците), кои - заедно сочинуваат околу 88,0% од сите претенции во Собранието. Иста или слична е состојбата и во општинските собранија. 13/

13/ Георгиевски м-р Петре, Социјалното потекло и животната ориентација на средношколската младина,...оп.цит.,с. 52.

Состојбата и изборите на делегатите и делегациите во соборите на Собранието на СР Македонија во 1974 година - кога е спроведено истражувањето, суштински не се измени во поглед на нивната социјална структура, што потврдуваат и податоците во следната Табела - 8.

ТАБЕЛА - 8

ДЕЛЕГАТИТЕ ВО СОБОРИТЕ НА СОБРАНИЕТО НА СРМ ВО 1974 ГОДИНА СПОРЕД НИВНАТА СОЦИЈАЛНА СТРУКТУРА

| Собори / Социјална структура | Собор на здружен труд | | Собор на општини | | Општествено-политички соб. | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | N | % | N | % | N | % | N | % |
| Работници | 30 | 25,4 | 1 | 1,7 | 3 | 5,0 | 34 | 14,4 |
| Земјоделци | 10 | 8,5 | - | - | - | - | 10 | 4,2 |
| Слој на админиатрација | 3 | 2,5 | 1 | 1,7 | - | - | 4 | 1,7 |
| Стручњаци и уметници | 63 | 53,4 | 20 | 33,9 | 10 | 16,7 | 93 | 39,2 |
| Раководители | 12 | 10,2 | 36 | 61,0 | 47 | 78,3 | 95 | 40,1 |
| Друго | - | - | 1 | 1,7 | - | - | 1 | 0,4 |
| СЀ: | 118 | 100,0 | 59 | 100,0 | 60 | 100,0 | 237 | 100,0 |

ИЗВОР: Републички завод за статистика на СРМ, Избори на делегации и делегати за соборите на собранијата во 1974 година, Статистички преглед 56, с. 37.

Оваа Табела - 8 јасно покажува дека од вкупниот број делегати во сите собори на Собранието на СР Македонија доминираат речиси со подеднакво учество слојот на стручњаци и умет-

ници (39,2%) и слојот на раководителите (40,1%) што заедно сочинуваат четири петини (79,3%) од вкупниот број на делегатите, додека работниците учествуваат со 14,4% и земјоделците со 4,2% Интересно е што работниците и земјоделците речиси немаат никакво, (сосема слабо) влијание во донесувањето на најзначајните одлуки во Соборот на општините и Општествено-политичкиот собор, додека во Соборот на здружениот труд учеството на работниците е 25,4%, т.е. работниците се застапени со една четвртина што е значајно под учеството на работниците во вкупното население, иако според карактерот на овој собор и нивното учество треба да биде повисоко и од она во вкупното население.

Слична е состојбата и во поглед на социјалната структура на делегатите на собранијата на општините во СРМ, што ја покажува Табелата - 9.

ТАБЕЛА - 9

СОЦИЈАЛНАТА СТРУКТУРА НА ДЕЛЕГАТИТЕ НА ОПШТИНСКИТЕ СОБРАНИЈА ВО СРМ, 1974

| Собори / Социјална структура | Собор на здружен труд | | Собор на месни заедници | | Општествено-политич.соб. | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | N | % | N | % | N | % | N | % |
| Рудари, индустриски и срод.рабо. | 425 | 26,7 | 69 | 8,2 | 126 | 15,3 | 620 | 19, |
| Земјоделци | 248 | 15,6 | 172 | 20,6 | 37 | 4,5 | 457 | 14, |
| Трговско особје | 44 | 2,8 | 49 | 5,9 | 15 | 1,8 | 108 | 3, |
| Особје на услуги | 36 | 2,3 | 3 | 0,4 | 4 | 0,5 | 43 | 1, |
| Особје на заштита | 22 | 1,4 | 11 | 1,3 | 5 | 0,6 | 38 | 1, |
| Управни, администр. и сродни занима. | 226 | 14,2 | 101 | 12,1 | 75 | 9,1 | 402 | 12, |
| Раководители | 84 | 5,3 | 115 | 13,8 | 182 | 22,1 | 381 | 11, |
| Стручњаци и умет. | 496 | 31,2 | 234 | 28,0 | 272 | 33,0 | 1.002 | 30, |
| Друго | 8 | 0,5 | 82 | 9,8 | 108 | -13,1 | 198 | 6, |
| СЀ: | 1.589 | 100,0 | 836 | 100,0 | 824 | 100,0 | 3.249 | 100, |

ИЗВОР: Исто како за Табела - 8.

Од Табелата 9 може да се види дека во сите три собори најдоминантно учество имаат стручњаците и уметниците, учество кое се движи околу една третина од вкупниот број делегати во целина и во одделните собори на општинските собранија.

Единствено во соборот на здружениот труд - рударите, индустриските и сродни работници се нешто позначајно застапени, т.е. околу една четвртина (26,7%), но кое е значајно под нивото на учеството на работничката класа во вкупното население, додека нејзиното учество во другите два собора е мало и изнесува 8,2% во соборот на месните заедници и 15,3% во општествено-политичкиот собор.

Земјоделците и понатаму остануваат со релативно помала застапеност во целината на општинските собранија и посебно во нивните општествено-политички собори, особено во однос на административно-раководниот слој и слојот на стручњаци и уметници. Земјоделците релативно подобро се застапени во соборот на месните заедници (20,6%) но и тоа е речиси за два пати помало од нивното учество во вкупното население.

Немануелните слоеви (административно-раководниот и слојот на стручњаците и уметниците) не само што се во целината на сите делегати на општинските собранија застапени со значително поголемо учество, т.е. повеќе од половината делегати на сите собори на општинските собранија потекнуваат од нив (55,0%), туку нивното учество е над половината и во сите три собори, додека во општествено-политичкиот собор тоа учество се доближува до двотретинското мнозинство, иако нивното учество во социјалната структура на вкупното население не изнесува ниту една петтина.

Ако истите овие податоци за делегатите на собранијата на општините во СР Македонија се расчленат и анализираат според степенот на стручното образование (Прилог 18), тогаш јасно ќе се види маргиналната застапеност на неквалификуваниот и полуквалификуваниот работнички слој во одделните собори (собор на здружен труд - 2,6%; собор на месните заедници - 3,3%; општествено-политичкиот собор - 1,8%) како и во целината на делегатите на општинското собрание (2,6%). Квалификуваниот работнички слој во вкупниот број на сите општински собранија е застапен со 11,9%, во соборот на здружен труд со 15,7%, додека во соборот на месните заедници и општествено-политичкиот собор неговото учество речиси е подеднакво (8,4%, односно 8,2%). Слично е и учеството на висококвалификуваниот слој, со таа разлика што во соборот на месните заедници е речиси за два пати помало во однос на квалификуваниот работнички слој (4,1%).

Во однос на степенот на образование, најзначајно и подоминантно учество во сите три собори во собранијата на општините имаат делегатите со средно образование (со вкупно 20,2%); потоа, делегатите со високо образование, особено во општествено-политичкиот собор (24,5%), па потоа со вишо образование - 16,2% од вкупниот број делегати во општинските собранија. Значи, и овде податоците јасно покажуваат дека и степенот на образование значајно влијае врз изборот на делегатите во општинските собранија.

Интересни се и податоците за социјалната структура на советите (самоуправни органи) во некои вонстопански установи што се дадени во Табелата - 10.

ТАБЕЛА - 10

СОЦИЈАЛНАТА СТРУКТУРА НА СОВЕТИТЕ ВО НЕКОИ ВОНСТОПАНСКИ УСТАНОВИ
ВО КОИ СЕ ИЗБИРА СОВЕТ ВО СРМ, 1972

| Установи во кои се бираат совети / Социјална структура | Културно-просветни и уме. | | Високи и виши школи | | Научни установи | | Социјални | | Здравствени | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | N | % | N | % | N | % | N | % | N | % | N | % |
| Работници | 1 | 0,5 | - | - | 3 | 1,8 | 13 | 3,9 | 17 | 1,5 | 34 | 1,5 |
| Слој на администрација | 37 | 18,2 | 35 | 9,8 | 17 | 10,1 | 83 | 24,7 | 232 | 20,0 | 404 | 18,1 |
| Слој на стручњаци и уметници | 76 | 38,4 | 171 | 47,6 | 101 | 60,1 | 134 | 40,0 | 713 | 61,4 | 1.195 | 53,7 |
| Раководители | 27 | 13,3 | 42 | 11,7 | 5 | 3,0 | 20 | 6,0 | 69 | 5,9 | 163 | 7,3 |
| Пензионери и друго | 62 | 30,6 | 111 | 30,9 | 42 | 25,0 | 85 | 25,4 | 131 | 11,2 | 431 | 19,4 |
| СЀ: | 203 | 100,0 | 359 | 100,0 | 168 | 100,0 | 335 | 100,0 | 1.162 | 100,0 | 2.227 | 100,0 |

ИЗВОР: Републички завод за статистика на СРМ, Статистички преглед, бр. 57, 1975.

Во сите овие совети на вонстопанските установи доминира слојот на стручњаците, повеќе од половината во вкупниот број нивни членови се од слојот на стручњаците и уметниците (53,7%), а нивното учество е најголемо во советите на научните дејности (60,1%), што јасно зборува за нивното технократизирање иако и слојот на администрацијата и раководителите (доколку се земат заедно) претставуваат значајна застапеност, па оттука можеби е подобро да се рече дека овие совети се технобирократизирани. Всушност дека е тоа така и дека само формално го носат името "совети" покажува само симболичната застапеност (а во некои совети и целосна отсутност) на работниците (1,5%).

Меѓутоа, значаен показател на општествената моќ на одделни класи и слоеви претставува социјалната структура на членството и раководството на општествено-политичките организации од кои посебно се значајни двете работнички организации - Сојузот на комунистите и Синдикатот.

ТАБЕЛА - 11

ЧЛЕНОВИТЕ НА СКМ ВО 1974, 1975 и 1976 ГОДИНА, СПОРЕД ЗАНИМАЊЕТО

| Занимање | Г о д и н и | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1974 | | 1975 | | 1976 | |
| | N | % | N | % | N | % |
| Индивидуални земјоделски производит. | 5.631 | 7,3 | 5.814 | 6,9 | 6.310 | 6,6 |
| Работници | 21.800 | 28,4 | 23.732 | 28,2 | 26.587 | 28,0 |
| Прив.занаетчии | 519 | 0,7 | 536 | 0,6 | 565 | 0,6 |
| Админ.службеници | 5.562 | 7,2 | 6.128 | 7,3 | 7.347 | 7,7 |
| Стручњ.-уметници | 18.486 | 24,1 | 20.923 | 24,8 | 24.522 | 25,8 |
| Раковод.и плат. функционери | 9.958 | 13,0 | 10.483 | 12,4 | 11.182 | 11,8 |
| Пенз.и инвалиди | 3.862 | 5,0 | 3.887 | 4,6 | 3.992 | 4,7 |
| Студ.и ученици | 4.956 | 6,4 | 6.362 | 7,6 | 7.458 | 7,8 |
| Друго | 6.067 | 7,9 | 6.385 | 7,6 | 7.157 | 7,5 |
| ВКУПНО: | 76.841 | 100,0 | 84.250 | 100,0 | 95.120 | 100,0 |

ИЗВОР: Годишен статистички извештај за 1974, 1975 и 1976 година на ЦК СКМ.

Податоците од Табелата 11 покажуваат дека застапеноста на работниците во Сојузот на комунистите на Македонија како нивна авангарда, се движи околу 28% и има слаба тенденција на опаѓање и на која мошне многу и се приближува застапеноста на слојот на стручњаци и уметности, или како што би рекол И. Галбрајт техноструктурата, така што нивната разлика во 1976 година изнесува 2,2 поени што не претставува значајна разлика. Уште позначајно е и тоа што слојот на стручњаци и уметници покажува спротивна тенденција на работниците, т.е. постепено зголемување (од 24,1% во 1974 година на 25,8% во 1976 година).

Вкупното учество или застапеност на слојот на администрацијата, стручњаците и раководителите во Сојузот на комунистите е далеку над нивната застапеност во вкупното население, додека пак застапеноста на работничката класа сé уште се наоѓа под рамништето на застапеноста во вкупното население (која изнесува околу 35%, а во Сојузот на комунистите 28%, т.е. седум поени помалку) и покрај тоа што по определбата Сојузот на комунистите е авангарда на работничката класа и како таква треба таа да е далеку позастапена и од своето учество во вкупното население.

Во Табелата 11 јасно се покажува и несразмерното повисоко учество на слојот на раководителите кое е далеку поголемо од масовната класа на земјоделците чија застапеност под половината од застапеноста на слојот на раководителите и се движи од 7,3% во 1974 година на 6,6% во 1976 година, значи и со тенденција на уште поголемо смалување. Интересно е да се каже дека непосредно по ослободувањето (1948 година)

социјалната структура на Комунистичката партија на Македонија била поинаква со доминантно место на земјоделците, односно селаните 57,7% и работниците со 32,1%. Кои се причините за послабата застапеност на работниците и посебно на земјоделците во последните две децении треба да се согледаат, проучат и научно образложат што е од мошне голем општествено-политички интерес.

Ако се погледаат податоците за социјалната структура на членовите на раководствата на Сојузот на комунистите во 1974/75 година, каде и се донесуваат најбитните одлуки за дејствувањето на СК, состојбата е следната (Вид. Прилог - 19) Од вкупниот број членови на општинските конференции на Сојузот на комунистите на Македонија (2.924) 29,1% се работници; 22,3% стручњаци и уметници; 18,5% раководители и платени функционери, 7,5% земјоделци итн., што е мошне слична на структурата на вкупното членство на Сојузот на комунистите на Македонија. Но, таа значајно се менува во општинските комитети и Централниот комитет на СКМ. Имено, во општинските комитети најзастапен е слојот на раководителите и платените функционери со 29,7%, додека во ЦК СКМ неговата застапеност изнесува две третини од вкупниот број негови членови - 66,0%, каде заедно со слојот на стручњаците тоа учество изнесува 84,0% Работниците во општинските комитети се застапени со една четвртина (25,5%), додека во ЦК СКМ со 16,0%, што е приближно на двапати помало од нивното учество во членството на СК. Земјоделците пак во општинските комитети се застапени со 5,1%, додека во ЦК СКМ потполно отсуствуваат!

Во оформувањето на порелјефна слика за социјалната структура на раководството на работничките организации дава и Табелата - 12 во која се изнесени податоци за општинските, градските и републичките одбори и совети на синдикатот на СРМ во 1976 година.

Како еминентна работничка организација би се очекувало дека и во раководните органи на синдикатите ќе доминира застапеноста на работничката класа, но фактичката состојба по правило, без исклучок во сите општински, градски и републички одбори и совети покажува дека таква положба има немануелниот слој на стручњаци и уметници, со учество кое е над половината (т.е. преку 50%), а во градските совети и одбори достигнува и 60%. Учеството на работничката класа се движи од 29,2% во републичките одбори, до 42,1% во републичките совети. Од работничките слоеви само симболично е застапен неквалификуваниот и полуквалификуваниот слој и тоа само во општинските совети и одбори додека во градските совети и одбори - Републичкиот совет целосно е отсутен како што целосно се запоставени и земјоделците (во сите совети и одбори).

Потребно е да се проучи зошто се толку привлечителни синдикалните раководства - одборите и советите на сите три нивоа (општински, градски и републички) за техноструктурата? Дали затоа што негуваат илузија дека како стручњаци исто така се најповикани, најкомпетентни да донесуваат одлуки во друго име, во име на работничката класа или можеби и тие се сметаат (исто имаат илузија) дека се работници!

Иста, а можеби уште поизострена, поконтраксна слика дава и социјалната структура на раководствата на најмасов-

ТАБЕЛА - 12

ОПШТИНСКИТЕ, ГРАДСКИТЕ И РЕПУБЛИЧКИТЕ ОРГАНИ НА СИНДИКАТОТ ВО СРМ, СПОРЕД СОЦИЈАЛНАТА СТРУКТУРА (СОСТОЈБА 31.XII.1976 ГОДИНА)

| Занимање | Општински | | | | Градски | | | | Републички | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Совети | | Одбори | | Совети | | Одбори | | Совети | | Претседат. совет | | Одбори | |
| | N | % | N | % | N | % | N | % | N | % | N | % | N | % |
| Земјоделски производители | - | - | 1 | 0,0 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| НКВ и ПКВ работници | 33 | 2,3 | 80 | 4,5 | - | - | 2 | 0,8 | - | - | - | - | 4 | 1,2 |
| КВ работници | 241 | 16,8 | 314 | 17,6 | 7 | 10,8 | 33 | 13,2 | 13 | 13,7 | 1 | 3,4 | 33 | 10,5 |
| ВКВ работници | 345 | 17,1 | 233 | 13,1 | 15 | 23,1 | 64 | 25,6 | 27 | 28,4 | 8 | 27,6 | 55 | 17,5 |
| СЀ работници: | 519 | 36,2 | 627 | 35,2 | 22 | 33,8 | 99 | 39,6 | 40 | 42,1 | 9 | 31,0 | 92 | 29,2 |
| Администрација | 106 | 7,4 | 186 | 10,4 | 2 | 3,1 | 9 | 3,6 | - | - | - | - | 16 | 5,1 |
| Стручњаци и уметници | 735 | 51,2 | 934 | 52,4 | 39 | 60,0 | 142 | 56,8 | 52 | 54,7 | 16 | 55,2 | 172 | 54,6 |
| Раководители | 71 | 4,9 | 35 | 2,0 | 2 | 3,1 | - | - | 3 | 3,2 | 4 | 13,8 | 35 | 11,1 |
| Друго (пензионери и останати) | 4 | 0,3 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| ВКУПНО: | 1.435 | 100,0 | 1.783 | 100,0 | 65 | 100,0 | 250 | 100,0 | 95 | 100,0 | 29 | 100,0 | 315 | 100,0 |

ИЗВОР: Совет на Сојузот на синдикатите на Македонија, Статистички преглед за бројот и составот на организациите и органите на синдикатите и Сојузот на синдикатите на СР Македонија (состојба 31.XII.1976 година), Скопје, ноември, 1977.

ната општествено-политичка организација - Републичката конференција на ССРНМ, според изборите од 1974 година (Прилог - 20). Така во составот на Републичката конференција на ССРНМ доминираат стручњаците и уметниците (49,1%) чие учество во Претседателството на ССРНМ изнесува 36,2%, додека, пак слојот на раководителите доминира во Претседателството (од 58 членови 29 се раководители) - 50,0%, чие учество во Конференцијата изнесува 31,4%. Работници во Конференцијата има 13 или 8,2%, во Претседателството 5 или 8,6, додека земјоделци пет, односно двајца. И овде јасно се покажува дека над 80% во членството на Републичката конференција и Претседателството на ССРНМ се застапени двата немануелни слоеви, слојот на раководители и слојот на стручњаци и уметници.

На крајот на прашањето за социјалната структура и општествената моќ, врз основа на досегашната анализа, може да се изведе следниот заклучок: според застапеноста во соборите на Републичкото собрание и општинските собранија; застапеноста во советите на вонстопанските установи, во членството и раководствата на општествено-политичките организации постојат значајни разлики меѓу одделните општествени класи и слоеви во социјалната структура; разлики кои го покажуваат доминантното место и застапеност на немануелните слоеви, пред сè на слојот на стручњаци и уметници и на слојот на раководителите.

Ова е цврст темел за претпоставка дека сè уште се управува во име на работничката класа, во име на "народот" и "народните маси", а не самата работничка класа непосредно

да управува, да ги донесува основните одлуки од животот и работата на луѓето на сите рамништа и без што нема вистински и брз развој на социјалистичкото самоуправување кое сѐ повеќе се изразува на нормативно-институционалниот и идеолошкиот план, а мошне помалку на економскиот, социјалниот и политичкиот. А со тоа мошне многу се отежнува надминувањето на економските и општествено-политичките противречности.

г) Материјалните услови и можности на одделните класи и слоеви за задоволување на културните потреби

Проучувањето на културните и воопшто на духовните потреби и начинот на нивното задоволување од аспект на социјалната структура е мошне интересно и значајно и социолошко и општествено прашање. Меѓутоа, со такви истражувања не се располага за нашата Република, па затоа овде ќе се изнесат податоците за материјалните услови на задоволувањето на некои од овие потреби и тоа врз основа на рачно преработената анкета за домаќинствата во 1973 година на Републичкиот завод за статистика на СР Македонија, за што порано стана збор.

Овие материјални услови на задоволување на културните потреби ќе бидат анализирани преку следните показатели:

- просечните годишни парични средства на домаќинството потрошени за купување на училишни книги;

- просечните парични средства (издатоци) по член на домаќинство за весници и списанија;

- просечните годишни парични средства потрошени за музички концерти, театар, кино и сл., по член на домаќинство.

Општествените класи и слоеви како што се разликуваа значајно во поглед на материјалните услови за задоволување на материјалните потреби за исхрана и начинот на материјалната егзистенција, како и во општествената моќ, треба да се очекува дека тие значајно ќе се разликуваат и во поглед на материјалните услови и можности на задоволување на културните потреби.

Анализата ќе започне со податоците во ТАбелата -13.

Во колоната "не потрошило" од Табелата 13 најмногу не потрошиле средства за купување на училишни книги категоријата "пензионери и друго" - 67,0% што може да насочува кон одговорот дека поради тоа што многу помалку имале деца и младина на школување што е слично и со претходната категорија "немануелни слоеви" (40,2%) бидејќи обично имаат помал број деца и младина на школување во однос на работниците (33,4%). Споредени учествата во различните категории на материјални парични издатоци за училишни книги меѓу работничките и немануелните слоеви не постојат значајни разлики и тие се движат од 2,5% во најниската до 50 дин. до 12,9% во највисоката категорија ("451 дин. и повеќе") кај работниците и од 1,1% до 15,4% кај немануелните слоеви. Земјоделците имаат малку пониско учество, особено во повисоките категории на просечни парични издатоци за купување на училишни книги.

Ако посебно се расчленат податоците за работничките слоеви (Вид. Прилог 21) ќе се види дека не постојат значајни разлики меѓу неквалификуваниот и полуквалификуваниот, квалификуваниот и висококвалификуваниот работнички слој во

ТАБЕЛА - 13

ПОТРОШЕНИ ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА ДОМАЌИНСТВОТО ВО ТЕКОТ НА 1973 ГОДИНА ВО СРМ ЗА КУПУВАЊЕ НА УЧИЛИШНИ КНИГИ, СПОРЕД СОЦИЈАЛНАТА СТРУКТУРА

| Потрошени средства во н.д. / Социјална структура | Не потрошило | До 50 н.д. | 51-150 | 151-250 | 251-350 | 351-450 | 451 и повеќе | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Работници | 33,4<br>190 | 2,5<br>14 | 16,7<br>95 | 16,2<br>92 | 10,2<br>58 | 8,1<br>46 | 12,9<br>73 | 100<br>568 |
| Земјоделци | 45,6<br>204 | 1,8<br>8 | 14,6<br>65 | 12,8<br>57 | 10,7<br>48 | 3,8<br>17 | 10,7<br>48 | 100<br>447 |
| Немануелни слоеви | 40,2<br>107 | 1,1<br>3 | 12,0<br>32 | 10,2<br>27 | 13,9<br>37 | 7,2<br>19 | 15,4<br>41 | 100<br>266 |
| Пензионери и друго | 67,0<br>144 | 0,9<br>2 | 9,8<br>21 | 5,1<br>11 | 7,0<br>15 | 4,2<br>9 | 6,0<br>13 | 100<br>215 |
| СЀ: | 43,1<br>645 | 1,8<br>27 | 14,2<br>213 | 12,5<br>187 | 10,6<br>158 | 6,1<br>91 | 11,7<br>175 | 100<br>1.496 |

$X^2 = 92,90$ $P < 0,001$ $DF = 18$ $C = 0,241$

поглед на потрошените просечни парични средства за купување на училишни книги во текот на 1973 година, што го потврдуваат и пресметаните мерки на значајност - Хи-квадрат тестот ($X^2$=7,01, P > 0,05 DF = 12) и коефициентот на контигенција (C=0,110).

Меѓутоа, знатно поголеми разлики се јавуваат меѓу општествените класи и слоеви во поглед на материјалните издатоци за "незадолжителните" потреби како што се купувањето и следењето на весници (печатот) и списанија како и за концерти, театар и кино.

Податоците за првиот вид материјални издатоци се изнесени во следната табела 14. Тука сосема релјефно се покажува дека земјоделците не само што најмногу, во огромно мнозинство немаат материјални трошоци за весници и списанија (70,9%) туку и тој мал дел што купува весници и списанија сосема малку издвојува материјални (парични) средства, бидејќи само во најниските категории е застапен со 13,4% до 50 дин. и со 8,7% во категоријата 51-100 дин.

Работниците се исто така мошне многу застапени во првата колона "не троши" - 39,8% на што, ако се додаде учеството во првите две најниски категории во кои сосем малку се трошат пари за купување на весници и списанија, тогаш нивното учество се зголемува до над две третини.

Во однос на овие две мануелни класи - земјоделската и работничката, немануелните слоеви мошне значајно повеќе имаат парични издатоци за купување на весници и списанија. Во категоријата "не троши" немануелните слоеви симболично се застапени со 5,6%, додека во највисоката категорија на потро-

ТАБЕЛА - 14

ПРОСЕЧНИ ПАРИЧНИ ИЗДАТОЦИ ПО ЧЛЕН НА ДОМАЌИНСТВОТО ЗА ВЕСНИЦИ И СПИСАНИЈА ВО СРМ, 1973 ГОДИНА СПОРЕД СОЦИЈАЛНАТА СТРУКТУРА

| Просечни издатоци во н.д. / Социјална структура | Не троши | До 50 н.д. | 51-100 | 101-150 | 151-200 | 201-300 | 301-500 | 501 и повеќе | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Работници | 39,8<br>226 | 14,1<br>80 | 15,5<br>88 | 7,5<br>43 | 4,6<br>26 | 6,7<br>38 | 5,8<br>33 | 6,0<br>34 | 100<br>568 |
| Земјоделци | 70,9<br>317 | 13,4<br>60 | 8,7<br>39 | 2,9<br>13 | 1,1<br>5 | 1,4<br>6 | 0,9<br>4 | 0,7<br>3 | 100<br>447 |
| Немануелни слоеви | 5,6<br>15 | 4,5<br>12 | 9,8<br>26 | 11,7<br>31 | 9,0<br>24 | 12,0<br>32 | 16,6<br>44 | 30,8<br>82 | 100<br>266 |
| Пензионери и друго | 47,0<br>101 | 9,8<br>21 | 10,7<br>23 | 6,0<br>13 | 3,7<br>8 | 4,6<br>10 | 7,0<br>15 | 11,2<br>24 | 100<br>215 |
| СЀ: | 44,0<br>659 | 11,6<br>173 | 11,8<br>176 | 6,7<br>100 | 4,2<br>63 | 5,7<br>86 | 6,4<br>96 | 9,6<br>143 | 100<br>1.496 |

$X^2 = 507,73$ $P < 0,001$ $DF = 21$ $C = 0,503$

шени парични средства "501 и повеќе" нивното учество се приближува кон една третина (30,8%), што е за пет пати поголемо од учеството на работничката класа (6,0%) и далеку поголемо од учеството на земјоделците (0,7%).

На мошне значајните разлики меѓу одделните општествени класи и слоеви во врска со материјалните трошоци по член на домаќинство за купување (односно читање) на весници и списанија укажува и големината на Хи-квадратот ($X^2$=507,73 $P < 0,001$), додека коефициентот на контигенција (C = 0,503) покажува натпросечна корелациска поврзаност меѓу независната варијабла - социјалната структура и зависната - просечните парични трошоци по член на домаќинство за купување на весници и списанија.

Во оваа смисла јазот лежи меѓу работничката класа и земјоделците, од една страна и немануелните слоеви, од друга страна, во полза на овие вторите, кои имаат поголеми материјални примања и повисок степен на образование, па оттука и поголеми материјални можности и услови за задоволување на потребите за читање на печатот и периодиката.

Какви се разликите меѓу одделните општествени класи и слоеви во поглед на материјалните (паричните) издатоци за посетување на концерти, кино, театар и сл. Податоците се изложени во Табелата 15.

Од Табелата 15 јасно произлегува дека во категоријата "не троши" најзастапени се земјоделците со 80,3% врз што влијае, покрај нивната материјална положба, и непостоењето на овие културни установи (театар, кино, музички сали и оркестри) во најголемиот број села, бидејќи тие се урбани ус-

ТАБЕЛА - 15

ПРОСЕЧНИ ПАРИЧНИ ИЗДАТОЦИ ЗА КОНЦЕРТИ, ТЕАТАР, КИНО И СЛИЧНО ПО ЧЛЕН НА ДОМАЌИНСТВО ВО СРМ, 1973 СПОРЕД СОЦИЈАЛНАТА СТРУКТУРА

| Просечни парични издатоци / Социјална структура | Не трошело | До 50 н.д. | 50-100 | 101-200 | 201-300 | 301 и повеќе | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Работници | 61,4<br>349 | 10,7<br>61 | 11,6<br>66 | 8,5<br>48 | 4,8<br>27 | 3,0<br>17 | 100<br>508 |
| Земјоделци | 80,3<br>359 | 8,3<br>37 | 6,4<br>29 | 2,5<br>11 | 1,8<br>8 | 0,7<br>3 | 100<br>447 |
| Немануелни слоеви | 38,4<br>102 | 7,5<br>20 | 18,8<br>50 | 16,5<br>44 | 7,1<br>19 | 11,7<br>31 | 100<br>266 |
| Пензионери и друго | 68,4<br>147 | 6,1<br>13 | 8,8<br>19 | 8,4<br>18 | 3,7<br>8 | 4,6<br>10 | 100<br>215 |
| СЀ: | 64,0<br>957 | 8,8<br>131 | 10,9<br>164 | 8,1<br>121 | 4,1<br>62 | 4,1<br>61 | 100<br>1.496 |

$X^2 = 181,61$ $P < 0,001$ $DF = 15$ $C = 0,329$

танови. Нивното учество е најголемо во најниската категорија - "до 50 дин." - 8,3%.

Потоа, селдат работниците кои во категоријата "не троши" се застапени со 61,4%, додека највисоко учество достигнуваат во првите две најниски категории "до 50 дин." - 10,7% и од 51-100 дин. - 11,6%, додека во највисоката (301 дин. и повеќе) учествуваат со 3,0% што е за повеќе од три пати помало од учеството на немануелните слоеви - 11,7%.

Немануелните слоеви имаат и многу позначајно помало учество во категоријата "не троши" - 38,4%, додека нивното учество во повисоките категории на парични издатоци по член на домаќинство за концерт, театар, кино и сл., е за два пати и повеќе повисоко од учеството на работничката класа, а повеќе од пет пати во однос на земјоделците. Значајните разлики меѓу овие класи и слоеви во поглед на просечните парични издатоци по член на домаќинство за концерти, театар, кино и сл., ги потврдуваат Хи-квадратот и коефициентот на контигенција. Но интересно би било да се види дали овие разлики се позначајни од разликите внатре меѓу слоевите на работничката класа и внатре меѓу немануелните слоеви? Тоа го покажува Табелата - 15-а.

Табелата - 15-а покажува дека нешто подобра застапеност во материјалните издатоци за концерти, театар, кино и сл., има висококвалификуваниот слој како во поглед на повисоките категории на издатоци така и во категоријата "не троши" во која е помалку застапен но не значајно во однос на квалификуваниот слој. Во целина земено постојат определени разлики меѓу работничките слоеви но тие не се значајни на рамниште од 0,05 на значајност ($X^2$мр=14,25 P > 0,05, DF = 10).

ТАБЕЛА – 15-а

## ПРОСЕЧНИ ПАРИЧНИ ИЗДАТОЦИ ЗА КОНЦЕРТИ, ТЕАТАР, КИНО И СЛ. ПО ЧЛЕН НА ДОМАЌИНСТВО ВО СРМ ВО 1973 ГОДИНА СПОРЕД СОЦИЈАЛНАТА СТРУКТУРА НА РАБОТНИЧКАТА КЛАСА И НЕМАНУЕЛНИТЕ СЛОЕВИ

| Група слоеви | Парични издатоци по член / Социјална структура | Не троши | До 50 н.д. | 51-100 | 101-200 | 201-300 | 301 и повеќе | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Мануелни работнички | НКВ и ПКВ работници | 64,7<br>187 | 11,4<br>33 | 10,8<br>31 | 6,2<br>18 | 4,5<br>13 | 2,4<br>7 | 100<br>289 |
| | КВ работници | 58,8<br>104 | 12,4<br>22 | 13,0<br>23 | 10,2<br>18 | 3,4<br>6 | 2,2<br>4 | 100<br>177 |
| | ВКВ работници | 56,8<br>58 | 5,9<br>6 | 11,8<br>12 | 11,8<br>12 | 7,8<br>8 | 5,9<br>6 | 100<br>102 |
| | СÉ: | 61,4<br>349 | 10,7<br>61 | 11,6<br>66 | 8,5<br>48 | 4,8<br>27 | 3,0<br>17 | 100<br>568 |
| Немануелни | Слој на стручњаци | 41,6<br>59 | 7,7<br>11 | 20,4<br>29 | 13,4<br>19 | 2,8<br>6 | 12,7<br>18 | 100,0<br>142 |
| | Слој на администрација | 39,3<br>24 | 6,6<br>4 | 16,4<br>10 | 23,0<br>14 | 13,0<br>8 | 1,6<br>1 | 100,0<br>61 |
| | Раководен слој | 30,2<br>19 | 7,9<br>5 | 17,5<br>11 | 17,5<br>11 | 7,9<br>5 | 19,1<br>12 | 100,0<br>63 |
| | СÉ: | 38,4<br>102 | 7,5<br>20 | 18,8<br>50 | 16,5<br>44 | 7,14<br>19 | 11,6<br>31 | 100,0<br>266 |

$X^2_{мр} = 14,25$  $P > 0,05$  $DF = 10$  $C = 0,156$

$X^2_{н} = 17,59$  $P > 0,05$  $DF = 10$  $C = 0,245$

Немануелните слоеви покажуваат значајно помало учество во категоријата "не троши" кое кај слојот на раководителите е најниско (30,2% што е повеќе од два пати помало од истото учество на НКВ и ПКВ работнички слој), но и највисоко во највисоката категорија ("301 и повеќе") кое изнесува 19,1% што е повеќе за осум и пол пати од квалификуваниот работнички слој. И овде иако постојат определени разлики во овој поглед меѓу немануелните слоеви, сепак тие не се значајни на рамниште 0,05 на значајност што се прифаќа нултата хипотеза за непостоење на значајни разлики ($X^2$н = 17,9 $P > 0,05$).

Оттука може да се изведе заклучокот во однос на поставеното прашање: разликите меѓу општествените класи и слоеви во материјалните издатоци по член на домаќинство за задоволување на културните потреби за музички концерти, театар, кино и сл., се поголеми и значајни, отколку разликите кои постојат, но кои не се значајни меѓу слоевите внатре на работничката класа и внатре меѓу немануелните слоеви.

Од целината на анализата на социјалната структура на СР Македонија и нејзиното влијание и поврзаност со материјалната (економската) положба на семејствата и пошироко на домаќинствата (просечниот месечен доход по член на семејство), материјалните услови и трошоци за исхрана и начинот на исхрана; понатаму, за влијанието на социјалната структура врз општествено-политичката и самоуправна моќ на одделните класи и слоеви како и за нејзиното влијание врз материјалните услови и можности за задоволување на културните потреби може да се изведе следниот општ заклучок: постојат значајни разлики во

поглед на материјалните услови и начинот на исхрана и живеење; во поглед на општествената моќ и во поглед на материјалните услови и можности за задоволување на културните потреби, меѓу општествените класи и слоеви на СР Македонија во полза на немануелните слоеви и дека тие разлики се мошне поголеми и позначајни од разликите внатре меѓу слоевите на мануелните класи (пред сѐ работничката) и внатре меѓу немануелните слоеви.

Таквите разлики се резултат на општествено-економските противречности во општеството како целина и во неговата социјална и политичка структура. Оттука, може да се очекува овие противречности, особено во социјалната структура да влијаат и да се изразуваат во високото образование и тоа пред сѐ во: изборот на видот на високото образование, меѓусебното другарување меѓу студентите и врз нивниот успех во студирањето.

Но, пред да се помине на анализа на овие прашања, накусо ќе се изложи развојот на вишото и високото образование во СР Македонија по ослободувањето, со што ќе можат посоодветно да се сфатат и резултатите на понатамошната анализа на истражувањето.

## 2. РАЗВОЈОТ НА ВИШОТО И ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО СР МАКЕДОНИЈА

Соодветниот економски и општествен развој на СР Македонија, за што претходно стана збор, овозможи мошне брз развој на целиот образовен систем и посебно на високото образование. Може да се рече, како што ќе покажат податоците, дека

овој развој на сите степени на образованието и посебно на високото се одвивал многу побрзо отколку стопанскиот развој на Републикава што предизвика определени противречности помеѓу степенот на развој на економската структура и соодветната квалификациона и образовна структура на работничката класа како и во сè поголемиот број на регрутирање на невработени со завршено средно и високо образование.

Меѓутоа, развојот на вишото и високото школство, овде ќе се прикаже само низ следните основни показатели:

- движењето на бројот на запишаните студенти според:

  а) години на запишувањето,

  б) на 10.000 жители,

  в) режим на студии (редовни, вонредни),

  г) според полот,

  д) според групите на факултети и високи школи,

- движењето на дипломираните студенти; и

- движењето на бројот на наставниците и соработниците.

Пред да се помине на анализа на овие показатели треба да се истакне дека во Македонија сè до почетокот на учебната 1948/49 година немало Универзитет, постоел само Филозофски факултет формиран во 1946 година во Скопје со мошне мал број студенти (548 студенти). Во учебната 1948/49 година е формиран првиот Универзитет во Македонија што го сочинуваа Филозофскиот, Земјоделско-шумарскиот и Медицинскиот факултет, т.е. само три факултети, со вкупно 989 запишани студенти.

Во овој период дојде до силно ширење на мрежата на основното и средното образование што влијаеше и врз зголемувањето на бројот на студентите. Во следната учебна 1949/50 година студираа 1.525 студенти - од кои 211 на новоотворениот Технички факултет. По десет години на работа на Универзитетот, т.е. во учебната 1958/59 година за пет пати се зголеми бројот на студентите (7.456). Од овој период до учебната 1978/79 година кога бројот на студентите во СР Македонија повторно се зголемува за пет и пол пати приближувајќи се до 40.00 студенти со што Универзитетот "Кирил и Методиј" по бројот на студенти се смести на второ место во Југославија, веднаш зад Белградскиот Универзитет.

Во учебната 1978/79 година се формира и почна да функционира и вториот универзитет во Битола, што ги опфати факултетите и вишите школи во Битола, Прилеп и Охрид. Веќе се вршат подготовки за две-три години да се отвори уште еден универзитет во Македонија - во Штип што би сочинувале еден триаголник во регионална смисла, опфаќајќи ја целата територија на СР Македонија со вкупно население околу два милиони! Ако на ова се додадат уште 23 барања на разни општински центри за отворање на факултети и виши школи тогаш јасно произлегува предимензионирањето на вишото и високото образование, што има сериозни економски, социјални и политички последици во што овде не може да се навлегува.

Ако ваквиот развој на високото образование во СР Македонија се спореди со другите социјалистички републики може да се констатира следното (Табела 16).

ТАБЕЛА - 16

## БРОЈОТ НА УЧЕНИЦИТЕ И СТУДЕНТИТЕ ВО СОЦИЈАЛИСТИЧКИТЕ РЕПУБЛИКИ И ЈУГОСЛАВИЈА ВО 1948 и 1976 ГОДИНА

(во илјади)

| Социјалистичка република | 1948 | | | | 1976 | | | | Индекс 1948 = 100 | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Основни школи | Средни школи | Виши школи | Високи школи | Основни школи | Средни школи | Виши школи | Високи школи | Основни школи | Средни школи | Виши школи | Високи школи |
| Југославија | 1915,7 | 172,9 | 5,3 | 53,8 | 2856,4 | 832,8 | 119,2 | 286,4 | 149,1 | 481,7 | 2249,1 | 532,3 |
| Босна и Херцеговина | 275,8 | 17,0 | 0,2 | 1,2 | 673,2 | 153,2 | 16,0 | 36,2 | 244,1 | 901,2 | 8000,0 | 3016,7 |
| Црна Гора | 72,5 | 4,5 | 0,2 | - | 89,2 | 26,1 | 1,7 | 4,1 | 123,0 | 580,0 | 850,0 | 41,0 |
| Хрватска | 478,3 | 45,7 | 1,0 | 15,4 | 525,8 | 179,8 | 26,5 | 51,5 | 109,9 | 393,4 | 2650,0 | 334,4 |
| Македонија | 152,1 | 10,7 | 0,1 | 1,1 | 270,1 | 66,5 | 7,3 | 34,9 | 177,6 | 621,5 | 7300,0 | 3172,7 |
| Словенија | 200,1 | 21,8 | 0,5 | 4,8 | 218,5 | 77,2 | 7,4 | 22,1 | 109,2 | 354,1 | 1480,0 | 460,4 |
| Србија | 736,7 | 72,9 | 3,3 | 31,3 | 1079,3 | 329,7 | 60,2 | 137,6 | 146,5 | 452,3 | 1824,2 | 439,6 |

ИЗВОР: Исто како Табела 1.

1. Од сите социјалистички републики и СФРЈ како целина најголем индекс на зголемување на бројот на студентите во високите школи и факултетите во 1976 година во однос на 1948 година има СР Македонија (индекс 3.172,7) и до што се доближува само СР Босна и Херцеговина (индекс = 3.016,7), додека другите социјалистички републики се далеку под нивното зголемување кое се движи со индекс од 334,4 во СР Хрватска, до 532,3 во СФРЈ како целина.

2. Во поглед на порастот на бројот на студентите во вишите школи во истите учебни години, СР Македонија се наоѓа на второ место со индекс = 7.300,0, веднаш зад СР Босна и Херцеговина (индекс = 8.000,0) што е исто така мошне значајно зголемување во однос на другите социјалистички републики кое се движи од најнискиот во Црна Гора (индекс = 850,0) до највисокиот во СР Хрватска (индекс = 2.650,0).

3. И во поглед на развојот на основното и средното образование се покажува дека СР Македонија и СР Босна и Херцеговина имаат највисоки индекси на пораст. Во основното образование тој индекс за СР Македонија изнесува 177,6, (СР Босна и Херцеговина индекс = 244,1), а за средното 621,5 (СР Босна и Херцеговина индекс = 901,2).

Ова како да покажува настојување неразвиените републики во Југославија преку развојот на образовниот систем побрзо да ја надминат својата заостанатост (неразвиеност) што се разбира бара прво соодветен материјален развој, па оттука и противречностите кои од тоа произлегоа.

Движењето на вкупниот број студентите во СР Македонија во периодот 1958-1975 година е дадено во Табелата 17.

Во оваа табела релјефно се оцртуваат три периоди на растот на бројот на студентите во периодот 1958-1975 година: првиот, од 1958-1962 година кога постои тенденција на континуирано зголемување на бројот на студентите во СР Македонија (од 9.360 студенти во 1958 година на 12.433 студенти во 1962 година; индекс 132;8); вториот од 1963-1965 година на нагла регресија, односно намалување на бројот на студентите од 12.433 студенти на 9.858 во 1964 година, (индекси за 1963 = 99,6 и 1964 = 105,3) како последица на настанатите вонредни услови на работа на високошколските установи поради земјотресот во јули 1963 година, што го погоди универзитетскиот центар - Скопје. Во учебната 1963/64 и 1964/65 година еден дел од студентите на Универзитетот од Скопје ги продолжија студиите во другите универзитетски центри на Југославија и во странство, па оттука и смалувањето на вкупниот број студенти во овие учебни години.

Со нормализацијата на условите за работа на високообразованите институции во Скопје веќе во следната учебна година 1965/66 година бројот на студентите се зголемува на 13.842 студенти (индекс = 147,9).

Третиот период започнува со учебната 1968/69 година кога вкупниот број на студентите нагло, рапидно се зголемува над 20.000 студенти (поточно во 1968 година тој број скокнува на 22.340 студенти или со индекс = 238,7). Оттогаш овој број постојано брзо се зголемува, достигнувајќи во 1975 година 39.351 студенти или индекс на пораст во однос на 1958

ТАБЕЛА - 17

БРОЈОТ НА СТУДЕНТИ НА 10.000 ЖИТЕЛИ
ВО СРМ, ПЕРИОД 1958-1975

| Година | Број на вкупно население | Вкупен број на студенти | Студенти на 10.000 жители | Индекс 1958=100 |
|---|---|---|---|---|
| 1958 | 1.366.000 | 9.360 | 68,5 | 100 |
| 1959 | 1.377.000 | 11.382 | 82,7 | 121,6 |
| 1960 | 1.392.000 | 14.028 | 100,8 | 149,9 |
| 1961 | 1.411.000 | 14.578 | 103,3 | 155,7 |
| 1962 | 1.431.000 | 12.433 | 86,9 | 132,8 |
| 1963 | 1.453.000 | 9.324 | 64,2 | 99,6 |
| 1964 | 1.480.000 | 9.852 | 66,6 | 105,3 |
| 1965 | 1.506.000 | 13.842 | 91,9 | 147,9 |
| 1966 | 1.531.000 | 15.715 | 102,6 | 167,9 |
| 1967 | 1.557.000 | 18.445 | 118,5 | 197,1 |
| 1968 | 1.581.000 | 22.340 | 141,3 | 238,7 |
| 1969 | 1.606.000 | 25.890 | 161,2 | 276,6 |
| 1970 | 1.630.000 | 30.337 | 186,1 | 324,1 |
| 1971 | 1.653.000 | 32.071 | 194,0 | 342,6 |
| 1972 | 1.677.000 | 32.891 | 196,1 | 351,4 |
| 1973 | 1.703.000 | 36.960 | 217,0 | 394,9 |
| 1974 | 1.729.000 | 37.499 | 216,9 | 400,6 |
| 1975 | 1.755.000 | 39.351 | 224,2 | 420,4 |

ИЗВОР: Статистички годишници на СРМ, 1961-1976 година.

година = 420,4, што е зголемување повеќе од четири пати. Ова нагло зголемување на бројот на студентите често пати се објаснува со воведувањето на тнр. "слободен упис" на универзитетот во учебната 1968/69 година со исклучок на Медицинскиот факултет каде се задржа ограничен упис. Со овие измени во условите за запишување кои и формално се загарантирани, овозможија на студии да се запишат и оние кандидати кои во претход-

ните години поради приемните испити фактички не можеа да се запишат. Но, тука со објаснувањата се застанува. Не се поставува прашањето зошто дојде до такво ширум "отворање" на вратите на високообразовните установи, во кои од десет десетини завршени средношколци девет десетини се здобија со студентски индекс? Прашањето е пошироко и навлегува во економското и социјално-политичкото подрачје. Имено, недоволно акумулативното стопанство и општествените дејности не можеа да ја апсорбираат дипломираната средношколска младина, од една страна, и големиот број на невработени притискаше уште повеќе да се зголеми и да предизвика сериозни социјални и политички конфликти и поради тоа и официелно се прогласи како "вентил" вишото и високото образование да ја прими "прекубројната" активно работна средношколска младина, со што, покрај другото силно се влијаеше и врз подобрувањето на социјалната структура на студентите, но и покрај тоа не можеше да го реши основниот проблем - поврзување на производниот труд и образованието, туку тој само се одложи. Дури создаде "ненормални" услови за работа на студентите, предавањата да се држат во тнр. амфитеатри, еден вид митинзи, голем и несоодветен број на студенти на еден наставник и соработник, снижување на квалитетот на наставата и голем број на осипувања на студентите во студиските години, продолжено студирање итн.

Мошне брзиот и несоодветен растеж на високото образование во СР Македонија во последната деценија и пол, растеж што одеше многу напред пред економскиот и општествениот развој го покажува и движењето на стапката за бројот на студентите на 10.000 жители. Така, на 10.000 жители во 1958 го-

дина доаѓале 68 студенти, во 1966 година тој број се качува на 102 студенти, во 1968 година (по десет години се зголемува повеќе од три пати) - 141 студент и во 1975 година достигнува 224 студенти на 10.000 жители. Со овој број на студенти на 10.000 жители, СР Македонија не само што е на прво место меѓу социјалистичките републики во Југославија, сметајќи ја и неа како целина, туку и на прво место меѓу европските капиталистички и социјалистички земји (Табела 18) и се наоѓа при самиот врв во светски размери.

ТАБЕЛА - 18

БРОЈОТ НА СТУДЕНТИ НА 10.000 ЖИТЕЛИ ВО КАПИТАЛИСТИЧКИТЕ И СОЦИЈАЛИСТИЧКИТЕ ЗЕМЈИ ВО ЕВРОПА

| Капиталистички Европски земји | Учебна година | | Социјалистички земји | Учебна година | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 1971/72 | 1972/73 | | 1971/72 | 1972/7 |
| Австрија | 89 | 98 | Албанија | 129 | - |
| СР Германија | 96 | 107 | Бугарија | 126 | 136 |
| Белгија | 136 | 144 | Унгарија | 83 | 87 |
| Финска | 131 | 137 | ДР Германија | - | 204 |
| Франција | 164 | 175 | Полска | 122 | 130 |
| Грција | 83 | 89 | Румунија | 72 | 69 |
| Италија | 146 | 154 | Чехословачка | 89 | 88 |
| Норвешка | 137 | 144 | СССР | 188 | 187 |
| Шведска | 174 | 165 | Југославија | 137 | 145 |
| Велика Британија | 111 | - | - Македонија | 196 | 217 |
| Португалија | 62 | 64 | - Словенија (1973/74) | - | 144 |
| Турција | 47 | 46 | - Босна и Херцеговина (1973/74) | - | 102 |

ИЗВОР: 1. Etude statistique sur l'enseignement superieur en Europe; 1971/72 et 1972/ UNESCO, CEP. Bucarest, 1976, p. 17.

2. За Македонија и Словенија - статистички годишници.

Но во овој пораст на високото образование се изразува и определена противречност во образовниот систем и неговата функција а која се состои во водечкото место според бројот на студентите во однос на вкупното, но и при врвот според бројот на неписмените и во Југославија и во рамките на Европа. Тоа го покажува фактот на отсутност на планска и систематска образовно-просветна политика со соодветен развој на сите форми и степени на воспитување и образование со систематска опфатеност на целокупното население.

Ако порастот на бројот на студентите се разгледа од аспект на видот на образованието, односно како се зголемувал бројот на студентите на факултетите и високите школи, од една страна и на вишите школи во периодот од учебната 1964/65 до 1975/76 година (Табела 19), можат да се уочат две спротивни тенденции: 1) мошне брзо зголемување на бројот на студентите на факултетите и високите школи - од 6.678 студенти во учебната 1964/65 година на 33.676 студенти во учебната 1975/76 година, што е за околу пет пати зголемување, што го покажува нивното соодветно учество во вкупниот број студенти кое се движи од 67,8% во учебната 1964/65 година на 85,6% во учебната 1975/76 година; 2) незначително зголемување на бројот на студентите на вишите школи во средината на посматраниот период, но исто така со постојана и континуирана тенденција на смалување на нивното учество во вкупниот број студенти, кое се движи од 32,2% во учебната 1964/65 година што е воедно и нивно највисоко учество па се до 14,4% во учебната 1973/74 и 1975/76 година. Овие тенденции јасно се гледаат на Графиконот 1.

ТАБЕЛА - 19

ДВИЖЕЊЕТО НА БРОЈОТ НА СТУДЕНТИТЕ ВО СРМ СПОРЕД ВИДОТ НА ВИСОКОООБРАЗОВНАТА ИНСТИТУЦИЈА ВО ПЕРИОДОТ 1964/65 - 1975/76 ГОДИНА

| Учебна година | Вкупно запишани студенти | | На факултетите и високите школи | | На вишите школи | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Вкупно | % | Вкупно | % |
| 1964/65 | 9.852 | 100,0 | 6.678 | 67,8 | 3.174 | 32,2 |
| 1965/66 | 13.842 | 100,0 | 10.365 | 74,9 | 3.477 | 25,1 |
| 1966/67 | 15.715 | 100,0 | 11.139 | 70,9 | 4.576 | 29,1 |
| 1967/68 | 18.445 | 100,0 | 13.083 | 71,0 | 5.362 | 29,0 |
| 1968/69 | 22.340 | 100,0 | 16.219 | 73,6 | 6.121 | 27,4 |
| 1969/70 | 25.890 | 100,0 | 20.648 | 79,8 | 5.242 | 20,2 |
| 1970/71 | 30.337 | 100,0 | 24.505 | 84,1 | 5.832 | 15,9 |
| 1971/72 | 32.071 | 100,0 | 25.807 | 80,5 | 6.264 | 19,5 |
| 1972/73 | 32.891 | 100,0 | 28.005 | 85,1 | 4.886 | 14,9 |
| 1973/74 | 36.960 | 100,0 | 31.643 | 85,6 | 5.317 | 14,4 |
| 1974/75 | 37.499 | 100,0 | 31.878 | 85,0 | 5.621 | 15,0 |
| 1975/76 | 39.351 | 100,0 | 33.676 | 85,6 | 5.675 | 14,4 |

ИЗВОР: Статистички податоци од годишници на СРМ - за годините: 1968-1976.

Ширењето на мрежата на вишите школи, а со тоа и на бројот на студентите кои на нив студираат запична по 1960-та година кога се донесени Резолуцијата на Сојузната народна скупштина за образование на стручни кадри ("Службен лист на ФНРЈ" бр. 25/1960) и Законот за изменување и допллнување на Општиот закон за универзитетите ("Службен лист на ФНРЈ" бр. 24/1960 во кои правно се регулира статусот на вишите школи. Така по овој период се формирани седум виши школи (Виша земјоделска школа во Битола, Виша земјоделска школа во Струмица, кои сѐ уште постојат, потоа Виша економска школа во Прилеп која веќе прерасна во Економски факултет во рамките на новиот универзи-

ГРАФИКОН - 1

ДВИЖЕЊЕТО НА БРОЈОТ НА СТУДЕНТИТЕ (ВКУПНО) НА ФАКУЛТЕТИТЕ, ВИСОКИТЕ ШКОЛИ И ВИШИТЕ ШКОЛИ ВО СРМ ВО ПЕРИОДОТ 1964/65-1975/76



тетски центар во Битола, Виша банкарска школа во Тетово, Виша комерцијална школа во Куманово, Вишата управна школа во Скопје кои по две-три години дејствување беа укинати. Кон крајот на 60-те години беа отворени - Вишата техничка школа во Битола и Вишата туристичка школа во Охрид кои исто така прераснa во високи, односно факултети.

Во развојот на вишото образование влијаеше и еден друг момент кој се состои во тоа што еден број факултети отворија посебен курс за студии на прв степен - во траење од две години (на Економскиот, Правниот факултет и на некои технички факултети).

Овде ќе се спомнат и трите педагошки академии во Скопје, Битола и Штип кои во 1977 година станаа составен дел на Универзитетските установи.

Сепак, како што е истакнато, со ширењето на мрежата на факултетите и прераснувањето на вишите школи во факултети сè повеќе се зголемуваше бројот на студентите во СР Македонија, а истовремено тоа негативно се одрази врз квалитетот на студирањето, со тоа што на факултет доаѓаа кандидати од "немај каде", т.е. и оние кои средното училиште одвај го завршиле со поправен и доволен успех. Тоа влијаеше и врз осипувањето на студентите од година во година, што јасно го покажува Табелата 20.

Така податоците од оваа табела јасно покажуваат дека процентот на премин од прва во втора година студии до учебната 1968/69 година, т.е. до онаа година од која почнува, без разлика на успехот во средното училиште и видот на средното

образование (со исклучок на Медицинскиот факултет), слободно, неограничено запишување на високообразовните установи, се движи во двете претходни години околу 70% од запишаните во прва година. Но, веднаш во учебната 1968/69 година учеството на студентите од прва година кои запишале втора година на студии рапидно опаѓа на 43%; па оттогаш се́ до учебната 1976/77 година тоа се движи во границите меѓу 34-45%. На тој начин првата година на студии се покажува како своевиден филтер или "чистилиште" со што се јавува како "сурова" стварност на големиот број илузии на кандидатите за студии, односно илузијата дека самото запишување на студии божем значи и нивно завршување. Тоа уште повеќе го потврдуваат и податоците во Та-

ТАБЕЛА - 20

ПРЕГЛЕД НА ДВИЖЕЊЕТО НА РЕДОВНИ СТУДЕНТИ СПОРЕД СТУДИСКИ ГОДИНИ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ "КИРИЛ И МЕТОДИЈ" (ЧИСТИ ГЕНЕРАЦИИ)

| Од која учебна година е генерација | Запишани редовни студенти | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | По прв пат во I год. | Од нив | | | | | |
| | | Во II година | | Во III година | | Во IV година | |
| | | Вкупно | % | Вкупно | % | Вкупно | % |
| 1966/67 | 2.563 | 1.650 | 68% | 1.030 | 40% | 743 | 28% |
| 1967/68 | 2.816 | 2.045 | 70% | 1.117 | 41% | 903 | 31% |
| 1968/69 | 5.200 | 2.777 | 43% | 1.405 | 27% | 1.068 | 20,5% |
| 1969/70 | 7.180 | 3.244 | 45% | 1.731 | 24% | 1.151 | 16,0% |
| 1970/71 | 7.522 | 2.884 | 38% | 1.492 | 20% | 1.119 | 15,0% |
| 1971/72 | 5.909 | 2.153 | 36% | 1.241 | 21% | 907 | 15,0% |
| 1972/73 | 6.291 | 2.260 | 36% | 1.059 | 17,0% | 826 | 13% |
| 1973/74 | 7.114 | 2.449 | 34% | 1.345 | 19% | 942 | 13% |
| 1974/75 | 6.960 | 2.925 | 42% | 1.261 | 18% | | |
| 1975/76 | 6.940 | 2.829 | 41% | | | | |
| 1976/77 | 7.713 | | | | | | |

ИЗВОР: Свески од пописите за студентите на Републичкиот завод за статистика на СРМ - Скопје.

белата 20 за "проодноста" на студентите во трета и четврта година студии. Имено, учеството на студентите кои запишале трета студиска година во двете претходни години од учебната 1968/69 година изнесува 40%, а во оваа учебна година 27%, со постојана тенденција на смалување која во 1974/75 година изнесува 18% Од трета во четврта година се покажува слична тенденција само на пониско рамниште чие смалување почнува од 20,5% во учебната 1968/69 година на 13% во учебната 1973/74 година.

Фактички се покажува дека во услови на "слободен упис" на високошколските институции огромниот прилив на студенти мошне многу се осипува така што процентот на оние кои стигнуваат до четврта година или успешно дипломираат е мошне низок, и само привидно изгледа дека ваквиот упис на "отворени врати" на универзитетот дека е подемократски во однос на уписот по системот *numerus clausus*, т.е. системот на селекција преку приемен испит за запишување на универзитетот во кој е мошне поголем процентот на оние кои успешно студираат и на време го завршуваат факултетот. Само со системот на "слободен упис" се постигнува еден друг ефект, а тоа е кандидатот, студентот кој неуспеал да заврши факултет самиот себе да се "окриви" дека му е пружена шанса да студира и дека "само" од него зависело што не ја искористил. А таквата свест е израз на веќе изнесената либералистичка теорија на шансите која одамна е лансирана од апологетите на капиталистичкиот буржоаски систем на општество и образование.

Интересот за запишување на кандидатите за студии е различен спрема одредени групи на факултети или научни дејности. Така на пример, од основањето на Универзитетот "Кирил

и Методиј" во Скопје во учебната 1948/49 година па сѐ до последниве години бројот и учеството на студентите на хуманитарно-општествените науки доминира, односно нивното учество е над половината (над 50,0%) од вкупниот број студенти. До 60-те години нивното учество се движеше од 52-57%, додека највисоко учество се забележува во учебната 1975/76 година, кое достигна околу 62%.

На второ место според бројот на студентите и нивното учество во вкупниот број студенти со тенденција на зголемување се наоѓаат техничките факултети, чие учество во првите пет години од работата на Универзитетот изнесуваше околу 10,5%, така што на почетокот на 60-те години се зголемува на околу 13%, во средината на овие години на 15,5% а во учебната 1974/75 година достигна 27,2%.

Учеството на студентите од медицинските факултети (т.е. Факултетот за општа медицина и Факултетот за стоматологија) во првите пет години од работата на Универзитетот изнесуваше околу 19,5% што е и највисоко и оттогаш тоа постојано опаѓа. Така тоа во почетокот на 60-те години изнесуваше околу 9,5; кон крајот на истите години околу 8,5%, а во учебната 1974/75 година, тоа изнесува 5,8%.

Во почетокот на 50-те години, учеството на студентите од природните науки изнесуваше околу 12% и кон крајот на 60-те години достигна околу 16% (во учебната 1969/70 година), додека во учебната 1974/75 година тоа нагло опадна на 9,0%.

Движењето на вкупниот број на студентите во периодот 1967-1976 година според определени научни области и студиски години е дадено во Табелата 21.

Со исклучок на Медицинскиот факултет сите други групи на факултети покажуваат највисоки верижни индекси во првите две учебни години од тнр. "слободен упис", т.е. во учебните 1968/69 и 1969/70 година. Понатаму ако се погледаат апсолутните бројки за бројот на студентите, веднаш паѓа вочи големиот број на студенти на општествените науки кој е за околу три пати зголемен во учебната 1975/76 година (18.082 студенти) во однос на учебната 1967/68 година (6.519 студенти), т.е. пред да почне реализацијата на "политиката" на "слободниот упис".

Сепак ова не значи дека сите факултети од општествените науки се така "привлечни" за кандидатите за студии, туку само одделни и тоа оние од кои најмногу се регрутира администрацијата и "техноструктурата", т.е. правните и економските факултети, што е карактеристично не само за Универзитетот "Кирил и Методиј" во Скопје, туку и за речиси сите универзитети во Југославија. Така во учебната 1975/76 година од вкупниот број 18.082 студенти на факултетите од општествените науки на Правниот факултет студираа 7.083 студенти, а на Економскиот 6.732 студенти или вкупно 13.815 студенти што претставува 76,4% од вкупниот број студенти на општествените високообразовни институции.

Со намера да се избегне големата ориентација на студентите кон овие факултети и кон посразмерна ориентација и кон другите научни облици во учебната 1976/77 година Универзитетскиот совет донесе одредени заклучоци во поглед на за-

ТАБЕЛА - 21

ВКУПНО ЗАПИШАНИ СТУДЕНТИ ПО ГРУПИ НА ФАКУЛТЕТИ ВО СРМ, ВО ПЕРИОДОТ ОД 1967/68 ДО 1975/76 ГОДИНА И СПОРЕД СТУДИСКИТЕ ГОДИНИ

| Вид на факултетот | Година | Години на студии | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Вкупно | | I | | II | | III | | IV | | V | |
| | | N | Инд. | N | Инд. | N | Инд. | N | Инд. | N | Инд. | N | Инд. |
| Природно-математички | 1967/68 | 1.968 | - | 937 | - | 356 | - | 454 | - | 221 | - | - | - |
| | 1968/69 | 2.176 | 110,6 | 1.069 | 114,1 | 469 | 131,7 | 375 | 82,6 | 263 | 119,0 | - | - |
| | 1969/70 | 3.265 | 150,0 | 1.549 | 144,9 | 754 | 160,8 | 597 | 159,2 | 365 | 138,8 | - | - |
| | 1970/71 | 3.440 | 105,4 | 1.408 | 90,9 | 904 | 119,9 | 688 | 115,2 | 440 | 120,5 | - | - |
| | 1971/72 | 3.076 | 89,4 | 964 | 68,5 | 801 | 88,6 | 846 | 123,0 | 465 | 105,7 | - | - |
| | 1972/73 | 2.479 | 80,6 | 847 | 87,9 | 494 | 61,7 | 645 | 76,2 | 493 | 106,0 | - | - |
| | 1973/74 | 2.779 | 112,1 | 1.007 | 118,9 | 528 | 106,9 | 706 | 109,5 | 538 | 109,1 | - | - |
| | 1974/75 | 2.641 | 95,0 | 1.153 | 114,5 | 509 | 96,4 | 512 | 72,5 | 517 | 96,1 | - | - |
| | 1975/76 | 2.740 | 103,7 | 1.181 | 102,4 | 553 | 108,6 | 534 | 104,3 | 472 | 91,3 | - | - |
| Медицински | 1967/68 | 1.018 | - | 389 | - | 186 | - | 193 | - | 163 | - | 87 | - |
| | 1968/69 | 1.099 | 108,0 | 330 | 84,8 | 337 | 181,2 | 132 | 68,4 | 158 | 96,9 | 142 | 163,2 |
| | 1969/70 | 937 | 85,3 | 346 | 104,8 | 191 | 56,7 | 168 | 127,3 | 109 | 69,0 | 123 | 86,6 |
| | 1970/71 | 1.317 | 140,6 | 357 | 103,2 | 253 | 132,5 | 264 | 157,1 | 227 | 208,3 | 216 | 175,6 |
| | 1971/72 | 1.600 | 121,5 | 337 | 94,4 | 363 | 143,5 | 377 | 142,8 | 265 | 116,7 | 258 | 119,4 |
| | 1972/73 | 1.440 | 90,0 | 344 | 102,1 | 374 | 103,0 | 344 | 91,2 | 182 | 68,7 | 196 | 76,0 |
| | 1973/74 | 1.537 | 106,7 | 415 | 120,6 | 355 | 94,9 | 341 | 99,1 | 261 | 143,4 | 165 | 84,2 |
| | 1974/75 | 1.703 | 110,8 | 514 | 123,9 | 380 | 107,0 | 278 | 81,5 | 302 | 115,7 | 229 | 138,8 |
| | 1975/76 | 1.926 | 113,1 | 540 | 105,1 | 499 | 131,3 | 338 | 121,6 | 282 | 93,4 | 267 | 116,6 |
| Технички | 1967/68 | 3.488 | - | 1.298 | - | 982 | - | 520 | - | 530 | - | 158 | - |
| | 1968/69 | 4.599 | 131,9 | 2.054 | 158,2 | 1.221 | 124,3 | 506 | 97,3 | 674 | 127,2 | 144 | 91,1 |
| | 1969/70 | 5.990 | 130,2 | 3.211 | 156,3 | 1.284 | 105,2 | 624 | 123,3 | 587 | 87,1 | 284 | 197,2 |
| | 1970/71 | 7.098 | 118,5 | 3.382 | 105,3 | 1.848 | 143,9 | 756 | 121,2 | 745 | 126,9 | 367 | 129,2 |
| | 1971/72 | 7.033 | 99,1 | 2.896 | 85,6 | 1.840 | 99,6 | 936 | 123,8 | 799 | 107,2 | 562 | 153,1 |
| | 1972/73 | 7.224 | 102,7 | 2.661 | 91,9 | 2.061 | 112,0 | 1.023 | 109,3 | 747 | 93,5 | 732 | 130,2 |
| | 1973/74 | 7.945 | 110,0 | 2.916 | 109,6 | 1.825 | 88,5 | 1.377 | 134,6 | 845 | 113,1 | 992 | 135,5 |
| | 1974/75 | 7.984 | 100,5 | 2.591 | 88,9 | 1.672 | 91,6 | 1.462 | 106,2 | 1.058 | 125,2 | 1.201 | 121,1 |
| | 1975/76 | 7.626 | 95,5 | 1.962 | 75,7 | 1.561 | 93,4 | 1.446 | 98,9 | 1.286 | 121,6 | 1.371 | 114,2 |
| Општествени | 1967/68 | 6.519 | - | 1.937 | - | 1.892 | - | 1.620 | - | 1.070 | - | - | - |
| | 1968/69 | 8.230 | 126,2 | 3.211 | 165,8 | 2.072 | 109,5 | 1.788 | 110,4 | 1.159 | 108,3 | - | - |
| | 1969/70 | 10.281 | 124,9 | 5.017 | 156,2 | 2.310 | 111,5 | 1.924 | 107,6 | 1.030 | 88,9 | - | - |
| | 1970/71 | 12.461 | 121,2 | 5.942 | 118,4 | 3.113 | 134,8 | 2.319 | 120,5 | 1.087 | 105,5 | - | - |
| | 1971/72 | 13.900 | 111,5 | 6.520 | 109,7 | 3.522 | 113,1 | 2.731 | 117,8 | 1.127 | 103,7 | - | - |
| | 1972/73 | 15.168 | 109,1 | 7.194 | 110,3 | 3.792 | 107,7 | 2.733 | 100,1 | 1.449 | 128,6 | - | - |
| | 1973/74 | 16.512 | 108,9 | 7.674 | 106,7 | 4.306 | 113,6 | 2.902 | 106,2 | 1.630 | 112,5 | - | - |
| | 1974/75 | 17.010 | 103,0 | 7.610 | 99,2 | 4.841 | 112,4 | 2.745 | 94,6 | 1.814 | 111,3 | - | - |
| | 1975/76 | 18.082 | 106,3 | 7.784 | 102,3 | 5.256 | 108,6 | 3.358 | 122,3 | 1.684 | 92,8 | - | - |

пишувањето на новите студенти. Тие заклучоци се познати како "насочување на слободниот упис на универзитетот" кое, искуството покажа, се сведе на претходно нормативно и фактичко ограничување, бидејќи со него на секој факултет се одредуваше и одредува горната граница (лимитот) на бројот на студентите кои во прва година на студии ќе се запишат во следната учебна година. Доколку на определен факултет се пријават повеќе кандидати од претходно определениот број, се врши селекција според успехот во средното училиште.

Движењето на бројот на студентите на Универзитетот "Кирил и Методиј" во Скопје, според групите на факултети (хуманитарно-општествени, технички, природни и медицински науки) во периодот 1946/47 до 1973/74 година, пластично е прикажано на Графиконот 2.

Во првите години од работата на Универзитетот во Скопје претежно студентите беа редовни, околу 80%, односно вонредните студенти учествуваа со околу 20%. Во почетокот на 60-те години учеството на вонредните студенти на факултетите и високите школи во Македонија се удвостручи (45%) во учебната 1961/62 година, а на вишите школи тоа учество беше уште поголемо - приближувајќи се кон две третини - 62% (Табела - 22). Но, Оттогаш нивното учество почнува постојано да опаѓа во периодот од десет години, а потоа, со учебната 1971/72 година кај вонредните студенти на факултетите и високите школи почнува постепена тенденција на покачување на нивното учество во вкупниот број на студенти кое во просек опфаќа околу една четвртина студенти (околу 25%).

ГРАФИКОН - 2

ДВИЖЕЊЕ НА БРОЈОТ НА СТУДЕНТИТЕ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ ВО СКОПЈЕ, ВО ПЕРИОДОТ 1946/47 — 1973/74 (ВКУПНО И ПО ГРУПИ НАУКИ)



ТАБЕЛА - 22

ДВИЖЕЊЕТО НА БРОЈОТ НА СТУДЕНТИТЕ НА ФАКУЛТЕТИТЕ, ВИСОКИТЕ И ВИШИТЕ ШКОЛИ СПОРЕД РЕЖИМОТ НА СТУДИИ ВО ПЕРИОДОТ 1961 - 1976 ГОДИНА

% од вкупниот број; Индекс 1961/62=100

| Учебна година | Факултети и високи школи | | | | | | | Виши школи | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно (редов.и вон.сту. | Редовни | | | Вонредни | | | Вкупно (редов.и вон.сту. | Редовни | | | Вонредни | | |
| | | N | % | Индекс | N | % | Индекс | | N | % | Индекс | N | % | Индекс |
| 1961/62 | 14.578 | 8.071 | 55,4 | 100 | 6.507 | 44,6 | 100 | 3.659 | 1.394 | 38,1 | 100 | 2.265 | 61,9 | 100 |
| 1962/63 | 12.433 | 7.207 | 57,9 | 89,3 | 5.226 | 42,1 | 80,3 | 2.412 | 1.141 | 47,3 | 81,8 | 1.271 | 52,7 | 56,1 |
| 1963/64 | 9.324 | 6.286 | 67,4 | 77,9 | 3.038 | 32,6 | 46,7 | 1.934 | 1.050 | 54,3 | 75,3 | 884 | 45,7 | 39,0 |
| 1964/65 | 9.852 | 6.015 | 61,1 | 74,5 | 3.837 | 38,9 | 58,9 | 3.174 | 1.633 | 51,4 | 117,1 | 1.541 | 48,6 | 68,0 |
| 1965/66 | 13.842 | 9.487 | 68,5 | 117,5 | 4.355 | 31,5 | 66,9 | 3.477 | 2.198 | 63,2 | 157,7 | 1.279 | 36,8 | 56,5 |
| 1966/67 | 15.715 | 10.473 | 66,6 | 129,8 | 5.242 | 33,4 | 80,6 | 4.576 | 2.587 | 56,5 | 185,6 | 1.989 | 43,5 | 87,8 |
| 1967/68 | 18.445 | 12.584 | 68,2 | 155,9 | 5.861 | 31,8 | 90,1 | 5.362 | 2.907 | 54,2 | 208,5 | 2.455 | 45,8 | 108,4 |
| 1968/69 | 22.340 | 16.112 | 72,1 | 199,6 | 6.228 | 27,9 | 95,7 | 6.121 | 3.445 | 56,3 | 247,1 | 2.676 | 43,7 | 118,1 |
| 1969/70 | 25.890 | 19.941 | 77,0 | 247,1 | 5.949 | 23,0 | 91,4 | 5.242 | 3.110 | 59,3 | 223,0 | 2.132 | 40,7 | 94,1 |
| 1970/71 | 30.337 | 23.797 | 78,4 | 294,8 | 6.540 | 21,6 | 100,5 | 5.832 | 3.331 | 57,1 | 238,9 | 2.501 | 42,9 | 110,4 |
| 1971/72 | 32.071 | 24.810 | 77,3 | 307,4 | 7.261 | 22,7 | 111,6 | 6.264 | 3.528 | 56,3 | 253,1 | 2.736 | 43,7 | 120,8 |
| 1972/73 | 32.891 | 25.292 | 76,9 | 313,4 | 7.599 | 23,1 | 116,8 | 4.886 | 2.831 | 57,9 | 203,1 | 2.055 | 42,1 | 90,7 |
| 1973/74 | 36.960 | 27.446 | 74,3 | 340,0 | 9.514 | 25,7 | 146,2 | 5.317 | 2.929 | 55,1 | 210,1 | 2.388 | 44,9 | 105,4 |
| 1974/75 | 37.499 | 28.156 | 75,1 | 348,8 | 9.343 | 24,9 | 143,6 | 5.621 | 3.124 | 55,6 | 224,1 | 2.497 | 44,4 | 110,2 |
| 1975/76 | 39.351 | 28.634 | 72,8 | 354,8 | 10.717 | 27,2 | 164,7 | 5.675 | 3.145 | 55,4 | 225,6 | 2.530 | 44,6 | 111,7 |

ИЗВОР: Републички завод за статистика на СРМ, статистички годишници од 1968-1978 година

Учеството на вонредните студенти на вишите школи покажува понерамномерно движење со тенденција во последните три учебни години да се стабилизира на околу 45% од вкупниот број студенти на вишите школи, а што е мошне повисоко во однос на учеството на вонредните студенти на факултетите и високите школи.

Знатно поголемиот број на вонредни студенти на вишите школи логички произлегува од карактерот и времетраењето на самите студии.

Како што се гледа од Табелата 22 тенденциите на порастот, на редовните студенти, индексите на движењето на бројот на редовните и вонредните студенти и нивното учество во вкупниот број се различни:

1. Учеството на редовните студенти на факултетите и високите школи покажува високо рамниште кое се движи околу 75% во последните пет-шест години, додека истото тоа учество на редовните студенти на вишите школи е понерамномерно и во истиот период се движи околу 55%, што е за 20 поени пониско во однос на редовните студенти на факултетите.

2. Иако учеството на вонредните студенти на високите школи и факултетите е мошне пониско од нивното учество на вишите школи, сепак од учебната 1971/72 до учебната 1975/76 година бројот на вонредните студенти побрзо се зголемуваше на факултетите и високите школи (индекс околу 140) отколку што се зголемуваше бројот на вонредните студенти на вишите школи (индекс околу 107). Тоа се гледа јасно и на Графиконот 3.

ГРАФИКОН - 3

ДВИЖЕЊЕТО НА БРОЈОТ НА СТУДЕНТИТЕ СПОРЕД РЕЖИМОТ НА СТУДИИ (РЕДОВНИ-ВОНРЕДНИ) НА ФАКУЛТЕТИТЕ, ВИСОКИТЕ И ВИШИТЕ ШКОЛИ ВО СРМ ВО ПЕРИОДОТ 1961-1976



Структурата на студентите според полот е изнесена во Табелата 23. Податоците се изнесени за Македонија и Југославија како целина со цел подобро да се согледаат тенденциите на промените во оваа структура.

Во првата колона "вкупно" веќе е истакнато дека во периодот од 50-те години наваму Македонија покажува најбрз пораст на бројот на студентите во однос на другите социјалистички републики и Југославија што го потврдува движењето на индексите на вкупниот број студенти во Македонија која има поголеми индекси од Југославија како целина.

Во поглед на застапеноста на машкиот пол во високото образование во периодот од учебната 1951/52 година до учебната 1967/68 година машките студенти во Македонија се мошне високо застапени од 75,9% во учебната 1955/56 година што е истовремено највисоко учество, до 65,5% во учебната 1967/68 година, период во кој Македонија има повисоко учество на машките студенти од Југославија, иако во тој период тоа учество се намалува (во Југославија тоа се движи од 69,8% во учебната 1959/60 година, до 62,7% во учебната 1967/68 година. Во периодот од учебната 1971/72 до 1975/76 година учествата на машките студенти во вкупниот број мошне се приближуваат сведувајќи се на околу 60% од вкупниот број студенти. Индексите на зголемувањето на машките студенти обично се поголеми во Македонија отколку во Југославија.

Последната колона од Табелата 23 покажува обратна тенденција во поглед на учеството на женската младина: Имено, тоа во Македонија се зголемува од 24,1% во учебната 1955/56

ТАБЕЛА - 23

ДВИЖЕЊЕТО НА ВКУПНИОТ БРОЈ НА СТУДЕНТИТЕ СПОРЕД ПОЛОТ НА СТУДЕНТОТ ВО СРМ И СФРЈ ВО ПЕРИОДОТ ОД 1951-1976 ГОДИНА

| Учебна година | Социјалистичка република | В к у п н о | | М а ш к и | | | Ж е н с к и | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | N | Индекс 1951/52=100 | N | % | Индекс 1951/52=100 | N | % | Индекс 1951/52=100 |
| 1951/52 | СФРЈ | 55.270 | 100 | 37.102 | 67,1 | 100 | 18.168 | 32,9 | 100 |
| | СРМ | 3.265 | 100 | 2.300 | 70,4 | 100 | 965 | 29,6 | 100 |
| 1955/56 | СФРЈ | 69.650 | 126,0 | 47.993 | 68,9 | 129,3 | 21.657 | 31,1 | 119,2 |
| | СРМ | 5.948 | 182,2 | 4.513 | 75,9 | 196,2 | 1.435 | 24,1 | 148,7 |
| 1959/60 | СФРЈ | 104.786 | 189,6 | 73.148 | 69,8 | 197,2 | 31.638 | 30,2 | 174,1 |
| | СРМ | 11.382 | 348,6 | 8.573 | 75,3 | 372,7 | 2.809 | 24,7 | 291,1 |
| 1963/64 | СФРЈ | 160.595 | 290,6 | 111.785 | 69,6 | 301,3 | 48.810 | 30,4 | 268,6 |
| | СРМ | 9.324 | 285,6 | 6.875 | 73,7 | 298,9 | 2.449 | 26,3 | 253,8 |
| 1967/68 | СФРЈ | 210.810 | 381,4 | 132.184 | 62,7 | 356,3 | 78.626 | 37,3 | 432,8 |
| | СРМ | 18.445 | 564,9 | 12.084 | 65,5 | 525,4 | 6.361 | 34,5 | 659,2 |
| 1971/72 | СФРЈ | 282.546 | 511,2 | 171.102 | 60,6 | 461,2 | 111.444 | 39,4 | 613,4 |
| | СРМ | 32.071 | 982,3 | 19.700 | 61,4 | 856,5 | 12.371 | 38,6 | 1.281,9 |
| 1975/76 | СФРЈ | 393.801 | 712,5 | 236.358 | 60,0 | 637,0 | 157.443 | 40,0 | 866,6 |
| | СРМ | 39.351 | 1.205,2 | 23.840 | 60,5 | 1.036,5 | 15.511 | 39,5 | 1.607,4 |

година, што е водено и најниско учество, па сé до околу 40% во учебната 1975/76 година, што е мошне слично на учеството на женската студентска младина во Југославија.

Меѓутоа, половата структура на студентите мошне се разликува од факултет до факултет, односно од видот на високото образование. Така на медицинските факултети студентките во периодот од учебната 1974/75 до 1978/79 година учествуваат со околу 54%, на хуманитарно-општествените факултети со приближно исто 54%, додека на техничките и биолошките факултети тоа учество се движи помеѓу 17 и 30%.

Оттука може да се констатира дека во целина земено полната структура на студентите во Македонија постојано се подобрува во корист на женската студентска младина и нејзиното учество изнесува околу 40%, а на одделните факултети тоа е различно и се движи од 17 - 55%. Овие промени се резултат на општествениот развој и воопшто на промените на традиционалната свест и гледање за степенот на образование на женската младина.

Овде може да се укаже и на фактот што на високошколските установи во Македонија студираат студенти од другите социјалистички републики (особено од Јужна Србија, Покраината Косово и Црна Гора) и странски студенти. Така во периодот од учебната 1951/52 година до учебната 1959/60 година, учеството на студентите од другите републики се движеше помеѓу 15 и 37% од вкупниот број студенти, така што во учебната 1959/60 година беше забележано најголемо учество од околу 39%, што претставува над една третина од вкупниот број студенти. Во последните три-четири учебни години нивното учество

се движи помеѓу 10-15%, бидејќи отворањето на Универзитетот во Ниш, Титоград и Приштина, како и други виши школи во овие подрачја знатно го намали нивниот број во вкупниот број студенти во СР Македонија.

Меѓу 60-те и 70-те години, кога и отпочна запишувањето на странски студенти на Универзитетот во Скопје нивниот број се движеше од 21-130. Во учебните години од 1975/76 до 1978/79 нивниот број постојано се зголемуваше и во учебната 1978/79 година достигна 777 студенти или околу 2% од вкупниот број студенти на овој Универзитет.

Универзитетот "Кирил и Методиј" во Скопје и другите виши и високообразовни институции во СР Македонија одиграа мошне значајна улога во создавањето на високостручни кадри за стопанството и општествените дејности, т.е. на нив дипломираа голем број студенти. Така само на Универзитетот "Кирил и Методиј" од неговото основање па заклучно со учебната 1978/79 година, со диплома се здобиле околу 33.000 стручњаци а на вишите школи околу 16.600 лица што заедно претставува бројка од околу 50.000 стручњаци кои во вкупното вработено население во Македонија учествуваат со околу 12,2%.

Движењето на вкупниот број дипломирани студенти и дипломирани од генерацијата која е запишана во прва година студии во периодот на учебната 1956/57 до 1974/75 година, е изнесено во Табелата 24.

Во учебната 1956/57 година во прва година студии беа запишани 1.575 студенти, од нив во 1960 година, кога требаше да дипломираат, фактички дипломирале 797 студенти или 50,6% од запишаните во година студии на генерацијата. Најго-

лем број дипломирани студенти од генерацијата се забележува во учебната 1957/58 година - што изнесува 973 дипломирани студенти или 67,8% од запишаните во генерацијата. Оттогаш бројот и учеството на дипломираните студенти од запишаните во генерацијата до учебната 1963/64 година постојано опаѓа дури повеќе од половината - на 34,1% во учебната 1962/63 го-

ТАБЕЛА - 24

ЗАПИШАНИ И ДИПЛОМИРАНИ РЕДОВНИ СТУДЕНТИ НА ФАКУЛТЕТ И ВИСОКИТЕ ШКОЛИ ВО СРМ - ВО ПЕРИОДОТ 1956/57 - 1976 ГОДИНА

| Р е д о в н и | | с т у д е н т и | | |
|---|---|---|---|---|
| Запишани во I година | | Д и п л о м и р а н и | | % дипломирале од запишаните редовни студ. во генерациј. |
| Учебна година | Вкупно | Година | Вкупно | |
| 1956/57 | 1.575 | 1960 | 797 | 50,6 |
| 1957/58 | 1.434 | 1961 | 973 | 67,8 |
| 1958/59 | 1.706 | 1962 | 977 | 57,3 |
| 1959/60 | 2.135 | 1963 | 848 | 39,7 |
| 1960/61 | 2.219 | 1964 | 891 | 40,1 |
| 1961/62 | 1.724 | 1965 | 882 | 51,3 |
| 1962/63 | 2.350 | 1966 | 802 | 34,1 |
| 1963/64 | 1.296 | 1967 | 804 | 62,3 |
| 1964/65 | 2.264 | 1968 | 892 | 39,4 |
| 1965/66 | 2.874 | 1969 | 778 | 27,1 |
| 1966/67 | 2.976 | 1970 | 814 | 27,3 |
| 1967/68 | 3.653 | 1971 | 939 | 25,7 |
| 1968/69 | 5.786 | 1972 | 857 | 14,8 |
| 1969/70 | 8.813 | 1973 | 1.208 | 13,7 |
| 1970/71 | 9.590 | 1974 | 1.423 | 14,8 |
| 1971/72 | 8.977 | 1975 | 1.598 | 17,8 |
| 1972/73 | 9.750 | 1976 | 1.823 | 18,7 |
| 1973/74 | 10.557 | 1977 | - | - |
| 1974/75 | 10.235 | 1978 | - | - |

ИЗВОР: Свески од пописите на студентите на Републичкиот завод за статистика на СРМ - Скопје.

дина, а во следната учебна година тоа повторно нагло се зголемува на 62,3%. Во периодот од учебната 1964/65 година до 1969/70 година нивното учество повторно нагло опаѓа, достигнувајќи и најниска граница од 13,7% во учебната 1969/70 година. Од оваа учебна година, па натаму - по три години - тоа повторно постепено се покачува достигнувајќи учество од 18,7% во учебната 1972/73 година. Во врска со осипувањето на студентите и за причините на нивната селекција низ студиите порано стана збор.

Овде треба да се укаже и за порастот на бројот на наставниците и соработниците на високошколските институции во СР Македонија како еден од белезите на целосниот растеж на високото образование (Табела 25 и Графикон 4).

ТАБЕЛА - 25

ДВИЖЕЊЕТО НА БРОЈОТ НА НАСТАВНИЦИТЕ И СОРАБОТНИЦИТЕ ВО ВИСОКОТО И ВИШОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО СРМ

индекс 1964/65 = 100

| Учебна година | Факултети и високи школи | | | | В и ш и  ш к о л и | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Наставници | | Соработници | | Наставници | | Соработници | |
| | N | Индекс | N | Индекс | N | Индекс | N | Индекс |
| 1964/65 | 329 | 100 | 340 | 100 | 168 | 100 | 28 | 100 |
| 1965/66 | 342 | 103,9 | 331 | 97,3 | 165 | 98,2 | 27 | 96,4 |
| 1966/67 | 339 | 103,0 | 339 | 99,7 | 207 | 123,2 | 24 | 85,7 |
| 1967/68 | 391 | 118,8 | 379 | 111,5 | 220 | 130,9 | 15 | 53,6 |
| 1968/69 | 402 | 122,2 | 428 | 125,9 | 226 | 134,5 | 12 | 42,9 |
| 1969/70 | 421 | 127,9 | 442 | 130,0 | 222 | 132,1 | 11 | 39,3 |
| 1970/71 | 461 | 140,1 | 473 | 139,1 | 215 | 128,0 | 11 | 39,3 |
| 1971/72 | 477 | 144,9 | 515 | 151,5 | 239 | 142,3 | 31 | 110,7 |
| 1972/73 | 525 | 159,6 | 509 | 147,7 | 231 | 137,5 | 15 | 53,6 |
| 1973/74 | 581 | 176,6 | 577 | 169,7 | 237 | 141,1 | 28 | 100,0 |

ИЗВОР: Републички секретаријат за образование и наука, Кадровската положба на високообразовните организации Скопје, 1974.

ГРАФИКОН - 4

**ПОСТОЈАНИ НАСТАВНИЦИ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ ВО СКОПЈЕ и на вишите школи ВО ПЕРИОДОТ 1949/50 — 1973/74**



Еден од основните проблеми со кои се судираше почетокот на високото школство во Македонија веднаш по ослободувањето за успешно изведување на наставата беше проблемот на обезбедување наставен и соработнички кадар. Така во учебната 1948/49 година кога се основа и првиот универзитет во Македонија на факултетите беа вработени 59 постојани наставници и 18 постојани асистенти. Три години подоцна, т.е. во учебната 1953/54 година беа вработени 163 наставници и 133 соработници. Во учебната 1958/59 година бројот на наставниците се покачи на 198 наставници и 185 соработници и во учебната 1963/64 година бројот на наставниците и соработниците рапидно се зголеми на 329 односно 315.

Интересно е да се забележи дека ако се погледа Графиконот 4 јасно ќе се забележи коинциденција на движењето на бројот на наставниците со движењето на бројот на студентите (Графикон 1) што е и логично.

Табелата 25 покажува дека бројот на наставниците на факултетите и високите школи се зголемил од 329 во учебната 1964/65 година на 581 наставник во учебната 1973/74 година (индекс 1964/65=100 изнесува 176,6), што е поголемо зголемување од соработниците (340 на 577 соработници индекс 169,7). Во овој период поголемо зголемување на бројот на наставниците се забележува во учебната 1970/71 година (индекс 140,1).

Соодветно на движењето на бројот на студентите на вишите школи е и движењето на бројот на нивните наставници, со таа разлика што во периодот по учебната 1966/67 година тоа значајно не се менува иако се покачува од 207 во учебната 1966/67 година на 237 наставници во учебната 1973/74 година.

Бројот, пак на соработниците на вишите школи е мошне мал и постојано варирачки, наоѓајќи се под нивото на учебната 1964/65 година, со исклучок во учебната 1971/72 година или во последната кога го достигнува истиот број. Тој број се движи од 11 соработници во учебната 1970/71 година до 31 соработник во следната учебна 1971/72 година.

Ако се анализира движењето на бројот на наставниците според наставното звање (Прилог 22) јасно ќе се види дека најбрза динамика покажуваат редовните професори. Нивниот број во учебната 1949/50 година изнесувал осум или 9,4% од вкупниот број наставници додека во учебната 1978/79 година се зголемил за близу триесет пати, т.е. на 238 (индекс 2.975,0) и со учество од 29,4% од вкупниот број наставници. Слична динамика на движење покажува бројот на вонредните професори чие учество покажува смалување, иако апсолутниот број постојано се зголемувал - кај вонредните професори од 26 во учебната 1949/50 година на 191 вонреден професор во учебната 1978/79 година, односно од 21 на 182 кај доцентите. Бројот на предавачите варира од 30 во учебната 1949/50 година на 198 во учебната 1978/79 година и со мошне слично учество - 24,5% (во оваа учебна година) како вонредните професори (23,6%), односно доцентите (22,5%) од вкупниот број наставници.

Ако како показател се земе бројот на студентите на еден наставник и соработник, тогаш ќе се види дека во тој поглед најнеповолна е состојбата во СР Македонија во однос на другите социјалистички републики и динамиката на бројот на студентите во неа е побрза и понагласена. Така на пример,

во учебната 1970/71 година на еден наставник во СР Македонија доаѓале околу 45 студенти, на еден соработник 63 студенти; во СФРЈ тој однос е 27 студенти на еден наставник и 37 студенти на еден соработник; во БиХ тој број е 30 и 42; во Црна Гора 27 и 67; во Хрватска 21 и 30 што е за два пати поповолен во однос на СР Македонија; во Словенија 18 и 26; и во Србија 30 и 39 студенти.[14/]

Наместо заклучок за анализираното прашање за развојот на високото и вишото образование во Македонија по нејзиното ослободување може да се констатира следното: развојот на вишото и посебно високото образование во Македонија е еден од најдинамичните процеси како по ширењето на мрежата на високошколските уестанови, така и по бројот на студентите, според што таа не само што се наоѓа на прво место меѓу социјалистичките републики во Југославија (ако се земе како мерило бројот на студенти на 10.000 жители) туку има водечко место и во Европа како меѓу капиталистичките така и меѓу социјалистичките земји. Бројот на студентите рапидно почна да се зголемува со учебната 1968/69 година кога нормативно беа укинати селективните механизми, т.е. приемните испити (освен на Медицинскиот факултет) и без разлика на успехот речиси неограничено се запишуваа дипломираните матуранти на високообразовните институции. Тоа предизвика определени противречности во самото високо образование, односно во мошне големото осипување на генерациите во текот на студиските години

14/ Вид. Републички секретаријат за образование и наука, "Кадровската положба на високообразовните организации", Скопје, 1974 (Табела 3).

и до смалување на учеството на дипломираните студенти од соодветната запишана генерација во првата година на студии.

Развојот на високото образование, пред сé на факултетското, мошне побрзо се одвиваше и одвива од развојот на вишото образование кое бележи особен подем во средината на 60-те години.

Според видот на високото образование постои несразмерен распоред на студентите, бидејќи најголемиот број (нешто над половината) дипломирани средношколци се запишуваат на факултетите од хуманитарно-општествените науки (меѓу кои посебно на правните и економските околу 80%); потоа, на техничките, медицинските и знатно помалку на природно-математичките науки.

Според начинот на студирање најголемиот број на студенти на високото образование се ориентира за редовно студирање (над две третини), додека на вишите школи вонредното студирање е мошне поголемо и се доближува до половината од вкупниот број студенти во нив. Секако дека вонредното образование, бидејќи е најразвиено кај хуманитарно-општествените, донекаде и кај природните науки, а не постои на медицинските и сосема симболично е застапено на техничките факултети.

Според полот, структурата на студентите се менува во полза на женската студентска младина достигнувајќи околу 40% од вкупниот број студенти, а на некои факултети (пак на хуманитарно-општествените и над половината од студентите се женска младина.

Мошне е значаен огромниот број дипломирани стручњаци на високите и вишите школи во СР Македонија што изнесува околу 12% од вкупниот број на вработени во Републикава, како и бројот на студенти кои студираат и дипломирале од другите социјалистички републики и покраини, па и бројот на студенти од странство.

Паралелно со развојот, ширењето на високошколската мрежа во Републикава и со импозантниот пораст на бројот на студентите се зголемуваше вкупниот број на наставниците и соработниците, а тоа зголемување е мошне поголемо и позначајно на факултетите и високите школи отколку на вишите. Меѓу наставниците најголем пораст се забележува кај редовните професори. И покрај ваквото зголемување на бројот на наставниците и соработниците, сé уште е неповолна состојбата во однос на бројот на студентите на еден наставник и соработник, што секако се одразува и негативно врз можноста за непосредна работа со студентите а тоа се одразува и врз нивниот успех.

Ваквата динамика на развој на високото и вишото школство неопходно е да се има предвид во анализата на резултатите на истражувањето за влијанието на социјалната структура врз изборот на видот на високото образование, врз меѓусебното другарување меѓу студентите и врз нивниот успех во студиите.

V

## 1. ВЛИЈАНИЕТО НА СОЦИЈАЛНАТА СТРУКТУРА НА СТУДЕНТИТЕ ВРЗ ИЗБОРОТ НА ВИДОТ НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

### Увод

Социјалната структура на студентите на секој универзитет е мошне значајна компонента како од аспект на карактерот на соодветниот универзитет, така и од аспект на односот меѓу универзитетот и општествената заедница од која тој произлегува и се развива. Од социјалната структура на студентите на определена општествена заедница во многу зависи и карактерот на нејзината интелигенција[1/] и воопшто карактерот на квалификационата и образовна структура на вработеното активно население како мошне значаен чинител на стопанскиот, политичкиот и културниот, т.е. севкупниот развиток на соодветната општествена заедница.

Во општите актуелни настојувања за социјалистичка и самоуправна преобразба на образованието и посебно високото "практичните чекори во подобрувањето на социјалната структура на корисниците на образовно-воспитниот процес што се одвива низ високошколските организации" се означува како "едно од најсуштествените прашања на реформските зафати на Универзитетот".[2/]

1/ Вид. Fiamengo A., Socijalna struktura studenata Sarajevskog univerziteta, Pregled (S), 9, 1959, s. 214.

2/"Ставови за некои актуелни прашања од развојот на високото образование во СР Македонија", Извршен комитет на Претседателството на ЦК СКМ, "Студентски збор", февруари 1975, с. 809.

Од ова, но и од претходната теориска разработка на целите и предметот на истражувањето јасно произлегува дека социјалната структура влијае врз можностите и распоредот на студентите во вишото и високото образование и оттука од научна гледна точка е интересно да се види како, односно колку се изразува нејзиното влијание во целина и посебно во одделните видови на високо образование. Во оваа смисла претходно беше експлицитно формулирана следната хипотеза:

Социјалната структура влијае врз изборот на видот на високото и вишото образование, така што студентите од немануелните слоеви во позначајна мера ги избираат оние видови на високо образование кои се "поконјуктурни" и кои повеќе и побрзо водат кон поклучните општествени позиции.

Оваа хипотеза во конкретната формулација беше расчленета уште на неколку кои ќе се изнесат во текстот што следи, бидејќи е посоодветно кога ќе се изнесат и веднаш да се премине на анализата на емпириските податоци со цел тие да се докажат или отфрлат.

Се разбира дека освен социјалната структура врз изборот на видот на високото образование влијаат и други фактори и чинители како што се: регионалното потекло на студентите во смисла на поделбата село-град; потоа, завршениот вид на средно училиште, успехот во средното училиште, полот и др., за што се води сметка во оваа анализа и за што ќе бидат анализирани соодветните емпириски податоци.

а) Социјалното потекло на студентите во историска и компаративна димензија

Податоци за социјалното потекло на студентите, пред сѐ на редовните, единствено можат да се најдат во годишните извештаи на Универзитетот "Кирил и Методиј" од Скопје, почнувајќи една година по неговото основање, односно од учебната 1950/51 година. Овде ќе се изнесат податоците од таа учебна година па заклучно со учебната 1974/75 година, кога е спроведено попишувањето и анкетирањето на студентите за ова истражување.

Податоците за социјалното потекло на студентите во сите овие извештаи е класифицирано во четири групи: работничко, земјоделско, службеничко и друго, што е мошне поедноставено, од една страна, а од друга често пати категориите "работничко" и "службеничко" не се на единствен начин определувани така што овие податоци во извесна смисла треба да се разгледуваат со внимателност и како определена ориентациона слика за промените во социјалната структура на студентите.

Во Табелата 26 се изнесени податоци за движењето, односно промените на социјалното потекло на редовните студенти на Универзитетот "Кирил и Методиј" во Скопје, додека, пак, сликовно тие промени ги покажува Графиконот 5.

И Табелата 26 и Графиконот 5 уште на прв поглед јасно покажуваат дека во целиот овој период и во движењето на апсолутниот број и во процентуалното учество на највисоко рамниште се наоѓаат студентите со службеничко потекло.

ТАБЕЛА - 26

СОЦИЈАЛНОТО ПОТЕКЛО НА РЕДОВНИТЕ СТУДЕНТИ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ "КИРИЛ И МЕТОДИЈ" - СКОПЈЕ ВО ПЕРИОДОТ 1950-1975 ГОДИНА

| Година | Вкупно редовни студенти | Социјалното потекло на студентот | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Земјоделско | | Работничко | | Службеничко | | Друго | |
| | | N | % | N | % | N | % | N | % |
| 1950/51 | 3.265 | 552 | 16,9 | 363 | 11,1 | 1.637 | 50,2 | 713 | 21,8 |
| 1953/54 | 4.051 | 911 | 22,5 | 673 | 16,6 | 1.669 | 41,2 | 798 | 19,7 |
| 1954/55 | 4.881 | 1.280 | 26,2 | 786 | 16,1 | 1.898 | 38,9 | 917 | 18,8 |
| 1955/56 | 5.162 | 1.375 | 26,5 | 579 | 11,2 | 2.152 | 41,5 | 1.056 | 20,8 |
| 1956/57 | 5.635 | 1.573 | 27,9 | 707 | 12,6 | 2.464 | 43,7 | 891 | 15,8 |
| 1957/58 | 6.255 | 1.836 | 29,4 | 978 | 15,6 | 2.701 | 43,2 | 740 | 11,8 |
| 1958/59 | 5.576 | 1.372 | 24,6 | 951 | 17,1 | 2.403 | 43,1 | 849 | 15,2 |
| 1960/61 | 6.448 | 1.696 | 26,3 | 1.323 | 20,5 | 2.636 | 40,9 | 793 | 12,3 |
| 1961/62 | 6.635 | 1.427 | 21,5 | 1.631 | 24,5 | 2.693 | 40,6 | 891 | 13,4 |
| 1963/64 | 5.078 | 980 | 19,3 | 1.288 | 25,4 | 2.048 | 40,3 | 762 | 15,0 |
| 1964/65 | 4.186 | 895 | 21,4 | 1.133 | 27,0 | 1.665 | 39,8 | 493 | 11,8 |
| 1965/66 | 7.477 | 1.246 | 16,7 | 1.445 | 19,3 | 3.134 | 41,9 | 1.652 | 22,1 |
| 1966/67 | 7.627 | 1.271 | 16,7 | 1.720 | 22,5 | 3.425 | 44,9 | 1.211 | 15,9 |
| 1967/68 | 8.202 | 1.225 | 15,0 | 1.894 | 23,1 | 4.374 | 53,3 | 709 | 8,6 |
| 1968/69 | 12.659 | 1.778 | 11,0 | 2.554 | 20,2 | 5.479 | 43,3 | 2.848 | 22,5 |
| 1969/70 | 16.587 | 1.287 | 7,8 | 1.947 | 11,7 | 11.194 | 67,5 | 2.159 | 13,0 |
| 1970/71 | 20.270 | 2.735 | 13,5 | 4.669 | 23,0 | 8.996 | 44,4 | 3.870 | 19,1 |
| 1971/72 | 20.503 | 2.526 | 12,3 | 6.315 | 30,8 | 7.351 | 35,9 | 4.311 | 21,0 |
| 1972/73 | 21.643 | 2.302 | 10,6 | 7.066 | 32,7 | 7.863 | 36,3 | 4.412 | 20,4 |
| 1973/74 | 22.688 | 2.043 | 9,0 | 4.850 | 22,5 | 8.435 | 36,1 | 7.360 | 32,4 |
| 1974/75 | 23.970 | 2.214 | 9,2 | 6.602 | 27,6 | 10.164 | 42,4 | 4.990 | 20,8 |

ИЗВОР: Извештаи за работата на Универзитетот "Кирил и Методиј" во Скопје за учебните години од 1952/53 до 1976/77.

ГРАФИКОН - 5

ДВИЖЕЊЕТО НА БРОЈОТ НА РЕДОВНИТЕ СТУДЕНТИ СПОРЕД СОЦИЈАЛНОТО ПОТЕКЛО, СРМ



нивниот број се движи од 1.637 во учебната 1950/51 година до 10.164 студенти во учебната 1974/75 година. Процентуалното учество на студентите од службеничко потекло се движи од 35,9% во учебната 1971/72 година како релативно најниско учество па до 67,5% во учебната 1969/70 година. Подоцна ова учество ќе се спореди со учеството на службениците во структурата на вкупното население, па уште појасно ќе стане нивната застапеност во студентската структура на Универзитетот "Кирил и Методиј" во Скопје.

Веднаш по висината на застапеност на студентите од службеничко потекло, се наоѓаат студентите од работничко потекло кај кои се забележува јасно зголемување на нивниот апсолутен број, а и на нивното учество во вкупниот број на редовните студенти, со таа разлика што постои изразена тенденција на варирање особено во последните три-четири учебни години. Студентите од работничко потекло најниско учество имаат во почетната учебна 1950/51 година (11,1%) што речиси се повторува во учебната 1955/56 година, како и неочекувано во учебната 1969/70 година (11,7%). Веројатно ова последново може да се објасни токму со различното, односно несоодветното определување на категориите "работничко" и службеничко" за што претходно стана збор, а го потврдува и фактот што токму во оваа година учеството на студентите од службеничко потекло бележи најголемо зголемување (67,5%), што е се разбира на "сметка" на студентите од работничко потекло. На ваков заклучок упатува и фактот што и во претходната и последователната учебна година учеството на работничката сту-

дентска младина речиси за два пати е поголемо. Во последните четири години, односно во првата половина на 70-те години, апсолутниот број на студентите од работничко потекло, со исклучок на претпоследната учебна година, се зголемува, а нивното процентуално учество достигнува и учество речиси од една третина во учебната 1972/73 година.

Студентите со земјоделско потекло според апсолутните бројки и учеството најслабо се застапени во вкупниот број на редовните студенти и речиси со постојана тенденција на опаѓање на нивното учество кое е најниско во учебната 1969/70 година (7,8%), што се приближува и до двете последни учебни години, т.е. во учебните 1973/74 година (9,0%) и во 1974/75 година (9,2%). Овие студенти највисоко учество имале во учебната 1956/57 година (27,9%) и оттогаш тоа постојано опаѓа, следејќи ги и сите други тенденции на земјоделското население: смалување во социјалната структура на вкупното население на СР Македонија во политичката и образовно-културна структура. Сепак, нивното учество е четири до пет пати помало отколку што е учеството на земјоделското население во вкупното.

Оваа споредба меѓу учеството на студентите со потекло од одделни општествени класи и слоеви со учеството на овие класи и слоеви во структурата на вкупното население според пописите во 1953 и 1971 година е изнесено во Табелата 27.

Во Табелата 27 се забележува дека постојат значајни промени во социјалната структура на вкупното население и во социјалната структура на студентите во периодот од 1953-1971 година. Така учеството на работничката класа во вкупното насе-

ТАБЕЛА - 27

СОЦИЈАЛНАТА СТРУКТУРА НА ВКУПНОТО НАСЕЛЕНИЕ И НА СТУДЕНТИТЕ, ИНДЕКСИТЕ И СТАПКИТЕ НА ЗАСТАПЕНОСТ ВО СРМ, ВО 1953 И 1971 ГОДИНА

| Социјална структура | Година | Вкупно население | | Студенти | | Индекс на застапеност | Стапки на застапеност |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | N | % | N | % | | |
| Работници | 1953 | 268.428 | 20,6 | 673 | 16,6 | 80,6 | 2,5 |
| | 1971 | 568.966 | 34,5 | 6.315 | 30,8 | 89,3 | 11,1 |
| Земјоделци | 1953 | 784.862 | 60,2 | 911 | 22,5 | 37,4 | 1,2 |
| | 1971 | 617.565 | 37,5 | 2.526 | 12,3 | 32,8 | 4,1 |
| Службеници (немануелни слоеви) | 1953 | 161.666 | 12,4 | 1.669 | 41,2 | 332,3 | 10,3 |
| | 1971 | 259.962 | 15,8 | 7.351 | 35,9 | 227,2 | 28,3 |
| Пензионери и друго | 1953 | 89.558 | 6,8 | 798 | 19,7 | 289,7 | 8,9 |
| | 1971 | 200.815 | 12,2 | 4.311 | 21,0 | 172,1 | 21,5 |
| СЀ: | 1953 | 1.304.514 | 100,0 | 4.051 | 100,0 | - | 3,1 |
| | 1971 | 1.647.308 | 100,0 | 20.503 | 100,0 | - | 12,4 |

ление се зголеми од 20,6% на 34,5%, т.е. за околу 14 процентуални поени, а учеството на работничката студентска младина од 16,6% на 30,8% или за околу 14 процентуални поени, т.е. речиси потполно поклопување на степенот на промените. Индексите и стапките на застапеност на работничката студентска младина јасно го покажуваат значајното нејзино зголемување во вкупната социјална структура на студентите, но сепак тоа зголемување сѐ уште не го достигнува учеството на работниците во вкупното население (34,5:30,8; индекс на застапеност 89,3).

Кај студентите од службеничко потекло се забележува една спротивна тенденција во однос на промените на службениците во вкупното население. Имено, процентот на студенти од службеничките слоеви се смалува од 41% на 36%, додека уче-

ството на службениците се зголемува од 12 на 16%. Сепак, учеството на студентите од службеничко потекло имаат највисоки индекси и стапки на застапеност. Стапките на застапеност пластично покажуваат дека во 1953 година околу 2,5 студенти од работничко потекло студирале на 1.000 работници, што било за околу пет пати помалку во однос на студентите од службеничко потекло чија стапка изнесува 10,3 студенти на 1.000 нивни припадници. Во 1971 година разликата се намали, но сепак остана на 1.000 членови од соодветниот слој кај работниците да студираат единаесет, а кај службениците 28 студенти.

Кај земјоделското население постои паралелна и еднонасочна тенденција на нагло смалување на земјоделското население во вкупното население и на студентите од земјоделско потекло со поизразено побрзо намалување на земјоделското население во вкупното. Но, истовремено студентите од земјоделско потекло имаат мошне ниски индекси на застапеност (37,4 и 32,8) и стапки на застапеност (1,2 и 4,1) кои споредени со истите на студентите од службеничко потекло се покажува за десетина пати пониски, што мошне силно го изразува влијанието на социјалната структура на вкупното население врз можностите за студирање и воопшто врз степенот на застапеност на студентите од различните општествени класи и слоеви.

За каков степен на влијание на социјалната структура во високото образование станува збор, може покомплексно да се согледа доколку тоа се спореди со влијанието на социјалната структура во средното образование, бидејќи социјалната структура првенствено произлегува од социјалната структура

структура на средношколската младина, иако во одделните видови на високото и вишото образование таа не се изразува, не се "отсликува" на ист начин, за што подоцна ќе стане збор. Покрај ова, влијанието на социјалната структура во високото образование добива порелјефен израз доколку се спореди со влијанието на две рамништа: 1) во Југославија (социјалистичките републики), и 2) со други социјалистички и капиталистички земји.

Податоците за влијанието на социјалната структура во средното и високото образование во СР Македонија и СР Србија во 1971 година изнесено е во Табелата 28.

ТАБЕЛА - 28

ПРОЦЕНТИ И ИНДЕКСИ НА ЗАСТАПЕНОСТ НА СТУДЕНТИТЕ И УЧЕНИЦИТЕ СПОРЕД СОЦИЈАЛНАТА СТРУКТУРА ВО СР МАКЕДОНИЈА И СР СРБИЈА, ВО 1971 ГОДИНА

| Социјална структура | Социјалистичка република | Вкупно население % | Ученици во средните училишта % | Ученици во средните училишта Индекс на зас. | Редовни студенти % | Редовни студенти Индекс на зас. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Работници | СРМ | 34 | 32 | 94 | 31 | 89 |
| | СРСр. | 35 | 33 | 94 | 23 | 66 |
| Земјоделци | СРМ | 38 | 18 | 47 | 12 | 33 |
| | СРСр. | 42 | 24 | 57 | 17 | 45 |
| Службеници | СРМ | 16 | 36 | 225 | 36 | 227 |
| | СРСр. | 15 | 30 | 200 | 47 | 290 |

ИЗВОР: 1) за СР Србија - V. Tomanović "Omladina i socijalizam", Mladost, Beograd, 1977.

2) за СР Македонија за средните училишта - П. Георгиевски "Социјалното потекло и животната ориентација на средношколската младина, ИСППИ, Скопје, 1972, а за студентите, Годишни извештаи на Универзитетот "Кирил и Методиј", Скопје.

Податоците во Табелата 28 во првите три колони, т.е. кај социјалната структура на вкупното население и кај социјалната структура на учениците во средните училишта (процентуалното учество и индексите на асоцијација) покажуваат мошне слични тенденции во СР Македонија и СР Србија. Учеството на учениците од работничко потекло во средните училишта и во СР Македонија (32%) и во СР Србија (33%) се приближува на учеството на работниците во вкупното население (СРМ - 34%; СР Србија - 35%) што се потврдува со ист индекс на застапеност (94). Учеството на студентите од работничко потекло во СРМ (31%) се приближува до учеството на учениците од исто потекло (32), додека во СР Србија тоа е пониско за десет процентуални поени (23%).

Учестовото на службениците во вкупното население во СР Македонија и СР Србија е мошне слично како што е слично и учеството на учениците од овој слој во вкупниот број ученици (36:30), што е двојно поголемо од учеството на службениците во вкупното население (16:15). Учеството на студентите со службеничко потекло (36%) е потполно исто како учеството на учениците во средните училишта со истото потекло во СР Македонија што јасно покажува (како и кај работниците) на репродукување на социјалната структура на студентската младина од средношколската, со таа разлика што само студентите од земјоделско потекло на Универзитетот "Кирил и Методиј" од Скопје покажуваат значајно смалување на учеството во вкупниот број на студенти во однос на учениците од земјоделско потекло (12:18), што е иста тенденција и во СР Србија (17:24).

Ваквата тенденција на мошне висок степен на репродукција на работничката и службеничка средношколска младина на Универзитетот "Кирил и Методиј" се објаснува со фактот, што веќе е изнесен во поглавјето за развојот на високото образование во СР Македонија, т.е. со фактот што од учебната 1968/69 година потполно се "отворија вратите на Универзитетот" за матурантите, така што од просечно годишно 9.000 завршени матуранти околу осум или осум и пол добиваа студентски индекс, - запишување што е означено како "политика на слободен упис" на факултетите и вишите школи.

Во ваквата тенденција на репродукување на социјалната структура од средното образование на Универзитетот останува несразмерната висока застапеност на студентите од службеничко потекло, бидејќи од 1.000 лица во слојот 227 се студенти; кај работниците 89 додека кај земјоделците 33.

Интересно е да се спореди социјалното потекло на студентите од СР Македонија со социјалното потекло на студентите од другите социјалистички републики и покраини за кои располагаме со податоци и тоа не за исти учебни години (Табела 29).

Податоците во Табелата 29, со исклучок на СР Црна Гора, покажуваат јасна и слична тенденција, т.е. огромна разлика во застапеноста на одделните општествени слоеви во високото образование: највисоко учество покажуваат немануелните, службеничките слоеви чие учество е над 40%; највисоко во Босна и Херцеговина 58% во средината на 50-те години; па потоа, во Србија 47% на почетокот на 70-те години, додека во други-

ТАБЕЛА - 29

УЧЕСТВОТО НА СТУДЕНТИТЕ ОД ОПРЕДЕЛЕНА ОПШТЕСТВЕНА КЛАСА И СЛОЈ ВО ВКУПНИОТ БРОЈ СТУДЕНТИ СПОРЕД СОЦИЈАЛИСТИЧКИТЕ РЕПУБЛИКИ

- во %

| Социјалистичка република / Социјална структура | Македонија | | | Босна и Херцеговина | Хрватска | Црна Гора | Србија | Војводина |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1955/56 | 1960/61 | 1974/75 | 1955/56 | 1960/61 | 1977/78 | 1970/71 | 1974/75 |
| Работници | 11 | 20 | 28 | 11 | 20 | 48 | 23 | 28 |
| Земјоделци | 27 | 26 | 9 | 22 | 13 | 9 | 17 | 19 |
| Службеници | 42 | 41 | 42 | 58 | 41 | 21 | 47 | 39 |
| Д р у г о | 20 | 13 | 21 | 9 | 26 | 22 | 13 | 14 |

ИЗВОРИ: 1) за СР Македонија Табела 26.

2) за СР Србија Табела 28.

3) за СР Босна и Херцеговина: A. Fiamengo "Socijalna struktura studenata Sarajevskog univerziteta", Pregled (S), 9, 1959.

4) за СР Хрватска: R. Supek "Sveučilišna politika obrazovanja, socijalno poreklo studenata...", Univerzitet danas, 6, 1967.

5) за СР Црна Гора: Годишњи извештај Универзитета "Вељко Влаховић" за школску 1977/78 годину, Титоград.

6) за САП Војводина: Izveštaj o radu Univerziteta u Novom Sadu u 1973/74 i 1974&75 školskoj godini, Novi Sad, 1975.

те социјалистички републики се движи околу или нешто над 40% (со исклучок на СР Црна Гора), те за три до четири пати повеќе од учеството на службениците во вкупното население.

Во поглед на застапеноста на работничката класа во високото образование во социјалистичките републики и покраини пак се покажува иста или слична тенденција во другите социјалистички републики и покраини, но пак со исклучок на СР Црна Гора која има мошне висока застапеност: учеството на работниците во високото образование се движи помеѓу 20% во учебните 1960/61 во СР Македонија и СР Хрватска, СР Србија (23), па до 28% во учебната 1974/75 во СР Македонија и САП Војводина, со исклучок на Македонија и Босна и Херцеговина во учебната 1955/56 година кога студентите од работничко потекло подеднакво учествуваат (11%) во вкупниот број на студенти. Но со оглед на фактот што и во СР Босна и Херцеговина мошне брзо се развиваше високото образование по оваа учебна година, слично на развојот на високото образование во СР Македонија, за што беше изнесено во поглавјето за развојот на високото образование во Македонија, може да се претпостави дека учеството на работниците во високото образование во Босна и Херцеговина во учебните години по средината на 65-те години е слично на истото учество во СР Македонија, тогаш овој исклучок во учебната 1955/56 отпаѓа. Учеството на студентите од работничко потекло иако покажува тенденција на изразено покачување, сепак тоа е значајно пониско од учеството на работничката класа во вкупното население, тоа е значајно пониско ако се спореди со учеството на студентите од службеничко потекло.

Меѓутоа, најниско учество во високото образование со иста тенденција во сите социјалистички републики и покраината Војводина, значи без исклучок, покажуваат земјоделците, почнувајќи од периодот од 60-те години наваму. Во Македонија и Босна и Херцеговина нивното учество се движи околу една четвртина и е повисоко од учеството на работниците, но значајно пониско во однос на застапеноста на студентите од службеничко потекло.

Од оваа споредбена анализа на социјалната структура на високото образование во СР Македонија и другите социјалистички републики, во целина може да се каже и да се заклучи дека: прво, социјалната структура во високото образование се репродукува од социјалната структура на средното образование; второ, социјалната структура значајно влијае врз социјалниот распоред на студентите и тоа со највисоко и доминантно учество на студентите од немануелните, службеничките слоеви, со зголемување на учеството на работничката студентска младина, но сѐ уште под учеството на работничката класа во вкупното население и мошне рапидно смалување на учеството на студентите од земјоделско потекло, кое иако ја изразува општата тенденција на смалување на вкупното население, сепак, нивото на учеството на земјоделците во високото образование е далеку, т.е. три-четири пати помало од учеството на земјоделското, односно селското население во вкупното и трето, изложената анализа и слика на социјалната структура на високото образование на СР Македонија нема некои сосема изразени специфични тенденции во однос на другите социјалистички републики и токму јасно се покажува на непосредната дијалектичка

врска меѓу карактерот на економскиот, општествениот и образовниот развој и социјалната структура во Југославија и карактерот и општествената улога на образованието, посебно на високото образование.

Меѓутоа, овие заклучоци ќе добијат поголема теориско-научна релевантност доколку се прошири контекстот на споредување на социјалните структури на вкупното население и на студентите во етатистичкиот и капиталистичкиот модел на социјална структура и образование. Прво, ќе се анализира социјалната структура на студентите во другите европски социјалистички земји (Табелите 30 и 31).

Во Табелата 30 напоредно се изнесени податоците за социјалното потекло на студентите на Универзитетите "Кирил и Методиј" (СР Македонија) и "Горки" (СССР) за периодот меѓу 60-те години.

Општата слика што се забележува во Табелата 30, односно во движењето на социјалната структура на двата универзитети е мошне слична, односно тенденциите на промени се исти или слични, иако се различни нивоата на застапеност на одделните социјални групи во високото образование, што произлегува од разликите во социјалната структура на вкупното население (последната колона во Табела 30). Имено, учеството на работничката класа во вкупното население во Македонија изнесува 35%, а во "Горки" (СССР) - 51%, што сосема не е јасно дали е тоа учество само за околијата на градот "Горки" или за СССР во целина како што не е даден поимот на работничко население, па оттука и нивото на разлики и во застапеноста на студентите од работничко потекло на Универзитетот "Кирил

ТАБЕЛА - 30

СОЦИЈАЛНОТО ПОТЕКЛО НА СТУДЕНТИТЕ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ "КИРИЛ И МЕТОДИЈ" (СРМ) И НА УНИВЕРЗИТЕТОТ "ГОРСКИ" (СССР) ВО ПЕРИОДОТ 1969-1968 ГОДИНА

- во %

| Учебна година / Социјално потекло | | 1959/1960 | 60/61 | 61/62 | 63/64 | 64/65 | 65/66 | 66/67 | 67/68 | Население Горки-67 Кирил-71 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Работничко | "Кирил" | 17 | 21 | 25 | 25 | 27 | 19 | 22 | 23 | 35 |
| | "Горки" | 24 | 34 | 39 | 33 | 35 | 36 | 30 | 30 | 51 |
| Селско | "Кирил" | 25 | 26 | 22 | 19 | 21 | 17 | 17 | 15 | 38 |
| | "Горки" | 16 | 11 | 6 | 7 | 4 | 4 | 5 | 5 | 22 |
| Интелектуално (службеничко) | "Кирил" | 43 | 41 | 41 | 40 | 40 | 42 | 45 | 53 | 16 |
| | "Горки" | 60 | 55 | 55 | 60 | 61 | 60 | 65 | 65 | 27 |

ИЗВОР: За универзитетот "Горки" (СССР): Sauvy A, Girard A., Vers l'enseignement pour tous, op. cit. p. 37.

ТАБЕЛА - 31

СОЦИЈАЛНОТО ПОТЕКЛО НА СТУДЕНТИТЕ ВО ЕВРОПСКИТЕ СОЦИЈАЛИСТИЧКИ ЗЕМЈИ ВО КОМПАРАЦИЈА СО ВКУПНОТО НАСЕЛЕНИЕ

- во %

| Социјалистичка земја | Година | Социјално потекло | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Работничко | | Селско | | Интелектуално (служ.) | | Друго | |
| | | Студ. | Нас. | Студ. | Нас. | Студ. | Нас. | Студ. | Нас. |
| Бугарија | 1965 | 35,0 | 41,5 | 18,0 | 41,4 | 46,0 | 17,0 | 1,0 | 0,1 |
| Унгарија | 1963 | 33,0 | 55,8 | 10,8 | 25,5 | 56,2 | 18,7 | - | - |
| Полска | 1964 | 30,4 | 35,7 | 18,8 | 45,0 | 45,4 | 17,8 | 5,4 | 1,5 |
| ДР Германија | 1965 | 35,0 | 55,0 | 5,9 | 15,0 | 52,4 | 20,0 | 7,7 | 9,7 |
| Чехословачка | 1963 | 37,9 | 70,0 | 8,3 | 16,9 | 53,8 | 10,6 | - | 2,5 |
| Југославија | 1965 | 12,0 | 30,0 | 25,5 | 50,0 | 47,4 | 15,0 | 15,1 | 5,0 |
| - СР Македонија | 1965 | 27,0 | 34 | 21,4 | 38 | 39,8 | 16 | 11,8 | 12,2 |

ИЗВОР БЕЗ СРМ: Sauvy A., Eirard A, Vers l'enseignement pour tous, op. cit., p. 43.
- за СР Македонија податокот за населението се однесува за 1971 година.

и Методиј" кое се движи од 17% во учебната 1959/60 година преку учеството од 27% во учебната 1964/65 година што е највисоко, па до 23% во учебната 1967/68 година. Учеството на студентите од работничко потекло на Универзитетот "Горки" почнува од 24% во учебната 1959/60 година преку 39% во учебната 1961/62 година, што е воедно и највисоко учество, па до 30% во последните две учебни години. Овде треба да се истакне дека студентите од работничко потекло на Универзитетот "Кирил и Методиј" во средината на 70-те години го достигнува учеството на студентите од работничко потекло на Универзитетот "Горки" (т.е. 30%), дотолку повеќе што "Слободниот" упис започна по оваа година, т.е. во учебната 1978/79 година. Меѓутоа, ако се споредат разликите помеѓу учествата на работничката студентска младина со учеството на работниците во вкупното население кај двата универзитети, јасно ќе се забележи сличност: во учебната 1967/68 година на Универзитетот "Кирил и Методиј" таа разлика изнесува околу 12 процентуални поени, а кај Универзитетот "Горки" во учебната 1965/66 година изнесува 15 и во учебната 1967/68 година 19 поени.

Понатаму, кај двата универзитета постои изразена тенденција на опаѓање на учеството на студентите од земјоделско потекло, со таа разлика учеството на овие студенти на Универзитетот "Кирил и Методиј" е повисоко за околу три пати и се движи од 26% во учебната 1960/61 до 15% во учебната 1967/68 година, додека кај Универзитетот "Горки" таа се движи од 16% во учебната 1959/69 година до четири односно 5% во

учебната 1965/66, односно 1967/68 година, што е резултат и на значајно пониската застапеност на земјоделското население кај Универзитетот "Горки" (22% во однос на 38%).

И кај двата универзитети значајно поголемо, би се рекло доминантно учество имаат немануелните, интелектуалните, односно службеничките слоеви со таа разлика што степенот, нивото на оваа тенденција е поголемо кај Универзитетот "Горки" и се движи од 55% во учебните 1960/61 и 1961/62 година па сѐ до 65% (близу две третини) во учебните 1966/67 и 1967/68 година, додека кај Универзитетот "Кирил и Методиј" тоа учество се движи помеѓу 40% во учебната 1963/64 година до 53% во учебната 1967/68 година, веројатно овие разлики во степенот на застапеност произлегуваат од разликите во учеството на службениците во вкупното население (16:27).

Табелата 31 ги покажува сличностите и разликите во социјалната структура во вкупното население и на студентската младина меѓу социјалистичките земји околу средината на 60-те години. Веднаш што паѓа вочи кога ќе се погледне Табелата 31 е фактот што интелектуалните, службеничките слоеви имаат мошне значајно, домонантно учество во високото образование, во сите социјалистички земји и тоа се движи од околу 40% во СР Македонија до 56% во Унгарија што се покажува и со сличноста на учеството на интелектуалните слоеви во вкупното население, кое со исклучок на Чехословачка, која има 10,6%, тоа се движи помеѓу 15% во Југославија и 20% во Демократска Република Германија. Ваквото учество е за околу три пати поголемо во вкупниот број на студенти.

Застапеноста на студентската работничка младина исто така покажува мошне слично учество (слично ниво) кај сите социјалистички земји вклучувајќи ја тука и СР Македонија, но со исклучок на Југославија како целина која има најниско учество, речиси за три пати помало (12,0%), а тоа се движи од 30% во Полска, на која и се приближува и СР Македонија - 27%, па сè до 38% во Чехословачка која има највисоко учество на студентите од работничко потекло но истовремено мошне позначајно учество и на работничката класа во вкупното население (70,0%), што и овде се покажува како и кај другите социјалистички држави дека учеството на студентите од работничко потекло во сите овие земји е помало од учеството на работничката класа во вкупното население, со таа разлика што кај некои земји тие разлики се поголеми и понагласени отколку кај други.

Застапеноста на земјоделците, односно селското население во високото образование во сите назначени земји во Табелата 31 е мошне ниско и различито, кое се движи од 6% во Демократска Република Германија како најниско до што се доближува и Чехословачка (8%), па сè до 25,5% во Југославија и 21% во СР Македонија кои имаат највисоко учество како што имаат и највисоко учество на земјоделското население во вкупното (50%, односно 38%).

Оттука и од оваа Табела 31 може да се заклучи дека социјалната структура на населението значајно влијае врз социјалната структура во високото образование и дека одделни разлики се јавуваат само поради различната развиеност, односно поради различната застапеност на работничката класа и

селанството во вкупното население. Особено значаен степен на согласност и иста или сосема слична тенденција се забележува во мошне високата застапеност на немануелните службенички слоеви во високото образование, што секако произлегува од нивната мошне поповолна, би можело слободно да се рече привилегирана општествена положба во економски, социјален, политички и културен поглед, а чија основа претставуваат општествените противречности во поделбата на трудот и посебно на поделбата на физички и уметствен, а со тоа и од превласта на технобирократската структура во нив.

Споредбата со некои капиталистички земји е изнесена во Табелата 32 што следи.

ТАБЕЛА 32

УЧЕСТВОТО НА СТУДЕНТИТЕ ВО ВИСОКИТЕ ШКОЛИ СПОРЕД ЗАНИМАЊЕТО НА НИВНИТЕ ТАТКОВЦИ И УЧЕСТВОТО НА АКТИВНОТО НАСЕЛЕНИЕ ВО ВКУПНОТО ВО НЕКОИ КАПИТАЛИСТИЧКИ ЗЕМЈИ, ЈУГОСЛАВИЈА И МАКЕДОНИЈА

| Занимање на таткото на студентот / Земја*/ | Работници | | Слободни професии и функционери | |
|---|---|---|---|---|
| | % студенти од вкупни. број запи. | % од вкупното активно население | % студенти од вкупни. број запи. | % од вкупното активно население |
| Австрија | 5,5 | 63,7 | 32,4 | 7,4 |
| Италија | 15,4 | 59,6 | 11,6 | 1,7 |
| Норвешка | 23,9 | 55,4 | 33,6 | 10,4 |
| Велика Британија | 27,2 | 71,5 | 62,9 | 21,5 |
| САД | 26,6 | 54,4 | 52,4 | 22,9 |
| Јапонија | 8,7 | 44,2 | 52,8 | 8,7 |
| Југославија | 19,0 | 28,0 | 17,9 | 8,8 |
| - Македонија | 25,4 | 29,9 (1971) | 40,3 | 15,6 |

*/ Различни години меѓу 1960 и 1966.

ИЗВОР: Faure E. i dr., Učiti za život, stručna štampa, Beograd, 1975, s. 107, а за СРМ за активното население Табела 2, а за студентите Табела 26.

Во оваа табела постои еден недостаток што се состои во непостоењето податоци за земјоделците односно селското население за неговата застапеност во вкупното население и во високото образование, со што се намалуваат можностите за поцелосна компаративна анализа.

И покрај тоа некои општи тенденции можат да се изнесат: застапеноста на работничката класа во високото образование не е во цврста корелација со нејзиното учество во вкупното активно население. Така Австрија и Италија иако имаат мошне високо учество на работниците во вкупното активно население (63,7%, односно 59,6%), кое е повисоко од она на САД и Норвешка, сепак имаат мошне ниски (едни од најниските) учества на студентите од работничко потекло (Австрија - 5,5%; Италија - 15,4%, а мошне ниско е и на Јапонија - 8,7%). Највисока застапеност на работничката класа во високото образование има Велика Британија - 27,2% но и далеку највисока застапеност во вкупното активно население (71,5%). Потоа, следи САД со 26,6%, на кое мошне е блиску и СР Македонија 25,4%, а многу не заостанува и Југославија со 19,0%. Но тука јасно се согледува разликата кога ќе се спореди учеството на студентите од работничко потекло со учеството на работничката класа во вкупното активно население. Во Југославија и Македонија тие разлики не се толку големи (Југославија 19:28; Македонија 25:30) со јасна тенденција на нивното доближување, додека кај приведените капиталистички земји тие разлики се многу значајно поголеми и за десетина пати кај одделни земји (Австрија - 5,5:63,7, Јапонија 8,7:44,2; Италија 15,4:59,6, па и во Велика Британија која има највисоко учество на студентите од работничко потекло - 27,2:71,5 итн.).

Втората колона од Табелата 32 "слободни професии и функционери" покажува спротивна тенденција (со исклучок на Италија), која се состои во тоа што учеството на слободните професии и функционерите во високото образование е значајно повисоко во однос на учеството на работничката класа со значајни разлики (варијации) меѓу одделните капиталистички земји, движејќи се од 32,4% во Австрија (не сметајќи ја Италија) па сѐ до 62,9% во Велика Британија; учество кое е за неколку пати поголемо од учеството на овие социјални групи во вкупното активно население, кое се движи од 1,7% во Италија па до 22,9% во САД. Овде се изоставени владеачката буржоазија и ситната, со што уште повеќе се зголемува учеството на неработничките класи и слоеви. Учеството на Македонија со 40,3% во вкупниот број на студенти не е соодветно во поглед на категоријата "слободни професии и функционери", бидејќи ги опфаќа студентите од службеничко потекло што е мошне поширок поим од поимот "слободни професии и функционери".

Од податоците во Табелата 32 може да се изведе општ заклучок: можностите за студирање од работничката класа во капиталистичките развиени земји се мошне помали и поограничени отколку во социјалистичките, односно отколку во Југославија и СР Македонија (кај кои постои тенденција на приближување на учеството на студентите од работничко потекло со учеството на работниците во вкупното население).

Оттука и образованието, посебно високото е мошне поотворено за мануелните работнички слоеви во Југославија и Македонија отколку во капиталистичките високоразвиени земји, во кои таа игра улога на репродукција не само на владеачките

класи туку и "буржоаскиот талог" ситната буржоазија и привилегираните средни, "командувачки" слоеви. Механизмот "на дискриминација се покрива со објективноста на испитот, со универзалноста на знаењето и со митот на еднаквоста на шансите".[3/]

### б) Влијанието на социјалната структура врз изборот на видот на високото и вишото образование

Социјалната структура не влијае само во целина врз можностите за запишување на високото и вишото образование, т.е. врз социјалната структура на студентите, туку и врз изборот на видот на факултетот (студии) или вишата школа. Таквото влијание на социјалната структура веќе јасно се изразува и врз пониското степен на образование - средното образование. Спомнатото истражување за социјалното потекло на средношколската младина во Скопје што го извршив во учебната 1969/70 година, а и сличните истражувања во некои други социјалистички републики јасно покажаа дека социјалната структура врши силно влијание врз изборот на видот на средното училиште на тој начин што училиштата за квалификувани работници, односно за занимања претежно ги избираат учениците од работничко и земјоделско потекло (речиси над 80%), гимназиите во обратна насока претежно ги избираат учениците од немануелните, интелектуалните, службеничките слоеви, додека среднотехничките училишта се поразновидни во поглед на социјалниот состав, од-

---

3/ Bon F. et Burnier M, Les nouveaux intellectuels, op. cit., p. 186.

носно во нив значајно се застапени и учениците од работничко и од интелектуално потекло.[4/]

Тргнувајќи од ова и беше поставена претходната хипотеза за значајното влијание на социјалната структура врз изборот на видот на високото образование.

Податоците за ова влијание се изнесени во Табелите 33 и 33-а.

Табелите можат да се анализираат од два аспекти: од аспект на застапеноста на одделните општествени класи и слоеви во одделни видови на високото образование (хоризонтални проценти) и од аспект на социјалната структура на одделни факултети (вертикални проценти).

Но пред да се тргне во анализа на податоците од двата аспекта нека се погледа пресметаниот Хи-квадрат ($X^2$=158,79 $P < 0,001$) што покажува дека постојат значајни разлики помеѓу социјалната структура на студентите како независна варијабла и видот на високото образование - како зависна, односно дека социјалната структура значајно влијае врз изборот на видот на високото образование и дека постои нешто повеќе од просечна корелација меѓу овие две појави (социјалната структура и видот на високото образование (C = 0,316).

---

4/ Вид. Георгиевски м-р Петре, Социјалното потекло и животната ориентација на средношколската младина, оп. цит., с. 95-100.

Слично изнесува и П. Новосел за Хрватска каде учениците од работничко потекло во училиштата за занимање (за стопанство и индустриско) учествувале со 46%, а од службеничко помеѓу 15-20%, додека пак во гимназиите учениците од службеничко потекло учествувале со 48%; работниците во техничкото учествувало со 34%, а службениците речиси исто 33,9%. (Вид. Novosel P. Pogledi orjentacije i socijalni položaj srednjoškolske omladine u Hrvatskoj, IDI, Zagreb, 1969, s. 293). Слични податоци наведува и В. Томановиќ за Србија, цит. дело, с. 200.

ТАБЕЛА-33

СОЦИЈАЛНАТА СТРУКТУРА НА РЕДОВНИТЕ СТУДЕНТИ ВО СР МАКЕДОНИЈА СПОРЕД ВИДОТ НА ФАКУЛТЕТОТ ВО УЧЕБНАТА 1974/75 ГОДИНА (АНКЕТА)

| Вид на високото образование / Социјална структура на студентот | Правен | Економски | Филозофско-Филолошки | Природно-математички | Медицински | Земјоделско-Шумарски | Архитектонско-Градежен | Електро-Машински | Технолошко-Металуршки | Високи школи | Виши школи | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Работници | 17,0<br>84<br>36,0 | 11,7<br>58<br>27,7 | 7,1<br>35<br>26,9 | 5,7<br>28<br>44,4 | 6,3<br>31<br>28,7 | 4,8<br>24<br>36,3 | 7,5<br>37<br>23,7 | 13,6<br>67<br>36,2 | 4,4<br>22<br>25,4 | 6,3<br>31<br>46,2 | 15,6<br>77<br>52,7 | 100,0<br>494<br>34,0 |
| Земјоделци | 16,3<br>26<br>11,2 | 14,5<br>23<br>11,0 | 6,9<br>11<br>8,5 | 3,1<br>5<br>7,9 | 6,9<br>11<br>10,2 | 10,1<br>16<br>24,2 | 5,7<br>9<br>5,8 | 6,3<br>10<br>5,4 | 8,2<br>13<br>14,9 | 6,3<br>10<br>14,9 | 15,7<br>25<br>17,1 | 100,0<br>159<br>11,0 |
| Приватни занаетчии | 10,6<br>5<br>2,2 | 8,5<br>4<br>1,9 | 6,4<br>3<br>2,3 | 8,5<br>4<br>6,3 | 4,3<br>2<br>1,8 | 12,8<br>6<br>9,1 | 12,8<br>6<br>3,8 | 17,0<br>8<br>4,3 | 4,3<br>2<br>2,3 | 10,6<br>5<br>7,5 | 4,2<br>2<br>1,4 | 100,0<br>47<br>3,2 |
| Администрација | 14,1<br>17<br>7,3 | 14,1<br>17<br>8,1 | 12,4<br>15<br>11,5 | 2,5<br>3<br>4,8 | 4,1<br>5<br>4,6 | 3,3<br>4<br>6,1 | 14,9<br>18<br>11,5 | 12,4<br>15<br>8,1 | 10,7<br>13<br>14,9 | 3,3<br>4<br>6,0 | 8,2<br>10<br>6,8 | 100,0<br>121<br>8,3 |
| Стручњаци | 14,9<br>66<br>28,3 | 16,7<br>74<br>35,4 | 9,9<br>44<br>33,9 | 4,1<br>18<br>28,6 | 10,8<br>48<br>44,5 | 2,3<br>10<br>15,2 | 15,5<br>69<br>44,3 | 14,6<br>65<br>35,1 | 4,7<br>21<br>24,1 | 2,2<br>10<br>14,9 | 4,3<br>19<br>13,0 | 100,0<br>444<br>30,6 |
| Раководители | 20,6<br>27<br>11,6 | 22,8<br>30<br>14,4 | 12,2<br>16<br>12,3 | 2,3<br>3<br>4,8 | 6,8<br>9<br>8,3 | 3,0<br>4<br>6,1 | 10,6<br>14<br>9,0 | 9,1<br>12<br>6,5 | 9,1<br>12<br>13,8 | 2,3<br>3<br>4,5 | 1,5<br>2<br>1,4 | 100,0<br>132<br>9,1 |
| Пензионери и др. | 15,1<br>8<br>3,4 | 5,7<br>3<br>1,5 | 11,3<br>6<br>4,6 | 3,8<br>2<br>3,2 | 3,8<br>2<br>1,8 | 3,8<br>2<br>3,0 | 5,7<br>3<br>1,9 | 15,1<br>8<br>4,3 | 7,5<br>4<br>4,6 | 7,5<br>4<br>6,0 | 20,7<br>11<br>7,5 | 100,0<br>53<br>3,7 |
| ВКУПНО: | 16,1<br>233<br>100,0 | 14,4<br>209<br>100,0 | 8,9<br>130<br>100,0 | 4,3<br>63<br>100,0 | 7,5<br>108<br>100,0 | 4,5<br>66<br>100,0 | 10,8<br>156<br>100,0 | 12,8<br>185<br>100,0 | 6,0<br>87<br>100,0 | 4,6<br>67<br>100,0 | 10,1<br>146<br>100,0 | 100,0<br>1.450<br>100,0 |

/ $\chi^2 = 158,79$ $P < 0,001$ $DF = 50$ $C = 0,316$ /

I. Студентите со потекло од работничката класа (494) најповеќе се ориентирани кон правниот факултет (17,0%), вишите школи (15,6%), електромашинскиот (13,6%) и донекаде на економскиот факултет (11,7%), додека во изборот на другите факултети се знатно помалку ориентирани, а најмалку на технолошко-металуршкиот што малку е необично поради карактерот на работата, занимањата што се поблиску до работничките. Во Табелата 33-а се гледа дека студентите од работничката младина на правниот се ориентирани нешто повеќе од квалификуваниот работнички слој (18,7%), додека,пак,студентите од НКВ и ПКВ работничкиот слој најповеќе ги преферираат вишите школи (18,4%) што е разбирливо поради тоа што пократко траат и речиси подеднакво правниот и економскиот факултет, значи два факултети кои образуваат за непроизводни занимања.

Студентите од земјоделско потекло најчесто ги бираат вишите школи и правниот факултет (околу 16%) додека другите факултети (со исклучок на економскиот) не се толку привлечни за нив. Особено паѓа вочи не толку изразена преференција кон земјоделско-шумарскиот факултет (околу 10%) што би се очекувало со оглед на нивното социјално потекло.

Приватните занаетчии исто така повеќе ги преферираат правниот и економскиот факултет (16,9%, односно 13,9% врз основа на Табелата 33-а бидејќи во неа вкупниот број на студенти од овој слој е знатно поголем отколку во анкетата).

Студентите од слојот на администрацијата речиси подеднакво бираат три факултети кои и одговараат на природата на занимањата на нивните родители: правниот и економскиот (по 14,1%) и архитектонско-градежниот (14,9%); потоа, следат фи-

лозофскиот и електромашинскиот, додека другите факултети и вишите школи знатно се понеинтересни за нив.

Студентите од слојот на стручњаци речиси подеднакво ги бираат архитектонско-градежниот факултет (15,5%), економскиот (16,7%) и правниот (14,9%), па и електро-машинскиот, а најмалку високите и вишите школи, природно-математичкиот и технолошко-металуршкиот.

Студентите од раководниот слој најповеќе ги бираат економскиот (22,8%) и правниот (20,6%), донекаде и филозофско-филолошкиот, а најмалку вишите школи (1,5%), природно-математичкиот (2,3%) и земјоделско-шумарскиот факултет (3,0%).

Од овој аспект на анализата очигледно може да се констатира дека најпривлечни, најбирани се економскиот и правниот факултет, речиси од сите општествени класи и слоеви врз што влијаат повеќе и мошне сложени фактори почнувајќи од видот и начинот на студирање па се̑ до поголемата можност за вработување и "бегање" од производствениот труд во административниот и воопшто непроизводниот што ја потврдува и правецот на значајната флуктуација на високостручниот труд од производството во непроизводството.

II. Ако податоците се анализираат од аспект на застапеноста на одделните класи и слоеви во секој факултет одделно, тогаш сликата изгледа вака:

1. Највисока застапеност на студенти од работничко потекло имаат вишите и високите школи, т.е. оние видови образование кое пократко трае (две години); потоа, нивното учество е значајно и кај земјоделско-шумарскиот и правниот, тех-

нолошко-металуршкиот, филозофскиот, природно-математичкиот, а најмала застапеност е во структурата на медицинскиот факултет, архитектонско-градежниот и донекаде и на економскиот.

2. Факултет што има најповеќе студенти од земјоделско потекло е земјоделско-шумарскиот факултет; потоа, вишите школи па и високите школи, додека најниско учество во својата социјална структура на студенти од земјоделско потекло имаат архитектонско-градежниот, медицинскиот и електро-машинскиот.

Во својата социјална структура на студентите релативно највисока застапеност од приватните занаетчии имаат високите школи, а во другите факултети тоа учество е мошне мало и би се рекло незначајно.

3. Слојот на администрација е најзастапен во социјалната структура на технолошко-металуршкиот факултет, а најмалку на природноматематичкиот и медицинскиот факултет.

4. Факултет кој има најповеќе студенти од слојот на стручњаците е медицинскиот факултет (44,5%), што ја дава речиси половината студенти на овој факултет; потоа, архитектонско-градежниот, економскиот, електромашинскиот и сл., а најниско учество има во вишите и високите школи.

5. Релативно поголемо учество на студенти од слојот на раководителите има економскиот, технолошко-металуршкиот и филозофско-филолошкиот факултет, а најмало во вишите и високите школи како и на природно-математичкиот факултет.

Од досегашната анализа може да се заклучи дека социјалната структура значајно влијае врз изборот на видот на високото образование.Со тоа се потврдува првиот дел на претход-

но поставената хипотеза. За да се потврди и вториот дел, односно целосно треба да се анализираат податоците во Табелата 33-а со цел да се утврди дали разликите во влијанието на социјалната структура се поголеми и позначајни меѓу работничката класа и немануелните, интелектуалните слоеви или меѓу слоевите внатре во овие две социјални групи.

Ако се споредуваат хоризонталните процентуални учества по парови како кај слоевите во рамките на работничката класа и немануелните слоеви меѓусебно и одвоено меѓу двете основни социјални групи јасно се забележува (во повеќето полиња на изнесените податоци слични процентуални учества, што на определен начин сосем индикативно го покажуваат двата Хи-квадрати и коефициенти на контигенција кои се однесуваат на (не) поврзаноста меѓу социјалната структура на работничката класа и видот на високото образование ($Xмр^2$ = 27,73  P > 0,05  DF=20 и Cмр = 0,224) и (не) поврзаноста меѓу структурата на немануелните слоеви и видот на високото образование ($Xн^2$ = 31,45 P ≥ 0,05  DF = 20  Cн = 0,200) и кои не се значајни на ниво од 0,05, а коефициентите на контигенција покажуваат слаба поврзаност меѓу овие појави.

Од ова може да се заклучи: не постојат значајни разлики меѓу слоевите внатре меѓу слоевите на работничката класа и внатре меѓу немануелните слоеви во поглед на изборот на видот на високото образование.

Оттука целосниот заклучок во поглед на поставената хипотеза е следниот: Се потврдува хипотезата дека социјалната структура значајно влијае врз изборот на видот на високото образование така што студентите од немануелните слоеви во по-

ТАБЕЛА - 33-а

## СОЦИЈАЛНАТА СТРУКТУРА НА СТУДЕНТИТЕ СПОРЕД ВИДОТ НА ФАКУЛТЕТОТ И ПОДЕЛБАТА НА МАНУЕЛНИТЕ И НЕМАНУЕЛНИТЕ СЛОЕВИ (АНКЕТА)

| Група на слој | Вид на високото образование / Социјална структура | Правен | Економски | Филозофско-филолошки | Природно-математички | Медицински | Земјоделско-Шумарски | Архитектонско-Градежен | Електро-Машински | Технолошко-Металуршки | Високи школи | Виши школи | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Мануелни работнички слоеви | НКВ и ПКВ работници | 18,5<br>25 | 12,6<br>17 | 3,7<br>5 | 3,7<br>5 | 5,2<br>7 | 5,2<br>7 | 4,4<br>6 | 11,1<br>15 | 2,2<br>3 | 10,4<br>14 | 33,0<br>31 | 100,0<br>135 |
| | КВ работници | 20,7<br>31 | 11,3<br>17 | 8,0<br>12 | 4,7<br>7 | 6,0<br>9 | 6,7<br>10 | 8,0<br>12 | 13,3<br>20 | 4,7<br>7 | 5,3<br>8 | 11,3<br>17 | 100,0<br>150 |
| | ВКВ работници | 13,4<br>28 | 11,5<br>24 | 8,6<br>18 | 7,7<br>16 | 7,2<br>15 | 3,3<br>7 | 9,1<br>19 | 15,3<br>32 | 5,7<br>12 | 4,3<br>9 | 13,9<br>29 | 100,0<br>209 |
| | СЀ: | 17,0<br>84 | 11,7<br>58 | 7,1<br>35 | 5,7<br>28 | 6,3<br>31 | 4,8<br>24 | 7,5<br>37 | 13,6<br>67 | 4,4<br>22 | 6,3<br>31 | 15,6<br>77 | 100,0<br>494 |
| Немануелни слоеви | Слој на администрација | 14,1<br>17 | 14,1<br>17 | 12,4<br>15 | 2,5<br>3 | 4,1<br>5 | 3,3<br>4 | 14,9<br>18 | 12,4<br>15 | 10,7<br>13 | 3,3<br>4 | 8,2<br>10 | 100,0<br>121 |
| | Слој на стручњаци | 14,9<br>66 | 16,7<br>74 | 9,9<br>44 | 4,1<br>18 | 10,8<br>48 | 2,3<br>10 | 15,5<br>69 | 14,6<br>65 | 4,7<br>21 | 2,2<br>10 | 4,3<br>19 | 100,0<br>444 |
| | Раководен слој | 20,6<br>27 | 22,8<br>30 | 12,2<br>16 | 2,3<br>3 | 6,8<br>9 | 3,0<br>4 | 10,6<br>14 | 9,1<br>12 | 9,1<br>12 | 2,3<br>3 | 1,5<br>2 | 100,0<br>132 |
| | СЀ: | 15,8<br>110 | 17,4<br>121 | 10,8<br>75 | 3,4<br>24 | 8,9<br>62 | 2,6<br>18 | 14,5<br>101 | 13,2<br>92 | 6,6<br>46 | 2,4<br>17 | 4,4<br>31 | 100,0<br>697 |

$X^2_{мр} = 27,73$ $\quad P > 0,05 \quad DF = 20 \quad C_{мр} = 0,224$

$X^2_{н} = 31,45$ $\quad P \geq 0,05 \quad DF = 20 \quad C_{н} = 0,200$

значајна мера ги избираат оние видови на високо образование кои се "поконјуктурни" и кои повеќе и побрзо водат кон поклучните општествени позиции, со таа разлика што разликите на тоа влијание се значајно поголеми, порелевантни меѓу работничката класа и немануелните слоеви, отколку внатре меѓу нивните слоеви кои дури не се ни значајни.

Постојат определени разлики во влијанието на социјалната структура во високото образование меѓу редовните и вонредните студенти. Податоците изнесени во Табелата 34 ја покажуваат социјалната структура на вонредните студенти во СР Македонија.

Кога ќе се погледа оваа табела веднаш паѓа вочи дека некои факултети речиси немаат вонредни студенти: медицинскиот, технолошко-металуршкиот, електро-машинскиот и донекаде архитектонско-градежниот.

Втората карактеристика се состои во тоа што вонредни студенти најмногу има на вишите и високите школи (во однос на нивниот соодветен вкупен број; па потоа, на факултетите од општествените науки што јасно се виде и во освртот за развојот на високото образование во СР Македонија.

Ако се анализира Табелата 34 од аспект на социјалната структура и нејзиното влијание врз изборот на видот на високото образование може да се констатира следното:

Вонредните студенти од работничката класа најмногу се определуваат да студираат некоја виша школа (30,7%); потоа висока школа (24,8%) и економскиот факултет (17,2%), а знатно

ТАБЕЛА - 34

## СОЦИЈАЛНАТА СТРУКТУРА НА СТУДЕНТИТЕ ПО ФАКУЛТЕТИ (ВКУПНО ЗА СИТЕ ГОДИНИ) ВО СРМ ВО УЧЕБНАТА 1974/75 ГОДИНА

(ПОПИСЕН ЛИСТ)

| Вид на високото образование / Социјална структура | Правен | Економски | Филозофски | Филолошки | Природно-математички | Медицински | Земјоделско-шумарски | Архитектонско-градежен | Електро-машински | Вонредни Технолошко-металуршки | Високи школи | Виши школи | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| НКВ и ПКВ работници | 9,9<br>57<br>5,5 | 21,8<br>126<br>6,4 | 8,1<br>47<br>8,1 | 5,5<br>32<br>5,7 | 1,5<br>9<br>3,9 | -<br>-<br>- | 1,4<br>8<br>11,3 | 0,3<br>2<br>4,3 | 0,2<br>1<br>5,0 | 0,2<br>1<br>25,0 | 19,9<br>115<br>7,4 | 31,2<br>180<br>9,1 | 100<br>578<br>7,1 |
| КВ работници | 10,7<br>95<br>9,1 | 13,0<br>115<br>5,8 | 6,3<br>56<br>9,7 | 4,9<br>43<br>7,6 | 2,2<br>19<br>8,2 | -<br>-<br>- | 0,9<br>8<br>11,3 | 0,6<br>5<br>10,9 | 0,1<br>1<br>5,0 | -<br>-<br>- | 31,0<br>274<br>17,6 | 30,3<br>268<br>13,5 | 100<br>884<br>10,9 |
| ВКВ работници | 12,4<br>81<br>7,8 | 18,6<br>122<br>6,2 | 6,4<br>42<br>7,2 | 5,2<br>34<br>6,0 | 3,2<br>21<br>9,0 | 0,2<br>1<br>50,0 | 1,1<br>7<br>9,8 | 1,2<br>8<br>17,4 | -<br>-<br>- | 0,1<br>1<br>25,0 | 20,8<br>136<br>8,8 | 30,8<br>202<br>10,2 | 100<br>655<br>8,1 |
| ВКУПНО работници: | 11,0<br>233<br>22,4 | 17,2<br>363<br>18,4 | 6,9<br>145<br>25,0 | 5,1<br>109<br>19,3 | 2,3<br>49<br>21,1 | 0,0<br>1<br>50,0 | 1,1<br>23<br>32,4 | 0,7<br>15<br>32,6 | 0,1<br>2<br>10,0 | 0,1<br>2<br>50,0 | 24,8<br>525<br>33,8 | 30,7<br>650<br>32,8 | 100<br>2.117<br>26,1 |
| Земјоделци | 10,9<br>149<br>14,3 | 9,6<br>130<br>6,6 | 8,2<br>112<br>19,3 | 9,0<br>122<br>21,6 | 4,2<br>58<br>25,0 | -<br>-<br>- | 1,6<br>22<br>31,0 | 0,4<br>5<br>10,9 | 0,3<br>4<br>20,0 | 0,1<br>1<br>25,0 | 26,2<br>357<br>23,0 | 29,5<br>402<br>20,3 | 100<br>1.362<br>16,9 |
| Приватни занаетчии | 9,6<br>33<br>3,2 | 11,3<br>39<br>2,0 | 8,2<br>18<br>3,1 | 4,3<br>15<br>2,6 | 0,6<br>2<br>0,9 | -<br>-<br>- | 0,3<br>1<br>1,4 | -<br>-<br>- | -<br>-<br>- | -<br>-<br>- | 51,6<br>178<br>11,4 | 17,1<br>59<br>3,0 | 100<br>345<br>4,3 |
| Средно стручен кадар | 11,6<br>122<br>11,7 | 27,5<br>290<br>14,6 | 6,0<br>63<br>10,9 | 8,2<br>87<br>15,4 | 1,6<br>17<br>7,3 | 0,1<br>1<br>50,0 | 0,6<br>6<br>8,5 | 0,9<br>10<br>21,7 | 0,2<br>2<br>10,0 | -<br>-<br>- | 21,0<br>222<br>14,3 | 22,3<br>235<br>11,8 | 100<br>1.055<br>13,1 |
| Високостручен кадар | 19,2<br>57<br>5,5 | 39,1<br>116<br>5,8 | 6,7<br>20<br>3,4 | 6,7<br>20<br>3,5 | 3,4<br>10<br>4,3 | -<br>-<br>- | 1,0<br>3<br>4,2 | 0,3<br>1<br>2,2 | -<br>-<br>- | 0,3<br>1<br>25,0 | 5,4<br>16<br>1,0 | 17,9<br>53<br>2,7 | 100<br>297<br>3,7 |
| Раководен кадар | 16,3<br>28<br>2,7 | 37,2<br>64<br>3,2 | 8,7<br>15<br>2,6 | 8,7<br>15<br>2,6 | 1,2<br>2<br>0,9 | -<br>-<br>- | 1,2<br>2<br>2,8 | 0,6<br>1<br>2,2 | -<br>-<br>- | -<br>-<br>- | 8,1<br>14<br>0,9 | 18,0<br>31<br>1,6 | 100<br>172<br>2,1 |
| Пензионери и друго | 15,3<br>418<br>40,2 | 35,9<br>978<br>49,4 | 7,6<br>207<br>35,7 | 7,3<br>198<br>35,0 | 3,4<br>94<br>40,5 | -<br>-<br>- | 0,5<br>14<br>19,7 | 0,5<br>14<br>30,4 | 0,4<br>12<br>60,0 | -<br>-<br>- | 8,9<br>243<br>15,6 | 20,2<br>550<br>27,8 | 100<br>2.728<br>33,8 |
| В К У П Н О: | 12,9<br>1.040<br>100 | 24,5<br>1.980<br>100 | 7,2<br>580<br>100 | 7,0<br>566<br>100 | 2,9<br>232<br>100 | 0,0<br>2<br>100 | 0,9<br>71<br>100 | 0,6<br>46<br>100 | 0,2<br>20<br>100 | 0,1<br>4<br>100 | 19,2<br>1.555<br>100 | 24,5<br>1.980<br>100 | 100<br>8.076<br>100 |

помалку на природно-математичкиот (2,3%) и филолошкиот (5,1%) се разбира не сметајќи ја симболичната застапеност во претходно означените факултети кои незнатно или воопшто немаат вонредни студенти. Во поглед на изборот на видот на високото образование меѓу слоевите на работничката класа (НКВ и ПКВ, КВ и ВКВ работниците) не постојат значајни разлики.

Мошне слична тенденција се јавува и во изборот на видот на високото образование кај студентите од земјоделско потекло кои исто така (од нивниот вкупен број во високото образование - 1.362) најмногу се определуваат за некоја од вишите или високите школи (29,5%, односно 26,2%), додека мошне помалку но речиси изедначено ги бираат правниот, економскиот, филолошкиот и филозофскиот.

Во однос на студентите од земјоделско потекло, вонредните студенти на приватните занаетчии многу повеќе ги бираат високите школи (51,6%), па потоа вишите (17,1%), а кај другите факултети тенденцијата на избор речиси е иста.

Кај вонредните студенти со потекло од слојот на стручњаци со средно образование, веќе е забележлива спротивна тенденција во изборот на видот на високото образование во однос на претходните општествени класи и слоеви. Имено, најмногу не се бираат вишите и високите школи туку економскиот факултет (27,5%), па потоа, доаѓаат вишите и високите школи и правниот факултет, додека најслабо се бира природно-математичкиот и филозофскиот факултет.

Оваа тенденција е уште поизразена кај студентите со потекло од слојот на стручњаци со високо образование. Вонредните студенти од овој слој најповеќе го преферираат економ-

скиот факултет (39,1% и правниот (19,2%), а најмалку високите школи и природно-математичкиот факултет.

Мошне слична тенденција се забележува во изборот на видот на факултетот и кај вонредните студенти со потекло од раководниот слој: 37,2% од нивниот број го бираат економскиот факултет, а најмалку природно-математичкиот.

Значи, меѓата во разграничувањето на тенденциите во влијанието на социјалната структура на вонредните студенти врз изборот и видот на високото образование се наоѓа на границата меѓу мануелните класи и слоеви, од една страна и немануелните, од друга, т.е. со слојот на стручњаци со средно образование.

Влијанието на социјалната структура врз изборот на видот на високото образование се изразува, како што е претходно теориски и операционално разработено, и преку влијанието на материјалните (парични) средства на семејствата и степенот на образование на родителите на студентите. Дејствувањето на просечниот месечен доход по член на семејство може да се види од Табелата 35.

Најниската категорија на семејства со просечен месечен доход по член на семејство до 500,00 динари најповеќе ги бира вишите школи (24,2%); потоа, правниот факултет (17,3%), а најмалку технолошко-металуршкиот и медицинскиот факултет.

Веќе во втората категорија (500,01-750,00) на просечен месечен доход по член на семејство, тенденцијата на изборот на факултетот се менува. Имено, студентите од оваа категорија на просечен доход по член на семејство најповеќе се

ТАБЕЛА - 35

## СТУДЕНТИТЕ ОД ОДДЕЛНИТЕ ФАКУЛТЕТИ СПОРЕД ПРОСЕЧНИОТ МЕСЕЧЕН ДОХОД ПО ЧЛЕН НА СЕМЕЈСТВО

| Вид на факултетот / Просечен доход по член на семејство | Правен | Економски | Филозофски и Филолошки | Природно-математички и Земјоделско-шумарски | Медицински | Архитектонско-градежен | Електромашински | Технолошко-металуршки | Високи и виши школи | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| До 500,00 динари | 17,3<br>61 | 8,5<br>30 | 7,7<br>27 | 11,9<br>42 | 5,7<br>20 | 7,1<br>25 | 11,6<br>41 | 6,0<br>21 | 24,2<br>85 | 100<br>352 |
| 500,0-750,00 | 15,5<br>46 | 12,8<br>38 | 8,4<br>25 | 9,1<br>27 | 10,1<br>30 | 9,1<br>27 | 15,8<br>47 | 4,7<br>14 | 14,5<br>43 | 100<br>297 |
| 750,01-1.000,00 | 15,0<br>40 | 15,4<br>41 | 11,2<br>30 | 6,4<br>17 | 6,7<br>18 | 15,7<br>42 | 12,7<br>34 | 6,8<br>18 | 10,1<br>27 | 100<br>267 |
| 1.000,01-1.250,00 | 15,9<br>19 | 22,5<br>27 | 15,9<br>19 | 5,8<br>7 | 2,5<br>3 | 11,7<br>14 | 10,8<br>13 | 6,7<br>8 | 8,3<br>10 | 100<br>120 |
| 1.250,01-1.500,00 | 15,0<br>15 | 20,0<br>20 | 9,0<br>9 | 7,0<br>7 | 9,0<br>9 | 16,0<br>16 | 14,0<br>14 | 6,0<br>6 | 4,0<br>4 | 100<br>100 |
| 1.500,01 и повеќе | 18,9<br>25 | 18,2<br>24 | 8,3<br>11 | 7,6<br>10 | 17,4<br>23 | 10,6<br>14 | 13,1<br>16 | 3,8<br>5 | 3,1<br>4 | 100<br>132 |
| Семејството е земјоделско и без одг. | 14,8<br>27 | 15,9<br>29 | 5,0<br>9 | 10,4<br>19 | 2,8<br>5 | 9,9<br>18 | 11,0<br>20 | 8,2<br>15 | 22,0<br>40 | 100<br>182 |
| СÈ: | 16,1<br>233 | 14,4<br>209 | 9,0<br>130 | 8,9<br>129 | 7,4<br>108 | 10,7<br>156 | 12,8<br>185 | 6,0<br>87 | 14,7<br>213 | 100<br>1.450 |

$X^2 = 147,97$ $P < 0,001$ $DF = 48$ $C = 0,304$

определуваат за студии на електро-машинскиот (15,8%) и правниот факултет (15,5%); па потоа, следат вишите школи и економскиот факултет, а најмалку ги преферираат технолошко-металуршкиот и филозофско-филолошкиот факултет.

Студентите од третата категорија на просечен месечен доход по член на семејство (750,01-1.000,00) најповеќе го бираат архитектонско-градежниот (15,7%); па потоа, економскиот и правниот (просечно 15,2%), а најмалку природно-математичкиот (6,4%); медицинскиот (6,7%) и технолошко-металуршкиот.

Во четвртата група на семеен доход (1.000,01-1.500,00) состојбата е поинаква: студентите од оваа категорија на семеен доход мошне позначајно се определуваат да студираат на економскиот факултет (22,5%) и потоа, подеднакво на правниот и филозофско-филолошкиот (15,9%), а најмалку на медицинскиот факултет (2,5%) и на природно-математичкиот (5,8%).

Студентите чии семејства имаат просечен месечен доход по член помеѓу 1.250,01-1.500,00 динари исто така најмногу го бираат економскиот факултет (20,0%), па потоа архитектонско-градежниот (16,0%) и правниот (15,0), а знатно помалку некоја виша или висока школа (4,0%) и технолошко-металуршкиот факултет.

Во последната категорија на доход од 1.500,01 и повеќе динари студентите речиси подеднакво најповеќе се определуваат да студираат правен или економски, па и медицински - факултети кои водат на вредносната листа и кои овозможуваат посоодветна социјална "промоција" и привилигирана општествена позиција. Високите и вишите школи тоа потешко го овозможуваат,

па оттука и студенти од оваа највисока доходна категорија најмалку, речиси незначително ги бираат.

Покрај оваа анализа која јасно го потврдува значајното влијание на семејниот доход врз изборот на видот на високото образование, го потврдуваат и Хи-квадратот ($X^2=147,97$ $P < 0,001$ $DF=48$) и коефициентот на контигенција (C=0,304). Врз сето ова може да се заклучи:

Претпоставката дека доходот на семејствата значајно влијае врз изборот на видот на високото образование се потврдува како точна, односно се потврдува дека постои значаен степен на поврзаност помеѓу просечниот месечен доход по член на семејство како независна варијабла и изборот на видот на високото образование како зависна варијабла, така што зголемувањето на семејниот доход по член на семејство изборот на видот на факултетот се насочува кон оние кои водат кон попривилегирани општествени позиции.

Анализираните податоци и изведениот од нив општ заклучок се во согласност со податоците и во некои други социјалистички земји.[5/] Значајното влијание на семејниот доход е утврдено и при изборот на видот на средното образование[6/] со што уште повеќе се поткрепува претходниот заклучок.

5/ Така на пример, со зголемувањето на месечниот доход на родителите на студентите во СССР растат можностите за прием на универзитет: до 50 рубли месечен доход младината има можност (шанса) да се запиши на универзитет во 65,4%; од 50,1-70 рубли 70,6%; од 70,1-90,0 - 71,3% и повеќе од 90 рубли 88,8%. (Вид. Sauvy A. et Girard A., Vers l'enseignement pour tous, Elsevier séquoa, Paris, 1974, p. 40).

Од сето ова, во целост земено не е одржлива тезата на француските социолози П. Бурдие и Ж.К. Пасерон, според кои нееднаквите можности за школување во социјалистичкото општество главно се резултат од културно наследство што е пренесено од минатото, т.е. од капиталистичкото општество (Вид. Bourdieu - J.C.Passeron, Education, Developement e democratie, Cahier du centre de sociologie européenne, IV, Paris, Mouton, 1967).

6/ Вид. Георгиевски м-р Петре, Социјалното потекло...оп.цит. с. 103-105.

Влијанието на степенот на образование на таткото на студентот како една од компонентите на социјалното потекло, покрај занимањето на родителите и нивниот доход, може да се согледа од Табелата 36.

Табелата 36 исто така може да се анализира од два аспекти: од аспект на степенот на образование на таткото на студентот и од аспект на видот на факултетот. Ако се тргне од првиот аспект (хоризонталните проценти), тогаш може да се констатира следното:

1. Студентите чии татковци имаат до четиригодишно основно образование, далеку натпросечно ги бираат вишите школи (26,0%), па потоа правниот факултет (18%), а најмалку медицинскиот (3,3%) и технолошко-металуршкиот (5,3%), па и архитектонско-градежниот.

2. Татковците со осумгодишно образование своите студенти исто така надпросечно ги испраќаат да студираат на некоја висока или виша школа кои траат две години (20,8%), па потоа на правниот (15,0%) и економскиот (13,9%), што се доближува до просекот на сите студенти во изборот на овие два факултета, а најмалку на технолошко-металуршкиот (5,3%) и медицинскиот (6,1%).

3. Потполно слична тенденција во изборот на видот на високото образование постои и кај синовите чии татковци имаат завршено училиште за квалификувани или висококвалификувани работници, односно училиште за занимање.

4. Веќе со следниот степен на образование на татковците - средно стручно и гимназија, сликата почнува да се менува во правец што речиси подеднакво се бираат правниот, еко-

ТАБЕЛА - 36

## СТЕПЕНОТ НА ОБРАЗОВАНИЕ НА ТАТКОТО НА СТУДЕНТОТ СПОРЕД ВИДОТ НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

| Вид на високото образование / Образование на таткото на студ. | Правен | Економски | Филозофски и Филолошки | Природно-математички и Земјоделско-шумарски | Медицински | Архитектонско-градежен | Електромашински | Технолошко-металуршки | Високи и виши школи | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| До и четиригодишно основно образование | 18,0<br>54<br>23,2 | 11,7<br>35<br>16,7 | 7,7<br>23<br>17,7 | 12,0<br>36<br>27,9 | 3,3<br>10<br>9,3 | 6,0<br>18<br>11,5 | 10,0<br>30<br>16,2 | 5,3<br>16<br>18,4 | 26,0<br>78<br>36,6 | 100,0<br>300<br>20,7 |
| Осумгодишно основно училиште | 15,1<br>37<br>15,9 | 13,1<br>32<br>15,3 | 7,8<br>19<br>14,6 | 11,8<br>29<br>22,4 | 6,1<br>15<br>13,9 | 9,0<br>22<br>14,1 | 11,0<br>27<br>14,6 | 5,3<br>13<br>14,9 | 20,8<br>51<br>24,0 | 100,0<br>245<br>16,9 |
| Училиште за КВ и ВКВ образование | 15,0<br>40<br>17,2 | 13,9<br>37<br>17,7 | 10,1<br>27<br>20,8 | 10,5<br>28<br>21,7 | 5,2<br>14<br>13,0 | 8,2<br>22<br>14,1 | 14,2<br>38<br>20,5 | 8,3<br>22<br>25,3 | 14,6<br>39<br>18,3 | 100,0<br>267<br>18,4 |
| Средно-стручно и гимназиско образование | 14,5<br>43<br>18,4 | 14,5<br>43<br>20,6 | 11,8<br>35<br>26,9 | 5,4<br>16<br>12,4 | 8,4<br>25<br>23,1 | 14,8<br>44<br>28,2 | 14,1<br>42<br>22,7 | 6,7<br>20<br>23,0 | 9,8<br>29<br>13,6 | 100,0<br>297<br>20,5 |
| Вишо образование | 23,4<br>34<br>14,6 | 15,9<br>23<br>11,0 | 8,3<br>12<br>9,2 | 6,9<br>10<br>7,8 | 6,9<br>10<br>9,2 | 13,1<br>19<br>12,2 | 13,8<br>20<br>10,8 | 4,8<br>7<br>8,1 | 6,9<br>10<br>4,7 | 100,0<br>145<br>10,0 |
| Високо (факултет, магистар и доктор) | 12,8<br>25<br>10,7 | 19,9<br>39<br>18,7 | 7,1<br>14<br>10,8 | 5,1<br>10<br>7,8 | 17,3<br>34<br>31,5 | 15,8<br>31<br>19,9 | 14,3<br>28<br>15,2 | 4,6<br>9<br>10,3 | 3,1<br>6<br>2,8 | 100,0<br>196<br>13,5 |
| СЕ: | 16,1<br>233<br>100,0 | 14,4<br>209<br>100,0 | 9,0<br>130<br>100,0 | 8,9<br>129<br>100,0 | 7,4<br>108<br>100,0 | 10,7<br>156<br>100,0 | 12,8<br>185<br>100,0 | 6,0<br>87<br>100,0 | 14,7<br>213<br>100,0 | 100,0<br>1.450<br>100,0 |

$X^2 = 155,92$ $P < 0,001$ $DF = 40$ $C = 0,311$

номскиот, архитектонско-градежниот и електро-машинскиот со таа разлика што првите два факултета (правниот и економскиот) се бираат на рамниште на општо просечен избор од страна на вкупниот број редовни студенти, додека изборот на последните два (архитектонско-градежниот и електро-машинскиот) е над општиот просек. Овие студенти најмалку го преферираат природно-математичкиот факултет (5,4%).

5. Слична тенденција при изборот на видот на високото образование се јавува и кај студентите чии татковци имаат вишо образование со таа разлика што надпросечно од вкупниот избор на сите студенти го преферираат правниот факултет (23,4%) и архитектонско-градежниот (13,1%).

6. Татковците на студентите со високо образование во изборот на видот на факултетот своите синови најповеќе ги ориентираат кон економскиот факултет (19,9%); потоа, кон медицинскиот (17,3%), па и архитектонско-градежниот (15,8%), а најмалку кон високите и вишите школи (3,1%), технолошко-металуршкиот, па и природно-математичкиот. Значи овде е спротивна тенденцијата на избор на видот на високото образование од тенденцијата при изборот од страна на студентите во првите три категории на образование, т.е. од четврто основно, па заклучно со училиште за квалификувани и висококвалификувани работници.

Доколку Табелата 36 се анализира од аспект на видот на факултетот, тогаш може да се констатира следното: на правниот факултет најзастапени се студентите чии татковци имаат четиригодишно образование; потоа средно-стручно и гимназија, а најмалку со високо (10,7%). Економскиот факултет

претежно е составен од студенти чии татковци имаат средно образование (20,6%) и високо (18,7%), а релативно помалку со вишо образование. На филозофскиот и филолошкиот факултет доминираат студентите чии родители имаат завршено училиште за квалификувани работници и средно-стручно и гимназија, а релативно помалку со вишо и високо образование. На природно-математичкиот факултет најзастапени се студентите чии родители имаат четири одделенија на основното, осумгодишно и училиште за квалификувани работници (над 70%), а најмалку со вишо и високо образование. Сосема спротивна тенденција се забележува на медицинскиот факултет каде доминираат студентите чии родители имаат високо образование (31,5%), па и средно (23,1%), а знатно помалку со четиригодишно основно (9,3%) и вишо (9,2% Слична е состојбата и кај архитектонско-градежниот факултет, само со таа разлика што поголема застапеност имаат студентите чии родители имаат средно образование (28,2%), иако оние чии родители се со високо образование според застапеноста се на второ место (19,9%), а најмалку се застапени студентите чии татковци имаат четири одделенија на основното училиште. Во следните два факултети - електро-машинскиот и технолошко-металуршкиот, позастапени се студентите чии татковци имаат завршено училиште за занимање или средно образование. Високите и вишите школи се карактеризираат со поинаква тенденција, т.е. во нив многу повеќе се застапени ниските степени на образование на татковците на студентите, а десетина пати помалку, односно симболично - колку се оди кон повисоките степени на образование, особено кон вишото и високото (4,7%, односно 2,8%).

Врз основа на оваа анализа и пресметаните мерки на значајност ($X^2$=155,92 $P < 0,001$) и на поврзаност меѓу степенот на образование на родителите и изборот на видот на факултетот (C=0,311) се потврдува теориската хипотеза за значајното влијание на степенот на образование на родителите врз изборот на видот на факултетот така што пониските степени на образование претежно се ориентирани кон високите и вишите школи кои пократко траат и донекаде кон правниот и природно-математичкиот факултет, додека, пак, студентите чии родители имаат средно, вишо и високо образование претежно се ориентирани да ги избираат економскиот, медицинскиот и архитектонско-градежниот факултет.

Секако, кога станува збор за степенот на образованието на родителите треба да се вклучи образованието и на мајката, бидејќи тоа влијание е комплементарно. Податоците во Прилогот 23 токму го покажуваат влијанието на степенот на образование на мајката на студентот врз изборот на видот (групата факултет) на високото образование, но поради ограниченоста на просторот не ќе се навлезе во анализа, задоволувајќи се со оваа констатација.

Ова го потврдуваат и податоците за другите социјалистички републики, па и другите социјалистички земји. Така во Табелата 36-а напоредно се изнесени податоците за влијанието на степенот на образование на таткото на студентот врз изборот на видот на високото образование во СР Македонија и СР Словенија.[7/]

---

7/ Интересно е да се напомни дека во Љубљана постои Центар за испитување на универзитетот и следење на податоците за студентите, но не се прибираат податоци за социјалната структура на студентите, односно за занимањето на нивните родители. За социјалната структура на студентите се заклучува врз основа на образованието на родителите, што не е едно исто.

ТАБЕЛА - 36-а

УЧЕСТВОТО НА СТУДЕНТИТЕ ВО ОДДЕЛНИТЕ ВИДОВИ ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ ВО СР МАКЕДОНИЈА И СР СЛОВЕНИЈА СПОРЕД ОБРАЗОВАНИЕТО НА НИВНИТЕ ТАТКОВЦИ ВО УЧЕБНАТА 1974/75 ГОДИНА

- во %

| Вид на високото образован. / Образование на таткото | Правен фак. | | Економ. фак. | | Филозоф. фак. | | Природ. матем. | | Земјод. шумар. | | Медицински | | Архитек. градежен | | Технолошки | | Машински | | Високи школи | | Виши школи | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Соција. репуб. | Мак. | Сло. | Мак. | Сло. | Мак. | Сло. | Мак. | Сло. | Мак. | Сло. | Мак. | Сло. | Мак. | Сло. | Мак. | Сло. | Мак. | Сло. | Мак. | Сло. | Мак. | Сло. |
| Седум одделенија и помалку | 20 | 4 | 15 | 6 | 20 | 5 | 21 | 6 | 36 | 7 | 9 | 3 | 14 | 3 | 20 | 13 | 18 | 6 | 26 | 7 | 36 | 9 |
| Осумгодишно училиште | 19 | 11 | 16 | 11 | 16 | 13 | 16 | 12 | 25 | 20 | 9 | 7 | 14 | 8 | 17 | 13 | 14 | 14 | 23 | 13 | 22 | 18 |
| Училиште за занимање | 17 | 15 | 16 | 22 | 18 | 18 | 16 | 22 | 14 | 22 | 13 | 18 | 17 | 15 | 19 | 24 | 18 | 30 | 24 | 25 | 17 | 28 |
| Средно-стручно | 15 | 23 | 15 | 25 | 13 | 23 | 14 | 21 | 9 | 19 | 14 | 22 | 18 | 24 | 15 | 21 | 16 | 21 | 13 | 25 | 11 | 22 |
| Гимназија | 5 | 4 | 5 | 4 | 6 | 4 | 5 | 4 | 4 | 3 | 4 | 4 | 7 | 5 | 6 | 2 | 5 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 |
| Виша школа | 10 | 16 | 8 | 13 | 10 | 12 | 8 | 9 | 6 | 9 | 9 | 13 | 9 | 15 | 9 | 10 | 10 | 12 | 4 | 11 | 5 | 9 |
| Висока-факултет | 9 | 24 | 11 | 15 | 11 | 21 | 11 | 22 | 5 | 20 | 25 | 27 | 18 | 24 | 12 | 12 | 17 | 14 | 4 | 9 | 3 | 7 |
| Неписмени-непознато | 4 | 3 | 14 | 4 | 5 | 3 | 8 | 3 | 2 | 0 | 17 | 6 | 3 | 6 | 3 | 5 | 2 | 1 | 3 | 7 | 3 | 3 |
| ВКУПНО | 4233 | 1158 | 3792 | 2048 | 2345 | 2131 | 1150 | 909 | 1204 | 757 | 1970 | 951 | 2840 | 1027 | 1566 | 657 | 3361 | 1745 | 1218 | 2911 | 2659 | 3011 |
| | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 |

- 470 -

ИЗВОР: 1. За СР Македонија - Податоци од Пописниот лист - 1 што е спроведен во учебната 1974/75 година.

2. За СР Словенија: Pavlin L., Poti do visokošolskih študijev in družbena narava sposobnosti, Center za razvoj univerze,

Податоците во оваа табела кои се однесуваат и на СР Словенија ја потврдуваат претходната претпоставка за значајното влијание на степенот на образование на татково на студентот врз изборот на видот на факултетот.

Во поглед, пак, на правецот на дејствувањето на образованието на татковците на студентите врз изборот на видот на факултетот во СР Македонија и СР Словенија постојат определени сличности, заеднички карактеристики, но и определени разлики. Не навлегувајќи во детална и целосна анализа овде ќе се укаже само на неколку такви карактеристики:

Постои сличност во изборот на видовите на високо образование меѓу студентите од СРМ и СР Словенија чии татковци имаат осумгодишно образование, со исклучок на позначајни разлики кај високите школи и правниот факултет кои се повеќе бирани од студентите во СРМ. Во следната категорија студенти чии татковци имаат завршено училиште за занимање мошне слична тенденција на избор постои на правниот факултет, филозофскиот, архитектонско-градежниот и високите школи; додека кај машинскиот факултет, медицинскиот, земјоделско-шумарскиот постојат поголеми разлики кои се состојат во тоа што студентите во СР Словенија од оваа група на образование на нивните татковци повеќе се застапени во нив, односно почесто ги бираат. Понатаму, поголема застапеност речиси во сите видови високо образование имаат студентите во СР Словенија во однос на студентите од СР Македонија во групата на татковци со средно-стручно образование, додека кај групата со гимназија постои речиси целосно поклопување, коинсцидирање во изборот на видот на високото образование. Слична е состојбата и во поглед на изборот на студентот на видот на факултетот

чии татковци имаат вишо образование, додека кај високото образование постои мошне слично учество на медицинскиот факултет, што е и највисоко, кај технолошкиот, економскиот и кај вишите и високите школи во кои е најниско. Сепак најголеми разлики меѓу овие две републики се сретнуваат во првата категорија "седум одделенија и помалку" каде учеството на студентите чии родители го имаат овој степен на образование во СР Македонија мошне високо се застапени речиси во сите видови високо образование во однос на студентите од СР Словенија што, секако, се објаснува со фактот дека оваа категорија на население до седум одделенија во СРМ е далеку помногубројна (што покажав во поглавјето за општествено-економскиот развој на СРМ по ослободувањето) во однос на СР Словенија.

Спомнато е дека одредени податоци покажуваат дека и во некои други социјалистички земји степенот на образование на родителите значајно влијае врз можностите да се стане студент, односно да се избере определен вид на студии. Така А. Сови и А. Жирар наведуваат емпириски податоци за Советскиот сојуз кои покажуваат дека родители со помалку од седум години основно образование имаат можност (шанси според А.С. и А.Ж.) за прием на универзитет на своите ќерки и синови 31%; од 7-9 години 53,1%; второстепено, општо-техничко 65,0%, а со високо дури 81,6%.[8/]

Покрај разгледувањето на дејствувањето одделно на занимањето и образованието на родителите и нивниот доход врз изборот на видот на високото образование, интересно е да се погледа нивното заедничко, интегрално дејство со цел да се оцени степенот на тоа влијание и "точките" врз кои тоа повеќе се изразува.

8/ Вид. Sauvy A., Girard A., Vers l'enseignement pour tours... op.cit., p. 40.

Во Табелата 37 изнесени се податоци за влијанието на социјалното потекло (мануелно - немануелно) и висината на доходот според поделбата на факултетите на: природни, технички, општествени и вишите школи посебно. Овде треба да се напомене дека со ваквото групирање на факултетите некои специ-

ТАБЕЛА - 37

СТУДЕНТИТЕ ОД ОДДЕЛНИТЕ ГРУПИ ФАКУЛТЕТИ СПОРЕД СОЦИЈАЛНОТО ПОТЕКЛО И ПРОСЕЧНИОТ МЕСЕЧЕН ДОХОД ПО ЧЛЕН НА СЕМЕЈСТВО НА СТУДЕНТИТЕ

| Социјално потекло | Просечен месечен доход по член на семејство | Групи на факултети | | | | | | Виши школи | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Природни | | Технички | | Општествени | | | | | |
| Мануелно | -до 500,00 дин. | 44 | 16,8 | 59 | 22,5 | 111 | 42,4 | 48 | 18,3 | 262 | 100,0 |
| | -500,01-1000,00 | 49 | 19,5 | 66 | 26,3 | 108 | 43,0 | 28 | 11,2 | 251 | 100,0 |
| | -1000,00 и повеќе | 13 | 24,1 | 11 | 20,4 | 26 | 48,1 | 4 | 7,4 | 54 | 100,0 |
| | - не е искаж.дох. (сем.е земјод.) | 21 | 15,9 | 36 | 27,3 | 50 | 37,9 | 25 | 18,9 | 132 | 100,0 |
| | СЕ: | 127 | 18,2 | 172 | 24,6 | 295 | 42,2 | 105 | 15,0 | 699 | 100,0 |
| Неманиелно | -до 500,00 дин. | 15 | 20,3 | 23 | 31,1 | 30 | 40,5 | 6 | 8,1 | 74 | 100,0 |
| | -500,01-1000,00 | 43 | 14,4 | 110 | 36,9 | 128 | 43,0 | 17 | 5,7 | 298 | 100,0 |
| | -1000,01 и повеќе | 45 | 15,4 | 95 | 32,4 | 146 | 49,8 | 7 | 2,4 | 293 | 100,0 |
| | - не е искаж.дох. (сем.е земјод.) | 1 | 2,0 | 12 | 36,4 | 19 | 57,6 | 1 | 3,0 | 33 | 100,0 |
| | СЕ: | 104 | 14,9 | 240 | 34,4 | 323 | 46,3 | 31 | 4,4 | 698 | 100,0 |

$X^2_{mp} = 12,36 \quad P > 0,05 \quad DF = 9 \quad C_м = 0,131$

$X^2_{н} = 14,96 \quad P > 0,05 \quad DF = 9 \quad C_н = 0,144$

фични разлики во изборот на видот на високото образование што беа истакнати во разгледувањето на нивното одделно дејство, се елиминираат, но поради големиот број вкрстени белези како зависни и независни варијабли практички би настапило разводнување на самите податоци.

Ако во целина се погледа Табелата 37 тогаш јасно се забележува дека и кај мануелните и кај немануелните групи и според доходот најмногу се бираат факултетите од општествените науки со нешто повисоко рамниште кај студентите од немануелните слоеви, најмалку вишите школи, додека техничките факултети се наоѓаат на средината помеѓу изборот на факултетите од општествените науки и изборот на факултетите од природните; кои исто така ќе разликуваат во нивото на застапеност. Без разлика, значи на доходот тенденцијата на избор на групите факултети оди во ист правец. Во таа смисла јасно покажуваат и пресметаните мерки на значајност на разликите кои зборуваат дека во рамките на мануелните занимања ($X^2$=12,36 P > 0,05; DF=9; C=0,131) не постои значајна разлика во дејствувањето на доходот при изборот на видот (групата) на високо образование, односно дека непостои цврста поврзаност меѓу доходот по член на семејство и изборот на видот на факултетот (C=0,131), што е исто и кај немануелната група ($X^2$=14,96 P > 0,05; DF=9; C=0,144).

Во последната колона на Табелата 37 се гледа дека во повисоките групи на доход има поголема застапеност на немануелните слоеви отколку на мануелните. Ако се споредат по парови од различните групи на занимање, а иста група на доход, тогаш се доаѓа до позначајни разлики меѓу групите на мануелните и немануелните слоеви. Така на пример, во категоријата до 500,00 динари студентите од мануелно потекло се определуваат за еден од факултетите од природните науки во 16,8%, а кај немануелните 20,3%; понатаму, истите студенти кај мануелните за техничките факултети се определуваат во 22,5%, а кај

немануелните во 31,1% итн. Ако на ова се додаде заклучокот што произлезе од дејствувањето на социјалната структура врз изборот на видот на високото образование јасно може да се заклучи дека разликите се мошне позначајни во дејствувањето на класно-слојната структура, односно противречноста во неа помеѓу мануелните класи и слоеви, од една страна и немануелните слоеви, од друга, отколку што е влијанието на доходот по член на семејство во рамките на овие основни социјални групи.

Ако се поврзе влијанието на социјалното потекло на студентите (мануелно и немануелно) со степенот на образование на татковците на студентите врз изборот на видот на високото образование (Табела 38) тогаш може да се констатира следното:

Вишото и високото образование на татковците на студентите со потекло од мануелните слоеви не дејствува врз из-

ТАБЕЛА - 38

СТУДЕНТИТЕ ОД ОДДЕЛНИТЕ ГРУПИ НА ФАКУЛТЕТИ СПОРЕД СОЦИЈАЛНОТО ПОТЕКЛО И СТЕПЕНОТ НА ОБРАЗОВАНИЕ НА НИВНИТЕ ТАТКОВЦИ

| Социјално потекло | Степен на образова. на татко. на студ. | Групи на факултети | | | | | | Виши школи | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Природни | | Технички | | Општествени | | | | | |
| Мануелно | -до четири одд.основ. | 41 | 15,2 | 58 | 21,6 | 123 | 45,7 | 47 | 17,5 | 269 | 100,0 |
| | -осумг.осн. | 34 | 21,1 | 35 | 21,7 | 64 | 39,8 | 28 | 17,4 | 161 | 100,0 |
| | -сред.-стр. и гимназ. | 50 | 19,0 | 77 | 29,3 | 107 | 40,7 | 29 | 11,0 | 263 | 100,0 |
| | -вишо и вис. | 2 | 33,3 | 2 | 33,3 | 1 | 16,7 | 1 | 16,7 | 6 | 100,0 |
| | СЕ: | 127 | 18,2 | 172 | 24,6 | 295 | 42,2 | 105 | 15,0 | 699 | 100,0 |
| Немануелно | -до четири одд.основ. | 3 | 15,8 | 5 | 26,3 | 11 | 57,9 | - | - | 19 | 100,0 |
| | -осумг.осн. | 8 | 11,8 | 24 | 35,3 | 34 | 50,0 | 2 | 2,9 | 68 | 100,0 |
| | -сред.-стр. и гимназ. | 31 | 11,1 | 99 | 35,5 | 126 | 45,2 | 23 | 8,2 | 279 | 100,0 |
| | -вишо и вис. | 62 | 18,7 | 112 | 33,7 | 152 | 45,8 | 6 | 1,8 | 332 | 100,0 |
| | СЕ: | 104 | 14,9 | 240 | 34,4 | 323 | 46,3 | 31 | 4,4 | 698 | 100,0 |

$X^2_м = 13,54$ $P > 0,05$ $DF=9$ $Cм = 0,137$

$X^2_н = 23,12$ $P < 0,05$ $DF=9$ $Cн = 0,179$

борот на видот на високото образование, со оглед на фактот што тоа е сосема безначајно (симболично) застапено (6), што е слично на застапеноста на најниската категорија на образование - "до и четири одделенија на основното" кај студентите од немануелно потекло (19). Останува тогаш да се споредат само двете категории "осумгодишно" и "средно-стручно образование".

Но пред да се помине на тоа споредување треба да се истакне дека помеѓу трите групи на образование на татковците на студентите од мануелно потекло не постојат значајни разлики, односно не постои цврста поврзаност меѓу степенот на образование на таткото на студентот од мануелно потекло и изборот на видот на високото образование. Ова јасно го потврдуваат Хи-квадратот ($X^2=13,54$ $P > 0,05$ $DF = 9$) и коефициентот на контигенција (См = 0,137).

Разликите, пак, во влијанието на степенот на образование на татковците на студентите во рамките на немануелната група се нешто позначајни на ниво од 0,05, а незначајни на ниво 0,01 ($X^2н = 23,12$ $P < 0,05$; $DF = 9$ и слаба поврзаност Сн=0,179). Овде повеќе разликите се јавуваат кај вишите школи што се сосем малку застапени во изборот на студентите од немануелно потекло и кај истите овие студенти при изборот на некој од општествените факултети.

Во споредба на двете основни групи мануелни и немануелни и тоа според двете категории на образование (осумгодишно и средно) се покажуваат на виделина позначајни разлики. Имено, студентите од мануелно потекло чии родители имаат осумгодишно училиште еден од факултетите од природните науки бираат во 21,1%, додека нивните колеги од немануелно потекло

тоа го прават речиси два пати помалку (11,8%); понатаму, овие студенти од мануелно потекло техничките факултети ги бираат во 21,7%, додека истите студенти од немануелно потекло овие факултети ги бираат знатно повеќе - во 35,3%; студентите од мануелно потекло чии родители имаат осумгодишно образование во 39,8% ги бираат факултетите од општествените науки, а истите студенти од немануелно потекло во 50,0% и на крајот првите студенти вишите школи ги бираат во 17,4% што е значајно во однос на вторите (2,9%). Слична е состојбата и при споредбата меѓу студентите од мануелно и немануелно потекло чии родители имаат средно образование.

Од ова, а и од претходните анализи за влијанието на социјалната структура врз изборот на видот на факултетот може да се заклучи дека разликите во дејствувањето на социјалното потекло или социјалната структура на студентите се многу позначајни и поизразени меѓу мануелните класи и слоеви, од една страна и немануелните слоеви, од друга, отколку што нив ги диференцира степенот на образование на нивните родители во рамките на првата или втората социјална група.

Впрочем, просечниот доход по член на семејство и степенот на образование на родителите на студентите се нераздели компоненти на социјалната структура и социјалното потекло на студентите и нивното дејство е вградено во целината што јасно покажа и анализата на нивното одделно влијание и анализата на влијанието на социјалната структура, во целина земено, врз изборот на видот на високото образование: таквото влијание на социјалната структура се изразува во вид на определена општествена законитост чии составни и нераздели компоненти не излегуваат од нејзините рамки.

Во оваа смисла како потврда можат да послужат и податоците изнесени во Табелата 39.

ТАБЕЛА - 39

СТУДЕНТИТЕ ОД ОДДЕЛНИТЕ ГРУПИ ФАКУЛТЕТИ СПОРЕД НИВНОТО СОЦИЈАЛНО ПОТЕКЛО И НИВНИОТ УСПЕХ ВО СРЕДНОТО УЧИЛИШТЕ

| Социјално потекло | Успех во средното училиште | Групи на факултети | | | | | | Виши школи | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Природни | | Технички | | Општествени | | | | | |
| Мануелно | -одличен | 37 | 28,0 | 45 | 34,1 | 46 | 34,9 | 4 | 3,0 | 132 | 100, |
| | -мн.добар | 27 | 16,6 | 56 | 34,3 | 61 | 37,4 | 19 | 11,7 | 163 | 100, |
| | -добар | 48 | 17,7 | 60 | 22,2 | 113 | 41,7 | 50 | 18,4 | 271 | 100, |
| | -доволен и со поправен | 15 | 11,3 | 11 | 8,3 | 75 | 56,4 | 32 | 24,0 | 133 | 100, |
| | СЀ: | 127 | 18,2 | 172 | 24,6 | 294 | 42,2 | 105 | 15,0 | 699 | 100, |
| Немануелно | -одличен | 50 | 27,6 | 64 | 35,4 | 63 | 34,8 | 4 | 2,2 | 181 | 100, |
| | -мн.добар | 25 | 14,8 | 65 | 38,5 | 73 | 43,2 | 6 | 3,5 | 169 | 100, |
| | -добар | 18 | 7,4 | 84 | 24,4 | 130 | 53,3 | 12 | 4,9 | 244 | 100, |
| | -доволен и со поправен | 11 | 10,6 | 27 | 26,0 | 57 | 54,8 | 9 | 8,6 | 104 | 100, |
| | СЀ: | 104 | 14,9 | 240 | 34,4 | 323 | 46,3 | 31 | 4,4 | 698 | 100, |

$X^2 = 69,15$ $P < 0,001$ $DF = 9$ $C = 0,300$

$X^2 = 49,56$ $P < 0,001$ $DF = 9$ $C = 0,257$

Во оваа табела влијанието на социјалното потекло е поврзано со влијанието на успехот во средното училиште врз изборот на видот на високото образование и веднаш се покажуваат двата вида значајни разлики: 1) разлики помеѓу мануелното социјално потекло и немануелното, посматрајќи ја во целина табелата и 2) значајните разлики под влијанието на успехот врз изборот на видот на високото образование во рамките и на мануелната и немануелната социјална група. Разликите во

рамките на двете групи се значајни во поделбата помеѓу студентите со одличен и многу добар успех во средното училиште, од една страна и студентите од добар и доволен успех, од друга страна. Првата група студенти најповеќе ги бираат техничките и општествените факултети, помалку природните науки, а сосема незнатно вишите школи, додека, пак, студентите со добар и доволен успех далеку повеќе ги бираат општествените науки, речиси над половината, за двапати помалку техничките, а далеку помалку природните науки и нешто поизразен избор на вишите школи кај студентите од мануелно потекло и симболична застапеност во нив на овие студенти од немануелно потекло.

Пресметаните Хи-квадрати за двете групи на социјално потекло и коефициентите на контигенција јасно потврдуваат дека постојат значајни разлики и поврзаност меѓу успехот на студентот во средното училиште и изборот на видот на високото образование во двете социјални групи (мануелни и немануелни) со таа разлика што тие разлики и поврзаност се поизразени кај студентите од мануелно потекло, отколку кај студентите од немануелно потекло.

Во анкетата беше поставено и прашањето за основните причини што влијаеле врз изборот на видот на факултетот, високата или вишата школа. Прашањето е од отворен тип и одговорите се изнесени во следната Табела 40.

На поставеното прашање од вкупниот број анкетирани студенти (1.450) - 844 или 60,3% одговорија дека факултетот што го избрале ги "привлекува", односно одлуката ја донеле самостојно според својата волја и интерес. Спореден овој одговор според социјалната структура на студентите се покажува

ТАБЕЛА - 40

## ОСНОВНИТЕ ПРИЧИНИ КОИ ВЛИЈАЕЛЕ ВРЗ ИЗБОРОТ НА ФАКУЛТЕТОТ СПОРЕД СОЦИЈАЛНАТА СТРУКТУРА

| Основни причини / Социјална структура | Обезбедување на материјал. егзистен. | Овој факултет ме привлекува | Просторната близина на факултетот | Подобрата перспект. по заврш. на ов.фак. | Полесно и побрзо вработување | Претходно завршеното средно стр. училиште | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Работници | 11,1<br>55 | 52,6<br>200 | 3,3<br>16 | 7,9<br>39 | 15,0<br>74 | 10,1<br>50 | 100<br>494 |
| Земјоделци | 13,9<br>22 | 54,1<br>86 | 5,0<br>8 | 11,3<br>18 | 9,4<br>15 | 6,3<br>10 | 100<br>159 |
| Администрација | 7,4<br>9 | 63,6<br>77 | 3,3<br>4 | 14,1<br>17 | 9,1<br>11 | 2,5<br>3 | 100<br>121 |
| Стручњаци со средно образование | 6,5<br>13 | 63,3<br>126 | 5,5<br>11 | 9,1<br>18 | 11,6<br>23 | 4,0<br>8 | 100<br>199 |
| Стручњаци со високо образование | 3,3<br>8 | 72,2<br>177 | 8,2<br>20 | 7,8<br>19 | 6,9<br>17 | 1,6<br>4 | 100<br>245 |
| Раководители | 6,8<br>9 | 68,2<br>90 | 6,8<br>9 | 10,6<br>14 | 4,6<br>6 | 3,0<br>4 | 100<br>132 |
| Друго | 11,0<br>11 | 58,0<br>58 | 3,0<br>3 | 4,0<br>4 | 14,0<br>14 | 10,0<br>10 | 100<br>100 |
| СЕ: | 8,8<br>127 | 60,3<br>847 | 4,9<br>71 | 8,9<br>129 | 11,0<br>160 | 6,1<br>89 | 100<br>1,450 |

$X^2 = 98,54$ $P < 0,001$ $DF = 30$ $C = 0,252$

дека ваква одлука донеле во 72,2% студенти од слојот на стручњаци со високо образование од нивниот вкупен број (245); потоа, 68,2% студенти со потекло од раководниот слој и речиси подеднакво студентите од слоевите на администрација и стручњаци со средно образование. Знатно помалку во однос на нив, но сепак мошне високо во однос на другите фактори кои влијаеле врз изборот на соодветниот вид високо образование, се наоѓаат работниците и земјоделците (52,6%, односно 54,1%).

Од другите причини кои влијаеле врз изборот на факултетот позначајни се: кај студентите од слојот на администрацијата и стручњаците со високо образование "подобрата перспектива со завршувањето на овој факултет", и "полесното и побрзо вработување со завршувањето на овој факултет" кај студентите од работничко потекло (15%) и "обезбедување на материјалната егзистенција" кај студентите од земјоделско потекло (13,9%) и студентите од работничко потекло (11,1%).

Посматрајќи ги мерките на значајност на разликите и поврзаност меѓу социјалната структура на студентите и причините што влијаеле за избор на соодветниот вид на високо образование кои се дадени под Табелата 40 може да се констатира дека постои значајно влијание врз причините за одлучување, односно разликите што се јавуваат меѓу студентите во тој поглед имаат класно-слојна основа.

### в) Влијанието на други чинители врз изборот на видот на високото образование

Претходно е веќе истакнато дека врз изборот на видот на високото образование покрај влијанието на социјалната структура влијаат и други чинители кои на одреден начин се

наоѓаат во поширокиот контекст на детерминистичкиот сплет на социјални фактори. Од тие многубројни фактори или чинители овде ќе се анализира влијанието на: регионалното потекло на студентите (Скопје, друг град, село), видот на средното образование, успехот на студентите во средното образование и половата структура на студентите.

Податоците за регионалното потекло на редовните студенти во СР Македонија според видот на високото образование се изложени во Табелата 41. Оваа табела исто така може да се посматра од два аспекти: од аспект на регионалното потекло и од аспект на видот на високото образование.

Ако се тргне од првиот аспект тогаш можат да се извлечат следните констатации:

1. Студентите чие постојано место на живеење е Скопје, како универзитетски центар во СР Македонија, во изборот на видот на факултетот најповеќе и значајно надпросечно од вкупниот избор на студентите речиси подеднакво се ориентираат на архитектонско-градежниот (17,9%), економскиот (17,7%) и електро-машинскиот (17,0%), а најмалку на високите и вишите школи (4,8%), како и на природно-математичкиот, земјоделско-шумарскиот и технолошко-металуршкиот факултет (5,8%).

2. Студентите од друг град од нивниот вкупен број (656) речиси подеднакво ги бираат високите и вишите школи (19,7%) и правниот факултет (19,5%), а знатно помалку филозофско-филолошките факултети (6,5%) и технолошко-металуршкиот факултет (6,7%).

3. Студентите од селско потекло најмногу се определуваат за некоја висока или виша школа (22,9%); потоа, за правниот факултет (15,0%), па за природно-математичкиот (14,3%), а најмалку за технолошко-металуршкиот и архитектонско-градежниот (4,7%) па и медицинскиот (5,9%).

Доколку анализата се изврши од аспект на видот на факултетот веднаш паѓаат вочи следните факти: на правниот факултет доминираат студентите од друг град (54,9%), што е донекаде разбирливо поради постоењето на правен факултет и во Битола, потоа студентите од Скопје, а знатно помалку студентите од село (16,3%). На економскиот факултет најзастапени се студентите од Скопје, па потоа студентите од друг град и знатно помалку од село; на филозофскиот и филолошкиот пак се најзастапени студентите од Скопје кои со своето учество многу значајно отскокнуваат од студентите од друг град и од село како и на архитектонско-градежниот (62,2%) и електро-машинскиот (49,7%), додека пак студентите од друг град покрај правниот најзастапени се уште во високите и вишите школи (60,6%) и технолошко-металуршкиот факултет (50,6%) и студентите од село позастапени се на природно-математичкиот и земјоделско-шумарскиот факултет (27,9%) и високите и вишите школи (27,2%), а најмалку на архитектонско-градежниот факултет (7,7%).

Овие согледувања на влијанието на постојното место на живеење на студентите врз изборот на видот на високото образование ги потврдуваат Хи-квадратот на високо рамниште на значајност $P < 0,001$ $X^2 = 154,74$) и коефициентот на контигенција (C = 0,310) за постоење на причинско-последична поврзаност меѓу регионалното потекло (постојаното место на живеење) на студентот и изборот на видот на високото образование

ТАБЕЛА 41

## ПОСТОЈАНО МЕСТО НА ЖИВЕЕЊЕ НА СТУДЕНТИТЕ СПОРЕД ВИДОТ НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

| Вид на високото образование / Посто-јано место на живеење | Правен | Економ-ски | Филозоф-ски и Филолош-ки | Природ-но-мате-матички и Земјо-делско-шумарски | Медицин-ски | Архитек-тонско-градежен | Електро-машин-ски | Техноло-шко-ме-талуршки | Високи и виши школи | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Скопје | 12,4<br>67<br>28,8 | 17,7<br>96<br>45,9 | 11,3<br>61<br>46,9 | 5,7<br>31<br>24,0 | 7,4<br>40<br>37,0 | 17,9<br>97<br>62,2 | 17,0<br>92<br>49,7 | 5,8<br>31<br>35,6 | 4,8<br>26<br>12,2 | 100,0<br>541<br>37,3 |
| Друг град | 19,5<br>128<br>54,9 | 13,0<br>85<br>40.7 | 6,5<br>43<br>33,1 | 9,4<br>62<br>48,1 | 8,1<br>53<br>49,1 | 7,2<br>47<br>30,1 | 9,9<br>65<br>35,1 | 6,7<br>44<br>50,6 | 19,7<br>129<br>60,6 | 100,0<br>656<br>45,2 |
| Село | 15,0<br>38<br>16,3 | 11,1<br>28<br>13,4 | 10,3<br>26<br>20,0 | 14,3<br>36<br>27,9 | 5,9<br>15<br>13,9 | 4,7<br>12<br>7,7 | 11,1<br>28<br>15,2 | 4,7<br>12<br>13,8 | 22,9<br>58<br>27,2 | 100,0<br>253<br>17,5 |
| СЕ: | 16,0<br>233<br>100,0 | 14,4<br>209<br>100,0 | 9,0<br>130<br>100,0 | 8,9<br>129<br>100,0 | 7,4<br>108<br>100,0 | 10,8<br>156<br>100,0 | 12,8<br>185<br>100,0 | 6,0<br>87<br>100,0 | 14,7<br>213<br>100,0 | 100,0<br>1.450<br>100,0 |

$X^2 = 154,74$   $P < 0,001$   $DF = 16$   $C = 0,310$

како зависна варијабла, со што се потврдува и теориски поставената хипотеза.

Врз изборот на видот на високото образование мошне значајно влијае и видот на завршеното средно образование. Во спомнатото истражување на средношколската младина утврдив дека видот на средното училиште значајно влијае врз аспирациите или намерите на средношколската младина за запишување на вишото или високото образование. Имено, учениците од училиштата за квалификувани работници во 83,7% не помислуваат (немаат намера) да го продолжат школувањето, додека од вкупниот број ученици во средно-технички училишта такви намери немаат само 36,9%, а учениците во гимназиите (9,2%), т.е. за четири пати помалку од нив, а за над девет пати помалку од учениците во училиштата за квалификувани работници.

Учениците од средно-техничките училишта кои се определиле да го продолжат школувањето претежно имаат намера да изберат еден од техничките факултети, додека гимназијалците речиси подеднакво имаат намера да продолжат на еден од факултетите на општествените науки (32,3%) или на еден од техничките факултети (33,1%).[9/]

Ваквите тенденции во намерите за продолжување на учењето на високото образование и воопшто за влијанието на видот на завршеното средно образование го потврдуваат и податоците за дипломираните студенити на Универзитетот "Кирил и Методиј" во учебната 1973/74 година, а се запишале пред и во учебната 1970/71 година (Табела 42).

9/ Вид. Георгиевски м-р Петре, Социјалното потекло... оп. цит., с. 203.

ТАБЕЛА 42

ВИДОТ НА ЗАВРШЕНОТО СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ СПОРЕД ВИДОТ НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ НА ДИПЛОМИРАНИТЕ СТУДЕНТИ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ "КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ, 1973/74 ГОДИНА

| Вид на високо образование / Вид на завршено сред.образов. | Општествено-хуманитарни | | Природно-мат. Земјо.-шумар. | | Медицински | | Техничко-технолош. | | Вкупн |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | N | % | N | % | N | % | N | % | N |
| - Нема завршено средно образ. | 1 | - | - | - | - | - | - | - | - |
| - Училиште за КВ и ВКВ раб. | - | - | - | - | - | - | 1 | - | 1 |
| - Средно-струч. | 145 | 38,7 | 116 | 30,9 | 15 | 4,0 | 99 | 26,4 | 375 |
| - Гимназија | 411 | 48,5 | 136 | 16,1 | 113 | 13,3 | 187 | 22,1 | 847 |
| - Виша школа | 63 | 82,9 | 13 | 17,1 | - | - | - | - | 76 |
| - Друго | 6 | - | 4 | - | - | - | - | - | 10 |
| СЀ: | 626 | 47,8 | 269 | 20,5 | 128 | 9,8 | 287 | 21,9 | 1310 |

ИЗВОР: Самостојна рачна обработка на студентските картони за дипломираните студенти на Универзитетот "Кирил и Методиј" во Скопј

Податоците од горнава табела јасно покажуваат дека на универзитетот (овде не се опфатени вишите школи) речиси целосно се запишуваат само ученици кои звршиле гимназија (847) и средно стручно (347). Училиштата за квалификувани работници и покрај тоа што се формално-правно изедначени со средностручните училишта и гимназиите, сепак тие и општествено и образовно *de facto* се диференцирани и не овозможуваат доволно успешно студирање. Тоа го покажа и практиката во последните три учебни години кога и тие ученици со помош на "благ" приемен испит се запишуваа на некои факултети, пред сѐ на факултетите за општествени науки меѓу кои особено на филозофскиот,

но обично, во најголемиот број брзо отстапуваа од намерата за студирање после првите неуспеси или, пак, сѐ уште се само формално студенти.

Меѓу студентите од средно-стручните училишта и оние кои завршиле гимназија во изборот на видот на факултетот постојат значајни разлики: така на пример, средно-стручните поеднaчено ги бираат факултетите со исклучок на медицинскиот но најмногу се ориентираат кон општествените (38,7%), па потоа кон природно-математичкиот и земјоделско-шумарскиот (30,9%), додека студентите кои зврпшиле гимназија уште позначајно (речиси половината) се определуваат да студираат на некој од факултетите од општествените науки (48,5%), а знатно помалку (два пати) за природно-математичкиот или земјоделско-шумарскиот факултет (16,1%), но истовремено позначајно го бираат медицинскиот факултет (13,3%) во однос на оние што завршиле средно-стручно училиште (4,0%). Студентите со завршена виша школа веројатно се оние студенти што завршиле педагошка академија, па го продолжуваат школувањето на еден од наставничките факултети - филозофскиот, филолошкиот или природно-математичкиот. Но нивниот број не е толку голем.

Од сето ова може да се заклучи дека и видот на завршеното средно училиште влијае врз изборот на видот на факултетот, односно високото образование.

Но, не влијае само видот на завршеното средно образование во изборот на видот на високото образование туку и успехот во ова училиште. Податоците за ова се изнесени во Табелата 43.

ТАБЕЛА - 43

## УСПЕХОТ НА СТУДЕНТИТЕ ВО ЗАВРШЕНОТО СРЕДНО УЧИЛИШТЕ СПОРЕД ВИДОТ НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Пописен лист СТ - 1

| Вид на висок. образов. / Успех во сред. училиш. | Правен | Економски | Филозофски | Филолошки | Природ. матем. | Медицински | Земјод. шумарс. | Архите. градеж. | Елект. машин. | Технол. металу. | Високи школи | Виши школи | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Доволен | 22,6<br>1.007<br>23,8 | 15,5<br>687<br>18,1 | 6,8<br>302<br>22,1 | 2,6<br>115<br>11,7 | 3,0<br>134<br>11,6 | 0,4<br>19<br>0,9 | 7,2<br>317<br>26,3 | 5,4<br>241<br>8,5 | 7,1<br>316<br>9,4 | 3,6<br>161<br>10,3 | 8,4<br>372<br>30,5 | 17,4<br>775<br>29,1 | 100<br>4.446<br>16,9 |
| Добар | 18,5<br>1.783<br>42,1 | 13,1<br>1.259<br>33,2 | 6,0<br>575<br>42,1 | 4,2<br>400<br>40,8 | 4,3<br>410<br>35,7 | 2,2<br>216<br>11,0 | 6,0<br>574<br>47,7 | 11,5<br>1.114<br>39,2 | 11,3<br>1.092<br>32,5 | 5,5<br>533<br>34,0 | 4,6<br>448<br>36,8 | 12,8<br>1.236<br>46,5 | 100<br>9.640<br>36,6 |
| Многу добар | 13,2<br>828<br>19,6 | 14,3<br>902<br>23,8 | 5,1<br>321<br>23,5 | 4,3<br>268<br>27,3 | 5,0<br>314<br>27,3 | 7,5<br>476<br>24,2 | 3,5<br>223<br>18,5 | 13,8<br>870<br>30,6 | 15,8<br>992<br>29,5 | 6,8<br>426<br>27,2 | 3,2<br>203<br>16,7 | 7,5<br>470<br>17,7 | 100<br>6.293<br>23,9 |
| Одличен | 9,0<br>467<br>11,0 | 14,2<br>734<br>19,3 | 2,5<br>129<br>9,5 | 3,3<br>168<br>17,2 | 4,9<br>256<br>22,3 | 23,4<br>1.211<br>61,5 | 1,4<br>75<br>6,2 | 11,1<br>574<br>20,2 | 18,0<br>929<br>27,6 | 8,2<br>426<br>27,2 | 1,3<br>68<br>5,6 | 2,7<br>137<br>5,2 | 100<br>5.174<br>19,7 |
| Нема средно образов. и б.о. | 18,9<br>148<br>3,5 | 26,8<br>210<br>5,6 | 4,8<br>38<br>2,8 | 3,7<br>29<br>3,0 | 4,5<br>35<br>3,1 | 6,1<br>48<br>2,4 | 1,9<br>15<br>1,3 | 5,2<br>41<br>1,5 | 4,1<br>32<br>1,0 | 2,6<br>20<br>1,3 | 16,2<br>127<br>10,4 | 5,2<br>41<br>1,5 | 100<br>784<br>2,9 |
| ВКУПНО: | 16,1<br>4.233<br>100 | 14,4<br>3.792<br>100 | 5,2<br>1,365<br>100 | 3,7<br>980<br>100 | 4,3<br>1,150<br>100 | 7,5<br>1,970<br>100 | 4,6<br>1,204<br>100 | 10,8<br>2.840<br>100 | 12,8<br>3.361<br>100 | 5,9<br>1.566<br>100 | 4,6<br>1.218<br>100 | 10,1<br>2,659<br>100 | 100<br>26.338<br>100 |

Ако оваа табела се анализира по редови, т.е од аспект на успехот во средното училиште, тогаш можеме да го констатираме следното:

1. Од вкупниот број студенти кои средното училиште го завршиле со доволен успех (4.446), најмногу се определиле да студираат правен факултет (22,6%); потоа, некоја виша школа (17,4%), па и економски факултет (15,5%), а најмалку или речиси незначајно медицински факултет.

2. Мошне слична тенденција се јавува кај студентите со добар успех кои исто така повеќе се насочуваат да студираат на правниот, економскиот и на некоја виша школа, а најмалку на медицинскиот.

3. Почнувајќи со категоријата на успех "многу добар", сликата почнува да се менува така што најповеќе се преферира електро-машинскиот факултет (15,8%), економскиот (14,3%), архитектонско-градежниот (13,8%), па и правниот факултет, а најмалку некоја висока школа (3,2%) и земјоделско-шумарскиот факултет (3,5%).

4. Студентите кои средното училиште го завршиле со одличен успех најповеќе го бираат медицинскиот факултет (23,4%); потоа,електро-машинскиот (18,0%) и економскиот (14,2%), а најмалку некоја висока школа (1,3%), земјоделско-шумарскиот (1,4%), филозофскиот, филолошкиот и вишите школи.

Доколку пак, Табелата 43 се посматра од аспект на видот на високото образование, тогаш ќе се види дека на правниот факултет најзастапени се студентите со добар успех во средното училиште (42,1%), на економскиот со добар и многу добар успех, на филозофскиот со добар и подеднакво со доволен и

многу добар, додека на медицинскиот има најмногу одлични (61,5%) кој со многудобрите (24,5%) има студенти со најуспешно завршени средношколци со оглед на селективниот механизам при запишување на овој факултет. Многудобрите и одличните преку половината студенти имало и на архитектонско-градежниот, електро-машинскиот и технолошко-металуршкиот, а спротивно на нив студенти со доволен и добар успех речиси над две третини имаат високите и вишите школи и земјоделско-шумарскиот факултет.

Од оваа анализа може јасно да се заклучи дека успехот на студентите во средното образование е значаен чинител што врши силно влијание врз изборот на видот на високото образование.

Што се однесува до влијанието на полот на студентите врз изборот на видот на високото образование веќе е истакнато во поглавјето за развојот на високото образование во СР Македонија дека женската студентска младина од година во година го зголемува своето учество во вкупниот број на студентите, достигнувајќи 40%, додека на определени факултети таа е во мнозинство.

Во оваа насока зборуваат и податоците изнесени во Табелата 44 и кои го покажуваат влијанието на полот на студентот врз изборот на видот на факултетот, односно високото образование.

Ако се погледаат податоците во редовите на оваа табела машката студентска младина најповеќе ги бира електро-машинскиот факултет (18,8%), потоа речиси подеднакво правниот,

ТАБЕЛА - 44

## ВИДОТ НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ СПОРЕД ПОЛОТ НА РЕДОВНИТЕ СТУДЕНТИ

| Вид на образован. / Пол | Правен | Економски | Филозофски | Филолошки | Природ. матем. | Медицински | Земјод. шумарс. | Архите. градеж. | Елект. машин. | Технол. металу. | Високи школи | Виши школи | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Машки | 13,8<br>125<br>53,6 | 13,4<br>121<br>57,9 | 3,0<br>27<br>35,5 | 1,7<br>15<br>27,8 | 3,2<br>29<br>46,0 | 5,5<br>50<br>46,3 | 6,3<br>57<br>86,4 | 13,2<br>119<br>76,3 | 18,8<br>170<br>91,9 | 6,1<br>55<br>63,2 | 3,6<br>33<br>49,3 | 11,5<br>104<br>71,2 | 100,0<br>905<br>62,4 |
| Женски | 19,8<br>108<br>46,4 | 16,2<br>88<br>42,1 | 9,0<br>49<br>64,5 | 7,2<br>39<br>72,2 | 6,2<br>34<br>54,0 | 10,6<br>58<br>53,7 | 1,6<br>9<br>13,6 | 6,8<br>37<br>23,7 | 2,8<br>15<br>8,1 | 5,9<br>32<br>36,8 | 6,2<br>34<br>50,7 | 7,7<br>42<br>28,8 | 100,0<br>545<br>37,6 |
| СЀ: | 16,1<br>233<br>100,0 | 14,4<br>209<br>100,0 | 5,2<br>76<br>100,0 | 3,7<br>54<br>100,0 | 4,3<br>63<br>100,0 | 7,5<br>108<br>100,0 | 4,5<br>66<br>100,0 | 10,8<br>156<br>100,0 | 12,8<br>185<br>100,0 | 6,0<br>87<br>100,0 | 4,6<br>67<br>100,0 | 10,1<br>164<br>100,0 | 100,0<br>1,450<br>100,0 |

$X^2 = 154,30$ $P < 0,001$ $DF = 8$ $C = 0,310$

НАПОМЕНА: При пресметнувањето на X-квадратот споени се колоните: 3 и 4; 5 и 7 и 11 и 12.

економскиот и архитектонско-градежниот, а најмалку филолошкиот. Женската студентска младина повеќе од машката се определува за студирање на правниот (19,8%, економскиот (16,2%), па и медицинскиот (10,6%), а знатно помалку на електро-машинскиот (2,8%) и земјоделско-пумарскиот (1,6%), што е тесно сврзано со природата на работа по завршувањето на овој вид студии.

Во однос на половата структура по факултети женската младина преовладува )повеќе од 50% е застапена) на следните факултети: филолошкиот (72,2%), филозофскиот (64,5%), природно-математичкиот (54,0%), медицинскиот (53,7%) па и високите школи (50,7%). Оваа младина најслабо е застапена во структурата на: електро-машинскиот факултет (8,1%) и на земјоделско-шумарскиот (13,6%).

Овие податоци и пресметаните мерки за значајноста на разликите ($X^2=154,30 \quad P < 0,001$) и за поврзаноста меѓу полот како независна варијабла и видот на високото образование како зависна варијабла (C=0,310) јасно укажуваат на мошне значајното влијание на половата структура на студентите врз изборот на видот на високото образование.

### г) Влијанието на социјалната структура врз првото размислување на студентот и донесувањето на конечната одлука за избор на соодветниот факултет

Во теориската рамка на истражувањето беше истакнато дека социјалната структура врши влијание врз целокупниот процес на социјализација на индивидуата, па соодветно на тоа и врз првото раќмислување на децата и младината и врз перио-

дот на конечната одлука за избор на определен вид високо образование. Во оваа смисла беа формулрани следните две хипотези:

- социјалната структура влијае врз првото размислување за идната професија на ученикот односно за изборот на видот на високото образование така што тоа влијание многу порано се изразува кај немануелните слоеви отколку кај мануелните,

- социјалната структура влијае врз конечната одлука за студирање во изборот на видот на студиите на тој начин што таа одлука порано се донесува од страна на студентите од немануелно потекло, отколку од страна на студентите од мануелно потекло.

Податоците за проверка на првата хипотеза се изнесени во Табелата 45.

Овие податоци, општо земено, јасно покажуваат дека без разлика на класно-слојната припадност на студентите првото размислување за студирање за избраниот факултет го имале во текот на школувањето во средното училиште. Најповеќе во овој период на школување прв пат размислувале за видот на идните студии студентите од слојот на раководителите (40,1%), а релативно помалку студентите од слојот на стручњаци со високо образование (33,9%), а студентите од другите слоеви се движат во овие рамки и како што се гледа суштински не се разминуваат.

Меѓутоа, тие суштински не се разликуваат за првото размислување за избор на соодветниот факултет ниту во другите периоди: така во периодот на осумгодишното училиште процентот се движи од 22,9% кај слојот на стручњаци со високо образова-

ТАБЕЛА - 45

ПЕРИОДОТ КОГА СТУДЕНТОТ ПРВ ПАТ РАЗМИСЛУВАЛ ДА СЕ ЗАПИШЕ НА СООДВЕТНИОТ ФАКУЛТЕТ СПОРЕД СОЦИЈАЛНАТА СТРУКТУРА НА СТУДЕНТИТЕ

| Период на размислување на студентот / Социјална структура | Во текот на осумгодишното училиште | Пред запишување во средно училиште | Во текот на школувањето во средно учил. | По завршувањето на средно училиш. | Пред самото запишување на факултет | Вку |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Работници | 17,8<br>88 | 8,1<br>40 | 34,2<br>169 | 18,6<br>92 | 21,3<br>105 | 1<br>49 |
| Земјоделци | 16,4<br>26 | 9,4<br>15 | 37,7<br>60 | 15,1<br>24 | 21,4<br>34 | 1<br>15 |
| Администрација | 14,9<br>18 | 5,0<br>6 | 38,0<br>46 | 19,0<br>23 | 23,1<br>28 | 1<br>12 |
| Стручњаци со сред. образование | 23,1<br>46 | 8,5<br>17 | 33,7<br>67 | 13,6<br>27 | 21,1<br>42 | 1<br>19 |
| Стручњаци со високо образование | 22,9<br>56 | 7,3<br>18 | 33,9<br>83 | 21,6<br>53 | 14,3<br>35 | 1<br>24 |
| Раководители | 14,4<br>19 | 6,1<br>8 | 40,1<br>53 | 21,2<br>28 | 18,2<br>24 | 1<br>13 |
| Друго | 19,0<br>19 | 8,0<br>8 | 37,0<br>37 | 16,0<br>16 | 20,0<br>20 | 1<br>10 |
| СÈ: | 18,8<br>272 | 7,7<br>112 | 35,5<br>515 | 18,1<br>263 | 19,9<br>288 | 1<br>1.45 |

$X^2 = 23,04$ $P > 0,05$ $DF = 24$ $C = 0,125$

ние што е и највисоко во оваа категорија до 14,4% кај раководниот слој, а сите други се меѓу овие два распона. Необично е што пред запишувањето во средното училиште кога често пати се определува и идната животна професија, т.е. и видот на високото образование, како што покажа и претходната анализа за

влијанието на видот на завршеното средно образование врз изборот на видот на високото образование, мошне најмалку се разликувало за изборот на видот на студиите без значајност на социјалното потекло и тој процент се движи од 9,4% кај студентите од земјоделско потекло па до 5,0% кај слојот на администрација.

И последната колона "прв пат размислував пред самото запишување на факултетот" според нивото на определување е мошне слична на првата колона "во текот на осумгодишното училиште" и се движи од 23,1% кај слојот на администрацијата па до 14,3% кај слојот на стручњаци со високо образование, но и тука нема позначајни разлики меѓу студентите од различните општествени класи и слоеви.

Хи-квадрат тестот ($X^2$=23,04 $P > 0,05$ DF = 24) покажува дека меѓу социјалната структура на студентите како независна варијабла и првото размислување на студентите за изборот на видот на високото образование не постојат значајни разлики, односно не постои причинско-последична поврзаност меѓу овие појави што го потврдува и коефициентот на контигенција (C = 0,125).

Значајни разлики не се пронајдени ниту при поврзувањето на слојната структура на работничката класа (НКВ и ПКВ, КВ и ВКВ работници) и првото размислување на студентот за избор на соодветниот факултет ($X^2$ = 8,51 $P > 0,05$; DF = 8; C = 0,130) ниту во комбинираното дејство на независните варијабли и тоа: социјалното потекло (мануелно и немануелно) и степенот на образование на таткото на студентот врз првото размислување за избор на соодветниот факултет ($X^2_м$ = 13,24 $P > 0,05$ DF = 15; Cм = 0,136; $X^2_н$ = 13,46 $P > 0,05$ DF=15;

Сн=0,137); уште помалку кај поврзувањето меѓу социјалното потекло и просечниот месечен доход по член на семејство ($X^2_М$ = 4,47 P > 0,05 DF = 12 См = 0,079; $X^2_Н$ = 7,96 P > 0,05 DF = 12; Сн= 0,106), ниту кај поврзаноста меѓу просечниот доход по член на семејство и степенот на образование на таткото на студентот, па дури и ни меѓу поврзаноста меѓу социјалното потекло и успехот во средното училиште ($X^2_М$ = 20,43 P > 0,05 DF = 12 Сн = 0;168; $X^2_Н$ = 13,48 P > 0,05 DF=12 Сн = 0,137).

Од ова може јасно да се констатира: врз основа на анализата на емпириските податоци неможе да се прифати хипотезата дека социјалната структура значајно влијае врз првото размислување за идната професија на ученикот односно за изборот на видот на високото образование.

Меѓутоа, оваа хипотеза треба и понатаму да се проверува во идните слични истражувања и тоа не само преку анкета, на студентите туку и преку разговори со нивните родители со што би можеле да се откријат и причините за ова, т.е. кога таа повторно не би се потврдила.

Податоците за влијанието на социјалната структура на студентите врз периодот на нивната конечна одлука за избор на соодветниот вид на високо образование се изнесени во Табелата 46.

Веднаш кога ќе се погледни Табелата 46 паѓа вочи поврзаноста и сличноста со податоците изнесени во претходната Табела 45. Донесувањето на конечна одлука претежно, речиси над половината од сите избори паѓа во периодот на непосредното завршување на средното образование (24,9%) и непосредно

ТАБЕЛА - 46

ПЕРИОДОТ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА КОНЕЧНА ОДЛУКА ЗА СТУДИРАЊЕ НА СООДВЕТНИОТ ФАКУЛТЕТ ОДНОСНО ВИША ШКОЛА СПОРЕД СОЦИЈАЛНАТА СТРУКТУРА НА СТУДЕНТИТЕ

| Период кога е донесена одлуката / Социјална структура | Во текот на осумгодишното училиште | Пред запишување во средното училиште | Во текот на првите две години од сред.учил. | Непосредно по завршувањето на сред.учил. | Непосредно пред запишувањето на овој фа. | Друго | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Работници | 5,5<br>27 | 3,2<br>16 | 10,1<br>50 | 25,7<br>127 | 26,9<br>133 | 28,6<br>141 | 100<br>494 |
| Земјоделци | 6,9<br>11 | 1,9<br>3 | 7,5<br>12 | 20,8<br>33 | 32,1<br>51 | 30,8<br>49 | 100<br>159 |
| Администрација | 2,5<br>3 | 4,9<br>6 | 9,1<br>11 | 27,3<br>33 | 25,6<br>31 | 30,6<br>37 | 100<br>121 |
| Стручњаци со средно образование | 4,0<br>8 | 6,0<br>12 | 9,6<br>19 | 26,1<br>52 | 25,6<br>51 | 28,7<br>57 | 100<br>199 |
| Стручњаци со високо образование | 7,3<br>18 | 4,5<br>11 | 9,4<br>23 | 20,8<br>51 | 29,8<br>73 | 28,2<br>69 | 100<br>245 |
| Раководители | 6,0<br>8 | 3,0<br>4 | 7,6<br>10 | 25,0<br>33 | 32,6<br>43 | 25,8<br>34 | 100<br>132 |
| Друго | 5,0<br>5 | 5,0<br>5 | 7,0<br>7 | 32,0<br>32 | 25,0<br>25 | 26,0<br>26 | 100<br>100 |
| СЕ: | 5,5<br>80 | 3,9<br>57 | 9,1<br>132 | 24,9<br>361 | 28,1<br>407 | 28,5<br>413 | 100<br>1.450 |

$X^2 = 22,19$ $P > 0,001$ $DF = 30$ $C = 0,122$

пред запишувањето на соодветно избраниот факултет (28,1%). Податоците за конечната одлука за избор на соодветниот факултет поединечно земено во другите периоди, почнувајќи од учењето во текот на осумгодишното училиште, пред запишувањето во средното и во текот на првите две години на средното образование не се толку значајни, и земајќи ги заедно би биле околу 18%, што на определен начин пак е помало учество отколку во последните две колони (не сметајќи ја колоната "друго")

Посматрајќи ја табелата од аспект на социјалната структура јасно се покажува мошне слична тенденција и при податоците за нејзиното влијание врз првото размислување за избор на видот на високото образование. Имено, не постојат значајни разлики меѓу социјалната структура на студентите и донесувањето на конечна одлука за избор на видот на високото образование, што го потврдува Хи-квадратот ($X^2$=22,19 $P > 0,05$; DF = 30) и коефициентот на контигенција (C=0,122).

Значајни разлики не се пронајдени и при тестирањето на податоците за слојната структура на работничката класа ($X^2$=7,31 $P > 0,05$ DF = 10 C = 0,120); ниту, пак, при испитувањето на комбинираното дејство меѓу социјалното потекло и степенот на образование на татковците на студентите ($X^2_м$=12,90 $P > 0,05$, DF = 18 См=0,134; $X^2_н$ = 22,00 $P > 0,05$ DF = 18 Сн = 0,166); ни при поврзувањето меѓу социјалното потекло и просечниот месечен доход по член на семејство како независни варијабли ($X^2_м$ = 12,89 $P > 0,05$ DF = 15 См = 0,134; $X^2_н$ = 18,19 $P > 0,05$ DF = 15 Сн=0,1 ниту кај поврзаноста меѓу регионалното и социјалното потекло; па дури ниту при поврзувањето меѓу социјалното потекло и успехот во средното училиште ($X^2_м$=18,38; $P > 0,05$ DF=15 См=0,1 $X^2_н$=14,24 $P > 0,05$ DF = 15 Сн=0,141).

Од ова може да се извлече следниот заклучок: социјалната структура на студентите не влијае значајно врз периодот во донесувањето на конечна одлука за избор на соодветниот вид на високо образование.

Овде се покажува ист резултат и при испитувањето на влијанието на социјалната структура врз периодот на првото размислување за избор на соодветниот вид на високо образование, па затоа интересно е да се види влијанието и на еден друг чинител, кој претходно видовме мошне значајно влијаеше врз изборот на видот на високото образование, а тоа е успехот во средното училиште. Податоците во врска со ова се изнесени во Табелата 47.

Како што се гледа, без разлика на успехот конечната одлука за избор на видот на високото образование најповеќе, обично, се донесува во текот на последните две години од средното училиште (24,9%), непосредно по завршувањето на средното училиште (28,1%) и непосредно пред запишувањето на соодветниот факултет (26,9%).

Во овој поглед дека не постојат значајни разлики меѓу дејствувањето на успехот од средното училиште и периодот на донесување на конечната одлука за избор на соодветниот вид на високо образование јасно покажува и Хи-квадратот ($X^2$=24,40 P > 0,05 DF = 18) и коефициентот на котингенција C=0,128.

Оваа појава за незначителното влијание на социјалната структура и нејзините компоненти и успехот во средното училиште врз периодот на првото размислување за избор на соодветниот вид на образование како и врз периодот на донесу-

ТАБЕЛА - 47

## ПЕРИОДОТ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА КОНЕЧНА ОДЛУКА ЗА ИЗБОР НА СООДВЕТНИОТ ВИД ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ СПОРЕД УСПЕХОТ ВО СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

| Период на донесување на конечна одлука / Успех во средното училиште | Во текот на осумгодишното училиште | По завршувањето на осум. училиште | Во текот на првите 2 год.од сред.учи. | Во текот на послед. 2 год.од сред.учи. | Непосредно по завршување на сред.учи. | Непосредно пред запиш.на овој фак. | По неуспехот на друг фак. и друго | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Одличен | 7,2<br>23<br>28,7 | 5,0<br>16<br>28,1 | 7,6<br>24<br>18,2 | 22,0<br>70<br>19,4 | 28,3<br>90<br>22,1 | 27,4<br>87<br>22,3 | 2,5<br>8<br>34,8 | 100<br>318<br>21,9 |
| Многу добар | 5,4<br>19<br>23,8 | 4,6<br>16<br>28,1 | 10,3<br>36<br>27,3 | 27,8<br>97<br>26,9 | 26,1<br>91<br>22,4 | 25,5<br>89<br>22,8 | 0,3<br>1<br>4,3 | 100<br>349<br>24,1 |
| Добар | 5,7<br>31<br>38,7 | 3,7<br>20<br>35,1 | 10,6<br>57<br>43,2 | 23,3<br>126<br>34,9 | 28,3<br>153<br>37,6 | 26,5<br>143<br>36,7 | 1,9<br>10<br>43,5 | 100<br>540<br>37,2 |
| Доволен | 3,1<br>7<br>8,8 | 2,2<br>5<br>8,7 | 6,2<br>14<br>10,6 | 29,5<br>66<br>18,3 | 28,6<br>64<br>15,7 | 28,6<br>64<br>16,4 | 1,8<br>4<br>17,4 | 100<br>224<br>15,5 |
| Со поправен и др. | -<br>-<br>- | -<br>-<br>- | 5,3<br>1<br>0,7 | 10,5<br>2<br>0,5 | 47,4<br>9<br>2,2 | 36,8<br>7<br>1,8 | -<br>-<br>- | 100<br>19<br>1,3 |
| ВКУПНО: | 5,5<br>80<br>100 | 3,9<br>57<br>100 | 9,1<br>132<br>100 | 24,9<br>361<br>100 | 28,1<br>407<br>100 | 26,9<br>390<br>100 | 1,6<br>23<br>100 | 100<br>1.450<br>100 |

$X^2 = 24,40$ $P > 0,05$ $DF = 18$ $C = 0,128$

вањето на конечната одлука за изборот, е мошне комплексна и бара посистематско истражување поврзувајќи ја со други фактори, почнувајќи од тнр. "слободен" упис па сé до анкетирање и на родителите на студентите.

## Заклучок

Социјалната структура значајно влијае врз можностите за студирање. Ова влијание во историскиот пресек на развојот на високото образование е различно и покажува определени заеднички, но и специфични карактеристики. Заедничките се состојат во тоа што постојано се одржува највисока застапеност на студентите од службеничко потекло, односно со потекло од немануелните слоеви и постојана тенденција на намалување на учеството на студентите од земјоделско потекло во вкупниот број студенти кои студираат во СР Македонија. Застапеноста на студентите од работничко потекло во почетниот период, т.е. околу 50-те години е мошне помала од застапеноста на студентите од службеничко потекло како и помала од студентите со земјоделско потекло. Меѓутоа, во подоцнежниот период промените во учеството на студентите од работничко потекло се побрзи и позначајни и достигнуваат учество од 30% кое е сé уште под учеството на работничката класа во вкупното население. Зголемувањето на учеството на работничката студентска младина е резултат на брзиот процес на зголемување и пораст на работничката класа во вкупното население; понатаму, на брзиот развој и ширење на мрежата на високото образование во СР Македонија, што е изразено од крајот на 60-те години, кога запишувањето

се "демократизира" со тнр. "слободен упис" без разлика на успехот во средното училиште (со исклучок на ограничување на медицинскиот факултет и на ННСГ за психологија на филозофскиот факултет.

Социјалната структура на студентите всушност се репродукува од социјалната структура на средношколската младина и споредено нејзиното влијание врз можностите за студирање во другите социјалистички републики нема некои поинакви тенденции, туку се вклопува во општата законитост на насоката во нејзиното дејствување со таа разлика што во изминатиот период промените во социјалната структура во СР Македонија, особено во поглед на зголемувањето на учеството на студентите од работничко потекло мошне побрзо се одвиваа во СР Македонија.

Во однос и на другите европски социјалистички земји (а уште повеќе во однос на развиените капиталистички земји) СР Македонија значајно им се доближува, а капиталистичките (со исклучок на Велика Британија и САД) и ги претекнува во поглед на степенот на учеството на студентите од работничко потекло.

Во поглед на влијанието на социјалната структура врз изборот на видот на високото образование анализата на емпириските податоци ја потврди хипотезата за значајното нејзино влијание врз изборот на студентите на видот на високото образование со јасно изразување на поголеми и позначајни разлики меѓу мануелните класи и слоеви и немануелните, отколку внатре во нивните рамки одделно во кои не постојат значајни разлики.

Оттука најзначајни во таа смисла се разликите во поделбата на класите и слоевите кои претежно се занимаваат со физички труд, од една страна и слоевите со умствен труд чие дејство е мошне значајно и врз можностите за запишување на универзитет и врз изборот на видот на високото образование.

Дејствувањето на социјалната структура врз изборот на видот на високото образование има и таква насока која се состои во фактот што студентите со потекло од немануелните слоеви (слојот на администрацијата, на стручњаците и раководниот слој) претежно ги бираат оние факултети кои обично водат побрзо до социјална "промоција", до привилегирани општествени позиции, односно кои се и општествено повисоко вреднувани и се "покоњуктурни" (економскиот, правниот, медицинскиот и архитектонско-градежниот), додека пак, студентите со потекло од мануелните работнички и земјоделски слоеви претежно се определуваат за некоја виша или висока школа, земјоделско-шумарскиот, а донекаде и правниот факултет.

Анализата на одделните компоненти на социјалната структура, пред сѐ на просечниот месечен доход по член на семејство и степенот на образование на родителите на студентот исто така ги потврдува хипотезите за нивното значајно влијание врз изборот на видот на високото образование, со нешто поизразено дејствување на оваа втора компонента и со напомена дека тоа нивно влијание е во иста насока како и влијанието на социјалната структура и тие не излегуваат и нејзините рамки. Тоа го потврди анализата на нивното комбинирано влијание

кое се покажа дека нивното дејствување како независни варијабли врз изборот на видот на високото образование во рамките на едната социјална група (мануелните слоеви) или само во другата (немануелните) е сосема слабо и речиси незначајно и дека значајните разлики лежат токму меѓу овие две социјални групи.

Покрај значајното влијание на социјалната структура врз изборот на видот на високото образование и нејзините компоненти влијаат и други чинители како што се: 1) регионалното потекло на студентите со што се потврдува хипотезата дека противречноста меѓу селото и градот значајно влијае и врз изборот на видот на високото образование во таа смисла што студентите од село имаат знатно помали можности да влезат на универзитетот ил на некоја виша школа туку и во изборот на видот на високото образование повеќе се ориентирани кон студиите на вишите школи и од прв степен, т.е. кои покусо траат и кои обезбедуваат побрзо вработување; 2) видот на завршеното средно училиште мошне значајно влијае врз изборот на видот на факултетот, бидејќи учениците кои завршиле училиште за занимање речиси практично се оневозможени да се запишат на некој факултет и успешно да студираат, додека учениците од средните стручни училишта по правило се ориентирани кон оние видови високо образование кои соодветствуваат според својата природа на знаењата од средното училиште, додека гимназијалците имаат најголеми можности за избор на било кој вид високо образование.

Успехот на студентите во средното училиште исто така значајно влијае врз изборот на видот на високото образова-

ние во таква насока што колку студентите имале подобар успех (многу добар и одличен) толку повеќе ги бираат претходно назначените "по конјуктури" факултети кои побрзо водат кон создавање на "кариера".

Половата структура на студентите исто така значајно влијае врз изборот на видот на високото образование на тој начин што во вкупниот број на студентите сé уште преовладува машката студентска младина, иако сé повеќе таа се менува во полза на женската младина како и во тоа што женската младина најчесто бира некој од општествените факултети и високи школи па и медицинскиот, а речиси сосем незнатно некој од техничките (меѓу кои најмалку електро-машинскиот).

Во поглед на влијанието на социјалната структура врз периодот на првото размислување и врз периодот на конечната одлука за избор на соодветниот факултет анализата не ги потврди овие две хипотези без разлика на комбинирањето на дејството на нејзините компоненти, па дури комбинацијата и одделното разгледување со успехот во средното училиште не покажаа дека постои некоја цврста врска меѓу овие чинители како независни варијабли и првото размислување и конечната одлука за изборот на видот на високото образование како зависни варијабли.

Овие две непосредни хипотези, меѓутоа, бараат понатамошни систематски истражувања вклучувајќи поголем број на независни варијабли и проширувајќи го делокругот на искуствената евиденција и на семејствата на студентите.

## 2. ВЛИЈАНИЕТО НА СОЦИЈАЛНАТА СТРУКТУРА НА СТУДЕНТИТЕ ВРЗ НИВНОТО ДРУГАРУВАЊЕ

### У в о д

Како што не може човекот да опстане без некои физиолошки потреби, на пример - јадење, пиење, облекување и сл. така не може да опстане и без дружење со други луѓе, без непосредни контакти со нив. Врз начинот како се задоволуваат овие потреби, а посебно потребата од другарување, влијаат многубројни чинители, меѓу кои посебно значајно место зазема социјалната структура, односно припадноста на индивидуата кон определена општествена класа или општествен слој.

Припремањето на индивидуата за задоволување на потребата од другарување со други индивидуи се врши во рамките на класата или слојот на кои припаѓа нејзиното семејство и тоа со тнр. класна, односно слојна "поткултура". Оваа "поткултура" обично низ процесот на семејното воспитување се пренесува и врз индивидуата.

Преку семејството, како примарна социјална група и средина, класата и слојот го вршат своето покласновување и послојување на индивидуата и истовремено во тој процес ги одредува рамките на друштвото (човековата средина) во кое таа ќе се движи, без разлика дали тоа го прави свесно или несвесно. Свесната улога семејството во покласновувањето ја врши на тој начин што родителите на своите деца речиси низ целиот процес на воспитување отворено со зборови им всадуваат в глава одредени ставови и мислења во вид на лозинки, како што се: "Дружи се со рамни на себе", "Тие не се дораснати

да се дружат со нас","Зошто се понижуваш да другаруваш со тој нераниماјко", "Не се дружи со Станко, неговиот татко е ништо и никој", "Учи сине за да не работиш" итн., со што кај индивидуите од ваквите семејства постојано и постепено се изградува посупериорно однесување во групата другари. Често пати семејствата изградуваат и инфериорен став и однесување особено оние од мануелните класи и слоеви кога постојано им се вели: "Сигурно тој би те избегнувал, неговото семејство не сака со нас да се дружи", "Тој е богат, зар сака со нас да се дружи", "Родителите му се учени луѓе и веројатно не сакаат со нас да се дружат" и сл.

Семејството, исто така, улогата на одредување на рамките на друштвото во кои ќе се движат неговите деца ја врши несвесно, иако често не може да се одвои свесниот од несвесниот начин на вршење на таа улога. Речиси секое семејство има определен круг други семејства што им се пријателски расположени или, како обично се вели "куќни пријатели". Семејството на индивидуата обично со овие семејства се наоѓа на исто или сосем слично место на социјалната скала. Во меѓусебната куќна посета на овие семејства и претежно заедничкото поминување на слободното време и на годишниот одмор, нивните деца и младинци се запознаваат и самите изградуваат одредени меѓусебни контакти и врски, како и соодветни критериуми во врска со тоа со кого треба да другаруваат и какви треба да имаат особини нивните врсници со кои треба да другаруваат. 10/

Ваквиот процес на социјализација и во тој контекст на влијанието на социјалната структура врз другарувањето во

---

10/ Вид. Георгиевски Петре, Социјалното потекло... оп.цит. с. 134.

средното училиште и надвор од него го покажав во испитувањето на средношколската младина во учебната 1969/70 година. Се покажа дека дејството на социјалното потекло на учениците врз групирањето на учениците во паралелката е поизразено во училиштата за квалификувани работници и средноtехничките училишта, а нешто помалку во гимназиите што е резултат и на похетерогениот социјален состав на учениците во првите два вида училишта.

Слични податоци, односно констатации наведуваат и други социолози на образованието. Така се наведува дека "често децата (во одделението и училиштето - П.Г.) се од иста општествена класа... Независните училишта воглавно се состојат од деца на буржоазијата и само два англиски вида училишта можат да гарантираат помешана општествена класна содржина, имено, селективната гимназија и неселективното средно училиште. Така во многу англиски класови децата се изедначени и по старостаи по општествената класа".[11/]

М. Шилтон повикувајќи се, прво, на Ласи (*Lacey*) истакнува дека во гимназијата е утврдено класот да се организира во социјални статуси и второ, на Блит (*Blyth*) кој покажал дека врз односите меѓу средношколците влијае нивната дистрибуција во социјалната средина од која доаѓаат... децата од многу сиромашните и многу богатите средини преку другарување со оние од нивното соседство и преку родителското влијание неизбежно се одвојуваат во ексклузивни групи.[12/]

---

11/ Musgrave W.P, The Sociology of Education, op. cit. p. 203

12/ Shimpan D.M., The Sociology of School, L.G.L., London, 1975, p. 54.

Влијанието на социјалната структура врз поведението и другарувањето продолжува и се пренесува од средното училиште и на факултетот. Ова влијание се испреплетува со влијанието на голем број други чинители и тешко е испитувањето на одвоените влијанија на секој чинител посебно. Првите контакти со идните другари или веќе се воспоставени уште во средното училиште или, пак, започнуваат и се воспоставуваат за време на деновите на запишување на високошколската установа. Контактите и зближувањето на студентите уште повеќе добива на интензитет за време на наставниот процес (во предавалните и вежбалните) во студентските домови и ресторани, во студентските клубови и спортски друштва, екскурзии и сл., каде во практиката се согледуваат блискоста или разлките во гледиштата, заедничките вкусови итн. Во таквите услови се создаваат студентските неформални групи на заедничко другарување, поминување на слободното време, подготвувањето на испитите, избирањето на младич, односно девојка и сл.

Колкаво влијание има социјалната структура на студентите во сите овие облици на неформално групирање меѓу студентската младина во СР Македонија ќе покаже анализата на емпириските податоци која следи.

### а) Влијанието на социјалната структура на студентите врз изборот на нивните најдобри другари

Во оваа смисла во теориската рамка на истражувањето е формулирана следната хипотеза: социјалната структура на студентите влијае врз другарувањето меѓу студентите така што студентите за најдобри другари значително повеќе ги избираат оние

свои врсници кои имаат исто или мошне слично социјално потекло.

Податоците за проверка на оваа хипотеза се изнесени во Табелите 48 и 48-а. Овие податоци се добиени со обработка на следното прашање, кое им беше поставено на анкетираните студенти: "Наведете го што поконкретно занимањето од таткото на Вашиот најдобар другар?" Поврзувајќи го, односно вкрстосувајќи го занимањето на таткото на анкетираниот студент како независна варијабла и занимањето на таткото на неговиот колега и најдобриот другар, како зависна варијабла, се добиени следните одговори (Табела 48). Оваа табела ќе се анализира од аспект на социјалната структура на анкетираните студенти (по редови) и од аспект на социјалната структура на најдобрите другари (по колони).

Податоците за изборот на своите најдобри другари од исто социјално потекло се распоредени во полињата на Табелата кои се наоѓаат по должината на дијагоналата која почнува од горниот лев агол и завршува во долниот десен агол. Со исклучок на слојот на раководителите и со незначајни разлики кај административниот слој, кај другите класи и слоеви најголемиот избор за најдобар другар се врши во рамките на истата класа или слој што уште веднаш индицира на значајното влијание на социјалната структура врз изборот на најдобриот другар.

1. Студентите чии родители се работници (494) во 43,3% случаи за најдобри другари ги бираат студентите од работничко потекло; потоа, за половина помалку но во однос на студентите од друго потекло, т.е. 21,5% бираат од слојот на стручњаците, а најмалку од слојот на раководителите (4,7% и земјоделците (4,7%).

ТАБЕЛА - 48

СОЦИЈАЛНАТА СТРУКТУРА НА СТУДЕНТИТЕ СПОРЕД СОЦИЈАЛНАТА СТРУКТУРА НА НИВНИТЕ НАЈДОБРИ ДРУГАРИ

| Социјална структура од најд. друг. / Социјална струк. на анк. студ. | Работници | Земјоделци | Администрација | Стручњаци | Раководители | Друго | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Работници | 43,3<br>214<br>50,4 | 4,7<br>23<br>19,8 | 13,3<br>66<br>28,9 | 21,5<br>106<br>25,4 | 4,7<br>23<br>27,7 | 12,5<br>62<br>34,2 | 100<br>494<br>34,1 |
| Земјоделци | 28,9<br>46<br>10,8 | 36,5<br>58<br>50,0 | 9,4<br>15<br>6,6 | 10,7<br>17<br>4,1 | 5,0<br>8<br>9,6 | 9,5<br>15<br>8,3 | 100<br>195<br>11,0 |
| Администрација | 28,9<br>35<br>8,2 | 5,8<br>7<br>6,0 | 25,6<br>31<br>13,6 | 23,2<br>28<br>6,7 | 4,1<br>5<br>6,0 | 12,4<br>15<br>8,3 | 100<br>121<br>8,3 |
| Стручњаци | 18,0<br>80<br>18,8 | 3,8<br>17<br>14,7 | 16,9<br>75<br>32,9 | 43,9<br>195<br>46,8 | 5,4<br>24<br>28,9 | 12,0<br>53<br>29,3 | 100<br>444<br>30,6 |
| Раководители | 20,4<br>27<br>6,4 | 2,3<br>3<br>2,6 | 19,7<br>26<br>11,4 | 36,4<br>48<br>11,5 | 11,4<br>15<br>18,1 | 9,8<br>13<br>7,2 | 100<br>132<br>9,1 |
| Друго | 23,0<br>23<br>5,4 | 8,0<br>8<br>6,9 | 15,0<br>15<br>6,6 | 23,0<br>23<br>5,5 | 8,0<br>8<br>9,7 | 23,0<br>23<br>12,7 | 100<br>100<br>6,9 |
| СЀ: | 29,3<br>425<br>100 | 8,0<br>116<br>100 | 15,7<br>228<br>100 | 28,8<br>417<br>100 | 5,7<br>83<br>100 | 12,5<br>181<br>100 | 100<br>1.450<br>100 |

/ $X^2 = 344,76$ $P < 0,001$ $DF = 25$ $C = 0,438$ /

Од вкупниот број студенти од земјоделско потекло (159) 36,5% за најдобар другар бираат од истото земјоделско потекло, па потоа од работничко (28,9%) а најмалку од слојот на раководителите (5,0%) и администрацијата (9,4%).

3. Студентите од слојот на администрацијата речиси подеднакво за најдобри другари бираат од работничко потекло (28,9%) и од сопственото (25,6%), па потоа од слојот на стручњаците (23,2%), а знатно помалку од раководниот слој (4,1%) и земјоделскиот (5,8%).

4. Слојот на стручњаци мошне слично како работничката класа 43,9% бира за најдобри другари од сопствените редови, па потоа речиси подеднакво од работничко потекло (18,0% и од слојот на администрацијата (16,9%), а знатно помалку од земјоделско потекло (3,8%), како и од слојот на раководителите (5,4%).

5. Но ако студентите од слојот на стручњаците не ги преферираат во изборот за најдобри другари синовите и ќерките од слојот на раководителите, сепак, спротивно на тоа, студентите со потекло од раководниот слој (132) најмногу, знатно по веќе од сопствениот слој, ги бираат токму студентите од слојо на стручњаците (36,4%), Па потоа речиси пак подеднакво од работничко потекло (20,4%) и од слојот на администрацијата (19, а најмалку од земјоделско потекло.

Посматрајќи ги податоците во Табелата 48 по колони може да се констатира следното: студентите од работничко потекло како најдобри другари најмногу се бирани од студентите со истото (работничко) потекло (50,4%), па далеку помалку од студентите со потекло од слојот на стручњаците (18%), а најмалку од слојот на раководителите (6,4%). Студентите од земјоделско потекло кои се бирани за најдобри другари исто така најмногу (50,0%, т.е. половината се бирани од студентите со исто (земјоделско) потекло, па потоа од работничко (19,8%), а најмалку се бирани од студентите со потекло од раководниот слој (2,6%) и административниот (6,0%). Студентите од слојот на администрацијата за најдобри другари се бирани веќе не од сопствениот слој, туку од следниот немануелен слој, слојот на стручњаците (32,9%), па потоа од студентите со работничко

потекло (28,9%), од сопственото (13,6%), а најмалку од студентите од земјоделско потекло (6,6%). Потоа, студентите од слојот на стручњаците за најдобри другари најповеќе се бирани од студентите од исто потекло (од слојот на стручњаците) 46,8%); потоа, од студентите со работничко потекло (25,4%), а најмалку од студентите со земјоделско потекло (4,1%). И на крајот, студентите од раководниот слој за најдобри другари најповеќе се бирани од студентите од слојот на стручњаците (28,9%) и од работничко потекло (27,7%), од сопственото (18,1%), а најмалку од слојот на администрацијата (6,0%) и од земјоделско потекло (9,6%).

Од оваа анализа јасно произлегува дека се потврдува хипотезата за значајното влијание на социјалната структура врз изборот на најдобрите другари на студентите, односно врз нивното другарување. Овој заклучок силно го потврдуваат и Хи-квадратот ($X^2$=344,76 P < 0,001 DF = 25) и коефициентот на контигенција (C = 0,438), покажувајќи дека постои цврста причинско-последична врска меѓу социјалната структура на студентите како независна варијабла и социјалната структура на нивните најдобри другари. Така овие резултати се во согласност на резултатите за влијанието на социјалната структура на средношколската младина во изборот на најдобар другар што го покажав во спомнатото истражување во учебната 1969/70 година.

Меѓутоа, во ова истражување за студентската младина, посебно ме интересираше дали разликите во дејствувањето на социјалната структура на студентите врз социјалната структура на нивните најдобри другари, се поголеми меѓу мануелните работни-

чки слоеви, од една страна и немануелните слоеви, од друга или, пак, меѓу слоевите во рамките на овие две социјални групи. Во врска со ова, податоците се изнесени во Табелата 48-а.

Ако во оваа табела се погледаат редовите на мануелните работнички слоеви, веднаш ќе се забележи дека разликите во изборот на најдобрите другари меѓу студентите со потекло од работничките слоеви не се толку големи и изразени како разликите меѓу студентите со потекло од различните општествени класи и слоеви во рамките на вкупната социјална структура. Нешто позначајни разлики се јавуваат меѓу студентите од НКВ и ПКВ работничкиот слој и студентите од ВКВ работниците во прва колона каде изборот на најдобар другар од работничко потекло кај првите изнесува 52,6%, а кај вторите 35,4%, иако од другиот агол на посматрање студентите од работничко потекло како најдобри другари се бирани речиси подеднакво од двата слоја (33,2% односно 34,6%), додека првите од слојот на стручњаци бираат 14,8%, вторите знатно повеќе 25,4%. Во другите случаи разликите не се значајни што јасно го потврдуваат Хи-квадратот ($X^2_{мр}$ = 15,10 $P > 0,05$ DF = 10) и коефициентот на контигенција (C = 0,172).

Оттука, може да се заклучи дека меѓу социјалната структура на работничката класа на студентите и социјалната структура на нивните најдобри другари не постојат значајни разлики.

Доколку се анализираат податоците во истата табела за немануелните слоеви ќе може да се изведе следната општа констатација: разликите меѓу студентите од немануелните слоеви во изборот на нивните најдобри другари се поголеми отколку

ТАБЕЛА - 48-а

## СОЦИЈАЛНАТА СТРУКТУРА НА СТУДЕНТИТЕ СПОРЕД СОЦИЈАЛНАТА СТРУКТУРА НА НИВНИТЕ НАЈДОБРИ ДРУГАРИ СПОРЕД ПОДЕЛБАТА НА МАНУЕЛНИ И НЕМАНУЕЛНИ СЛОЕВИ

| | Социјална структура на најдоб. другар / Социјална стр.на студ.(анк.) | Работници | Земјоделци | Администрација | Стручњаци | Раководители | Друго | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Мануелни работнички слоеви | НКВ и ПКВ работници | 52,6<br>71<br>33,2 | 5,2<br>7<br>30,4 | 12,6<br>17<br>25,8 | 14,8<br>20<br>18,9 | 4,4<br>6<br>26,1 | 10,4<br>14<br>22,6 | 100<br>135<br>27,3 |
| | КВ работници | 46,0<br>69<br>32,2 | 4,0<br>6<br>26,1 | 14,7<br>22<br>33,3 | 22,0<br>33<br>31,1 | 4,0<br>6<br>26,1 | 9,3<br>14<br>22,6 | 100<br>150<br>30,4 |
| | ВКВ работници | 35,4<br>74<br>34,6 | 4,8<br>10<br>43,5 | 12,9<br>27<br>40,9 | 25,4<br>53<br>50,0 | 5,2<br>11<br>47.8 | 16,3<br>34<br>54,8 | 100<br>209<br>42,3 |
| | СЕ: | 43,3<br>214<br>100 | 4,7<br>23<br>100 | 13,4<br>66<br>100 | 21,5<br>106<br>100 | 4,6<br>23<br>100 | 12,5<br>62<br>100 | 100<br>494<br>100 |
| Немануелни слоеви | Слој на администрација | 28,9<br>35<br>24,6 | 5,8<br>7<br>25,9 | 25,6<br>31<br>23,5 | 23,2<br>28<br>10,3 | 4,1<br>5<br>11,4 | 12,4<br>15<br>18,5 | 100,0<br>121<br>17,4 |
| | Слој на стручњаци | 18,0<br>80<br>56,3 | 3,8<br>17<br>62,9 | 16,9<br>75<br>56,8 | 43,9<br>195<br>72,0 | 5,4<br>24<br>54,6 | 12,0<br>53<br>65,4 | 100,0<br>444<br>63,7 |
| | Раководен слој | 20,4<br>27<br>19,0 | 2,3<br>3<br>11,1 | 19,7<br>26<br>19,7 | 36,4<br>48<br>17,7 | 11,4<br>15<br>34,0 | 9,8<br>13<br>16,1 | 100,0<br>132<br>18,9 |
| | СЕ: | 20,4<br>142<br>100,0 | 3,9<br>27<br>100,0 | 18,9<br>132<br>100,0 | 38,9<br>271<br>100,0 | 6,3<br>44<br>100,0 | 11,6<br>81<br>100,0 | 100,0<br>697<br>100,0 |

$X^2_{Мр} = 15,10$ $P > 0,005$ $DF = 10$ $C_М = 0,172$

$X^2_Н = 29,53$ $P < 0,005$ $DF = 10$ $C_Н = 0,200$

ку разликите меѓу студентите од работничките слоеви, но сепак тие не се толку големи и значајни колку што се разликите меѓу студентите од различните класи и слоеви, односно дека разликите меѓу студентите од работничката класа и студентите од немануелните слоеви во изборот на најдобрите другари се многу поголеми и позначајни. Пресметаниот Хи-квадрат ($X_H^2$ = 29,53 $P < 0,05$ DF = 10) покажува нешто над граничната линија на значајност на разликите на 0,05 значајност, а не и на значајност на 0,01, како што и коефициентот на контигенција (С = 0,300) покажува слаба корелациска поврзаност меѓу социјалната структура на студентите од немануелните слоеви и социјалната структура на нивните најдобри другари, што е далеку послаба од поврзаноста на вкупната социјална структура на студентите и социјалната структура на нивните најдобри другари (С=0,432)

Од сето ова може да се изведе следниот заклучок во смисла на дополнување на проверуваната хипотеза:

Социјалната структура влијае врз изборот на најдобрите другари на студентите и воопшто врз нивното другарување така што студентите за најдобри другари значително повеќе ги избираат оние свои врсници кои имаат исто или слично социјално потекло и дека разликите во изборот на најдобрите другари се знатно поголеми и позначајни меѓу различните социјални класи и слоеви, особено меѓу студентите од мануелните работнички слоеви и немануелните отколку што се, речиси безначајни, во рамките на слоевите на работничката класа, односно во рамките на немануелните слоеви.

Се разбира, дека врз другарувањето меѓу студентите влијаат и други чинители, како што е истакнато во уводот на ова поглавје, меѓу кои може да се смета, односно да се претпостави дека е и успехот што го имале студентите во средното училиште. Затоа во Табелата 49 е поврзано, комбинирано влијанието на социјалното потекло и успехот на студентите во средното училиште, како независни варијабли со социјалното потекло на нивните најдобри другари, како зависна варијабла.

Веднаш што паѓа вочи кога ќе се погледне Табелата 49 е тоа што разликата меѓу студентите од мануелно и немануелно се мошне големи и значајни. Имено, општо земено, без разлика на успехот, учеството во изборот од сопственото потекло кај студентите од мануелно потекло е обично околу средината-помеѓу 50-60-те%, додека изборот на најдобри другари од сопственото потекло кај студентите од немануелно потекло е за десетина процентуални поени повисоко (60-65%), што јасно укажува на поголема социјална затвореност меѓу студентите од немануелните слоеви во однос на студентите од мануелно потекло, што јасно го потврдуваат и разликите во податоците за избор на најдобар другар со спротивно социјално потекло од она на кое му припаѓа студентот.

Ако, пак, Табелата 49 се посматра од аспект на успехот на студентите во средното училиште посебно во групите на мануелно и немануелно потекло, ќе се забележат следните тенденции:

1. Кај студентите од мануелно потекло без разлика на успехот претежно за најдобри другари се бираат од сопственото мануелно потекло, што е веќе констатирано, но со таа ра-

ТАБЕЛА - 49

СОЦИЈАЛНОТО ПОТЕКЛО НА НАЈДОБРИОТ ДРУГАР НА СТУДЕНТОТ СПОРЕД СОЦИЈАЛНОТО ПОТЕКЛО И УСПЕХОТ ВО СРЕДНОТО УЧИЛИШТЕ

| Социјално потекло | Успех во средното училиште | Социјално потекло на најдобриот другар | | | | | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Мануелно | | Немануелно | | Друго | | | |
| Мануелно | - Одличен | 60 | 45,4 | 55 | 41,7 | 17 | 12,9 | 132 | 10( |
| | - Мн.добар | 85 | 52,1 | 65 | 39,9 | 13 | 8,0 | 163 | 10( |
| | - Добар | 144 | 53,1 | 106 | 39,1 | 21 | 7,8 | 271 | 10( |
| | - Доволен и поправен | 89 | 66,9 | 31 | 23,3 | 13 | 9,8 | 133 | 10( |
| | СЀ: | 378 | 56,1 | 257 | 36,8 | 64 | 9,1 | 699 | 10( |
| Немануелно | - Одличен | 50 | 27,6 | 115 | 63,6 | 16 | 8,8 | 181 | 10( |
| | - Мн. добар | 46 | 27,2 | 106 | 62,7 | 17 | 10,1 | 169 | 10( |
| | - Добар | 66 | 27,1 | 158 | 64,7 | 20 | 8,2 | 244 | 10( |
| | - Доволен и поправен | 31 | 29,8 | 66 | 63,5 | 7 | 6,7 | 104 | 10( |
| | СЀ: | 193 | 27,6 | 445 | 63,8 | 60 | 8,6 | 698 | 10( |

$X^2_м = 17,16 \quad P < 0,05 \quad DF = 6 \quad C_м = 0,154$

$X^2_н = 1,18 \quad P > 0,05 \quad DF = 6 \quad C_н = 0,041$

злика што одредени разлики се нагласени помеѓу двете крајни групи на студенти: помеѓу одличните кај кои е помала разликата во изборот на најдобар другар од мануелно, односно немануелно потекло (45,4 : 41,7) и доволните со успех кај кои таа разлика е значително поголема (66,9 : 23,3), разлики што можат и да се претпоставаат додека кај другите две групи по успех - многу добар и добар разликите воопшто не се значајни (52,1 : 39,9 кај првите и 53,1 : 39,1 кај вторите).

2. Студентите од немануелно потекло речиси околу две третини за најдобри другари ги бираат студентите од сопственото (немануелно) потекло и кај нив речиси нема никаква

значајна разлика во однос на успехот во средното училиште, што уште повеќе го потенцира незначајната големина на Хи-квадратот ($X^2 = 1,18$, $P > 0,10$, $DF = 6$) и коефициентот на контигенција ($C = 0,041$).

Од оваа анализа во поглед на комбинираното влијание на социјалното потекло и успехот на студентите во средното образование врз изборот на нивните најдобри другари може да се заклучи дека социјалното потекло на студентите е мошне позначаен чинител во изборот на најдобар другар, односно врз нивното другарување, отколку успехот во средното училиште, и особено кај студентите од немануелните слоеви тоа не игра речиси никаква улога.

Социјалната структура ги диференцира студентите и во поглед на нивното здружување во подготвувањето на испитите, односно во студирањето. Затоа и беше формулирана следната хипотеза: социјалната структура на студентите влијае врз нивното меѓусебно помагање во студирањето, односно подготвувањето на испитите така што во позначајна мера студентите од исто или слично социјално потекло се здружуваат за заедничко подготвување на испитите.

Преку анализата на податоците во Табелата 50 ќе се направи обид да се провери оваа хипотеза. И оваа табела ќе се анализира од два аспекти: од аспект на социјалната структура на анкетираните студенти (по редови) и од аспект на социјалната структура на избраните нивни колеги за подготвување на испитите (по колони).

ТАБЕЛА - 50

## СОЦИЈАЛНАТА СТРУКТУРА НА СТУДЕНТИТЕ СПОРЕД СОЦИЈАЛНАТА СТРУКТУРА НА СТУДЕНТИТЕ СО КОИ ГИ ПОДГОТВУВААТ ИСПИТИТЕ

| Социјалната структура на студентите со кои исп. / Социјална струк.на анк.студ. | Работници | Земјоделци | Админи-страција | Стручњаци | Раководи-тели | Друго | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Работници | 50,4<br>249<br>58.5 | 5,3<br>26<br>20,5 | 9,9<br>49<br>27,2 | 11,1<br>55<br>16,6 | 2,4<br>12<br>14,5 | 20,9<br>103<br>34,1 | 100,0<br>494<br>34,1 |
| Земјоделци | 25,2<br>40<br>9,4 | 39,0<br>62<br>48,8 | 6,3<br>10<br>5,6 | 7,5<br>12<br>3,6 | 3,8<br>6<br>7,2 | 18,2<br>29<br>9,6 | 100,0<br>159<br>11,0 |
| Администрација | 20,7<br>25<br>5,9 | 5,8<br>7<br>5,5 | 39,7<br>48<br>26,7 | 10,7<br>13<br>3,9 | 2,5<br>3<br>3,6 | 20,7<br>25<br>8,3 | 100,0<br>121<br>8,3 |
| Стручњаци | 13,3<br>59<br>13,8 | 2,9<br>13<br>10,2 | 10,2<br>45<br>25,0 | 48,6<br>216<br>65,1 | 2,9<br>13<br>15,7 | 22,1<br>98<br>32,4 | 100,0<br>444<br>30,6 |
| Раководители | 20,5<br>27<br>6,3 | 3,0<br>4<br>3,1 | 12,1<br>16<br>8,9 | 19,7<br>26<br>7,8 | 25,7<br>34<br>41,0 | 18,9<br>25<br>8,3 | 100,0<br>132<br>9,1 |
| Друго | 26,0<br>26<br>6,1 | 15,0<br>15<br>11,8 | 12,0<br>12<br>6,7 | 10,0<br>10<br>3,0 | 15,0<br>15<br>18,1 | 22,0<br>22<br>7,3 | 100,0<br>100<br>6,9 |
| СЕ: | 29,4<br>426<br>100,0 | 8,8<br>127<br>100,0 | 12,4<br>180<br>100,0 | 22,9<br>332<br>100,0 | 5,7<br>83<br>100,0 | 20,8<br>302<br>100,0 | 100,0<br>1.450<br>100,0 |

$X^2 = 174,75$ $P < 0,001$ $DF = 25$ $C = 0,327$

1. Од вкупниот број студенти чии родители се работници (494) за колега со кого се подготвуваат испитите најмногу се бираат од сопственото (работничко) потекло (50,4%); потоа, за над четири пати помалку студенти од слојот на стручњаците (11,1%), а најмалку од слојот на раководителите (2,4%).

2. Речиси иста тенденција се забележува и кај студентите од земјоделско потекло кои 39,0% за колеги со кои ги подготвуваат испитите ги бираат студентите од сопственото (земјоделското) потекло, потоа од работничко потекло (25,2%), а најмалку од слојот на раководителите (3,8%).

3. Студентите од слојот на администрацијата најмногу меѓу себе се здружуваат во подготвувањето на испитите (39,7%); потоа, од работничко потекло (20,7%), а најмалку од слојот на раководителите (2,5%) и од земјоделско потекло (5,8%).

4. Од вкупниот број студенти од слојот на стручњаците (444) речиси половината (48,6%) меѓусебно се здружуваат во подготвувањето на испитите; на второ место, но за околу четири пати помалку, со студентите од работничко потекло(13,3%), а најмалку со студентите од земјоделско потекло и од раководниот слој (2,9%).

5. Студентите од раководниот слој околу една четвртина меѓусебно се здружуваат во подготвувањето на испитите на факултетот (25,7%), потоа, околу една петтина со студентите од работничко потекло, а најмалку со студентите од земјоделско потекло (3,0%).

Ако Табелата 50 се посматра од аспект на социјалната структура на студентите кои се избрани за подготовка на испитите, особено ако се погледаат полињата со податоци по

должината на дијагоналата од левиот горен агол кон долниот десен агол јасно се забележува кај сите социјални групи на избрани студенти (со исклучок на студентите од слојот на администрацијата кои речиси подеднакво меѓусебно се здружуваат - 26,7% и со студентите од работничко потекло - 27,2%) се забележува претежното меѓусебно здружување од исто социјално потекло кое е највисоко кај слојот на стручњаците (65,1%), па кај студентите од работничко потекло (58,5%), а релативно помало кај слојот на раководителите (41%).

Врз основа на оваа анализа и значајните резултати на Хи-квадрат тестот и коефициентот на контигенција се прифаќа хипотезата: Социјалната структура на студентите значајно влијае врз нивното меѓусебно помагање во студирањето, односно во подготвувањето на испитите така што обично, во позначајна мера, студентите од исто или слично социјално потекло се здружуваат за заедничко подготвување на испитите во текот на нивното студирање.

Социјалната структура на студентите не влијае само врз изборот на најдобриот другар и студентите со кои се подготвуваат испитите, туку и пошироко, таа го омеѓува друштвото во кое и со кое најчесто се поминува слободното време. Во таа смисла зборуваат и податоците во Табелата 51.

1. Од вкупниот број студенти чии татковци се работници 40,1% (најповеќе) своето слободно време го поминуваат со студенти и другари од своето (работничко) потекло; знатно помалку и во друштво со студенти од слојот на стручњаците (17,0%), а најмалку со студенти од раководниот слој (4,0%) како и од земјоделско потекло (6,9%).

## СОЦИЈАЛНАТА СТРУКТУРА НА СТУДЕНТИТЕ СПОРЕД СОЦИЈАЛНАТА СТРУКТУРА НА ОНИЕ СТУДЕНТИ СО КОИ ЗАЕДНИЧКИ ГО СПРОВЕДУВААТ СЛОБОДНОТО ВРЕМЕ

| Социјална структура на студентите со кои го спров. сл.в. / Социјална ст. на студентите | Работници | Земјоделци | Админи-страција | Стручњаци | Раководи-тели | Друго | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Работници | 40,1<br>198<br>49,8 | 6,9<br>34<br>30,1 | 14,0<br>69<br>30,2 | 17,0<br>84<br>23,4 | 4,0<br>20<br>26,3 | 18,0<br>89<br>32,2 | 100<br>494<br>34,1 |
| Земјоделци | 29,6<br>47<br>11,8 | 28,9<br>46<br>40,7 | 11,3<br>18<br>7,9 | 9,4<br>15<br>4,2 | 4,4<br>7<br>9,2 | 16,4<br>26<br>9,4 | 100<br>159<br>11,0 |
| Администрација | 27,3<br>33<br>8,3 | 6,6<br>8<br>7,1 | 21,5<br>26<br>11,4 | 19,8<br>24<br>6,7 | 6,6<br>8<br>10,5 | 18,2<br>22<br>8,0 | 100<br>121<br>8,3 |
| Стручњаци | 16,2<br>72<br>18,1 | 3,8<br>17<br>15,0 | 16,7<br>74<br>32,5 | 36,7<br>163<br>45,4 | 5,4<br>24<br>31,6 | 21,2<br>94<br>34,1 | 100<br>444<br>30,6 |
| Раководители | 21,2<br>28<br>7,0 | 0,8<br>1<br>0,9 | 17,4<br>23<br>10,1 | 36,4<br>48<br>13,4 | 6,8<br>9<br>11,9 | 17,4<br>23<br>8,3 | 100<br>132<br>9,1 |
| Друго | 20,0<br>20<br>5,0 | 7,0<br>7<br>6,2 | 18,0<br>18<br>7,9 | 25,0<br>25<br>6,9 | 8,0<br>8<br>10,5 | 22,0<br>22<br>8,0 | 100<br>100<br>6,9 |
| СЕ: | 27,5<br>398<br>100 | 7,8<br>113<br>100 | 15,7<br>228<br>100 | 24,8<br>359<br>100 | 5,2<br>76<br>100 | 19,0<br>276<br>100 | 100<br>1.450<br>100 |

$x^2 = 236{,}59$ $P < 0{,}001$ $DF = 25$ $C = 0{,}374$

2. Студентите од земјоделско потекло најчесто го спроведуваат своето слободно време речиси подеднакво во друштво со студенти од работничко потекло (29,6%) и од сопствено (земјоделско) потекло (28,9%), а најмалку со студенти од раководниот слој (4,4%).

3. Студентите од административниот слој најчесто во слободното време се наоѓаат во друштво со студенти од сопственото потекло (21,5%) и од слојот на стручњаците (19,8%), а најмалку со студентите од земјоделско потекло и од раководниот слој (6,6%).

4. Од вкупниот број студенти со потекло од слојот на стручњаците (36,7%), т.е. најповеќе себе се преферираат во изборот за друштво во кое се поминува слободното време, потоа знатно помалку бираат студенти од слојот на администрацијата (16,7%) и од работничко потекло (16,2%), а сосем незнатно од слојот на земјоделците (3,8%).

5. Студентите со потекло од слојот на раководителите, покажуваат поинаква тенденција на дружење во слободното време во однос на студентите од слојот на стручњаците, бидејќи 36,4% тие во слободното време се дружат со студенти од слојот на стручњаци, а од својот слој мошне многу помалку (6,8%), што претставува отстапување од општото правило на меѓусебно дружење во слободното време на студентите, но сепак не излегува од рамката на дејствувањето на општата законитост на влијанието на социјалната структура, зашто слојот на стручњаци е немануелен и според својата општествена положба сличен и најблизу до раководниот слој.

Пресметаните мерки на значајност на разликите ($X^2$= 236,59 $P < 0,001$ DF = 25) и коефициентот на контигенција (C = 0,374) се во согласност со извршената анализа на податоците, т.е. социјалната структура на студентите мошне значајно влијае врз изборот на друштвото на студентите во кое и со кое се поминува слободното време на тој начин што најчесто се избира друштво од сопственото социјално потекло, или од припадноста на истиот или сличниот општествен слој.

Оттука може да се очекува дека социјалната структура на студентите влијае и врз нивните поинтимни врски и другарување, пред сé во изборот на девојка или младич како основа во изборот на идниот брачен другар. Во оваа смисла во теориската рамка на истражувањето беше формулирана следната хипотеза:

Социјалната структура на студентите влијае врз изборот на девојка или младич така што тој избор претежно се врши во рамките на исто или слично социјално потекло.

Податоците во Табелата 52 ќе покажат дали оваа теориска претпоставка ќе се потврди или, пак, не е основана.

Разгледувајќи ја и оваа табела од вообичаените досегашни два аспекти на анализа, можат да се изведат следните констатации:

1. Од вкупниот број студенти од работничко потекло 46,6% девојка или младич бираат од сопственото (работничко) потекло; потоа, од слојот на стручњаците (14,6%) и од слојот на администрацијата (14,0%), а најмалку од слојот на раководителите (2,8%) и од земјоделско потекло (5,7%).

ТАБЕЛА - 52

## СОЦИЈАЛНАТА СТРУКТУРА НА СТУДЕНТИТЕ СПОРЕД СОЦИЈАЛНАТА СТРУКТУРА НА НИВНИТЕ ДЕВОЈКИ, ОДНОСНО МЛАДИЧИ

| Социјалната струк. на девојките односно младичите / Социјалната структура на студентите | Работници | Земјоделци | Администрација | Стручњаци | Раководители | Друго | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Работници | 46,6<br>230<br>56,0 | 5,7<br>28<br>30,8 | 14,0<br>69<br>31,6 | 14,6<br>72<br>18,0 | 2,8<br>14<br>16,9 | 16,4<br>81<br>32,7 | 100,0<br>494<br>34,1 |
| Земјоделци | 37,1<br>59<br>14,4 | 25,8<br>41<br>45,1 | 10,1<br>16<br>7,3 | 11,9<br>19<br>4,8 | 2,5<br>4<br>4,8 | 12,6<br>20<br>8,1 | 100,0<br>159<br>11,0 |
| Администрација | 16,5<br>20<br>4,9 | 4,2<br>5<br>5,5 | 37,2<br>45<br>20,6 | 22,3<br>27<br>6,7 | 3,3<br>4<br>4,8 | 16,5<br>20<br>8,1 | 100,0<br>121<br>8,3 |
| Стручњаци | 14,4<br>64<br>15,6 | 2,5<br>11<br>12,1 | 12,6<br>56<br>25,7 | 52,0<br>231<br>57,8 | 2,7<br>12<br>14,5 | 18,8<br>70<br>28,2 | 100,0<br>444<br>30,6 |
| Раководители | 15,9<br>21<br>5,1 | 3,0<br>4<br>4,4 | 13,6<br>18<br>8,3 | 22,7<br>30<br>7,5 | 45,5<br>60<br>72,3 | 12,9<br>17<br>6,9 | 100,0<br>132<br>9,1 |
| Друго | 16,0<br>16<br>3,9 | 2,0<br>2<br>2,2 | 14,0<br>14<br>6,4 | 21,0<br>21<br>5,3 | 7,0<br>7<br>8,4 | 40,0<br>40<br>16,1 | 100,0<br>100<br>6,9 |
| СЕ: | 28,3<br>410<br>100,0 | 6,3<br>91<br>100,0 | 15,0<br>218<br>100,0 | 27,6<br>400<br>100,0 | 5,7<br>83<br>100,0 | 17,1<br>248<br>100,0 | 100,0<br>1.450<br>100,0 |

$X^2 = 136,91$ $P < 0,001$ $DF = 25$ $C = 0,293$

2. Студентите од земјоделско потекло најповеќе девојка или младич не бираат од својот земјоделски слој (25,8%), туку од работничката класа (37,1%), а најмалку од слојот на раководителите (2,5%).

3. Студентите од слојот на администрацијата најчесто меѓусебно се избираат за девојка, односно младич (37,2%); потоа, од слојот на стручњаците (22,3%), а најмалку од слојот на раководителите (3,3%), како и од земјоделско потекло (4,2%).

4. Во однос на студентите од сите други класи и слоеви, студентите од слојот на стручњаците најповеќе, преку половината (52,0%), меѓусебе се бираат за девојки и младичи, а за четири пати помалку од слојот на администрацијата (12,6%) и од работничката класа (14,4%).

5. Студентите со потекло од раководниот слој 45,5% за девојка, односно младич обично бираат од својот (раководниот) слој, потоа од слојот на стручњаците (22,7%), а најмалку од земјоделско потекло (3,0%).

Во однос на социјалната структура на избираните девојки и младичи (анализа по колони на Табелата 52) уште порелјефно се забележуваат разликите:

1. Студентите од работничката класа најмногу се бирани за девојки или младичи од своите колеги припадници на работничката класа (56,0%), понатаму далеку помалку, но речиси подеднакво од слојот на стручњаците (15,6%) и од земјоделско потекло (14,4%), а најмалку од слојот на администрацијата (4,9%) и слојот на раководителите (5,1%).

2. За девојки и младичи од земјоделско потекло најповеќе се бирани од студенти со истото (земјоделско) потекло (45,1%); потоа, од студентите од работничко потекло (30,8%), незнатно од истите слоеви иако кај работничката студентска младина од слојот на раководителите (4,4%) и од слојот на администрацијата (5,5%).

3. Студентите од слојот на администрацијата како девојки и младичи најповеќе се преферирани од студентите од работничко потекло (31,6%); потоа од слојот на стручњаците (25,7%) и од сопствениот слој (20,6%), а најмалку од земјоделско потекло (7,3%).

4. Студентите со потекло од слојот на стручњаците преку половината (57,8%) за девојки, односно младичи се бирани од студентите од своето потекло, потоа од работничко потекло (18,0%), а најмалку од земјоделско потекло (4,8%).

5. Студентите од слојот на раководителите како девојки или младичи најчесто, над две третини (72,3%) се бирани од сопствениот слој, а најмалку од слојот на администрацијата (8,1%) и од земјоделско потекло (4,8%). Ова се покажува како најзатворен слој и во изборот од студентите од другите класи и слоеви.

Од оваа анализа и од пресметаните Хи-квадрат тестот и коефициентот на контигенција јасно произлегува заклучокот дека теориската претпоставка е реално основана, односно социјалната структура на студентите значајно влијае врз изборот на девојка или младич така што тој избор претежно се врши во рамките на исто или слично социјално потекло.

б) Ставовите на студентите за значењето на социјалното потекло на студентите во нивните меѓусебни однесувања

Ако во стварноста во меѓусебните однесувања на студентите во изборот на друштвото во кое и со кое ќе ги подготвува испитите и ќе го поминува слободното време како и во изборот на девојка или младич значајно влијае и ги диференцира студентите нивната социјална структура, нивното социјално потекло, како што покажа горнава анализа, интересно е да се види каков е ставот на самите студенти за таквото влијание, односно дали, при изборот на девојка или младич, треба да се води сметка за нивното социјално потекло. Одговорите на овие прашања ќе се проследат во следната Табела 53.

1. Студентите од работничката класа најмногу (42,1%) сметаат дека при изборот на девојка или младич не водат сметка за социјалното потекло, потоа, речиси половината од студентите од овој одговор "слабо водат сметка" (23,9%), додека само 4,9% водат сметка и 8,9% прилично водат сметка за социјалното потекло на девојката или младичот.

2. Од студентите со земјоделско потекло, исто така најмногу се оние кои "воопшто не водат сметка" за социјалното потекло на своите девојки, односно младичи (46,5%); потоа, слабо водат сметка 20,8%, а оние кои прилично водат и мошне многу водат сметка се околу 17,6%.

3. Мошне слични тенденции се забележуваат и кај студентите од немануелните слоеви кои исто така преку две третини воопшто или слабо водат сметка при изборот за девојка или младич за нивното социјално потекло.

ТАБЕЛА - 53

СТАВОТ НА СТУДЕНТОТ ВО ВРСКА СО ВОДЕЊЕТО СМЕТКА ЗА СОЦИЈАЛНОТО ПОТЕКЛО ПРИ ИЗБОРОТ НА ДЕВОЈКА ОДНОСНО МЛАДИЧ СПОРЕД СОЦИЈАЛНАТА СТРУКТУРА

| Став / Социјална струк. | "Водам сметка мошне многу" | "Прилично" | "Обично водам сметка" | "Слабо водам сметка" | "Воопшто не водам" | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Работници | 4,9<br>24 | 8,9<br>44 | 20,2<br>100 | 23,9<br>118 | 42,1<br>208 | 100<br>494 |
| Земјоделци | 7,5<br>12 | 10,1<br>16 | 15,1<br>24 | 20,8<br>33 | 46,5<br>74 | 100<br>159 |
| Администрација | 6,6<br>8 | 4,1<br>5 | 19,0<br>23 | 27,3<br>33 | 43,0<br>52 | 100<br>121 |
| Стручњаци со сред. образ. | 4,5<br>9 | 5,6<br>11 | 22,1<br>44 | 25,6<br>51 | 42,2<br>84 | 100<br>199 |
| Стручњаци со високо образ. | 2,5<br>6 | 6,1<br>15 | 14,3<br>35 | 32,2<br>79 | 44,9<br>110 | 100<br>245 |
| Раководители | 3,8<br>5 | 8,3<br>11 | 19,7<br>26 | 27,3<br>36 | 40,9<br>54 | 100<br>132 |
| Друго | 9,0<br>9 | 11,0<br>11 | 17,0<br>17 | 18,0<br>18 | 45,0<br>45 | 100<br>100 |
| СЀ: | 5,0<br>73 | 7,8<br>113 | 18,6<br>269 | 25,4<br>368 | 43,2<br>627 | 100<br>1.450 |

$X^2 = 32,57 \quad P > 0,05 \quad DF = 24 \quad C = 0,148$

На тој начин овие податоци од Табелата 53 како и Хи-квадратот ($X^2$=32,57 P > 0,05 DF = 24) и коефициентот на контигенција (C=0,148) јасно покажуваат дека социјалната структура на студентите значајно не влијае врз нивниот став, сфаќање за тоа дали треба да се води сметка за социјалното потекло при изборот на девојка или младич. Тука јасно се покажува разликата помеѓу стварното, фактичкото значајно влијание на социјалната структура на студентите врз изборот на девојка или младич и нивниот став и мислење за тоа дали треба да се води сметка за социјалното потекло на нивните девојки, односно младичи.

СТАВОТ НА СТУДЕНТИТЕ ВО ВРСКА СО ТОА ДАЛИ ПРИ ИЗБОРОТ НА ДЕВОЈКА, ОДНОСНО МЛАДИЧ ВОДАТ СМЕТКА И ЗА НЕЈЗИНОТО, ОДНОСНО СОЦИЈАЛНО ПОТЕКЛО СПОРЕД СОЦИЈАЛНОТО ПОТЕКЛО НА СТУДЕНТИТЕ И НИВНИОТ УСПЕХ ВО СРЕДНОТО УЧИЛИШТЕ

| Социјално потекло на студентите | Успех во средното училиште | Став на студентите | | | | | | | | | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Мошне многу водам сметка | | Прилично водам сметка | | Обично водам сметка | | Слабо водам сметка | | Воопшто не водам сметка | | | |
| Мануелно | - Одличен | 5 | 3,8 | 5 | 3,8 | 33 | 25,0 | 26 | 19,7 | 63 | 47,7 | 132 | 100,0 |
| | - Многу добар | 10 | 6,1 | 18 | 11,1 | 22 | 13,5 | 40 | 24,5 | 73 | 44,8 | 163 | 100,0 |
| | - Добар | 16 | 5,9 | 25 | 9,2 | 50 | 18,4 | 63 | 23,3 | 117 | 43,2 | 271 | 100,0 |
| | - Доволен и поправен | 10 | 7,5 | 14 | 10,5 | 26 | 19,6 | 31 | 23,3 | 52 | 39,1 | 133 | 100,0 |
| | СЕ: | 41 | 5,9 | 62 | 8,9 | 131 | 18,7 | 160 | 22,9 | 305 | 43,6 | 699 | 100,0 |
| Немануелно | - Одличен | 6 | 3,3 | 9 | 5,0 | 25 | 13,8 | 60 | 33,1 | 81 | 44,8 | 181 | 100,0 |
| | - Многу добар | 7 | 4,2 | 10 | 5,9 | 29 | 17,2 | 42 | 24,8 | 81 | 47,9 | 169 | 100,0 |
| | - Добар | 13 | 5,3 | 17 | 7,0 | 50 | 20,5 | 73 | 29,9 | 91 | 37,3 | 244 | 100,0 |
| | - Доволен и поправен | 2 | 1,9 | 6 | 5,8 | 24 | 23,1 | 24 | 23,1 | 48 | 46,1 | 104 | 100,0 |
| | СЕ: | 28 | 4,0 | 42 | 6,0 | 128 | 18,4 | 199 | 28,5 | 301 | 43,1 | 698 | 100,0 |

$X^2_M = 13,98$ P > 0,005 DF = 12 $C_M = 0,140$

$X^2_H = 13,71$ P > 0,005 DF = 12 $C_H = 0,138$

Меѓутоа, покрај непосредното поврзување на социјалната структура на студентите како независна варијабла со нивниот став за (не)водењето сметка при изборот на девојка или младич за нивното социјално потекло, како зависна варијабла, ме интересираше и комбинираното дејство на социјалното потекло на студентите и нивниот успех во средното училиште врз овој нивни став (Табела 54).

Од табелата јасно се гледа, без разлика и на социјалното потекло и успехот на студентите во средното училиште, нивните ставови значајно не се диференцираат што го потврдуваат и двата пресметани Хи-квадрати и тоа за студентите од мануелно потекло ($X^2м=13,98$ $P > 0,05$ $DF = 12$) и од немануелно ($X^2н=13,71$ $P > 0,05$ $DF = 12$) и двата коефициенти на контигенција (См = 0,140, односно Сн = 0,138).

## Заклучок

Социјалната структура на студентите мошне значајно влијае врз омеѓувањето на друштвото на студентите во кое најчесто ги остваруваат своите потреби за други луѓе, за други колеги, друштво во кое најчесто студентите го поминуваат своето време и тоа: на факултетот, високошколската установа, во библиотеката, во помагањето за подготвување на испитите, во студентскиот дом, во ресторанот, во заедничката посета на кино, концерт и други заеднички спортски и културни друштва и манифестации.

Социјалната структура значајно влијае врз изборот на најдобриот другар со кого најповеќе се дружи во таа смисла што најчесто за најдобри другари се избираат или *de facto* самата ситуација наметнува другари од сопственото или мошне блиското социјално потекло. Во оваа смисла може да се каже дека разликите меѓу студентите од немануелните слоеви во изборот на нивните најдобри се поголеми отколку разликите меѓу студентите од работничките слоеви, но сепак тие не се толку големи и значајни колку што се разликите меѓу студентите од различните класи и слоеви, односно дека разликите меѓу студентите од работничката класа и студентите од немануелните слоеви во нивното другарување се многу поголеми и позначајни. При тоа во другарувањето, односно во изборот на најдобар другар постои поголема затвореност меѓу студентите од немануелните слоеви во однос на студентите од мануелно потекло.

Комбинираното дејство меѓу социјалното потекло на студентите и нивниот успех во средното училиште врз изборот на најдобриот другар се покажува како мошне позначајно и повлијателно социјалното потекло колку успехот во средното училиште.

Социјалната структура на студентите значајно влијае и во другите неформални односи меѓу студентите меѓу кои таа значајно влијае и врз нивното меѓусебно помагање во студирањето во подготвувањето на испитите на тој начин што во позначајна мера студентите од исто или слично социјално потекло се здружуваат за заедничко подготвување на испитите во текот на нивното студирање.

Влијанието на социјалната структура на студентите се изразува и во нивното користење на слободното време така што изборот на друштвото на своите колеги - студенти во кое и со кое се поминува слободното време, така што во најголемиот број случаи се избира друштво од сопственото социјално потекло или на него мошне блиско.

Во рамките на изборот на друштвото, (другарите и другарките) со кое се поминува слободното време посебно значајно место зазема изборот на девојка или младич. Социјалната структура на студентите и во тој поглед значајно влијае така што тој избор претежно се врши во рамките на исто или слично социјално потекло.

Ваквото фактичко дејствување на социјалната структура во неформалните односи на студентите, т.е. во нивниот конкретен живот мошне значајно се разликува, односно отстапува од нивниот став, мислење, гледиште за водењето сметка за социјалното потекло на девојката или младичот со тоа што, без разлика на нивната социјална структура, тие најчесто се изјаснуваат дека не водат или слабо водат сметка за социјалното потекло на својот младич, односно девојка.

Овде јасно се согледува влијанието на социјалната структура во целокупниот општествен живот, за што стана збор во претходниот дел (IV).

## 3. ВЛИЈАНИЕТО НА СОЦИЈАЛНАТА СТРУКТУРА ВРЗ УСПЕХОТ НА СТУДЕНТИТЕ

### Увод

Се претпоставува дека социјалната структура на студентите влијае и врз нивниот успех во студиите. Основата за ваквата претпоставка претставуваат резултатите на истражувањето за социјалната структура на учениците во средните училишта што го реализирав во учебната 1969/70 година, а пред тоа и резултатите на едно анкетно испитување на Републичкиот завод за статистика на Македонија за успехот на средношколската младина во учебната 1953/54 година. Овие истражувања покажаа дека учениците од повисоките немануелни општествени слоеви во поголема мера покажуваат подобар успех и помалку послаб успех во однос на мануелните слоеви. Во извесна смисла исклучок од оваа правилност направиле учениците од земјоделско потекло на матурскиот испит во учебната 1953/54 година, кога покажале подобар општ успех во однос на учениците од другите мануелни и немануелни слоеви. Овој исклучок се објаснува со поострата селекција што ја претрпеле овие ученици во претходните години на школување, така што оние што го продолжиле школувањето веројатно биле понадарени и поамбициозни.[13/] Понатаму, со оглед на фактот што на определен начин во претходните поглавја, особено во поглавјето за влијанието на социјалната структура врз изборот на видот на високото образование се направи обид да се покаже дека социјалната структура на учениците од средните училишта се репродукува и на високото образование, одно-

13/ Вид. Георгиевски м-р П., Социјалното потекло... оп. цит. с. 180.

сно дека оваа последната произлегува од првата и дека во некои точки уште повеќе е заострена, уште повеќе насочува кон реалноста на поставената претпоставка.

Во конкретната формулација на хипотезите, оваа претпоставка доби ваква форма: социјалната структура влијае врз успехот на студентите во студиите така што студентите од работничките и земјоделските слоеви покажуваат понезадоволителен успех од студентите со потекло од немануелните слоеви.

Ваквите разлики се претпоставуваат пред сé поради поповолните услови за учење, студирање и воопшто за живеење што ги имаат студентите од немануелните слоеви отколку нивните колеги од мануелно потекло.

Влијанието на социјалната структура на студентите врз нивниот успех во студиите се расчленува и на влијанието на просечниот месечен доход и степенот на образование на нивните родители. Нивното влијание ќе се анализира одвоено, но и комбинирано.

Се разбира дека врз успехот на студентите во текот на нивното студирање влијаат и низа други чинители од кои, сметам дека се значајни следните: регионалното потекло на студентите, видот на завршеното средно училиште, успехот во средното образование, видот на високото образование што се студира и половата структура на студентите.

Социјалната структура на студентите и овие приведени чинители влијаат и врз времетраењето на студиите.

а) Влијанието на социјалната структура врз успехот на студентите во текот на студиите

Во анкетата на студентите беа опфатени сите студиски години, оттука студентите од прва година кога се спроведуваше анкетата сé уште немаа полагано испити, па затоа за нив не се однесува просечната оценка, иако во табелите се внесени податоците и за оваа студиска година за да може да се пресметаат мерките на значајност на разликите.

Врз основа на податоците во Табелата 55 кои го покажуваат влијанието на социјалната структура на студентите врз нивниот успех може да се констатира следното:

1. Ако се запоставаат податоците во првата колона за сите редови во која нема податоци за просечната оценка бидејќи студентите се од прва година, тогаш во првиот ред, т.е. студентите од работничко потекло покажуваат најголемо учество кај групата просечна оцена која се движи од 6,01-7,0 (29,8%); потоа слични оценки се забележуваат во средната група од 7,01-8,0 (10,1%) и во најниската група 6,0 (9,5%).

2. Студентите од трите слоја - земјоделскиот, административниот и од стручниот со средно образование покажуваат мошне слична тенденција во нивниот успех во студиите. Имено, тие во однос на студентите од работничко потекло помногубројни се во просечната оценка во групата од 6,01-7,0, што се движи од 32,7% кај студентите од слојот на стручњаците со средно образование до 34,6% кај студентите од земјоделско потекло. Нивното учество е мошне слично и во другите групи на просечни оценки така што, на пример, во највисоката група на оценки

ТАБЕЛА - 55

ПРОСЕЧНАТА ОЦЕНКА ЗА ВРЕМЕ НА СТУДИРАЊЕТО СПОРЕД СОЦИЈАЛНАТА СТРУКТУРА НА СТУДЕНТИТЕ

| Просечна оцена / Социјална структ. | Нема просечна оцена (I год.) | 6,00 | 6,01-7,00 | 7,01-8,00 | 8,01-10,0 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Работници | 46,1<br>228 | 9,5<br>47 | 29,8<br>147 | 10,1<br>50 | 4,5<br>22 | 100<br>494 |
| Земјоделци | 42,1<br>67 | 10,7<br>17 | 34,6<br>55 | 10,1<br>16 | 2,5<br>4 | 100<br>159 |
| Администрација | 38,8<br>47 | 13,2<br>16 | 33,1<br>40 | 12,4<br>15 | 2,5<br>3 | 100<br>121 |
| Стручњаци со средно образ. | 40,7<br>81 | 10,0<br>20 | 32,7<br>65 | 13,1<br>26 | 3,5<br>7 | 100<br>199 |
| Стручњаци со високо образ. | 32,6<br>80 | 10,2<br>25 | 29,4<br>72 | 19,6<br>48 | 8,2<br>20 | 100<br>245 |
| Раководители | 37,9<br>50 | 8,3<br>11 | 29,6<br>39 | 15,9<br>21 | 8,3<br>11 | 100<br>132 |
| Друго | 40,0<br>40 | 11,0<br>11 | 29,0<br>29 | 13,0<br>13 | 7,0<br>7 | 100<br>100 |
| СЀ: | 40,9<br>493 | 10,2<br>147 | 30,8<br>447 | 13,0<br>189 | 5,1<br>74 | 100<br>1.450 |

$X^2 = 37,69$ $P < 0,05$ $DF = 24$ $C = 0,159$

таа подеднакво изнесува кај студентите од земјоделско потекло и од административниот слој (2,5%), а нешто е повисоко кај студентите од слојот на стручњаците (3,5%). Кај овие последните исто така учеството во просечната оценка во групата помеѓу 7,01-8,00 е поголемо (13,1%) и тоа повеќе во однос на студентите од земјоделско потекло (10,1%), отколку во однос на студентите од административниот слој (12,4%).

3. Студентите со потекло од слојот на стручњаци со високо образование и од раководниот слој покажуваат меѓусебна слична тенденција во успехот во студиите со општа карактеристика на повисок, подобар успех, односно поголема заста-

пеност во повисоките групи на просечна оценка во однос на студентите од другите општествени класи и слоеви. Имено, во категоријата на просечен успех од 7,01-7,00 од вкупниот број студенти од слојот на стручњаците со високо образование има 19,6%, што е за близу десет процентуални поени повеќе во однос на студентеите од работничко и земјоделско потекло; кај студентите од слојот на раководителите тоа учество изнесува 15,9%, додека пак студентите од двата овие слоја во највисоката група на просечни оценки (8,01-10,0) учествуваат со околу 8,3%, што е за околу два пати поголемо процентуално учество во однос на студентите од работничко потекло, и за над три пати повеќе во однос на студентите од земјоделско потекло и од слојот на администрацијата.

4. Значи, позначајните разлики во просечниот успех на студентите се наоѓаат помеѓу студентите од слоевите заклучно со слојот стручњаци со средно образование и студентите од слоевите на стручњаци со високо образование и од слојот на раководителите. Пресметаните мерки на значајност ($X^2$=37,69 $P < 0,05$ DF = 24 C = 0,159) покажуваат дека социјалната структура на студентите има определено влијание врз успехот во нивните студии, но тоа влијание е мошне послабо во однос на нејзиното влијание врз изборот на видот на високото образование и врз нивното другарување.

Успехот на студентите од работничко и посебно земјоделско потекло значајно се доближува и е сличен со успехот на студентите од немануелно потекло, особено на студентите од слојот на администрацијата и од слојот на стручњаци со средно

образование. Како може да се објасни ова? Најверојатно причините лежат во тоа што кај студентите од земјоделско, па и работничко потекло е извршена мошне поостра селекција во претходните степени на образование (пред сé средното, па донекаде и основното). На тој начин, на факултетите и вишите школи, што покажаа и податоците за нивната застапеност која е мошне помала во поглед на застапеноста на нивните класи во вкупното население, доколку таа се спореди со учеството на студентите од немануелните слоеви, останувааат да студираат поспособните и поамбициозните.

И покрај податоците во претходната табела кои покажуваат определено влијание, на социјалната структура на студентите врз нивниот успех, но не така изразено, сепак, интересно е да се види дали таквото влијание можеби е поизразено во рамките на студентите од работничката класа, односно во рамките на студентите од немануелно потекло (Табела 55-а).

Самите податоци во Табелата 55-а, како и Хи-квадратите за двете групи мануелни ($X_M^2 = 6,32$ $P > 0,05$ и $X_H^2 = 7,53$ $P > 0,05$ DF = 8) покажуваат дека не постојат значајни разлики помеѓу одделните групи, односно коефициентите на контигенција –(Cм = 0,112 и Cн = 0,103) јасно покажуваат дека не постои корелациска врска во двете групи помеѓу припадноста на слоевите како независна варијабла и просечната оценка во текот на студиите како зависна варијабла. Оттука следи заклучокот дека социјалната структура на студентите има извесно влијание врз нивниот успех во студирањето, со напомена дека разликите се поизразени меѓу студентите од работничко потекло и студентите од немануелните слоеви, отколку во рамките на секоја од овие класи и слоеви чии разлики се и безначајни.

ТАБЕЛА - 55-а

ПРОСЕЧНАТА ОЦЕНА НА СТУДЕНТИТЕ ВО ТЕКОТ НА СТУДИИТЕ СПОРЕД СОЦИЈАЛНАТА СТРУКТУРА НА СТУДЕНТИТЕ ОД МАНУЕЛНО РАБОТНИЧКО И НЕМАНУЕЛНО ПОТЕКЛО

| Потекло | Просечна оценка / Социјал.стр. | Нема просечна оценка I год. | 6,0 | 6,01-7,0 | 7,01-8,0 | 8,01-10,0 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Мануелни | НКВ и ПКВ работници | 39,3<br>53 | 11,1<br>15 | 35,5<br>48 | 11,1<br>15 | 3,0<br>4 | 100,0<br>135 |
| | КВ работници | 49,3<br>74 | 10,0<br>15 | 27,3<br>41 | 8,7<br>13 | 4,7<br>7 | 100,0<br>150 |
| | ВКВ работници | 48,3<br>101 | 8,1<br>17 | 27,8<br>58 | 10,5<br>22 | 5,3<br>11 | 100,0<br>209 |
| | СЀ: | 46,2<br>228 | 9,5<br>47 | 29,8<br>147 | 10,1<br>50 | 4,4<br>22 | 100,0<br>494 |
| Немануелни | Администрација | 38,8<br>47 | 13,2<br>16 | 33,1<br>40 | 12,4<br>15 | 2,5<br>3 | 100,0<br>121 |
| | Стручњаци | 36,3<br>161 | 10,1<br>45 | 30,9<br>137 | 16,7<br>74 | 6,1<br>27 | 100,0<br>444 |
| | Раководители | 37,9<br>50 | 8,3<br>11 | 29,5<br>39 | 15,9<br>21 | 8,3<br>11 | 100,0<br>132 |
| | СЀ: | 37,0<br>258 | 10,3<br>72 | 31,0<br>216 | 15,8<br>110 | 5,9<br>41 | 100,0<br>697 |

$X_{M}^{2} = 6,32$  $P > 0,05$  $DF = 8$  $C_M = 0,112$

$X_{H}^{2} = 7,53$  $P > 0,05$  $DF = 8$  $C_H = 0,103$

Анализираните податоци за влијанието на социјалната структура на студентите врз нивниот успех во текот на студиите се добиени врз основа на анкетното испитување што го реализирав во учебната 1974/75 година и тоа врз основа на исказите на самите анкетирани студенти. Но уште порелевантен показател за влијанието на социјалната структура врз успехот на студентите претставуваат податоците за дипломираните студенти добиени со обработка на нивните студентски картони, а кои се изнесени за две учебни години во Табелата 56. Во оваа табела покрај влијанието на социјалната структура врз просечната оценка на дипломираните студенти можат да се забележат и определени промени за период од четири-пет години.

ТАБЕЛА - 56

УСПЕХОТ НА ДИПЛОМИРАНИТЕ СТУДЕНТИ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ "КИРИЛ И МЕТОДИЈ" СПОРЕД НИВНАТА СОЦИЈАЛНА СТРУКТУРА

| Успех / Социјална струк. | Учебна година | 6,01-7,00 | | 7,01-8,00 | | 8,01-9,00 | | 9,01-10,00 | | Без податоци | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | N | % | N | % | N | % | N | % | N | % | N | % |
| Работници | 69/70 | 100 | 62,9 | 40 | 25,2 | 17 | 10,7 | 1 | 0,6 | 1 | 0,6 | 159 | 100,0 |
| | 73/74 | 140 | 51,9 | 92 | 34,1 | 22 | 8,1 | 2 | 0,7 | 14 | 5,2 | 270 | 100,0 |
| Земјоделци | 69/70 | 110 | 67,5 | 38 | 23,3 | 11 | 6,7 | - | - | 4 | 2,5 | 163 | 100,0 |
| | 73/74 | 150 | 61,5 | 70 | 28,7 | 17 | 7,0 | - | - | 7 | 2,8 | 244 | 100,0 |
| Стручњаци | 69/70 | 30 | 46,9 | 16 | 25,0 | 16 | 25,0 | 2 | 3,1 | - | - | 64 | 100,0 |
| | 73/74 | 51 | 41,5 | 39 | 31,7 | 21 | 17,0 | 5 | 4,1 | 7 | 5,7 | 123 | 100,0 |
| Администрација + Раководители | 69/70 | 138 | 54,3 | 83 | 31,6 | 24 | 9,0 | 6 | 2,3 | 5 | 2,0 | 256 | 100,0 |
| | 73/74 | 158 | 48,0 | 110 | 33,4 | 45 | 13,7 | 5 | 1,5 | 11 | 3,4 | 329 | 100,0 |
| СЀ: | 69/70 | 378 | 58,9 | 177 | 27,6 | 68 | 10,6 | 9 | 1,4 | 10 | 1,5 | 642 | 100,0 |
| | 73/74 | 499 | 51,7 | 311 | 32,2 | 105 | 10,9 | 12 | 1,2 | 39 | 4,0 | 966 | 100,0 |

ИЗВОР: Податоците се добиени врз основа на рачна обработка на студентските картони за дипломираните студенти на Универзитетот "Кирил и Методиј" во Скопје за учебните години од 1969/70 до 1973/74 година. Во понатамошната анализа сите податоци што се однесуваат за дипломираните студенти и за времетраењето на студиите се добиени на овој начин.

Студентите од слојот на стручњаците во двата периоди покажуваат најдобар успех во однос на дипломираните студенти од другите класи и слоеви. Имено, тие имаат значајно помало учество во најниската категорија на просечен успех во двата периоди (46,9%, односно 41,5%) што се движи за околу дваесет процентуални поени помалку во однос на студентите од земјоделско потекло (67,5 : 61,5%), односно над десет такви поени во однос на студентите од работничко потекло (62,9 : 51,9%) и за седум-осум процентуални поени помалку во однос на студентите од слоевите на администрација и раководителите (54,3 : 48,0%).

Во втората колона на Табелата 56, т.е. во категоријата на просечна оцена од 7,01-8,00 постојат определени разлики меѓу студентите од различните класи и слоеви, но тие речиси не се значајни. Би можело да се рече дека постојат позначајни разлики во успехот во двата периоди на студентите од иста класа или слој. Така учеството на студентите од работничко потекло во оваа категорија на просечна оцена во учебната 1969/70 година изнесува 25,2%, а во учебната 1973/74 година 34,1%, т.е. порасна за девет поени, кај студентите од земјоделско потекло порасна од 23,5% на 28,7%; кај слојот на стручњаците од 25,0% на 31,7% и кај административниот од 31,6 на 33,4%.

Разликите во двете најуспешни категории дипломирани студенти, особено во категоријата од 8,01-9,00 повторно доаѓаат до израз и тоа е најголемо учество на студентите од слојот на стручњаците (25,0 : 17,0%), што е за петнаесет про-

центуални поени повисоко од студентите од работничката класа во учебната 1969/70 година, и за девет во учебната 1973/74 година (10,7 : 8,1%); понатаму, за 19 поени во учебната 1969/7 година и десет во учебната 1973/74 година, во однос на студентите од земјоделско потекло (6,7 : 7,0%) и за 16 поени во првата и три поени во втората учебна година во однос на студентите од административниот и раководниот слој (9,0 : 13,7%).

Од анализата на овие податоци може да се констатира дека социјалната структура на студентите влијае врз нивниот успех во студиите така што студентите од немануелните слоеви, особено од слојот на стручњаци покажуваат знатно подобар успех отколку студентите од работничко и земјоделско потекло.

Во теориската рамка на истражувањето е претпоставено дека и доходот на семејството влијае врз успехот на студентите. Дали и колку влијае оваа независна варијабла треба да покаже анализата на податоците во Табелата 57.

Во категоријата до 250,00 динари по член на семејство највисоко учество имаат студентите со просечен успех помеѓу 6,01-7,00 (36,9%), додека во другите групи на просечни оценки нивното учество е речиси минимално.

Во втората категорија на просечен месечен доход по член на семејство (250,01-500,00 динари), исто така најголемо учество на студенти има во групата на просечни оценки помеѓу 6,01-7,00 (27,4%), но истовремено позначајно е нивното учество и во повисоките групи на оценки, особено во групата помеѓу 7,01-8,00 (12,1%).

## ПРОСЕЧНАТА ОЦЕНКА НА СТУДЕНТИТЕ СПОРЕД ПРОСЕЧНИОТ МЕСЕЧЕН ДОХОД ПО ЧЛЕН НА СЕМЕЈСТВО

| Просечна оцена за време на студирањето / Просеч. месеч.доход по член на сем. | На I год. сум | 6,00 | 6,01-7,00 | 7,01-8,00 | 8,01-9,00 | 9,01-10,00 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| До 250,00 | 47,8<br>22<br>3,7 | 8,7<br>4<br>2,7 | 36,9<br>17<br>3,8 | 4,4<br>2<br>1,1 | 2,2<br>1<br>2,1 | -<br>-<br>- | 100,0<br>46<br>3,2 |
| 250,01-500,00 | 46,7<br>143<br>24,1 | 9,2<br>28<br>19,1 | 27,4<br>84<br>18,8 | 12,1<br>37<br>19,6 | 2,9<br>9<br>19,1 | 1,7<br>5<br>18,5 | 100,0<br>306<br>21,1 |
| 500,01-750,00 | 42,1<br>125<br>21,2 | 10,8<br>32<br>21,8 | 29,3<br>87<br>19,5 | 13,1<br>39<br>20,6 | 3,4<br>10<br>21,3 | 1,3<br>4<br>14,8 | 100,0<br>297<br>20,5 |
| 750,01-1.000,00 | 39,7<br>106<br>17,9 | 8,6<br>23<br>15,6 | 36,0<br>96<br>21,5 | 11,6<br>31<br>16,4 | 3,4<br>9<br>19,1 | 0,7<br>2<br>7,4 | 100,0<br>167<br>16,4 |
| 1.000,01-1.250,00 | 35,0<br>42<br>7,1 | 15,0<br>18<br>12,2 | 29,2<br>35<br>7,8 | 16,7<br>20<br>10,6 | 3,3<br>4<br>8,5 | 0,8<br>1<br>3,7 | 100,0<br>120<br>8,3 |
| 1.250,01-1.500,00 | 34,0<br>34<br>5,7 | 8,0<br>8<br>5,4 | 34,0<br>34<br>7,6 | 21,0<br>21<br>11,1 | 2,0<br>2<br>4,3 | 1,0<br>1<br>3,7 | 100,0<br>100<br>6,9 |
| 1.500,01-1.750,00 | 41,8<br>23<br>3,9 | 3,6<br>2<br>1,4 | 25,5<br>14<br>3,1 | 20,0<br>11<br>5,8 | 3,6<br>2<br>4,3 | 5,5<br>3<br>11,1 | 100,0<br>55<br>3,8 |
| 1.750,01 и повеќе | 42,8<br>33<br>5,5 | 9,1<br>7<br>4,8 | 18,2<br>14<br>3,1 | 10,4<br>8<br>4,2 | 7,8<br>6<br>12,8 | 11,7<br>9<br>33,4 | 100,0<br>77<br>5,3 |
| Нема доход и б.о. | 35,7<br>65<br>11,0 | 13,7<br>25<br>17,0 | 36,3<br>66<br>14,8 | 11,0<br>20<br>10,6 | 2,2<br>4<br>8,5 | 1,1<br>2<br>7,4 | 100,0<br>182<br>12,6 |
| ВКУПНО: | 40,9<br>593<br>100,0 | 10,1<br>147<br>100,0 | 30,8<br>447<br>100,0 | 13,0<br>189<br>100,0 | 3,3<br>47<br>100,0 | 1,9<br>27<br>100,0 | 100,0<br>1,450<br>100,0 |

$X^2 = 61,74$  $P < 0,001$  $DF = 28$  $C = 0,202$

Овде може да се забележи една општа тенденција и карактеристика која се состои во тоа што во сите категории на просечен месечен личен доход по член на семејство најбројни се, односно најголемо учество имаат студентите во групата на просечни оценки меѓу 6,01-7,00, што се движи од 18,2% во најниската категорија, но со мошне значајни варијации во овој распон меѓу различните категории на доход.

Во следната група на просечни оценки од 7,01-8,00 сè до претпоследната категорија на просечен месечен доход по член на семејство учеството на студентите се зголемува со зголемувањето на просечниот месечен доход по член на семејство, движејќи се од 4,4% во најниската (до 250,00 динари) до 21,0% во категоријата на доход од 1.250,01-1.500,00 динари.

Во најуспешните групи на оценки сè до категоријата на просечен месечен доход по член на семејство од 1.250,01 - 1.500,00 динари, не постојат значајни разлики, додека во двете задни, особено во највисоката категорија 1.750,01 и повеќе, нивното учество е нагло зголемено од 7,8% во групата на просечни оценки помеѓу 8,01-9,00 и на 11,7% во групата од 9,01-10,0.

На тој начин податоците во Табелата 57 посматрани од аспект на просечниот месечен доход по член на семејство покажуваат дека тој (семејниот доход) има значајно влијание врз успехот на студентите.

Ако податоците во Табелата 57 се посматраат од аспект на групите просечни оценки (т.е. по колони), тогаш јасно ќе се забележи дека со незнатни отстапувања најдоминантно уче-

ство, без разлика на групата просечни оценки покажуваат студентите чии семејства според просечниот месечен доход по член на семејство се наоѓаат во категориите од 500,01-750,00 динари и од 750,01-1.000,00 динари, но и во најуспешната група (9,01-10,0) доминираат студентите од највисоката категорија на доход - 1.750,01 и повеќе (33,4%).

Врз основа на оваа анализа на податоците како и врз основа на значајноста на Хи-квадратот ($X^2 = 61,74 \quad P < 0,001$) е потврдена хипотезата за влијанието на доходот на семејството на студентите врз нивниот успех во студиите кое се изразува во насока што оние со повисок доход покажуваат и подобар успех.

Слични резултати за влијанието на доходот врз успехот на студентите доби и Велимир Томановиќ. Тој врската помеѓу доходот на семејството ја покажува врз категоријата на најусепшните и најнеуспешните. "Категоријата студенти кои се најбројни, супер одлични (просек 9,51-10,0) три до четири пати е почеста кај најимотните групи; кога се посматраат студентите кои имаат одличен успех во целина (а тоа се оние кои имаат просек на оцени преку 8,5), разликите се осетни: такви во најимотните групи има 15,4%, а во другите околу 7,0%, што значи двојно помалку. На друга страна меѓу студентите кои имаат најслаб успех, има најмалку оние од најдобро стоечките групи (според стандардот): 34,9 : 44 - 46% во другите групи".[14/]

---

14/ Tomanović V., Socijalna struktura učenika i studenata u Srbiji, Institut društvenih nauka, Beograd, 1969, Sv. IV, s. 59-63.

За влијанието на степенот на образование на татковците на студентите врз нивниот успех податоците се изнесени во Табелата 58.

Кога ќе се погледа оваа табела веднаш се забележува слична тенденција како во претходната табела, т.е. како кај податоците за влијанието на просечниот месечен доход по член на семејство. Имено, најголемо учество на студентите, без разлика на степенот на образование на нивните татковци, имаат во групата на просечни оценки помеѓу 6,01-7,00 што всушност се покажува меѓу доволен и добар. Тоа учество се движи од 25,1% кај студентите чии тактовци имаат високо образование, па до 40,0% кај студентите чии татковци имаат гимназија (не сметајќи ја тука онаа категорија студенти чии родители се неписмени, бидејќи е мошне малубројна).

Учеството на студентите во најниската група на просечни оценки (6,0) се движи од 6,1% кај студентите чии татковци имаат гимназија, па сé до 12,2% кај студентите чии родители имаат осумгодишно образование.

Во категоријата на просечни оценки од 7,01-8,00 позначајно учество покажуваат студентите чии татковци имаат више или високо образование (18,6%), во однос на студентите чии татковци имаат помало образование(на пример кај оние со осумгодишно образование - 9,8%, или четврто основно - 10,5% или училиште за квалификувани работници - 10,6%).

Застапеноста на студентите чии татковци имаат високо образование во двете најуспешни групи на студенти од 8,01 - 9,00 и од 9,01-10,00 е за два-три пати поголемо (7,6% и 6,0%)

ТАБЕЛА - 58

ПРОСЕЧНАТА ОЦЕНКА ЗА ВРЕМЕ НА СТУДИИТЕ СПОРЕД СТЕПЕНОТ НА ОБРАЗОВАНИЕ НА СТУДЕНТИТЕ

| Просечна оценка за време на студ. / Образование на таткото | На I год. е: | 6,00 | 6,01-7,00 | 7,01-8,00 | 8,01-9,00 | 9,01-10,00 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Неписмен | 14,3<br>2<br>0,3 | 35,7<br>5<br>3,4 | 42,9<br>6<br>1,3 | 7,1<br>1<br>0,5 | -<br>-<br>- | -<br>-<br>- | 100<br>14<br>1,0 |
| Самоук | 51,3<br>20<br>3,4 | 10,3<br>4<br>2,7 | 25,6<br>10<br>2,2 | 12,8<br>5<br>2,6 | -<br>-<br>- | -<br>-<br>- | 100<br>39<br>2,3 |
| Четири основно учил. | 46,6<br>115<br>19,4 | 9,3<br>23<br>15,6 | 32,0<br>79<br>17,7 | 10,5<br>26<br>13,8 | 1,2<br>3<br>6,4 | 0,4<br>1<br>3,7 | 100<br>247<br>17,0 |
| Осумгодишно училиште | 40,4<br>99<br>16,7 | 12,2<br>30<br>20,4 | 32,2<br>79<br>17,7 | 9,8<br>24<br>12,7 | 2,4<br>6<br>12,8 | 2,8<br>7<br>25,9 | 100<br>245<br>16,9 |
| Училиште за КВ работници | 46,9<br>53<br>8,9 | 9,7<br>11<br>7,9 | 25,7<br>29<br>6,5 | 10,6<br>12<br>6,3 | 6,2<br>7<br>14,9 | 0,9<br>1<br>3,7 | 100<br>113<br>7,9 |
| Училиште за ВКВ работници | 40,3<br>62<br>10,5 | 11,0<br>17<br>11,6 | 33,8<br>52<br>11,6 | 12,3<br>19<br>10,0 | 1,9<br>3<br>6,4 | 0,6<br>1<br>3,7 | 100<br>154<br>10,6 |
| Средно стручно учил. | 40,9<br>95<br>16,0 | 9,9<br>23<br>15,6 | 31,5<br>73<br>16,3 | 13,8<br>32<br>16,9 | 3,9<br>9<br>19,1 | -<br>-<br>- | 100<br>232<br>16,0 |
| Гимназија | 36,9<br>24<br>4,0 | 6,1<br>4<br>2,7 | 40,0<br>26<br>5,8 | 12,3<br>8<br>4,2 | 1,5<br>1<br>2,1 | 3,1<br>2<br>7,4 | 100<br>65<br>4,5 |
| Виша школа | 35,9<br>52<br>8,8 | 9,7<br>14<br>9,5 | 31,7<br>46<br>10,3 | 18,6<br>27<br>14,3 | 2,1<br>3<br>6,4 | 2,1<br>3<br>11,1 | 100<br>145<br>10,0 |
| Висока школа (факул.) | 35,0<br>64<br>10,8 | 7,6<br>14<br>9,5 | 25,1<br>46<br>10,3 | 18,6<br>34<br>18,0 | 7,6<br>14<br>29,8 | 6,0<br>11<br>40,8 | 100<br>183<br>12,6 |
| Друго | 53,8<br>7<br>1,2 | 15,4<br>2<br>1,4 | 7,7<br>1<br>0,2 | 7,7<br>1<br>0,5 | 7,7<br>1<br>2,1 | 7,7<br>1<br>3,7 | 100<br>13<br>0,9 |
| ВКУПНО: | 40,9<br>593<br>100 | 10,1<br>147<br>100 | 30,8<br>447<br>100 | 13,0<br>189<br>100 | 3,2<br>47<br>100 | 1,8<br>27<br>100 | 100<br>1.450<br>100 |

$X^2 = 66,38$ $P < 0,001$ $DF = 28$ $C = 0,209$

во однос на студентите чии татковци имаат понизок степен на образование, со исклучок на студентите чии татковци имаат училиште за квалификувани работници, а кои се наоѓаат во групата на просечни оценки од 8,01-9,00.

Од оваа анализа од пресметаниот Хи-квадрат ($X^2$=66,38 $P < 0,001$ DF = 28) како и врз основа на податоците за влијанието на степенот на образование на мајките на студентите кои покажуваат мошне слична тенденција и речиси потполно ист степен на разлики (Вид. Прилог 24 - $X^2$=66,19 $P < 0,001$ DF=20 може да се заклучи дека се прифаќа хипотезата за влијанието на степенот на образование на родителите на студентите врз нивниот успех во студиите така што студентите чии родители имаат повисок степен на образование поизразено имаат и подобар успех и покрај тоа што ова влијание на образовната структура на родителите на студентите врз нивниот успех е послабо отколку врз нивниот избор на видот на високото образование и помалку отколку врз успехот во средното образование.

Ако се комбинираат влијанијата на социјалното потекло на студентите и просечниот месечен доход по член на семејство како независни варијабли врз просечната оценка во текот на студиите како зависна варијабла (Табела 59), може да се забележи дека иако постојат извесни разлики во дејствувањето на доходот одделно во рамките на социјалното потекло на студентите, сепак, тие разлики кои се создаваат под дејство на просечниот доход по член на семејство не се толку значајни. Така на пример, ако се изземе категоријата без доход, односно "семејството е земјоделско", тогаш во категоријата сту-

ТАБЕЛА - 59

ПРОСЕЧНА ОЦЕНА НА СТУДЕНТИТЕ ЗА ВРЕМЕ НА СТУДИИТЕ СПОРЕД НИВНОТО СОЦИЈАЛНО ПОТЕКЛО И ПРОСЕЧНИОТ МЕСЕЧЕН ДОХОД ПО ЧЛЕН НА СЕМЕЈСТВОТО

| Социјално потекло | Просечен месечен доход по член на семејство | Просечна оцена | | | | | | | | | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Нема оцена бидејќи и на I год. | | 6,00 | | 6,01-7,00 | | 7,01-8,00 | | 8,01 -10,00 | | | |
| Мануелно | - до 500,00 дин. | 128 | 48,8 | 22 | 8,4 | 73 | 27,9 | 29 | 11,1 | 10 | 3,8 | 262 | 100,0 |
| | - 500,01-1.000,00 | 107 | 42,6 | 23 | 9,2 | 79 | 31,5 | 27 | 10,7 | 15 | 6,0 | 251 | 100,0 |
| | - 1.000,01 и повеќе | 26 | 48,1 | 4 | 7,4 | 17 | 31,5 | 4 | 7,4 | 3 | 5,6 | 54 | 100,0 |
| | - Семејството е семјоделско | 52 | 39,4 | 18 | 13,6 | 46 | 34,9 | 14 | 10,6 | 2 | 1,5 | 132 | 100,0 |
| | СЕ: | 313 | 44,8 | 67 | 9,6 | 215 | 30,7 | 74 | 10,6 | 30 | 4,3 | 699 | 100,0 |
| Немануелно | - до 500,00 дин. | 33 | 44,6 | 7 | 9,4 | 21 | 28,4 | 9 | 12,2 | 4 | 5,4 | 74 | 100,0 |
| | - 500,01-1.000,00 | 115 | 38,6 | 30 | 10,1 | 102 | 34,2 | 41 | 13,8 | 10 | 3,3 | 298 | 100,0 |
| | - 1.000,01 и повеќе | 105 | 35,8 | 30 | 10,2 | 79 | 27,0 | 55 | 18,8 | 24 | 8,2 | 293 | 100,0 |
| | - Семејството е земјоделско | 6 | 18,2 | 5 | 15,2 | 14 | 42,4 | 5 | 15,1 | 3 | 9,1 | 33 | 100,0 |
| | СЕ: | 259 | 37,1 | 72 | 10,3 | 216 | 30,9 | 110 | 15,8 | 41 | 5,9 | 698 | 100,0 |

$X^2_M = 11,60$ P > 0,05 DF = 12 $C_M = 0,127$

$X^2_H = 19,08$ P > 0,05 DF = 12 $C_H = 0,163$

денти од мануелно потекло разликата во највисокото и најниското учество во групата просечни оценки - 6,0, се движи од 7,4% во категоријата 1.000,01 и повеќе до 9,2% во непосредно пониската категорија - од 500,01-1.000,00 динари. Слични мали разлики постојат и во другите групи на просечни оценки за што и зборува не значајноста на Хи-квадратот на ниво од 0,05 ($X^2_м$ = 11,60  P > 0,05  DF = 12;  Cм = 0,127), што е речиси сосема слично и во рамките на студентите од немануелно потекло ($X^2_н$ = 19,08  P > 0,05  DF = 12  Cн = 0,163).

Од ова може да се индицира заклучок дека социјалното потекло на студентите поизразено и позначајно влијае врз нивниот успех во студиите отколку што е доходот на семејството по член во рамките на мануелното или немануелното потекло, бидејќи одвоено, без комбинирано дејство со него (социјалното потекло) просечниот доход по член на семејство значајно влијае врз успехот на студентите.

Доколку, пак, се комбинира дејството на социјалното потекло со степенот на образование на татковците на студентите врз нивниот успех во студиите (Табела 60) ќе се забележи дека определени разлики и диференцирање на студентите во нивниот успех како според социјалното потекло, така и според степенот на образование на нивните татковци. Така на пример ако се споредат исти степени на образование од различно социјално потекло веднаш ќе се уочат следните разлики:

1. Кај студентите од мануелно потекло степенот на образование на нивните татковци се движи од "до четири одделенија" (269) и завршува со средно стручно образование и гимназија, а кај немануелните (263) најбројни, најзастапени се

ТАБЕЛА - 60

## ПРОСЕЧНАТА ОЦЕНА НА СТУДЕНТИТЕ СПОРЕД НИВНОТО СОЦИЈАЛНО ПОТЕКЛО И СТЕПЕНОТ НА ОБРАЗОВАНИЕ НА НИВНИТЕ ТАТКОВЦИ

| Социјално потекло | Степен на образование на таткото на студентот | Успех во студирањето | | | | | | | | | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Нема оцена бидејќи е на I год. | | 6,00 | | 6,01-7,00 | | 7,01-8,00 | | 8,01-10,00 | | | |
| Мануелно | - До и четири одделенија основно | 123 | 45,7 | 25 | 9,3 | 87 | 32,3 | 30 | 11,2 | 4 | 1,5 | 269 | 100,0 |
| | - Осумгодишно учил. | 69 | 42,9 | 17 | 10,6 | 52 | 32,3 | 16 | 9,9 | 7 | 4,3 | 161 | 100,0 |
| | - Средно-стручно и гимназија | 128 | 48,7 | 25 | 9,5 | 76 | 28,9 | 28 | 10,6 | 6 | 2,3 | 263 | 100,0 |
| | - Вишо и високо | 3 | 50,0 | - | - | - | - | - | - | 3 | 50,0 | 6 | 100,0 |
| | СÈ: | 323 | 46,2 | 67 | 9,6 | 215 | 30,7 | 74 | 10,6 | 20 | 2,9 | 699 | 100,0 |
| Немануелно | - До и четири одделенија основно | 8 | 42,1 | 4 | 21,6 | 6 | 31,0 | 1 | 5,3 | - | - | 19 | 100,0 |
| | - Осумгодишно учил. | 23 | 33,8 | 11 | 16,2 | 22 | 32,3 | 8 | 11,8 | 4 | 5,9 | 68 | 100,0 |
| | - Средно-стручно и гимназија | 108 | 38,7 | 27 | 9,7 | 97 | 34,8 | 40 | 14,3 | 7 | 2,5 | 279 | 100,0 |
| | - Вишо и високо | 120 | 36,2 | 30 | 9,0 | 91 | 27,4 | 61 | 18,4 | 30 | 9,0 | 332 | 100,0 |
| | СÈ: | 259 | 37,1 | 72 | 10,3 | 216 | 30,9 | 110 | 15,8 | 41 | 5,9 | 698 | 100,0 |

$X^2_М = 40,31$ $P < 0,001$ $DF = 12$ $C_М = 0,233$

$X^2_Н = 24,27$ $P < 0,001$ $DF = 12$ $C_Н = 0,183$

студентите со средно-стручно образование, гимназија и со више и високо образование (332). Поради тоа споредувањето на двете категории на образование "до и четири одделенија основно" и "осумгодишно основно" во двете групи на социјално потекло и покрај сличноста на тенденциите не е толку реална поради незнатниот број во немануелната група, како што и категоријата "вишо и високо образование", поради што е неспоредлива со истата во мануелната група која фактички и не постои. Токму од овие причини произлегуваат и определени значајни разлики во влијанието на степенот на образование на татковците на студентите што го покажуваат и Хи-квадратите за двете групи на социјално потекло ($X_M^2 = 40,31$ $P < 0,001$ $DF = 12$ и $X_H^2 = 24,27$ $P > 0,05$).

Оттука пореална споредба претставува категоријата на студенти чии татковци имаат средно образование од двете групи на социјално потекло поради и сличноста на нивниот број (263 : 279). Така во првата група на просечна оценка 6,0 (доволен) не постои значајна разлика на застапеноста на студентите чии родители имаат средно стручно училиште и гимназија, а кои се од различно социјално потекло (9,5 : 9,7%). Во втората група на просечна оценка од 6,01-7,00, позначајна застапеност покажуваат студентите од истата образовна категорија на татковци од немануелно потекло (34,8 : 28,9%), што е за околу шест процентуални поени; понатаму, во категоријата на просечни оценки помеѓу 7,01-8,00 разликата е за околу четири поени во полза на студентите од немануелно потекло (14,3 : 10,6%), додека, пак, во последната и истовремено највисока

категорија на просечни оценки (8,01-10,0) не постојат разлики, но и нивното учество е минимално (2,5 : 2,3%).

Од ова може да се извлече констатацијата дека социјалното потекло на студентите и степенот на образование на нивните татковци влијаат врз просечниот успех во студиите во иста насока и дека ова комбинирано влијание е позначајно отколку што е комбинираното влијание со просечниот доход по член на семејство.

Интересно би било да се согледа комбинираното дејство меѓу социјалното потекло и видот на високото образование на студентите врз нивниот успех во текот на студиите (Табели 61 и 61-а).

Податоците во Табелата 61 јасно покажуваат дека видот на високото образование на студентите во двете групи на социјално потекло значајно влијае врз нивниот успех во студиите, со тоа што, уште на прв поглед во табелава е забележливо, дека тоа влијание е поизразено кај студентите од немануелните слоеви отколку кај студентите од мануелно потекло. Може општо да се констатира без разлика на социјалното потекло на студентите дека студентите од факултетите на природните и техничките науки (двете групи на социјално потекло) покажуваат подобар (повисок) успех, отколку студентите од факултетите на општествените науки и вишите школи. Во тој поглед, особено разликите се јасно уочливи во крајните групи, т.е. во оние со доволен (6,0) и оние со многу добар и одличен (7,01 - 8,00 и 8,01-10,0).

Од ова, а и од значајноста на Хи-квадратите за двете групи на социјално потекло ($X_M^2$ = 54,46 P $<$ 0,001 DF=12

ТАБЕЛА - 61

ПРОСЕЧНАТА ОЦЕНА НА СТУДЕНТИТЕ СПОРЕД НИВНОТО СОЦИЈАЛНО ПОТЕКЛО И ГРУПИТЕ НА ФАКУЛТЕТИ

| Социјално потекло | Група на факултети | Просечна оценa | | | | | | | | | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Нема оцена (I год.) | | 6,00 | | 6,01-7,00 | | 7,01-8,00 | | 8,01-10,00 | | | |
| Мануелно | - Природни | 47 | 37,0 | 6 | 4,7 | 39 | 30,7 | 21 | 16,6 | 14 | 11,0 | 127 | 100,0 |
| | - Технички | 64 | 37,2 | 15 | 8,7 | 56 | 32,6 | 28 | 16,3 | 9 | 5,2 | 172 | 100,0 |
| | - Општествени | 139 | 47,1 | 34 | 11,5 | 97 | 32,9 | 20 | 6,8 | 5 | 1,7 | 295 | 100,0 |
| | - Виши школи | 63 | 60,0 | 12 | 11,4 | 23 | 21,9 | 5 | 4,8 | 2 | 1,9 | 105 | 100,0 |
| | СЀ: | 313 | 44,8 | 67 | 9,6 | 215 | 30,7 | 74 | 10,6 | 30 | 4,3 | 699 | 100,0 |
| Немануелно | - Природни | 43 | 41,3 | 6 | 5,8 | 21 | 20,2 | 14 | 13,5 | 20 | 19,2 | 104 | 100,0 |
| | - Технички | 73 | 30,4 | 15 | 6,2 | 81 | 33,8 | 61 | 25,4 | 10 | 4,2 | 240 | 100,0 |
| | - Општествени | 124 | 38,4 | 50 | 15,5 | 110 | 34,0 | 30 | 9,3 | 9 | 2,8 | 323 | 100,0 |
| | - Виши школи | 19 | 61,3 | 1 | 3,2 | 4 | 12,9 | 5 | 16,1 | 2 | 6,5 | 31 | 100,0 |
| | СЀ: | 259 | 37,1 | 72 | 10,3 | 216 | 30,9 | 110 | 15,8 | 41 | 5,9 | 698 | 100,0 |

$X^2_М = 54,46$ P < 0,001 DF = 12 Cм = 0,268

$X^2_Н = 94,11$ P < 0,001 DF = 12 Cн = 0,344

и $X_H^2 = 94{,}11 \quad P < 0{,}001$) како и значајната корелациска поврзаност меѓу видот на високото образование и успехот во студиите (Cм = 0,268 и Cн = 6,344) даваат можност да се изведе заклучок дека видот на високото образование мошне значајно ги диференцира студентите по успех и дека тоа е поизразено од комбинираното влијание на просечниот месечен доход по член на семејство и степенот на образование на татковците на студентите, со тоа што тие разлики во дејствувањето на видот на високото образование се поизразени кај студентите од немануелно потекло, бидејќи тука и селекцијата до високото образование веројатно била послаба отколку кај студентите од мануелно потекло.

Табелата 61-а уште попластично го покажува влијанието на социјалната структура на дипломираните студенти и видот на високото образование врз нивниот просечен успех во завршените студии.

Дипломираните студенти од работничко потекло во најниската категорија на просечен успех (6,01-7,00) најголемо учество имаат на факултетите од општествените науки (71,1%), а најмалку на технолошко-техничките факултети (27,3%), што е за над 40 процентуални поени помалку; во втората група на оцени од 7,01-8,00 најзастапени се студентите од природно-математичкиот и земјоделско-шумарскиот факултет (56,1%), а за три пати помалку на факултетите од општествените науки (19,0%), од медицинскиот (38,9%) и од технолошко-техничкиот (47,7%), значи мошне големи варијации во успехот на студиите во зависност од видот на факултетот во рамките на исто соци-

ТАБЕЛА - 61-а

ПРОСЕЧНАТА ОЦЕНКА НА ДИПЛОМИРАНИТЕ СТУДЕНТИ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ "КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ, 1973/74 ГОДИНА СПОРЕД НИВНАТА СОЦИЈАЛНА СТРУКТУРА И ВИДОТ НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

| Социјална структура | Група на факултети | Просечен успех во студиите за 1973/74 година | | | | | | | | | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 6,01-7,00 | | 7,01-8,00 | | 8,01-9,00 | | 9,01-10,00 | | Без одговор | | | |
| | | N | % | N | % | N | % | N | % | N | % | N | % |
| Работници | Прир.мат.и Зем.шум. | 22 | 33,3 | 37 | 56,1 | 4 | 6,1 | 1 | 1,5 | 2 | 3,0 | 66 | 100,0 |
| | Медицински | 5 | 27,8 | 7 | 38,9 | 4 | 22,2 | - | - | 2 | 11,1 | 18 | 100,0 |
| | Технол.-Технички | 12 | 27,3 | 21 | 47,7 | 11 | 25,0 | - | - | - | - | 44 | 100,0 |
| | Општествени | 101 | 71,1 | 27 | 19,0 | 3 | 2,1 | 1 | 0,7 | 10 | 7,1 | 142 | 100,0 |
| | СÈ: | 140 | 51,9 | 92 | 34,1 | 22 | 8,1 | 2 | 0,7 | 14 | 5,2 | 270 | 100,0 |
| Земјоделци | Прир.мат.и Зем.шум. | 43 | 49,4 | 38 | 43,7 | 6 | 6,9 | - | - | - | - | 87 | 100,0 |
| | Медицински | 4 | 21,1 | 9 | 47,4 | 2 | 10,5 | - | - | 4 | 21,1 | 19 | 100,0 |
| | Технол.-Технички | 12 | 60,0 | 4 | 20,0 | 4 | 20,0 | - | - | - | - | 20 | 100,0 |
| | Општествени | 91 | 77,1 | 19 | 16,1 | 5 | 4,2 | - | - | 3 | 2,6 | 118 | 100,0 |
| | СÈ: | 150 | 61,5 | 70 | 28,7 | 17 | 7,0 | - | - | 7 | 2,8 | 244 | 100,0 |
| Стручњаци | Прир.мат.и Зем.шум. | 1 | 7,7 | 8 | 61,5 | 2 | 15,4 | 1 | 7,7 | 1 | 7,7 | 13 | 100,0 |
| | Медицински | 6 | 40,0 | 5 | 33,3 | 2 | 13,3 | 1 | 6,7 | 1 | 6,7 | 15 | 100,0 |
| | Технол.-Технички | 12 | 25,5 | 22 | 46,8 | 12 | 25,5 | 1 | 2,2 | - | - | 47 | 100,0 |
| | Општествени | 32 | 66,7 | 4 | 8,3 | 5 | 10,4 | 2 | 4,2 | 5 | 10,4 | 48 | 100,0 |
| | СÈ: | 51 | 41,5 | 39 | 31,7 | 21 | 17,0 | 5 | 4,1 | 7 | 5,7 | 123 | 100,0 |
| Администрација и Раководители | Прир.мат.и Зем.шум. | 34 | 48,6 | 24 | 34,3 | 10 | 14,3 | 1 | 1,4 | 1 | 1,4 | 70 | 100,0 |
| | Медицински | 6 | 13,6 | 20 | 45,5 | 12 | 27,3 | 2 | 4,5 | 4 | 9,1 | 44 | 100,0 |
| | Технол.-Технички | 27 | 31,8 | 37 | 43,5 | 19 | 22,3 | 2 | 2,4 | - | - | 85 | 100,0 |
| | Општествени | 91 | 70,0 | 29 | 22,3 | 4 | 3,1 | - | - | 6 | 4,6 | 130 | 100,0 |
| | СÈ: | 158 | 48,0 | 110 | 33,4 | 45 | 13,7 | 5 | 1,5 | 11 | 3,4 | 329 | 100,0 |
| ВКУПНО | Прир.мат.и Зем.шум. | 100 | 42,4 | 107 | 45,3 | 22 | 9,3 | 3 | 1,3 | 4 | 1,7 | 236 | 100,0 |
| | Медицински | 21 | 21,9 | 41 | 42,7 | 20 | 20,8 | 3 | 3,1 | 11 | 11,5 | 96 | 100,0 |
| | Технол.-Технички | 63 | 32,1 | 84 | 42,9 | 46 | 23,5 | 3 | 1,5 | 0 | - | 196 | 100,0 |
| | Општествени | 315 | 71,9 | 79 | 18,0 | 17 | 3,9 | 3 | 0,7 | 24 | 5,5 | 438 | 100,0 |
| | СÈ: | 499 | 51,7 | 311 | 32,2 | 105 | 10,9 | 12 | 1,2 | 39 | 4,0 | 966 | [illegible] |

јално потекло (работничко). Слични варијации се забележуваат во другите категории на просечни оценки кај дипломираните студенти од работничко потекло.

Овој заклучок може да се воопшти и за дипломираните студенти од другите социјални класи и слоеви (земјоделци, стручњаци и администрација и раководители), бидејќи се јавуваат слични тенденции и разлики во однос на видот на високото образование. (На пример, во рамките на слојот на администрацијата и раководителите во првата група на просечни оценки - 6,01-7,00 повторно највисоко учество имаат студентите од факултетите на општествените науки - 70,0%, а најмало на медицинскиот факултет - 13,6%, или во групата на просечни оценки од 8,01-9,00 односно меѓу студентите од овие факултети е мошне дискрепантен 31, : 27,3% итн.).

Доколку, пак, Табелата 61-а се посматра од аспект на социјалната структура на дипломираните студенти со споредување на иста група факултети тогаш ќе се покаже следното: во најниската група на просечни оценки (6,01-7,00) студентите од природно-математичкиот и земјоделско-шумарскиот факултет од работничко потекло учествуваат со 33,3%, од истите факултети од земјоделско потекло 49,9% (значи за 16 процентуални поени повеќе), од слојот на стручњаците 7,7% и од слоевите на администрација и раководители 48,6%. Понатаму, во оваа група на просечни оценки, студентите од медицинскиот факултет од работничко потекло учествуваат со 27,8%, на истиот факултет од земјоделско потекло 21,1%, од слојот на стручњаците два пати повеќе - 40,0% и од слоевите на администрацијата и раководителите најмалку - 13,6%.

Дипломираните студенти на технолошко-техничките факултети од работничко потекло во оваа најниска група на просечни оценки се застапени со 27,3%, на истите факултети од земјоделско потекло со 21,1%, од слојот на стручњаците со 25,5% и од слоевите на администрацијата и раководителите со 31,8% итн.

Ако се земат во разгледување поуспешните студенти, т.е. оние кои дипломирале со просечна оценка меѓу 8,01-9,00 ќе се забележат слични тендецнии: студентите од природно-математичкиот и земјоделско-шумарскиот факултет од работничко потекло во оваа поуспешна група на просечни оценки учествуваат со 6,1%, од земјоделско со 6,9%, што е мошне слично, но веќе од слојот на стручњаците со 15,4% што е над два и пол пати повисоко и со 14,3% од слоевите на администрацијата и раководителите. Понатаму, студентите на медицинскиот факултет од работничко потекло во оваа група на просечни оценки учествуваат со 22,2%, од земјоделско два пати помалку -10,5%, од слојот на стручњаци - 13,3% и најповеќе од слоевите од администрацијата и раководителите (27,3%). Во истата поуспешна група (8,01-9,00) студентите на техничко-технолошките факултети од работничко потекло учествуваат со 25,0%, од земјоделско со 20,0%; 25,5% од слојот на стручњаците и 22,3% од слоевите на администрацијата и раководителите. И на крајот, студентите на факултетите од општествените науки во истата група на просечни оценки, студентите чии родители се работници учествуваат само со 2,1%; 4,2% од земјоделско, 10,4% од слојот на стручњаците и 3,1% од слоевите на администрацијата и раководителите.

Оттука може да се извлече следниот општ заклучок: социјалната структура на студентите и видот на високото образование мошне значајно ги диференцираат студентите по успехот во студиите.

### б) Влијанието на другите чинители врз успехот на студентите во студиите

Со разгледувањето на комбинираното влијание на социјалното потекло и видот на високото образование врз успехот на студентите веќе се навлезе и во согледувањето на дејствувањето и на другите чинители врз успехот на студентите.

Во рамките на оваа анализа ќе се разгледа дејствувањето на следните чинители: регионалното потекло на студентите, видот на завршеното средно училиште, успехот во средното училиште и половата структура на студентите.

Податоците во Табелата 62 упатуваат кон тоа дека постои определено влијание на регионалното потекло на студентите врз нивниот успех, иако тоа не е така силно изразено.

1. Така во најниската група на просечни оценки - 6,0 студентите од друг град се најмалку застапени - 8,7%, а најповеќе студентите од село (14,2%), додека студентите од Скопје се наоѓаат околу средината учествувајќи со 10,0%.

2. Во втората група на просечни оценки од 6,01-7,00, позастапени се студентите од село (36,0%) додека меѓу студентите од Скопје (30,4%) и од друг град (29,3%) нема посуштински разлики. Во третата група од 7,01-8,00, најзастапени се студентите од Скопје (14,6%) а релативно помалку студентите од село - 9,9%.

ТАБЕЛА - 62

## ПРОСЕЧНАТА ОЦЕНКА ЗА ВРЕМЕ НА СТУДИИТЕ СПОРЕД РЕГИОНАЛНОТО ПОТЕКЛО НА СТУДЕНТИТЕ

| Просечна оценка за време на студ. / Место на постојано живеење | На I година сум | 6,00 | 6,01-7,00 | 7,01-8,00 | 8,01-9,00 | 9,01-10,00 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Скопје | 30,2<br>201<br>33,9 | 10,0<br>54<br>36,7 | 30,3<br>164<br>36,7 | 14,6<br>79<br>41,8 | 5,0<br>27<br>57,5 | 2,9<br>16<br>59,3 | 100,0<br>541<br>37,3 |
| Друг град | 45,1<br>296<br>49,9 | 8,7<br>57<br>38,8 | 29,3<br>192<br>42,9 | 13,0<br>85<br>45,0 | 2,7<br>18<br>38,3 | 1,2<br>8<br>29,6 | 100,0<br>656<br>45,2 |
| Село | 37,9<br>96<br>16,2 | 14,2<br>36<br>24,5 | 36,0<br>91<br>20,4 | 9,9<br>25<br>13,2 | 0,8<br>2<br>4,2 | 1,2<br>3<br>11,1 | 100,0<br>253<br>17,4 |
| СЕ: | 40,9<br>593<br>100,0 | 10,1<br>147<br>100,0 | 30,8<br>447<br>100,0 | 13,0<br>189<br>100,0 | 3,2<br>47<br>100,0 | 1,8<br>27<br>100,0 | 100,0<br>1.450<br>100,0 |

$X^2 = 34,42$ $P < 0,001$ $DF = 12$ $C = 0,152$

3. Во двете најуспешни групи (од 8,01-9,00 и од 9,01-10,00) нешто се позастапени студентите од Скопје, а најмалку студентите од село.

Ако Табелата 62 се посматра од аспект на просечните оценки, веднаш ќе се забележи дека во сите групи најдоминантно е учеството на студентите од Скопје и друг град, а знатно помалку на студентите од село кое се движи околу една петтина, а во повисоките групи на оценки тоа е уште знатно помало.

Оттука може да се каже дека регионалното потекло на студентите (т.е. постојаното место на живеење) влијае врз нивниот успех во студиите така што студентите од село покажуваат понеповолен успех отколку студентите од Скопје и друг град.

Комбинираното влијание на видот на завршеното средно училиште и видот на високото образование, како независни варијабли, врз успехот на дипломираните студенти може да се проследи во Табелата 63.

Ако се тргне од аспект на видот на завршеното училиште тогаш се покажува следното: учеството на дипломираните студенти кои завршиле гимназија во најниската група на просечни оценки (6,01-7,00) изнесува 49,4%, а кај студентите кои завршиле средно-стручно училиште за девет процентуални поени повеќе (58,4%). Во втората група на просечни оценки (7,01-8,00) разликите не се значајни бидејќи тие имаат мошне приближно учество (30,8 : 32,5%), додека во поуспешните групи разликите стануваат пак значајни: во групата од 8,01-9,00 повеќе од два пати е зголемено учеството на студентите со завршена ги-

ПРОСЕЧНАТА ОЦЕНКА НА ДИПЛОМИРАНИТЕ СТУДЕНТИ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ "КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО УЧЕБНАТА 1973/74 ГОДИНА СПОРЕД ВИДОТ НА СРЕДНОТО И ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

ТАБЕЛА - 63

| Претходно заврш. учи. | Група на факултети | Просечен успех во студиите за 1973/74 година | | | | | | | | | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 6,01-7,00 | | 7,01-8,00 | | 8,01-9,00 | | 9,01-10,00 | | Без одговор | | | |
| | | N | % | N | % | N | % | N | % | N | % | N | % |
| Гимназија | Природно-математ. Земјоделско-шум. | 46 | 33,8 | 63 | 46,3 | 19 | 14,0 | 3 | 2,2 | 5 | 3,7 | 136 | 100,0 |
| | Медицински | 25 | 22,1 | 51 | 45,1 | 23 | 20,4 | 3 | 2,7 | 11 | 9,7 | 113 | 100,0 |
| | Технолошко-технички | 60 | 32,1 | 72 | 38,5 | 50 | 26,7 | 5 | 2,7 | - | - | 187 | 100,0 |
| | Општествени | 287 | 69,8 | 75 | 18,2 | 17 | 4,2 | 6 | 1,5 | 26 | 6,3 | 411 | 100,0 |
| | СЀ: | 418 | 49,4 | 261 | 30,8 | 109 | 12,9 | 17 | 2,0 | 42 | 4,9 | 847 | 100,0 |
| Средно-стручно училиште | Природно-математ. Земјоделско-шум. | 58 | 50,0 | 50 | 43,1 | 6 | 5,2 | 1 | 0,9 | 1 | 0,8 | 116 | 100,0 |
| | Медицински | 6 | 40,0 | 4 | 26,7 | - | - | - | - | 5 | 33,3 | 15 | 100,0 |
| | Технолошко-технички | 42 | 42,4 | 42 | 42,4 | 14 | 14,2 | 1 | 1,0 | - | - | 99 | 100,0 |
| | Општествени | 113 | 77,9 | 26 | 17,9 | 1 | 0,7 | - | - | 5 | 3,5 | 145 | 100,0 |
| | СЀ: | 219 | 58,4 | 122 | 32,5 | 21 | 5,6 | 2 | 0,6 | 11 | 2,9 | 375 | 100,0 |
| ВКУПНО | Природно-математ. Земјоделско-шум. | 104 | 41,3 | 113 | 44,8 | 25 | 9,9 | 4 | 1,6 | 6 | 2,4 | 252 | 100,0 |
| | Медицински | 31 | 24,2 | 55 | 43,0 | 23 | 18,0 | 3 | 2,3 | 16 | 12,5 | 128 | 100,0 |
| | Технолошко-технички | 102 | 35,7 | 114 | 39,8 | 64 | 22,4 | 6 | 2,1 | - | - | 286 | 100,0 |
| | Општествени | 400 | 71,9 | 101 | 18,2 | 18 | 3,2 | 6 | 1,1 | 31 | 5,6 | 556 | 100,0 |
| | ВКУПНО: | 637 | 52,1 | 383 | 31,3 | 130 | 10,6 | 19 | 1,6 | 53 | 4,3 | 1,222 | 100,0 |

мназија (12,9%) во однос на учеството на студентите со завршено средно-стручно училиште (5,6%), а во најуспешната одлична група односот е 2,0 : 0,6%).

Меѓутоа, разликите се јавуваат не само во просекот туку и кај ист вид високо образование, но со различно завршено средно училиште. Така студентите во најниската група на просечна оценка (6,01-7,00), студентите на природно-математичкиот и земјоделско-шумарскиот факултет со завршена гимназија учествуваат со 33,8%, а со средно-стручно училиште со 50,0%; потоа, студентите на медицинскиот факултет во истата група со завршена гимназија учествуваат со 22,1%, а со средно-стручно училиште речиси два пати повеќе (40,0%); студентите на технолошко-техничките факултети со гимназија учествуваат со 32,1%, а со средно-стручно училиште за десет процентуални поени повеќе - 42,4% и кај студентите на факултетите од општествените науки тој однос изнесува 69,8 : 58,4%. Во тој поглед ако се земе предвид категоријата на просечни оценки од 8,01-9,00 како поуспешна тогаш и тука се забележуваат разлики: студентите на природно-математичкиот и земјоделско-шумарскиот факултет со завршена гимназија учествуваат со 14,0%, а со завршено средностручно училиште речиси три пати помалку (5,2%), студентите на медицинскиот факултет со завршена гимназија со 20,4% додека со средно-стручно нема; студентите на технолошко-техничките факултети со завршена гимназија учествуваат со 26,7%, а со завршено средно-стручно училиште со речиси два пати помало учество (14,2%), додека кај факултетите од општествените науки тој однос е 4,2 : 0,7 во полза на студентите кои завршиле гимназија.

Врз основа на оваа анализа може да се констатира дека видот на завршеното средно училиште и видот на факултетот што се студира значајно влијаат врз успехот на студентите,со тоа што студентите со завршена гимназија покажуваат подобар успех, односно се поуспешни отколку студентите кои завршиле некој вид средно-стручно училиште.

Во тесна зависност со видот на завршеното средно образование стои и успехот во него што би можело значајно да влијае врз успехот во студиите. Во врска со ова податоците се изнесени во Табелите 64 и 64-а.

Во Табелата 64 се гледа дека студентите кои средното училиште го завршиле со одличен успех покажуваат мошне подобар успех и на студии. Тие најмалку учествуваат во најниската група на просечни оценки (6,0) со 4,1% - над три пати помалку од студентите со добар успех (13,7%) или со доволен и поправен (11,9%), додека тие се најзастапени во категоријата на просечни оценки од 7,01-8,00, каде учествуваат со 23,9%, додека студентите со многу добар успех учествуваат знатно помалку 14,9%, но сепак се наоѓаат во средината меѓу одличните, од една страна и добрите (8,3%) и доволните (6,6%), од друга страна. И во двете најуспешни категории, студентите со одличен успех се позастапени отколку другите, со помал успех во средното образование.

Доколку Табелата 64 се посматра од аспект на просечните оценки (по колони) се забележува дека во пониските категории на просечни оценки (т.е. во натегориите 6,0 и 6,01 - 7,00) се најзастапени студентите со добар успех во средното училиште, а најмалку студентите со одлучен успех, додека мно-

ТАБЕЛА - 64

ПРОСЕЧНАТА ОЦЕНКА НА СТУДЕНТИТЕ СПОРЕД НИВНИОТ УСПЕХ ВО СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

| Просечна оценка за време на студ. / Успех во средното училиште | Нема оцена на I год. е: | 6,00 | 6,01-7,00 | 7,01-8,00 | 8,01-9,00 | 9,01-10,00 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Одличен | 37,1<br>118<br>19,9 | 4,1<br>13<br>8,8 | 20,1<br>64<br>14,3 | 23,9<br>76<br>40,2 | 9,4<br>30<br>63,8 | 5,4<br>17<br>63,0 | 100,0<br>318<br>21,4 |
| Многу добар | 39,2<br>137<br>23,1 | 8,6<br>30<br>20,4 | 34,4<br>120<br>26,8 | 14,9<br>52<br>27,5 | 2,0<br>7<br>14,9 | 0,9<br>3<br>11,1 | 100,0<br>349<br>24,1 |
| Добар | 40,0<br>216<br>36,4 | 13,7<br>74<br>50,3 | 36,1<br>195<br>43,6 | 8,3<br>45<br>23,8 | 1,1<br>6<br>12,8 | 0,7<br>4<br>14,8 | 100,0<br>540<br>37,2 |
| Доволен + поправен + друго | 50,6<br>123<br>20,7 | 11,9<br>29<br>19,7 | 28,1<br>68<br>15,2 | 6,6<br>16<br>8,5 | 1,6<br>4<br>8,5 | 1,2<br>3<br>11,1 | 100,0<br>243<br>16,7 |
| СЀ: | 40,9<br>594<br>100,0 | 10,1<br>147<br>100,0 | 30,8<br>447<br>100,0 | 13,8<br>189<br>100,0 | 3,3<br>47<br>100,0 | 1,9<br>27<br>100,0 | 100,0<br>1.450<br>100,0 |

$X^2 = 167,56$ $P < 0,001$ $DF = 12$ $C = 0,321$

гу добрите се наоѓаат на средината помеѓу овие две категории на студенти; спротивно, пак, во повисоките категории на просечни оценки состојбата е спротивна: најзастапени се студентите со одличен успех во средното образование, а студентите со многу добар успех, пак, се наоѓаат на средината во тој поглед.

Во оваа смисла зборуваат и високите коефициенти (Хи квадрат) на значајност на разликите ($X^2$=167,56 P < 0,001), односно на значајна причинска поврзаност меѓу успехот во средното образование како независна варијабла и успехот на студиите како зависна варијабла (C = 0,321).

ТАБЕЛА - 64-а

ПРОСЕЧНИОТ УСПЕХ НА ДИПЛОМИРАНИТЕ СТУДЕНТИ ВО УЧЕБНАТА 1973/74 ГОДИНА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ "КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ ВО УЧЕБНАТА 1973/74 ГОДИНА СПОРЕД НИВНИОТ УСПЕХ ВО СРЕДНОТО УЧИЛИШТЕ

| Успех на студии / Успех во сред. училиште | 6,01-7,00 | | 7,01-8,00 | | 8,01-9,00 | | 9,01-10,00 | | Нема податоци | | Вкуп |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Одличен | 69 | 26,8 | 122 | 47,5 | 44 | 17,1 | 10 | 3,9 | 12 | 4,7 | 257 |
| Мн.добар | 163 | 57,0 | 85 | 29,7 | 17 | 5,9 | 1 | 1,6 | 20 | 7,0 | 286 |
| Добар | 206 | 76,3 | 54 | 20,0 | 3 | 1,1 | - | - | 7 | 2,6 | 270 |
| Доволен приемен испит | 52 | 75,4 | 10 | 14,5 | 1 | 1,4 | 1 | 1,4 | 5 | 7,3 | 69 |
| СЕ : | 490 | 55,5 | 271 | 30,7 | 65 | 7,4 | 12 | 1,4 | 44 | 5,0 | 882 |

И податоците во Табелата 64-а за просечниот успех н дипломираните студенти во зависност од успехот во средното уч лиште укажуваат на иста или мошне слична тенденција: студенти те со одличен успех во средното училиште во групата на просеч

ни оценки од 6,01-7,00 најмалку се застапени (26,8%) во однос на другите студенти - многу добрите 57,0% што е за околу 30 поени повќе во однос на одличните, со добар 76,3% и доволен - 75,4% што е за близу 50 процентуални поени пониско учество на студентите со одличен успех во средното училиште. Во сите други групи на просечни оценки, учеството на студентите со одличен успех е мошне многу повисоко, додека дипломираните студенти со многу добар успех во средното училиште се наоѓаат на средината меѓу одличните, од една страни и добрите - доволните, од друга страна.

Со комбинација на дејствувањето на двата чинители - успехот во средното училиште и видот на високото образование, како независни варијабли врз успехот на студентите како зависна варијабла, (Прилог 25) се доаѓа до констатација дека постои значајно диференцирање на студентите во успехот во студиите и според видот на високото образование и според успехот во средното училиште. Така на пример, во рамките на групата просечни оценки од 6,01-7,00, студентите со одличен успех во средното училиште се најзастапени на факултетите од општествените науки (42,7%), а далеку помалку на медицинскиот (12,5%), додека слични разлики се јавуваат и кај студентите што завршиле средно училиште со многу добар, добар и доволен успех и тоа не само во најниската категорија на просечни оценки, туку и во другите повисоки категории на просечен успех за време на студиите.

Ова јасно упатува на заклучокот дека успехот во средното образование и видот на високото образование мошне значајно влијаат врз успехот во студиите и дека нивното дејство е

поврзано и во таква насока што успехот во средното образование е во позитивен и правопрпоорционален однос со успехот во студиите.

Дали половата структура на студентите влијае врз нивниот успех во студиите? На ова прашање ќе се одговори откако ќе се погледаат и анализираат податоците во Табелата 65.

Податоците во првата колона на просечен успех - 6,00 покажуваат дека учеството на студентите и студентките е мошне приближно, слично, односно дека не постојат значајни разлики; понатаму, нивното учество во групата на оценки од 6,01-7,00 се разликува за околу седум и пол процентуални поени (33,7%) машки: 26,1% женски); во групата на просечни оценки од 7,01-8,00 тие повторно се приближуваат (13,6 : 12,1% во корист на машките, а во двете најуспешни групи незнатно е зголемено учеството на женската младина (2,5 : 4,4 и 1,1 : 2,2%).

И пресметаните мерки на значајност на разликите како што е Хи-квадратот (16,08 $P < 0,05$) чија големина е нешто малку над граничната вредност (11,078), укажува на сосем слаботo влијание на половата структура на студентите врз нивниот успех во текот на студиите, додека коефициентот на контигенција ($C = 0,104$) во истата насока упатува дека не постои цврста поврзаност меѓу полот на студентите како независна варијабла (причина) и нивниот успех во студиите како зависна варијабла.

Секако дека успехот на студентот покрај тоа што е обусловен од анализираните чинители, зависи и од условите за студирање, учење. Одговорите на прашањето какви им се тие услови се изнесени во Табелата 66. Разгледувајќи ги од аспект

ТАБЕЛА - 65

## ПРОСЕЧНАТА ОЦЕНКА НА СТУДЕНТИТЕ СПОРЕД НИВНАТА ПОЛОВА СТРУКТУРА

| Просечна оценка за време на студ. / Пол на студентот | Немам бидејќи сум I година | 6,00 | 6,01-7,00 | 7,01-8,00 | 8,01-9,00 | 9,01-10,00 | Без одговор | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Машки | 38,8<br>351 | 9,9<br>90 | 33,7<br>305 | 13,6<br>123 | 2,5<br>23 | 1,1<br>10 | 0,3<br>3 | 100<br>905 |
| Женски | 44,4<br>242 | 10,5<br>57 | 26,1<br>142 | 12,1<br>66 | 4,4<br>24 | 2,2<br>12 | 0,4<br>2 | 100<br>545 |
| ВКУПНО: | 40,9<br>593 | 10,1<br>147 | 30,8<br>447 | 13,0<br>189 | 3,2<br>47 | 1,5<br>22 | 0,4<br>5 | 100<br>1.450 |

$X^2 = 16,08$ $P < 0,05$ $DF = 5$ $C = 0,104$

на социјалната структура ставовите на студентите за овие услови за студирање се следните:

Студентите од работничко потекло 40,1%, сметаат дека условите за студирање им се делумно добри; потоа 35,2% дека им се добри, а само 14,4% дека им се многу добри и околу 10,3% им се лоши и многу лоши.

ТАБЕЛА 66

МИСЛЕЊЕТО НА СТУДЕНТИТЕ ВО ВРСКА СО ТОА ДАЛИ ИМ СЕ ДОБРИ УСЛОВИТЕ ЗА УЧЕЊЕ СПОРЕД НИВНАТА СОЦИЈАЛНА СТРУКТУРА

| Мислење / Социјална струк. | Многу добри | Добри | Делумно добри | Лоши | Многу лоши | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Работници | 14,4<br>71 | 35,2<br>174 | 40,1<br>198 | 7,9<br>39 | 2,4<br>12 | 100,<br>494 |
| Земјоделци | 6,3<br>10 | 29,6<br>47 | 44,0<br>70 | 13,8<br>22 | 6,3<br>10 | 100,<br>159 |
| Администрација | 24,8<br>30 | 23,1<br>28 | 44,6<br>54 | 5,0<br>6 | 2,5<br>3 | 100,<br>121 |
| Стручњаци со средно образ. | 19,1<br>38 | 40,2<br>80 | 30,7<br>61 | 7,0<br>14 | 3,0<br>6 | 100,<br>199 |
| Стручњаци со високо образ. | 46,5<br>114 | 34,3<br>84 | 15,9<br>39 | 2,5<br>6 | 0,8<br>2 | 100,<br>245 |
| Раководители | 35,6<br>47 | 35,6<br>47 | 25,0<br>33 | 3,8<br>5 | -<br>0 | 100,<br>132 |
| Друго | 16,0<br>16 | 37,0<br>37 | 34,0<br>34 | 9,0<br>9 | 4,0<br>4 | 100,<br>100 |
| СÈ: | 22,5<br>326 | 34,3<br>497 | 33,7<br>489 | 7,0<br>101 | 2,5<br>37 | 100,<br>1.450 |

$X^2 = 196,59 \quad P < 0,001 \quad DF = 24 \quad C = 0,345$

Меѓутоа, во однос на сите други студенти, студентите од земјоделско потекло - 20,1% сметаат дека имаат лоши и многу лоши услови за студирање што е за два пати повеќе во однос на студентите од работничко потекло или за три пати повеќе од слојот на администрацијата, или за седум пати повеќе од слојот на стручњаци со високо образование и уште повеќе од слојот на раководителите.

Спротивно, пак, на ова, најдобри, односно многу добри услови за студирање сметаат дека имаат студентите од слојот на стручњаци со високо образование (46,5%), што е за близу осум пати повеќе од студентите од земјоделско потекло (6,3%) и за околу три и пол пати повеќе во однос на студентите од работничко потекло (14,4%), па потоа следат студентите од раководниот слој (35,6%) итн.

Овие се мошне реални ставови, односно податоци кои се вклопуваат во анализираните податоци за општествено-економската положба и начинот на живеење на одделните класи и слоеви во македонското општество, за што стана збор во четвртиот дел.

### в) Социјалната структура на дипломираните студенти и времетраењето на нивните студии

На одреден начин веќе се изнесени податоците за дипломираните студенти на Универзитетот "Кирил и Методиј", особено за влијанието на социјалната структура врз нивниот успех во студиите, влијанието на видот на средното и високото образование како и успехот во средното образование врз нивниот успех во студиите.

Сега ќе се анализираат податоците за дипломираните студенти, за стапките и индексите на застапеност на одделните класи и слоеви во вкупниот број на дипломирани, бидејќи покрај успехот во студирањето, т.е. просечната оценка на испитите, воопшто во успешното студирање спаѓаат и учеството во бројот на дипломираните и времетраењето на студиите што се,

всушност, значајни показатели на ефикасноста во студирањето. Времетраењето на студиите ќе се разгледа од повеќе аспекти: од аспект на социјалната структура на дипломираните студенти, од аспект на регионалното потекло на студентите, од аспект на видот на високото образование, од аспект на видот на средното училиште и успехот во него.

Анализата ќе започне со податоците во Табелата 67 кои се однесуваат на бројот на дипломираните студенти според социјалната структура, индексите и стапките на застапеност на студентите од одделните класи и слоеви.

ТАБЕЛА 67

ВКУПНИОТ БРОЈ, ИНДЕКСИТЕ И СТАПКИТЕ НА ЗАСТАПЕНОСТ НА ДИПЛОМИРАНИТЕ СТУДЕНТИ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ "КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО УЧЕБНАТА 1973/74 ГОДИНА СПОРЕД НИВНАТА СОЦИЈАЛНА СТРУКТУРА

| Број на дипломирани, стапки и индекси / Социјална структура | (1971) Вкупно население N | (1971) Вкупно население % | Вкупно студенти N | Вкупно студенти % | Индекси на застапеност | Стапк на за тапен ст |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Работници | 568.966 | 34,5 | 270 | 20,6 | 59,7 | 0,5 |
| Индивидуални земјоделци | 617.565 | 37,5 | 244 | 18,6 | 49,6 | 0,4 |
| Приватни занаетчии | 61.670 | 3,7 | 47 | 3,6 | 97,3 | 0,8 |
| Администрација | 141.735 | 8,6 | 326 | 24,9 | 289,5 | 2, |
| Стручњаци | 96.648 | 5,9 | 123 | 9,4 | 159,3 | 1, |
| Раководители | 21.579 | 1,3 | 3 | 0,2 | 15,4 | 0, |
| Пензионери и друго | 139.145 | 8,5 | 297 | 22,7 | 267,1 | 2, |
| ВКУПНО: | 1.647.308 | 100,0 | 1.310 | 100,0 | - | 0,8 |

Најголемо учество во структурата на дипломираните студенти имаат студентите од слојот на администрацијата - 24,9%, што е три пати поголемо учество отколку на истиот слој во вкупното население, односно студентите од овој слој имаат највисок индекс на асоцијација - 289,5 и највисока стапка на застапеност (2,3).

Повисоко учество во вкупниот број на дипломираните студенти од сопственото учество во вкупното население имаат студентите со потекло од слојот на стручњаците (5,9 : 9,4%) со индекс на застапеност 159,3 и стапка 1,3.

Студентите со потекло од приватните занаетчии застапени се речиси подеднакво во вкупното население (3,7 : 3,6%) поради што и индексот на нивната застапеност се приближува на 100 (односно 97,3).

Разликите меѓу учеството во вкупниот број на дипломираните студенти и во вкупното население се наоѓа кај двете мануелни класи - земјоделците (37,5 : 18,6% со индекс 49,6) и работниците (34,5 : 20,6% со индекс на асоцијација - 59,7).

Врз основа на овие податоци може да се заклучи дека социјалната структура на дипломираните студенти значајно влијае врз застапеноста на студентите од различните класи и слоеви во вкупниот број на дипломираните така што мошне поголема и поизразена застапеност имаат двата немануелни слоеви - административниот и стручњаците, а знатно помалку студентите од земјоделско и работничко потекло.

Во Табелата 68 се дадени податоци за влијанието на социјалната структура врз застапеноста на дипломираните студенти по видови на факултети, а Табелата 68-а ги содржи ин-

ТАБЕЛА - 68

ВИДОТ НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ НА ДИПЛОМИРАНИТЕ СТУДЕНТИ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ "КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО УЧЕБНАТА 1973/74 ГОДИНА СПОРЕД НИВНАТА СОЦИЈАЛНА СТРУКТУРА

| Социјална структура | Население според пописот 1971 | | Правен | Економски | Филозофски + Филолошки | Природно-математички | Земјоделско-шумарски | Медицински | Електромашински | Архитектонско-градежен | Технолошко-металуршки | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | N | % | | | | | | | | | | |
| Работници | 568.966 | 34,5 | 17,8<br>48 | 14,1<br>38 | 20,7<br>56 | 10,0<br>27 | 14,4<br>39 | 6,7<br>18 | 7,4<br>20 | 4,4<br>12 | 4,4<br>12 | 100,0<br>270 |
| Земјоделци | 617.565 | 37,5 | 12,3<br>30 | 9,4<br>23 | 26,6<br>65 | 8,6<br>21 | 27,0<br>66 | 7,8<br>19 | 5,7<br>14 | 1,2<br>3 | 1,2<br>3 | 100,0<br>244 |
| Приватни занаетчии | 61.670 | 3,7 | 10,6<br>5 | 12,8<br>6 | 10,6<br>5 | 12,8<br>6 | 8,5<br>4 | 19,1<br>9 | 21,3<br>10 | -<br>- | 4,3<br>2 | 100,0<br>47 |
| Администрација + Раководители | 163.314 | 9,9 | 16,6<br>48 | 7,6<br>25 | 17,3<br>57 | 12,2<br>40 | 9,1<br>30 | 13,4<br>44 | 11,8<br>39 | 7,9<br>26 | 6,1<br>20 | 100,0<br>329 |
| Стручњаци | 96.648 | 5,9 | 16,3<br>20 | 10,6<br>13 | 12,2<br>15 | 7,3<br>9 | 3,3<br>4 | 12,2<br>15 | 12,2<br>15 | 19,5<br>24 | 6,5<br>8 | 100,0<br>123 |
| Пензионери и други | 139.145 | 8,5 | 7,4<br>22 | 14,5<br>43 | 36,0<br>107 | 4,0<br>12 | 3,7<br>11 | 7,7<br>23 | 13,8<br>41 | 6,7<br>20 | 6,1<br>18 | 100,0<br>297 |
| СЀ: | 1.647.308 | 100,0 | 13,2<br>173 | 11,3<br>148 | 23,3<br>305 | 8,8<br>115 | 11,8<br>154 | 9,8<br>128 | 10,6<br>139 | 6,5<br>85 | 4,8<br>63 | 100,0<br>1.310 |

ТАБЕЛА - 68-а

ИНДЕКСИТЕ НА АСОЦИЈАЦИЈА И СТАПКИТЕ НА ЗАСТАПЕНОСТ НА ОДДЕЛНИТЕ КЛАСИ И СЛОЕВИ ВО ВКУПНИОТ БРОЈ НА ДИПЛОМИРАНИТЕ СТУДЕНТИ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ "КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО УЧЕБНАТА 1973/74 ГОДИНА СПОРЕД ВИДОТ НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

| Вид на факултетот | а) индекс б) стапки | Социјална структура на дипломираните студенти | | | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Работници | Земјоделци | Прив. занае. | Админист. | Стручњаци | Раководит. | Пензи. и др. | |
| Правен | а | 80,6 | 46,1 | 78,4 | 322,1 | 196,6 | - | 149,4 | - |
| | б | 0,1 | 0,0 | 0,1 | 0,3 | 0,2 | - | 0,2 | 0,1 |
| Економски | а | 74,5 | 41,3 | 108,1 | 173,3 | 149,2 | 153,8 | 342,4 | - |
| | б | 0,1 | 0,0 | 0,1 | 0,2 | 0,1 | 0,1 | 0,3 | 0,1 |
| Филозофско-филолошки | а | 53,3 | 56,8 | 43,2 | 217,4 | 83,1 | - | 412,9 | - |
| | б | 0,1 | 0,1 | 0,1 | 0,4 | 0,2 | - | 0,8 | 0,2 |
| Природно-математички | а | 68,1 | 48,8 | 140,5 | 404,7 | 132,2 | - | 122,4 | - |
| | б | 0,0 | 0,0 | 0,1 | 0,3 | 0,1 | - | 0,1 | 0,1 |
| Земјоделско-шумарски | а | 73,3 | 114,4 | 70,3 | 226,7 | 44,1 | - | 83,5 | - |
| | б | 0,1 | 0,1 | 0,1 | 0,2 | 0,0 | - | 0,1 | 0,1 |
| Медицински | а | 40,6 | 39,7 | 189,2 | 400,0 | 198,3 | - | 211,8 | - |
| | б | 0,0 | 0,0 | 0,1 | 0,3 | 0,2 | - | 0,2 | 0,1 |
| Електро-машински | а | 41,7 | 26,9 | 194,6 | 325,6 | 183,1 | - | 347,1 | - |
| | б | 0,0 | 0,0 | 0,2 | 0,3 | 0,2 | - | 0,3 | 0,1 |
| Архитектонско-градежен | а | 41,2 | 9,3 | - | 355,8 | 478,0 | - | 276,5 | - |
| | б | 0,0 | 0,0 | - | 0,2 | 0,2 | - | 0,1 | 0,1 |
| Технолошко-металуршки | а | 55,1 | 12,8 | 86,5 | 368,6 | 215,3 | - | 336,5 | - |
| | б | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,1 | 0,1 | - | 0,1 | 0,0 |
| ВКУПНО; | а | - | - | - | - | - | - | - | - |
| | б | 0,5 | 0,4 | 0,9 | 2,3 | 1,2 | 0,1 | 2,1 | 0,8 |

дексите на асоцијација и стапките на застапеност на одделните општествени класи и слоеви во одделните видови на високо образование. Затоа овие две табели треба да се посматраат заедно.

Ако анализата отпочне од аспект на класите и слоевите тогаш може да се констатира следното:

1. Од вкупниот број дипломирани студенти од работничко потекло нешто позастапени се на филозофскиот и филолошкиот факултет (20,7%), потоа на правниот факултет (17,8%) и речиси подеднакво на земјоделско-шумарскиот (14,4%) и на економскиот (14,1%), а најмалку учествуваат на архитектонско-градежниот и технолошко-металуршкиот факултет (по 4,4%). Работничката класа ниту на еден факултет не е застапена во бројот на дипломираните студенти над сопственото учество во вкупното население. Нејзините индекси на асоцијација се движат од 40,6 на медицинскиот факултет, како најниска застапеност, па сé до 80,6 на правниот како релативно највисока иако сé уште значајно под сопственото учество во вкупното население.

2. Од вкупниот број дипломирани студенти од земјоделско потекло најповеќе, т.е. 27,0% ги има на земјоделско-шумарскиот факултет каде и индексот на асоцијација е единствено повисок од 100, значи од сопственото учество земјоделското население во вкупното (114,4); потоа, на филозофскиот и филолошкиот факултет - 26,6%, а најмалку, речиси безначајно на двата технички факултети (архитектонско-градежниот - 1,2 и технолошко-металуршкиот - 1,2) - слично како и кај работничката класа. Највисок индекс веќе е речено, има на земјоделско-шумарскиот, а најниско исто така на архитектонско-градежниот (9,3 и технолошко-металуршкиот - 12,8).

3. Од студентите чии родители се приватни занаетчии (47), 21,3% се застапени на електро-машинскиот; потоа, на медицинскиот 19,1%, додека воопшто нема на архитектонско-градежниот, а незнатно на технолошко-металуршкиот (4,3%). Највисок индекс тие забележуваат на електро-машинскиот - 194,6; потоа, на медицинскиот 189,2 и на природно-математичкиот 140,5, додека најмал индекс на асоцијација, иземајќи го архитектонско-градежниот во кој нема дипломирано студент во учебната 1973/74 година, имаат на филозофскиот и филолошкиот факултет (43,2).

4. Дипломираните студенти од слојот на администрацијата најзастапени се на филозофскиот и филолошкиот факултет - 17,3%, потоа, на правниот факултет - 16,6%, но позначајно и на медицинскиот (13,4%), природно-математичкиот (6,1%) и на архитектонско-градежниот (7,9%). Единствено овој слој нема индекс на асоцијација под 100, т.е. под сопственото учество во вкупното население, ниту на еден факултет. Највисок индекс студентите од овој слој имаат на природно-математичкиот факултет (407,7) и на медицинскиот (400,0), а релативно најнизок на економскиот - 173,3, но истовремено е повисок од сопственото учество во вкупното население.

5. Од вкупниот број дипломирани студенти од слојот на стручњаците (123) најповеќе има на архитектонско-градежниот факултет (19,5%), потоа, подеднакво на електро-машинскиот, медицинскиот факултет и филозофско-филолошките факултети (12,2%), а најмалку, речиси безначајно на земјоделско-шумарскиот (3,3%). Највисок индекс на асоцијација овој слој има на архитектонско-градежниот (478,0); потоа, на технолошко-мета-

луршкиот (215,3), а најмали, под сопственото учество во вкупното население само на земјоделско-шумарскиот (44,1%) и на филозофскиот и филолошкиот факултет (83,1).

На тој начин оваа анализа јасно покажа на значајното влијание на социјалната структура врз регрутирањето не само на вкупниот број на дипломирани студенти, туку и врз видот на високото образование на кое тие дипломирале, така што разликите се значајни помеѓу работничката класа и земјоделците кои имаат далеку послаба застапеност и во вкупниот број на дипломирани и по видови на високо образование, од една страна и немануелните слоеви, особено слојот на администрацијата и слојот на стручњаците кои се знатно позастапени речиси во сите видови високо образование, а со тоа и далеку поуспешни, од друга страна.

Социјалната структура влијае и врз времетраењето на студиите. Покрај ова влијание на социјалната структура, врз должината на времето на студии веројатно влијаат и други чинители: видот на високото образование, регионалното потекло на студентите, успехот во средното училиште, видот на завршеното средно училиште итн.

Во Табелата 69 може да се проследи комбинираното дејство на социјалната структура на дипломираните студенти на Универзитетот "Кирил и Методиј" во учебната 1973/74 година и видот на завршениот факултет (за неколку факултети) врз времетраењето (изразено во години) на нивното студирање.

Ако се посматра последниот ред на Табелата 69 ("СÈ" ќе се забележи дека просечното времетраење на студирањето изнесува малку повеќе од шест години за сите студенти. Најголе-

ТАБЕЛА - 65

ВРЕМЕТРАЕЊЕТО НА СТУДИИТЕ НА ДИПЛОМИРАНИТЕ СТУДЕНТИ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ "КИРИЛ И МЕТОДИЈ" СПОРЕД НИВНАТА СОЦИЈАЛНА СТРУКТУРА И ВИДОТ НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

| Социјална структура | Вид на високото образование | Годините на студирање | | | | | | | | | | | | | | | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 4 | | 5 | | 6 | | 7 | | 8 | | 9 | | 10 | | 11 и пов. | | | |
| | | N | % | N | % | N | % | N | % | N | % | N | % | N | % | N | % | N | % |
| Работници | Економски | 7 | 18,4 | 19 | 50,0 | 4 | 10,5 | 6 | 15,8 | 1 | 2,6 | - | - | 1 | 2,7 | - | - | 38 | 100,0 |
| | Филозофски | 11 | 19,6 | 21 | 37,5 | 8 | 14,3 | 6 | 10,7 | 5 | 8,9 | 2 | 3,6 | - | - | 3 | 5,4 | 56 | 100,0 |
| | Електро-технички | - | - | 2 | 4,6 | 12 | 27,3 | 10 | 22,7 | 14 | 31,8 | 2 | 4,5 | 1 | 2,3 | 3 | 6,8 | 44 | 100,0 |
| | Медицински | - | - | - | - | 9 | 50,0 | 3 | 16,7 | 4 | 22,2 | 1 | 5,6 | - | - | 1 | 5,5 | 18 | 100,0 |
| | СЕ: | 18 | 11,5 | 42 | 26,9 | 33 | 21,2 | 25 | 16,0 | 24 | 15,4 | 5 | 3,2 | 2 | 1,3 | 7 | 4,5 | 156 | 100,0 |
| Земјоделци | Економски | 1 | 4,3 | 11 | 47,8 | 5 | 21,7 | 1 | 4,4 | 2 | 8,7 | 1 | 4,4 | - | - | 2 | 8,7 | 23 | 100,0 |
| | Филозофски | 5 | 7,7 | 20 | 30,8 | 20 | 30,8 | 6 | 9,2 | 7 | 10,8 | 4 | 6,1 | - | - | 3 | 4,6 | 65 | 100,0 |
| | Електро-технички | - | - | 3 | 15,0 | 4 | 20,0 | 2 | 10,0 | 3 | 15,0 | 3 | 15,0 | 2 | 10,0 | 3 | 15,0 | 20 | 100,0 |
| | Медицински | - | - | - | - | 8 | 42,1 | 5 | 26,3 | 1 | 5,3 | 2 | 10,5 | 2 | 10,5 | 1 | 5,3 | 19 | 100,0 |
| | СЕ: | 6 | 4,7 | 34 | 26,8 | 37 | 29,1 | 14 | 11,0 | 13 | 10,2 | 10 | 7,9 | 4 | 3,1 | 9 | 7,1 | 127 | 100,0 |
| Администрација | Економски | 2 | 9,1 | 12 | 54,6 | 5 | 22,7 | 2 | 9,1 | - | - | - | - | - | - | 1 | 4,5 | 22 | 100,0 |
| | Филозофски | 4 | 7,0 | 18 | 31,6 | 10 | 17,5 | 4 | 7,0 | 10 | 17,5 | 5 | 8,8 | 3 | 5,3 | 3 | 5,3 | 57 | 100,0 |
| | Електро-технички | - | - | 4 | 4,7 | 14 | 16,5 | 24 | 28,2 | 21 | 24,7 | 6 | 7,1 | 3 | 3,5 | 13 | 15,3 | 85 | 100,0 |
| | Медицински | - | - | - | - | 10 | 22,7 | 18 | 40,9 | 9 | 20,5 | - | - | 4 | 9,1 | 3 | 6,8 | 44 | 100,0 |
| | СЕ: | 6 | 2,9 | 34 | 16,3 | 39 | 18,7 | 48 | 23,1 | 40 | 19,2 | 11 | 5,3 | 10 | 4,8 | 20 | 9,6 | 208 | 100,0 |
| Стручњаци | Економски | 3 | 23,1 | 8 | 61,5 | 1 | 7,7 | - | - | 1 | 7,7 | - | - | - | - | - | - | 13 | 100,0 |
| | Филозофски | 3 | 20,0 | 4 | 26,7 | 4 | 16,7 | - | - | 4 | 26,7 | - | - | - | - | - | - | 15 | 100,0 |
| | Електро-технички | - | - | 1 | 2,1 | 12 | 25,5 | 15 | 31,9 | 9 | 19,1 | 5 | 10,6 | 4 | 8,5 | 1 | 2,1 | 47 | 100,0 |
| | Медицински | - | - | - | - | 1 | 6,7 | 7 | 46,7 | 2 | 13,3 | 2 | 13,3 | 1 | 6,7 | 2 | 13,3 | 15 | 100,0 |
| | СЕ: | 6 | 6,7 | 13 | 14,4 | 18 | 20,0 | 22 | 24,4 | 16 | 17,8 | 7 | 7,7 | 5 | 5,6 | 3 | 3,3 | 90 | 100,0 |
| СЕ: | Економски | 19 | 12,8 | 72 | 48,6 | 27 | 18,2 | 13 | 8,8 | 5 | 3,4 | 4 | 2,7 | 3 | 2,0 | 5 | 3,4 | 148 | 100,0 |
| | Филозофски | 49 | 16,1 | 86 | 28,2 | 56 | 18,4 | 26 | 8,5 | 36 | 11,8 | 15 | 4,9 | 6 | 1,9 | 31 | 10,2 | 305 | 100,0 |
| | Електро-технички | - | - | 15 | 5,2 | 69 | 24,1 | 65 | 22,6 | 70 | 24,4 | 25 | 8,7 | 16 | 5,6 | 27 | 9,4 | 287 | 100,0 |
| | Медицински | - | - | - | - | 33 | 25,8 | 46 | 35,9 | 20 | 15,6 | 11 | 8,6 | 8 | 6,3 | 10 | 7,8 | 128 | 100,0 |
| | СЕ: | 68 | 7,8 | 173 | 19,9 | 185 | 21,3 | 150 | 17,3 | 131 | 15,1 | 55 | 6,3 | 33 | 3,8 | 73 | 8,4 | 868 | 100,0 |

мото учество на дипломираните студенти е 21,3% во траење од шест години; понатаму 19,9% во траење од пет години, 17,3% во траење од седум години и 15,1% во траење од осум години. Учеството на студентите кои редовно завршиле за четири години е нешто помало (7,8%) од она на студентите кои студирале 11 и повеќе години (8,4%). Ако се оди по факултети во однос на вкупниот број дипломирани, тогаш јасно се гледа дека мошне подолго траат студиите на електро-техничкиот факултет кој има највисоко учество во групата од осум години (24,4%); потоа, 24,1% во групата од шест години, 22,6% од седум години, како и на медицинскиот факултет кој претежно учествува во групата од седум години (35,9%) и од шест години (25,8%); економскиот во групата од пет години (48,6%) и 18,2% во групата од шест години; филозофскиот 28,2% во групата од пет години, 18,4% во групата од шест години, но и 10,2% во најдолгото студирање (11 години и повеќе). Значи, веќе овде се забележуваат значајни разлики меѓу студентите од различните факултети во поглед на времетраењето на студиите. Со други зборови видот на факултетот што се студира игра значајна улога во времетраењето на студиите така што студентите од техничките факултети и медицинскиот факултет подолго време студираат од студентите на факултетите од општествените науки (економскиот, филозофскиот и др.).

Сега, доколку Табелата 69 се анализира од аспект на социјалната структура, може да се констатира следното:

Од вкупниот број дипломирани студенти од работничко потекло 11,5% студирале четири години, што е во однос на студентите од другите општествени класи и слоеви највисоко учес-

тво (студентите од слојот на администрацијата имаат најмало учество - 2,9%; потоа, од земјоделско 4,7% и од слојот на стручњаците - 6,7%).

Понатаму, од вкупниот број дипломирани од својот слој во групата која студирала пет години студентите од работничко и земјоделско потекло подеднакво учествуваат со 26,9%, односно 26,8%, додека студентите од двата немануелни слоја речиси близу половина помалку учествуваат - 14,4% од слојот на стручњаците и 16,3% од слојот на администрацијата.

3. Во групата на дипломирани студенти кои студирале шест години од вкупниот број дипломирани од сопствениот слој или класа, најголемо учество имаат студентите од земјоделско потекло (29,1%), додека разликата меѓу студентите од работничко потекло (21,2%), од слојот на стручњаците (20,0%) и од слојот на администрацијата (18,7%) се движат околу една петтина и не се значајни.

4. Веќе со следната група дипломирани студенти од седум години времетраење на студиите, разликите од аспект на социјалната структура повторно стануваат значајни. Имено, највисоко учество во оваа група сега имаат немануелните слоеви и тоа: 24,4% студентите од слојот на стручњаците и мошне слично 23,1% студентите од слојот на администрацијата, додека, пак, за повеќе од два пати пониско учество имаат студентите од земјоделско потекоо (11,0%), а со 16,0% студентите од работничко потекло се наоѓаат на средината меѓу немануелните слоеви, од една страна и земјоделците, од друга.

5. И во другите групи на просечни години на времетраење на студирањето се забележува слична тенденција како претходната. Така во групата на дипломирани студенти кои студиите ги завршиле за осум години најголемо учество имаат студентите од слојот на администрацијата (19,2%); потоа, студентите од слојот на стручњаците (17,8%), додека најниско студентите од земјоделскиот слој (10,2%) и повторно студентите од работничко потекло кои се наоѓаат околу средината (15,4%). Во другите години кај оние кои студирале девет, десет, единаесет и повеќе години, најниско учество имаат студентите од работничко потекло, додека учеството на студентите од другите класи и слоеви значајно не се разликува.

Во врска со влијанието на социјалната структура на дипломираните студенти врз времетраењето на студиите јасно се покажува нејзиното значајно влијание, така што студентите од мануелни класи (работничката и земјоделците) се поефикасни, односно времетраењето на нивните студии е пократко во однос на студентите од немануелните слоеви (администрацијата и стручњаците); при што "вододелницата" во свртувањето на тенденциите се наоѓа заклучно со шестата година на студии до која учеството на дипломираните студенти од мануелните класи почнува нагло да се смалува, додека обратно учеството на студентите од немануелните слоеви почнува да се зголемува во однос на учеството на првите.

Постои уште една можност за споредување, а со тоа и поцелосно согледување на влијанието на социјалната структура врз времетраењето на студиите. Имено, ако се споредат податоците за еден ист факултет во рамките на различните слоеви. Нека се земе како пример економскиот факултет: во групата на

студенти кои студиите ги завршиле за четири години од работничко потекло учествувале 18,4%; 4,3% од земјоделско, 9,1% од слојот на администрацијата и 23,1% од слојот на стручњаците. Нивното учество е најголемо во втората група - пет години на студии и се движи од 47,8% кај студентите од земјоделско потекло до 61,5% кај студентите од слојот на стручњаците. Во групата на студенти кои студирале шест години, студентите од работничко потекло на економскиот факултет 10,5% толку години студирале, 21,7%, т.е. два пати повеќе од земјоделско и од слојот на администрацијата (22,7%), а само 7,7% од слојот на стручњаците инт.

Од ова јасно може да се заклучи дека социјалната структура на студентите мошне значајно влијае врз должината (времетраењето) на студирањето и значајните причини лежат меѓу студентите од работничката класа и земјоделците, од една страна и студентите од немануелните слоеви во насока што првите во поголема мера побрзо ги завршуваат студиите од вторите.

Причините на ваквата тенденција веќе се назначени и емпириски анализирани, меѓу кои две се позначајни: 1) студентите од работничко и земјоделско потекло дури што дошле до студии, па и во текот на првата година на студии, во процесот на целокупниот систем на образование поминале низ построга селекција и оние кои се запишале на студии се посолидни со знаења и поамбициозни да завршат студии што јасно го покажуваат нивните мошне помали индекси и стапки на застапеност и во високото образование и во бројот на дипломираните студен-

ти во однос на студентите од немануелните слоеви и 2) веќе беше претходно анализирано дека условите за студирање на студентите од земјоделско и работничко потекло се многу понеповолни отколку на вторите и не само условите за студирање туку и пошироко условите за живеење и за време на студиите и во семејството знатно се понеповолни кај првите, што всушност нив ги мотивира, па и економски ги присилува побрзо да ги завршат студиите, бидејќи добар дел од нивните семејства со големи лишувања и жртвувања одвојуваат од недоволните материјални средства за нивното студирање, што речиси не е никаков проблем за тоа кај семејствата од административниот слој и од слоевите на стручњаците и раководителите.

Влијанието на регионалното потекло на дипломираните студенти врз времетраењето на студиите го покажуваат податоците во Табелата 70.

1. Во групата дипломирани студенти кои студиите ги завршиле за четири години, од вкупниот број дипломирани од селско потекло (273) 10,3% студирале четири години, што е релативно, повисоко во однос на оние кои дипломирале од Скопје (6,3%) и 9,0% од друг град.

2. Студентите кои дипломирале за пет години, повторно поголемо учество се забележува кај студентите од селско потекло, кое изнесува една третина од дипломираните од село (33,1%), а релативно најмалку кај студентите од Скопје (18,2% додека студентите од друг град се наоѓаат на средината меѓу студентите од село и од Скопје, т.е. 26,1%.

ТАБЕЛА - 70

ВРЕМЕТРАЕЊЕТО НА СТУДИИТЕ НА ДИПЛОМИРАНИТЕ СТУДЕНТИ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ "КИРИЛ И МЕТОДИЈ" СПОРЕД НИВНОТО РЕГИОНАЛНО ПОТЕКЛО (ПОСТОЈАНО МЕСТО НА ЖИВЕЕЊЕ)

| Времетраење на на студиите во години / Регионално потекло | 4 | | 5 | | 6 | | 7 | | 8 | | 9 | | 10 | | 11 и пов. | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | N | % | N | % | N | % | N | % | N | % | N | % | N | % | N | % | N | % |
| Скопје | 31 | 6,3 | 90 | 18,2 | 103 | 20,9 | 105 | 21,3 | 71 | 14,4 | 29 | 5,9 | 23 | 4,7 | 41 | 8,3 | 493 | 100,0 |
| Друг град | 49 | 9,0 | 142 | 26,1 | 123 | 22,6 | 86 | 15,8 | 61 | 11,2 | 31 | 5,7 | 14 | 2,6 | 38 | 7,0 | 544 | 100,0 |
| Село | 28 | 10,3 | 87 | 33,1 | 70 | 25,8 | 39 | 12,7 | 22 | 8,1 | 9 | 3,1 | 3 | 1,1 | 15 | 5,8 | 273 | 100,0 |
| СЀ: | 108 | 8,3 | 319 | 24,4 | 296 | 22,6 | 230 | 17,5 | 154 | 11,7 | 69 | 5,3 | 40 | 3,0 | 94 | 7,2 | 1.310 | 100,0 |

3. Во групата студенти што завршиле за шест години постои иста тенденција, но со помалку изразени разлики: учеството од 25,8% кај студентите од селско потекло, 22,6% од друг град и 20,9% кај студентите од Скопје.

4. Од групата студенти кои студиите ги завршиле за седум години, тенденцијата се пресвртува, односно најмало учество се забележува кај студентите од селско потекло (12,7%), а знатно поголемо кај студентите од Скопје (21,3%) и 15,8% кај студентите од друг град.

Слична тенденција се покажува и во другите групи на просечни години на студирање.

Врз основа на ова може да се заклучи дека регионалното потекло на студентите влијае врз времетраењето на студиите така што релативно покусо трае кај студентите од селско потекло, а релативно подолго кај студентите од Скопје, додека студентите од друг град во овој поглед се наоѓаат на средината помеѓу студентите од селско потекло и студентите од Скопје

Причините за ова веќе се исти или слични како кај влијанието на социјалната структура врз времетраењето на студиите - поради условите на живот и поголемите изложувања на нивните семејства на материјални издатоци, т.е. на семејствата од село, па и од друг град каде нема високообразована институција во однос на студентите кои живеат во Скопје.

Врз времетраењето на студиите влијае и успехот во средното училиште на студентот (Вид. Прилог 26).

Студентите кои средното училиште го завршиле со одличен успех во групата кои дипломирале за четири години се застапени со 8,6%, со многу добар 4,9%, со добар 3,3% и со доволен 2,9%.

Во групата студенти кои студирале пет години 24,1% од вкупниот број одлични, 19,9% од вкупниот број дипломирани со многу добар успех во средното училиште, 19,3% со добар и 33,3% со доволен и поправен. Во групата од шест години студии разликите не се значајни и процентите се движат од 26,3% кај студентите со добар успех до 21,7% кај студентите со доволен успех (25,7% кај одличните и 23,8% кај многу добрите во средното училиште). Слични разлики кои не се значајни постојат и кај другите групи на просечни години на студирање.

Оттука може да се заклучи дека успехот на студентите во средното училиште има извесно влијание врз времетраењето на студиите, но тоа не е така изразено (т.е. послабо) како што е влијанието на социјалната структура на студентите, видот на високото образование, па и регионалното потекло на студентите.

Во поглед на влијанието на видот на завршеното средно училиште на студентите (гимназија - средно-стручно) училиште не постојат значајни разлики, т.е. може да се констатира дека видот на завршеното средно училиште не влијае значајно врз времетраењето на студиите (Прилог 27).

### г) Кус осврт врз студентското стипендирање и кредитирање

Прашањето за студентското стипендирање и кредитирање е мошне значајно и актуелно, кое може значајно да влијае врз подобрувањето на социјалната структура на високото образование во поглед на поголема застапеност во него на студентите од мануелните и посиромашните општествени класи и сло-

еви како и врз подобрувањето на условите за студирање што непосредно се изразува во нивниот успех во студирањето и неговото времетраење.

Оттука ова прашање заедно со прашањето за бројот на студентските домови, ресторани и дотации, со еден збор прашањето за социјалната помош на студентите на кои им е потребна, според своето значење бара посебни социолошки истражувања кои би помогнале за согледување на вистинското значење и улога на оваа социјална коректура.

Овде не е целта да се испита целосно ова прашање туку само да укаже на вкупниот обем на стипендиите и кредитите на студентите и каков е нивниот распоред, доделување од аспект на социјалната структура на студентите.

Увидот во ова прашање ќе започне со Табелата 71 во која е даден апсолутниот број на доделените стипендии од 1952 до 1975 година во Македонија како и базните и верижни индекси.

Апсолутните бројки и базните индекси во Табелата 71, кои се однесуваат на бројот на доделените стипендии, јасно покажуваат дека од учебната 1952/53 година, па сѐ до учебната 1961/62 година бројот на стипендиите постојано се зголемува, почнувајќи од 497 стипендисти во учебната 1952/53 година на 2.762 стипендисти во учебната 1961/62 година, што е зголемување пет и пол пати (базичен индекс 556), а од оваа учебна (1961/62) година има постојана тенденција на смалување со определени покачувања и пак намалувања.

ТАБЕЛА - 71

ПОДЕЛЕНИ СТИПЕНДИИ НА СТУДЕНТИТЕ ОД СРМ ВО ПЕРИОДОТ 1952-1975 ГОДИНА

| Учебна година | Поделени стипендии | | |
|---|---|---|---|
| | Вкупно | Базен индекс 1951/52=100 | Верижен индекс |
| 1952/53 | 497 | 100 | - |
| 1953/54 | 974 | 196 | 196 |
| 1954/55 | 1.170 | 235 | 120 |
| 1955/56 | 1.450 | 292 | 124 |
| 1956/57 | 1.597 | 321 | 110 |
| 1957/58 | 2.097 | 422 | 131 |
| 1958/59 | 2.151 | 433 | 102 |
| 1959/60 | 2.449 | 493 | 114 |
| 1960/61 | 2.754 | 554 | 112 |
| 1961/62 | 2.762 | 556 | 100 |
| 1962/63 | 2.046 | 411 | 74 |
| 1963/64 | 1.586 | 319 | 77 |
| 1964/65 | 1.021 | 205 | 64 |
| 1965/66 | 1.711 | 344 | 167 |
| 1966/67 | 1.347 | 271 | 78 |
| 1967/68 | 1.303 | 262 | 96 |
| 1968/69 | 1.100 | 221 | 84 |
| 1969/70 | 866 | 174 | 78 |
| 1970/71 | 737 | 148 | 85 |
| 1971/72 | 1.034 | 208 | 140 |
| 1974/75 | 1.713 | 345 | 166 |

ИЗВОР: Статистички годишник на СРМ - за годините 1968 и 1972 за учебната 1974/75 година пописен лист СТ-1.

Најкарактеристичен период во кој се доделувани најмногу стипендии е периодот кон крајот на 50-те и почетокот на 60-те години, т.е. почнувајќи од учебната 1957/58 година до учебната 1962/63 година, кога се движат од 2.097 во почетокот на овој период до 2.762 во учебната 1961/62 година.

Оттогаш бројот на стипендиите е постојано под рамнината од две илјади стипендии, иако бројот на студентите повеќе од два пати се зголеми. Така во учебната 1974/75 година бројот на редовните студенти во СР Македонија е околу 27.000, а бројот на стипендиите 1.713 што е само 6,5%.

Всушност, ова сосем мало учество на стипендиите во вкупниот број редовни студенти се ублажува со бројот на доделените студентски кредити, кои во учебната 1974/75 година ги добија 2.595 студенти или 9,9% од вкупниот број редовни студенти што заедно со бројот на доделените стипендии изнесува 16,4% од вкупниот број редовни студенти (Табела 72).

Табелата 72 дава податоци за распоредот на стипендиите и кредитите по факултети и тоа од два аспекти: од аспект на распоредот на доделените студентски стипендии и кредити, и од аспект на вкупниот број редовни студенти од соодветниот факултет.

1. Почнувајќи со анализата од првиот аспект јасно се гледа дека од вкупниот број стипендии (1.713) најмногу се доделени на студентите од електро-машинскиот факултет (31,2%), потоа, на студентите од архитектонско-градежниот факултет, што заедно овие два факултети ги добиваат половината стипендии, а најмалку се доделени на филозофскиот (1,2%), филолошкиот и природно-математичкиот, значи наставничките факултети.

Кај студентските кредити состојбата е нешто поинаква: релативно поголем број студентски кредити се доделени на правниот факултет (14,7%), потоа мошне слично на медицинскиот - 10,2%, електро-машинскиот - 9,9% и архитектонско-градеж-

ТАБЕЛА - 72

СТУДЕНТИТЕ КОИ ДОБИВАЛЕ СТИПЕНДИИ И КРЕДИТИ ЗА ВРЕМЕ НА СТУДИИТЕ ВО СРМ, 1974/75 ГОДИНА СПОРЕД ВИДОТ НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

| Вид на високото образование | Стипендии | | | | Кредити | | | | Вкупно | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | N | %1/ | %2/ | СЕ N | N | %1/ | %2/ | СЕ N | Стипенд. + Кредити N | %1/ | %2/ |
| Правен | 84 | 4,9 | 2,0 | 4.233 | 382 | 14,7 | 9,0 | 4.233 | 466 | 10,8 | 11,0 |
| Економски | 119 | 6,9 | 3,2 | 3.792 | 240 | 9,2 | 6,3 | 3.792 | 359 | 8,3 | 9,5 |
| Филозофски | 20 | 1,2 | 1,5 | 1.365 | 166 | 6,4 | 12,2 | 1.365 | 186 | 4,3 | 13,6 |
| Филолошки | 40 | 2,3 | 4,1 | 980 | 181 | 7,0 | 18,5 | 980 | 221 | 5,1 | 22,5 |
| Природно-математички | 50 | 2,9 | 4,3 | 1.150 | 119 | 4,6 | 10,4 | 1.150 | 169 | 3,9 | 14,7 |
| Медицински | 91 | 5,3 | 4,6 | 1.970 | 265 | 10,2 | 13,5 | 1.970 | 356 | 8,3 | 18,1 |
| Земјоделско-шумарски | 54 | 3,2 | 4,5 | 1.204 | 229 | 8,8 | 19,0 | 1.204 | 283 | 6,6 | 23,5 |
| Архитектонско-градежен | 312 | 18,2 | 11,0 | 2.840 | 246 | 9,5 | 8,7 | 2.840 | 558 | 13,0 | 10,6 |
| Електро-машински | 534 | 31,2 | 15,9 | 3.361 | 258 | 9,9 | 7,7 | 3.361 | 792 | 18,4 | 23,6 |
| Технолошко-металуршки | 224 | 13,1 | 14,3 | 1.566 | 183 | 7,2 | 11,7 | 1.566 | 407 | 9,4 | 26,0 |
| Високи школи | 125 | 7,3 | 10,3 | 1.218 | 175 | 6,7 | 14,4 | 1.218 | 300 | 7,0 | 24,6 |
| Виши школи | 60 | 3,5 | 2,3 | 2.659 | 151 | 5,8 | 5,7 | 2.659 | 211 | 4,9 | 7,9 |
| СЕ: | 1.713 | 100,0 | 6,5 | 26.338 | 2.595 | 100,0 | 9,9 | 26.338 | 4.308 | 100,0 | 16,4 |

ИЗВОР: Пописен лист СТ - 1

1/ Проценти, односно учество во вкупниот број редовни студенти кои добиле стипендија, односно кредит.

2/ Проценти, учество во вкупниот број редовни студенти од соодветниот факултет.

ниот - 9,5%, а релативно помалку на природно-математичкиот (4,6%), филозофксиот (6,4%) и вишите школи (5,8%).

2. Од аспект на вкупниот број редовни студенти на одделните факултети, тенденцијата на доделување стипандии е слична како и при анализата од аспект на вкупниот број доделени стипендии. Релативно највисоки учества имаат студентите на техничките факултети кои се движат од 15,9% на електро-машинскиот, 14,3% на технолошко-металуршкиот и 11,0% на архитектонско-градежниот, додека најмало е на филозофскиот (1,5% на правниот (2,0%) и на вишите школи (2,3%).

Во поглед на студентските кредити од вкупниот број редовни студенти на соодветниот факултет најмногу добиле студентите од земјоделско-шумарскиот факултет (19,0%),потоа, студентите на филолошкиот факултет (18,5%), на високите школи (14,4%), а релативно најмалку на вишите школи (5,7%) и на економскиот факултет (6,3%).

Иако студентски кредит полесно се добива отколку сти пендија, сепак студентите секогаш не се ориентираат кон него поради ризикот да се враќа со определена камата во случај на неуспешно студирање (губење на година и сл.), додека доделувањето на стипендии е мошне отежнато и тоа не само поради потребата од одличен успех во средното училиште, туку повеќе да се пронајде давател на стипендии, особено од страна на студентите од мануелните класи и слоеви.

Влијанието на социјалната структура на студентите врз доделувањето на стипендии и студентски кредити може да се проследи во Табелите 73 и 73-а.

ТАБЕЛА - 73

СТУДЕНТИТЕ КОИ ДОБИВАЛЕ СТИПЕНДИЈА И КРЕДИТ ВО УЧЕБНАТА 1974/75 ГОДИНА СПОРЕД НИВНАТА СОЦИЈАЛНА СТРУКТУРА

| Стипендии - кредити / Социјална струк. | Не добива стипендија ни кредит | Добивал стипендија-кредит | Индекс на асоцијација | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| Работници | 80,2<br>396<br>30,9 | 19,8<br>98<br>37,8 | 109,6 | 100,0<br>494<br>34,1 |
| Земјоделци | 63,5<br>101<br>8,5 | 36,5<br>58<br>22,4 | 59,7 | 100,0<br>159<br>11,0 |
| Администрација | 79,3<br>96<br>8,1 | 20,7<br>25<br>9,7 | 112,8 | 100,0<br>121<br>8,3 |
| Стручњаци | 89,9<br>399<br>33,5 | 10,1<br>45<br>17,4 | 294,9 | 100,0<br>444<br>30,6 |
| Раководители | 87,9<br>116<br>9,7 | 12,1<br>16<br>6,2 | 476,9 | 100,0<br>132<br>9,1 |
| Пензионери и друго | 83,0<br>83<br>7,0 | 17,0<br>17<br>6,6 | 54,1 | 100,0<br>100<br>6,9 |
| СЕ: | 82,1<br>1.191<br>100,0 | 17,9<br>259<br>100,0 | - | 100,0<br>1.450<br>100,0 |

$X^2 = 50,65$ $P < 0,001$ $DF = 5$ $C = 0,184$

Ако Табелата 73 се посматра од аспект на вкупниот број доделени стипендии и кредити, тогаш учеството на студентите од работничко потекло е највисоко - 37,8%, слично на сопственото учество во вкупната структура на редовните студенти, потоа, следи учеството на студентите од земјоделско потекло - 22,4% и учеството на студентите од слојот на стручњаците (17,4%), што е приближно на вкупното учество на доделените стипендии и кредити (17,9%), додека најмало е учеството на студентите од раководниот слој (6,2%).

Доколку се тргне во наблудувањето од вкупниот број на редовни студенти од соодветниот слој, се покажува дека најголемо учество кои добиле стипендии и кредити имаат студентите од земјоделско потекло (36,5%), потоа, студентите од слојот на администрацијата (20,7%) и од работничко потекло (19,8% а релативно помалку имаат студентите од слојот на стручњаците (10,1%) и од слојот на раководителите (12,1%).

Сепак индексите на асоцијација ни ја покажуваат застапеноста на одделните класи и слоеви во бројот на доделените студентски кредити и стипендии (бидејќи тие претставуваат количник меѓу процентуалното учество на општествената класа или слој во вкупното население помножено со 100). Така врз основа на овој порелевантен показател јасно произлегува дека највисоки индекси на асоцијацијата имаат студентите од немануелно потекло и тоа највисок е кај студентите од раководниот слој - 476,9; потоа, кај студентите од слојот на стручњаците - 294,9, додека од слојот на работниците е знатно помал, иако над сопственото учество во вкупното население - 109,6, а кај студентите од земјоделско потекло е далеку помало и од сопственото учество во вкупното население (59,7).

Овие податоци индицираат и кон еден заклучок или подобро речено претпоставка што бара посебни истражувања и проверувања за самата политика на студентските стипендии и кредити и поконкретно за тоа кој одлучува, кои слоеви во нивното доделување. Ако се имаат предвид податоците за социјалниот состав на делегатите на општинските собранија, на различните просветни, научни и културни установи во кои доминираа слоеви те на стручњаци, и раководителите појасно ќе стане, зошто има

значаен број на доделени стипендии и на оние студенти од овие немануелни слоеви на кои не им се ни неопходни поради општествено-економската положба на нивните семејства.

Слични податоци и објаснувања можат да се сретнат и во некои други анкетни испитувања на ова прашање. Така В. Томановиќ, во спомнатото истражување констатира: "Во целина е индикативно што само 16% од студентите кои имаат најнеповолна положба добиваат стипендија, а дека ја добиваат и околу 10% студенти од групата кои имаат релативно најповолна положба. Веројатно дека политиката на распределба на стипендии често е деформирана..."[15/]

ТАБЕЛА - 73-а

ДИПЛОМИРАНИТЕ СТУДЕНТИ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ "КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО УЧЕБНАТА 1973/74 ГОДИНА КОИ ПРИМАЛЕ СТИПЕНДИЈА ИЛИ КРЕДИТ СПОРЕД НИВНАТА СОЦИЈАЛНА СТРУКТУРА

| Социјална структура | Примале стипендија - кредит | | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|
| | N | %1/ | %2/ | N | %1/ |
| НКВ и ПКВ работници | 14 | 7,8 | 17,5 | 80 | 6,1 |
| КВ и ВКВ работници | 32 | 17,8 | 16,8 | 190 | 14,5 |
| Земјоделци | 19 | 10,6 | 7,8 | 244 | 18,6 |
| Приватни занает. | 8 | 4,4 | 17,0 | 47 | 3,6 |
| Администрација | 42 | 23,3 | 12,9 | 329 | 25,1 |
| Стручњаци | 24 | 13,3 | 19,5 | 123 | 9,4 |
| Пензионери и друго | 41 | 22,8 | 13,8 | 297 | 22,7 |
| СЕ: | 180 | 100,0 | 13,7 | 1.310 | 100,0 |

1/ Проценти од учеството во вкупниот број дипломирани студенти кои добивале стипендија, односно кредит.

2/ Проценти од вкупниот број дипломирани од соодветниот општествен слој.

15/ Tomanović V., Socijalna struktura učenika i studenata u Srbiji, op. cit. s. 59.

Слична тенденција на доделувањето на стипендии и кредити покажуваат и податоците за дипломираните студенти на Универзитетот "Кирил и Методиј" во Скопје во учебната 1973/74 година. Од вкупниот број студентски стипендии и кредити што ги примале дипломираните студенти 23,3% биле од слојот на администрацијата; понатаму, 17,8% од слојот на квалификуваните и висококвалификуваните работници, 13,3% од слојот на стручњаците, а (доколку се изземе слојот на приватните занаетчии поради послабата фреквенција на податоците) најмалку учествуваат студентите од слојот на неквалификуваните и поликвалификуваните работници (7,8%), т.е. на оние на кои им е најпотребно да добиваат стипендии или кредити, па потоа од земјоделско потекло (10,6%), што е за повеќе од два пати помало во однос на студентите од слојот на администрацијата (23,3%). Ако се споредат податоците за доделените стипендии и кредити на дипломираните студенти од работничко потекло (НКВ, ПКВ + К1 и ВКВ работници) кое изнесува 25,6% - една четвртина од вкупниот број стипендии и кредити со податоците на двата немануелни слоја (администрацијата + стручњаците) чие учество изнесува 36,6% ќе се забележи уште повидлива разликата од единаесет процентуални поени повеќе во корист на вторите, т.е. на оние студенти чии семејства и материјално и воопшто по животниот стандард се далеку пред семејствата на првите. Изгледа дека моќта на одлучување за доделување студентски стипендии и кредити ја следи економската и политичката моќ на одлучување и во другите подрачја од животот на луѓето од различните класи и слоеви во нашата општествена заедница.

Како што е мошне значајно прашањето кои студенти, од кои слоеви и класи добиваат стипендија и кредити исто така е мошне значајно и прашањето за добивање место во студентските домови (Табела 74).

ТАБЕЛА - 74

ДОМУВАЊЕТО НА СТУДЕНТИТЕ ВО УЧЕБНАТА 1974/75 ГОДИНА СПОРЕД НИВНАТА СОЦИЈАЛНА СТРУКТУРА

| Домување за време на студии / Социјална структура | Кај родителите | Кај роднини | Студентски дом | Позајмена соба (потстанар) | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| НКВ и ПКВ работници | 25,2<br>34 | 4,4<br>6 | 28,2<br>38<br>17,4 | 42,2<br>57 | 100,0<br>135 |
| КВ работници | 42,0<br>63 | 5,3<br>8 | 12,7<br>19<br>8,7 | 40,0<br>60 | 100,0<br>150 |
| ВКВ работници | 48,3<br>101 | 3,8<br>8 | 11,0<br>23<br>10,6 | 36,8<br>77 | 100,0<br>209 |
| Земјоделци | 11,3<br>18 | 5,0<br>8 | 36,5<br>58<br>26,6 | 47,2<br>75 | 100,0<br>159 |
| Приватни занаетчии | 38,3<br>18 | 6,4<br>3 | 10,6<br>5<br>2,3 | 44,7<br>21 | 100,0<br>47 |
| Администрација | 47,9<br>58 | 7,4<br>9 | 14,1<br>17<br>7,8 | 30,6<br>37 | 100,0<br>121 |
| Стручњаци со средно образование | 46,7<br>93 | 7,5<br>15 | 11,6<br>23<br>10,6 | 34,2<br>68 | 100,0<br>199 |
| Стручњаци со високо образование | 68,6<br>168 | 4,9<br>12 | 5,7<br>14<br>6,4 | 20,8<br>51 | 100,0<br>245 |
| Раководители | 46,2<br>61 | 9,8<br>13 | 6,1<br>8<br>3,7 | 37,9<br>50 | 100,0<br>132 |
| Пензионери и друго | 41,5<br>22 | 3,8<br>2 | 24,5<br>13<br>6,0 | 30,2<br>16 | 100,0<br>53 |
| СЀ: | 43,9<br>636 | 5,8<br>84 | 15,0<br>218<br>100,0 | 35,3<br>512 | 100,0<br>1.450 |

$X^2 = 208,82$ $P < 0,001$ $DF = 24$ $C = 0,354$

Воопшто земено, од Табелата 74 се гледа дека најголемиот број од редовните студенти за време на студиите најчесто живее кај родителите, во семејниот дом (43,9%) или во позајмена соба како подстанари (35,3%), а знатно помалку во студентски дом (15,0%), учество што се доближува до учеството на студентите стипендисти и кредиши (16,4%).

1. Најголемо учество на студентите од соодветното социјално потекло кои живеат кај родителите имаат студентите од слојот на стручњаците со високо образование (68,6%); потоа, студентите од слојот на висококвалификуваните работници (48,3% и од администрацијата (47,9%), а најмалку студентите од земјоделско потекло (11,3%).

2. Живеењето кај роднини не игра значајна улога во студирањето и од аспект на застапеноста во вкупниот број редовни студенти и од аспект на нивната социјална структура. Тоа се движи од 9,3% кај студентите од слојот на раководителите, па до 3,8% кај студентите од висококвалификуваниот слој.

3. Највисоко учество во бројот на оние студенти кои домуваат во позамјена соба имаат студентите од земјоделско потекло (47,2%); потоа, од вкупниот број редовни студенти од работничко потекло (494) во позајмена соба живеат 39,3%, а најмалку од слојот на стручњаци со високо образование (20,8) или 26,8% (заедно студентите од слојот на стручњаци со средно и со високо образование).

Живеењето во позајмена соба е мошне комплицирано и сложено прашање и доколку не е со поцврст договор утврдено меѓу станодавецот и родителите на студентот често пати цената и условите на живеење зависат само од волјата на станода-

вецот која често се менува. Оттука и знатно поголемиот број на студенти од мануелно потекло (работничко и земјоделско) кои живеат во позајмени соби се изложени на мошне понеповолни услови за учење и живеење.

4. Од вкупниот број студенти кои се вселиле во постојните студентски домови (218) кои ни од далеку не можат да ги задоволат потребите и барањата на студентите, најзастапени се студентите од работничката класа (земена како целина) - 36,7%; потоа, од земјоделско потекло - 26,6%, потоа од слојот на стручњаците (заедно) - 17,0%. Учеството на студентите во студентските домови од двата немануелни слоеви - слојот на администрацијата и слојот на стручњаците се приближува на една четвртина (околу 25,0%) и речиси се изедначува со учеството на студентите од земјоделско потекло.

Покрај ова височината на Хи-квадратот ($X^2$=208,82 $P < 0,001$ DF = 24) и коефициентот на контигенција (C=0,354) јасно ја потврдуваат претпоставката дека социјалната структура на студентите значајно влијае врз начинот на домување на студентите за време на студирањето во насока што најголемиот број на студентите од немануелните слови живеат кај родителите, т.е. во семејствата, додека најголемиот број на студенти од мануелните работнички и земјоделски слоеви живеат во позајмена соба или во студентски дом, при што ова последното подеднакво го ползуваат студентите од земјоделско потекло и студентите од слоевите на администрацијата и стручњаците.

## Заклучок

Социјалната структура на студентите влијае и врз нивниот успех во студиите, иако тоа влијание е послабо во однос на нејзиното влијание врз изборот на видот на високото образование и врз нивното другарување.

Успехот на студентите од работничко и посебно земјоделско потекло значајно се доближува до успехот на студентите од немануелните слоеви, но сепак разликите во влијанието на социјалната структура на студентите се поголеми и поизразени меѓу студентите од работничката класа и студентите од немануелните слоеви, отколку што се разликите внатре во рамките меѓу слоевите од работничката класа, и внатре меѓу немануелните слоеви.

Влијанието на социјалната структура врз просечната оценка на дипломираните студенти е поизразена во насока што студентите од немануелните слоеви, особено од слојот на стручњаците покажуваат знатно подобар успех отколку студентите од работничко и земјоделско потекло.

Врз успехот на студентите влијае и просечниот месечен доход по член на семејство и степенот на образование на нивните родители, што е во позитивна корелација со нивното зголемување во извесна смисла се зголемува и успехот на студентите. Меѓутоа, овие чинители комбинирани со социјалното потекло покажуваат нееднаков степен на влијание - така што степенот на образование на нивните родители комбиниран со социјалното потекло, повеќе влијае отколку што влијае комбинацијата на просечниот месечен доход по член на семејство.

Во комбинацијата на социјалното потекло на студентите и видот на високото образование како независни варијабли врз нивниот успех во студиите како зависна варијабла се покажува и изразува мошне посилно влијание, така што студентите во зависност од определен факултет на кој студираат покажуваат различен успех од исто социјално потекло, но и студентите од ист факултет, но од различно социјално потекло обично покажуваат и различен успех во студиите.

Од ова јасно произлегува дека врз успехот на студентите покрај значајното влијание на класно-слојната припадност на студентот, влијаат и други чинители како што се: видот на високото образование (природата на самите студии, начинот на изведување на наставата и нејзиниот квалитет и начинот и критериумот на оценување на наставниците), регионалното потекло на студентите (Скопје, друг град, село) кое ги диференцира студентите од село со понеповолен успех во однос на студентите од Скопје и од друг град; понатаму, видот на завршеното средно училиште така што студентите со завршена гимназија покажуваат подобар успех од студентите кои завршиле средно-стручно училиште; успехот во средното училиште е во тесна корелација со успехот постигнат за време на студиите; додека половата структура на студентите (машки, женски) не влијае значајно врз нивниот успех во студиите.

Социјалната структура на студентите значајно влијае и врз ефикасноста во студирањето, односно врз обемот (бројот) на дипломираните и времетраењето на студиите. Таа врз бројот на дипломираните влијае така што знатно поголема застапеност во вкупниот број на дипломираните имаат немануелните слоеви - слојот на администрацијата и слојот на стручњаците во однос

во однос на слоевите од мануелно потекло - работничките и земјоделските, а таквата поизразена застапеност на немануелните слоеви има тенденција речиси во сите видови на високото образование на Универзитетот "Кирил и Методиј" во Скопје.

Меѓутоа, во поглед на влијанието на социјалната структура врз времетраењето на студиите се изразува спротивна тенденција на погорната, т.е. во однос на нејзиното влијание врз застапеноста на одделните класи и слоеви во вкупниот број на дипломираните, бидејќи студентите со потекло од работничката класа и од земјоделците се поефикасни, односно во просек студираат за покусо време во однос на студентите од немануелните слоеви (администрацијата, стручњаците и раководителите).

Врз времетраењето на студиите влијаат и други чинители како што се регионалното потекло на студентите на тој начин што студентите од селско потекло релативно побрзо ги завршуваат студиите во однос на студентите од Скопје, додека студентите од друг град се наоѓаат меѓу првите и вторите; влијае и успехот во средното училиште, но ова влијание е послабо во однос на влијанието на социјалната структура, видот на високото образование и регионалното потекло на студентите, додека, пак, видот на завршеното средно училиште значајно не влијае врз времетраењето на студиите.

Социјалната помош и корректура изразена преку доделување на студентски стипендии, кредити и студентски домови задоволува само еден дел од потребите на студентите кои се мошне големи особено кај студентите со потекло од работничката класа и земјоделците кои еден дел со нив ги задоволува иако е значајно и во определена мера е поголемо учеството на сту-

дентите од немануелните слоеви, особено од администрацијата и стручњаците кои на определен начин имаат попривилегирана позиција во одлучувањето за доделување на стипендиите и кредитите што е обусловено со општествената положба на овие слоеви во нашата општествена заедница.

# VI

# З А К Л У Ч О Ц И

Општеството како целина и неговата социјална структура посебно го определуваат карактерот и целите на образованието во целина, а со тоа и на високото. Но, сепак и тоа значајно влијае врз општеството, неговите промени и посебно врз промените во социјалната структура на општеството. Нивната врска е дијалектичка и заемна.

Во услови на изградба на социјалистички самоуправни односи високото образование станува сѐ позначаен општествен канал на промени во социјалната структура на населението, особено во намалувањето на класните разлики и посебно на поделбата на умствен и физички труд. Меѓутоа, и во овие услови образованието и особено високото изразува противречен карактер онолку колку се изразуваат противречностите во ова општество и посебно во неговата социјална структура. Во такви противречни општествени услови и односи образованието добива противречен карактер што се состои како значаен фактор, чинител на општествени промени и промени во социјалната структура, но и како погодно средство и канал на репродукција на класните и слојните разлики и противречности. Тогаш, патот до низа угледни и привилегирани професии и општествени позиции претежно води преку високото образование.

Во современите услови на егзистенција и на капиталистичките и постојните социјалистички општества кај средното, а уште повеќе кај високото образование, остро се нагласува и манифестира нивниот двоен и противречен општествен карактер: од една страна тоа претставува значаен општествен канал и фактор на општествените промени (подразбирајќи ги тука економските, социјалните и културните), а исто така и значајно средство и оружје на конзервирање на постојните општествени односи, самообновување на владеачките класи и "елитните" социјални групи (слоеви). Таквиот двоен и противречен карактер на високото образование не егзистира само во различните фази на развиток на определен конкретно-историски облик на општество, туку и во рамките на ист степен од неговиот развиток, што е израз на видот и начинот на манифестирање на самите општествени противречности и особено класните. Секоја владеачка класа (било да станува збор за капиталистички или за социјалистички општества кои тргнуваат од сопствените спротивни интереси) се стреми и настојува образованието и посебно високото да го претвори во средство кое ќе ѝ служи во функција на остварување на својата владеачка позиција. Оттука и самите цели и улога на образованието во капиталистичките и социјалистичките општества се спротивни, што произлегуваат од суштинските разлики на карактерот на овие типови на современи општества.

Класнослојната структура на современите високоразвиени капиталистички земји најсилно влијае врз можностите за студирање и стекнување на диплома на некоја високообразовна институција. Но тоа нејзино дејство е насочено во два спротив

ни правци: 1) непречени и неограничени можности за студирање на синовите и ќерките од средната и крупната буржоазија и влегувањето во нив од другите и посебно од експлоатираните класи по пат на високото образование дејствува иреално и 2) ограничувачки и сопирачки во однос на можностите за студирање на синовите и ќерките од експлоатираните наемни работници и посебно од производствените наемни работници. Највисокото учество на младината од работничката класа на високошколските установи, и тоа не на најелитните, достигнува околу една четвртина од вкупниот број студенти и тоа само во две-три високоразвиени капиталистички земји, додека во најголемиот број високоразвиени капиталистички земји нивното учество е мошне незначително, т.е. под една десетина од вкупниот број студенти.

На тој начин јасна е класната улога на високото образование во современиот капитализам, улога која е во служба на постојната општествена поделба на трудот, на хиерархиската поделба во фабриката и на оплодувањето на капиталот. Високото образование има позначајна улога за ситната буржоазија која сѐ потешко се репродукува врз основа на ситната сопственост и единствено средство гледа своите синови и ќерки да ги регрутира во "буржоаскиот талог" или во "командантите" и надгледувачите на производствениот труд преку стекнување на високошколска диплома. Тоа слична улога на самообновување има и кај другите средни слоеви на "бели јакни", на "офицерите" и "подофицерите" на производствениот труд; на научните и истражувачки бироа итн. Така високото образование станува карактеристично поле на класната борба меѓу ситната буржоазија и средните слоеви на "бели јакни".

Оттука може да се заклучи дека и во иднина високото образование не ќе претставува значаен фактор и општествен канал на значајни класни промени во рамките на капиталистичкиот начин на производство.

Влијанието на социјалната структура врз можностите за запишување и студирање во земјите на етатистичкиот социјализам е значајно и се карактеризира со следното:

1. Со брзото ширење на образовната мрежа на сите степени и посебно на високото, значајно се зголеми застапеноста на работничката класа во високото образование и нејзиното учество просечно за сите европски етатистички социјалистички земји се движи околу една третина што е на определен начин во зависност од бројноста, односно развиеноста на работничката класа во соодветната земја, при што обично учеството на студентската младина од работничко потекло во вкупниот број студенти сѐ уште е под учеството на работничката класа во вкупното население.

2. Во рамките на студентската младина доминираат студентите од немануелните слоеви или според нивните официјална наука тнр. интелигенција-чие учество, просечно земено се движи околу половината (50%) од вкупниот број студенти, што далеку (на триесет процентуални поени) поголемо од нивната застапеност во вкупното население, но речиси за толку повисоко и од учеството на студентите од работничко потекло.

3. Студентите од селско потекло во вкупниот број студенти во овие земји учествуваат со (просечно) една седмина и покрај тоа што учеството на селското население во вкупното е доминантно, односно се движи и до 40% во некои земји.

Оттука и високото образование има силно, нагласена противречна улога: брзо зголемување на бројот на студентите и покрај селективните механизми на прием на универзитетот, од една страна и значаен канал на социјална репродукција на немануелните слоеви и воопшто на хиерархиската поделба на трудот, пред сѐ на физички и умствен. Таквата противречна функција на образованието во овие земји ќе ја задржи и во иднина, т.е. сѐ додека општествените односи и целокупниот општествен систем се заснoвува и израснува врз етатистичкиот начин на производство, етатистичката сопственост и поделбата на умствен и физички труд, т.е. услови кои доведуваат да се управува во име на работничката класа чие битие е наемно, а не непосредно самата класа да управува; услови во кои постои од неа отуѓен управувачки слој кој е привилегиран и кој образовниот систем и посебно високото го става во функција на неговото управување и самообновување. При тоа, учеството на студентите од работничко потекло во иднина може и да се зголемува сѐ до и преку нејзиното учество во вкупното население, но суштината на високото образование останува и ќе остане иста: самообновување на управувачкиот, бирократскиот слој, од една страна и можност преку него (завршувањето на некоја високообразовна установа) да се побегне од општествената положба на работничката класа и селанството и да се стане "граѓанин" на некој од немануелните општествени слоеви.

Во такви услови високото образование е значајно "бојно" поле на класно-слојните ~~интереси~~ интересите на управувачкиот слој и на интелигенцијата да ги задржат постојните пози-

ции и привилегирани функции и преку него да се напуштат подредените и деприивирачки позиции и занимања на претежно физичкиот труд што е мошне потешко, отколку кај првите-нив да ги задржат.

Мошне слична тенденција и противречна функција на високото образование се забележува и во услови на развој на социјалистички самоуправни односи. Но пред да се означат во оваа смисла основните карактеристики на социјалната структура во нашето општество, ќе се изнесат основните резултати од проверката на поставената теориска хипотеза:

1. Социјалната структура влијае врз можностите за студирање и врз изборот на видот на високото образование така што студентите од немануелните слоеви во позначајна мера ги избираат оние видови на високо образование кои се "поконјуктурни" и кои повеќе и побрзо водат кон поклучните општествени позиции (економскиот, правниот, медицинскиот и архитектонско-градежниот факултет), при што разликите се мошне позначајни меѓу мануелните слоеви, од една страна и немануелните, од друга отколку внатре меѓу нивните слоеви.

1-а) Врз изборот на видот на високото образование влијаат правопропорционално висината на просечниот месечен доход по член на семејство и степенот на образование на родителите, со нешто поизразено дејство на степенот на образование на родителите. Нивното влијание е во иста насока како и влијанието на социјалната структура и не излегува од нејзините рамки, бидејќи дејството на доход на семејството па и степенот на образование на родителите внатре во рамките на мануелните и немануелните слоеви е речиси безначајно.

1-б) Регионалното потекло на студентите (Скопје, друг град, село), односно попрецизно речено противречноста меѓу градот и селото значајно ги диференцира матурантите во можностите за студирање како и врз изборот на видот на високото образование на тој начин што студентите од село не само што имаат знатно помали можности да влезат на универзитет, бидејќи селекцијата кај нив е посилно изразена, туку и во изборот на видот на високото образование повеќе се ориентирани кон студиите на вишите школи и студиите од прв степен, т.е. студии кои покусо траат како и кон земјоделско-шумарскиот факултет.

1-в) Врз изборот на видот на високото образование значајно влијаат и други чинители како што се: видот на завршеното средно училиште, успехот во средното училиште, половата структура на студентите и сл.

Учениците кои завршиле училиште за занимање само исклучително и ретко имаат можност и претпоставка за успех, да се запишат на некој факултет или виша школа, додека учениците од средните стручни училишта обично се насочени кон изборот на оние видови високо образование кои соодветствуваат според својата природа на знаењата од средното училиште, додека гимназијалците имаат најголеми можности за избор на било кој факултет, што значи не се ограничени во тој поглед.

Успехот на студентите значајно и во иста насока влијае врз изборот на видот на високото образование како и социјалната структура на студентите, бидејќи оваа (социјалната структура) значајно влијае врз успехот на учениците во средното образование.

Полот на студентите значајно влијае врз изборот на видот на високото образование така што во вкупниот број студенти најзастапена е машката студентска младина како и тоа што женската студентска младина најчесто бира некој од факултетите на општествените науки и медицинскиот факултет, а речиси незнатно некој од техничките факултети.

Анализата на емпириските податоци не ги потврди следните две хипотези.

А. Социјалната структура значајно не влијае врз периодот на првото размислување за идната професија, односно за изборот на видот на високото образование;

Б. Социјалната структура значајно не влијае врз периодот на донесување конечна одлука за избор на соодветниот факултет на кој студентот студира.

При комбинирањето на дејството на висината на просечниот месечен доход по член на семејство на студентот, степенот на образование на родителите па и со успехот во средното училиште врз периодот на размислување и конечната одлука за избор на соодветниот факултет резултатот е ист: не постои значајно влијание ниту на еден од анализираните чинители.

Една од причините на оваа појава веројатно се состо во недоволната осознаеност кај добар дел од завршените средношколци на нивните цели при изборот на професијата што бара вишо и високо образование воопшто, отколку свесна ориентација за избор на соодветната професија која бара високо образование. Ова се потенцира во услови на "отворени врати" на универзитетот што се поддржува општествено и политички со неможноста за вработување на поголемиот број завршени средношколци.

Во такви услови и високото образование станува резервоар на латентно невработената средношколска младина, од една страна и само цел за добивање на диплома од некоја високошколска установа што ја овозможува (само целта) престижот на самото високо образование за да се побегне од општествената положба на мануелните класи и слоеви, од друга страна.

2. Социјалната структура на студентите значајно влијае врз изборот на најдобриот другар со кого студентот најмногу се дружи така што најчесто за најдобри другари се избираат студенти од сопственото или мошне блиско социјално потекло, при што разликите меѓу студентите од немануелните слоеви се поголеми отколку разликите меѓу студентите од работничките слоеви, но тие не се толку големи и значајни колку што се разликите меѓу студентите од работничката класа, од една страна и од немануелните слоеви, од друга страна. Меѓутоа, во изборот на најдобар другар постои поголема затвореност меѓу студентите од немануелните слоеви во однос на студентите од мануелно потекло.

Социјалното потекло на студентот позначајно влијае врз изборот на најдобар другар отколку што влијае неговиот успех во средното училиште.

2-а) Социјалната структура на студентите влијае врз нивното меѓусебно помагање во студирањето, односно во подготвувањето на испитите така што во позначајна мера студентите од исто или слично социјално потекло се здружуваат.

2-б) Социјалната структура на студентите влијае врз изборот на девојка или младич на тој начин што тој избор претежно се врши во рамките на исто или слично социјално потекло.

Влијанието на социјалната структура на студентите се изразува и пошироко во нивните неформални односи, во користењето на слободното време што е резултат на класно-социјалното диференцирање на вкупното население во македонското општество и неговото влијание врз неформалните односи, слободното време, годишните одмори и создавањето на групите на "кукі пријатели.

3. Социјалната структура на студентите влијае врз нивниот успех во студиите, иако тоа посебно е изразено во однос на нејзиното влијание врз изборот на видот на високото образование и врз нивното другарување како и тоа што влијанието на социјалната структура врз успехот на дипломираните студенти е знатно поизразено отколку кај недипломираните (анкетиранı студенти.

Тенденцијата на послабото влијание на социјалната структура на студентите врз нивниот успех во студиите во однос на изборот на видот на високото образование и нивното меѓусебно другарување може да се објасни со поострата селекција што е *de facto* вршена во претходните степени на образование врз учениците од мануелно потекло, и од работничко и земјоделско потекло.

3-а) Врз успехот на студентите влијаат висината на просечниот месечен доход по член на семејство и степенот на образование на нивните родители кои се наоѓаат во позитивна корелација со нивниот успех, со таа разлика што кога ќе се ко: бинира нивното дејство тогаш степенот на образование на нивните родители покажува повисок степен на влијание. Во комбинација на дејството на социјалното потекло на студентите, висина-

та на просечниот месечен доход по член на семејство и степенот на образование на нивните родители се покажува дека социјалното потекло (мануелно - немануелно) посилно ги диференцира студентите во нивниот успех, отколку што се височината на просечниот месечен доход по член на семејство и степенот на образование на нивните родители.

3-б) Врз успехот на студентите значајно влијае и видот на високото образование така што ова влијание покажува повисок степен во однос на социјалната структура што е резултат на карактерот, содржината и начинот на студии на одделните видови високо образование.

3-в) Противречноста меѓу градот и селото и пошироко регионалното потекло на студентите влијае врз просечната оценка на студиите, така што студентите од село покажуваат понеповолен успех во однос на студентите од Скопје и друг град.

3-г) Видот на завршеното средно училиште влијае врз успехот на студентите така што студентите со завршена гимназија покажуваат подобар успех од студентите кои завршиле средно-стручно училиште.

3-д) Успехот во средното училиште е во позитивна корелациска поврзаност со успехот на студиите.

3-ѓ) Половата структура на студентите значајно не влијае врз нивниот успех во студиите.

4. Социјалната структура на студентите значајно влијае врз обемот (бројот) на дипломираните студенти во таква насока што е знатно поголемо учество во вкупниот број дипломирани на Универзитетот имаат студентите од немануелните слоеви (особено од слоевите на администрацијата и стручњаците) во од-

нос на студентите од мануелно потекло (работничко и земјоделско), што е како тенденција не само во поглед на вкупниот обем на дипломирани студенти, туку таа е карактеристична речиси во сите видови на високото образование на Универзитетот "Кирил и Методиј".

5. Влијанието на социјалната структура на студентите врз ефикасноста, односно времетраењето на студиите значајно влијае, но во спротивна насока во однос на нејзиното влијание врз изборот на видот на високото образование, меѓусебното другарување, успехот во студиите и обемот на дипломираните студенти: студентите со потекло од работничката класа и земјоделците се поефикасни, односно во просек студираат пократко време (години) отколку што е тоа кај студентите од немануелните слоеви.

5-а) Со слична тенденција врз времетраењето на студиите влијае и регионалното потекло на студентите: студентите кои живеат на село побрзо ги завршуваат студиите во однос на студентите од Скопје, додека студентите од друг град се наоѓаат на средината меѓу првите и вторите.

5-б) Врз офикасноста на студирањето влијаат и други чинители како што се: видот на високото образование, успехот во средното училиште што е послабо во однос на влијанието на социјалната структура, додека, пак, влијанието на видот на завршеното средно училиште не е значајно.

6. Влијанието на социјалната помош изразена преку студентските стипендии и кредитите значајно и суштински не го "корегира" дејството на социјалната структура врз можностите за студирање, успехот и ефикасноста во студиите.

Значи, во целина земено, социјалната структура значајно влијае врз целокупниот процес на студирање вклучувајќи ги тука и можностите за запишување на секој вид високо образование. Во тој поглед на определен начин се репродукува социјалната структура на средношколската младина. Влијанието на социјалната структура врз можностите за студирање во СР Македонија споредено со истото влијание во другите социјалистички републики во СФРЈ како и со нејзиното влијание во другите социјалистички земји, не покажува некои суштински поинакви тенденции, туку се вклопува во општата законитост во обусловуваноста на социјалната структура на студентите од социјалната структура на вкупното население, предизвикувајќи, притоа, значајни нееднаквости од класен и слоен карактер во високото образование.

Таквите нееднаквости се огледаат во значајно послабата застапеност на работничката класа и земјоделците во високото образование која е под учеството во вкупното население во однос на немануелните слоеви кои мошне повеќе се застапени во високошколските установи не само во однос на своето учество во вкупното население, туку и според учеството во вкупниот број на студентите.

Оттука, може да се очекува дека и во идните дваесеттина години влијанието на социјалната структура врз можностите и успехот во студирањето во нашето општество да има исти или слични тенденции, без разлика што притоа, учеството на студентите од работничко потекло веројатно ќе се зголемува особено со тенденцијата на прераснување на средното образование во општо и задолжително, т.е. со опфат на генерацијата

што ќе се движи помеѓу 70-80%; високото образование во најголем дел ќе ја задржи својата суштинска функција: обид за "бегање" од производните класи (работничката и земјоделската) и саморепродукција на немануелните слоеви (слоевите на администрација, стручњаци и раководители).

На тој начин индивидуалната (личната) промоција со помош на добивање диплома за завршен факултет за работникот, односно за неговиот син или ќерка, значи егзодус од работничката материјална егзистенција, начин на живеење и општествена моќ и духовно однесување, додека спротивно за техно-бирократот, односно за неговиот син или ќерка тоа значи задржување на материјалната егзистенција, начинот на живеење општествената и културната моќ што веќе ја поседува.

Ваквата улога и место на високото (па и средното) образование не може суштински да се измени ниту со барањата за зголемување на учеството на студентите од работничката класа дури кога тоа и *de facto* би се случувало, ниту со "реформа на образованието и посебно високото. Искуството на досегашната "реформа" на универзитетот и на тнр. "реформа" на насоченото средно образование, особено ова второто покажа дека и покрај првите две општо-образовни години најголемиот број ученици во третата насочувачка година ги избегнува училиштата за занимања и сѐ повеќе се "турка" во редот што води кон гимназиите, односно кон продолжено високо образование преку што *de facto* се изразува неговиот дуализам. Илузија е таквата тенденција да се објаснува со менталитетот и свеста на луѓето, со култот кон гимназијата или со култот кон високото образование.

Основните причини и чинители не лежат во образованието ниту во менталитетот и традицијата на луѓето и колку тие да се значајни туку во каректорот на социјалната структура на нашето општество, чиј печат ѝ дава општествената поделба на трудот, односно сѐ уште подреденоста на производниот на непроизводниот труд, на значајно понеповолната општествена положба на мануелниот во однос на немануелниот труд; општествена поделба на трудот што ја цементира одвоеноста на образованието од производниот и воопшто од светот на трудот. Токму и образованието и посебно високото е во функција и во служба на репродукцијата на оваа постојна поделба на трудот.

Ваквата поделба на трудот доведува, и покрај обидот на развој на социјалистичкото самоуправување, до отуѓување на слојот на администрацијата и слојот на стручњаците со високо образование од материјалната егзистенција, начинот на живеење интересите и образованието на работничката класа и селанството и во нивно претворање во технобирократија која во определени фази од развојот на нашето општество има економски, политички и духовен монопол, управувајќи во име на работничката класа, што ѝ даваше печат на неговата социјална структура во целина.

Таквите тенденции особено се изразуваа и изразуваат во оние пеироди кога постои определена стагнација и потиснување на самоуправните процеси и односи. Во тој поглед иако се постигнати определени значајни резултати во развојот на социјалистичкото самоуправување сепак, тоа сѐ уште не стана доминантен економски и стварен однос, барем не толку како што е развивано на рамниште на идеологијата и нормативната

област. Тоа сé уште не успеа до крај да ги разбие технобирократските монополски центри на моќ и одлучување, со што е мошне забавен процесот на "поработничување на сите", односно во трансформација на постојната социјална структура која би се вршела врз критериумот, односно положбата, начинот на живеење и интересите на работничката класа како нејзина "матица". При тоа, не се работи сите да се сведат на образованието на неквалификуваните или квалификуваните работници, напротив работник да биде и да стане оној кој има средно или високо образование, т.е. да нема суштински разлики во нивната економска егзистенција, начин на живеење, општествено-политичка моќ и интереси.

Во развојот на политичкиот систем на социјалистичкото самоуправување нашата социјалистичка револуција (а уште помалку другите социјалистички земји кои се развиваат врз државната сопственост) доволно не вгради определени механизми кои не би овозможувале тенденции на бирократизација и технократизација или нивната симбиоза кои силно го оневозможуваат развојот на самоуправните односи на сите рамништа на општествената организација, со што и се спречуваат или забавуваат тенденциите кон "поработничување" на социјалната структура, односно на процесот на "економското ослободување на трудот".

Некои од тие механизми не се непознати во меѓународното работничко движење. Во оваа смисла да потсетам на искуството што го извлекува К. Маркс од Парискатa комуна која презела определени мерки за да не дојде до "натпревар" за функции, односно да не дојде до бирократизација во новата социјалистичка држава: 1) распределба на доходот според критериумот

на работништвото, т.е. почнувајќи од членовите на Комуната па до долу јавната служба морала да се врши со работничка надница (општествено изедначување на производниот и непроизводниот труд); 2) можност делегатите и изборните чиновници во секое време да можат да бидат сменети и отповикани од самите бирачи и кои мораат строго да се придржуваат на инструкциите на своите бирачи (императивен мандат) и 3) по завршениот изборен мандат нивно враќање на истото работно место.

Без ова и без реинтеграцијата на производниот труд и воопшто здружениот труд со образованието; образование (средно и високо) кое ќе се засновува врз основите на политехничкото образование, тоа (високото образование) не може суштински да ја измени својата противречна општествена функција во нашето општество.

# VII

## 1. П Р И Л О З И

УНИВЕРЗИТЕТ „КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ — СКОПЈЕ

**ВЕ ЗАМОЛУВАМЕ ДА ОДГОВОРИТЕ НА СИТЕ 17 ПРАШАЊА!**

1. Место ..........................................
2. Факултет, (висока или виша школа)

..........................................

3. Насока (отсек) ..........................................
4. Група: ..........................................
5. Година на запишување на студентот: I, II, III, IV, V
6. Семестар ..........................................

# Студентски лист - 1

А. Презиме и име на студентот

..........................................

7. Дали се запишувате како: (заокружете еден од двата приведени одговори)
   1. Редовен
   2. Вонреден
8. Ако сте вонреден студент наведетего Вашето занимање (на пр. неквалифик. работник, квалифик. работник, вис. квалиф. работник, приватен занает., економ. техничар, книговод., учител, наставник со виша школа, дирек. и сл.)

..........................................

9. Пол
   1. Машки
   2. Женски
10. Националност ..........................................
11. Постојано место на живеење
    1. Скопје
    2. Друг град во СР Македонија
    3. Друг град во друга С Република
    4. Село
12. Занимање на таткото: е (заокружете го само оној одговор во кој што спаѓа занимањето на Вашиот татко, ако немате татко тогаш занимањето на Вашата мајка или Вашиот старател)
    1. Неквалификуван работник и полуквалификуван работник
    2. Квалификуван работник
    3. Високвквалификуван раотник
    4. Земјоделец
    5. Приватен занаетчија
    6. Средно-стручен кадар (техничар, економски техничар, наставник со виша школа и сл.)
    7. Високо стручен кадар (инженер, економист., правник, професор и сл.)
    8. Раководен кадар (директор, управител, професионален политичар и сл.)
    9. Друго (наведете што) ..........................................
13. Степен на образованието на таткото (заокружете го само оној одговор во кој што спаѓа образованието на Вашиот татко, а доколку немате татко на Вашата мајка или старател).
    1. Неписмен
    2. Самоук (без образование и писмен)
    3. Четиригодишно основно училиште)
    4. Осумгодишно училиште
    5. Завршено училиште за стопанство или со практична обука за квалификувани работници
    6. Училиште за висококвалификувани работници
    7. Средно техничко, односно средно стручно училиште
    8. Гимназија
    9. Виша школа
    10. Факултет или висока школа
14. Со каков успех го завршивте средното училиште
    1. Доволен
    2. Добар
    3. Мн. добар
    4. Одличен
15. Наведете го средниот успех на студиите и тоа за:
    - I година ..........................................
    - II година ..........................................
    - III година ..........................................
    - IV година ..........................................
    - а) немам среден успех бидејќи сега се запишувам на прва година студии.
16. Дали примате стипендија?
    1. Да
    2. не
17. Дали примате студентски кредит?
    1. Да
    2. не

УНИВЕРЗИТЕТ
"КИРИЛ И МЕТОДИЈ"

Институт за социолошки и
политичко-правни истражувања

СКОПЈЕ

# СТУДЕНТСКА АНКЕТА СЛ - 2 - 75

Целта на оваа анкета претставува научно социолошко истражување за социјалната структура на студентите и нејзиното влијание врз изборот на факултетот, високата и вишата школа, нивното меѓусебно дружење и успехот во студиите на сите факултети, високи и виши школи во СР Македонија.

Со оваа анкета се прибираат само определени информации во рамките на комплексното научно социолошко истражување на тема: работничката класа и високото образование.

Со оглед на фактот што податоците прибрани со оваа анкета треба да послужат за научни цели, научно согледување на приведениот проблем, употребливоста на овие податоци за вакsurvey цели собрани со оваа анкета, првенствено ќе зависи од Вашата непосредна и искрена соработка, од внимателното и прецизно дадените одговори на поставените прашања во анкетата.

Скопје, април - 1975

I

1. Име на факултетот
(високата или вишата школа): ____________________

2. Отсек (група): ____________________

2.а) Година на студии: I, II, III, IV, V

3. Пол: 1. машки, 2 женски

4. Националност: ____________________

5. Место на раѓање:

1. место ____________________
2. општина ____________________
3. СР ____________________
4. друга држава ____________________

6. Место на постојано живеење

1. место ____________________
2. општина ____________________
3. СР ____________________
4. друга држава ____________________

7. Занимање на Вашиот татко ____________________

(Наведете го што поконкретно, како на пример: земјоделец, општ НКВ работник, машинобравар, рудар, дреар, книговодител, продавач, приватен занаетчија, возач, забар.техничар, економски техничар, шумарски техничар и сл., учител, наставник, професор во средно училиште, професор на факултет, инженер, економист, правник, адвокат, лекар, уметник, војно лице и сл. Ако е пензионер, или инвалид да се наведе претходното занимање, пример, пензионер-економски техничар).

8. Ако Вашиот татко по занимање е земјоделец, наведете колку хектари земјиште обработува? ______________

9. Каде е вработен вашиот татко?

   1. работно место ______________________________
   2. име на работната организација ______________
   ______________________________________________
   3. место (град, село...) ______________________
   4. не е вработен

1o. Занимање на Вашата мајка: ______________________

11. Образование на Вашиот татко:

   1. неписмен
   2. самоук (без образование, но писмен)
   3. четиригодишно основно училиште
   4. осумгодишно основно училиште
   5. завршено училиште за квалификувани работници
   6. училиште за ВКВ работници
   7. средно стручно
   8. гимназија
   0. виша школа
   J. висока, факултет
   X. магистер, доктор на науки

12. Образование на Вашата мајка:

1. неписмена
2. самоука (без образование, но писмена)
3. четиригодишно основно училиште
4. осумгодишно основно училиште
5. завршено училиште за квалификувани работници
6. средно стручно училиште
7. гимназија
8. виша школа
9. факултет, висока школа

13. Од колку членови се состои Вашето семејство, односно домаќинство? ______________________

14. Колку членови од Вашето семејство, односно домаќинство се вработени? ______________________

15. Колкав е вкупниот месечен доход на Вашето семејство, односно домаќинство? (собери ги месечните лични доходи на сите членови вработени од семејството, односно домаќинството) ________________ во стари динари.

16. Потребните средства за студирање и живеење (за стан, облекло, исхрана и сл. претежно ги обезбедувам преку:

1. родителите
2. стипендија-износ ________________ во стари дин.
3. кредит - износ ________________ во стари дин.
4. сам ги обезбедувам со работа (која?) __________
______________________________________________
5. на друг начин (наведете го) ________________
______________________________________________

17. Колку месечно трошите за стан и храна ____________ во стари ди...

18. Каде се храните за време на учебната 1974/75 год.?

    1. кај родителите
    2. заедно со роднините
    3. во студентска менза
    4. сам си приготвувам
    5. каде ќе стигнам во градот

19. Кои оброци ги земате дневно?

    1. само ручек
    2. појадок и ручек
    3. појадок, ручек и вечера
    4. појадок и вечера
    5. појадок, ужина, ручек и вечера

20. Каде живеете за време на учебната 1974/75 година?

    1. кај родителите
    2. кај роднини
    3. во студентски дом
    4. позајмена соба како потстанар

21. Со колку лица спиете во собата? __________________

22. Дали собата во која живеете е:

1. сува, светла и топла
2. сува, но не е добро светла
3. влажна, но светла
4. влажна и темна
5. друго: ______________________

23. Каде учите и ги подготвувате испитите?

1. во собата за спиење
2. во читална на факултет
3. во библиотека
4. на друго место: ______________________

24. Според Вашето мислење, дали Ви се добри условите за учење и подготвување на испитите?

1. многу добри
2. добри
3. делумно добри
4. лоши
5. многу лоши

II

25. Која година го запишавте факултетот (високата или вишата школа) на кој сега студирате? ____________________

26. Наведете го последниот запишан семестар?

а) семестар ____________

б) година на запишување ____________

27. Дали на студии дојдовте по завршувањето на средното училиште или од некоја работна (или општествена организација)?

1. по завршувањето на средното училиште

2. од работна (општествена) организација (која?) ____________________

3. друго: ____________________

28. Ако на студии дојдовте од работна организација, поконкретно наведете го занимањето и работното место што ги обавувавте во работната организација?

1. занимање ____________________

2. работно место ____________________

3. не дојдов на студии од работна организација

29. Ако на студии дојдовте од работна организација објасните го начинот на доаѓањето од работната организација

1. работната организација ми определи платено отсуство за редовно студирање

2. работната организација ми определи неплатено отсуство за редовно студирање

3. работната организација ми определи стипендија за студирање и ме ослободи од работен однос за време на студиите

4. на моја иницијатива го раскинав работниот однос за да можам редовно да се запишам на студии →

5. друго (наведете): ______________________________

______________________________

У. на студии дојдов по завршувањето на средното училиште

3о. Пред да се запишете на свој факултет (висока или виша школа), кое училиште сте завршиле?

______________________________

31. Со ваков успех сте го завршиле ова училиште:

1.одличен

2.многу добар

3.добар

4.доволен

5.со поправен

6. не завршив средно училиште, туку со приемен испит

32. Сега, обидете се да ги опишете основните причини што влијаеле врз вашиот избор на свој факултет (висока или виша школа)?

______________________________

______________________________

______________________________

______________________________

______________________________

______________________________

33. Сепак Ве замолуваме да ја одвоите основната непосредна причина која била од решавачко значење да се запишете на овој факултет (висока или виша школа)?

________________________________________

________________________________________

________________________________________

________________________________________

________________________________________

34. Во донесувањето на Вашата одлука да студирате на овој факултет (висока или виша школа) колку биле значајни следните фактори: (покрај секој од долунаведените фактори напишете еден крст под оној број кој одговара на степенот на важноста)

| | многу значајно (1) | прилично значајно (2) | од пом. значај. (3) | воопшто незнач. (4) |
|---|---|---|---|---|
| а) таткото | | | | |
| б) мајката | | | | |
| в) други роднини | | | | |
| г) пријатели | | | | |
| д) стручњаци коишто лично се познаваат | | | | |
| ѓ) познати стручњаци за кои сте слушнале или прочитале | | | | |
| е) наставниците од средното училиште | | | | |
| ж) книги, филмови и слично | | | | |
| з) друго: ____________ | | | | |

35. Сега, обидете се да се присетите кога прв пат сте размислувале да се запишете на овој факултет (висока или виша школа)?

1. уште во текот на осумгодишното училиште
2. веднаш по завршувањето на осумгодишното училиште, односно пред запишувањето во средното училиште
3. во текот на учењето во средното училиште
4. веднаш по завршувањето на средното училиште
5. непосредно пред самото запишување на овие студии
6. друго: ______________________________

36. Кога сте донеле конечна одлука да студирате на овој факултет (виша или висока школа)?

1. во текот на осумгодишното училиште
2. веднаш по завршувањето на осумгодишното училиште, односно пред запишување во средно училиште
3. во текот на првите две години од средното училиште
4. во текот на последните две години на средното училиште
5. непосредно по завршувањето на средното училиште
6. непосредно пред запишување на овој факултет
7. друго: ________________________

III

37. Напишете ја Вашата просечна оценка за време на студиите ______________

38. Посебно наведете ја просечната оценка за секоја студијска година:

I година ______________

II година ______________

III година ______________

IV година ______________

39. Дали сте задоволни со Вашиот успех на овој факултет (висока или виша) школа?

1. многу задоволен
2. задоволен
3. воглавно задоволен
4. прилично незадоволен
5. потполно незадоволен

40. Според Вашето мислење, кои се причините што постигнавте таков успех:

______________

______________

______________

______________

______________

______________

41. Колку часови просечно дневно проведувате во учење?

______________________

42. Испитите ги подготвувате:

1. кампањски

2. систематски

43. На прва година студии на овој факултет (висока или виша школа) се запишавте во учебната 19__/19___

и тоа:

1. директно од средното училиште

2. од друг факултет, висока или виша школа

3. со повторување

Б. На втора година студии на овој факултет се запишавте во учебната 19___/19___

и тоа:

1. директно

2. условно

3. со повторување

В. На трета година студии се запишавте во учебната 19___/19___

и тоа:

1. директно

2. условно

3. со повторување

Г. На четврта година студии се запишавте во учебната 19___/19___

и тоа:

1. директно

2. условно

3. со повторување

IV

44. Наведетего што поконкретно занимањето од таткото на Вашиот најдобар другар-ка?

______________________________________________

45. Дали Вашиот најдобар другар-ка е студент?

1. да

2. не

46. Дали Вашиот најдобар другар постојано живее во:

1. Скопје

2. друг град во Републиката

3. друг град во СФР Југославија

4. друг град надвор од СФРЈ

5. на село е

6. друго: ________________

47. Наведете го занимањето од таткото на оној Ваш другар-ка со кого заедно го спроведувате слободното време: корзо, кино, кафеана, излет и сл. ______________________

48. Наведете го занимањето од таткото на оној Ваш колега (или колешка) со кого ги подготвувате испитате и најповеќе Ви помага во тоа подготвување: ________________

49. Наведете го занимањето од таткото на Вашата девојка, односно младич? (доколку сте женети-мажени, наведете го занимањето на Вашиот сопруг-а)?

______________________________

50. Дали при изборот на девојка, односно младич водите сметка и за нејзиното, односно неговото социјално потекло?

1. мошне многу водам сметка
2. прилично водам сметка
3. обично водам сметка
4. слабо водам сметка
5. воопшто не водам сметка

51. Во изборот на Вашиот брачен другар за кои карактеристики би воделе повеќе сметка (за секој одговор ставете крст под оној број кој одговара според значајноста).

| | мн.значај. (1) | значајно (2) | беззначајно (3) |
|---|---|---|---|
| а) вработеноста | | | |
| б) училишната подготовка | | | |
| в) материјалната положба | | | |
| г) занимањето и угледот на неговите родители | | | |
| д) националноста | | | |
| ѓ) политичката ангажираност | | | |
| е) карактерот | | | |
| ж) физичкиот изглед | | | |
| з) сексуалното искуство | | | |
| ѕ) друго: ________ | | | |

V

52. Дали сметате дека Вашиот факултет (висока или виша школа) доволно стручно Ве оспособува:

1. потполно сум убеден во тоа
2. воглавно сум убеден
3. делумно сум убеден
4. не сум убеден
5. воопшто не сум убеден
6. не знам

53. Обидете се да дадете свој суд за просечниот квалитет на наставата и вежбите како и за начинот на оценувањето на Вашиот факултет (висока или виша школа) (назначете со крст под оној број што одговара на Вашето мислење):

| | одлична (1) | мн.добра (2) | добра (3) | слаба (4) |
|---|---|---|---|---|
| а) настава | | | | |
| б) вежби | | | | |
| в) начин на оценување | | | | |

54. Дали е потребно факултетот, (Високата, вишата школа), покрај стручното образование да пружи и основни знаења од областа на општествените науки и хуманистичката проблематика?

1. многу потребно
2. потребно е
3. делумно потребно
4. непотребно
5. немам определено мислење

55. Во која област од Вашето образование чувствувате најголем недостаток? (Заокружете онолку одговори колку го изразува Вашето мислење):

а) стручното

б) макристичкото

в) политичкото

г) културното

д) не чувствувам недостаток

55.а) Образложете го ваквото Ваше мислење на претходното пр... ње

56. Како го прифаќате марксизмот?

1. потполно го прифаќам

2. прилично го прифаќам

3. делумно го прифаќам

4. не го прифаќам

5. не го познавам доволно

56.а) Образложете зошто така мислите во врска со одговорот на претходното прашање.

57. Наведете по три наслови на познати трудови од К.Маркс, Ф.Енгелс, В.Ленин и од истакнати современи марксисти:

1. трудови од К.Маркс:

   а) ______________________

   б) ______________________

   в) ______________________

2. трудови од Ф.Енгелс:

   а) ______________________

   б) ______________________

   в) ______________________

3. заеднички трудови на К.Маркс и Ф.Енгелс:

   а) ______________________

   б) ______________________

   в) ______________________

4. трудови од В.Ленин:

   а) ______________________

   б) ______________________

   в) ______________________

5. Трудови од некој современ марксист:

   - име и презиме на марксистот: ________________

   - негови трудови:

   а) ______________________

   б) ______________________

   в) ______________________

58. Опишете што мислите за сегашната настава по марксистичкото образование на Вашиот факултет (висока или виша школа), т.е. кои се добрите, а кои лошите нејзини страни:

а) добрите: ______________________________

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

б) лошите: ______________________________

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

59. Според Вашето мислење, дали на Вашиот факултет (висока или виша школа) запишувањето на нови студенти треба да биде:

1, слободно, без никакво ограничување

2. со ограничување, т.е. само определен број на студенти, без разлика на постоењето услови за слободен упис

3. ограничување во зависност од просторните и наставните услови на соодветниот факултет, високата или вишата школа

4. ограничување по пат на општествено самоуправно планирање на високостручните кадрови

5. друго: ______________________

6. немам изградено став по ова прашање

59 а) Во врска со одговорот на претходното прашање образложете зашто така мислите:

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

60. Наведете две професии за кои се бара факултетско образование, а кои имаат најповеќе успех и најповеќе се ценети во нашето општество?

1. ____________________

2. ____________________

61. Наведете две професии за кои се бара факултетско образование, а кои, според Вашето мислење треба најповеќе да се ценат во нашето општество?

1. ____________________

2. ____________________

62. Според Вашето мислење со што денес кај нас најповеќе може да се постигне успех во животот?

а) со трудот што го вложува поединецот и неговиот резултат

б) со степенот на образование и стручните квалификации

в) преку пријатели и врски

г) друго: ______________

На крајот Ве замолуваме да го наведете Вашето име и презиме со што ќе ни помогнете да ги пронајдеме студентските пријави за добивање уште некои дополнителни податоци.

______________________________________________

Ви благодариме на соработката!

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

# СТУДЕНТСКИ КАРТОН

Група отсек ____________

Редовен-вонреден ____________ Број на досието ____________

| | |
|---|---|
| Презиме, татково име и име | |
| Дата и место на раѓањето | |
| Постојано местожителство | |
| Занимање на родителите | |
| Националност и републ. припадност | |
| Државјанство | |
| Која школа завршил-а, каде, кога и со каков успех | |
| Дали ја регулисал војната обавеза | |
| Кога за прв пат се запишал на Универзитет | |
| Дали е сменувал факултет или група-отсек и кога | |
| Дали има детски додаток или стипендија | |
| Дали е запослен и каде | |
| Кога е апсолвирал — учебната година | |
| Кога е дипломирал и со каков успех | |
| Број и дата на издадената диплома | |
| Адреса на студентот во: Скопје | |
| Адреса на студентот во: Постојано местожителство | |

Забелешка: ____________



ПРИЛОГ — 3

СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

СОЈУЗЕН ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА

Образец АПП-1/1973.

ПРИЛОГ - 4

Одлука на Сојузната скупштина АС бр.774 "Сл.лист на СФРЈ" број 13/73.

# А Н К Е Т А

## за приходите, расходите и потрошувачката на домаќинствата во 1973 година

Сите податоци прибрани во оваа анкета сходно одредбите на Законот за статистички истражувања од интерес за целата земја, претставуваат службена тајна и не можат да се објавуваат поединечно, ниту некому да се соопштуваат. Податоците од овој прашалник ќе се употребат исклучиво за статистички цели.

СР Македонија

Општина........................ | 4 | | | | 4

Шифра на пописниот круг............. | | | | 7

Реден број на домаќинството во кругот.................. | | | | 10

Категорија на домаќинството ______ | | 11

Картичка.................... | 0 | 1 | 13

Вкупен број членови на домаќинството .................. | | | 15

Белград, 1973. година

## ОПШТЕСТВЕНИОТ ПРОИЗВОД ПО ЖИТЕЛ ПО ЦЕНИТЕ 1972 СПОРЕД СОЦИЈАЛИСТИЧКИТЕ РЕПУБЛИКИ И СФРЈ

| Социјалистичка република | Општествениот производ во динари | | | | Просечна годишна стапка на порастот | | | Ниво (СФРЈ = 100) | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1947 | 1953 | 1977 | 1976 | 1948-1976 | 1954-1976 | 1974-1976 | 1947 | 1953 | 1973 | 1976 |
| Југославија | 3460 | 4061 | 12296 | 13970 | 4,9 | 5,5 | 4,3 | 100 | 100 | 100 | 100 |
| Босна и Херцеговина | 1968 | 3473 | 8168 | 8970 | 3,9 | 4,2 | 3,2 | 86 | 86 | 66 | 64 |
| Црна Гора | 3243 | 3033 | 8756 | 9818 | 3,9 | 5,2 | 3,9 | 94 | 75 | 71 | 70 |
| Хрватска | 3610 | 4691 | 15079 | 17359 | 5,6 | 5,9 | 4,8 | 104 | 116 | 123 | 124 |
| Македонија | 2432 | 2757 | 8546 | 9520 | 4,8 | 5,5 | 3,7 | 70 | 68 | 69 | 68 |
| Словенија | 5648 | 6549 | 24390 | 28182 | 5,7 | 6,5 | 4,9 | 163 | 161 | 198 | 202 |
| Србија | 3274 | 3717 | 11214 | 12797 | 4,8 | 5,5 | 4,5 | 95 | 92 | 91 | 92 |
| Ужа територија | 3478 | 3928 | 11984 | 13732 | 4,9 | 5,6 | 4,6 | 100 | 97 | 97 | 98 |
| Косово | 1705 | 1873 | 3904 | 4494 | 3,4 | 3,9 | 4,8 | 49 | 46 | 32 | 32 |
| Војводина | 3446 | 4042 | 14070 | 16290 | 5,5 | 6,3 | 5,0 | 100 | 100 | 114 | 117 |
| Недоволно развиено подрачје | 2671 | 3025 | 7538 | 8329 | 4,0 | 4,5 | 3,4 | 77 | 74 | 61 | 60 |
| Поразвиено подрачје | 3802 | 4543 | 14922 | 17183 | 5,3 | 5,9 | 4,8 | 110 | 112 | 121 | 123 |

Извор: Савезни завод за статистики, самоуправни и друштвено-економски развитак Југославије 1947 - 1977, Београд, 1978.

ПРИЛОГ 6

# СТРУКТУРАТА НА ОПШТЕСТВЕНИОТ ПРОИЗВОД ПО ЦЕНИТЕ 1972 (ВКУПЕН ОПШТЕСТВЕН ПРОИЗВОД = 100) СПОРЕД СОЦИЈАЛИ - СТИЧКИТЕ РЕПУБЛИКИ И СФРЈ

(во %)

| Социјалистичка република | Општествен сектор на стопанството | | | | Индустрија | | | | Земјоделие | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1947 | 1953 | 1973 | 1976 | 1947 | 1953 | 1973 | 1976 | 1947 | 1953 | 1973 | 1976 |
| Југославија | 62,3 | 63,6 | 82,4 | 83,8 | 18,3 | 21,0 | 35,1 | 36,6 | 39,7 | 36,4 | 17,4 | 16,3 |
| Босна и Херцеговина | - | 65,3 | 80,3 | 82,1 | 12,9 | 16,9 | 37,3 | 39,2 | 35,9 | 34,1 | 15,8 | 14,5 |
| Црна Гора | - | 65,4 | 84,2 | 83,9 | 4,9 | 7,7 | 27,1 | 28,2 | 48,3 | 32,6 | 14,5 | 15,2 |
| Хрватска | - | 65,1 | 84,0 | 85,6 | 21,8 | 23,3 | 32,9 | 33,9 | 36,9 | 32,3 | 14,7 | 13,6 |
| Словенија | - | 75,8 | 89,2 | 90,1 | 28,1 | 36,2 | 43,4 | 44,2 | 22,8 | 18,7 | 8,0 | 7,3 |
| Србија | - | 56,6 | 79,0 | 80,4 | 15,4 | 16,9 | 32,6 | 34,6 | 46,3 | 46,2 | 23,3 | 22,1 |
| Ужа територија | - | 55,4 | 79,1 | 80,7 | 13,9 | 16,2 | 33,1 | 35,3 | 42,0 | 42,0 | 19,5 | 18,2 |
| Косово | - | 48,3 | 71,5 | 74,0 | 16,1 | 22,3 | 34,1 | 38,0 | 58,3 | 52,2 | 25,7 | 25,0 |
| Војводина | - | 61,4 | 80,1 | 80,7 | 19,0 | 17,4 | 31,0 | 32,5 | 54,3 | 55,4 | 31,7 | 30,3 |
| Недоволно развиено подрачје | - | 64,2 | 80,0 | 81,7 | 12,8 | 16,1 | 35,5 | 37,3 | 44,1 | 37,7 | 18,4 | 17,4 |
| Поразвиено подрачје | - | 63,4 | 83,0 | 84,4 | 19,9 | 22,6 | 35,0 | 36,3 | 38,3 | 36,0 | 17,1 | 16,0 |

Извор: Исто, како Прилог 5.

ПРИЛОГ 7

ИНВЕСТИЦИОНИ ВЛОЖУВАЊА ВО ПЕРИОДОТ 1952-1975 (ВО ЦЕНИ ОД 1972) СПОРЕД СОЦИЈАЛИСТИЧКИТЕ РЕПУБЛИКИ И СФРЈ

| Социјалистичка република | Износ во милијарди динари | Просечна годишна стапка на растот | Учество во % | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | во инвестициите на СФРЈ | Во вкупните општ. инвестиции на републиката | |
| | | | | стопански | индустрија |
| Југославија | 1156 | 8,0 | 100 | 64,3 | 33,0 |
| Босна и Херцеговина | 171 | 6,3 | 14,8 | 74,3 | 41,7 |
| Црна Гора | 36 | 6,4 | 3,1 | 79,6 | 40,4 |
| Хрватска | 281 | 8,6 | 24,3 | 64,3 | 28,8 |
| Македонија | 85 | 8,0 | 7,3 | 67,1 | 37,0 |
| Словенија | 163 | 8,9 | 14,1 | 64,0 | 36,2 |
| Србија | 421 | 8,5 | 36,4 | 66,5 | 33,8 |

Извор: Исто, како Прилог 5

ПРИЛОГ 8

# ЛИЦА ВО РАБОТЕН ОДНОС ВО ПЕРИОДОТ 1952-1977 ГОДИНА СПОРЕД СОЦИЈАЛИСТИЧКИТЕ РЕПУБЛИКИ И СФРЈ

| Социјалистички републики и покраини | Лица во работен однос во илјади | | | Индекс 1977/1973 | Просечна годишна стапка на порастот | | Жени работнички на 100 работн. | | Лица во работен однос на 1000 жители | | | | Лица во работен однос на 1000 работно способни жители | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1952 | 1973 | 1977 | | 1953-1977 | 1974-1977 | 1952 | 1977 | 1952 | 1977 | Ниво (СФРЈ=100) 1952 | Ниво (СФРЈ=100) 1977 | 1952 | 1977 | Ниво (СФРЈ=100) 1952 | Ниво (СФРЈ=100) 1977 |
| Југославија | 1734 | 4306 | 5161 | 120 | 4,4 | 4,6 | 24 | 35 | 103 | 236 | 100 | 100 | 167 | 368 | 100 | 100 |
| Босна и Херцеговина | 268 | 589 | 737 | 125 | 4,1 | 5,8 | 16 | 29 | 96 | 180 | 93 | 76 | 168 | 284 | 101 | 77 |
| Црна Гора | 30 | 93 | 112 | 120 | 5,4 | 4,8 | 20 | 31 | 72 | 196 | 70 | 83 | 131 | 316 | 78 | 86 |
| Хрватска | 477 | 1060 | 1271 | 120 | 4,0 | 4,6 | 28 | 39 | 122 | 276 | 118 | 117 | 190 | 421 | 114 | 114 |
| Македонија | 90 | 302 | 370 | 123 | 5,8 | 5,2 | 17 | 30 | 70 | 203 | 68 | 86 | 124 | 330 | 74 | 90 |
| Словенија | 266 | 615 | 724 | 118 | 4,1 | 4,2 | 32 | 44 | 178 | 400 | 173 | 169 | 281 | 631 | 168 | 171 |
| Србија | 603 | 1647 | 1947 | 118 | 4,8 | 4,3 | 23 | 32 | 87 | 215 | 84 | 91 | 137 | 336 | 82 | 91 |
| Ужа територија | 397 | 1083 | 1284 | 119 | 4,8 | 4,3 | 22 | 32 | 90 | 233 | 87 | 99 | 138 | 348 | 83 | 95 |
| Косово | 38 | 120 | 150 | 125 | 5,7 | 5,8 | 11 | 20 | 48 | 102 | 47 | 43 | 92 | 194 | 55 | 53 |
| Војводина | 168 | 444 | 513 | 116 | 4,6 | 3,7 | 29 | 34 | 99 | 259 | 96 | 110 | 151 | 388 | 90 | 105 |
| Недоволно развиено подрачје | 426 | 1104 | 1369 | 124 | 4,8 | 5,5 | 16 | 29 | 81 | 172 | 79 | 73 | 144 | 282 | 86 | 77 |
| Поразвиено подрачје | 1308 | 3202 | 3792 | 118 | 4,3 | 4,3 | 27 | 37 | 114 | 273 | 111 | 116 | 176 | 413 | 105 | 112 |

Извор: Исто, како Прилог 5.

ПРИЛОГ 9

НЕВРАБОТЕНИТЕ ЛИЦА ВО СРМ ВО ПЕРИОДОТ 1963-1972 ГОДИНА СПОРЕД СТЕПЕНОТ НА СТРУЧНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Индекс претходна година=100

| Година | Вкупно | | ВКВ и КВ работници | | | ПКВ, НКВ работници и со нижа подгот. | | | Висока, виша и средна подготовка | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | N | % | N | % | Индекс | N | % | Индекс | N | % | Индекс |
| 1963 | 26210 | 100,0 | 3295 | 12,6 | 85 | 22162 | 84,6 | 78 | 753 | 2,8 | 238 |
| 1964 | 23838 | 100,0 | 2778 | 11,6 | 84 | 20063 | 84,2 | 90 | 997 | 4,2 | 132 |
| 1965 | 36609 | 100,0 | 4373 | 11,9 | 157 | 30922 | 84,5 | 154 | 1314 | 3,6 | 131 |
| 1966 | 44606 | 100,0 | 5811 | 13,0 | 132 | 36711 | 82,3 | 119 | 2084 | 4,7 | 158 |
| 1967 | 45941 | 100,0 | 6266 | 13,6 | 107 | 36728 | 80,0 | 100 | 2947 | 6,4 | 141 |
| 1968 | 53304 | 100,0 | 7405 | 13,9 | 118 | 39707 | 74,5 | 108 | 6192 | 11,6 | 210 |
| 1969 | 55164 | 100,0 | 7656 | 13,9 | 103 | 40812 | 74,0 | 103 | 6696 | 12,1 | 108 |
| 1970 | 55823 | 100,0 | 7536 | 13,5 | 98 | 41680 | 74,7 | 102 | 6607 | 11,8 | 99 |
| 1971 | 57364 | 100,0 | 6855 | 12,0 | 91 | 42958 | 74,9 | 103 | 7551 | 13,1 | 114 |
| 1972 | 59972 | 100,0 | 8129 | 13,6 | 118 | 43197 | 72,0 | 101 | 8646 | 14,4 | 114 |

Извор: Статистички годишник на СР Македонија, 1973, Скопје, стр.78

ПРИЛОГ 10

КВАЛИФИКАЦИОНА СТРУКТУРА НА РАБОТНИЦИТЕ ВО ОПШТЕСТВЕНИОТ СЕКТОР ВО 1976 СПОРЕД СОЦИЈАЛИСТИЧКИТЕ РЕПУБЛИКИ И СФРЈ

| Социјалистичка република | Високо стручно образо-вание | Више стручно образо-вание | Средно стручно образо-вание | Ниже стручно образо-вание | Високо квали-фикова-ни | Квалифи-кувани работници | Полу квалифи-кувани работници | Неквали-фикувани работници |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Југославија | 5,8 | 5,0 | 16,5 | 7,9 | 6,4 | 26,3 | 16,2 | 15,9 |
| Босна и Херце-говина | 5,1 | 5,3 | 14,5 | 7,8 | 7,0 | 25,9 | 16,3 | 18,1 |
| Црна Гора | 6,8 | 6,4 | 18,1 | 7,1 | 7,1 | 27,5 | 14,5 | 12,5 |
| Хрватска | 5,9 | 4,9 | 15,2 | 7,5 | 5,6 | 28,8 | 15,8 | 16,3 |
| Македонија | 6,1 | 5,0 | 17,9 | 10,7 | 7,3 | 24,6 | 15,2 | 13,2 |
| Словенија | 4,3 | 3,8 | 15,5 | 6,5 | 3,9 | 28,3 | 20,7 | 17,0 |
| Србија | 6,5 | 5,4 | 18,0 | 8,3 | 7,3 | 24,4 | 14,9 | 15,2 |
| Ужа територија | 7,1 | 5,5 | 18,1 | 7,9 | 7,7 | 24,1 | 15,2 | 14,4 |
| Косово | 5,1 | 6,3 | 22,1 | 9,9 | 8,1 | 19,4 | 16,0 | 13,1 |
| Војводина | 5,4 | 5,1 | 16,5 | 8,7 | 6,1 | 26,6 | 13,8 | 17,8 |
| Недоволно разви-ено подрачје | 5,5 | 5,4 | 16,5 | 8,8 | 7,2 | 24,9 | 15,9 | 15,8 |
| Поразвиено подрачје | 6,0 | 4,9 | 16,4 | 7,6 | 6,1 | 26,8 | 16,3 | 15,9 |

Извор: Исто, како Прилог 5

НАСЕЛЕНИЕ ПОСТАРО ОД 10 ГОДИНИ СПОРЕД УЧИЛИШНАТА ПОДГОТОВКА И СТАРОСТА ВО СРМ ВО ПЕРИОДОТ 1953-1971 ГОДИНА

| Старост | Година | Училишна подготовка | | | | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Неписмен | Без училишна подг. | Основно училиште | Ниско стр. училиште (уч.за КВ работници) | Средно стр. училиште | Средно општо (гимна.) | Факултет и високи шко. | Друго и непознато | |
| 10 - 14 | | 5,2 | 44,1 | 49,5 | 0,0 | - | - | - | 6,4 | 100,0 |
| | 1953 | 17.999 | 60.036 | 67.398 | 9 | - | - | - | 8.730 | 136.173 |
| | | 3,7 | 29,7 | 70,1 | - | - | - | - | 0,2 | 100,0 |
| | 1971 | 8.564 | 52.532 | 123.918 | - | - | - | - | 232 | 176.682 |
| 15 - 19 | | 7,4 | 31,2 | 54,3 | 1,9 | 0,7 | 0,3 | - | 11,6 | 100,0 |
| | 1953 | 25.244 | 42.362 | 73.884 | 2.603 | 1.005 | 345 | - | 15.728 | 135.927 |
| | | 2,3 | 4,4 | 89,0 | 3,1 | 1,4 | 1,9 | - | 0,2 | 100,0 |
| | 1971 | 5.306 | 7.555 | 153.659 | 5.444 | 2.435 | 3.244 | - | 397 | 172.734 |
| 20 - 24 | | 8,0 | 40,9 | 45,0 | 3,0 | 3,4 | 2,3 | 0,1 | 5,3 | 100,0 |
| | 1953 | 87.354 | 50.431 | 55.529 | 3.703 | 4.171 | 2.851 | 144 | 6.565 | 123.394 |
| | | 2,9 | 4,1 | 59,5 | 11,8 | 10,7 | 11,6 | 0,6 | 1,7 | 100,0 |
| | 1971 | 4.665 | 6.203 | 90.156 | 17.857 | 16.228 | 17.522 | 862 | 2.627 | 151.455 |
| 25 - 34 | | 13,5 | 35,6 | 52,9 | 3,6 | 1,2 | 2,1 | 0,7 | 3,9 | 100,0 |
| | 1953 | 46.167 | 66.320 | 38.454 | 6.711 | 2.249 | 3.913 | 1.230 | 7.259 | 186.136 |
| | | 6,8 | 9,3 | 65,8 | 7,3 | 8,7 | 2,7 | 3,5 | 2,7 | 100,0 |
| | 1971 | 15.968 | 21.418 | 152.133 | 17.014 | 20.065 | 6.196 | 8.047 | 6.408 | 231.281 |
| 35 - 49 | | 27,1 | 62,5 | 31,0 | 2,3 | 0,8 | 0,4 | 0,5 | 2,5 | 100,0 |
| | 1953 | 92.957 | 118.528 | 58.801 | 4.332 | 1.534 | 809 | 987 | 4.720 | 189.711 |
| | | 26,3 | 26,6 | 59,2 | 3,8 | 4,7 | 1,1 | 2,6 | 2,0 | 100,0 |
| | 1971 | 61.247 | 78.328 | 174.050 | 11.102 | 13.902 | 3.365 | 7.525 | 5.820 | 294.092 |
| 50 - 64 | | 21,0 | 75,7 | 20,5 | 0,5 | 0,4 | 0,3 | 0,3 | 2,3 | 100,0 |
| | 1953 | 72.045 | 83.522 | 22.632 | 487 | 436 | 340 | 343 | 2.540 | 110.302 |
| | | 31,1 | 50,8 | 43,3 | 2,3 | 1,5 | 0,6 | 0,8 | 0,7 | 100,0 |
| | 1971 | 72.507 | 82.735 | 70.422 | 3.773 | 2.485 | 915 | 1.293 | 1.120 | 162.743 |
| 65 и повеќе | | 17,8 | 84,7 | 12,5 | 0,2 | 0,3 | 0,2 | 0,4 | 2,0 | 100,0 |
| | 1953 | 60.989 | 65.468 | 9.646 | 148 | 245 | 111 | 67 | 1.581 | 77.266 |
| | | 27,8 | 72,7 | 24,9 | 0,6 | 0,6 | 0,4 | 0,4 | 0,4 | 100,0 |
| | 1971 | 64.729 | 72.203 | 24.738 | 597 | 575 | 387 | 344 | 392 | 99.236 |
| ВКУПНО: | | 100,0 | 50,7 | 40,3 | 1,9 | 1,0 | 0,9 | 0,3 | 4,9 | 100,0 |
| | 1953 | 342.755 | 486.667 | 386.344 | 17.993 | 9.640 | 8.369 | 2.773 | 47.123 | 958.909 |
| | | 100,0 | 24,9 | 61,3 | 4,3 | 4,3 | 2,5 | 1,4 | 1,3 | 100,0 |
| | 1971 | 232.986 | 320.974 | 789.076 | 55.787 | 55.690 | 31.629 | 18.071 | 16.996 | 1.288.223 |

ИЗВОР: 1. Savezni zavod za statistiku, Popis stanovništva 1953, Pismenost (školska sprema, knjiga IX, Beograd, 1960, (1953)
2. Сојузен завод за статистика, Попис на населението - население и школуваност, книга II, Београд. 1974.

ПРИЛОГ 12

СОЦИЈАЛНАТА СТРУКТУРА НА ВКУПНОТО НАСЕЛЕНИЕ
ВО СР МАКЕДОНИЈА ВО 1953 И 1971 ГОДИНА

| Социјална структура | 1953[1] | | 1971[2] | |
|---|---|---|---|---|
| | Број | % | Број | % |
| Работници | 268428 | 20,6 | 568966 | 34,5 |
| Земјоделци | 784862 | 60,2 | 617565 | 37,5 |
| Приватни занаетчии | 55344 | 4,2 | 61670 | 3,7 |
| Немануелни слоеви (службен,струч.роков.) | 161666 | 12,4 | 259962 | 15,8 |
| Пензионери и друго | 34214 | 2,6 | 139145 | 8,5 |
| СÈ | 1304514 | 100,0 | 1647308 | 100,0 |

1) Извор: Статистичка ревија, 1-2, 1959, Југословенско статистичко друштво Београд, јули 1959.

2) Извор: Сојузен завод за статистика, Попис на населението и становите во 197 население, Економски карактеристи I дел, книга III, Белград, 1974 и Статистички билтен 679.

ПРОСЕЧНИ ПАРИЧНИ ИЗДАТОЦИ ЗА ИСХРАНА ПО ЧЛЕН НА ДОМАЌИНСТВО ВО ТЕКОТ НА 1973 ГОДИНА ВО СРМ СПОРЕД СОЦИЈАЛНАТА СТРУКТУРА НА РАБОТНИЧКАТА КЛАСА И НЕМАНУЕЛНИТЕ СЛОЕВИ

| | Парични издатоци / социј. структура | нема издатоци | до 250 н.д. | 250-500 | 501-1000 | 1001-2000 | 2001-3000 | 3001-5000 | 5001 и повеќе | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Мануелни работ.сл. | НКВ и ПКВ работници | 39,5<br>114 | 17,3<br>50 | 9,0<br>26 | 12,8<br>37 | 8,6<br>25 | 5,9<br>17 | 3,8<br>11 | 3,1<br>9 | 100<br>289 |
| | КВ работници | 26,0<br>46 | 13,0<br>23 | 9,0<br>16 | 15,2<br>27 | 14,7<br>26 | 6,8<br>12 | 9,6<br>17 | 5,7<br>10 | 100<br>177 |
| | ВКВ работници | 15,7<br>16 | 8,8<br>9 | 9,8<br>10 | 13,7<br>14 | 26,5<br>27 | 12,8<br>13 | 9,8<br>10 | 2,9<br>3 | 100<br>102 |
| | Сѐ | 31,0<br>176 | 14,4<br>82 | 9,2<br>52 | 13,7<br>78 | 13,7<br>78 | 7,4<br>42 | 6,7<br>38 | 3,9<br>22 | 100<br>568 |
| Немануелни слоеви | Слој на стручњаци - интелигенција | 7,0<br>10 | 10,6<br>15 | 8,4<br>12 | 11,3<br>16 | 23,9<br>34 | 16,9<br>24 | 12,7<br>18 | 9,2<br>13 | 100,0<br>142 |
| | Слој на администрација | 16,4<br>10 | 1,6<br>1 | 3,3<br>2 | 14,8<br>9 | 18,0<br>11 | 26,2<br>16 | 11,5<br>7 | 8,2<br>5 | 100,0<br>61 |
| | Раководен слој | 4,8<br>3 | 7,9<br>5 | 11,1<br>7 | 9,5<br>6 | 7,9<br>5 | 19,0<br>12 | 22,2<br>14 | 17,5<br>11 | 100,0<br>63 |
| | Сѐ | 8,6<br>23 | 7,9<br>21 | 7,9<br>21 | 11,6<br>31 | 18,8<br>50 | 19,6<br>52 | 14,7<br>39 | 10,9<br>29 | 100,0<br>266 |

x мр$^2$ = 52,40 P $<$ 0,001 DF = 14 C = 0,282

x нем = 27,79 P $<$ 0,05 DF = 14 C = 0,300

ПРИЛОГ 14

ПРОСЕЧНАТА ГОДИШНА ПОТРОШУВАЧКА НА МЛЕКО ПО ЧЛЕН НА ДОМАЌИНСТВО ВО СРМ СПОРЕД СОЦИЈАЛНАТА СТРУКТУРА, 1975 ГОДИНА

| Потрошувач. по член на / соц.струк. | не трошело | до 5 литри | 5,1-10,0 | 10,1-20,0 | 0,1-40,0 | 40,1-60,0 | 60,1-90,0 | 90,1-120,0 | 120,1-150,0 | 150 и пов. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Работници | 12,0<br>68 | 7,7<br>44 | 7,4<br>42 | 11,1<br>63 | 15,3<br>87 | 10,5<br>60 | 16,2<br>92 | 9,9<br>56 | 4,6<br>26 | 5,3<br>30 | 100<br>568 |
| Земјоделци | 13,2<br>59 | 3,6<br>16 | 8,7<br>39 | 14,8<br>66 | 18,6<br>83 | 11,6<br>52 | 11,0<br>49 | 6,9<br>31 | 4,9<br>22 | 6,7<br>30 | 100<br>447 |
| Немануелни слоеви | 1,9<br>5 | 2,6<br>7 | 2,6<br>7 | 5,6<br>15 | 8,3<br>22 | 9,4<br>25 | 20,7<br>55 | 19,6<br>52 | 13,9<br>37 | 15,4<br>41 | 100<br>266 |
| Пензионери и друго | 10,7<br>23 | 5,6<br>12 | 3,7<br>8 | 6,5<br>14 | 12,1<br>26 | 10,7<br>23 | 15,8<br>34 | 10,2<br>22 | 7,0<br>15 | 17,7<br>38 | 100<br>215 |
| Сѐ | 10,4<br>155 | 5,3<br>79 | 6,4<br>96 | 10,5<br>158 | 14,6<br>218 | 10,7<br>160 | 15,4<br>230 | 10,7<br>161 | 6,7<br>1oo | 9,3<br>139 | 100<br>1496 |

$x^2 = 183,04$ $P < 0,001$ DF = 27 C = 0,330

СНАБДЕНОСТ НА ДОМАЌИНСТВАТА СО ТРАЈНИ ПОТРОШНИ ДОБРА ВО СРМ, ВО 1973
ГОДИНА, СПОРЕД НИВНАТА СОЦИЈАЛНА СТРУКТУРА

| Социјална структура | Вкупно | Снабденост на домаќинствата со трајни потрошни добра | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Електричен шпорет | | | | Печка на нафта | | | | Електрична печка | | | |
| | | Нема | | 1 парче | | Нема | | 1 парче | | Нема | | 1 парче | |
| | | N | % | N | % | N | % | N | % | N | % | N | % |
| Работници | 568 | 176 | 31,0 | 392 | 69,0 | 310 | 54,6 | 258 | 45,4 | 541 | 95,2 | 27 | 4,8 |
| Земјоделци | 447 | 360 | 80,5 | 87 | 19,5 | 415 | 92,8 | 32 | 7,2 | 440 | 98,4 | 7 | 1,6 |
| Немануелни слоеви | 266 | 361 | 13,5 | 230 | 86,5 | 118 | 44,4 | 148 | 55,6 | 230 | 86,5 | 36 | 13,5 |
| Пензионери и др. | 215 | 75 | 34,9 | 140 | 65,1 | 132 | 61,4 | 83 | 38,6 | 202 | 94,0 | 13 | 6,0 |
| ВКУПНО: | 1.496 | 647 | 43,2 | 849 | 56,8 | 975 | 65,2 | 521 | 34,8 | 1.413 | 94,5 | 83 | 5,5 |

| Социјална структура | Бојлер | | | | Фрижидер | | | | Правосмукалка | | | | Машина за перење алишта | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Нема | | 1 парче | | Нема | | 1 парче | | Нема | | 1 парче | | Нема | | 1 парче | |
| | N | % | N | % | N | % | N | % | N | % | N | % | N | % | N | % |
| Работници | 401 | 70,6 | 167 | 29,4 | 229 | 40,3 | 339 | 59,7 | 417 | 73,4 | 151 | 26,6 | 411 | 72,4 | 157 | 27,6 |
| Земјоделци | 437 | 97,8 | 10 | 2,2 | 390 | 87,2 | 57 | 12,8 | 435 | 97,3 | 12 | 2,7 | 438 | 98,0 | 9 | 2,0 |
| Немануелни слоеви | 136 | 51,1 | 130 | 48,9 | 25 | 9,4 | 241 | 90,6 | 86 | 32,3 | 180 | 67,7 | 84 | 31,6 | 182 | 68,4 |
| Пензионери и др. | 136 | 63,3 | 79 | 36,7 | 90 | 41,9 | 125 | 58,1 | 150 | 69,8 | 65 | 30,2 | 146 | 67,9 | 69 | 32,1 |
| ВКУПНО: | 1.110 | 74,2 | 386 | 25,8 | 734 | 49,1 | 762 | 50,9 | 1088 | 72,7 | 408 | 27,3 | 1.079 | 72,1 | 417 | 27,9 |

ИЗВОР: Рачна преработена анкета на Републичкиот завод за статистика (Прилог 4)

ПРИЛОГ - 16

СНАБДЕНОСТА НА ДОМАЌИНСТВОТО СО ТРАЈНИ ПОТРОШНИ ДОБРА ВО СРМ, ВО 1973
ГОДИНА, СПОРЕД НИВНАТА СОЦИЈАЛНА СТРУКТУРА

| Социјална структура | Вкупно | Снабденост на домаќинствата со трајни потрошни добра | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Радио апарат | | | | Грамофон | | | | Магнетофон | | | | Телевизор | | | |
| | | Нема | | 1 парче | | Нема | | 1 парче | | Нема | | 1 парче | | Нема | | 1 парче | |
| | | N | % | N | % | N | % | N | % | N | % | N | % | N | % | N | % |
| Работници | 568 | 137 | 24,1 | 431 | 75,9 | 471 | 82,9 | 97 | 17,1 | 536 | 94,4 | 32 | 5,6 | 211 | 37,1 | 357 | 62,9 |
| Земјоделци | 447 | 238 | 53,2 | 209 | 46,8 | 428 | 95,7 | 19 | 4,3 | 437 | 97,8 | 10 | 2,2 | 396 | 88,6 | 51 | 11,4 |
| Немануелни слоеви | 266 | 51 | 19,2 | 215 | 80,8 | 172 | 64,7 | 94 | 35,3 | 219 | 82,3 | 47 | 17,7 | 20 | 7,5 | 246 | 92,5 |
| Пензионери и др. | 215 | 172 | 80 | 43 | 20,0 | 182 | 84,7 | 33 | 15,3 | 203 | 94,4 | 12 | 5,6 | 89 | 41,4 | 126 | 58,6 |
| ВКУПНО: | 1.496 | 498 | 33,3 | 998 | 66,7 | 1.253 | 83,8 | 243 | 16,2 | 1.395 | 93,2 | 101 | 6,8 | 716 | 47,9 | 780 | 52,1 |

ИЗВОР: Прилог 4

ПРИЛОГ 17

ВИД НА СТАНОТ СПОРЕД СОЦИЈАЛНАТА СТРУКТУРА, 1973

| Вид на станот / социјална струк. | Еднособни и гарсоњера | Двособен | Трособен | Четворособен и повеќе | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| Работници | 29,2<br>166 | 40,2<br>228 | 21,1<br>120 | 9,5<br>54 | 100<br>568 |
| Земјоделци | 30,0<br>134 | 22,8<br>155 | 22,8<br>102 | 12,5<br>56 | 100<br>447 |
| Немануелни слоеви | 23,7<br>63 | 39,9<br>106 | 26,3<br>70 | 10,1<br>27 | 100<br>266 |
| Пензионери и друго | 32,6<br>70 | 35,8<br>77 | 20,0<br>43 | 11,6<br>25 | 100<br>215 |
| Сé | 29,0<br>433 | 37,8<br>566 | 22,4<br>335 | 10,8<br>162 | 100<br>1496 |

$x^2 = 11,35$ $p > 0,05$ $DF = 9$ $C = 0,086$

ПОВРШИНАТА НА СТАНОТ СПОРЕД СОЦИЈАЛНАТА СТРУКТУРА
ВО СР МАКЕДОНИЈА, 1973

| површина во м2 / социјална структура | до 20 $м^2$ | 21 - 40 | 41 - 60 | 61 - 70 | 71 - 80 | 81 - 90 | 91 - 100 | 101 и повеќе | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Работници | 4,2<br>24 | 22,4<br>127 | 35,9<br>204 | 13,0<br>74 | 9,1<br>52 | 6,0<br>34 | 3,9<br>22 | 5,5<br>31 | 100<br>568 |
| Земјоделци | 4,9<br>22 | 24,2<br>108 | 29,8<br>133 | 12,5<br>56 | 11,8<br>53 | 3,8<br>17 | 4,5<br>20 | 8,5<br>38 | 100<br>447 |
| Немануелни слоеви | 1,1<br>3 | 17,7<br>47 | 30,4<br>81 | 22,6<br>60 | 10,9<br>29 | 8,3<br>22 | 3,0<br>8 | 6,0<br>16 | 100<br>266 |
| Пензионери и друго | 7,9<br>17 | 27,9<br>60 | 31,2<br>67 | 11,6<br>25 | 7,4<br>16 | 5,1<br>11 | 4,2<br>9 | 4,7<br>10 | 100<br>215 |
| Сé | 4,4<br>66 | 22,9<br>342 | 32,4<br>485 | 14,4<br>215 | 10,0<br>150 | 5,6<br>84 | 3,9<br>59 | 6,4<br>95 | 100<br>1496 |

$x^2 = 53,18$ $p < 0,001$ $DF = 21$ $C = 0,185$

ПРИЛОГ 18

ДЕЛЕГАТИТЕ НА СОБРАНИЈАТА НА ОПШТИНИТЕ
ВО СРМ СПОРЕД СТЕПЕНОТ НА СТРУЧНОТО
ОБРАЗОВАНИЕ, 1974

| Собори / Степен на стручно образование | Собор на здружен труд | | Собор на месни заедн. | | Општествено-политич.соб. | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | N | % | N | % | N | % | N | % |
| НКВ и ПКВ работн. | 42 | 2,6 | 28 | 3,3 | 15 | 1,8 | 85 | 2,6 |
| Квалификувани | 249 | 15,7 | 70 | 8,4 | 68 | 8,2 | 387 | 11,9 |
| Високо квалифик. | 214 | 13,5 | 34 | 4,1 | 69 | 8,4 | 317 | 9,7 |
| Ниско | 69 | 4,3 | 52 | 6,2 | 36 | 4,4 | 157 | 4,8 |
| Средно | 364 | 22,9 | 147 | 17,6 | 145 | 17,6 | 656 | 20,2 |
| Вишо | 179 | 11,3 | 143 | 17,1 | 146 | 17,7 | 468 | 14,4 |
| Високо | 211 | 13,3 | 115 | 13,8 | 202 | 24,5 | 528 | 16,2 |
| Друго | 261 | 16,4 | 247 | 29,5 | 143 | 17,4 | 651 | 20,2 |

ЧЛЕНОВИТЕ НА ОПШТИНСКАТА КОНФЕРЕНЦИЈА,
ОПШТИНСКИОТ КОМИТЕТ И СЕКРЕТАРИЈАТОТ
СПОРЕД ЗАНИМАЊЕТО (СРМ) ЗА 1974/75

| Занимање | Членови на општ. конференција | | комитети | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | општински комитети - членови | | Членови на ЦК СКМ | |
| | IX | % | IX | % | IX | % |
| Индивид.земјод. производит. | 218 | 7,5 | 37 | 5,1 | - | - |
| Работници | 850 | 29,1 | 186 | 25,5 | 14 | 16,0 |
| Занаетчии | 7 | 0,2 | 2 | 0,3 | - | - |
| Администр. | 297 | 10,1 | 57 | 7,8 | - | - |
| Стручњ. и уметн. | 651 | 22,3 | 161 | 22,1 | 15 | 18,0 |
| Раковод. и плат. функционери | 541 | 18,5 | 216 | 29,7 | 56 | 66,0 |
| Пенз.и инвалиди | 90 | 3,1 | 23 | 3,2 | - | - |
| Студенти и ученици | 16 | 0,5 | 1 | 0,1 | - | - |
| Друго | 254 | 8,7 | 45 | 6,2 | - | - |
| Вкупно | 2924 | 100 | 728 | 100 | 85 | 100 |

Извор: Статистичка документација при ЦК СКМ

ПРИЛОГ 20

## ЧЛЕНОВИТЕ НА РЕПУБЛИЧКАТА КОНФЕРЕНЦИЈА И ПРЕДСЕДАТЕЛСТВОТО НА ССРНМ СПОРЕД ЗАНИМАЊЕТО (ИЗБОРИ ОД 1974)

| Занимање | Членови на Конферен. | | Членови на Претседател. | |
|---|---|---|---|---|
| | Број | % | Број | % |
| Земјоделци | 5 | 3,1 | 2 | 3,5 |
| Работници | 13 | 8,2 | 5 | 8,6 |
| Прив.занает. | - | - | - | - |
| Администр. | 3 | 1,9 | - | - |
| Стручњаци и уметници | 78 | 49,1 | 21 | 36,2 |
| Раководители | 50 | 31,4 | 29 | 50,0 |
| Друго | 10 | 6,3 | 1 | 1,7 |
| Вкупно | 159 | 100 | 58 | 100 |

Извор: Документација (списоци) на Републичката конференција на ССРНМ, избори 1974 год.,

ПРИЛОГ 21

ПОТРОШЕНИ ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА ДОМАЌИНСТВОТО ВО ТЕКОТ НА 1973 ГОДИНА ВО СРМ ЗА КУПУВАЊЕ НА УЧИЛИШНИ КНИГИ СПОРЕД СОЦИЈАЛНАТА СТРУКТУРА НА РАБОТНИЧКАТА КЛАСА

| Потрошени парични средства<br>Социј. структура | не потрошено | до 50 нд. | 51 - 150 | 151 - 250 | 251 - 350 | 351 - 450 | 451 и повеќе | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| НКВ и ПКВ работници | 33,9<br>98 | 3,5<br>10 | 16,6<br>48 | 14,9<br>43 | 11,1<br>32 | 7,6<br>22 | 12,4<br>36 | 100<br>289 |
| КВ работници | 33,3<br>59 | 1,7<br>3 | 18,7<br>33 | 17,5<br>31 | 7,4<br>13 | 9,0<br>16 | 12,4<br>22 | 100<br>177 |
| КВ работници | 32,4<br>33 | 1,0<br>1 | 13,7<br>14 | 17,7<br>18 | 12,7<br>13 | 7,8<br>8 | 14,7<br>15 | 100<br>102 |
| Сè | 33,4<br>190 | 2,5<br>14 | 16,7<br>95 | 16,2<br>92 | 10,2<br>58 | 8,1<br>46 | 12,9<br>73 | 100<br>568 |

$x^2 = 7{,}01$ $p > 0{,}05$ DF = 12 C = 0,110

ПРИЛОГ 22

ДВИЖЕЊЕТО НА БРОЈОТ НА НАСТАВНИЦИТЕ СПОРЕД ЗВАЊЕТО НА УНИВЕРЗИТЕТОТ "КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ

Индекс 1949/50=100

| Учебна година | Редовни професори | | | Вонредни професори | | | Доценти | | | Предавачи | | | Вкупно | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | N | % | инд. | N | % | инд. | N | % | инд. | N | % | инд. | N | % | инд. |
| 1949/50 | 8 | 9,4 | 100 | 26 | 30,6 | 100 | 21 | 24,7 | 100 | 30 | 35,3 | 100 | 85 | 100,0 | 100 |
| 1959/60 | 30 | 15,4 | 375,0 | 74 | 37,9 | 284,6 | 91 | 46,7 | 433,3 | 91 | 46,7 | 303,3 | 195 | 100,0 | 229,4 |
| 1969/70 | 105 | 26,3 | 1312,5 | 132 | 33,1 | 507,7 | 111 | 27,8 | 528,6 | 51 | 12,8 | 170,0 | 399 | 100,0 | 469,4 |
| 1978/79 | 238 | 29,4 | 2975,0 | 191 | 23,6 | 734,6 | 182 | 22,5 | 866,7 | 198 | 24,5 | 660,0 | 809 | 100,0 | 951,8 |

Извор: Универзитет "Кирил и Методиј", Скопје, 1979

ПРИЛОГ 23

ЗАСТАПЕНОСТА НА СТУДЕНТИТЕ НА ГРУПИТЕ ФАКУЛТЕТИ
СПОРЕД СТЕПЕНОТ НА ОБРАЗОВАНИЕ НА НИВНИТЕ МАЈКИ

| Групи на факултети / Степен на образ. на мајката | Општес-твени | Природни | Технички | Високи виши шк. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| Неписмена и четири оддел. основно | 37,5<br>253 | 16,3<br>110 | 25,3<br>171 | 20,9<br>141 | 100<br>675 |
| Осумгодишно-основно | 41,0<br>160 | 13,9<br>54 | 33,8<br>132 | 11,3<br>44 | 100<br>390 |
| Училиште за КВ работн. | 34,8<br>24 | 13,0<br>9 | 40,6<br>28 | 11,6<br>8 | 100<br>69 |
| Средно обра-зование | 46,6<br>104 | 17,5<br>39 | 28,7<br>64 | 7,2<br>16 | 100<br>223 |
| Вишо и високо образование | 33,3<br>31 | 26,9<br>25 | 35,5<br>33 | 4,3<br>4 | 100<br>93 |
| Сѐ | 39,5<br>572 | 16,3<br>237 | 29,5<br>428 | 14,7<br>213 | 100<br>1450 |

$x^2 = 60,62$ $p < 0,001$, DF = 12 C = 0,200

ПРИЛОГ 24

## ПРОСЕЧНАТА ОЦЕНКА НА СТУДЕНТИТЕ СПОРЕД СТЕПЕНОТ НА ОБРАЗОВАНИЕ НА НИВНИТЕ МАЈКИ

| Образование на мајката | Просечна оценка за време на студиите | | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | На I год.е | 6,00 | 6,01-7,00 | 7,01-8,00 | 8,01-9,00 | 9,01-10,00 + б.о. | |
| Неписмена | 48,2<br>40 | 8,4<br>7 | 22,9<br>19 | 16,9<br>14 | 2,4<br>2 | 1,2<br>1 | 100,0<br>83 |
| Самоука | 42,4<br>42 | 11,1<br>11 | 35,4<br>35 | 8,1<br>8 | 2,0<br>2 | 1,0<br>1 | 100,0<br>99 |
| 4-но учил. | 42,8<br>211 | 11,6<br>57 | 33,5<br>165 | 9,7<br>48 | 1,4<br>7 | 1,0<br>5 | 100,0<br>493 |
| осум год.учил. | 39,5<br>154 | 8,7<br>34 | 32,0<br>125 | 14,4<br>56 | 3,9<br>15 | 1,5<br>6 | 100,0<br>390 |
| Учил.за КВ работн. | 29,0<br>20 | 8,7<br>6 | 33,3<br>23 | 15,9<br>11 | 10,1<br>7 | 2,9<br>2 | 100,0<br>69 |
| Средно стр.учил. | 38,9<br>56 | 12,5<br>18 | 28,5<br>41 | 16,0<br>23 | 2,8<br>4 | 1,4<br>2 | 100,0<br>144 |
| Гимназија | 39,9<br>26 | 10,1<br>8 | 27,8<br>22 | 22,8<br>18 | 3,8<br>3 | 2,6<br>2 | 100,0<br>79 |
| Виша школа | 42,0<br>21 | 6,0<br>3 | 26,0<br>13 | 14,0<br>7 | 4,0<br>2 | 8,0<br>4 | 100,0<br>50 |
| Висока школа (ф-т) | 53,7<br>22 | 7,3<br>3 | 9,8<br>4 | 7,3<br>3 | 12,2<br>5 | 9,8<br>4 | 100,0<br>41 |
| Друго и б.о. | 50,0<br>1 | -<br>- | -<br>- | 50,0<br>1 | -<br>- | -<br>- | 100,0<br>2 |
| Вкупно | 40,9<br>593 | 10,1<br>147 | 30,8<br>447 | 13,0<br>189 | 3,2<br>47 | 1,8<br>27 | 100,0<br>1450 |

$x^2 = 66,19$  $p < 0,001$  DF = 20  C = 0,208

## ПРОСЕЧНАТА ОЦЕНКА НА ДИПЛОМИРАНИТЕ СТУДЕНТИ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ "КИРИЛ И МЕТОДИЈ" СПОРЕД НИВНИОТ УСПЕХ ВО СРЕДНОТО УЧИЛИШТЕ И ВИДОТ НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

| Успех во средното училиште | Група на факултети | Просечен успех во студиите за 1973/74 година | | | | | | | | | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 6,01-7,00 | | 7,01-8,00 | | 8,01-9,00 | | 9,01-10,00 | | Без одговор | | | |
| | | N | % | N | % | N | % | N | % | N | % | N | % |
| Одличен | Прир.мат.и Зем.шум. | 7 | 18,4 | 17 | 44,7 | 10 | 26,3 | 2 | 5,3 | 2 | 5,3 | 38 | 100,0 |
| | Медицински | 5 | 12,5 | 20 | 50,0 | 12 | 30,0 | 2 | 5,0 | 1 | 2,5 | 40 | 100,0 |
| | Технол.-Технички | 19 | 21,1 | 56 | 62,2 | 14 | 15,6 | 1 | 1,1 | - | - | 90 | 100,0 |
| | Општествени | 38 | 42,7 | 29 | 32,6 | 8 | 9,0 | 5 | 5,6 | 9 | 10,1 | 89 | 100,0 |
| | ВКУПНО: | 69 | 26,8 | 122 | 47,5 | 44 | 17,1 | 10 | 3,9 | 12 | 4,7 | 257 | 100,0 |
| Мн.добар | Прир.мат.и Зем.шум. | 8 | 22,9 | 22 | 62,8 | 3 | 8,6 | - | - | 2 | 5,7 | 35 | 100,0 |
| | Медицински | 16 | 26,2 | 22 | 36,1 | 10 | 16,4 | 1 | 1,6 | 12 | 19,7 | 61 | 100,0 |
| | Технол.-Технички | 43 | 65,2 | 20 | 30,3 | 3 | 4,5 | - | - | - | - | 66 | 100,0 |
| | Општествени | 96 | 77,4 | 21 | 16,9 | 1 | 0,8 | - | - | 6 | 4,9 | 124 | 100,0 |
| | ВКУПНО: | 163 | 57,0 | 85 | 29,7 | 17 | 5,9 | 1 | 0,4 | 20 | 7,0 | 286 | 100,0 |
| Добар | Прир.мат.и Зем.шум. | 21 | 72,4 | 8 | 27,6 | - | - | - | - | - | - | 29 | 100,0 |
| | Медицински | 9 | 37,5 | 11 | 45,8 | 1 | 4,2 | - | - | 3 | 12,5 | 24 | 100,0 |
| | Технол.-Технички | 35 | 62,5 | 19 | 33,9 | 2 | 3,6 | - | - | - | - | 56 | 100,0 |
| | Општествени | 141 | 87,6 | 16 | 9,9 | - | - | - | - | 4 | 2,5 | 161 | 100,0 |
| | ВКУПНО: | 206 | 76,3 | 54 | 20,0 | 3 | 1,1 | - | - | 7 | 2,6 | 270 | 100,0 |
| Доволен и со прием испит | Прир.мат.и Зем.шум. | 7 | 63,6 | 3 | 27,3 | - | - | - | - | 1 | 9,1 | 11 | 100,0 |
| | Медицински | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| | Технол.-Технички | 5 | 62,5 | 2 | 25,0 | - | - | 1 | 12,5 | - | - | 8 | 100,0 |
| | Општествени | 40 | 80,0 | 5 | 10,0 | 1 | 2,0 | - | - | 4 | 8,0 | 50 | 100,0 |
| | ВКУПНО: | 52 | 75,4 | 10 | 14,5 | 1 | 1,4 | 1 | 1,4 | 5 | 7,3 | 69 | 100,0 |
| ВКУПНО | Прир.мат.и Зем.шум. | 43 | 38,1 | 50 | 44,2 | 13 | 11,5 | 2 | 1,8 | 5 | 4,4 | 113 | 100,0 |
| | Медицински | 30 | 24,0 | 53 | 42,4 | 23 | 18,4 | 3 | 2,4 | 16 | 12,8 | 125 | 100,0 |
| | Технол.-Технички | 102 | 46,4 | 97 | 44,1 | 19 | 8,6 | 2 | 0,9 | - | - | 220 | 100,0 |
| | Општествени | 315 | 74,3 | 71 | 16,7 | 10 | 2,4 | 5 | 1,2 | 23 | 5,4 | 424 | 100,0 |
| | ВКУПНО: | 490 | 55,5 | 271 | 30,7 | 65 | 7,4 | 12 | 1,4 | 44 | 5,0 | 882 | 100,0 |

ПРИЛОГ - 26

## ВРЕМЕТРАЕЊЕТО НА СТУДИИТЕ НА ДИПЛОМИРАНИТЕ СТУДЕНТИ СПОРЕД УСПЕХОТ ВО СРЕДНОТО УЧИЛИШТЕ И ВИДОТ НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

| Успех во средното образование | Група на факултети | Години на дипломирање на студентите | | | | | | | | | | | | | | | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 4 | | 5 | | 6 | | 7 | | 8 | | 9 | | 10 | | 11 и пов. | | | |
| | | N | % | N | % | N | % | N | % | N | % | N | % | N | % | N | % | N | % |
| Одличен | Природно-математички | 3 | 7,9 | 11 | 28,9 | 8 | 21,1 | 11 | 28,9 | 3 | 7,9 | 1 | 2,6 | - | - | 1 | 2,6 | 38 | 100,0 |
| | Медицински | - | - | - | - | 12 | 30,0 | 17 | 42,5 | 5 | 12,5 | 2 | 5,0 | 4 | 10,0 | - | - | 40 | 100,0 |
| | Технолошко-Технички | - | - | 9 | 10,0 | 29 | 32,2 | 26 | 28,9 | 15 | 16,7 | 2 | 2,2 | 3 | 3,3 | 6 | 6,7 | 90 | 100,0 |
| | Општествени | 19 | 21,3 | 42 | 47,2 | 17 | 19,1 | 4 | 4,5 | 3 | 3,4 | 1 | 1,1 | 1 | 1,1 | 2 | 2,3 | 89 | 100,0 |
| | СЕ: | 22 | 8,6 | 62 | 24,1 | 66 | 25,7 | 58 | 22,6 | 26 | 10,1 | 6 | 2,3 | 8 | 3,1 | 9 | 3,5 | 257 | 100,0 |
| Мн.добар | Природно-математички | 3 | 8,6 | 3 | 8,6 | 7 | 20,0 | 13 | 37,1 | 2 | 5,7 | 3 | 8,6 | - | - | 4 | 11,4 | 35 | 100,0 |
| | Медицински | - | - | - | - | 17 | 27,9 | 19 | 31,1 | 9 | 14,8 | 8 | 13,1 | 2 | 3,3 | 6 | 9,8 | 61 | 100,0 |
| | Технолошко-Технички | - | - | 1 | 1,5 | 17 | 25,8 | 11 | 16,7 | 20 | 30,3 | 9 | 13,6 | 5 | 7,6 | 3 | 4,5 | 66 | 100,0 |
| | Општествени | 11 | 8,9 | 53 | 42,7 | 27 | 21,8 | 16 | 12,9 | 9 | 7,3 | 3 | 2,4 | 1 | 0,8 | 4 | 3,2 | 124 | 100,0 |
| | СЕ: | 14 | 4,9 | 57 | 19,9 | 68 | 23,8 | 59 | 20,6 | 40 | 14,0 | 23 | 8,0 | 8 | 2,8 | 17 | 6,0 | 286 | 100,0 |
| Добар | Природно-математички | - | - | 2 | 6,9 | 4 | 13,8 | 12 | 41,4 | 2 | 6,9 | 2 | 6,9 | 2 | 6,9 | 5 | 17,2 | 29 | 100,0 |
| | Медицински | - | - | - | - | 4 | 16,7 | 9 | 37,5 | 5 | 20,8 | 1 | 4,2 | 2 | 8,3 | 3 | 12,5 | 24 | 100,0 |
| | Технолошко-Технички | - | - | 3 | 5,4 | 11 | 19,6 | 11 | 19,6 | 11 | 19,6 | 6 | 10,7 | 1 | 1,8 | 13 | 23,2 | 56 | 100,0 |
| | Општествени | 9 | 5,6 | 47 | 29,2 | 52 | 32,3 | 21 | 13,0 | 14 | 8,7 | 6 | 3,7 | 4 | 2,5 | 8 | 5,0 | 161 | 100,0 |
| | СЕ: | 9 | 3,3 | 52 | 19,3 | 71 | 26,3 | 53 | 19,6 | 32 | 11,9 | 15 | 5,6 | 9 | 3,3 | 29 | 10,7 | 270 | 100,0 |
| Доволен и со приемен испит | Природно-математички | - | - | 4 | 36,3 | 2 | 18,2 | 2 | 18,2 | - | - | - | - | 2 | 18,2 | 1 | 1,1 | 11 | 100,0 |
| | Медицински | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| | Технолошко-Технички | - | - | 1 | 12,5 | 1 | 12,5 | 1 | 12,5 | 2 | 25,0 | 2 | 25,0 | - | - | 1 | 12,5 | 8 | 100,0 |
| | Општествени | 2 | 4,0 | 18 | 36,0 | 12 | 24,0 | 9 | 18,0 | 4 | 8,0 | 2 | 4,0 | 1 | 2,0 | 2 | 4,0 | 50 | 100,0 |
| | СЕ: | 2 | 2,9 | 23 | 33,3 | 15 | 21,7 | 12 | 17,4 | 6 | 8,7 | 4 | 5,8 | 3 | 4,4 | 4 | 5,8 | 69 | 100,0 |
| СЕ: | Природно-математички | 6 | 5,3 | 20 | 17,7 | 21 | 18,6 | 38 | 33,6 | 7 | 6,2 | 6 | 5,3 | 4 | 3,5 | 11 | 9,7 | 113 | 100,0 |
| | Медицински | - | - | - | - | 33 | 26,4 | 45 | 36,0 | 19 | 15,2 | 11 | 8,8 | 8 | 6,4 | 9 | 7,2 | 125 | 100,0 |
| | Технолошко-Технички | - | - | 14 | 6,4 | 58 | 26,4 | 49 | 22,3 | 48 | 21,8 | 19 | 8,6 | 9 | 4,1 | 23 | 10,4 | 220 | 100,0 |
| | Општествени | 41 | 9,6 | 160 | 37,7 | 108 | 25,5 | 50 | 11,8 | 30 | 7,1 | 12 | 2,8 | 7 | 1,7 | 16 | 3,8 | 424 | 100,0 |
| | СЕ: | 47 | 5,3 | 194 | 22,0 | 220 | 25,0 | 182 | 20,6 | 104 | 11,8 | 48 | 5,4 | 28 | 3,2 | 59 | 6,7 | 882 | 100,0 |

ПРИЛОГ 27

ВРЕМЕТРАЕЊЕТО НА СТУДЕНТИТЕ НА ДИПЛОМИРАНИТЕ СТУДЕНТИ ВО УЧЕБНАТА 1973)74 ГОД. СПОРЕД ВИДОТ НА ЗАВРШЕНОТО СРЕДНО УЧИЛИШТЕ

| Вид на средно учил. | Време траење на студиите | | | | | | | | | | | | | | | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 4 год. | | 5 | | 6 | | 7 | | 8 | | 9 | | 10 | | 11 и повеќе | | | |
| | N | % | N | % | N | % | N | % | N | % | N | % | N | % | N | % | N | % |
| Гимназија | 55 | 6,5 | 197 | 23,3 | 202 | 23,8 | 174 | 20,5 | 107 | 12,6 | 43 | 5,1 | 21 | 2,5 | 48 | 5,8 | 847 | 100,0 |
| Средно стр. училиште | 27 | 7,2 | 108 | 28,8 | 87 | 23,2 | 45 | 12,0 | 41 | 11,9 | 22 | 5,9 | 15 | 4,0 | 30 | 8,0 | 375 | 100,0 |
| Сè | 82 | 6,7 | 305 | 25,0 | 289 | 23,6 | 219 | 17,9 | 148 | 12,1 | 65 | 5,3 | 36 | 2,9 | 78 | 6,4 | 1222 | 100,0 |

## 2. КОНСУЛТИРАНА ЛИТЕРАТУРА

## КОНСУЛТИРАНА ЛИТЕРАТУРА


1. MARKS KARL — Rezultati neposrednog procesa proizvodnje, Rukopis neobjavljene šeste glave Prve knjige "Kapitala", IC "Komunist", Beograd, 1977
2. МАРКС КАРЛ — Осумнаесеттиот бример на Луј Бонапарта, Култура, Скопје, 1975
3. МАРКС КАРЛ — Капиталот, том 3, Мисла, Скопје, 1976
4. MARKS KARL — Kritika Hegelove filozofije državnog prava, во книгата K. Marks - Birokratija i javnost.
5. МАРКС КАРЛ — Граѓанската војна во Франција, Култура, Скопје, 1963
6. МАРКС КАРЛ — Беда на филозофијата, Култура-Мисла, Скопје, 1974
7. MARX KARL — Temelji slobode - Osnovi kritike političke ekonomije (Grundrisse), Naprijed, Zagreb, 1977
8. MARKS KARLS — Kritičke primjedbe uz članak "Pruski kralj i socijalna reforma od jednog prusa во собраните дела Karl Marks-Fridrih Engels, Dela, tom 3, Prosveta, Beograd, 1973
9. MARKS KARL — Najamni rad i kapital, Kultura, Beograd, 1957
10. MARKS KARL — Razmišljanja mladića prilikom izbora poziva, K.Marks-F.Engels, Dela, tom 1, Prosveta, Beograd, 1965
11. MARKS KARL — Teorije o višku vrednosti, K.Marks-F.Engels, Dela, tom 26, Prosveta, Beograd
12. MARKS KARL — Prva skica za "Gradjanski rat u Francuskoj", K.Marks-F.Engels, Pariska komuna, IMRP, Beograd, 1971
13. MARKS KARL — Kritika Gotskog programa, Kultura, Beograd, 1959
14. MARKS K.-ENGELS F. — Nemačka ideologija, (I и II), Kultura, Beograd, 1964
15. МАРКС-ЕНГЕЛС — Манифест на комунистичката партија, НИО "Студентски збор", Скопје, 1973

16. МАРКС К: Наемен труд и капитал - надница, цена, профит, Култура, Скопје, 1975

17. К.МАРКС-Ф.ЕНГЕЛС Од раните трудови, Култура, Скопје, 1961

18. К.МАРКС-Ф.ЕНГЕЛС Изабрана дела, I, Култура, Београд, 1949

19. MARKS K.-ENGELS F. O omladini, knjiga I i II, Mladost, Beograd, 1973

20. ENGELS FRIDRIH Položaj radničke klase u Engleskoj, Mark Engels, Dela, Beograd, 1968

21. ENGELS FRIDRIH Principi komunizma во книгата Nemačka id ologija, II knjiga, Kultura, Beograd, 19

22. ENGELS FRIDRIH Anti-Dühring, Naprijed, Zagreb

23. ЛЕИИН И.В. "Перлы народнического прохеитерства", Пол ное собрание сочинении, Институт Марксиз ма-Ленинизма при ЦК КПСС, издание пятое, Москва, том 2, 1967.

24. ЛЕНИН И.В. Пункт програмы в области народного прос-ве ение Полное собрание сочинении, Институт Марксизма-Ленинизма при ЦК КПСС, Изда ние пятое, том 38, Москва 1969

25. ЛЕНИН И.В. Избор на дела (во 11 тома), Култура, Скопје

26. LENJIN O komunističkom vaspitanju u školi, Veselin Masleša, Sarajevo, 1960

27. TITO J.B. Izbor iz dela, Kultura, Beograd

28. TITO J.B. Govor u Akademiji Bosne i Hercegovine, 30 novembra 1969

29. TITO J.B. O radničkoj klasi

30. ТИТО Ј.Б. Реферат на Десеттиот конгрес на Сојузот комунистите на Југославија

31. ТИТО Ј.Б. Реферат на Единаесеттиот конгрес на Сојузот на комунистите на Југославија

32. KARDELJ E. Protivrečnosti društvene svojine u savremenoj socijalističkoj praksi, Radnička štampa, Beograd, 1972

33. KARDELJ E. Osnovni uzroci i pravci ustavnih promena IC "Komunist", Beograd, 1973

34. KARDELJ E. Pravci razvoja političkog sistema socijalističkog samoupravljanja, IC "Komunist", Beograd, 1978

35. KARDELJ E. Slobodni udruženi rad (Brionske diskusije), Radnička štampa, Beograd, 1978

36. KARDELJ E. Revolucionarna praksa i marksističko obrazovanje, во книгата Fiborovske osnove Marksizma", IC "Komunist", Beograd, 1976

37. LUKÁCS G. Povijést i klasna svijest, Naprijed, Zagreb, 1970

38. Lukač Dj. Rad kao model društvene prakse, Savremenost (Novi Sad), 1,2, 1977

39. LUKAČ Dj. Odnosi subjekta i objekta u radu i posledice tih odnosa, Savremenost, 3, 1977

40. Lukač Dj. Idealni momenat i ideologija, Savremenost, 4, 1977

41. LUKAČ Dj. O antologiji idejnog momenta, Savremenost, 5,1977

42. Heler Agnes Svakodnevni život, Nolit, Beograd, 1978

43. ŠOLJAN N.N. Teorija odgoja i obrazovanja i udruženi rad, Naše teme, 4, 1976

44. SUTLIĆ VANJA Praksa rada kao znanstvena povijest, Ogledi uz filozofsko ustrojstvo Marxove misli "Kulturni radnik", Zagreb, 1974

45. HABERMAS J. Saznanje i interes, Nolit, Beograd, 1975

46. BAHR D.H. Klasna struktura mašinerije, Marksizam u svetu, 10, 1974

47. RAKOWSKI M. Savez kapitala i nauke, Marksizam u svetu, 1, 1978

48. TJAGUNENKO V. Podjela rada kao osnovni oblik razvoja društvene proizvodnje, Marksizam u svetu, 2-3, 1976

49. G. La GRASSA "Apstraktni" rad i stvarna eksproprijacija proizvodjača, Marksizam u svetu, 2-3, 1976

50. FRIDMAN Ž. Razmrvljeni rad

51. FRIDMAN Ž. Problemi čovjeka u industrijskom mašinizmu, Veselin Masleša, Sarajevo, 1964

52. ROTHSCHILD E. Automatizacija i polukvalifikovani radnici u General Motorsu, Marksizam u svetu, 5-6, 1974

53. PULANCAS N. Klase u savremenom kapitalizmu, Nolit, Beograd, 1978

54. SUPEK, R. Sociologija i socijalizam, "Zvanje", Zagreb, 1966

55. MALLET S. Nova radnička klasa, "Komunist", Beograd, 1970

56. FAURE E. i dr. Učiti za život, "Stručna štampa", Beograd, 1975

57. KRÖBER G. Nauka, društvo i naučno-tehnička revolucija, Marksizam u svetu, 10, 1975

58. PEČUJLIĆ M. Budućnost koja je počela, IPS FPN, Beograd, 1969

59. ALEKSIĆ M. Obrazovanje radničke klase, tehnički progres i socijalizam, IPN, Beograd, 1974

60. SEMPRUN J. Naučno-tehnička revolucija, Marksizam u svetu, 10, 1974

61. G. La GRASSA Proizvodne snage i odnosi proizvodnje, Marksizam u svetu, 10, 1974

62. GORZ A. Klasni karakter nauke i naučnih radnika, Marksizam u svetu, 10, 1974

63. SEMENOV S.V. Srednji slojevi i socijalne strukture kapitalističkog društva, Marksizam u svetu, 3, 1975

64. PARSONS, T. Pregled društvenog sistema, во книгата Teorije o društvu, prva knjiga, Vuk Karadžić, Beograd, 1969

65. VACIĆ A. Uzroci robne proizvodnje u socijalizmu Naučna knjiga, Beograd, 1966

66. PJANIĆ Z. Osnovne karakteristike socijalističke robne proizvodnje, RU "Djuro Salaj", Beograd, 1975

67. KARAĆ M. Socijalistički način proizvodnje, I, IC "Komunist", Beograd, 1977

68. PAPIĆ Ž. O društveno-istorijskom karakteru socijalističke robne proizvodnje, Socijalizam, 11, 1978

69. MOREN E. Duh vremena, Kultura, Beograd, 1967

70. PEČUJLIĆ M. Teorijski okvir za proučavanje klasnih promena u socijalizmu, JUS, Beograd, 1966

71. LUKIĆ R. Društvena struktura jugoslovenskog društva, Sociološki pregled, Br. 1 1962

72. LUKIĆ R. Radničko samoupravljanje i klasni sastav - Marksizam - misao savremene epohe, treći tom, NIU "Službeni list SFRJ" Beograd, 1976

73. POPOVIĆ dr. M. Jedan teorijsko-hipotetični okvir za proučavanje stratifikacione strukture socijalističkog društva, Sociološki pregled, 1, 1965

74. POPOVIĆ M. Teorijske pretpostavke i pojmovni elementi istraživanja во студијата Društveni slojevi i društvena svest, Institut društvenih nauka, Beograd, 1977

75. MILIĆ VOJIN Jedan pojmovno-hipotetički okvir za ispitivanje društvene strukture, Sociologija, 1, 1962

76. MILIĆ VOJIN Problemi klasifikacija zanimanja u ispitivanju društvene strukture, Statistička revija, 1, 1962

77. PEČUJLIĆ M. Univerzitet budućnosti, NIN, Beograd, 1980

78. LUKIĆ R. Uticaj radničkog samoupravljanja na klasni sastav savremenog društva, Sociologija, 1, 1961

79. SAKSIDE S., CASERMAN A., PETROVIĆ K. Društvene stratifikacije i pokretljivost u jugoslovenskom društvu, во книгата "Klase i slojevi", Bibl. "Čovjek i sistem", Svezak 5, Zagreb, 1977

80. ŠEŠERKO L. Socialni izraz intelegence, Center za razvoj univerze, Ljubljana, 1976

| | | |
|---|---|---|
| 81. | PAVLIN I. | Poti do visokoškolskih študijev in dru šbena narava sposobnosti, Center za ra voj univerze, Ljubljana, 1977 |
| 82. | VELČIĆ VESELKO | Raskorak i perspektive, Naše teme, 4, 1976 |
| 83. | SAVIĆEVIĆ M.DUŠAN | Povratno obrazovanje, BIGZ, Beograd, 1975 |
| 84. | ŠUMLEŠA dr. PERO | Na putu do reformirane škole Pedagošk knjiševni zbor, Zagreb, 1977 |
| 85. | ŠIMLEŠA dr. Pero | Izmedju obrazovanja proizvodjača i obr zovanja radnog čovjeka, Naše teme, 4, 1976 |
| 86. | ŠUVAR STIPE | Sociološki presjek jugoslovenskog dru- štva |
| 87. | ŠUVAR STIPE | Radnička klasa i njeno sudjelovanje u upravljanju socijalističkim društvom, во книгата Radnička klasa u socijaliz- mu, Naše teme, Zagreb, 1969 |
| 88. | ŠUVAR STIPE | Socijalno-klasna odredjenost obrazova- nja, Marksizam u svetu, 1, 1975 |
| 89. | ŠUVAR dr STIPE | Škola i tvornica, Školska knjiga, Za- greb, 1977 |
| 90. | ŠUVAR STIPE | O nekim momentima organizacije odgoj- no-obrazovnog procesa, Naše teme, 4, 1976 |
| 91. | PEČUJLIĆ MIROSLAV | Klase i savremeno društvo, Savremena administracija, Beograd, 1967 |
| 92. | PEČUJLIĆ MIROSLAV | Socilogija izmedju revolucije i apolo- gije, Institut za političke studije, FPN, Beograd, 1973 |
| 93. | PEČUJLIĆ MIROSLAV | O srednjim slojevima, Marksizam u sve- tu, 3, 1975 |
| 94. | TOMANOVIĆ VELIMIR | Socijalna struktura učenika i studena- ta u Srbiji, Institut društvenih nauk Beograd, 1970, sv. IV |
| 95. | TOMANOVIĆ VELIMIR | Omladina i socijalizam, Mladost, Beo- grad, 1977 |
| 96. | TOMANOVIĆ dr. VELIMIR | Za integraciju rada i obrazovanja kao rada, Marksistička misao, 2, 1976 |

97. FLERE SERGEJ — Obrazovanje za sve

98. FLERE SERGEJ — Obrazovanje u društvu, Gradina, Niš, 1976

99. FIAWENGO ANTE — Socijalna struktura studenata Sarajevskog univerziteta, Pregled (S) 9, 1959

100. CAZI NADA — Socioekonomski status učenika škola za kvalificirane radnike, во публикацијата на Vladimir Obradović - Rezultati novijih istraživanja o omladini, Istraživački i izdavački centar "Naše teme", Zagreb, 1969, Sv. I.

101. MOJSIN D. POPOV N. INDJIĆ T. — Kulturni život radničke omladine во публикацијата на V. Obradović - Rezultati novijih istraživanja o omladini, Istraživački i izdavački centar "Naše teme", Zagreb, 1969, Sv. VI.

102. VRCAN SRDJAN — Društveni položaj i idejne preokupacije Splitskih srednjoškolaca i studenata во публикацијата на V. Obradović - Rezultati novijih istraživanja o omladini, Istraživački i izdavački centar, Naše teme", Zagreb, 1969, Sv. II

103. NOVOSEL PAVLE — Pogledi,orijentacije i socijalni položaj srednjoškolske omladine u Hrvatskoj, Institut za društvena istraživanja i Zagrebu, 1969, Sv. I.

104. MILANOVIĆ dr. VLADIMIR — Dileme savremene jugoslovenske teorije obrazovanja, Univerzitet danas, 1-2, 1972

105. MILIĆ VLADIMIR — "Klasna neutralnost" ili klasna uslovljenost obrazovnog sistema u savremenom kapitalizmu, Marksistička misao, 2, 1976

106. MILIĆ VLADIMIR — Strategija radničke borbe i odnos prema tehnokratiji u savremenom kapitalizmu, Marksizam u svetu, 3, 1974

107. MILIĆ VOJIN — Socijalno poreklo učenika srednjih škola i studenata, Statistička revija, 1-2 1959

108. MILIĆ VOJIN — Buržoaski konzervatizam u savremenoj sociološkoj teoriji (I) Filozofija, 2-3, 4, 1970

109. VIDAKOVIĆ ZORAN — Korak nazad, dva koraka napred, IC "Komunist", Beograd, 1971

110. KLJAKIĆ Lj. — Revolucionarna praksa i obrazovanje, Ideje, 1, 1977

111. SAMARDŽIĆ SLOBODAN — Obrazovanje i njegova socijalno-klasna funkcija, Ideje, 1, 1977

112. БЕЗДАНОВ д-р СТЕВАН — Јединство наставе и производног рада - суштина марксистичке филозофије васпитања и образовања, Марксистичка мисао, 2, 1976

113. DRAGIČEVIĆ ADOLF — Radnička klasa u socijalističkom preobražaju društva, во книгата Radnička klasa u socijalizmu, Naše teme, Zagreb 1969

114. BALETIĆ dr. ZVONIMIR — Visoko školstvo i ekonomski razvoj, Univerzitet danas, 6, 1967

115. SUPEK dr. RUDI — Sveučilišna politika obrazovanja socijalno porijeklo studenata i uspeh u studiranju, Univerzitet danas, 6, 1967

116. RAJKOVIĆ J. DJURIČIĆ Z. — Usmerenost učenika srednjih škola ka studijama, Univerzitet danas, 3-4, 197

117. VELJKOVIĆ DRAGOSLAV — Uspeh i orjentacija učenika srednjih škola pri upisu na institucije za obrazovanje nastavnika, Univerzitet danas, 7, 1967

118. ZAKIĆ D.M. — Obrazovanje u SAD, SSSR i Zapadnoj Evropi, IP "GRAFOS", Beograd, 1970

119. NAJMAN DRAGOLJUB — Visoko obrazovanje - čemu? JUND (Jugoslovensko udruženje "Nauka i društvo") Beograd, 1976

120. ALFRED SOHN-RETHEL — Umni i fizički rad u marksizmu, Marksizam u svetu, 9, 1974

121. GORZ Andre — Tehnike, tehničari i klasna borba, Mar sizam u svetu, 3, 1974

122. BOLOGNA SERGIO, CIAFALONI FRANCESKO — Tehničari kao proizvodjači i kao proizvodi, Marksizam u svetu, 3, 1974

123. CASANOVA ANTOINE — Socijalni status intelektualaca, Marksizam u svetu, 3, 1974

124. FAY VECTOR — Najamne gradnje klase, Marksizam u svetu, 3, 1975

125. SEMENOV S.V. — Srednji slojevi i socijalna struktura kapitalističkog društva, Marksizam u svetu, 3, 1975

126. KELLER S. VAHRENKAMP R. — Iluzije kasnog kapitalizma ("BUM" Obrazovanje i proizvodnja), Marksizam u svetu, 1, 1975

127. BOWELS SAMUEL — Protivrečnosti u visokom školstvu, Marksizam u svetu, 1, 1975

128. SÊVE LUCIEN — Marksistička kritika škole i njena karikatura s "leva", Marksizam u svetu, 1, 1975

129. LEFTIERI ANTONIO — Fabrika i škola, Marksizam u svetu,1, 1975

130. PULANCAS NIKOS — Klase u savremenom kapitalizmu, Nolit, Beograd, 1978

131. GRANESE ALBERTO — Dijalektika odgoja, Školska knjiga, Zagreb, 1978

132. FRANKOVIĆ dr. DRAGUTIN — Predgovor на книгата Univerzitet pred stečajem од Žan Vurostje, NIP "DUGA", Beograd, 1973

133. FURASTJE ŽAN — Univerzitet pred stečajem, NIP "DUGA", Beograd, 1973

134. DJELPI ETORE — Škola bez katedre, BIGZ, Beograd, 1976

135. JAEGGI URS — Kapital i rad, Marksizam u svetu, 12, 1976

136. HERKOMMER SEBASTIAN — Sociologija socijalne strukture - Istorijsko-Materijalističke kritičke teze o "klasi" i "sloju", Marksizam u svetu, 9, 1977

137. KLOD LEVI-STROS — Divlja misao, Nolit, Beograd, 1966

138. FUKO MICHEL — Riječ i stvari, Nolit, Beograd, 1971

139. ALTISE LUJ — Za Marksa, Nolit. Beograd, 1971

140. ILIČ MILOŠ — Dole škole

141. RIHTA RADOVAN i saradnici — Civilizacija na raskršću, "Komunist", Beograd, 1972

142. VOLKOV N. HENRIH — Radnička klasa razvijenog socijalističkog društva i naučno-tehnička revolucija, Socijalizam u svetu (Cavtat, 1977) 3, 1977

143. FAURE EDGAR i dr. — Učiti za život, stručna štampa, Beograd, 1975

144. РУТКЕВИЧ, Н.М. Социалная структура социалистического общества в СССР и её развитке к социалной одноредности, во книгата Проблемы развития социальной структуры общества в Советском союзе и Польше, Институт социологических иследований Академ наук СССР - Институт философий и социологий Польской Академий наук, Москва - Варшава, 1974

145. ВЕСЕЛОВСКИ Н.А. Изменение структуры общества за период тридацатилетя нородной Польши, во книгата Проблемы развития социалной структуры общества в Советском союзе и Польше, НСИ АН-ИФС ПАН, Москва-Варшава, 1974

146. ФИЛИПОВ Р.Ф. Изменения в социалном облике и составе советской интелигенции, во книгата Проблемы развитая социальной структурй общества в Советском союзе и Польше, ИСИ АН-ИФС ПАН, Москва-Варшава, 1974.

147. ЗАГУРСКИ К. Изменение социальной структуры и социальная мобильность в Польше во книгата Проблемы развития социалной структуры общества в Советском союзе и Польше, ИСИ АН-ИФС ПАН, Москва-Варшава, 1974.

148. АНТОВ А.Н. Социальные перемещения в СССР во книгата Проблемы развития социальной струтуры общества в Советском союзе и Поль ИСИ АН-ИФС ПАН, Моксва-Варшава, 1974

149. ЗЕМЦОВ Г.Л. Некаторые социальные аспекты всеобщего среднего образования, во книгата "Социологические проблемы образования и воспитания (под редакцией Р.Г. Гуровой И ОПВ АПН СССР, Издательство "Педагогика", Москва, 1973

150. ВАСИЛЕВА К.Е. Семья и учебные успехи школьников, во книгата Социологические проблемы образования и воспитания (под редакцией Р. Г. Гуровой), И ОПВ АПН СССР, Издательство "Педагогика", Москва, 1973

151. ВЕРШЛОВСКИ Г.С. ЛЕСОХИНА Н.Л. Методика и организация социолого-педагогического исследования мотивации учения рабочей молодежи, во книгата Социологические проблемы образования и воспитания (под редакцией Р.Г. Гуровой), И ОПВ АПН СССР, Издател ство "Педагогика", Москва, 1973

152. ЖУРАВЛЕВ И.В. Самовозникающие групы подростков и молодежи по месту жительства во книгата Проблемы образования и воспитания (под редакцией Р.Г. Гуровой), ИОПВ АПН СССР, Издательство "Педагогика", Москва, 1973

153. ШИРИНСКИ И.В. О готовности выпускников школы к труду в сфере промышленного производства, во книгата Социологические проблемы образования и воспитания (под редакцией Р. Г. Гуровой), ИОПВ АПН СССР, Издателство "Педагогика", Москва, 1973

154. ГУРОВА Г.В. Р ЧКОВА Б.Г. Ориентация старше - классников на продолжение образования, во книгата Социологические проблемы образования и воспитания (под редакцией Р.Г. Гуровой), ИО ПВ АПН СССР, Издательство "Педагогика" Москва, 1973

155. УТКИН С.С. ЧУЛОНОВ А.В. Место внутриклассовых различий в социальной структуре социалистического общества в свете решений XXIV СЪЕЗДА КПСС, во книгата Проблемы изменения социальной структуры Советского общества, Издател ство Ростовского Университета, 1972

156. ЕРБИНА, Ф.В. XXIV СЪЕЗД КПСС и преодоление социальных различий в советском рабочем классе, во книгата Проблемы изменения социальной структуры советского общества, Издательство Ростовского Университета, 1972

157. КУНИЦ Н В.А. Различия внутри советского рабочего класса и некоторые танденции их изменения, во книгата Проблемы изменения социальной структуры советского общества, Издательство Ростовского Университета, 1972

158. СИДОРЕНКО П.В. Роль повышения общеобразовательного уровня трудфщикся в преодолений различий внутри рабочего класса, во книгата Проблемы изменения социальной структуры советского общества, Издательство Ростовского Университета, 1972

159. ТУРЧЕНКО В.Н. Научно-техническая революция и революция в образований, политиздат, Москва, 1973

160. Структура советской интелигенции, АНЕ ССР-ИФП, Издательство, "Наука и техника", Минск, 1970

161. АЛЕКСЕЕВА А.В. — Понятие социально-класовой структуры социалистического общества, во книгата Методологические вопросы общественных наук, Выпуск 2, Издательство Ленинградского университета, 1971

162. ФИЛИПОВ П.Ф. — Социальная ориентация и социальные перемещения, во книгата Вопросы психологи личности и труда, СГПИ, Свердловск, 19

163. КРАСИН J. ЛЕ БЗОН Б. — Революциянорная теория и революционерн политика, Политическая лытература, Москва, 1979

164. WEBER N. — Privilegien durch Bilding - Uber die Ungleichheit der Bildungschancen in BR Deutschland, Suhrkamp Verlag, Frankfur a Main, 1973

165. SAUVY ALFRED GIRARD ALAIN — Vers l'enseignement pour tous, Elsevie Séquoia, Paris-Bruxelles, 1974

166. LEFEBRE HENRI — Sociologie de Marx, Presses Universitaires de France, Paris, 1966

167. HESÉN TORSTEN — Origine social et education, Centre po la Recherche et l'inovation dans l'ens ignement, Paris, 1972

168. WERHAEGEN BENOIT — L'Université socialist-utopie ou lai d l'histore? Les Tamps Moderns, No-277-2 1969

169. HALLAK JAQUES — A qui profite l'ecole? Presses Univers taires de France, Paris, 1974

170. RAYMOND POUDON FILLIPP CIBOIS JANINA LAGNEAN — Enseignement supérieur court et pieges de l'action collective, Revue français de sociologie, № 2, 1975

171. "Population" et l'enseignement !Introduction d'Alain Girard), Institut national d'études demographiques, P.U.F. Paris, 1970

172. NIZET J. et DEPRES G. — L'inegalité sociale devant l'echec sco laire Recherehes sociologiques, Volume III, № 2, Lonvain, 1972

173. FERGE ZSUZSA — La stratification social en Hongrie, во книгата HONGRIE, Etudes sociologiques, ouvrage colectif publié sous la direction d'Andreas Hegedüs, Ed. Anthropos, Paris, 1969

174. MARKUS MARIA — Quelques, problémes sociologiques du choix de la profesion et de son prestige, во книгата HONGRIE, Etudes sociologique, ouvrage colectif publié sous la direction d'Andréas Hegedüs, Ed. Anthropos, Paris, 1969

175. SZESZTAY ANDREAS — Aprés avoir quitté les bancs de l'université во книгата HONGRIE, Etudés sociologiques, Ec. Anthropos, Paris, 1969

176. BON F., BURNIER M. — Les nouveaux intellectiels, Edition du Senil, Paris. 1971

177. SZCZEPANSKI J. — Problemes sociologiques de l'enseignement supérieur en Pologne, Anthropos, Paris, 1969

178. MALASSIS L. — Ruralité Education, Developement, Les presses de L'UNESCO, Paris, 1975

179. CARIAT, BERNARD — Usines et Universités d'usines dans la Chine d'aprés la Revolution culturelle, Les Temps Modernes, N° = 355, 1976

180. LAWTON D. — Classe sociale, langage et education: une revue critique des theses de Bosil Bernstein во книгата на Alain Gras: Sociologie de l'education. Librairie Larousse, Paris, 1974

181. LAGNEAU M.J. — Education, égalité et socialisme: les pays de l'Est, во книгата на Alain Gras: Sociologie de l'education, Libreirie Larousse, Paris, 1974

182. BENGTSSON J. et HÄRNQVIST K. — La politique de l'éducation en suede, во книгата на Alain Gras: Sociologie de l'education, Librairie Larousse, Paris, 1974

183. CASTER S. et HOTHYAT F. — L'éxplosion scolaire en occident во книгата на Alain Gras: Sociologie de l'éducation, Librairie Larousse, Paris, 1974

184. DESAUNAY G. — A propos de l'ouvrage de C. Bondelot et R. Establet "L'ecole capitaliste en France", во книгата од Alain Gras: Sociologie de l'éducation, Librairie Larausse, Paris, 1974

185. GRAS ALAIN — Les universitaires suidois: contestation et contormisme dans une élite intellectielle, во книгата на авторот Sociologie de l'education, Librairie Larousse, Paris, 1974

186. BOURDIEU P. et PASSERON C.J. — L'autarité pedagogique, во книгата на Alain Gras: Sociologie de l'education, Librairie Larousse, Paris, 1974

187. BOURDIEU P. — L'école conservatoice - Lesinegalites devant l'école et devant la culture Revue française de sociologie, VII-3, 1966

188. BOURDIEU P. et PASSERON C.J. — Les heritiers, Minuit, Paris, 1963

189. CASTEL R. et PASSERON C.J. — Education, Developement et Democratie, Cahier du centre de sociologie europie IV, Mouton, Paris, 1967

190. — La reéducation des étudiants et des enseignant: la nouvelle pedagogie en chi populoire, во книгата Sociologie de l'education, Librairie Larousse, Paris 1974

191. CLARK, R.B — La strategie de la dissuasion dans l'enseignement supérieur americain, во книгата на Alain Gras: Sociologie de l'edcation, Librairie Larousse, Paris, 197

192. CLARK P. — Nouvelles donnés sur l'orientation scc Laire du moment de l'entrée en sixieme (II) - Les élévls de nationalité entrangéne, Population, oct.-dec, 1964

193. GURVICH G. — Dialectique et sociologie Flammerion, Paris, 1962

194. GURVICH G. — La Sociologie de Karl Marx, Centre de Documentation Universitaire, Paris, 1959

195. ARON R. — La lutte de classes, Gallimard, Paris, 1967

196. CHAUMBART del. — La vie quotidienne des familles ouvriers, Centre national de la Recherche Scientifique, Paris, 1964

197. SARTRE P.J. — Critique de la raison diolectique, Gallimard, Paris, 1960

198. TOURAINE A. — L'exolution du trovail aux usines Renault, C.N.R. S. Paris, 1955

199. JALÉE P. Le projet socialist: Approche Marxiste, Maspero, Paris, 1976

200. ZUKIN S. Où est l'autogestion Yugoslave, tutogestion, N° 1, 1980

201. BOUMAN ZYGMUNT Officialdom and Class: Bases of Inequality in Socialist Society во книгата: The social analysis of class structure, Etuted by Frank Parkin, Tavistock Publicotion Limited, London, 1974

202. TUNSTALL HEREMY The Open University opens, Routledge, Kegen Paul, London, 1974

203. EGGLESTON JON Contemporary Researche in the sociology of Education, Methuen, CO LTD, London 1974

204. FLOUD JEAN The Educational Experience of the Adult Population of England and Wales as Jyly 1949, во книгата Social Mobility in Britain, Edited by David Glass, Routledge, Kegen Paul LTD, London, ed. 5, 1971

205. HIMMELWEIT T.H. Social status and Secondary Education since the 1944 Act: some Dota for London во книгата Social Mobility in Britain, Edited by David Glass, Routledge, Kegen Paul, London, 1971

206. WAIZEY JOHN Education in the Modern World, Weideenfeld and Nicolson, London, 1975

207. D'ACTH RICHARD Education and the third World, Sayon House, D.C Heath LTD, Westmead, 1975

208. HUTCHINS LEONARD The Learning Society, Pinguin, London, 1970

209. SHIPMAN D.M. The Sociology of the School, Longman Group Limited, London, 1975

210. MARCEAU J. Education and Social mobility in Grance во книгата The social Analysis of class structure, Edited by Frank Parkin, Tovistock Publication Limited, London, 1974

211. MUSGRAVE W.P. The Sociology of Education, Methuen & CO LTD, London, 1975

212. BRAIN JACKSON and DENIS MARSDEN Education and the Working Class, Penguin Books, Middlesex, 1966.

213. JENCKS CH. and RIESMAN D. — The Academic Revolution, J.Clas, New York, 1969

214. COLEMAN J. — The Concept of Eyual Educational Opportunity, Harvord Educational Reviene, 1968

215. Cc CLELLAND, C.D. BLADWIN L.A.in... — The talent of Society, D.Wan Nostrand Company, INC., London, Toronto, 1968

216. PARSONS T. — Social structure and the Developement of Personality the Free Press of Glencol, New York, 1964

217. BELL D. — The Coming of Post - Industrial Society: A Venture in Social Forecasting, Basic Books, New York, 1973

218. BLAUNER R., — Alienation and Freedom, University Pre of Chicago, 1964

219. COLEMAN J. — The Concept of Eyual Educational Oppor tunity, Harvord Educational Rewiew 1968 (38)

220. EYSENCK J.H. — Equality and Education: Fact and Ficti "Oxford Rewiew of Education", № 1, 19

221. PARSONS T. — The School Class osa social System, во книгата Education, Economy and Society eds A.H. Halsey et ab. Glencol, Free Press, 1971

222. DOHRENDORF R. — Class and Class Conflict in Industrial Society, St. un Press, 1965

Од авторот

223. ГЕОРГИЕВСКИ м-р П. — Социјалното потекло и животната ориентација на средношколската младина, ИСППИ, Скопје, 1972

224. GEORGIEVSKI P. — Društvene posledice nezaposlenosti u SR Makedoniji, Sociologia, 1, 1970

225. ГЕОРГИЕВСКИ П. — Кон прашањето на Марксовата теорија за општествените класи, Погледи, 6-7, 19

226. GEORGIEVSKI P. — O društvenim protivrečnostima u socija lizmu, "Socijalizam", 11, 1976.

227. ГЕОРГИЕВСКИ П. — Значењето на Марксовиот приод кон прашањето на теоријата за интересите, Погледи, 5, 1978

228. GEORGIEVSKI P. — Socijalističko samoupravljanje i obli učešća radnika u upravljanju u kapitalizmu, "Marksizam u svetu", 9, 1976.